НОЌНИ БЕЛЕШКИ

Petre Nakovski

НОЌНИ БЕЛЕШКИ

Published by:

Risto Stefov

Publications

Toronto, Canada

Copyright © 2026 by Petre Nakovski

rstefov@hotmail.com

e-book edition

***

February 18, 2026

***

СОДРЖИНА

НАМЕСТО ПРЕДГОВОР 4
ПРВ ДЕЛ 1995 29
ВТОР ДЕЛ 1996 314
ТРЕТ ДЕЛ 1997 508
ЧЕТВРТИ ДЕЛ 1998 660
ПЕТТИ ДЕЛ 1999 787
КОПНЕЖИТЕ НА АМБАСАДОРОТ 898
промовирана книгата „Ноќни белешки” 904

НАМЕСТО ПРЕДГОВОР

Чинот на осамостојувањето и независноста на Македонија ги прифатив со огромна радост и восхит. Остварен младешкиот сон, животворната мечта и далекувидната надеж. Несподеливо со се срце, дух и ум во првите години и подоцна заедно со целиот колектив на тогашниот Републички Комитет за Меѓународни Односи, подоцна Министерство за Надворешни Работи, така на внатрешен, како и на надворешен план, моето знаење, искуство, желби и несебичен труд ги вложував во нејзиното зајакнување и афирмација, честопати учествувајќи на разни собири и конференции во земјата и во странство. Нашите белешки, извештаи и анализи веќе добиваа нова содржина, нови поими и нова ангажираност. Тешко се ослободувавме од стегите на едноумјето и подобноста и од навиките наметнати од претходниот режим. Лично радоста и восхитот од создавањето на македонската држава ги заменив со многу обврски и задачи едни по моја иницијатива, други по налог и потреби на надлежните власти. Меѓу бројните обврски, ми припадна и обврската да го следам грчкиот печат во кој беа објавувани долги коментари чија содржина најчесто непријателски беше насочена против Република Македонија и на докажувањето на нејзиното грчко потекло. Во тие неколку години грчкиот печат, кој тогаш беше единствениот извор на информации за грчкиот однос кон Република Македонија и моја обврска беше да изготвувам соодветни збирни информации и анализи кои набргу се наоѓаа на масата на Претседателот на Република Македонија, господинот Киро Глигоров и други личности од македонското државно раководство. Тоа беше и прилика, посебно со претседателот Киро Глигоров да споделувам мислења и секогаш да имам непречена можност за чести средби и разговори за создавањето на македонската држава, внатрешните состојби, нејзината сегашнина и иднина, односите со соседите, соработката и афирмацијата надвор од регионот, но и за

секојдневните тешкотии предизвикани од внатрешните делби и надворешните мешања и притисоци. Разговаравме отворено. Во неговиот тон на гласот секогаш одзвучуваше длабокото верување во Македонија. Неминовно тоа се пренесуваше и кај мене.
Чувствував дека се исполнија моите младешки мечти, повеќе вкоренети преку раскажувањата на моите предци, отколку на ограничено пренесуваните знаења што ги добивав на часовите на училишните клупи.
Си спомнувам како дедо ми седнат покрај огништето и пред слабо растреперето пламенче на боринката, во вечерните часови секогаш читаше една маслосана дебела книга во која најчесто се повторуваше зборот Македонија. Внимателно го слушав неговото шепотење, па иако малку разбирав, тој често повторуван збор, Македонија и некои имиња на мажи кои ги немаше во моето село, а како што се зборуваше ги имаше во градовите и во шумите, ми се врежа во духот и со тоа име растев во родната куќа што во Граѓанската војна ја снема. Во пожарот на куќата изгоре и дебелата маслосана книга на дедо, кој пред спиење, ставајќи ја под возглавието, со длабока издишка, небаре за потсетуваше, велеше:
- Стеблото кога ќе се исече од корените разлистуваат нови фиданки.
Тогаш оваа голема и длабока мисла многу не ја разбирав, но со времето на моето растење кај мене созреваше нејзиното значење.
Кога во текот на војната нас децата не собраа и не однесоа во крајбрежниот логор во албанскиот град Драч, таму во вечерните часови негователката, која ја викавме мајка Евгенија, на својствен начин ни го објаснуваше тој чудесен збор - Македонија.
-Македонија, велеше, тоа се нашите ниви, ливади, шуми, ледини, лозја, реките и изворите, планините и ридовите, песните и ората, приказните, панаѓурите, верата и црквите и биењето на камбаната и гробиштата, венчавките и свадбите, домашните празници за именденови и за името на светецот

кој ни ја чува куќата и сите кои си го зборуваме нашиот јазик. А сето тоа заедно се вика татковина. А татковината си има свое име, како што секој од нас си има свое православно крстено име добиено во спомен на некој кој бил пред нас. И во таа татковина што се вика Македонија, сите кои живеат во неа, се викаат Македонци. И ние во нашето село, како и во другите села и градовите се викаме Македонци.
Оваа лекција ја запаметив за цел живот и со неа растев и под туѓи поднебја, каде веќе со завршено образование и повеќе знаења им ја пренесував на други, кои иако беа по учени од мене, ама сакаа да знаат повеќе за мојата татковина.
Ја имав големата чест, јас и многу други како мене, тоа знаење за минатото, вчерашното и денешното опстојување да им го пренесувам во живо на личности од надворешниот свет. Во рамките на моите надворешни активности запознав многу умни, образовани, начитани, мислечки и искусни личности, кај кои тлееше големата симпатија кон Република Македонија.
За мене има уште една, поголема, можеби најголема чест, името на мојата таковина, како нејзин претставник да го пренесувам, јакнам и зацтврстувам во земјата која ме згрижи, воспита и образува и во која станав прв македонски вонреден и ополномоштен амбасадор на суверена и независна Република Македонија, земјата на моите предци и високо на јарбол да го дигнам македонското знаме. Тоа не ми беше само желба, туку сон, мечта и надеж.
Врвицата до јарболот не беше лесна.

Во мојата дипломатска кариера чекорите кон јарболот почнуваат со моите напори за учеството на претседателот Киро Глигоров на свеченостите по повод одбележувањето на 50-тата годишнина од ослободувањето на нацистичкиот логор, Аушвиц-Биркенау под патронат на полскиот претседател, Лех Валенса. Во рамките на политичките промени кои ги обележуваа осумдесеттитете и деветдесеттите годинис, важен настан за Европа, а најмногу

за Полска која на овој начин најотворено го зацврстуваше своето влијание и афирмација не само во Европа, туку и во светот, по познатите настани во врска со епохалните општествено-политички промени кон крајот 80-тите години.

За планираната свеченост дознав за време на еден мој службен престој во Варшава кон крајот на 1994 година и го искористив времето протоколарно да го посетам поранешниот полски амбасадор во Белград, со кого добро се познавав.

Имено во текот на разговорот воден во соседното ресторанче зад Министерството за надворешни работи, ме запозна со идејата за планираната свеченост на чија листа на поканетите веќе беа изготвени покани за сите претседатели или премиери на европските земји и се размислува дали да биде поканет претседателот на Република Македонија. Проблемот беше во немање аргументи за страдања во Аушвиц на логораши од македонско потекло. На ова реков дека во тоа време денешна Република Македонија беше во составот на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, кои во логорот биле бележани како Југословени, па според тоа сигурно е дека меѓу нив имало и Македонци. Се договоривме по моето враќање во Скопје да му напишам аргументирано писмо со кое ќе го оправдам присуството на претседателот Киро Глигоров на планираните свечености.

Чинот на присуството на свеченостите на претседателот Киро Глигоров го оценив како прилика за запознавање и воспоставување контакти не само со полскиот Претседетел, кој во тоа време беше влијателна и респектирана личност во Полска, туку и во Европа, како и со поголем број од поканетите претседатели, премиери, со што би се придонело за пошироко претставување на Република Македонија. На овој начин размислував да ја оправдам потребата од учество на свеченостите и активен настап на сите планирани форуми.

Престојот во Варшава го скратив за еден ден и со авион преку Софија се вратив во Скопје. Наредниот ден побарав прием кај Претседателот и во присуство на Ахил Тунте ја изнесов добиената информација. По долг разговор оценивме дека е многу важно и корисно Претседателот да учествува на свеченостите. Во врска со тоа падна предлог да заминам за Варшава и на лице место да се ангажирам претседателот Лех Валенса да му испрати покана на претседателот Киро Глигоров.

Бараното писмо за тоа дали во логорот Аушвиц имало Македонци го напишав и по факс го испратив во Варшава во полското МНР.

Поканата од претседателот Лех Валенса ја чекавме со нетрпение. Тие денови бев во постојана телефонска врска со мојот познат амбасадор, како и со редица влијателни личности кои ги имав запознато за време на моите службени патувања во Полска. На 17 јануари по факс на мое име стигна поканата потпишана од претседателот Лех Валенса.

Веднаш ја преведов на македонски и побарав прием кај претседателот Киро Глигоров. Без чекање ме прими и по краткиот разговор беше одлучено целата организација во врска со учеството на македонскиот претседател да ми биде доверена мене и за таа цел со авион преку Виена на 19 јануари 1995 година во вечерните часови стигнав во Варшава и откако се сместив во хотелот ФОРУМ (FORUM) по телефон се јавив на познати влијателни личности.

Наредниот ден, 20 јануари, во 9:00 часот во салата на Дипломатскиот протокол почна состанокот со Дипломатскиот кор на кој бев поканет. Директорот на Дипломатскиот протокол во своето излагање во врска со свеченостите и бројот и имињата на поканетите личности ја изостави Република Македонија. Ниту збор. По завршувањето на состанокот стапив во долг и убедувачки разговор со него при што отворено ми рече дека доколку на

свеченостите ќе учествува делегација од Република Македонија, амбасадорот на Грција во Варшава, на полското МНР му ја пренел пораката од Атина дека во случајот грчкиот парламент ќе гласа против влегувањето на Република Полска во НАТО и Европската Унија. Рече и замина.

Пладнето, вечерта и целиот наредeн ден се вдадов во долги и макотрпни средби и разговори во контактите со мои познати поранешни полски политичари, поранешни полски амбасадори во Белград, писатели, а посебно со влијателни новинари, кај кои наидов на целосно разбирање, а кои во секој разговор ги потсетував на полските национални трагедии слични на македонските (во лицејските години никој не ми беше рамен по полска историја и литература). Во тие кругови бев познат како популаризатор на полската култура во Македонија со над четириесет преведени дела од полската класична и современа литература, со мноштво врски со истакнати и влијателни писатели и новинари, чии мислења најчесто ја трасираа полската внатрешна, па дури и надворешна политика. Полското новинарство секогаш беше сила. Старите врски и многу бројните контакти на многу разни нивоа меѓу полски и македонски интелектуалци и стопанственици, како и личните пријателства, лежеа во основата на трајните врски и пријателства меѓу двата народи. Беше потребно умно и со знаење да се искористат.

Третиот ден, пладнето, амбасадорот Хмјелевски, како што истакнав погоре, поранешен полски амбасадор во Белград, (одлично го владее македонскиот јазик) а тогаш директор на Втората управа во полското МНР, ме извести дека од Кабинетот на претседателот Лех Валенса е добиена писмена согласност за учество на делегација од Република Македонија на чело со претседателот Киро Глигоров и веќе со посредување на полското Министерство за Надворешни Работи е потпишана поканата. Од радост и задоволство, во знак на благодарност силно го прегрнав амбасадорот

Хмјелевски. Потрчав во хотелот и по специјалниот телефон ја пренесов добрата вест.

Наредниот ден попладнето полетав за Краков, каде од аеродромот со службена кола бев префрлен во строго чуваниот хотел исклучиво наменет за сместување на официјалните личности и нивната придружба. Слегувајќи од колата се загледав на балконот над главната влезна врата.

- Ете го – реков гласно – нашето, македонско знаме...

Чувствував како ми треперат колената, се поклонив и влегов во хотелот. Од собата по телефон се јавив во кабинетот на претседателот Киро Глигоров и со возбудлив глас, реков:

- Се е во ред. Орелот може да полета.

Вечерта, на 24 јануари, околу 19 часот претседателот Киро Глигоров со придружбата слета на аеродромот во Краков каде во името на претседателот Лех Валенса го пречека и го поздрави висок државен функционер.

Колоната мерцедеси со претседателите на Македонија, Албанија, Украина и Летонија полека го напушташе аеродромот. Во неа немаше мерцедес со грчкото знаме, бидејќи грчкиот министер Каролос Папулјас, кој на свеченоста требаше да ја претставува Грција, кога дозна дека во одбележувањето на годишнината од ослободувањето на Аушвиц-Биркенау ќе учествува делегација од Република Македонија, во знак на протест, од Будимпешта се врати во Атина.

Во текот на возењето со гордост и голема возбуда гледав како од десната страна на колата во која седеше претседателот Киро Глигоров се вееше македонското знаме. Тоа беше необична, неповторлива и единствена глетка, која само еднаш се доживува...

Во таа голема меѓународна манифестација на чело на официјалните делегации учествуваа претседателите на

европските држави, за кои поканите лично ги имаше потпишано претседателот на Република Полска, Лех Валенса. Македонската делегација ја предводеше претседателот на Република Македонија, Киро Глигоров, во придружба на Ахил Тунте, Снежана Османи, Петре Наковски и Андонова, како преведувач.

Дводневниот престој во Краков беше време на бројни средби на претседателот Глигоров со претседатели на повеќе држави, што ги договорив во текот на мојот четиридневен работен престој во Варшава. Како прва беше средбата со полскиот претседател Лех Валенса само еден час по пристигнувањето. Необично срдечна, пријатна, отворена и блиска небаре двајцата претседатели се познаваа од пред многу години. Ми беше чест да седам меѓу нив и да го преведувам нивниот разговор кој ја зафати целата област од заемните културни, економски и други врски и готовноста за проширување и зајакнување на соработката меѓу двете земји, како и за актуелните состојби во Европа, а посебно на Балканот. Разговорите ја потвдија блискоста на двата народи и потребата за проширување и зајакување на заемната соработка.

Наредниот ден, огромна колона од коли се упати кон Аушвиц-Биркенау. Пред големата бина, на високи јарболи се вееја четири метарските долги знамиња на земјите учеснички на свеченоста. Меѓу нив и македонското, знамето со сонцето од Кутлеш. Беше студено и врнеше ситен снег. Тоа не ги спречи претседателите во свое и во име на својата земја да одржат кратки говори, кои повеќе личеа на молитви. Потоа пешки посета на логорот Аушвиц. Молк, огромно изненадување и прашање – зарем можно е човек на човека да му направи такво зло?

Престојот во Краков беше одличен повод во честите разговори и средби соговорниците да се запознаат со минатото, актуелните состојби во Македонија и нејзините односи со соседните земји. Ова беше прилика да се зајакне и

меѓународната позиција на Македонија. Кон ова свој влог во наша афирмативна корист внесоа и многубројните средби и разговори со полски и странски новинари. Многу краткото слободно време Претседателот го искористи за мала прошетка во центарот на Краков каде голем број деца и младинци го опкружија и бараа да им се потпише во нивните тетратки.

По активното и успешно учество на сите манифестации предвидени со програмата за одбележување на 50-тата годишнина од ослободувањето на германскиот логор Аушвиц-Биркенау, уморни и многу задоволни во вечерните часови, на 27 јануари 1995 година претседателскиот авион полета за Скопје од аеродромот во Краков.

Претседателот Глигоров видливо уморен, но и задоволен, ме замоли да седнам до него. Лесно удирајќи ме по коленото (не знам зошто баш по коленото) со испрекинат глас ми рече:

- Знаеш, Петре, дека ти си завршил голема работа?

- Заслугата, Претседателе, за учеството на сите манифестации е Ваша – реков.

- Има разлика – рече по кратко молчење и додаде: - Едни работат, други зборуваат и некои расипуваат...

- Зависи, Претседателе, за што и со кого зборуваат – реков и потоа настапи долго молчење.

Се потпрев на седиштето и размислував за деновите од 19 до 24 јануари поминати во Варшава каде во макотрпни разговори со многу личности ја водев битката за Македонија, за нејзиното име, нејзиното знаме и нејзиното место во светот. Кога се враќав во хотелот, до доцните часови во ноќта на ливчиња ја запишував содржината на разговорите. Подоцна, веќе во Скопје, ми послужија да напишам опширен извештај, кој сега некаде го покрива прашината на заборавот. Новите владетели имаат многу кратко паметење за минатото.

- Врзете ги појасите – одекна гласот на пилотот. Ова ме оттргна од размислувањата.

Слетавме.

Влегуваме во колите, кои чекаа на пистата. Претседателот пред да влезе во колата, се сврте, ме прегрна и рече:

- Петре, ти благодарам за одлично извршената задача.

- Претседателе, јас ви благодарам за доверената мисија...

Поаѓаме.

Насока-Собрание на Република Македонија.

Куп новинари, шума од камери.

Претседателот се упати кон својот кабинет. Изгледа уморен. По десет минути конференција за печатот. Во меѓувреме ми приjде потсекретарот во МНР, Виктор Габер, ме повика во соседната просторија и тивко, како што секогаш тоа го правеше со соговорниците, насмевнувајќи се, ми рече:

- Знаеш, во МНР направивме некои кадровски поместувања и тебе...

- Да не сте ме префрлиле во Управата за Сојузот на независните држави (формирани по распадот на СССР) – прашав, бидејќи пред неколку месеци ми имаа предложено да ме постават за началник на оваа новоформирана управа. Не сакав. Сакав да останам на Балканот. Долги години работев на балканската проблематика и не гледав причина да водам друга управа.

- Не, не е тоа. Има друго решение, кое е готово, но за ова ќе разговараме во понеделник. Дојди кај мене на работа порано...

Наредниот ден во договореното време влегов во кабинетот на Виктор Габер. Вообичаен поздрав, ракување и забелешка од негова страна:

- Се уште на твоето лице се гледа умор.

- Ќе помине – се обидов да додадам некое оправдување.

- Петре, за време на твоето отсуство – прекина и долго ме гледаше в очи. - Ние тука извршивме некои кадровски поместувања – прекина и пак се загледа во мене и по подолго молчење, продолжи: - Трајче Илиевски е поставен на твоето место, значи тој ќе биде началник на Управата за Балканот, а ти... – пак прекина и со моливот тивко отчукуваше на бирото.

Останав мирен. Не дадов да види дека сум многу изненаден и љубопитен, а најмалку вознемирен. Седев смирен и стрпливо чекав да ја доврши прекинатата мисла.

- А ти... – пак прекина. Молчи, ме гледа право в очи.

- Ти си разрешен од таа функција...

Не се изненадив, бидејќи во тие времиња такви поместувања беа чести.

- Ти, практично, од денес си ослободен од работа во Министерството и одиш на подготовки. Одиш во Варшава. Стево (министерот) кој вчера замина во Њујорк, а ќе се врати по десетина дена, ќе те запознае со деталите на твојата нова функција. Дотогаш ти уште денес почни со подготовките. Знаеш што треба да сториш. Уште денес ќе го добиеш решението со кое си поставен како специјален советник.

Веста ја примив со изненадување и по кратко молчење, прашав:

- Колку време треба да траат подготовките?

- Па, вообичаено околу три месеци. Ти до враќањето на Стево потруди се да го изготвиш планот напишан на околу десет-

дванаесет отчукани страници. Толку засега. Секогаш можеш да сметаш на мене. Се гледаме...

Станав, се заблагодарив за веста и пред да излезам, реков:

- Викторе, ќе размислам.

Се вратив во мојата канцеларија, која веќе не беше моја. Во осаменоста, шетајќи од едниот до другиот ќош на канцеларијата размислував за тоа дали да прифатам или не. Не ме оставаше на мир и прашањето во врска со звањето – специјален советник. Кого, таму во Варшава, треба специјално да советувам, кога таму немаме свое дипломатско претставништво, ниту личност која ќе стои на чело и јас треба специјално да го советувам? Оптоварен со тоа и многу други прашања, во 17:00 часот се вратив дома, молчалив и намуртен како црн облак.

Сопругата Дитта и ќерка ми Тања топло ме пречекаа и по кратко молчење, Тања ме праша:

-Тато, што ти е? Не ти е добро? Што се случи?

- Од утре не сум на работа – реков . - Ослободен сум...

Молк. Тишина. Изненадување.

- Што си им згрешил? Те отпуштија?

- Може и така да се рече, ама викнете ја Миленка (постарата ќерка) и сите четворица да се договориме за нешто многу важно.

По половина час целото семејство седевме во дневната. Се загледав во очите на сите и полека, со растреперен глас, реков:

- Мои мили, за мене најважни сте ми вие, моето семејство и сакам со вас да се посоветувам. Јас така ќе постапам, како што ќе одлучите вие...

Молк.

- Кажувај – тивко прошепоти Дитта.

- Од утре сум на подготовки. Ми предложија да одам надвор...

Тања силно ме прегрна и гласно рече:

-Тато, си заслужил да одиш и ќе одиш. Воопшто за тоа да не размислуваш. Ќе одиш...

- А што ќе биде со вас?- Прашав.

- Јас и Миленка веќе сме возрасни. Миленка веќе е омажена, а и јас ... Тато, ќе одиш и со себе земи ја и мама...

- А каде те праќаат? – праша Миленка.

- Во Варшава...

- Ќе одиш! – радосно викнаа сите три.

Семејството одлучи: ЌЕ ОДИШ!

Прифатив.

Изминаа две недели и во текот на тоа време го изготвив планот за подготовки и нацртот на тезите. Планот му го доставив на Габер. Внимателно го прочита и потоа рече:

-Терај. Гордана (Глигорова, трудољубива и одговорна девојка) ќе ја ангажираме да ги договара контактите со соодветните министерства, Стопанската комора, МАНУ и други институции, па и одделни личности.

Во меѓувреме од Њујорк се врати министерот Стево Црвенковски. На разговор ме прими на 15 февруари, во 15:30 часот. Разговорот краток, чисто информативен. Таков му беше стилот. Кратко и јасно и честопати за соговорниците нејасен, што, секако, влијаеше во работата на Министерството.

Стоејќи, колку што можев пократко, му реков:

- Планот за подготовките е изготвен пред десетина денови и се надевам дека до 15 април ќе ги завршам сите планирани средби и разговори.

- Што?

Во тој миг не сфатив дали тоа негово „Што?!“ беше прашање или укор.

Откако ја подигна цигарата што му падна (беше страшен пушач), некако изненаден, подвикна:

- Па ти веќе би требало да си во Варшава! Ти давам време само од десет денови да си готов. Посети ги министерствата, поразговарај со некои управи кај нас и на 26, чекај да видам што имам тој ден, да, на 26 февруари да се видиме. Запишав. Сега оди.

- Па скоро половината од средбите и разговорите во министерствата веќе ги имам завршено. Работам и на тезите...

- Остави ги тезите. Важно е да одиш што побрзо. Толку. Готово!

Тоа гласно изговорено-готово-значеше за мене работа од 7:00 до 17:00 часот. Секој ден по 4 до 5 средби. Кај сите соговорници отворена желба за соработка со Полска. Дома се враќав истоштен и напумпан со кафиња.

Подготовките ги завршив на 25 февруари и истиот ден, попладнето, на разговор кај Габер. Откако го запознав со извршената работа, ми рече:

- Сепак напиши ги тезите. Тоа е вообичаена практика.

- Готови се. Само да ги пречукам на компјутер. Утре ќе ги добиеш.

Прашањата за секоја полска институција ги запишав на одделен лист и тие ќе бидат основа за разговорите со полската страна.

На 27 февруари 1995, понеделник, прием кај министерот. Го запознав со текот на подготовките, подвлекувајќи дека ги завршив и дека наидов на отворена желба кај сите министри, директорите на поголемите претпријатија и научните, културните, образовните институции и дури и кај туристичките компании на отворена желба за соработка со Република Полска.

- Уште нешто? – праша министерот.

- Господине министре, дозволете да забележам дека со звањето специјален советник, кај полската страна ништо нема да значам. Имам впечаток дека за нив тоа може да е несфатливо, па дури и смешно. Како советник нема да добијам дипломатска легитимација и според правилата по три месеци ќе морам да ја напуштам Полска. Колку што ми е познато специјалниот советник го советува амбасадорот. Јас како советник кого таму ќе советувам?

- Јас се уште амбасада не можам да отворам во Варшава... но можам, според Габер, да отворам канцеларија за врски. Разбираш?

- Не...

- А што е подобро? Што предлагаш?

- Барем со звањето – министер-советник. Тоа има значење и тежина.

- Согласен. Оди кај Габер и пренеси му да го смени решението...

- Имам уште нешто...

Пред да му кажам што уште имам потребно е да изнесам дека претходните денови долго разговарав со Вања Тошевски,

поранешен мој шеф и многу искусен дипломат и со Ахил Тунтев, советник на претседателот Киро Глигоров, на кои им објаснував дека од звањето зависи кој ќе ме прими и ќе води сериозен разговор важен за двете држави. А што се однесува на канцеларија за врски, ние како независна и суверена земја паѓаме ниско. Не сме Америка, Тајван и Кина. Кај Тошевски и Тунтев наидов на целосно разбирање, но тие подвлекоа дека решението не зависи од нив. Точно е им реков, ама укажувањето на значењето и важноста може да го смени решението...

- Господине министре, дозволете да го изнесам моето мислење.

- Терај, да чујам.

- Министре, ако одиме со отворање канцеларија за врски при веќе заемно признавање, тогаш го намалуваме нашето значење и положба. Во дипломатската литература, а и во Виенската конвенција, не е познат поимот „канцеларија за врски“. Овој поим е нова кованица на американската дипломатија поврзана со односите САД-Тајван-Кина. Да размислиме, министре, за да не направиме некоја за нас непотребна услуга.

- Можеби си во право, ама види со правната служба и со Габер. Тие нека мислат.

Зазвони телефонот и тука заврши разговорот. Тргнав кон вратата и пред да излезам, министерот ми рече:

- Кога ќе завршиш со сè, дојди уште еднаш да се видиме. Чекај, да не заборавам. Подобро е сега да ти кажам. Таму во Варшава немој да очекуваш дека ќе имаш помош. Одиш сам и сè ќе бидеш: секретарка, преведувач, кореспондент, телефонист, дактилограф, конзуларец, економист, правник, чувар, а можеби и чистач. Буквално сè. За кола и за кадар сега да не мислиш. Можеби некаде таму во април-мај идната година надевај се на помош и тоа во зависност од

можностите што ќе ги има државата. Можеби уште еден службеник, можеби дури и тројца и тоа ќе биде сè. Дури и тоа ќе биде многу...

Се насмевнав и реков:

- Не баш светла перспектива.

- И да не се жалиш, како што тоа го прават некои, кои прво бараат резиденција, а потоа зграда за амбасада... Разбра? Ај со здравје...

По вака сликовито искажаните совети, размислував дали да одам или да си останам во министрството каде по пет години ме чека пензијата?

Во правната служба во врска со сместувањето уште едно ограничување.

Шеф на правната служба во МНР беше Верка Митаноска. На сите им кумуваше, на сите им кажуваше што и како да прават. Секогаш само таа беше во право. За неа сите проблеми беа решливи во секунда, најдолго во две или три секунди, а секундите понекогаш траеја и со денови. Секундите беа нејзини омилени зборови секогаш искажувани со широка насмевка.

- А твојот проблем – долга насмевка – ќе почека за да се реши. Имено ти не можеш да имаш резиденција, бидејќи таму ќе бидеш сам. Затоа мораш да најдеш објект за амбасада во кој ќе има и една неслужбена просторија, значи една соба во која ќе можеш да спиеш. Овој проблем, за жал не можам да ти го решам барем оваа и, па дури и идната година. А што се однесува на твојата плата и тој проблем ќе го решиме, ама малку подоцна. Прости, јас сега морам да одам на курс. Секој ден по неколку часа одам на курс. Учам турски јазик. Наскоро и јас ќе одам во дипломатија, ха-ха, ха-ха.

Не знам кога Верка ја испратија во македонската амбасада во Анкара, ама дознав дека амбасадорот Трајан Петровски и ги

скрати крилјата на самоубеденоста и фалбите и секундите и ги претвори во целодневна работа.

Дома се вратив доцна. Дитта, од нејзините очи се гледа, дека сака нешто да ми каже.

- Ајде – реков – кажувај.

- Па, се јави Миленка и рече дека утре вечер ќе дојде Миле...

- А кој е тој?

- Момчето на Тања.

- И?

- И ќе дојде да се запознае со нас.

- И?

- И најдобро јави ѝ се на Миленка.Таа подобро ќе ти објасни.

- Добро. Дај го телефонот. – Миленка, добра вечер. Тука ми велат дека имаш нешто да ми објасниш, нели?

- Да, тато. И тоа добра вест. Утре ќе дојде момчето на Тања. Разбираш?

- Не сосема.

- Слушај, тој ќе дојде да се запознае со вас и да ја побара Тања. Сега разбра?

- Продолжи.

- Ти што велиш?

- Нека дојде. Штом Тања си го одбрала, јас и мајка ти нема да пречиме. Нека им е со среќа.

На трети март 1995, 13:00 часот, во кабинетот на Габер, во поширок состав, последен разговор, вообичаена практика пред заминување на должност. По наследен обичај таквите средби се одржуваат само во присуство на поранешни

амбасадори, а не со службеници во амбасади или кандидати. Тема на средбата – задачите на македонското претставништво во Варшава, кое се уште не е јасно каков ранг ќе има. Во разговорите со министерот Стево Црвенковски, настојував (честопати и во присуство на амбасадорот Вања Тошевски) да не се нарече „канцеларија за врски“. Потсетував дека во дипломатската литература таков поим нема. Оттука и на завршните разговори го поставив истото прашање. Одговорот гласеше дека засега дипломатското претставништво во Варшава ќе биде канцеларија за врски, се додека Владата не одлучи поинаку, значи подоцна да биде во ранг на амбасада. Силна поддршка добив од амбасадорот Вања Тошевски, како и од искусните дипломати Петре Чокревски, Наум Начевски и други. Меѓутоа, тие, кои ја претставуваа Владата, тврдо стоеја на новата дипломатска кованица, тврдејќи дека штом една Америка воведува таков вид дипломатски претставништва, зошто ние, кои одвај создадовме држава, да не го применуваме примерот на Американците. Вжештениот разговор го смири Габер, кој истакна дека во Владата има расположение во текот на првата половина на март да се донесе друго решение, на пример дипломатска мисија.

По ваквото објаснување бев замолен да ги претставам и да ги образложам тезите. Моето излагање го засновав на следните точки:

- географска положба: Полска-Европа – соседи- односи,

- општа карактеристика на Полска – историска, општествена, економска, политичка, нејзина надворешна политика – стремежи за зачленување во НАТО и Европската Унија,

- полско-македонски односи и соработка во разни области,

- задачи на претставништвото во областа на стопанската, културната и други видови заемна соработка, потреби и можности,

- на билатерален план – потпишување низа договори како основа за натамошна соработка,

- во соработка и поддршка на Полска, натамошна афирмација и јакнење на нашата позиција во Европа и пошироко.

Тезите и моето излагање одлично беа прифатени и пофалени. Подоцна дознав дека идните дипломати ги користеа како пример како треба да подготвуваат тези.

Во 12:00 часот ме прими претседателот Киро Глигоров. Во текот на разговорот му ги изнесов моите видувања за односите и соработката со Полска (за што и порано во повеќе средби, а и од моите пишувани извештаи и анализи, не само за Полска, туку и за македонско-грчките односи) повеќепати разговаравме, па оттука и неговата доверба во мене. Тука сакам да подвлечам дека никогаш не се случило Претседателот да не ме прими. Неговата доверба во мене беше неограничена и високо ценета.

-Уште нешто?

-Тоа би било сè, Претседателе.

- Седни – ме замоли. – Ако така работиш, зад себе ќе оставиш добра трага. Изгледа ние двајцата сме во иста положба – да работиме... Полска е центарот на Европа и нејзиното значење е големо и многу важно за Македонија... – прекина за миг и продолжи лесно удирајќи со показалецот на масичката покриена со скршена мермерна плоча. Полска за нас е многу важна, велам. Ти, таму во Варшава мораш да бидеш гласот на Македонија. Затоа јас го праќам таму најдоброто што го имам во Македонија. Верувам дека и овој пат, како и порано, ти добро ќе ја извршиш задачата. Тешкотии ќе имаш, пред сè од нашите, како што имам јас. Ќе ти треба издржливост и храброст и во тоа секогаш ќе ја имаш мојата поддршка.

- Благодарам, Претседателе – реков тивко, а тој стана, ме прегрна и рече:

- Кога службено ќе доаѓаш од Варшава, немој да заборавиш да навратиш кај мене. Збогум и со верба...

Му ветив и од ветувањето никогаш не се откажав. Нашите врски трајно останаа сè до крајот на неговиот живот исклучиво посветен на Македонија.

Претседателот Киро Глигоров беше еден од ретките македонски великани и човек чие име и презиме секогаш треба да се пишуваат само со големи златни букви, иако некои поради лични амбиции, сејат смрдлива прашина околу него и неговото име.

Дента, пред заминувањето за Варшава, во 13:00 часот, во големата сала на МНР коктел, вообичаено приредуван за сите кои заминуваат во дипломатска мисија. Присутен скоро целиот колектив, како и поранешни дипломати – амбасадори: Вања Тошевски, Наум Начевски, Петре Чокревски, Пејовски, Живко, Чаловски, Тунтев, Кондев, Теговски и други. Многу честитки и желби и совети. Пригоден збор со многу пофални зборови за мојот придонес во работата на МНР, со посебен акцент за моите активности и напори поврзани со заштитата на националните, малцинските и човековите права на Македонците во соседните земји, зборуваше Виктор Габер.

По завршувањето на коктелот од благајната подигнав 5.000 (пет) илјади долари, иако благајничката ме советуваше да подигнам поголема сума.

- Земи повеќе – настојуваше Симка. - Други земаат по десет, па дури и повеќе илјади.

- Ако – реков – јас немам каде да ги чувам. Кога ќе ми завршат, тогаш ќе те побарам.

Во 19:00 часот кај братучед ми Ристо Фиљовски кој заедно со неговата сопруга Ринка, нè покани на вечера. Во текот на долгиот разговор ни се наметна времето од нашето детство и младост поминати во детски домови и интернати во

далечните земји. Честите прекини на разговорот беа исполнети со видлива тага кон родното место и за честите осаменички денови во туѓите земји, каде никој никогаш не нѐ прашал дали имаме мајки. Тагата ја смирувавме и со спомените за нашите детски игри и палавости во родното село. Таму воловарчиња и овчарчиња, тука, со дипломи изготвени и одбранети во Полска, која во текот на Граѓанската војна во Грција, нас и други пет илјади Македончиња и Грчиња нѐ прифати, нѐ воспита и нѐ вооружи со образование. Тој магистер по географски, јас доктор по политички науки.

Ретко пријатна средба и вечера, која ми остана драга и во денешните старечки денови при секое спомнување ми навираат солзи. Пораснавме заедно и заедно секаде делевме и добро и зло. Секогаш бевме заедно.

Нѐ раздели неговото заминување во вечноста...

Утрото на 8 март 1995, среда, дојдоа децата со букети цвеќе. На мајка им ѝ го честитаа меѓународниот ден на жената и потоа се прибравме за појадок. Молк. Ја нема шегата, радоста и смеата, како претходните денови. Тажни се погледите. Мачни. Се гледа дека на сите ни тежи разделбата. Миленка пуши без престан, Тања скришно брише солзи. И мене ми е мачно и сѐ повеќе врие во мене мислата заради децата да се откажам од мисијата. Тешко ја издржувам јасно видливата тага на децата. Не дојадовме.

Во 9:00 часот стигна службената кола. Време на збогување. Прегратки и солзи. Поаѓаме. Зад нас остана најмилото што го имаме. Сѐ до границата не изустив збор. Грутка во грлото...

Во Софија стигнавме во 13:30 часот. Во македонската амбасада радосно нѐ пречека Стојан Руменовски. По краток одмор нѐ одвезе во хотелот „Москва“. Пред заминување нѐ покани на вечера.

Вечеравме во присуство на неговата сопруга Вера и советникот во Амбасадата на Полска во Софија, господинот Собчак, со кого Стојан имаше добри односи.

Утредента на 9 март 1995, четврток, појадок во хотелот. Со мислите сум дома – кај Миленка и Тања. Со Дитта се тешиме и молчаливо се радуваме поради тоа што децата веќе ни пораснаа, способни се за самостоен живот и дека сами не ги оставивме, веќе си имаат свои семејства и работа... Ама, сепак, разделбата боли...

Во текот на појадокот по телефон и се јавив на Гордана во МНР. Ја замолив да ме информира дали до полското МНР е испратена нота во врска со моето пристигнување во Варшава. Ми рече дека не е испратена. Сфатив дека на аеродромот нема да бидам пречекан како што е обичајот за пречек на странски дипломати. Му се јавив на Мацјеј Лукашевич, заменик на главниот уредник на весникот „Жечпосполита“ („Rzeczpospolita“) и го замолив дали неговиот возач може од варшавскиот аеродром да ме префрли во некој од варшавските хотели?

Откако се поздравивме, ми вети дека ќе го испрати возачот заедно со новинарот Ришард Биљски. При ова да потсетам дека на двајцата полски познати и влијателни новинари им помогнав да бидат примени од претседателот Киро Глигоров и претседателот на Собранието, Стојан Андов од кои добија опширни интервјуа кои им ги преведов на полски. Во Македонија останаа една недела и пак со моја помош беа гости на Струшките вечери на поезијата, каде на „Мостови“, Лукашевич прочита една песна од својата поетска збирка. Интервјуата беа објавени во полскиот весник, еден од најтиражните во Полска и со големо признание беа прифатени од полската јавност. И уште да додадам дека двајцата новинари за интервјуто со претседателот Киро Глигоров добија пофалница од полскиот Министер за надворешни работи. Копии од интервјуата и пофалницата - во мојот личен архив. И уште да спомнам, дека кога на 19

јануари 1995, бев испратен во Варшава со цел да го подготвам присуството на претседателот Киро Глигоров на свеченостите по повод ослободувањето на Аушвиц-Биркенау, на Лукашевич му врачив благодарно писмо од претседателот Киро Глигоров во кое, по мој предлог, му беше изразена благодарност за неговите залагања преку написи и информации објавувани во „Жечпосполита“, со што внесува личен придонес за афирмација на Република Македонија. Тие двајца полски новинари беа едни од најдобрите лобисти за Македонија и такви останаа до својот починок.

Патем, по отворањето на Амбасадата, со Лукашевич и неговата сопруга Лена воспоставивме искрени пријателски односи. Честопати нè посетуваа во Амбасадата и голем дел од викендите го поминувавме заедно во нивната викендичка надвор од Варшава, каде во друштво и на други полски новинари и политичари тема на разговорите беа состојбите во Полска и Европа. Јас таквите средби најчесто ги користев присутните да ги запознаам со актуелните состојби во Македонија, ставот на соседите, посебно на Грција и минатото на Македонија што беше прилика да се запознаат со нејзината историја. Таквото дружење беше и прилика преку новинарите во полските весници да се појавуваат повеќе позитивни написи за Македонија кои несомнено влијаеја и на ставот на полската влада и полското општество. Незаборавен ќе ми остане говорот на Министерот за надворешни работи на Полска, господинот Росати, (еднаш и тој присуствуваше на средбите во викендичката на Лукашевич) кој во полскиот Сејм (парламент) истакна дека Полска треба да ѝ помогне на Македонија, најмладата мирољубива држава во Европа. Значењето на тој став е и во официјалното признавање на Република Македонија со нејзиното уставно име.

Вреди да подвлечам дека полското новинарство во Полска, посебно дневните весници „Жечпосполита“ и „Газета Виборча“ беа слика на полското општество и коректор на

полската внатрешна и надворешна политика, на културниот и стопанскиот развој и живот. Нивната моќ го трасираше и текот на Полска кон нејзините напори за влез во Европската Унија и во НАТО. Оттука и важноста на контактите со новинари од тие весници.

Во 9:00 часот дојде возачот и заминавме за аеродромот. Нѐ испраќаа Стојан Руменовски и советникот во полската амбасада со голем букет убаво аранжирано цвеќе кое ѝ го врачи на Дитта.

Полетавме во 10:50 часот и на аеродромот во Варшава слетавме во 12:00 часот. Надвор нѐ чекаше Биљски заедно со возачот на „Жечпосполита“. Се сместивме во хотелот „Гранд“, каде пред четири денови претседателот на Друштвото на Македонците во Полска, Михаил Граматниковски, наш школски колега, ни имаше резервирано соба. Мала и темна и веднаш побарав замена. Ни доделија мал апартман. Топло, чисто, пријатно. По краток одмор излеговме во градот од каде поради студеното време, се вративме во хотелот.

Во 13:00 часот по телефон се јавив во МНР на Полска. Амбасадорот Хмјелевски, кого го запознав кога беше амбасадор на Полска во Белград, отсутен. Оставив порака дека веќе сум стигнал во Варшава и во кој хотел сум сместен. Во 14:00 часот испратив факс до МНР на Македонија со кој известив каде сум сместен, број на телефон, број на соба 14 и број на факс 621 9724 и 621 8747. Потоа краток телефонски разговор со Миленка и Тања. Околу 19:00 часот му се јавив на амбасадорот Кинецки, поранешен полски амбасадор во Белград и искрен пријател и поддржувач на Република Македонија. Се договоривме да се видиме утредента меѓу 15:30 и 16:00 часот во хотелот.

Утредента на 10 март 1995, петок, отидовме кај Гоце Малезанов, претставник на Технометал-Вардар во Варшава. На овој начин го почнавме воспоставувањето на средби со

наши државјани во Полска. Вообичаен разговор со ветување дека почесто ќе се гледаме.

Во 15:30 часот средба со амбасадорот В. Кинецки. Подолго разговаравме за мојата мисија. Тој од своја страна го сподели своето долго дипломатско искуство, при што не изостануваа неговите совети за мојата работа. Подолго време од средбата посветивме на состојбите во едната и во другата земја. Ми вети дека секогаш можам да сметам на негова помош. Не покани на вечера.

Наредните два дена, сабота и недела, ја посетувавме Варшава. Градот скоро празен. Слободните денови варшавјаните одмораа. Вечерта, во 18:00 часот на вечера кај амбасадорот Кинецки, каде бевме многу срдечно и пријателски пречекани. Долго разговаравме за состојбите на Балканот, кои порано одлично му беа познати, но со распаѓањето на Југославија, за него веќе беа непознати. Оттука и неговото големо интересирање за балканските состојби, а посебно за Македонија, која како амбасадор на Полска во Белград, честопати ја посетуваше и имаше стекнато врски и познанства со голем број личности од политиката, стопанството и културата.

Во хотелот се вративме доцна.

Тука би требало да завршам со предговорот со забелешка, дека текстот што хронолошки следи е илустриран со богата фото - докумнетација која дополнитлно ја збогатува неговата содржина.

Толку како предговор.

ПРВ ДЕЛ 1995

Од денес, **13 март 1995, понеделник,** во 9:30 часот почнува мојата дипломатска мисија во Полска. По телефон се јавив во

полското МНР и го побарав амбасадорот Јежи Хмјелевски со кого по краткиот многу пријатен разговор договоривме средба во 13:00 часот.

Од овој ден одлучив секоја вечер, по завршувањето на дневните активности, да забележувам сè што сум направил и не сум направил, со кого се видов, за што разоваравме и за што се согласувавме, споревме, не споделувавме ист став, за разговорите и средбите со полските државни органи, министрите, секретарите, поранешните полски амбасадори, писатели новинари и странски дипломати, преписката и разговорите со службени лица во македонското МНР, дочек и испраќање делегации, радостите, тагите, надежите. Така секоја вечер. Белешките ги водев сè до последниот ден од претстојот во Варшава и така израсна цел куп неофицијална, приватна документација од околу 2500 страници и до тоа цела вреќа фотографии од средби и потпишувани договори. Сè што е запишано лежеше во дното на мојата домашна библиотека цели 25 години од завршувањето на мојата дипломатска мисија. На стари години, записите водени ноќе, одлучив да ги преработам и да ги преточам во дневник, кој можеби некому ќе послужи за поука, а во архивите или домашните библиотеки ќе остане како белег на македонската дипломатија.

Точно во закажаното време влегов во чекалната каде ме чекаше Чаплињски, скоро примен во МНР, а кој подоцна во Македонија го придружуваше Штул, познат на нашата јавност по неговите залагања за отворање на таканаречениот Штулов универзитет.

Пред отворената врата од кабинетот ме пречека амбасадорот Хмјелевски. Истиот мал кабинет, затрупан со купови хартии, фасцикли и весници, како тогаш, кога во декември минатата година лично ме извести за свеченостите и одбележувањето на 50-годишнината од ослободувањето на Аушвиц-Биркенау.

По размената на вообичаените поздрави и задоволства од средбата, пристапив кон изложување на целта на моето пристигнување во Варшава. Истакнав дека сум пратен со цел да го подготвам отворањето на дипломатското претставништво на Република Македонија во Варшава.

Ме изненади неговиот сув и студен тон на гласот. Рече:

- Изненадени сме од нискиот ранг на македонското претставништво. Ние очекувавме дека македонската страна ќе се придржува на словото и духот на разменетите ноти од 29 декември 1993 година за воспоставување дипломатски односи на ниво на амбасади и во ранг на вонредни и ополномоштени амбасадори. Колку што ме држи паметењето на тој состанок во Скопје, бевте и вие присутен. Така, со ова ниско ниво, неочекувано ни ги врзавте рацете. Ние баравме и не најдовме во дипломатската литература, а и во нашата пракса што значи поимот „канцеларија за врски“, а и во нашата долгогодишна дипломатска пракса тој поим не се употребува и за нас ништо не значи. Се разбира, дека ние пред осум денови знаевме дека ќе дојдете во Варшава...

Амбасадорот Хмјелевски прекина, отвори една папка и ми подаде копија на нота преведена од англиски на македонски јазик.

- Повелете – рече.

Ја зедов и читам:

Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ Republic of Macedonia

MINISTRY OF FOREIGN AFFAIRS

Број/No: 1104-1013/1

Министерството за надворешни работи на Република Македонија го изразува своето почитување на

Министерството за надворешни работи на Република Полска и има чест да извести дека д-р Петре Наковски, министер-советник во Министерството за надворешни работи, ќе пристигне во Варшава за да ја отвори Канцеларијата за врски на Република Македонија во Варшава и да го организира отворањето на Амбасадата на Република Македонија во Варшава.

Д-р Петре Наковски е именуван за шеф на Канцеларијата за врски на Република Македонија во Варшава.

Министерството за надворешни работи на Република Македонија љубезно го моли Министерството за надворешни работи на Република Полска да му помогне на д-р Петре Наковски во изведувањето на сите формалности во врска со сите овие активности.

Министерството за надворешни работи на Република Македонија ја користи и оваа прилика на Министерството за надворешни работи на Република Полска да ги повтори изразите на своето највисоко почитување.

Скопје, 1 март 1995 година

МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

НА РЕПУБЛИКА ПОЛСКА

В А Р Ш А В А

Откако го завршив читањето на нотата долго се загледав во очите на амбасадорот Хмјелевски, а потоа му го подадов листот.

-Тоа е копија. Можете да ја задржите.

Чувствував како пот ми тече по плеќите. Имав впечаток како да се најдов вкован во стапица. Не очекував таков разговор. Колку што можев посилно се воздржував да не се види кај мене разочараност и немоќност, да останам мирен, ладнокрвен и присебен. Размислувам како да одговорам на

неговите забелешки. Ми се вртат во главата многу мисли. Која да изберам? Одлучив. Смирено, со кратки паузи, со што поубедлив тон на гласот, реков:

- Господине амбасадоре ова е само почетен, би рекол тактичен чекор, што ќе има само привремен карактер. Сакам да Ве уверам дека во најскоро време Владата на Република Македонија ќе донесе одлука за отворање амбасада. Моја задача е да најдам соодветни простории, во кои ќе ми биде големо задоволство да Ве примам со чаша македонско вино...

- Дај, Боже, рече амбасадорот Хмјелевски и го погледна часовникот и додаде дека сите формалности во врска со мојот престој во Варшава ќе ми ги кажат во Дипломатскиот протокол на Министерството за надворешни работи.

Сфатив дека времето на приемот и на разговорот истече. Станав, се заблагодарив за средбата и приемот и следен од младиот Чаплињски, го напуштив Министерството. По врнежливо и многу студено време, со трамвај се вратив во хотелот.

Наредните неколку денови се вдадов во изнаоѓање соодветни простории за претставништвото. Најпрвин се јавив во Дипломатскиот сервис. Ниту една од понудените простории не ми е прифатлива.

14 март 1995, вторник

Доцна попладне ми се јави Стево Поповски, Македонец, постојан жител во Варшава, оженет со Полјачка. Посебна личност. Повеќе за него не вреди да се губи време и хартија. Дојде во хотелот и се понуди да ми најде објект за претставништвото и веднаш ми предложи куќа на негов, како што рече, голем пријател, кој идниот месец ќе се пресели во Австралија. Куќата е во нова населба, се наоѓа на улица

Ципријска број 60. Отидовме да ја видиме. Површина 300 квадратни метри, цена 2 300 американски долари. Ми се допадна. По факс го известив МНР во Скопје и добив согласност.

15 март 1995, среда

Во 11:00 часот ме прими Чајка, директор во Кабинетот на претседателот Лех Валенса. Срдечен и пријателски разговор. Му го врачив оригиналот на писмото од 31 јануари со кое претседателот Киро Глигоров на претседателот Лех Валенса му изразува благодарност за поканата да учествува на свеченостите во Аушвиц-Биркенау и надеж дека македонско-полските односи и натаму успешно ќе се развиваат и јакнат. На крајот од средбата директорот Чајка ми го врачи текстот на Апелот за мир до народите на светот, прочитан на 27 јануари 1995 во Биркенау.

16 март 1995, четврток

Во 15:00 часот отидовме на Ципријска 60 уште еднаш да ја разгледам куќата. Како што забележав погоре, куќата ми се допадна. Направивме записник на сè што останува во куќата, како и за потрошената струја, гас и вода и се договоривме утредента во 20:00 часот да го потпишеме договорот. Се сретнавме во холот на хотелот. Сопственикот на куќата и Стево Поповски ми изгледаат намуртени. На масата ставив хартија и пенкало и го прашав сопственикот на куќата:

- Господине дали донесовте поседовен лист и заверена изјава дека куќата не е под хипотека?

Сопственикот стана и нервозно рече:

- Куќата не ја давам.

- Зошто? – го прашав.

- Затоа што Поповски бара половина од договорената цена – рече и си отиде.

Сопругата на Стево Поповски се обиде да го брани својот сопруг. Ја прекинав:

- Госпоѓо, Стево е многу добар човек, ама има лоши пријатели – реков и без да се поздравам, го напуштив холот.

17 март 1995, петок

Закажаниот прием и разговор со Пјекарски, директорот на Дипломатскиот протокол се откажува, по телефон ме извести неговата секретарка - поради тоа што директорот службено заминал во странство и ќе се врати на 20 март и дека ќе ме прими истиот ден во 10:00 часот.

Денот го искористив во читање на книгите од Сутор, исклучително образован и искусен полски дипломат. Сите негови книги се посветени на дипломатијата – теоријата и практиката. Лично ги имам добиено со негова посвета кога пред две години престојуваше во Скопје.

18 март 1995, сабота

Во 9:00 часот дојдоа Малезанови со кои нашите врски стануваат се попријателски. Отидовме да купуваме работи за идното домаќинство. Купивме:

-покривач (перјаница, голема желба на Дитта уште од школските години), две перници и перниче, четири пешкири, два комплети постелнина,

-две лажици, два ножа, две виљушки, две лажички, три ножеви за сечење леб, сувомеснато и компири,

-десет пластични чаши, еден пластичен чајник, четири крпи за бришење садови и вазна, две длабоки и две плитки чинии, сите со црвено срце, со надеж дека ако не во текот на денешниот ден, сигурно утре ќе се преселиме од хотелот.

Точно во 13:00 часот по телефон се јави сопственикот на куќата. Многу и долго се оправдува дека се предомислил и објаснува и ветува дека можеби во понеделник и тоа сигурно ќе се одлучи да ни ја даде куќата.

Мирно го ислушав и потоа му реков:

- Господине, вие сте еден обичен уличен измамник заедно со вашиот пријател Стево Поповски. Потоа му се јавив на Стево Поповски. Му го пренесов разговорот со неговиот пријател и му порачав дека повеќе не ми се потребни неговите услуги и дека не гледам потреба понатаму да ми нуди услуги. Работата со простории ќе си ја терам преку агенции.

Малезанови ни помогнаа купеното да го пренесеме во хотелската соба и благодарни за услугата, срдечно ги испративме.

Се вративме во собата и целото попладне го поминавме молчејќи.

19 март 1995, недела

Студено. Се уште многу ми тежи вчерашниот ден. За да ја разбиеме досадата излегоме од хотелот и скитаме по центарот на Варшава.

20 март 1995, понеделник

Во 10:00 часот ме прими директорот на Дипломатскиот протокол, Пјекарски. Добив впечаток дека ме пречека многу непожелно и ладно, како да не беше тој што порано го имав запознаено кога службено повеќепати престојував во Варшава, а посебно во октомври 1993 кога цел месец ја водев македонската делегација на редовниот годишен собир на ОБСЕ посветен на човековите права. Тогаш со него имав многу корисни разговори посветени на состојбите во Република Македонија, односите меѓу двете држави и потребите за нивно јакнење и заемната соработка во сите области и во таа прилика и за многу позитивниот и пријателски став на Полска во изминатите педесетина години. Сега ме гледаше како да сум му скривил нешто. Му изразив благодарност за приемот, разменивме неколку реченици во врска со врнежливото време и потоа тој рече:

- Се радувам што одново се гледаме, ама овој пат, секако во малку поизменета клима и за вас и за нас.

Прво ми ја прочита нотата на полското МНР од 29 декември 1993 година во која е изразена двострана желба за отворање амбасада на Република Полска во Република Македонија, односно отворање амбасада на Република Македонија во Република Полска во ранг на вонредни и ополномоштени амбасадори. Од записникот на средбата што се одржа во Скопје, како што е наведено, присуствувавте и вие. Се сеќавате, нели?

Прекина и се загледа во мене.

Потврдив.

- Жалиме – рече – што Македонија сака да отвори дипломатско претставништво со многу низок ранг и тоа со име „канцеларија за врски“. Ние очекувавме отворање на амбасада. Поимот Канцеларија за врски за нас е несфатлив, па дури и непознат. Не знаеме што значи. Ако Министерството за надворешни работи на Македонија ќе настојува да отвори дипломатско претставништо со тоа име, во тој случај, со жалење Ве известувам дека Дипломатскиот протокол на полското МНР нема правна основа на шефот на тоа претставништо да му издаде дипломатска легитимација, писмо за отворање сметка во банката и користење на привилегии предвидени со Виенската конвенција. И уште сакам да Ве информирам, дека во врска со името и симболите, ќе го примениме бриселскиот модел. На таблата мора да е напишано името „Поранешна Југословенска Република Македонија“, да не се истакнува знамето на јарбол и на службената кола. Ова го проверивме во Брисел преку нашата амбасада и установивме дека таму се применува да речеме белгискиот модел. Ова е политичка одлука, која утре може да биде друга.

Внимателно го слушав излагањето на Пјекарски. Се држев студено, водев сметка да не ми затреперат образите, на лицето да не ми се појави изненадување, ама цело време во мене вриеше. Право во очи ме гледаа присутните Ришард Корчевски, началник на Управата за привилегии и имунитети и Кшиштов Пожњак, советник.

По подолга пауза, реков:

- Господине директоре, благодарам за приемот и за вашето излагање. Ве уверувам дека внимателно ве ислушав и ќе ми биде задоволство ако прифатите дека мојата мисија ќе се остварува во духот на разговорите што недамна во Краков ги водеа претседателите Валенса и Глигоров на кои силно беше истакната потребата за зајакнување и успешен развој на

односите и соработката меѓу нашите држави. Ве уверувам дека Вашите изнесени ставови уште денес ќе му ги пренесам на МНР на Република Македонија. Ќе ми биде чест на наредната средба да разговараме за пријатни и покорисни и надежни теми.

Началникот Корчевски погледна на рачниот часовник. Знак дека времето на средбата заврши.

Во хотелот се враќав пеш. Надвор истураше студен дожд. Оптоварен со тежината на излагањето на директорот Пјекарски, чувствував мачнина, одев полека и во себе го составував текстот на белешката од за мене бременитата средба. Откако се ослободив од воденета облека деталите од разговорите по факс број 7/95 ги испратив во МНР на Република Македонија. Од тој ден почнав да станувам се повознемирен, но и упорен тврдо да стојам на земјата, иако веќе чувствував дека полека ме напушта здравјето. Истото се случуваше и со мојата сопруга, која по цели денови сама, како во затворска ќелија, седеше во хотелската соба. Просто боледуваше по својата наставничка дневна и домашна активност. Во Скопје постојано во движење, а тука ми венее пред очите.

По испраќањето на факсот, по телефон му се јавив на амбасадорот Теговски, во Брисел, со следното прашање:

Почитуван Амбасадоре Теговски, Ве молам одговорете ми каде е ставена таблата на Амбасадата на Република Македонија во Брисел и што пишува на неа, каде е ставено знамето и дали е користено на службената кола?

Одговорот по факс стигна по половина час и гласи:

Драг Петре,

Во врска со нашиот телефонски разговор, сакам да те известам и да ти потврдам дека од почетокот на отворањето

на Амбасадата на РМ во Брисел на истата стојат ознаките со нашето уставно име. Со оглед дека Амбасадата се наоѓа на четврти кат – станбена зграда поставени се две табли една на надворешниот влез од зградата и друга на влезот во просториите на Амбасадата, а на кои на македонски и на француски јазик е напишано Амбасада на Република Македонија Брисел. Нашето знаме редовно го истакнуваме на надворешниот прозорец на Амбасадата, а исто така и на службениот автомобил кога тоа е потребно. Во контактите со органите на земјата домаќин, како и со Дипломатскиот кор на нашите ноти секогаш е истакната истата ознака: Амбасада на РМ.

Многу поздрав, Јован Теговски (потпис)

PS. Во телефонскиот разговор амбасадорот Теговски го замолив на кафе да го покани полскиот амбасадор за да види каков е тој белгиски модел со кој ме бомбардираа во Варшава...

Од радост со тупаниците удрив на масата и викнав:

- Сега ве имам!

(*Копија од факсот во личниот архив на авторот*).

Откако се созедов од непријатната средба во Дипломатскиот протокол и задоволството од одговорот на амбасадорот Јован Теговски, почнав редум да се јавувам на разни агенции кои посредуваат во изнаоѓање станови и службени простории. Најповолен впечаток ми остави агенцијата „Зажицка“, чиј сопственик е жена со исто презиме.

21 март 1995, вторник

Во 10:00 часот ми се јави пани Зажицка и ми предложи заедно да одиме да посетиме неколку објекти. Ми предложи

прво да одиме во елитната населба „Жолибуж“, северно од центарот, каде пред војната, маршалот Пилсудски на офицерите истакнати во војната со болшевиците, им доделувал парцели за градење куќи. Посетивме неколку куќи. Убави, ама скапи. Се определивме за половина близнак на ул. Битомска 25А. Приземјето и првиот кат – наместени. Цена: две илјади американски долари. Прифатив. Сопственичката, госпоѓа во одминати години, се растури од фалење, подвлекувајќи дека оваа куќа како резиденција била користена од амбасадорите на Белгија, Јапонија и Италија.

22 март 1995, среда

Во 10:00 часот од рецепцијата ми јавија дека во холот ме чека една пани. Слегов. Млада, русокоса девојка во друштво со постара госпоѓа. Ми пријде и праша:

- Господине, вие сте Наковски?

- Тој – реков. – А вие со кое добро?

- Јас сум Крстевска. Дојдов со мајка ми.

Во текот на разговорот дознав дека се од мешано, македонско-полско семејство. Таткото Македонец од костурското село Поздивишта, мајката Полјачка. Има постара сестра, лекарка. Двете се мажени за Македонци. Родени се во Легница, град западно од Вроцлав, од каде се преселиле во Скопје, каде таа завршила економски факултет, покрај македонскиот одлично го владее англискиот јазик, се омажила за Зоран Крстевски од скопското село Кучевиште, а сестра ѝ, се вика Емилија и мажена е за Драган Аврамчев и е лекарка со завршен медицински факултет во Скопје. По распаѓањето на Југославија се преселиле во Полска и живеат во свои недамна изградени двокатни куќи во градот Жирардув, 40 километри далеку од Варшава. Во

продолжение рече дека слушнала дека во Варшава ќе се отвора македонска амбасада и би сакала да работи како секретарка...

Разговорот го прекина доаѓањето на исто така млада и русокоса госпоѓа.

- Јас сум доктор Емилија – поздравувајќи се, се претстави насмеано, чиниш се познававме од пред многу години. И од тој момент многу години останавме блиски и со неа и со нејзините родители и сестра ѝ. По отворањето на амбасадата честопати нѐ посетуваше и на некој начин стана наша домашна лекарка. Секогаш насмеана, пријателски расположена и услужна. И неа и нејзините блиски ги засакавме и сега на стари години со носталгија и срдечна почит ги спомнуваме со благодарност за честите пријателски средби и почитување.

23 март 1995, четврток

Во 14:00 часот ме повикаа во Дипломатскиот протокол. Ми предадоа материјали во врска со состанокот на министрите за трговија на земјите членки на Централно-европската иницијатива (ЦЕИ). По брза пошта ги испратив во Скопје.

Во 15:00 часот ми се јави Зажицка и ме извести дека „старата“ ја зголеми цената за изнајмување на куќата на ул. Битомска 25 и бара 2 500 американски долари. По телефон го побарав Габер. Го нема. Му се јавив уште еднаш дома и го известив за новата цена. Со тешко срце се согласи да ја прифатам.

24 март 1995, петок

Во 9:00 часот по телефон го побарав Кецман, пријател на Стојан Андов, трговец во Варшава. Го нема.

Во 9:30 со Зажицка отидовме кај „старата“. И реков дека новата цена е висока, а таа тврдоглаво настојува да ѝ дадам уште 300 долари. И велам: давам 2 500 долари и тргнав уште еднаш да ја разгледам куќата. Барам некои работи да ги префрли во подрумот, а други да ги пренесе на катот. Се вратив во хотелот од каде се јавив на агенција за дезинфекција и дератизација. Ми побараа 600 долари. Скапо! По телефон ја побарав Зажицка и ја замолив да и се јави на „старата“ во понеделник да се исели од куќата. Дитта настојува да се пакуваме. Реков: чекај! Кај таа жена немам доверба се додека клучот од куќата не го ставам в џеб.

25 март 1995, сабота

Во 9:00 часот по телефон му се јавив на заменик-министерот за надворешни работи (неговиот телефон го имав добиено на една поранешна средба пред година и половина). Секретарката ми рече дека е на состанок и дека ќе ме побараат.

Цел ден подготвувам потсетници за разговорите што планирам да ги водам со соговорници во полските министерства и при ова ги користам белешките од разговорите што ги водев во Скопје за време на подготовките.

Во 16:00 часот по телефон зборував со благајничката во МНР, Симка Исаковска, која ме извести дека на банкарската сметка на Малезанови ми испрати 10 000 (десет) илјади американски долари.

26 март 1995, недела

Надвор истура. Наизменично – дожд, па снег. Во 13:00 часот на ручек кај Володкович, дипломат, прв секретар на полските амбасади во Индија, Белград, па Париз. Сега на располагање. Кога со сопругата доаѓаше во Скопје, нѐ посетуваше и ни носеше најнови книги од современата полска литература, која секогаш беше прва и најважна тема на нашите разговори. И тој и неговата сопруга изразија големо задоволство што Македонија ќе отвори амбасада во Варшава, а најмногу за тоа дека ќе ја води осведочен пријател на Полска. За време на ручекот не им кажав ништо за досегашните разочарувачки контакти. Со желби почесто да се гледаме, завршимногу пријатната посета во која Володкович изнесе многу примери од своите дипломатски активности, кои подоцна ми беа од голема корист.

Во доцните вечерни часови ми се јави Зажицка. Предложи пак да одиме на разговор кај „старата“. Отсечно ѝ реков: - Се откажувам!

27 март 1995, понеделник

Во 10:00 часот се јави Зажицка и предложи да видиме едно две-три локации. Прифатив. Отидовме во населбата Мокотув, јужно од центарот. Рече дека таму има една добра куќа и доколку не е напуштена од некоја норвешка фирма, ќе влеземе да ја видиме.

- Вози – реков. Ако и таму не успееме, барем така ќе ја прошетам Варшава.

По скоро половина час, пробивајќи се низ густежот стари догниени коли довезени пред сѐ од соседна Германија (во

Варшава тукуречи ги испразни трамваите и градските автобуси. Секој има своја кола иако е стара. Паѓањето на комунизмот во источно-европските земји и кај нас го чисти гнилежот на богатиот Запад). Стигнавме на улица Доминикањска и застанавме пред бројот 15. Од куќата излезе господин во одминати години и праша кого бараме. Зажицка му објасни дека бараме објект за дипломатско претставништво и дека во огласите за издавање куќи е наведена и куќата под овој број.

- Јас сум сопственикот и се викам Маличовски, да речеме постариот. Куќата што ја гледате е близнак. Овој дел, од кај улицата му припаѓа на син ми. Засега го користи норвешка фирма, која во текот на неделата ќе се исели. Тукуречи е празен. Ако сакате да ја разгледате куќата, повелете.

Влегуваме. Се уште има делови од мебелот на норвешката фирма.

Почнуваме од долу.

Голем, чист подрум, гаража, перална, просторија за сушење алишта, тоалет, туш.

Приземје: тоалет, туш, претсобје, една мала соба, кујна, голема просторија, околу 50 квадратни метри, две телефонски линии.

Прв кат: три соби, тоалет, туш, две купатила.

Втор кат: три соби, тоалет, туш.

Греење: парно, на гас.

Двор – околу 1 500 квадратни метри, железна ограда.

Цена: 2 800 (две илјади осумстотини) американски долари месечно, плаќани во готово на рака.

Уште еднаш одделно ја разгледувам секоја просторија. По неколку минутниот разговор и молк, реков:

- Ја земам.

Маличовски задоволно се насмевна и праша:

- Сигурно?

- Сигурно како што ве гледам.

- Ако е така, еве ви рака и за секоја сигурност, како што е обичајот, избројте ми илјада долари како капар.

- В ред. Пани Зажицка запишете дека на господинот Маличовски сум му дал илјада долари, а тој потоа нека се потпише дека го примил капарот.

Се поздравивме и се договоривме утре во канцеларијата на госпоѓа Зажицка да го потпишеме договорот.

- Се гледаме утре, пан Маличовски и со вас да носите поседовен лист и заверена потврда дека куќата не е под хипотека.

Попладнето му се јавив на Габер. Ја прифати мојата одлука во врска со објектот.

28 март 1995, вторник

Во 11:15 кај Зажицка. Таа веќе ја имаше изготвено целата документација за потпишување на Договорот. По половина час дојде и Маличовски заедно со син му. Страница по страница ја разгледуваме целата документација и приложениот поседовен лист и уредно издадена потврда дека куќата не е под хипотека.

Во 12:45 го потпишуваме договорот. На сопственикот му исплаќам 5.600 (пет илјади и шестотини) американски долари. Од таа сума тој треба на Зажицка да ѝ го плати делот

за нејзиното посредување. Од внатрешниот џеб на палтото Маличовски вади шише вотка и отворајќи го рече:

- Драг пан Наковски, кај нас во Полска таквите прилики се залеваат со вотка. – Ги наполни чашите и сите наздравивме.

Пани Зажицка со својата стара кола ме одвезе во хотелот, каде по краток одмор, отидов во полското МНР на договорената средба со заменик- министерот, господинот Товпик. Оваа средба не ни беше прва. Првата средба ја имавме во октомври 1993 година, кога во Варшава ја водев македонската делегација на конференцијата на ОБСЕ. И сега, како и тогаш пошироко разговаравме за состојбите на Балканот, а посебно за Македонија. Посебно се интересираше за нашата еквидистанца во односите со соседите, а потоа ми ја објасни нивната тријада. Тукуречи пред крајот на истекот на времето на средбата, му реков:

- Господине министре, дозволете да изнесам едно прашање кое се однесува на проблемот за отворање дипломатско претставништво на Република Македонија во Варшава. – Одмерено и сталожено му го пренесов разговорот воден во Дипломатскиот протокол, посебно подвлекувајќи го делот за употребата на името и државните симболи на Република Македонија.

Министерот Товпик од една папка извлече лист кој беше службена белешка од средбата во Дипломатскиот протокол. Го врати листот во папката и рече:

- Да, така е решено. Да се применува белгискиот модел...

Долга пауза, молкум се гледаме в очи. Молкот го прекинав јас.

- Дозволете, господине министре, да Ви врачам копија од факсот на македонскиот амбасадор во Брисел чија содржина се однесува на таканаречениот белгиски модел.

Ја зеде копијата и долго ја читаше содржината. На неговото лице големо изненадување, со шамивчето ја избриша потта од челото, од чашата голтна неколку голтки вода, воздивна и тивко рече:

- Ќе провериме и ќе одлучиме... И ве молам, немојте да се разочарувате. Се случуваат и такви гафови.

- Потполно ве разбирам и многу подобро ќе биде ако ваквите сериозни работи ги решаваме трезвено отколку да ги оставаме да фрлаат непријатна сенка врз нашите досегашни одлични односи.

На излегување министерот ми рече:

-Ве молам немојте да се разочарувате и имајте доверба во искреноста на нашите настојувања за уште подобри односи меѓу нашите земји.

Разговорот траеше цели 60 минути. Во хотелот се вратив во 16:00 часот и под бремето на големиот замор, без да се соблечам, легнав и се разбудив утредента.

29 март 1995, среда

Утрото од рецепцијата ми донесоа коверт од полското Министерство за надворешни работи во кој по мое барање беше списокот на полските министерства и нивните телефони со кои побарав да се сретнам, со цел да ги изнесам желбите на македонските министерства за соработка. Во 9:00 часот ми се јавија од Министерството за одбрана. Ми закажаа средба за 30 март во 10:00 часот.

Од ова сфатив дека полското МНР веќе ги имаше известено моите идни соговорници.

Во 18:00 отидовме кај Кецман, пријателот на Стојан Андов. Нѐ прими рамнодушно и ладно. Разговорот испрекинат. Пред мене, навален на фотељата и со широко испружени нозе, седеше низок, збиен маж, со лице без израз на задоволство, фален како многу успешен бизнисмен во Полска. По краткиот често испрекинуван разговор, ме праша:

- Што интерес гледа Македонија да отвора амбасада во Полска? –ладно ме праша Кецман.

Се преправав дека не го слушнав прашањето и разговорот го префрлив на лошото врнежливо и студено време. Кафето што го донесе жена му, Фимка, рече дека се вика, не го доиспивме. Станавме и по студениот поздрав тргнавме да се вратиме во хотелот. По пат ја прашав Дитта:

- Го слушна ли човечето што рече во врска со Амбасадата?

- Го слушнав и не ми се допадна.

Во наредните денови ни се јавуваа за средби и други личности. Никого не одбивме.

30 март 1995, четврток

Во 13:30 часот во Министерството за правда, ме прими замеником на директорот за односи со странство (директорот бил болен). Многу срдечен разговор. Меѓу другото замеником-директор истакна дека чест му е што првпат разговара со претставник на Македонија и дека тоа лично за него претставува големо задоволство. Во текот на разговорот подвлеков дека македонското Министерство за правда е заинтересирано да воспостави соработка со полското и во тие рамки двете министерства да разменат искуства и средби на ниво на министри и соодветни служби. Вети дека со содржината на разговорот ќе ги извести надлежните во

Министерството за правда, подвлекувајќи дека контактите меѓу двете министерства ќе придонесат за заемна размена на искуства.

Од 16:20 до 17:40 часот на разговор во Министерството за одбрана. Ми испратија службена кола. Ме прими полковник Анџеј Болевски. Му ги пренесов желбите на нашето Министерство за одбрана за средби меѓу претставници на двете министерства. Разговорот го продолживме и за прашања од наш посебен интерес за што истакна дека во наредните денови ќе ме поканат на разговор со личности од повисок ранг. За контакт разменивме броеви на телефоните.

31 март 1995, петок

Во 10:00 по телефон му се јавив на Телесфор Новак, директор во Министерството за правда со цел да се договориме во врска со пречекот на делегацијата на Министерството за правда на Република Македонија.

Попладнето купивме гумен душек. Цена: 185,00 злоти.

1 април 1995, сабота

Во 9:00 и се јавив на Зажицка и ја замолив да ми ги донесе клучевите од куќата за идната амбасада на Република Македонија.

2 април 1995, недела

Роденден на Тања. Ја бараме по телефон и никако не можеме да ја добиеме врска. Постојано ни велат дека бараната насока е во прекин. По убаво, сончево време, отидовме на прошетка во паркот Лаженки и вечерта, во 21:30 часот успеавме да добиеме врска со Тања, на која ѝ го честитавме роденденот со многу желби и скора средба во Варшава.

3 април 1995, понеделник

Станав во 5:00. Во 6:00 во Министерството за правда, од каде заминавме на аеродромот за да ја пречекаме делегацијата на Министерството за правда на Република Македонија во состав Мојсова и Тумановски, кои ги сместивме во хотелот „ВИКТОРИЈА“ (“VICTORIA“). Долетаа од Софија.

Попладнето ги добив клучевите. Во 17:00 со Тумановски и Малезанов ја посетивме куќата на идната македонска амбасада. Многу им се допадна иако сосема е празна. Од мебел ништо. Голи простории.

4 април 1995, вторник

Во 9:30 кај Пожњак во Дипломатскиот протокол. Ми пријде со раширени раце. Забележав промена во неговиот тон на гласот за разлика од претходната средба. По краткиот разговор ми врачи формулари со молба да ги пополнам и утре (5 април) со нота да му ги доставам. Договоривме во нотата името на нашето дипломатско претставништво да гласи: Дипломатска мисија на Република Македонија и не мора да се стави печат (се уште не ми беа стигнати печатите). Пред средбата со него, кратко разговарав со госпоѓа Анна Нашатуљска, една од началниците во Дипломатскиот

протокол, познајничка на госпоѓа Мојсова. Патем да забележам дека претходниот ден подетално ги запознав госпоѓа Мојсова и Тумановски со ставот на Дипломатскиот протокол во врска со името и државните симболи на Република Македонија. Госпоѓа Мојсова откако внимателно ме ислуша, удирајќи со прстот на масата, со одлучен тон на гласот, ми рече:

- Немојте во никој случај да попуштите. Морате да издржите, морате да се изборите. Вие сте тука на првата линија за одбрана на името на Македонија!

Нејзините зборови, за разлика од молкот во Министерството за надворешни работи на Република Македонија, за мене беа големо охрабрување.

Во 12:00 на средба и разговор во полското Министерство за надворешни работи. Соговорници: директорот на Втората управа, амбасадорот Хмјелевски, Вилчек, началник на балканското одделение и Чаплињски, како што сфатив, задолжен да држи белешки од разговорот.

За овој разговор вчера добро се подготвив, за што од голема корист и помош ми послужи и инструкцијата што ја побарав од МНР на Република Македонија.

По вообичаените поздрави и размената на мислења околу временските состојби, почна разговорот. По неколку реченици за добредојде, амбасадорот Хмјелевски рече:

- Господине министре Наковски, вие сте на ред. Повелете.

На почетокот изразив благодарност за средбата, подвлекувајќи дека би сакал присутните накратко да ги информирам за разговорот во Дипломатскиот протокол, каде директорот Пјекарски ме запозна со полскиот став во врска со одлуката во Варшава да отвориме дипломатско претставништво, иако бев сигурен дека од службената белешка знаат што ми беше речено.

- Благодарам, господине амбасадоре и имам чест да го изнесам следново. Името на државата која во моментот ја претставувам е нејзино исклучиво право да го употребува како на внатрешен, така и на надворешен план, а тоа право е респектирано со меѓународните правни норми, како и во основните принципи на Организацијата на Обединетите Нации, каде нејзиното уставно име гласи Република Македонија.

Прекинав за миг. На лицата на Чаплињски и Вилчек - бледило. Амбасадорот Хмјелевски внимателно слушаше и со прекини пишуваше.

Полека, мирно подвлекувајќи го секој збор, продолжив:

- Молбата на Република Македонија за прием во ООН (тука на амбасадорот Хмјелевски му го подадов документот број С/251447 со кој е заведена молбата за прием во ООН) гласи Република Македонија, а не Поранешна Југословенска Република Македонија. Во Резолуцијата заведена под број 817 од 1993 година станува збор за тоа, дека Советот на ООН препорачува Република Македонија да биде примена во членство со наведеното име, иако во документот што го имате пред вас, е наведено дека привременото име ПЈРМ ќе се употребува сè до решавањето на недоразбирањата наметнати од соседната држава, што значи дека неговата употреба не е задолжителна за сите членки на ООН. Во таа смисла, господа, со Резолуцијата 817/93 нема и не може да има забрана или ограничувања за употреба на името Република Македонија. Забраната или ограничувањата во врска со употребата на името Република Македонија ние ја цениме и ја сметаме како политичка шпекулација со определени заткулисни цели и во врска со тоа не ги прифаќам ограничувањата и не изразувам согласност за ограничувања кои ми беа изнесени на 20 март од страна на директорот на Дипломатскиот протокол за неупотреба на табла со името Република Македонија, како и за неистакнување на државното знаме на прозорец, балкон или

на јарбол и на службената кола и дека во дипломатската легитимација, како и во списокот на Дипломатскиот кор ќе биде запишано името ПЈРМ, а не името Република Македонија. Господа, дозволете да ве потсетам, дека во духот на донесените резолуции името на државата е исклучително право и внатрешно прашање на државата, а тоа право е респектирано и внесено во меѓународните правни норми и во основните принципи на ООН. Во таа смисла името на мојата држава гласи Република Македонија. Забраната или ограничувањето за употреба на името Република Македонија го цениме и сметаме, дека е политичка шпекулација со одредена политичка позадина и во врска со изнесеното не се согласуваме со ограничувањата кои на 20 март 1995 година без изнесени од Директорот на Дипломатскиот протокол за не истакнување на јарбол на македонското државно знаме, за запишување во дипломатската легитимација на името Поранешна Југословенска Република Македонија, за внесување во списокот на Дипломатскиот кор на неуставното име и слично...

За миг прекинав. Се загледав во лицата на присутните, очекувајќи нивна реакција. Никој не прозборе. Продолжив:

- Господа јас, за ваша информација, како дете и младинец, долги години престојував во Полска и во тоа време сум воспитуван и образован во духот на полската слободољубива традиција и од таа почва во мене длабоко се вкоренети чувствата на почитување и љубов кон Полска, која во далечното трагично минато со самопрегор се бореше да го сочува полското име, јазикот, полската историја, литература и култура, што како сведоштво за мојата приврзаност се моите многубројни преводи на македонски јазик на бројни дела од полската класична и современа литература, како и бројните пријателски врски со истакнати полски писатели и новинари кои се бележит пример за нејзина афирмација во Македонија. Убеден сум дека таквата моја активност има

вградено мала тула во плодните македонско-полски односи и соработка. Жалам што во почетокот на мојата мисија морам да изнесувам и вакви аргументи, меѓутоа, јас како Македонец, кој е тесно поврзан со Полска, пред се сум должен да ги штитам интересите на мојата држава и во тој дух да вложувам напори за јакнење и проширување на македонско-полските односи кои досега многу успешно се развиваа во сите области.

Ме прекина амбасадорот Хмјелевски.

- Господине министре и јас на ваше место слично би постапил. Ние потполно ве разбираме, но очекуваме и од ваша страна да има разбирање за нашите аспирации и амбиции...

- Република Македонија – го прекинав – е мала држава и допрва ќе јакне и со помош, би рекол нека е и морална, од страна на Полска, се понастојчиво ќе го зајакнува своето место во светот...

Молк. Тишина, која одвај чујно ја прекинува шкрипењето на моливот на Чаплињски, кој држи белешки од разговорот.

- Господине амбасадоре – му се обратив на амбасадорот Хмјелевски - благодарам за вашето разбирање и сакам во оваа прилика да го повторам тоа што му го кажав на заменик-министерот, господинот Товпик и истовремено да ви врачам копија од факсот на амбасадорот Јован Теговски во врска таканаречениот белгиски модел и да подвлечам дека за македонската страна неприфатливи се ограничувањата изнесени од директорот на Дипломатскиот протокол, господинот Пјекарски. Се надевам дека во врска со ова соодветно ќе бидат известени повисоките надлежни органи и во таа насока очекувам промена на ставот.

Амбасадорот Хмјелевски погледна на часовникот. Сфатив дека времето за средбата и разговорот истече, па реков:

- Господа благодарам за топлиот прием и за трпението да ме ислушате. Дозволете уште еднаш да го изнесам уверувањето и надешта дека македонско-полските односи и натаму одлично ќе се развиваат.

- Тоа, господине министре, е и наша желба – рече амбасадорот Хмјелевски и со тоа заврши средбата.

За мене тежок и мачен беше разговорот. Од зградата на полското Министерство за надворешни работи излегов задоволен и напнат до крајност на моите сили.

Надвор врнеше снег и дуваше силен северен студен ветер. Ова ме освежи. Во хотелот се вратив капнат од умор, ама и задоволен.

Дитта се имаше спакувано. Се надеваше дека уште денес ќе го напуштиме хотелот. Ги собрав сите сметки и отидов во благајната на хотелот да платам за хотелските услуги. За ноќевања платив: 5 253, 58 злоти, за телефонски разговори и факс:1 097,74 злоти или вкупно: 6 351,32 злоти или 2 737, 63 американски долари. Потоа и се јавив на Зажицка. Дојде заедно со својот сопруг. Со нивна помош сè што имавме сместивме во нивната кола и го напуштивме хотелот. Нејзиниот сопруг се пробиваше меѓу реката коли и сочно пцуеше. Жена му неколкупати го предупреди да не пцуе, а тој одговараше:

- Нема ништо лошо во моето пцуење. Тоа е само олеснување, а господинот амбасадор нека учи. Ќе му треба.

- Знае тој – се огласи Дитта - да пцуе и тоа на неколку јазици.

- Добро е да ги научи и најновите полски пцуења –рече и свртувајќи глава кон мене, дополни: - Јас, господине, секое утро, кога се бричам ја пцујам владата, а навечер пред да легнам – претседателот. Разбирате, нели?

Стигнавме. Отворив и полека ги внесовме внатре нашите работи. Целата куќа празна. Голи подови, голи ѕидови, само

кујната е опремена и согласно договорот сопственикот донесе голем фрижидер. Останавме сами. Нема на што да седнеме. Стоиме. Тишина и во таа тишина ми се чини дека го слушам гласот на Живко, надлежен во МНР за опремување на амбасадите.

- Слушај, Миле – ми одекнува гласот на Живко. - Миле беше вршител на работите во амбасадата на Република Македонија во Белград. – Амбасадорот веќе е на пат за Белград. Ти во меѓувреме провери дали во бањата е вклучен бојлерот и дали има топла вода. Провери дали има чисти пешкири, сапун и шампони. Оди во спалната и види дали чаршафите се чисти. Провери во фрижидерот дали има вода и пијалаци, посебно виски, тоа најмногу го сака амбасадорот...

Во право е сопругот на Зажицка, кој рече дека новите пцуења ќе ми требаат. На скалите пославме весник и седнавме еден до друг. Се гледаме и молчиме. По неколку минути го прекинав молкот, прашувајќи ја Дитта:

- Што мислиш, ќе истраеме вака?

Долго ме гледаше и потоа рече:

- Сигурно. Имам доверба во тебе.

Ја гушнав, силно ја притиснав во моите прегратки, ја бакнав в чело, велејќи и:

- Храбра си ми ти, девојко. Таква многу, многу те сакам.

Дојде сопственикот на куќата и донесе мала туристичка масичка и четири пластични столчиња. Ни пожели добра ноќ и си отиде.

- Добро е – рече Дитта. – Има на што да седнеме - и со влажна крпа ги избриша столчињата и масичката, а потоа со широк замав на раката, рече: – Повели, амбасадоре. Фотелјата е широка и мека.

Седнав на фотељата и на рака ги пополнив анкетите за дипломатските легитимации. Во четири примероци. Потоа на рака ја напишав следнава нота, која ја цитирам, бидејќи е моја прва нота, се разбира напишана на полски, а на ова место ја внесувам во превод на македонски јазик.

Почетокот на полски:

MISJA DYPLOMATYCZNA

REPUBLIKI MACEDONII

WARSZAWA

Дипломатска Мисија

на Република Македонија

Варшава

Дипломатската Мисија на Република Македонија му испраќа на Министерството за надворешни работи на Република Полска изрази на почитување и има чест да замоли да им издаде дипломатски легитимации на шефот на Дипломатската Мисија, Министерот-советник д-р Петре Наковски и на неговата сопруга Дитта Наковска.

Дипломатската Мисија на Република Македонија ја користи приликата да ги обнови изразите на највисоко почитување на Министерството за надворешни работи на Република Полска. ПН.

Варшава, 5 април 1995 година

Министерство за надворешни работи, Дипломатски протокол, Варшава.

Пополнетите формулари и нотата ги ставив на масичката и отидовме во најблиската самопослуга. Купивме храна за вечера. Дитта храната ја смести на расклатената туристичка

масичка. По вечерата, веќе доцна, отидовме на првиот кат каде избравме една соба голема околу дванаесетина квадратни метри. Гол под. На што да легнеме за спиење?

- Нели вчера купивме гумен душек?

- Ене таму е во ќесата.

- Донеси го.

Го пославме душекот и почнавме да дуваме. На едниот крај дува Дитта, на другиот крај дувам јас и во прекините за да приберам воздух, ми се чини дека го слушам гласот на Митанова: - Во рамките на амбасадата да си избереш соба за спиење и одмор. Тоа ќе ти биде резиденција... ха,ха!...

Во таа резиденција ја преспавме ноќта на гумениот душек. Сабајлето болат сите коски. Не е за мене таквата постела, ама тоа е тоа. Барем е топло иако дува од секаде. Прозорците го пропуштаат студенилото.

5 април 1995, среда

Утрото додека се бричев сочно го пцуев Живко и цел ден Митанова.

Во 9:00 часот отидов кај Малезанов. Го замолив неговата секретарка нотата да ми ја пречука на машина. Од таму во Дипломатскиот протокол кај Пожњак. Му ги дадов формуларите и нотата и се вратив во претставништвото. Се уште не сме амбасада. Таму ме чекаше Беата Ристовска, по татко Македонка, по мајка Полјачка, дипломиран професор по македонски јазик со завршен факултет во Скопје, со оценка чиста десетка. Замоли да биде вработена како секретарка. Побарав да поднесе молба и соодветни документи.

Прв ручек во „амбасадата“. Супа и печено пиле. По ручекот подготвив цел голем коверт со материјали, со цел да му ги пратам на В. Габер по Тумановски.

6 април 1995, четврток

Будење во 5:00 часот. Во 6:00 во хотелот „ВИКТОРИЈА“. Во холот веќе чекаа госпоѓа Мојсова и Тумановски. Со кола на Министерството за правда и во придружба на високи функционери од тоа Министерство, на аеродром. Стоев на излезот сè додека не полета авионот. Таков е обичајот во дипломатијата – да се остане на аеродром сè до полетувањето на авионот. Во 8:15 дојде техничар од електронската фирма кој ми го монтира телефаксот и ме подучи како да се служам. Сега не морам да трчам во пошта за да праќам телефакси. Апаратот го платив 600,00 американски долари. Го ставив на прозорскиот парапет покрај телефонот.

7 април 1995, петок

Јон Ивановски, сестрано образован, полиглот и подоцнежен амбасадор на Република Македонија во Франција, денес допатува во Варшава на состанокот на Централно-европската иницијатива и ми донесе аконтација на мојата плата во износ од 2 500 (две илјади и петстотини) американски долари. Договоривме видување во недела.

Хартијата за факсот ми заврши и отидов во центарот на градот каде купив две ролни. Во 18:00 дојдоа Аврамчеви, нашинци, за кои пишував погоре. Нè поканија на вечера во хотелот „Собјески“ („Sobieski“) од каде по лошо врнежливо време се вративме во 24:00 часот. На заминување нè прашаа

дали по повод Велигденските празници би прифатиле да им бидеме гости на 16 април. Прифативме. Во тој момент зазвони секретарката на факсот. Слушнав само една реченица: „Тато, Миленка на телефон“. Прекин. Гласот ѝ е толку тажен, што многу ме нажали.

Многу е голема празнината без децата...

8 април 1995, сабота

Во 17:00 дојде амбасадорот Кинецки со сопругата. Донесе мало радио и календар. Ги почестивме со вино, а при чашка вотка, долг, пријатен и многу корисен разговор. Многу поучни совети во врска со дипломатската работа, плод на неговото долгогодишно искуство како амбасадор во повеќе земји и последна амбасадорска мисија во Белград.

9 април 1995, недела

Во 11:00 часот дојдоа Јон Ивановски и Горан Стевчевски. Заедно ги разгледавме голите простории. Рекоа дека кога ќе бидат опремени, тогаш ќе заличат како вистинска амбасада. Разговорот околу нивното учество на конференцијата на ЦЕИ, состојбите во Македонија и хаосот во МНР. По саат време заминаа. На Јон му дадов коверт со молба да му го предаде на Габер.

Поради студеното време, надвор околу минус 5 степени, останавме „дома“. Во 20:00 по телефон разговаравме со Миленка. Рече дека им е мачно без нас.

И нам уште помачно без нив...

Во продолжение, го приложувам интегралниот текст на писмото до Габер:

Канцеларија за врски

на Република Македонија

Варшава

9 април 1995 година

Република Македонија

Министерство за надворешни работи

Потсекретар

г. Виктор Габер

Скопје

Заклучно со денешниот ден помина еден месец од мојот престој во Варшава. За досегашните активости редовно известував по факс и телефон. Тука сум примен многу срдечно и топло и досега не сум спречен во извршувањето на наложените задачи, како и правење протоколарни посети и контакти со полските министерства. Меѓутоа, нашето претставништво (за причините известував) е скоро анонимно, поради неприфаќањето од страна на полското МНР на поимот „канцеларија за врски“, бидејќи таков поим во нивниот дипломатски речник не е познат, а и воопшто не се вклопува во нивната дипломатска практика. Не само што во почетокот имав впечаток дека полското МНР е навредено, но сега веќе по еден месец престој, јас длабоко сум убеден во тоа, дека Полјаците нашата одлука за отворање „канцеларија за врски“ ја прифатија како навреда и понижување. Како што ми беше речено во полското МНР „во Полска никогаш никој не отворил дипломатска мисија со такво непостојно име“ и дека согласно разменетите ноти за признавање и за

воспоставување дипломатски односи, двете страни се договориле за отворање амбасади. Се чини дека независно од тоа што Полска кај нас нема свое ДКП, полската страна не сака ниско ниво на македонско претставништво, бидејќи со тоа и нивните напори за наша поддршка во земјата и надвор со самото тоа се намалуваат. Висок функционер во Министерството за правда ми рече дека „со тоа сами си го намалувате сопственото значење со што го намалувате и значењето на нашите напори за ваша поддршка“. Вакви и други мислења и оцени има повеќе и не би сакал да ги наведувам, бидејќи сакам да верувам дека наскоро ќе биде донесено најправилното решение во врска со ова прашање. И пак ќе подвлечам: нашата дипломатска мисија е анонимна. Кај надлежните министерства за прием и разговори се јавувам по телефон, наместо, како што тоа го налагаат дипломатските обичаи – со нота. Не пишувам нота, бидејќи немам ниту меморандум, ниту печат. Јас се уште не сум акредитиран, што значи немам се уште дипломатска легитимација. Значи според прописите сум обичен странец, со таа разлика што во полското МНР е депонирана нотата за моето пристигнување во Полска. Јас веќе поднесов барање за дипломатска легитимација согласно добиените инструкции. Барањето е прифатено. По обичај се чека ден-два, а јас чекам скоро десет дена. Наредната недела, а посебно по католичките Велигденски празници ме очекуваат повеќе контакти со разни министерства. Во оваа ситуација со статусот што го имам е малку веројатно дека Република Македонија ќе добие или ќе губи на своето значење и позиција. Не може и натаму да се биде анонимен: без дипломатски статус, без печат, без меморандум, без табла, без истакнато знаме. Во подобра положба се најобичните приватни странски трговски претставништва.

Изнесеното не значи дека намерата ми е да се жалам. Напротив: сакам да зајакне нашата позиција тука, сакам моите широки контакти, врски и познанства, а и симпатиите со кои полската страна се однесува кон нашата држава и

народ, а и кон мене, уште повеќе да јакнат. Ова треба да се искористи додека не биде доцна. Потоа јабана и стократно вложените напори!

Господине Секретаре,

Јас длабоко верувам дека ќе се заложите да се промени оваа ситуација и затоа толку отворено ги изнесувам и моите оценки. Би сакал да замолам уште и ова: за потребите на претставништвото да добијам два телефонски апарати или да ги купам тука, компјутер, радио, телевизор, претплата на „Нова Македонија“, редовно добивање пропаганден материјал за економските и политичките состојби во земјата, како и материјали од областа на туризмот. Неодложна потреба е што поскоро да се опремат службените простории со потребниот мебел, меѓутоа, со оглед на репрезентативниот лик на зградата и нејзината внатрешност, предлагам ентериерот да носи наш македонски дух, тоа го бараат и условите. Оттука молам што поскоро да допатува архитектот во Варшава. Исто така неодложна потреба е и службената кола. Ценам дека нема потреба да образложувам бидејќи Вие самиот во својата дипломатска практика знаете колку е потребно службено возило.

Би сакал во нашето министерство да се размисли и околу следново: сугерирам просториите во зградата целосно да бидат опремени, како службените, така и просториите за живеење на персоналот (барем дел од нив). На овој начин за подолго време би се решило прашањето за работа и за живеење, што значи дека идните службеници не би наишле на оние тешкотии на кои сум наишол јас. Вреди да се биде практичен и во тие рамки и штедлив во иднина. Ова ќе рече да се опремува претставништвото и со соодветен прибор за јадење, бидејќи во иднина неодложно тука ќе се организираат и вечери и ручеци како што тоа го прават сите ДКП-еа во светот.

Можеби многу напишав, меѓутоа, тоа се уште не е сè. Верувам дека во мај о.г. ќе имаме пријатна прилика да се видиме во Варшава и во еден од ќошевите на овие убави простории подолго да си поразговараме.

Дотогаш останувам со најдобри желби за крепко здравје.

Искрено Ваш,

П. Наковски (потпис).

Прилог: молба и биографија од госпоѓица Беата Ристовска, која се јави лично во претставништвото и изрази желба да работи како секретарка. (Моја сугестија и препорака е да ја примиме.) Колку за увид доставувам и каталози на полски канцелариски мебел и цени во злоти (1 УСД рамен на 2,32 нови злоти).

10 април 1995, понеделник

Во 10:00 часот во полското МНР – Конзуларно одделение, во врска со прашањето зошто на пет наши државјани не им е дозволен влез во Полска. Ми побараа податоци за осомничените лица. Попладнето од Скопје по факс ги добив бараните податоци и му ги предадов на шефот на Конзуларното одделение, кој ми вети дека внимателно ќе бидат разгледани причините.

11 април 1995, вторник

Во 13:00 часот му се јавив на Т.Чемерски во Министерството за стопанство во врска со прашањето на групата полски

новинари кои не добија акредитација. Побарав податоци. Ме извести дека ќе ми ги достави по факс.

По еден час ми се јавија од полското МНР и замолија да им доставам информација во врска со посетата на Република Македонија на Кинкел, министер за надворешни работи на Германија. Во врска со ова се јавив во македонското МНР и по факс ја добив бараната информација која ја доставив во полското МНР во 16:37 часот.

12 април 1995, среда

Јон Ивановски по телефон ми го издиктира составот на делегацијата на МНР на Република Македонија која ќе допатува во Краков на конференцијата на ЦЕИ што ќе се одржи од 21 до 22 април. Го замолив составот да ми го потврди по факс. По половина час стигна факсот. Состав на делегацијата: Стево Црвенковски, Наковски, Ивановски, Мисајловски (секогаш тој е таму каде од него нема никаква корист, тој беше присутен), Стевчевски и Трипкова, како техничка секретарка.

Се јавив во Дипломатскиот протокол и им го пренесов составот на делегацијата.

13 април 1995, четврток

Во 14:00 часот по мое барање, ме примија во Министерството за сообраќај и поморство. Соговорници – Качор и Шчербињски, директори на управи во Министерството. Им ги пренесов желбите на македонското министерство. Ветија дека ќе стапат во контакт и ќе ја договорат идната соработка. Наредната средба ја

договоривме да се одржи по католичките Велигденски празници.

Во 14:30 часот ме примија во Министерството за здравство. Целиот разговор околу соработката меѓу двете министерства. По средбата од македонското МНР со факс побарав содржината на разговорот да му биде пренесена на македонското Министерство за здравство со потсетување дека порано двете министерства се договарале за средба во Варшава.

Во 15:00 часот телефон од полското МНР. Бараат да се јавам поради важна работа. Со такси отидов во Министерството каде ми го врачија писмото од претседателот Лех Валенса како одговор на писмото од претседателот Киро Глигоров.

14 април 1995, петок

Цел ден ги средувам белешките од разговорите. Проверувам што сум испратил досега во Скопје. Со факс побарав да ме известат дали моите факсови во врска со извршените разговори се доставени до соодветните министерства. Нема одговор. Нема одговор и во врска со мојот статус, со статусот на претставништвото, нема одговор дали наши министерства и фирми ја прифаќаат понудената соработка, нема одговор за тоа дали и кога ќе ми бидат доставени печати. Молк. Подоцна дознав дека скоро сите наши претставништва се во надлежност на Ристо Блажевски, наречен Пирц и на Ѓорѓи Мисајловски, како помошник. Подоцна, по бомбардирањето на Србија од НАТО тукуречи секој ден ми се јавуваа по телефон (јас барав исклучиво да ми се јавуваат со факс) да стапам во контакт со мноштвото полски фирми кои нудеа и бараа соработка со македонски фирми, а тие сите барања ги ставаа во фиока. Се надеваа дека Македонија ќе се врати во старото јато, меѓутоа, во меѓувреме, се избришаа нивните

надежи дека во евентуално новата заедница тие ќе бидат во редот на врвните дипломати. Летна врапчето, господа Блажевски и Мисајловски. Нема враќање!

Надвор денес е топло, 12 степени, сончево и пријатно време.

15 април 1995, сабота

Во 7:15 му се јавив на Костурски, советник во МНР, скоро ставен на страна, без никакви обврски, но со врски и контакти со влијателни личности, пред се близок со претседателот Киро Глигоров. Му кажав во каква состојба се работите тука, во Варшава и дека од МНР на Република Македонија нема одговор за готовноста на полската страна за соработка со Македонија. Рече дека ме разбира и дека ќе оди на разговор кај Претседателот на Републиката.

Сабота е и Варшава се уште не е разбудена. Утринското сонце најавува топол ден. Камбаните на католичките цркви го најавуваат првиот ден на Велигден. Црквите се полнат со верници. Од другата страна на улицата, спроти зградата на македонското претставништво, голема, би рекол огромна католичка црква. Секој час во смени влегуваат и излегуваат верници.

Околу 10:00 часот пеш отидовме на прошетка во Виланув. Прекрасен парк. Палатата на кралот Јан Собјески, тој кој Турците ги столчил под Виена, затворена. Се вративме околу 16:00 часот. Стигна факс со податоци во врска со посетата на германскиот министер, Кинкел. Сега веќе не ми требаат. Од факсот што го добив на 13 април кој содржеше исечоци од „Нова Македонија“ и „Вечер“ изготвив опширна информација во врска со посетата на Кинкел и му ја доставив на полското МНР.

16 април 1995, недела

Во 10:00 дојде Аврамчев. Нѐ покани на гости по повод Велигденските празници. Заминавме за Жирардув. Убав, топол, пролетен ден. Аврамчеви нѐ пречекаа многу срдечно. На сите три жени, мајката и двете сестри, им врачив по три црвени трендафили, а на стариот Димитар и на зетовците по шише вино. Во Варшава се вративме во 18:30 часот.

Денес е втор ден од католичкиот Велигден. Според долгата, вековна традиција, верниците веќе од утринските часови до доцна попладне одат в црква. Со себе, посебно децата, носат кошнички во кои има убаво ишарани јајца, лепче, кашкавал, парчиња колбас. Свештеникот ги благословува и верниците оставајќи дел за душите, се враќаат дома.

17 април 1995, понеделник

Денес и јас сум „„дома'“, значи во претставништвото. Средувам белешки. Според традицијата Полјаците за шега и здравје се полеваат со вода. Никој не се лути. Денот се вика „Влажен понеделник“ („Lany poniedziałek“) и скоро сите тој ден се полеани со вода.

Попладнето на прошетка. Вечерта се јави Тања.

18 април 1995, вторник

Во 9:00 му се јавив на Пожњак во Дипломатскиот протокол и по краткиот вообичаен разговор, го прашав што е одлучено со дипломатските легитимации.

- Се уште немам одговор, ама знам дека во врска со тоа има доста жива дискусија. Штом добијам одговор ќе ве побарам.

- Ќе бидам стрплив – реков и се заблагодарив за информацијата.

Значи акредитацијата не е сигурна. Продолжуваме со анонимноста, но и со размислувањето дали не е подобро да се спакуваме и да се вратиме во Скопје, па што ќе биде, нека биде.

Во 10:00 во Министерството за финансии ме прими државниот секретар Михаљски. Во текот на триесет минутниот разговор го информирав за желбата и готовноста на македонското министерство за финансии да воспостави контакти и во тие рамки на експертско ниво да се поведат разговори за потпишување договор за соработка во кој би биле опфатени прашањата од областа на инвестициите, двојното оданочување и други договори од нивна надлежност, кои би придонеле за јакнење на заемната корисна соработка. Државниот секретар Михаљски истакна дека со задоволство полското Министерство за финансии е заинтересирано да воспостави контакти и соработка со македонското министерство и во таа смисла изрази готовност, истакнувајќи дека средба и разговори можат да почнат во втората половина на мај, а договори за соработка да се потпишат во јуни во Варшава на ниво на министри. Во продолжение истакна дека полското министерство, како урнеци, ќе ги стави на располагање сите потпишани договори со други земји и подвлече дека во врска со идната соработка, полскиот министер ќе очекува соодветно писмо од македонскиот министер.

Содржината на разговорот по факс ја испратив во Скопје.

Во 15:10 по телефон ми се јави советникот на министерот за финансии, господинот Бони Кажимјеж и предложи од 22 до 26 мај во Скопје да се одржи средба на експерти од двете министерства за финансии. И за ова веднаш по разговорот, по

факс го известив македонското МНР, со молба за повратна информација и предлози од Министерството за финансии на Република Македонија.

Одговор не добив.

Во меѓувреме ме повикаа во МНР на Полска и по краткиот вообичаен разговор ми дадоа копија од нотата на МНР на Република Македонија до МНР на Полска. Ми рекоа дека стигнала дури денес, 18 април.

Содржината на нотата гласи:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Министерство за надворешни работи

Број: 1104-1013/1

Министерството за надворешни работи на Република Македонија го изразува своето почитување на Министерството за надворешни работи на Република Полска и има чест да извести дека д-р Петре Наковски, министер-советник во Министерството за надворешни работи, ќе пристигне во Варшава за да ја отвори Канцеларијата за врски на Република Македонија во Варшава и да го организира отворањето на Амбасадата на Република Македонија во Варшава.

Д-р Петре Наковски е именуван за Шеф на Канцеларијата за врски на Република Македонија во Варшава.

Министерството за надворешни работи на Република Македонија љубезно го моли Министерството за надворешни работи на Република Полска да му помогне на д-р Петре Наковски во изведувањето на сите формалности во врска со сите овие активности.

Министерството за надворешни работи на Република Македонија ја користи и оваа прилика на Министерството за

надворешни работи на Република Полска да ги повтори изразите на своето највисоко почитување.

Скопје, 1 март 1995 година.

МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА ПОЛСКА

ВАРШАВА

(Копија во архивот на авторот)

Јас, под притисок и настојување на министерот Стево Црвенковски и потсекретарот Виктор Габер од Скопје заминав на 8 и на 9 март пристигнав во Варшава, а нотата со датум 1 март 1995 стигна во полското МНР на 18 април, тукуречи еден месец по моето пристигнување во Варшава. Оттука се наметнува прашањето: кој ја криел нотата и дури по еден месец од моето назначување за Шеф на Канцеларијата за врски, ја пратил во МНР на Полска?

Денес навршуваат 40 денови од престојот во Варшава. Ден со тажна симболика. Со изрази на жал на Канцеларијата за врски, како што е обичај, на таа кованица и даваме помен 40 дена за која правниците во македонското МНР имаа само едно правно објаснување: штом Американците отвораат канцеларии за врски, зошто и ние да не се влечкаме по нивниот пример?!

19 април 1995, среда

Се разбудив во пет часот утрото. Уште еднаш ја прочитав таа иста нота од 1 март 1995 година што на увид ми беше дадена додека бев во Скопје. Уште тогаш си реков дека со „канцеларија за врски“ нема да појде работата. Не помогнаа објаснувањата и советите што амбасадорот Вања Тошевски и

јас му ги предочувавме на министерот Стево Црвенковски, кој имаше само едно објаснување:

- Јас од тоа не се разбирам, одете кај Габер и неговите правници.

Работата со „канцеларија за врски“ во Варшава не појде. Ме грицкаше прашањето: од каде „правната служба“ во МНР најде правна основа? За мене не беше доволно тоа што ми кажаа правниците Виктор Габер и Верка Митановска:

- Штом можат Американците да имаат кај нас Канцеларија за врски, зошто ние да немаме во други земји.

Тоа ли е правно објаснување?

Тогаш им ја прочитав нотата од 1993 година во која е запишано дека двете земји ќе воспостават дипломатски односи на ниво на амбасади и во ранг на вонредни и ополномоштени амбасадори.

Се обидувам да си објаснам: зошто ветеното владино решение за воспоставување дипломатски односи и отворање Амбасада на Република Македонија во Варшава е повлечено или е премолчано? Каква е таа игра? Кој стои зад неа? Одлично се сеќавам: на 6 јули 1994 година на средбата на министрите за надворешни работи, Црвенковски и Олеховски во Варшава, на која учествував и јас, беше поставено и прашањето за отворање амбасади. Тогаш министерот Олеховски на министерот Стево Црвенковски му рече дека Полска е готова во Скопје да отвори амбасада, подвлекувајќи дека „тоа сега многу ни е потребно“, за што доби потврден одговор од страна на Црвенковски.

Во еден разговор го потсетив Ст. Црвенковски на ова негово ветување. Одговорот беше краток:

- Не се сеќавам – ми рече.

Дипломатските ноти ги ставив на страна и посегнав по книгата „Дипломатско и конзуларно право“ од Јулијан Сутор. Еве што прочитав на стр. 42 -43:

„Специјални органи квазидипломатски (квазидипломатија) и квази- конзуларни.

Практиката познава и случаи на поставување специјални органи, кои фактички ги извршуваат функциите на дипломатските мисии меѓу државите, имено политички претставништва. Тоа обично се практикува во ситуација на нецелосно регулирани прашања поврзани со завршената војна. Така на пример Австрија по завршувањето на Втората светска војна до 1955 година, значи до потпишувањето на Државниот договор, кој беше мировен договор, со разни земји разменуваше „политички претставништва“. (стр.42).

„Исто така во ситуација, кога државите заемно не се признати или кога тоа е само делумно, на пример, de facto, тие можат заради одржување контакти меѓу себе, да отворат постојани политички мисии, кои носат разни називи. Врз основа на специјален договор тие мисии користат одреден дел од привилегиите и имунитетите. Такви мисии функционираа до март 1979 година во односите меѓу Соединетите Американски Држави и Народна Република Кина. Тие имаа квази (quasi) дипломатски карактер и беа наречени канцеларии за врски. Таквите канцеларии престанаа со работа во март 1979 година откако беа воспоставени дипломатски односи меѓу двете држави, беа преименувани во амбасади. Од аналогичен статус сега користи специјалниот „Институт“ повикан од претседателот на САД, кој е ополномоштен да ги претставува интересите на САД во Тајван со кој САД престанаа да одржуваат официјални дипломатски односи по воспоставувањето односи со НР Кина во 1978 година.“(стр. 43)

Сега веќе ми е јасно од каде поимот и практиката „канцеларија за врски" и уште појасно ми е зошто моите

полски соговорници во полското МНР и Дипломатскиот проткол имаа намуртени лица и со неодобрување го прифатија нашиот став за отворање Канцеларија за врски во Варшава. Сега дури ми е јасен и малку потсмешливиот тон на еден висок функционер во полското МНР, кој тивко изусти: „Господи, прости им, не знаат што прават.“

Соединетите Американски Држави отворија канцеларија за врски во Скопје, бидејќи меѓу двете држави нема дипломатски односи. САД го користат своето дипломатско искуство кое во практиката добро функционира и дава резултати, а и двете страни се задоволни.

И веднаш, како гром, паѓа прашањето:

- Зошто Република Македонија која веќе има воспоставено дипломатски односи со Република Полска отвора Канцеларија за врски во Варшава? Дали од незнаење и непознавање или под влијание на американското дипломатско искуство кое во нашиот случај не одговара на договорените ставови? Повеќе сум склон да ценам дека ова е само потчинетост отколку незнаење, што сега негативно се одразува на положбата на „Канцеларијата за врски“, која, исклучиво, може да се нарече – АНОНИМНОСТ!

Од практични потреби, само во услови на немање дипломатски односи, се наметнува отворањето „канцеларии за врски“, „институти“, „политички претставништва“. Ваквото сознание го изнесував пред надлежните во МНР, меѓутоа на правната служба, потсекретарот и некои други кои „многу знаат“ (од тој круг нека го исклучат кутриот Стево Црвенковски, кој по образование, професија и работен стаж нема врска со дипломатија) нека им објасни некој што е тоа „канцеларија за врски“ и зошто во услови кога меѓу двете земји веќе се воспоставени дипломатски односи, Република Македонија во Варшава отвора „канцеларија за врски“ со што само се понижува и ја навредува другата страна.

Почнувајќи од денес во сите факсови и извештаи што ќе ги праќам до МНР на Република Македонија насловот „канцеларија за врски“ ќе го ставам во наводници.

Секогаш е корисно да се прочита и нешто друго, а не само задолжителната лектира во која го нема поимот „канцеларија за врски“. Таа кованица е позајмена и воопшто не одговара на македонските потреби. Но некој на тоа подлегна.

Во 9:30 по телефон ми се јави секретарката во МНР и рече дека Ст. Црвенковски замина за Њујорк и дека на конференцијата на ЦЕИ ќе го замени потсекретарот Димитар Белчев. Побарав информацијата да ја потврди по факс. Во текот на денот стигна факс за новиот состав на делегацијата.

Се враќам на книгата од Јулијан Сутор и на страница 44 читам:

„Кога станува збор за таканаречената квазидипломатија, таа наоѓа примена во посебни ситуации, кога во практиката извесни државни функции во странство вршат одредени институции надвор од кругот на дипломатијата и конзуларната служба, користејќи од оваа позиција привилегиран статус. Официјално не ја претставуваат државата и немаат дипломатски карактер и покрај тоа што извршуваат некои официјални функции со премолчана согласност на државата на приемот. Такви во одредени околности можат да вршат меѓу другото трговските комори, туристичките и информативните агенции и сл. Таквата форма на квазидипломатија ја користеа меѓу другите Хрватска, Словенија и Македонија пред и по првиот период од признавањето на нивната независност во 1991 година од повеќе држави, но пред официјалното воспоставување дипломатски односи“.

20 април 1995, четврток

Стигна факс. Јавуваат дека е формиран комитет за прослава на 50-тата годишнина од завршувањето на Втората светска војна. Свечената академија ќе се одржи на 5 мај во Скопје. Бараат двајца претставници од Полска. Се јавив во полското МНР. Од надлежните нема никој. Ќе се јавам во понеделник, 24 април.

Се јави Стојче Јакимовски од македонското Министерство за финансии. Прифаќаат средба и разговори на ниво на експерти. Дополнително ќе се јават со факс.

Денес Велики Четврток. По православниот обичај Дитта пред изгревот на сонцето ги вапсува јајцата.

Во текот на денот изготвив потсетник за потсекретарот Димитар Белчев за да му послужи во разговорите со полскиот министер за надворешни работи, Владислав Бартошевски за време на конференцијата на ЦЕИ што ќе се одржи во Краков.

Попладнето со Дитта отидовме на прошетка. Шетавме долж каналот каде шетаат и Полјаци. Повеќе кучиња, отколку луѓе. Неверојатна приврзаност кон кучињата од сите раси, меѓу нив се врткаат и гладните улични џукели. За нив секогаш носиме леб.

21 април 1995, петок

Во 10:10 полетав за Катовице. Денот е мирен, топол и сончев. Во авионот постојано ме придружува и загрижува нерешениот статус на македонското претставништво. Сигурен сам дека до нова одлука полската страна премолчано ќе се однесува. Меѓутоа дали внатрешните поделби и политичките вриежи и превирања нема да натераат

некого да заземе подруг, поригорозен став во однос на Република Македонија?

Се повеќе ме загрижува и вознемирува неприфаќањето од страна на полските надлежни дипломатски служби на статусот на македонското претставништво – канцеларија за врски, наместо амбасада, став договорен во Скопје 1993 година. Загрижен сум за тоа што дури и нивниот премолчан однос може да има крај со можни негативни и далекусежни последици. Тоа скоро секој ден се одразува во сите контакти со полското МНР и Дипломатскиот протокол.

На аеродромот во Катовице авионот слета во 11:00. Ме пречекаа лица од Дипломатскиот протокол, офицерот за врски со македонската делегација и воеводата (градоначалникот) на Катовице. Во 14:35 слета малото авионче со кое пристигна македонската делегација на чело со потсекретарот Димитар Белчев. По кратката пауза со коли поаѓаме за Краков, каде аеродромот е затворен поради вршење одредени технички работи. Во колата сме само ние – Димитар Белчев и јас. Ја користам приликата, во текот на целото патување, да го запознаам со проблемите и тешкотиите со кои наидов. Се согласи дека со таа Канцеларија за врски сме направиле голема грешка и дека треба што поскоро да се најде друго решение. Му го дадов мојот текст во врска со некои мои размислувања околу Канцеларијата за врски.

Во Краков стигнавме пред зајдисонце. Набрзина се сместивме во хотелските соби во хотелот „ФОРУМ“ („Forum“) и слеговме во конференциската сала. Состанокот на министрите за наворешни работи на државите членки на ЦЕИ и придружните земји веќе беше во тек. Претседаваше полскиот министер за надворешни работи, Владислав Бартошевски, високо ценет дипломат, кој во претходниот режим честопати бил апсен и затворан.

Во 19:30 со автобус заминавме од хотелот и според програмата го посетуваме стариот дел на Краков. Во 20:00 во најстариот краковски ресторан „Вјежинек“ („Wierzynek“) официјален ручек за министрите за надворешни работи, амбасадорите и шефовите и делегациите. Јон Ивановски од петни жили вложува напори кај Дипломатскиот протокол да обезбеди место и за, како што им велеше, за македонскиот амбасадор, значи за шефот на Канцеларијата за врски. Се врати испотен и нервозен. Ми пријде и ми рече:

- Ништо...

- Па се разбира, Јон, дека ништо. Смири се. За мене таму се уште нема место. Јас ќе седнам таму каде со поканата ми е одредено местото.

Вреди да спомнам дека откако во рецепцијата ја пополнив пријавата, ми пријде амбасадорот Хмјелевски со кого срдечно се поздравивме прегрнувајќи се и потоа ми рече:

- Поканата во врска со академијата во Скопје, која е планирана за 5 мај, пред малку ми ја пренесе секретарката. Мораме да најдеме време да поразговараме во врска со тоа.

Се согласив и, ете, токму сега во ресторанот, во приземјето, седиме еден до друг со амбасадорот Хмјелевски. Тука за мене е покорисно, бидејќи имам за што и со кого да разговарам.

Амбасадорот ми кажува дека поканата за учество на двајца Полјаци на свеченостите што ќе се одржат во Скопје по повод 50-тата годишнина од завршувањето на Втората светска војна доцна е доставена и дека Полска преку МНР секаде испраќа свои претставници. Добро е што Македонија, нè покани, ама би требало да испрати нота до полското МНР и истовремено и покана, дури по исполнувањето на тој услов, би постапиле како што е потребно.

- Во врска со оваа забелешка (би рекол со незнаењето во македонското МНР) ќе го известам македонското МНР, ама дури во вторник, на 25 април, бидејќи кај нас пред тоа не се работи поради Велигденските празници.

- Доцна е – рече. – А во врска со настојувањата на вашиот колега да бидете на ручекот во друштво на министрите и амбасадорите, не е возможно, бидејќи според Дипломатскиот протокол вашата Канцеларија за врски нема ранг на дипломатско претставништво.

На ова не реагирав и преминавме на други теми, имено:

- Политичките консултации да се одржат околу 15 мај.

- Полското министерство за одбрана е расположено да разговара со македонското. Во врска со ова ми сугерира со посредување на полското МНР да му се јавам на шефот на полскиот генералштаб, генералот Тадеуш Вилецки. Цени дека е можна средба на двајцата шефови: Вилецки-Боцинов. Натаму сугерира претседателот на Собранието на Република Македонија, Стојан Андов, да испрати официјална покана до претседателот на полскиот Сејм, Зих, кој според неговите сознанија е готов да ја прифати поканата и дека една таква средба ќе биде многу корисна за двете земји.

По ручекот, околу 22:00 часот ми пријде Јон Ивановски и ми рече:

- За жал ништо не можев да сторам...

- Јабана маката, Јон. Проблемот е во нешто друго и се наоѓа во Скопје.

- Знам. Ми рекоа дека за Македонија можеш да бидеш сè што сакаш, но во случајот, бидејќи не си акредитиран, за нив, значи Дипломатскиот протокол, си само член на македонската делегација.

- Ова да им го кажеш на „умните“ во Скопје. Зарем си очекувал некој друг одговор? Каков друг одговор си очекувал, освен овој што ти го кажаа? – прашав и не барав одговор. Видов дека е многу збунет. – Не се грижи, Јон – го удрив по рамото – Ќе дојде времето на умните и на разумните луѓе...

Во хотелот се вративме околу 22:30. Во апартманот на потсекретарот Димитар Белчев уште еднаш го „растресуваме“ прашањето на Канцеларијата за врски. Заклучок: направена е непромислена постапка.

Легнав во 00:00 часот. Се разбудив во 2:30 и повеќе не заспав. Размислувам за сè и околу случајот „канцеларија за врски' и сè повеќе се убедувам дека морам да им напишам на претседателот Киро Глигоров и на министерот Стево Црвенковски.

22 април 1995, сабота

Денот почнува точно според програмата: 8:30 појадок; 9:30 почнува состанокот на министрите за надворешни работи на земјите членки на ЦЕИ.

Во 12:20 ми пријде амбасадорот Хмјелевски. Отидовме понатаму од масата. Ми рече:

- На 3 мај, националниот празник на Полска, претседателот Лех Валенса приредува коктел за Дипломатскиот кор. Сакаме да ве поканиме и вас господине, ама дотогаш вашиот министер за надворешни работи треба да испрати писмо до нашиот министер со кое ве назначува за вршител на работите.

Со сосема мирен тон му се заблагодарив и го замолив истото да му го каже на потсекретарот Димитар Белчев, кој тука го претставува министерот Стево Црвенковски.

Се согласи. Седнав на своето место. По две-три минути дојде Димитар Белчев. Му го пренесов разговорот со амбасадорот Хмјелевски.

По конференцијата за печат (12:40) се сретнавме:Хмјелевски, Белчев, Мисајловски и јас. Хмјелевски го изнесе истото што ми го кажа мене и со чудење праша:

- Зошто толку ниско го спуштивте нивото на вашето дипломатско претставништво? Па ние имаме воспоставено дипломатски односи и не ви треба вам, мислам на Македонија, квазидипломатија.

Белчев:

- Ние го направивме првиот чекор, обезбедивме простории, сега ќе ги опремиме, а за писмото до вашиот министер, ви ветувам дека ќе го добиете.

А Мисајловски на ова:

- Можеме и ние да го напишеме. Ете јас би го составил.

Белчев: - Ти да не се мешаш таму, каде не си потребен!

Во 13:15 поаѓаме во посета на кралската палата.

Во 13:35 ми пријде Пјекарски, директор на Дипломатскиот протокол и ми рече:

- Господине Наковски, за време на ручекот господинот Белчев ќе седи од левата страна на министерот Бартошевски.

- Благодарам господине директоре – му реков - овој гест високо го ценам и веднаш ќе му пренесам на господинот Белчев.

А Белчев, кога му ја пренесов веста, вчудовидено рашири очи и рече:

- Ова е неочекувано и многу, многу значајно. Ова е знак на посебен третман на нашата држава.

Му реков:

- Искористи ја приликата и води сметка што ќе му кажеш во врска со дипломатско-конзуларното претставништво. Гестот има значење, ама не е случаен.

За време на ручекот (разговорот се водеше на германски јазик) министерот Бартошевски и потсекретарот Белчев го покренаа и прашањето на нашето претставништво. Скришум ги погледнувам, а и тие мене. Во еден миг, директорот Пјекарски подаде глава зад грбот на претставникот на Европската банка и со тон на молење, ме праша:

- Господине Наковски, кога ќе го добиеме писмото од вашиот министер за надворешни работи во врска со Амбасадата на Македонија во Варшава?

Се насмевнав и реков:

- Наскоро, господине директоре и само, ве молам, имајте малку трпение, а дотогаш јас ве молам да се видиме на вечера или ручек. Има и други теми за разговор во врска со односите меѓу двете држави. Не мора да се разговара само за прашањето на Амбасадата, нели?

Прифати, ама после десетти мај. Ручекот заврши. Разговорот меѓу министерот Бартошевски и потсекретарот Белчев продолжи. Јас се извинив велејќи дека морам да заминам за Варшава. Се збогувам. Министерот Бартошевски силно ми ја стегна раката, велејќи – ние ќе се видиме во Варшава. Му се заблагодарив за добрите и надежни зборови во врска со односите меѓу двете земји и ја напуштив салата.

Набрзина ги прибрав моите работи од хотелската соба и со службената кола на полското МНР право на железничката станица во Краков. Во 18:50 стигнав во Варшава. На масата факс од Министерството за финансии. Прифатен предлогот за средба и разговори на експертско ниво.

Добро е. Тоа го очекував.

23 април 1995, недела

ВЕЛИГДЕН

Да имавме маса, свечено, Велигденски и по сите старовремски православни адети ќе ја наместевме така, како што ја местеа нашите мајки во нашето место. Молчаливо и тажно наздравуваме, кршиме црвени велигденски јајца и очите ни се полни солзи. Првпат Големиот празник го дочекуваме и славиме без нашите деца. Тажно и болка во душите...

Денот го искористивме за подолга прошетка во паркот во Виланув. Во 18:00 и се јавив на Миленка. Сите се заедно. Си разменивме честитки и добри желби. Тагата се обидовме да ја оставиме во долгата прошетка. Се вративме во 19:30. Одлучив со писмо да им се обратам на претседателот Киро Глигоров и на министерот Стево Црвенковски. Ги запишав првите размислувања. Писмата ќе ги напишам утре.

24 април 1995, понеделник

За конференцијата на ЦЕИ во Краков до МНР на Македонија испратив детален извештај. По телефон се јавив во фирмата „Полски канцелариски мебел“ (“Polskie meble biurowe“).

Договоривме утре, 25 април во 9:00 да дојде нејзин архитект за ентериери и да предложи цена, а потоа да направиме скица на долниот кат и негово опремување.

Заклучно со денешниот ден ги реализирав сите планирани протоколарни средби во полските министерства, соодветните државни уреди и ред приватни фирми. Задоволен сум од разговорите, готовноста и ветувањата на полските соговорници за соработка со Македонија.

Вечерта ги напишав писмата до претседателот Киро Глигоров и министерот Стево Црвенковски и во 22:56 часот ги испратив по факс.

Во продолжение ги приложувам двете писма.

До

Неговата Екселенција

Киро Глигоров

Претседател

на Република Македонија

Скопје

Господине Претседател,

Чест ми е да Ве известам дека иако нецелосно, македонското дипломатско претставништво во Варшава, веќе два месеци работи во досега доста усложнети услови. Претставништвото е сместено во свои простории, кои според моето мислење, за наредните десетина години можат да ги подмират потребите на Република Македонија. Остануваат да се направат уште многу работи, пред сѐ од техничка природа, меѓутоа, тоа ќе биде прашање на време и на финансиски можности.

Самиот чин на веста, дека во Варшава се отвора наше дипломатско претставништво, израдува многу наши полски пријатели, наши искрени лобисти, како и македонската колонија која живее во Полска. Честите телефонски јавувања тоа скоро секој ден го потврдуваат. За жал, само еден Македонец изрази големо сомневање за потребата од отворање наше претставништво во Варшава. Нека му е и такви ги има.

Господине Претседателе,

Од порано ја чувствував потребата да Ви се јавам со писмо. Ако тоа не го направив, тогаш само поради надежта дека тешкотиите што се појавија наскоро ќе бидат отстранети. Меѓутоа, тие се од подлабока природа. Во моите телеграми редовно известував, но сметам дека некои треба да ги изнесам во писмово.

Полското Министерство за надворешни работи уште на самиот почеток изрази незадоволство поради нискиот ранг на македонското дипломатско претставништво. Полјаците не очекувале дека Република Македонија ќе отвори „канцеларија за врски“, поим кој според полската дипломатска теорија и практика, скоро ништо не значи. И не можат да најдат правна основа за да го акредитираат шефот на „Канцеларијата за врски“. Ова го сметаат за квазидипломатија во услови кога двете држави имаат воспоставено целосни дипломатски односи.

Прелистав доста од предметната литература и дозволете ми, да цитирам неколку фрагменти од книгата „Дипломатско и конзуларно право“ од д-р Јулијан Сутор, која во полското МНР е основен учебник.

- **„Практиката познава случаи на поставување специјални органи кои фактички ги извршуваат функциите на дипломатските мисии меѓу државите,**

именo политички претставништва. Тоа обично се практикува во ситуација на нецелосно регулирани прашања поврзани со завршената II светска војна. Така на пример, Австрија по завршувањето на II светска војна до 1955 година, значи до потпишувањето на Државниот договор, кој беше мировен договор, со разни земји разменуваше „политички претставници, политички претставништва“. (стр.43)

- **Исто така во ситуација кога државите заемно не се признати или кога тоа е само делумно, на пример de facto, тие можат, заради одржување контакти меѓу себе да отвораат постојани политички мисии, кои носат разни имиња. Врз основа на специјален договор тие мисии користат одреден дел од привилегиите и имунитетите. Такви мисии функционираа до март 1979 год. во односите меѓу САД и Кина. Тие имаа квазидипломатски карактер и беа наречени <u>канцеларии за врски</u>. (под.П.Н.) Користеа од дипломатските привилегии и имунитети. Таквите канцеларии престанаа со работа откако беа воспоставени дипломатски односи меѓу двете држави. Од аналогичен статус сега користи специјалниот „Институт“ повикан од претседателот на САД кој е ополномоштен да ги претставува интересите на САД во Тајван со кој САД престанаа да одржуваат официјални дипломатски односи“. (стр.43)**

- **„Кога станува збор за таканаречената квазидипломатија, таа наоѓа примена во посебни ситуации (...). Официјално не ја претставува државата и нема дипломатски карактер и покрај тоа што извршува некои официјални функции со премолчана согласност на државата на приемот. Такви функции во одредени околности можат да вршат меѓу другото стопански комори, туристички бироа, информативни агенции и сл. Од таквата форма на квази- дипломатија меѓу другите користеа Хрватска, Словенија и Македонија пред и по периодот од признавањето на нивната независност во 1991 год. од повеќе држави, но пред официјалното воспоставување дипломатски односи“. (стр.44).**

Толку од полската дипломатска теорија и практика, која многу се одрази врз нашето претставништво. Имено, ете, скоро два месеци јас не сум акредиран, немам дипломатска легитимација и практично сум странец. Полското Министерство за надворешни работи ми излегува во пресрет при правење протоколарни посети на други министерства, меѓутоа, сево ова го прави премолчано и се поставува прашањето: до кога? Според полските прописи престојот во Полска, во ваква ситуација и со статус неодреден во дипломатијата, јас кон крајот на третиот месец од престојот во Варшава практично треба да се јавам во Уредот за странци и да добијам статус на странец.

„Канцеларијата за врски’’ на Република Македонија во Варшава практично е анонимна. Имам низа примери да изнесам, но ќе се задржам само на еден: на 22 април о.г. во текот на Конференцијата на

министрите на земјите членки на ЦЕИ, ме повика на страна амбасадорот Хмјелевски и ми рече: - „На 3 мај (национален празник на Полска) претседателот Лех Валенса ќе приреди коктел за Дипломаскиот кор. Ние сакаме да ве поканиме, сакаме Македонија да биде присутна, дотолку повеќе што свечено ќе биде најавувано влегувањето на секој дипломат по име и презиме, функција и држава. Тоа за Македонија, мислам, дека нешто значи. Меѓутоа, за да можеме тоа да го направиме, ќе мора вашиот министер да напише писмо до нашиот министер со кое ќе извести дека ве поставува за вршител на работите и на тој начин ќе бидете акредитиран кај министерот. Такви се правилата во дипломатијата...“ Му се заблагодарив и го замолив истото да му го пренесе на потсекретарот Димитар Белчев.

Господине Претседателе,

Знам дека сево ова што Ви го пишувам е непријатно, меѓутоа, јас не би застанал на висината на доверената задача ако за вакви битни проблеми не би известил. Се работи за државното и националното достоинство, за честа и гордоста на Република Македонија, а не за мене.

Најверојатно од непознавање и од некаква восхитеност, ете, една велесила како САД, отвора во Скопје Канцеларија за врски, па тогаш зошто да не го правиме тоа и ние? Да, ама САД отвориј Канцеларија за врски во услови кога немаат дипломатски односи со Република Македонија. Ние отвораме во Варшава Канцеларија за врски во услови на целосно воспоставени дипломатски односи меѓу двете држави. Лично за себе не барам ништо, но за Македонија – барам сè! Барам да се промени статусот за да не се осмешува името на Република Македонија. Нашата држава има во Варшава свое претставништво, меѓутоа, тоа е анонимно, не е акредитирано и нема право на дипломатски привилегии

и имунитет. Но над сè е најважно – нашето име, нашето достоинство и чест – државно и национално!

Наближува 3 мај, националниот празник на Република Полска. Дипломатско претставништво, според дипломатските принципи и обичаи, кое нема да го истакне своето национално (државно) знаме – земјата домаќин тоа го прифаќа како навреда. Јас, бидејќи не сум акредитиран, доколку го истакнам нашето знаме, тогаш можам да бидам подложен на казна поради истакнување знаме на туѓа држава. Такви се полските прописи. Ако не го истакнам, пак тоа може да биде прифатено како навреда.

Господине Претседателе,

Молам, искористете го Вашиот авторитет и направете сè што е во Ваша моќ, овој статус на анонимност што поскоро да се промени. Повикајте го потсекретарот Димитар Белчев и тој ќе Ви раскаже што се му било речено од високи функционери на полското МНР и лично од Владислав Бартошевски, министер за надворешни работи на Република Полска. Немојте, Ве молам, да дозволите да се осмешува и валка името на Македонија. Јас длабоко и искрено верувам во Вас и само заради Вашето верување дека јас добро ќе ја извршам и оваа должност, јас си ја земам слободата да Ви напишам отворено и чесно.

Ве молам, Господине Претседател, примете ги моите искрени изрази на длабоко и највисоко почитување.

Искрено Ваш,

Варшава 24 април 1995 год.

д-р Петре Наковски (с.р)

Во исто време на министерот за надворешни работи на Република Македонија му испратив факс со следнава содржина:

Лично на рака за Министерот

Стево Црвенковски

Господине Министре,

Убеден сум дека потсекретарот Димитар Белчев Ви ги пренесе пораките и поздравите од г. Владислав Бартошевски, министер за надворешни работи на Република Полска, како и од амбасадорот Хмјелевски, а исто така неговите впечатоци од разговорот со мене во врска со актуелниот статус на нашето претставништво. Од моја страна би сакал да дополнам:

- **Како што известував и со моите телеграми, во неколку наврати, полското МНР премолчано го прифати отворањето на Канцеларија за врски и досега, ете, скоро два месеци, се уште не сум акредитиран, бидејќи не можат да најдат правна основа да акредитираат шеф на претставништво (канцеларија за врски) кое во услови на целосно воспоставени дипломатски односи меѓу двете држави, го намалува рангот, е спротивно на разменетите ноти за воспоставување дипломатски односи и претставува квазидипломатија.**

- **Канцеларии за врски отвораат само земји кои немаат воспоставно дипломатски односи.**

- **Нашето претставништво веќе располага со одлични простории кои можат во наредните десетина години да ги задоволат потребите на Република Македонија – останува што поскоро да се опремат со потребната техника и мебел за да може нормално да функционира.**

- **Доколку и наредниот месец не се промени статусот, во тој случај јас по три месеци престој, согласно тукашните прописи, ќе морам да се пријавам во Уредот за странци и да добијам статус на странец.**

- **Поради тоа што не сум акредитиран, се уште не можам да отворам жиро-сметка и се уште не можам да добијам дипломатска легитимација.**

- **Нашето претставништво опстојува во ситуација на анонимност, полската страна го прифати, но до кога?**

- **Направете сè што е потребно за да се промени статусот на претставништвото.**

- **Како да постапам на 3 мај, националниот празник на Полска? Ако го истакнам македонското знаме, можат надлежните органи да ме казнат поради истакнување знаме на држава чие претставништво се уште не е акредитирано, ако пак не го истакнам, домаќините можат да се почувствуваат навредени.**

- **Не е без значење што амбасадорот Хмјелевски како и министерот**

Бартошевски сакаат македонскиот претставник да биде поканет на коктелот што ќе го организира претседателот Лех Валенса за Дипломатскиот кор по повод 3 мај, националниот празник на Полска, но под услов Вие, господине Министре, да му напишете писмо на полскиот министер Бартошевски дека тој и тој се упатува во Варшава да го подготви отворањето на Амбасадата на Република Македонија во Варшава во својство на вршител на работите. Доколку нема да има писмо до Бартошевски, тогаш нема да има акредитација. Такви се правилата. Дипломатскиот претставник во понизок ранг од амбасадор се акредитира кај министерот за надворешни работи и токму затоа треба да му напишете писмо.

Се надевам дека ќе имате целосно разбирање и нема да дозволите натаму да се осмешува Македонија во оваа земја. За мене не барам ништо што е надвор од правилата. Нотата број 1104-1013/1 од 1 март 1995 год. тука е оценета како тотално непознавање на дипломатските правила и обичаи. Треба да се води сметка и затоа што и како се пишува. Тоа што САД кај нас имаат отворено Канцеларија за врски произлегува од фактот што меѓу САД и Република Македонија нема дипломатски односи и тоа во дипломатијата е дозволено, меѓутоа, кога меѓу Република Македонија и Република Полска се воспоставени целосни дипломатски односи, тоа има свои последици и многу негативности кои доколку што поскоро не се исправи грешката, можат да се одразат во одосите меѓу двете земји.

Сакам да Ве известам дека со проблемите со кои се судрувам го запознав и Претседателот на Република Македонија, г. Киро Глигоров.

Останувам со изрази на највисоко почитување и со надеж дека под итно ќе се заложите за промена на статусот на нашето претставништво во Варшава.

Варшава 24 април 1995 год.

д-р Петре Наковски (с.р)

25 април 1995, вторник

Заклучно со денешниот ден ги завршив сите планирани протоколарни средби и разговори во полските министерства и други државни уреди.

26 април 1995, среда

Многу немирна ноќ. Постојано се будам. Мора ли ме измачува? И постојано истите прашања - зошто ли толку недостаток на разбирање, зошто ли таков, просто, магарешки инает? Несфатливо, но вистинито. Кога ми раскажуваа колегите кои пред мене заминале, на какви се тешкотии наидувале, ми беше несфатливо. Сега јас го доживувам истото и мислам многу потешко. Ајде, си велам, барем тешкотиите да доаѓаат само од земјата на приемот, јасно е дека тука имаш со што и како да се справуваш, да се снајдеш, да покажеш знаење, вештина. Ами како да излезеш на крај со своите? И други кои се надлежни да одржуваат врска со

шефовите на дипломатските претставништва. Многу телеграми и факсови најчесто остануваат без одговор. Ретко кој одговара на прашања, со месеци во нивните фиоки или папки лежат телеграми и факсови кои треба дури и под итно да се најдат кај надлежните министерства и други државни служби. Оди и најди начин да се оправдаш кај соодветните министерства на земјата на приемот зошто се уште нема одговор од договорната страна. Потсекретарот Димитар Белчев на пат од Катовице до Краков ми раскажуваше како неговата фирма ги праќаше своите луѓе за шефови на трговските претставништва во странство.

- Се додека – вели - станот и просториите на претставништвото не биле опремени, никогаш одредените лица не заминувале. Понекогаш се одело дури и на проверка.

За жал сега таква грижа не постои, со исклучок за одредени личности. Во МНР веќе е вкоренет обичајот (донесен од Белград) секој, кој доаѓа од надвор со себе го носи куферот полн со цигари и скапи пијалоци и парфеми, кои завршуваат во фиоките на најодговорните или кај тие кои одлучуваат кој ќе оди надвор. Така си обезбедуваат наклонетост. Македонската дипломатија е на крив пат. Настрана, речиси заборавени, се познатите искусни македонски дипломати чии знаења и искуство никој не сака да ги искористи. Ако не си член на владеачката партија или не потекнуваш од редовите или однинските врски на поранешните владетели, немој да мислиш, дека некогаш ќе одиш на работа во некое дипломатско претставништво. Ретки се тие, кои со своето знаење и способност ја имаат таа можност.

Во 9:15 се јавив во МНР. Секретарката ми рече дека кај неа на маса го има писмото што му го пратив на министерот, кој се уште не е дојден. Го побарав потсекретарот Белчев. И него го нема. Оставив порака да ми се јави.

Во 12:00 се јави Владо Симеонов и извести дека цените на вината ги прати по факс. Потоа ми се јави Белчев. Ми рече

дека прашањата за кои зборувавме на патот од Катовице до Краков му ги изнесе на Министерот и во врска со тоа изготвил соодветна службена белешка.

И... најочекуваната вест: прашањето за промена на статусот на претставништвото помина на седницата на Владата. Донесена е одлука за отворање Амбасада на Република Македонија во Варшава. Ми олесна. Камен ми падна од врат. Сега, си реков, уште полесно ќе тргне работата. Некој поинаку одлучи и така би! Добрата вест, иако неофицијално, седејќи на пластичните туристички столчиња, ја прославивме заедно со амбасадорот Кинецки и неговата сопруга кои дојдоа во 19:45 и останаа до 22:00. Шишето „Т' га за југ" остана празно на пластичната масичка. Оваа вечер уште повеќе нè зближи.

Што ќе донесе утрешниот ден?

Со ова прашање отидовме на мирно спиење.

27 април 1995, четврток

Од контактот во МНР неофицијално дознав дека нотата до полското МНР е готова. Чека министерот Стево Црвенковски да ја потпише. Во 10:30 се уште не бил дојден.

Во 10:45 по факс стигна поканата за Сојузот на борците на Полска со молба да испратат во Скопје делегација за да учествува на свеченостите по повод 50-тата годишнина од победата над фашизмот. Отидов во седиштето на Сојузот на полските борци. Се заблагодарија и ветија дека ќе вложат напори да испратат делегација.

Во 14:00 се јавив во МНР на Република Македонија. Секретарката ми рече дека нотата ја има на маса и дека не очекува Министерот денес да дојде во Министерството. Во

врска со таблата со името на државата во 15:30 во МНР го побарав Христе Котевски, шеф на протоколот. Прво ми честиташе за именувањето вршител на работите на Амбасадата на Република Македонија во Варшава, потоа ми рече дека се изготвени сите потребни документи, како и нотата и писмото и само се чека нивно потпишување. Утре, рече, сигурно ќе бидат испратени. За таблата со натпис „Амбасада на Република Македонија“ на македонски и на полски јазик што треба да биде поставена на челниот ѕид ќе ми јават подоцна. Во 15:45 му се јавив на амбасадорот Хмјелевски и му реков:

- Господине амбасадоре, се надевам дека ќе ве израдува веста што сакам неофицијално да ви ја пренесам. Имено, неофицијално сум известен, дека Владата на Република Македонија донесе одлука за отворање амбасада на Република Македонија во Варшава и дека сум именуван за вршител на работите.

- Господине, ова е најдобрата вест што сум ја слушнал во последно време. Честитам. А нотата и писмото кога?

-Утре.

- Се радувам за добрата вест, а за да нема некое задоцнување, најдобро е нотата и писмото да ги испратат до Пјекарски, директорот на Дипломатскиот протокол, кој службено ќе ги прати до нашиот министер за надворешни работи и до Министерството. Верувам дека во меѓувреме ќе стигне да ја изготви поканата за коктелот кај претседателот Лех Валенса по повод националниот празник 3 мај.

Се договоривме да се видиме по празникот.

28 април 1995, петок

Во 10:00 се јави потполковникот Дилон од Уредот за прашањата на борците и извести дека поради задоцнетото добивање на поканата и веќе потрошените финансиски средства за праќање делегации во други земји, не се во можност да испратат делегација во Скопје на одбележувањето на 50 годишнината од победата над фашизмот. Изрази жалење и извинување.

Во 10:15 ми се јавија од МНР на Република Македонија и ме известија дека Министерот ја потпишал изготвената нота до полското МНР, меѓутоа, ќе задоцнат да ја испратат бидејќи е најдена грешка во текстот и чекаат да се изврши поправка, па потоа ќе ја пратат.

Во 13:20 ми се јави секретарката на министерот Стево Црвенковски.

- Петре – рече – таа со сите беше на „ТИ“ – Готово е, пред пет минути Министерот ги потпиша писмото и нотата до полскиот министер и веднаш ќе бидат испратени.

Длабоко воздивнав, почувствував олеснување небаре голем и тежок камен ми падна од вратот. Се заблагодарив и се јавив во службата за информирање на МНР/РМ. Потврдија дека писмото е испратено. Замолив да ми пратат копија, која ја примив по половина час.

Писмото е напишано на англиски и во превод на македонски јазик гласи:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОННИЈА

Министерство за надворешни работи

Почитуван Господине Бартошевски,

Имам посебна чест да Ви соопштам дека Владата на Република Македонија донесе Одлука за отворање Амбасада на Република Македонија во Република Полска. Мислам дека го делите моето мислење дека отворањето на Дипломатско претставништво на Република Македонија во Република Полска, како отворање Амбасада на Република Полска во Република Македонија, се надевам ќе претставува историски настан во односите меѓу двете држави и ќе придонесе за посодржајна соработка на сите полиња.

Би сакал во оваа прилика да Ви пренесам дека за вршител на работите во Амбасадата на Република Македонија во Варшава е наименуван д-р Петре Наковски, министер-советник во Министерството за надворешни работи на Република Македонија и љубезно да Ве замолам да го прифатите господин Петре Наковски во својство на вршител на работите во Амбасадата на Република Македонија. Убеден сум дека г. Петре Наковски во целост ќе ја изврши мисијата што му се доверува, имајќи ги предвид неговите квалитети и дипломатско искуство.

Ја користам оваа прилика на Вашата Екселенција повторно да го изразам своето највисоко почитување.

Скопје, 27 април 1995 СТЕВО ЦРВЕНКОВСКИ

Министер за надворешни работи на Република Македонија (с.р.)

Неговата Екселенција

Г-дин ВЛАДИСЛАВ БАРТОШЕВСКИ

Министер за надворешни работи на Република Полска

Забелешка: писмото и нотата (Бр.1104-1942/1.) носат дата 28 април 1995 година. (копија во архивот на авторот)

Оваа дата **28 април 1995** година го означува отворањето на Амбасадата на Република Македонија во Република Полска.

Од денес во Варшава ќе се вее македонското државно и национално знаме.

Во празниот салон, во ќошот, на расклапано старо туристичко столче седи Дитта и во скутот го држи раширеното македонско државно знаме. Големото златно сонце лежи на нејзините колена. Возбудлива е глетката. Лесно поминува иглата низ црвеното платно и по неколку минути знамето го вденуваме на металната дршка со боја на сребро. Дршката полека ја зацврстуваме на наслонот од балконот. Ветерот го подзеде знамето, го рашири и го развеа од северот кон југот и обратно. Истрчав на улица. Занемев од возбуда и радост. Влегов во дворот и на ѕидот под знамето со остриот врв на шајката изгребав: МАКЕДОНИЈА. Над името кое со векови истраа во ропство, под небото на слободна Полска, се вее нашето знаме, знамето со нашето сонце.

При таква глетка имаш ли моќ да ја задржиш солзата на возбудата и гордоста?!

Се вратив во празниот салон, на колено го ставив дневникот и со големи букви напишав:

ОД ДЕНЕС, 28 АПРИЛ 1995 ГОДИНА,

ВО ВАРШАВА, ПРЕСТОЛНИНАТА НА РЕПУБЛИКА ПОЛСКА, СМЕ АМБАСАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

И од денес пак почнувам и по посветено продолжувам со работа.

Отворањето на Амбасадата ми го честитаа надлежните од полското Министерство за надворешни работи и други министерства, амбасадори, бројни пријатели и искрени наши лобисти од полските политички, стопански, писателски, новинарски кругови и многубројни личности пријатели на Македонија. На сите им изразив благодарност за признанието и поддршката. Но најмногу ме изненади и до болка длабоко во душата ме трогна мигот, кога само три дена од отворањето на Амбасадата на вратата ми тропнаа група мажи и жени со големи букети цвеќиња во рацете. Бескрајно изненадување. Ги познав. Тоа се мои домски и школски другари: Ѓорги Статовски, сега лекар, доктор по медицина и ценет анестезиолог, Јото Димитров, познат скулптор и професор, Коле Насков, ликовен уметник и универзитетски професор, Вангел Карпачовски ценет хирург, Паскал Доневски градежен инженер, проф.д-р хаб. Лефтер Пеновски и заедно со нив нивните сопруги и тие академски граѓанки. Сите некогашни селанчиња од Костурско, Леринско и Воденско, во 1949 година згрижени во полските детски домови, воспитани и образовани во Полска и денес големи афирматори и лобисти на Македонија.

Ете, сега, пред влезот во првата македонска амбасада во Варшава, ние, само мал дел од децата од далечниот југ, родени во делот на Македонија под Грција, жртви на Граѓанската војна, возбудени и горди стоиме пред влезот на првата Амбасада на Република Македонија во престолнината на земјата која како деца нè прими, нè згрижи, нè воспита и образова. Во нејзините прегратки пораснавме, станавме нејзини благодарни пријатели и своето стекнато образование, знаење, искуство и љубов ги вплетуваме во цврстата нишка која трајно ги поврзува двете сакани држави – Македонија и Полска.

Свечено отворање на Амбасадата на Република Македонија во Варшава немаше.

Вообичаено е еден таков настан, во случајот прв во историјата на Македонија, свечено се одбележува и соодветно преку медиумите се известува домашната јавност. Молк од надлежните во Скопје. Дали неукоста и недостатокот на личната култура и врз тоа потценувањето и љубомората фрлија сенка врз големиот и неповторлив настан?

Но, независно од тоа веќе е направен првиот голем чекор од мојата дипломатска мисија и од утре, наредниот чекор ќе носи нови конкретни резултати.

Лесно ли ми беше?

Со отворањето на Амбасадата во Варшава, Република Македонија стана рамноправен фактор со другите странски дипломатски претставништва, во контактите со полските државни институции, фирми, здруженија, политички, културни, новинарски средини и сл. со што ги зголеми можностите за поширок контакти и соработка.

Првите изливи на радост и задоволство полека се смируваат и се повеќе се множат размислувањата околу извршувањето на задачите поврзани со мојата мисија.

Од денес ја чувствувам промената на односот кон македонското дипломатско претставништво, која во контактите веќе е поблиска и потопла.

Во текот на наредните денови ќе го изготвам списокот за протоколарни посети на странските амбасади и ќе ги вознобновам контактите со полските државни институции.

И нема да чекам да ме надмине времето. Веќе во новата клима продолжуваат контактите.

29 април 1995, сабота

Во 9:55 се јави г-ѓа Анна Шадурска од Дипломатскиот протокол. Замоли да ѝ ја дадам точната адреса на нашата амбасада, по факс да ѝ пратам копија на нотата и писмото, а потоа рече:

- Ве каниме со сопругата да учествувате на свеченостите по повод 3 мај, националниот празник на Полска. Молам во 11:00 да дојдете на Плоштадот Пилсудски, до споменикот на Незнаениот војник, а во 16:00 во Претседателската палата на коктел.

Ја искористив приликата да ѝ кажам дека од денес таканаречената Канцеларија за врски е преименувана во Амбасада на Република Македонија.

Во 12:45 ми се јави директорот на Дипломатскиот протокол, пан Пјекарски и со сосема мирен тон на гласот за разлика од претходните средби ми го честита отворањето на Амбасадата. Се договоривме по празникот да се видиме на ручек или вечера.

Попладнето ги подигнав визит-картите со следниот натпис:

Petre Nakovski

Charge` d' Affaires

Ambasada Republiki Macedonii

ul. Dominikańska 15

02 – 738 Warszawa

tel./ 43 13 26

Во 17:00 курир од Дипломатскиот протокол ги донесе поканите за учество на свеченостите по повод Националниот

празник, 3 мај. На ковертот е напишана адресата на амбасадата:

Pan Petre Nakovski

Radca Minister

Chargre` d' Affaires

B.J. Republiki Macedonii

z Małżonką

Warszawa

При ова сакам да одбележам дека за целото време на мојот престој во Варшава, прво како вршител на работите, а потоа како амбасадор, постојано и настојчиво се противев на употребата на буквите Б.Ј. кои Министерството за надворешни работи и Дипломатскиот протокол ги пишуваа пред името Република Македонија, додека сите полски министерства, служби, уреди и голем број амбасади тие букви пред името Република Македонија не ги употребуваа.

Текстот на поканите во превод на македонски јазик гласи (оригиналите во личниот архив на авторот):

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ

НА РЕПУБЛИКА ПОЛСКА

Лех Валенса

го поканува

Господинот Петре Наковски со Сопругата

на свеченостите по повод одбележувањето на

НАЦИОНАЛНИОТ ПРАЗНИК 3 МАЈ

на 3 мај 1995 година во 12:00 часот

на плоштадот Маршал Јозеф Пилсудски

во Варшава

Место „С“

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ

НА РЕПУБЛИКА ПОЛСКА

Лех Валенса со Сопругата

го поканууваат

Господинот Петре Наковски со Сопругата

на средба по повод

НАЦИОНАЛНИОТ ПРАЗНИК 3 МАЈ

во среда, 3 мај 1995 година во 16:00 часот

во Претседателската палата во Варшава

Краковские Пшедмјешче 48/50

Кон поканите е приложена и пропусница бр 123 за колата со регистарски број WXV 9397 со напомена по искористувањето мора да се врати во надлежната служба за безбедност. Не ја вратив, бидејќи поради немање кола, не ја искористив. (Оригиналот во личниот архив на авторот).

30 април 1995, недела

Убав, сончев, безоблачен ден и топло, 16 степени. Време за прошетка, ама и време за работа. Тукуречи целиот ден го посветив на изготување месечен финансиски извештај. Вечерта, во 20:20 по телефон ми се јави Душко Ѓоргиевски,

кој заедно со прочуениот македонски актер Вукан Диневски го драматизираа мојот роман ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ. Драмата доживеа над сто претстави и неколкупати ја емитуваше и Радио Скопје. Ме изненади пријателот. Долги поздрави и честитки. На крај рече дека патува за Австрија, а од таму ќе отпатува во Германија.

- Пријателе, наврати и во Варшава – му реков.

- Ќе имаш каде да преспијам?

- Имам осум соби и сите празни. Сам ќе си одбереш и гол под и празен ќош и немој да заработавиш со себе да носиш и ќебе.

Разговорот заврши со долго смеење.

1 мај 1995, понеделник

Од самоти утро ја прелистувам предметната литература која се однесува на извршувањето на дипломатска мисија. Доаѓам до заклучок дека во македонското МНР одговорните не се баш добро потковани со знаења од таа област. Го прават тоа што веројатно погрешно го слушнале и уште полошо го практикуваат. Кај нив отсуствува потребата за нужно и редовно одржување контакти со извршителите на дипломатската мисија кои се оставени самоиницијативно да ја извршуваат целата работа. Ме зачудува фактот на потценување и омаловажување, безчувствителност на грижа за лицата вработени во дипломатско-конзуланите претставништва. Во МНР мора нешто многу да се менува, а најмногу кадарот кој е на одговорни функции. Прашања безброј и безброј немање одговори, најчесто молк кој до некаде предизвикува разочараност. Верувам дека со добра волја и професионално знаење и позитивен однос кон проблемите поврзани со дипломатската мисија во служба на

Република Македонија, со текот на времето ќе се менуваат и состојбите, а најмногу луѓето. Изнесените размислувања ми станаа дневна грижа.

2 мај 1995, вторник

Студен, непријатен, кучешки ден. Цел ден сум „дома“. Ги читам вестите во дневните весници, најмногу вести за делби, расправии, обвинувања, навреди, слика на поделено и раскарано и политички и идеолошки поделено општество. Весниците ги ставам на страна и се навраќам на книгите во кои се третирани проблемите на професионалната и на квазидипломатијата, знаењата и искуствата на дипломатите од разни земји, поучни совети и предупреди.

Во 17:00 часот го вклучувам стариот телевизор што ми го донесе сопственикот на куќата. Прва вест: Загреб е нападнат. Веднаш ѝ се јавувам на Лиле Наумова, вршител на работите во амбасадата на Република Македонија во Загреб. Потврди. Со вознемирен тон на гласот рече дека една од експлозиите се случи на педесетина метри од Амбасадата и дека се јави во МНР во Скопје и очекува инструкции. Можно е амбасадата да се пресели во Љубљана. Во натамошните вести на полската телевизија се повеќе вознемирувачки информации.

Во 20:00 се јавив во Амбасадата на Хрватска во Варшава. Во гласот на амбасадорот, д-р Иван Брнелиќ видлива вознемиреност. Рече дека состојбата е вознемирувачка и дека се плаши дека е можна ескалација и како што почна, може да биде многу остра. Се договоривме да се видиме.

3 мај 1995, среда

Национален празник на Република Полска. На прозорците и на балконите на зградите и на уличните столбови се веат полските белоцрвени знамиња. Цела Варшава е накитена со националните знамиња. Во 6:00, како што налагаат обичаите, на балконот на Амбасадата го истакнавме македонското и покрај него и полското знаме. Ретките минувачи подзастануваат, гледаат и веројатно се чудат што на нивната улица покрај полското се вее за нив непознато знаме. Убава е глетката.

Свечено облечени, пред Амбасадата чекаме да дојде такси. Влегуваме и поаѓаме. Таксистот праша:

- Каде?

- Плоштад Маршал Јозев Пилсудски и на шофершајбната на повидливо место ја ставам дозволата број 123. Пред нас редица мерцедеси и зад нив ние, во такси. Поминуваме покај полицајците и обезбедувањето кое во списокот ја проверуваа вистинитоста и важноста на дозволата. Трибината „С“ преполнета е со амбасадори, вршители на работите и нивните сопруги. Меѓу нив и ние. Полека се пробиваме и бараме поотворено место со глетка на целиот плоштад на кој се построени единици од сите родови на полската војска. При секое ракување со странските дипломати, на оваа трибина за првпат се слуша името Македонија. Воениот оркестар ја отвора свеченоста со полската химна и истовремено на високиот јарбол двајца офицери полека го дигаат националното белоцрвено полско знаме. Минута молк. Дванаесет топовски плотуни. Следи говор на претседателот Лех Валенса. Потоа полагање венци на гробот на Незнаениот војник. Одекнуваат звуци на труби и под тактот на дамнешните стари востанички и слободарски маршеви почнува воената парада. Со строев чекор врви тупаницата на современа Полска. Крајот на парадата го држат граѓански делегации над кои се виори шума од знамиња.

Дипломатите седнуваат во своите мерцедеси, кои полека го напуштаат широкиот паркинг. Огромна толпа луѓе пеш тргнува на кај центарот на Варшава. Меѓу нив пешачиме и ние и пешачењето го прекинавме пред влезот на Амбасадата, десет километри далеку од Плоштадот Маршал Јозев Пилсудски.

Во 16:00 часот на коктел кај претседателот на Република Полска, Лех Валенса. При влезот во големата сала ме најавија:

-Pan Petre Nakovski, radca minister i Charge` d` Affaires Macedonii w Warszawie (Господин Петре Наковски министер-советник и вршител на работите на Македонија во Варшава).

За мене од големо значење е што во најавата пред целиот дипломатски кор и бројните високи полски функционери е изречено името – Македонија, без никакви додатоци. Македонија прекрасно прозвучи. Со видлива возбуда му приоѓам на претседателот Лех Валенса, со наклон на главата, а потоа гледајќи го право в очи, му го честитам националниот празник и редум истото го правам со неговата сопруга, натаму со претседателот на Сејмот, (Парламентот) Зих, претседателот на владата, Јозеф Олекси, министерот за надворешни работи, Бартошевски и ред други високи државни функционери. Зад мене оди и истото го прави мојата сопруга.

По завршувањето на најавата на претставниците на Дипломатскиот кор и чествувањето, краток пригоден говор на претседателот Лех Валенса, потоа раздвижување во салата, келнерите нудат најразновидни напитоци. Заемни претставувања и запознавања меѓу претставниците на Дипломатскиот кор и домаќините. Необично бев изненаден кога ми пријде премиерот Јозеф Олекси.

- Господине амбасадоре (ми се обрати со титулата амбасадор) јас сум необично радосен што Македонија отвори амбасада

во Варшава. Јас, драг мој, како студент во Македонија престојував еден месец. Вдолж и ширум ја запознав таа прекрасна земја и не кријам и една Македонка. Заедно поминавме незаборавни денови, испивме многу шишиња македонско вино и ракија и како што гледате, останав жив. Многу ми е драго што Македонија веќе е присутна во Варшава. А ние двајцата тоа ќе мораме да го прославиме...

Вчудовиден од средбата, искреноста и топлината на разговорот, му ветив дека наскоро ќе го имам задоволството и честа да му пратам шише македонско вино со најсрдечна намера да го потсетам на неговиот престој во Македонија и со очекување дека добрите спомени ќе бидат вградени во зајакнувањето на соработката меѓу двете земји.

- Имајте доверба во мене. Македонија ми е во срцето. Кој еднаш ја посетува, никогаш не ја заборава. Ќе имаме прилика пак да се видиме. Ви пожелувам успех ...

Во месеците што останаа зад мене, оваа средба и разговор најмногу ме охрабри и ме исполни со надеж.

Во текот на траењето на коктелот се запознав со поголем број амбасадори со кои разменивме визит-карти и ветувања за заемни посети.

По една недела преку Дипломатскиот протокол на премиерот Олекси му го испратив ветеното шише со македонско вино „Александрија“ што го купив во една винарска визба во Варшава која продава и македонски вина.

4 мај 1995, четврток

Се јави секретарката на Амбасадата на Република Хрватска. Рече дека сака да зборува со мене амбасадорот д-р Иван Брнелиќ. По поздравот праша дали би прифатил утринското

кафе да го испиеме кај него. Прифатив и во 9:00 часот веќе заедно седевме во салонот уреден со прекрасен стар класичен мебел. Изгледа амбасадорот го забележа моето вчудовидување, па рече на хрватски:

- Мебелот е прекрасен, нели? Чини сто илјади злоти и е подарок од еден Македонец кој е претставник и шеф на една македонска фирма во Полска.

Знам кој е тој Македонец, сакав да му речам, но се воздржав.

- Да – реков – мебелот е извонредно прекрасен, а тој Македонец, мора да е многу дарежлив. Такви сме ние, дарежливи, ама дарови не примаме, што не значи дека нема исклучоци.

Разговорот го продолживме во врска со последните настани во Република Хрватска за кои амбасадорот Брнелиќ во детали ме запозна, со молба соодветно да ги пренесам во Скопје. Му ветив дека уште денес тоа ќе го направам. По разговорот што траеше половина час, ме испрати до излезот со молба наскоро да се видиме. Ракувајќи се, ме праша:

- А кај вас во Министерството работи ли некој си Мисајловски Џорџе?

- Да, дојде од Белград, од сојузното министерство.

- А го запозна ли?

- Да, така од видување.

Ми беше задоволство што се запознавме и се надевам дека редовно ќе се гледаме и ќе соработуваме.

- Ќе ми биде чест и задоволство, господине амбасадоре.

Во наредните години, честопати се сретнувавме и станавме добри пријатели, а уште посреќни пријателки станаа нашите сопруги.

Во амбасадата ме чекаше факс од Министерството на Република Македонија со барање да одам во амбасадата на Руската Федерација и да побарам информација за полско-руските односи во светлината на говорот на полскиот министер за надворешни работи, Бартошевски, во германскиот парламент.

Се јавив во руската амбасада и замолив да ме примат во смисла на протоколарна посета кај амбасадорот Јурий Кашлев. Ми рекоа дека амбасадорот е заминат во Москва и со задоволство, утре, 5 мај, во 12:00 часот ќе ме прими вршителот на работите Вјачеслав Федоренко.

5 мај 1995, петок

Точно во 12:00 часот, според вчерашниот договор, отидов во Амбасадата на Руската Федерација. Во својот кабинет ме прими вршителот на работите Вјачеслав Федоренко. По почетното запознавање и вообичаениот разговор за времето, преминавме на заемно информирање за состојбите во двете земји, при што Федоренко најмногу се интересираше за односот на Грција кон Македонија и за состојбите на Балканот, па преминавме на политичката клима во Европа и така стигнавме до говорот на министерот Бартошевски во Германскиот парламент, за што Федоренко ме запозна со ставот на руското Министерство за надворешни работи. Потоа договоривме видување по враќањето на амбасадорот Кашлев.

Се вратив во амбасадата, напишав соодветна белешка и ја испратив до нашето Минитерство за надворешни работи.

6 мај 1995, сабота

Денес ништо посебно. Варшава тукуречи празна. Се користи продолжен викенд. Во 18:00 часот се јави Ана Трајковска, денес дежурна во МНР. По професија кариерен дипломат во Сојузното министерство за надворешни работи. Ме посоветува да настојувам што побрзо да ми пратат соодветни финасиски средства за опремување на Амбасадата.

7 мај 1995, недела

Од Турек и Конин (градови во Западна Полска) во 11:00 часот дојдоа во Амбасадата д-р Ѓорги Статовски, лекар, анестезиолог во болницата во Турек, со жена му Ставрула, по потекло Гркинка, и таа лекар и Јото Димитров, познат скулптор, кои како што имам спомнато и на друго место во Полска беа прифатени како деца. Многу срдечна, пријатна и топла средба и долг разговор за нашата заедничка судбина, разделбите и нашите денови поминати во детските домови и школските клупи и честопати се потсетуваме на нашите родни места. Во текот на разговорот изразија големо задоволство поради отворањето на Амбасада на Република Македонија, подвлекувајќи дека се гордеат што нивен детски и школски пријател е првиот македонски амбасадор во Варшава, првиот и единствениот амбасадор од 28 000 илјади одведени македонски и грчки деца во текот на Граѓанската војна во Грција и згрижени во источно - европските социјалистички држави.

Доктор Статовски, тукуречи со насолзени очи го гледаше развиореното македонско знаме и во еден момент ме прегрна и со многу возбуден и трогнат глас и прекрстувајќи се, рече:

- Ех, сполај ти Боже, и ние веќе си имаме наша држава и наша амбасада со наш амбасадор!

Се прегрнавме и долго останавме во трогателна и возбудлива прегратка.

Сите тројца имаат полско државјанство. Се интересираа дали можат да добијат македонско. Им реков дека можат, меѓутоа, Полска засега не признава двојно државјанство.

На ручек ги однесовме во Виланов. Во 17:00 часот се вративме во Амбасадата и по испиеното кафе, нашите пријатели заминаа. И тие и ние тажни и истовремено радосни. Гледајќи ги како влегуваат во колата и заминуваат, се прашувам:

- Зошто ли по кратките средби и збогувања тагата е толку голема?

Си отидоа тие во своите гнезда, а ние останавме со чувство на осаменост.

По два дена ќе завршат два месеци од нашиот престој во Варшава. Два долги и мачни месеци. Се свртев кон Дитта и ја прашав:

- Што мислиш, ќе издржиме?

-Со тебе, сигурно и немој да мислиш на тешкотиите кои веќе се зад нас. Имај поведри мисли.

Секогаш е многу добро кога има некој да те поддржи и да те охрабри...

8 мај 1995, понеделник

Претпладне, до 10:00 часот, на телевизија следев пренос од седницата на полскиот Сејм. Говореше претседателот Лех Валенса, кој со својот говор ги подели и ги раскара Полјаците. Слушајќи го, се добива впечаток, дека остро и

неумно ја почна претседателската предизборна кампања. Во состојба на големи политички превирања и партиски делби на оваа земја најмалку и е потребен говор кој ги поттикнува делбите. Меѓутоа, е познато дека Полјаците, не само сега, туку и во далечното минато премногу се и беа оптоварени со емоции чија подлога лежи во тешкото историско минато и трагичното национално искуство. Валенса во основа е неук, но е израснат лидер од темелите на полскиот патриотизам. Поткрепа и поддршка му беа и му се најголемите умови на интелектуалните средини на современа Полска во настојувањата и напорите за промена на наметнатите состојби и враќање кон автентичната полска стварност. Полска беше и е Европа и во денешна Европа настојува да го најде своето место кое не само географски, туку и историски и припаѓа. Во делбите и расправиите не се разликуваме. Но се раликуваме во нешто друго. Ако во Полска политичката атмосфера ја создаваат високо образовани и искусни интелектуалци и политичари, со поддршка на широките народни маси, а пред сè работничките маси, кај нас политичката клима ја создаваат неуки паланечки индивидуи без ниту еден работен ден, луѓе од улицата и кафеаните полни со емоции, но празни со политичка визија за опстојувањето и развојот на новосоздадената држава која за нив, па и за поранешните владетели стана профитабилен извор на богатење и со амнезија за тоа што го создале ред патриотски македонски умови. За разлика од полските политичари, кои се потпираат на полската слободољубива традиција и државните и националните интереси кои ги бранат и во клима на понижувачки делби и кавги, нашите политичари потпор за своето незнаење, неспособност и лакомост за власт, најдоа надвор од Македонија. Не дај Боже, понижувачкото подлизурство да стане дневна потреба.

Заврши преносот. Валенса слезе од говорницата и ја напушти парламентарната сала. Во Сејмот продолжија кавгите.

Тука не се разликуваме.

И уште ова за денес:

На првиот канал на руската телевизија се повеќе слики за уривање на спомениците на советските војници во Полска.

Во македонските весници и телевизиски канали сè повеќе информации и слики за урнати и скршени бисти на македонските патриоти и народни херои.

9 мај 1995, вторник

Денес го почнуваме третиот месец од нашиот престој во Варшава. Ден зад ден е запишано сè што е сторено досега. Така ќе се обидам и натаму да го бележам секој нареден ден, ако не за друго, барем за спомен и можеби за поука.

Од самоти утро гледав пренос на воената парада што се одржува на Црвениот плоштад во Москва по повод годишнината од победата над фашизмот. Величествена глетка.

Премиерот на Полска, Јозеф Олекси и покрај противењето на Лех Валенса, отиде во Москва. Десничарските медиуми во офанзива. Одредени националистички и русофобски средини во напад. Добивам впечаток дека полско-руските односи со забрзан чекор ја фатија удолницата.

По преносот седнав и напишав телеграма до Комисијата за инвестиции на Министерството за надворешни работи на Република Македонија. Напишав да достават печат, табла со натпис „Амбасада на Република Македонија“, меморандуми, македонски весници, да одобрат да купам компјутер и печатач, два телефонски апарати, радио, телевизор, редовно да праќаат пропагандни материјали од областа на туризмот и воопшто за Македонија, да одобрат средства за опремување на Амбасадата со најнеопходниот мебел, да ангажирам

хигиеничарка и секретарка, да се одреди платата на вршителот на работите согласно со Правилникот бр.01-3186/1 од 20.8.1993 година. Сугерирав спалната соба која е во составот на амбасадата целосно да се опреми.

Телеграма со слична содржина имам испратено и порано, ама досега одговор нема.

10 мај 1995, среда

Втор ден од почетокот на третиот месец од престојот во Варшава. По промената на статусот на македонското дипломатско претставништво од Канцеларија за врски во Амбасада на Република Македонија, си одредив две цели на моето натамошно дејствување: редовни посети и разговори во полските државни инстиуции со настојување за воспоставување директни контакти со соодветните македонски институции на ниво на министри или експерти во сите области на соработка и отпочнување билатерални средби со странските дипломатски претставништва во Варшава со цел афирмација на Република Македонија во нивните држави. Двете цели постојано да ги поврзувам со настојувањата во контактите да се употребува уставното име Република Македонија.

Се надевам дека по 17 мај, кога од странство ќе се врати полскиот министер за надворешни работи ќе ја добијам акредитацијата со што полесно ќе ми биде овозможено да ги реализирам одредените цели.

Најпосле и во МНР на Република Македонија почнаа да мислат. По телефон се јави Игор Попов, кој ја замени Верка Митановска и рече дека Комисијата за инвестиции заседавала и одлучила да одобри сè што побарав со мојот факс под бр.50/95 од 9 мај. Истакна дека утре веста ќе ми ја потврди по

факс. Истовремено замоли да му доставам нацрт (цртеж) на просториите и превод на полскиот текст во врска со опремата. Се што побара, му испратив.

Веќе од пред неколку денови забележувам нерасположеност кај сопругата. Видливо слабее што наведува на заклучок дека со нејзиното здравје нешто не е во ред. И тоа сега најмногу ме загрижува.

11 мај 1995, четврток

Во врска со протерувањето од варшавскиот аеродром на петмина македонски државјани, одговор за причината побарав во управата на аеродромот. Таму веќе имаа составено записник според чија содржина петте македонски државјани преку варшавскиот аеродром сакале да отпатуваат во Германија, без соодветни документи. Пограничната служба, согласно важечките закони, ги уапсила и ги испратила во Старгард Шчечињски на издржување тримесечна затворска казна за нелегален престој и искористување на полската територија за одење на Запад. Интегралниот текст на записникот во превод на македонски јазик, по факс го испратив до Управата за конзуларни работи на Министерството за надворешни работи на Република Македонија.

Денес ги добивме дипломатските легитимации под број 140-D/1/95. За жал со грешки. Единствено полското Министерство за надворешни работи го употребува името „B.J.Republika Macedonii“, што е причина на постојани расправии со одредени службеници во полското МНР, за разлика од сите полски министерства и служби кои во контактите со мене и во преписката го употребуваат уставното име „„Republika Macedonii“. И втората грешка: во дипломатската легитимација сум именуван како „Charge’ d’

Affaires a. i.“, а јас сум постојан вршител на работите, а не привремен. Побарав исправка. Излегувајќи од Министерството забележав дека на поштенските сандачиња поставени на ѕидот пред влезот во министерството на македонското сандаче веќе го нема натписот „B.J.R.Macedonii“, туку само „MACEDONIA“, со големи букви.

Се вратив во Амбасадата и почнав да го прелистувам полскиот дневен печат. Долги написи и коментари за расправиите во врвот на власта. Претседателот Лех Валенса јавно се заканува дека ќе поднесе тужба во Уставниот суд против премиерот Јозев Олекси затоа што тој отишол во Москва. Предизборната претседателска кампања се вжештува. Во центарот расправиите и аргументот во врска со престојот на Олекси во Москва. Валенса на големо игра со оваа карта, но со ситни влогови, кои, се чини, му го уриваат авторитетот. Во аргументацијата е слаб играч. Резултатите од анкетите укажуваат на тоа. Валенса во анкетите го држи последното место со 6%, а првото, Александер Квашњевски со 28%.

Ветениот факс од Игор Попов денес не стигна. Во меѓувреме ми стигна факс со инструкција во врска со ставот на Нов Зеланд за имотот на поранешна СФР Југославија. Имено Нов Зеланд го запечати целокупниот имот. Во врска со тоа, гласи инструкцијата, да се јавам во полското Министерство за надворешни работи, со цел да ги запознаам надлежните со настанот. Истото да го направам и во амбасадите на Словенија и Хрватска.

Откако ја извршив задачата, ѝ се јавив на секретарката во МНР на РМ и ја прашав дали на министерот му е предадена мојата телеграма од 4 мај во врска со можноста полскиот министер за надворешни работи Бартошевски официјално да ја посети Македонија. Ми рече:

-Телеграмата е кај мене на маса. Сега е доцна да му ја дадам. Утре ќе го потсетам.

Толку од разговорот и многу чудење дека секретарка одлучува за важни работи. Изгледа во МНР на РМ сè е исфрлено од колосек.

12 мај 1995, петок

Во 9:30 од МНР/РМ ми се јави секретарката.

- Петре – рече, поканата за В. Бартошевски е напишана и пред малку министерот ја потпиша.

- Слава на Севишниот – реков – а ти не би требало да седиш таму каде што седиш, туку таму каде што седат Малески и Мисајловски.

- Ама пушти ги нив и немој да се нервираш.

- Се разбира дека немам причина да се нервирам, ама ти поканата пушти ја по факс.

Во 12:00 ми стигна факс од МНР/РМ со кој ме известуваат дека „Во врска со Вашиот факс бр.50/95 од 5.5.95, Ве известуваме дека имате согласност за:

- Ангажирање секретарка со надоместок до 800 DM;
- Ангажирање возач со надоместок до 600 DM;
- Ангажирање чистачка со надоместок до 400 DM.

За вашите потреби изготвена е изработка на печати, табла, меморандуми и набавка на македонски печат.

Согласност имате и за набавка на компјутер со печатач и два телефонски апарати за што е потребно да ни доставите понуди. Потпис: Габер.

Неколкупати се обидов по телефон да разговарам со Игор Попов. Попусто. Телефонот е постојано зафатен или него го нема. Ја побарав Гордана Глигорова и ја замолив да му пренесе да ме побара.

Во 14:00 часот ме побара и ми рече:

-Тука со мене е Билјана, архитектот, и заедно го разгледуваме распоредот на просториите во Амбасадата во Варшава.

Во телефонскиот разговор изнесов повеќе детали и замолив побрзо да се реши прашањето со опремувањето на Амбасадата. Госпоѓата Билјана се вклучи во разговорот и истакна дека тоа не зависи од неа и дека со задоволство би дошла во Варшава со цел да оцени каква опрема е потребна. Попов потврди дека се разгледува и таквата можност.

Во 15:15 по телефон ми се јави шоферот на Малезанов, претставник на ФЕРОМАК (FEROMAK) – Технометал Вардар, во Варшава.

- Господине, пред малку на нашиот факс стигна телеграма за Амбасадата на Македонија. Што да правам?

- Препрати ја во Амбасадата – го замолив.

Од факсот полека се извлекува поканата за министерот В. Бартошевски официјално да ја посети Македонија. Напишана е на англиски јазик.

Зошто на англиски?

Се потсетив на денот 8.2.1993 година кога во Скопје престојуваше официјална делегација на полското Министерство за надворешни работи. Тогаш двете страни се договорија преписката да се води на полски и македонски јазик, што за нас беше успех поради тоа што македонскиот

јазик на овој начин си го зазема местото во редот на дипломатската преписка.

Важно ли?

Изгледа некој многу сака да е Англичанец и го има изгубено или подобро речено му недостасува националното сознание.

Моето знаење на полскиот јазик ми ги отвора сите врати во Варшава и никој од мене не бара да општам на англиски или друг јазик. За некои не е битно на кој јазик и со какво писмо, со латиница или кирилица, ќе се служи. Устав за такви не постои, туку стари навики или приврзаности.

Откако го прочитав факсот, се јавив во полското МНР и го побарав амбасадорот Хмјелевски. Отсутен. Ја замолив неговата секретарка да му пренесе дека од македонското МНР добив две важни телеграми и би сакал лично да му ги врачам.

Министерот В. Бартошевски е во Израел. Ќе се врати во сабота. Ако поканата не ја однесам денес, дури во понеделник ќе стигне на неговото биро заедно со многу други важни материјали. Затоа одлучив поканата да ја однесам денес, велејќи и на секретарката дека е многу итно.

Во 15:20 ми се јави Артур Ожеховски, советник во полското МНР и ми рече дека амбасадорот Хмјелевски е презафатен надвор од зградата и него го овласти да ме прими. Повикав такси и отидов во МНР. Ожеховски ме чекаше пред главниот влез во зградата на МНР. Во неговата канцеларија на вториот кат му ја врачив поканата. Изрази задоволство, велејќи дека во понеделник (15 мај) ќе му биде предадена на министерот В. Бартошески. Ја искористив приликата да му ја пренесам и содржината на нотата од МНР на Нов Зеланд со која нашата страна е известена дека Владата на оваа земја го заплени целиот имот на поранешна СФРЈ и во врска со делбата на имотот, го запознав со добиените инструкции од МНР на Република Македонија.

По разговорот се вратив во Амбасадата и на неколку фирми им испратив факсови со молба да ми достават понуди за опремување на Амбасадата. По факс добив цел куп понуди. Исто така добив и понуди за набавка на компјутер, печатач и телефони. Во текот на денешниот и утрешниот ден ќе ги разгледам и по факс ќе ги испратам до Комисијата за инвестиции на МНР/РМ.

Големите ветувања за брзо решавање на проблемот за опремување на Амбасадата некако не се остваруваат. Некој ми јави дека ќе морам долго да чекам.

Вечерта, околу 18:00 часот дојде д-р Емилија Аврамчева. Ја прегледа Дитта и и напиша цел куп лекови. Остана до 21:30 часот. Сега, како лекарка, работи во месната клиника, покрај тоа има и своја ординација. Ме воодушеви нејзиното оптимистичко расположение и ведрина. Полна е со енергија и мноштво планови. Емилија често нè посетува и стана наш домашен лекар. Со голема почит ја засакавме и неа и нејзините најблиски.

Од Дипломатскиот протокол на полското МНР ми стигна копија од писмото доставено до BANK HANDLOWY, ODDZIAŁ W WARSZAWIE (Трговска банка, филијала во Варшава) со кое Петре Наковски, вршител на работите има право да отвори банкарска жиро-сметка. (копија од писмото во личниот архив на авторот).

13 мај 1995, сабота

Цел ден врне. Просто истура. Досадно тече денот. Во вечерните вести слушнавме дека во Грција, близу градот Кожани имало земјотрес кој се почувствува и во Скопје. Во доцните вечерни вести полската телевизија ја пренесе веста дека Социјалдемократската партија како кандидат за

претседател на Полска го избра Александер Квашњевски, кој повеќе месеци во анкетите го држи првото место. На претстојните претседателски избори противник ќе му биде актуелниот претседател, Лех Валенса. Од понеделник почнува изборната кампања.

14 мај 1995, недела

Цел ден врне. Пладнето се јави Гоце Малезанов. Рече дека е донесена одлука трговското претставништво, почнувајќи од 1 јуни да престане со работа. Се договоривме да се видиме во 18:00 часот.

Телевизиските канали се едногласни во тврдењето дека од утре, со почетокот на предизборната кампања, ќе почнат и големите масовни протести.

15 мај 1995, понеделник

Од полското Министерството за финансии во 9:00 часот ми се јавија со факс, а потоа и по телефон и замолија пролонгирање на разговорите меѓу двете министерства. Предлагаат разговорите наместо да се одржат во времето од 22-26 мај, да се пренесат во времето од 29 мај до 2 јуни или една недела подоцна.

За предложената промена на времето за средба и разговори, веднаш по факс го известив МНР/РМ со молба факсот да биде препратен до македонското Министерство за финансии.

Ме изненади одлуката за укинување на претставништвото на Техно-метал Вардар во Варшава. За ова го информирав МНР/РМ укажувајќи на штетноста од таквиот чекор. Не

очекувам дека нешто позитивно ќе биде преземено. Приватизацијата безмилосно се голта.

Исто така ме изненади и информацијата што ја добив од нашиот сонародник Димитр Манџуновски, инаку мој школски другар и државјанин на Полска, дека во Варшава престојува група Македонци кои дошле од Германија со цел да формираат приватни фирми. Не се јавија во Амбасадата.

Попладнето писмо со честитки ѝ испратив на поетесата Вислава Шимборска, добитник на Нобеловата награда за литература, чиј избор од нејзината поезија имам преведено и објавено во Скопје, со прекрасен предговор од Анте Поповски.

Во доцните вечерни часови по телефон се јави д-р Ѓорги Статовски и ме извести дека група од осум македонско-полски семејства ќе одржат средба во Познањ и ме канат да им се придружам. Му се заблагодарив за поканата со честитки и желби за успешна средба, меѓутоа поради обврските во Варшава со жалење му реков дека нема да можам да присуствувам.

16 мај 1995, вторник

Во 9:00 часот му се јавив на амбасадорот Хмјелевски. Договоривме средба за в петок, 19 мај, во 11:00 часот. Прашања за разговор: консултации, мојата акредитација, посетата на министерот В. Бартошевски на Македонија.

Во 10:00 отидов во Bank Handlowy каде ги пополнив потребните формулари за отворање жиро-сметка. Готова ќе биде во четврток, 18 мај.

Од полското Министерство за заштита на природата, по факс побараа објаснување дали во Македонија има забрана за

извоз на желки во духот на Вашингтонската конвенција. По факс се јавив во МНР/РМ со кој побарав соодветна информација од надлежната институција во Македонија. Во меѓувреме по телефон ми се јави Марко Шапкарев (по татко Македонец, а по мајка Полјак) и извести дека сака од Македонија да пренесе во Полска 2 000 желки. Му објаснив дека во врска со тоа прашање чекам одговор од Скопје.

Во 17:00 часот возачот на Амбасадата на Бугарија ми донесе покана за учесто на претставата на театарот БУФО од Софија (почеток во 19:00) и потоа во 21:00 часот ќе следи коктел по повод одржувањето на деновите на бугарската култура. По телефон му се јавив на амбасадорот Јани (кој секогаш ме вика брат Македонец и тврдеше дека неговите баба и дедо потекнувале од Кукуш), му се заблагодарив за поканата и му се извинив за неучеството поради тоа што во тоа време имам средба со полски бизнисмени.

По телефон ми се јави Габер. Рече дека одобрил да купам два телефони, компјутер и печатач и дека архитектката Билјана нема дојде да изврши премер на просториите, туку врз основа на веќе добиените мерки на просториите ќе предложи каков мебел ќе биде потребен за опремување на Амбасадата. Во врска со праќањето службена кола предвид е земена и Варшава, но прашањето ќе биде решено дури после први јуни по извршување на ребаланс на буџетот и дури тогаш ќе биде донесена одлука за праќање службена кола.

Ми остана да се надевам, ама и да не верувам.

17 мај 1995, среда

Варшава и неколку други градови во Полска ги зафати бран на штрајкови. Полските медиуми објавија вест дека в петок, 19 мај, актуелниот претседател на Полска, Лех Валенса, во

Гдањск официјално ќе ја објави својата кандидатура за негов втор избор за претседател.

Ненајавено во амбасадата дојде Марко Шапкарев, син на Пандо Шапкарев, долгогодишен македонски учител во Полска, пред сè познат како учебникар, уредник и издавач на македонски учебници за потребите на македонските деца во Полска, кој пред пет години се досели во Скопје каде живее сам. Марко заврши ликовни студии во Скопје, одлично го совлада македонскиот јазик, се ожени со Македонка, лекарка од Куманово, постојано живеат во Варшава, имаат две продавници со животни, а најмогу се баваат со трговија со желки. Ми го честиташе отворањето на Амбасадата и се понуди да помага доколку се појави потреба и за таа цел на располагање ја става и неговата кола. Ми вети дека ќе најде фирма која ќе го постави јарболот за знамето, како и за други потреби на Амбасадата. При крајот на посетата ме замоли да му ја доставам правната основа за увоз на желки од Македонија. Му реков дека прашањето е во тек, бидејќи за овој проблем се јавија и од полското Министерство за заштита на природата. Во врска со ова прашање му реков дека ќе бидеме во тек.

Попладнето ми стигна факс со кој се потврдени ветувањата на В. Габер. Добро е, си реков, тргна работата. Утре во една позната фирма ќе купам компјутер, печатач и два телефонски апарати.

По телефон ми се јави Игор Попов. Ми рече дека не е сигурен каде ќе биде купена опремата за Амбасадата. Утре – рече – заедно со Билјана ќе посетат неколку фирми во Скопје со цел да видат дали во Скопје има соодветен мебел и потоа ќе ме известат.

Попладнето ми се јави Љупчо Арсовски. Рече дека во Варшава ќе допатува Ане Ѓорчевски од Велес, со цел да си го земе синот кој остана сирак по смртта на мајка му, по потекло Полјачка. По разводот таа се пресели во Варшава, а

тој сега сака синот да си го донесе во Македонија. Додаде дека и Васил Шишков, син на актерот Ристо Шишков си ги бара роднините во Полска. Замоли да им помогнам во нивните напори. Му ветив дека можат да сметаат на моја помош.

18 мај 1995, четврток

По пошта ми стигна Договорот од Трговската банка за отворање жиро-сметка во злоти и долари.

Од полското Министерство за финансии денес трипати се јавија со молба да добијат одговор дали македонското министерство ги прифаќа предложените рокови за пристигнување на нивна делегација во Скопје, со цел да почнат преговори за потпишување договори за одбегнување на двојното оданочување и заштита на инвестициите.

Во врска со ова денес двапати ургирав, ама одговор од МНР/РМ не добив. И не само за ова. Имам впечаток дека некој се стави во улога на потценувач, а тоа дали не значи попречување на соработката? Зошто таква рамнодушност? Дали некој ги чита факсовите и дали ги препраќа кај надлежните институции? Дали на овој начин некој сака да ја омаловажи улогата на Амбасадата? Досега немам одговор на 20-тина факсови во врска со активностите за контакти и соработка меѓу македонските и полските надлежни институции. Секој ден се јавуваат полски фирми и нудат соработка за што на соодветен начин го известувам Министерството за надворешни работи на Република Македонија, ама одговор нема. Досега ние молевме, од сега тие, Полјаците, нè молат.

Далеку сум од помислата дека ова е чиста саботажа, но таквото однесување не води кон друго размислување.

Упорно ѕвонев и во МНР/РМ и во Министерството за финансии. Најпосле некој подигна слушалка и одговори:

- Прифаќаме средба и разговори во времето од 25 до 29 мај. Веднаш за ова го известив Бони Кажимјеж во полското Министерство за финансии.

Во 20:35 му се јавив на Гоце Малезанов. Чисто приватно, колку да го прашам како е. Разговорот се прошири на одлуката за укинување на претставништвото на Технометал-Вардар. Малезанов е разочаран. Во текот на разговорот ми рече дека во исто време со укинувањето на претставништвото, Стопанската комора на Македонија поканила триесетина полски стопанственици. Оваа вест ме изненади. Се запрашав: - Има ли некаква координација во однос на соработката со Полска, а и со други земји, меѓу Стопанската комора и Министерството за стопанство на Република Македонија? Дали ова значи дека секој на свој начин ќе остварува соработка?

По разговорот до МНР/РМ ја испратив следнава телеграма:

„Амбасадата на Република Македонија во Варшава дознава дека по покана на Стопанската комора на Македонија во првата декада на јуни во Скопје ќе допатува делегација од околу триесетина полски стопанственици. Во Варшава престојуваше група функционери од Македонија, меѓу кои и помошник во Министерството за финансии. Цел на престојот формирање берза“.

Неизбежно се наметнува прашањето:

- Знаат ли за ова надлежните во МНР/РМ и во Министерството за стопанство? Ако знаат, тогаш зошто за ова не е известена Амбасадата со цел соодветно да се ангажира? И уште овие прашања: - Дали воопшто во Република Македонија се знае дали во Варшава има македонска амбасада и зошто одделни институции, па и

поединци, на своја рака воспоставуваат контакти без соработка со Амбасадата? Останува впечатокот дека некој многу е заинтересиран македонското дипломатско претставништво во Варшава да остане анонимно, па работите да се одвиваат преку Амбасадите на земјите од поранешната Федерација. Во случајот нема чуда. Има строга прагматичност и интереси кои не се во корист на младата македонска држава, која, за жал, не ја чувствуваат како своја и не веруваат дека ќе опстане.

Денеска, со задоцнување од 25 дена стигна одговор од Министерството за култура.

19 мај 1995, петок

Во 11.00 часот средба со амбасадорот Хмјелевски. Тема на разговорот: Посетата на министерот В. Бартошевски и претстојните политички консултации.

Амбасадорот Хмјелевски информира дека министерот В. Бартошевски ја прифати поканата официјално да ја посети Република Македонија, меѓутоа тешко ќе може да се реализира пред претседателските избори. Се договоривме ова прашање и натаму да е предмет на разговори и во времето кога ќе се водат политичките консултации. Настојував планираната средба на министрите за надворешни работи да се одржи и сигурно е дека би била од голема корист за двете страни. Потсетив дека досега Македонија ја посетија сите министри за надворешни работи на земјите членки на Европската Унија, како и од други земји. Хмјелевски ја прифати мојата аргументација при што подвлече дека по претседателските избори можни се одредени промени.

Во врска со политичките консултации меѓу двете министерства за надворешни работи, предложи да се одржат

меѓу 9 и 12 јуни (на 15 јуни полскиот министер за надворешни работи ќе патува за Бугарија).

Се договоривме точната дата за консултациите да ја одредиме во вторник, 23 мај, а до тогаш двете страни да достават прашања кои би биле предмет на политичките консултации. Во продолжение амбасадорот Хмјелевски информира дека домаќин на македонската делегација ќе биде заменик-министерот за надворешни работи, Мелер. Начелно полската страна во својата агенда предвидува македонската делегација да биде примена од министерот В. Бартошевски, а се разгледува и можноста да биде примена и од Ананич, министер во Кабинетот на претседателот на Република Полска, Лех Валенса и од високи функционери на Владата. Сугерира во составот на македонската делегација, покрај потсекретарот В. Габер да има претставник на Управата за конзуларни работи и Министерството за внатрешни работи. Во продолжение подвлече дека полската страна би сакала предмет на консултациите да бидат политичките, културните и стопанските прашања.

Во врска со мојата посета на Министерството за одбрана и разговорот што таму го водев, истакнав дека се водат соодветни консултации и дека пречка за водениот предмет може да биде ембаргото спрема Република Македонија од страна на Советот за безбедност на ООН. Реплицирав дека нема ембарго за размена на правна регулатива и обука. Прифати, велејќи дека оваа аргументација е доволна за да се донесе позитивна одлука за што своевремено ќе бидам известен. Дополнително ми сугерира да го посетам Пјотр Стахањчик, директор на Конзуларната управа и да договорам посета на полското Министерство за внатрешни работи, подвлекувајќи дека има сериозни прашања за кои е потребно двете министерства за внатрешни работи да контактираат на соодветно ниво.

На крајот се договоривме да се видиме на 23 мај.

Бранот од штрајкови, што почна во варшавската фабрика за трактори УРСУС (URSUS) се шири. Во Варшава е најавен штрајк со учество на половина милион демонстранти.

Во 12:00 отидов во претставништвото на Технометал-Вардар. Незакажано таму се сретнав со Станислав Јакса-Малаховски и Јан П. Драјчик, претставници на Регионалната полско-балканска стопанска комора. Во краткиот разговор ме информираа дека се заинтересирани да воспостават стопанска соработка со стопанственици од Република Македонија и за таа цел тие веќе подготвуваат 30 полски стопанственици кои на 5 јуни ќе заминат во Македонија на покана од Стопанската комора на Македонија и пред заминување до Амбасадата ќе го достават списокот на учесниците и прашањата за кои ќе преговараат со македонските стопанственици. Им реков дека планираната посета е корисна и без да го коментирам самоволието, се-пак им посакав успех и си отидов оптоварен со прашањето: - Дали за поканата на Македонската стопанска комора испратена до Регионалната полско-балканска стопанска комора знае Министерството за надворешни работи на Република Македонија, а ако знае, зошто не е известена Амбасадата во Варшава?

Во 15:00 од фирмата ми го донесоа компјутерот, печатачот и двата телефонски апарати. Сметката гласеше: 2 275 (две илјади две стотини и седумдесет и пет) американски долари.

20 мај 1995, сабота

Цела Полска е зафатена со штрајкови. Владата заседаваше и одлучи да не води дијалог со штрајкувачите. Истите (од URSUS), кои во 1976 година ги демонтираа шините, на истото место запалија автомобилски гуми. Прекинат е

железничкиот сообраќај. Нови шрајкови во фабриките за оружје.

Претседателот Лех Валенса молчи.

Еден мој познаник ми рече дека сè се прави поради претседателските избори. Ќе се издуваат, вели, до крајот на јуни, а потоа ќе почнат одморите и ќе завладее привидна тишина.

Полската телевизија во вестите во 19:30 објави дека во анкетата води Квашњевски со 24%, по него Куроњ со 12%, а Валенса со 9%.

Цел ден врне и студи. Ги средувам белешките, читам весници, вежбам, учам пишување на компјутер.

Во вечерните часови се враќам на вчерашниот разговор со амбасадорот Хмјелевски. Тој во текот на разговорот во неколку наврати ја употреби фразата – „ние имаме свои интереси и мораме да ги браниме“.

Испитувачки и упорно ме гледаше.

Сфатив дека ова се однесува на односите на Полска со Грција. Во последно време контактите меѓу двете земји се сè поинтензивни поради стремежот на Полска да влезе во НАТО и во Европската Унија. Поради зајакнувањето на односите Полска-Македонија, Грција може негативно да ја искористи својата позиција во НАТО и во Европската Унија. Ја искористив кратката пауза и реков:

- Јас потполно ги разбирам и ги почитувам ставовите на Полска, додека тие негативно не навлегуваат во односите Полска-Македонија. Вам добро ви е познат ставот на Грција во однос на Македонија и не би сакал да ги поматува односите меѓу Полска и Македонија. Јасно е дека секоја страна е должна да ги заштитува своите државни и национални интереси и тоа го прави и Македонија сметајќи и на поддршката на Полска која се бележи со традиционално

одличните односи и поддршка во текот на изминатите стотина години во кои свој истакнат дел имаат цела плејада полски истакнати интелектуалци, писатели, научници и политичари. Ние отворени сме за добри односи меѓу Полска и Грција кои цениме дека многу позитивно би повлијаеле во нашиот регион. Лично мислам дека позицијата на Полска во наредниот период се повеќе ќе јакне, а тоа е и во наш интерес.

Хмјелевски ме прекина и рече:

- Национален интерес на Полска е влез во НАТО и во Европската Унија, па оттука сакаме да имаме добри односи со Грција.

- И ние, господине амбасадоре и бидете сигурен дека добрите односи на Македонија со соседите, а посебно со Грција, ќе стават крај на вековното крваво и непријателско балканско јаболко на раздорот. Кон таква цел се свртени желбите и стремежите на Македонија. Соседи сме со земји кои засега не ѝ сакаат добро на мојата земја. Сметам дека таквите односи се ненормални и спротивни на една Европа која постојано се менува и носи нови вредности меѓу народите и државите. Сакаме добри односи и соработка, но не со условувања и диктат. Колку што ми е познато Полска е најголемиот противник на едно такво однесување. Оттука и нашиот интерес да продолжиме да имаме одлични односи со Полска чија улога во Европа несомнено ќе биде се поважна.

- Се согласувам со вашето мислење – рече Хмјелевски и замоли да преминеме на прашањето во врска со поканата В. Бартошевски официјално да ја посети Македонија.

- Господине – рече Хмјелевски – се чини дека ова прашање е тешко. Целиот календар му е преполнет.

- Јас, господине амбасадоре само ја исполнив неговата желба. Господинот министер побара покана и ја доби и рече дека

целата работа околу посетата му ја доверува на амбасадорот Хмјелевски, тоа значи вам, господине.

Се насмевна и рече:

- Ме прецени. Една официјална посета на министер за надворешни работи зависи од одлуката на претседателот на државата и премиерот. Но да го оставиме ова прашање за подоцна.

Реков дека не би сакал да навлегувам во тоа кој и зошто одлучува и тука заврши разговорот.

Се договоривме да се сретнеме на ручек во вторник, 23 мај. Можеби до тогаш ќе има нешто ново. Претпоставувам дека и идниот разговор нема да е лесен.

И уште нешто од вчерашниот разговор.

- Во врска со употребата на таблата со името Амбасада на Република Македонија, знамето на јарбол, меморандумите, знамето на службената кола – реков – ќе се придржувам на ограничувањата што ми беа поставени од страна на господинот Пјекарски, директорот на Дипломатскиот протокол. Имено ќе го применам белгискиот модел...

Хмјелевски горчливо се насмевна и рече:

- Што се однесува на тоа, признавам дека е направена ненамерна грешка. Кога сме при ова прашање, сакам да ве известам господине амбасадоре дека во преписката со македонската амбасада ние пред уставното име ќе ја употребуваме кратенката „П.Ј.“ („B.J.“) со мали букви...

- Со мали или големи букви – го прекинав – ништо не менувате, господине амбасадоре...

- Таква е практиката – ја продолжив прекинатата мисла – во сите земји членки на НАТО и на Европската Унија...

- Можно е дека е таква – го прекинав – ама вие сега не сте членка ниту на НАТО, ниту на Европската Унија. Ако тоа е услов за зачленување таму, тогаш проблемот ви е решен, ама јас ве уверувам, дека никогаш во преписката со полското МНР нема да ги употребам ниту големите, ниту малите букви пред уставното име – Република Македонија. Ве потсетувам дека во целата досегашна преписка двете страни го употребуваа уставното име и не ми е сфатливо настојувањето на полското МНР. Светот веќе навикна на името Република Македонија, господине амбасадоре.

-Точно е, но Грција...

- Грција, господине, ни направи огромна услуга. Благодарејќи на нејзиниот негативен, па би рекол и непријателски став, светот веќе не само што дозна, туку и навикна на постоењето на новата европска држава, Република Македонија, па дури само на името Македонија. Симпатиите на светот се на наша страна. Пребројте ги земјите, членки на ООН, кои нè признаа со уставното име.

Свесен сум дека овој дел од разговорот за амбасадорот Хмјелевски не беше пријатен, но јас тука сум и за да го бранам и афирмирам името Македонија.

21 мај 1995, недела

Денот не е за прошетка. Врне и студи. Цел ден со сопругата останавме „дома“. Читаме вчерашни весници, понекогаш гледаме досадна телевизија.

22 мај 1995, понеделник

Најпосле надвор малку е потопло.

Ветениот грб на Република Македонија, Игор Попов не ми го прати иако неколкупати ми вети. Ова изгледа како тоа народното: ако не овој понеделник, тогаш другиот петок.

Од Амбасадата на Република Хрватска стигна покана за учество на приемот што на 27 мај по повод националниот празник на Република Хрватска го приредува амбасадорот Брнелиќ.

Во 19:00 заедно со сопругата отидовме во ТЕАТАР БУФО (TEATR BUFFO), каде ќе настапи бугарската група „ТЕАТАР 13“ од Софија. Повод: „Денови на бугарската култура“. Интересна претстава со искористување на бугарскиот фолклор. Присутен тукуречи целиот Дипломатски кор.

За време на паузата разговор со албанскиот амбасадор, Фаја, средовечен весел господин, по професија архитект, студирал во Краков во времето на добрите односи меѓу Албанија и источно-европските земји, па оттука и неговото добро знаење на полскиот јазик. Разговорот постојано го врти околу тоа дека Албанците во Македонија немаат никакви човекови права.

- Лошо сте информирани, господине. Албанците во Македонија ги имаат сите права што им припаѓаат на малцинствата согласно Уставот и меѓународните договори. А треба да не заборавате Албанците во Македонија имаат свои политички партии, пратеници во македонскиот парламент и потпретседател на Парламентот.

- Да, ама немаат свои универзитети, нели? Тоа им пречи.

- А вам, господине амбасадоре, ви пречеше тоа што учевте на полските, а не на албанските универзитети? Вие сте образован и нема да ви пречи да разберете дека зад барањата за

таканаречените човекови права се кријат други цели. Така е или не е така, драг господине?

На ова Фаја:

- Не е токму така, ама сега е важно и главно да имаме добри односи и да сме добри соседи, а тоа што се прави веќе е ваш проблем...

- Што ни го создаваат некои од надвор со помош од внатре, нели?

Ѕвончето повика за одење на вториот дел од претставата.

„Дома“ се вративме во 22:00 часот. Во устата имам горчина од разговорот со албанскиот амбасадор.

23 мај 1995, вторник

Се јави албанскиот амбасадор. Рече дека од 4 до 6 јуни во Краков ќе се одржи форум на тема „Развојот на демократијата во Источна Европа“. Во списокот на учесниците ја има и Македонија. Праша дали сум ги добил материјалите и дали ќе учествувам. Му реков дека не ми е стигната покана. Ми го даде бројот на телефонот на Фондацијата на меѓународниот сектор за развој на демократијата. Му се заблагодарив, а потоа се јавив во Краков. Од таму ми се извинија, велејќи дека кога ги изготвуваа поканите, не ја знаеја адресата на македонската амбасада во Варшава. Ветија дека уште денес ќе ги пратат материјалите и поканата.

Во 10:30 се јави Никола Тодоровски од кабинетот на Андов во врска со поканата за претседателот на полскиот парламент и рече дека поканата е пратена на 31 март 1995 година. Го замолив да ми прати копија по факс. Вети дека веднаш ќе прати. Чекам.

По телефон разговарав со Билјана – архитектката. Рече дека е готова со планирањето на просториите и дека утре, 24 мај, после 9:00 часот ќе се јави. Најверојатно опремата за Амбасадата ќе се купува во Полска. Се јавив во две фирми и побарав да ми достават понуди.

Поради неопремените простории не можам да ги почнам протоколарните посети со странските амбасади во Варшава. Ако некој дојде, каде да го примам, каде да го седнам? Сѐ е голо. Телефонот, факсот и машината за пишување на прозорскиот парапет. Компјутерот и печатачот на подот врз картонските кутии.

24 мај 1995, среда

Денес ме изненади брат ми Ристо кој живее во Перт, Австралија. Се јави во 7:15. Со возбуден глас ми го честиташе отворањето на Амбасадата во Варшава, велејќи дека во Перт, Македонците, посебно тие од Костурско, се гордеат што Костурчанец е амбасадор.

По телефон ми се јави Виктор Габер. Се договоривме (начелно) неговата посета во Варшава да се одржи од 9 до 12 јуни. Потоа му се јавив на амбасадорот Хмјелевски го известив за предлогот на Габер. Соговорникот настојуваше предложениот термин да се почитува. Во текот на разговорот ме праша зошто ме нема во полскиот Сејм (Парламентот) каде говори министерот В. Бартошевски. Со изненаден тон му реков дека не сум добил покана, а тој изненаден и вчудовиден ми сугерираше веднаш да се јавам во Кабинетот на полското Министерство за надворешни работи и да прашам зошто не ми е пратена покана. Му реков дека подобро е тој таму да се јави.

По разговорот размислував дали да се јавам. За проверка му се јавив на амбасадорот на Словачка, Маријан, кој ми рече дека пред малку зборувал со Хмјелевски, кој му се пожалил зошто не е во Сејмот и дека во моментот во врска со тоа што не добил покана, пишува протестна нота и ми сугерираше и јас истото да го сторам. Само неколку минути подоцна ми се јави секретарката на Кабинетот и со тукуречи плачлив глас ми се извини затоа што не сум добил покана и на крај рече:

- Господине амбасадоре, простете, јас тука сум само секретарка, а за праќање покани други се надлежни.

- Немојте да се вознемирувате, госпоѓо. Се ќе биде во ред.

Тешко и мачно дишење во слушалката, а потоа липање.

Сепак и натаму размислував дали да испратам нота и да се пожалам. Одлучив настанатиот проблем сами да си го решаваат. Се јави Билјана и побара да ѝ пратам дополнителни податоци за димензиите на просториите. Одново измерив во сантиметри и ѝ ги пратив по факс во 15:00 часот. Ми се јави и рече дека ги доби бараните податоци и дека сега има појасна ситуација и утре ќе ги испрати своите мислења за распоредот. Разбрана и одговорна госпоѓа.

Ми се јави романскиот амбасадор и ми рече дека не ме видел на свеченостите во бугарската амбасада одржани по повод бугарскиот празник 24 мај, велејќи дека според неговите знаења тоа е македонски, а не бугарски празник.

Му реков дека јас со гола нога не газам на трња и дека повеќе ќе си речеме на некое од нашите чести видувања.

25 мај 1995, четврток

Во 9:00 средба во амбасадата на Република Хрватска и во 15:00 во амбасадата на Република Словенија. Средбите поврзани со одлуката на Владата на Нов Зеланд во врска со замрзнувањето на имотот на поранешна СФРЈ. Тројцата се договоривме да усогласиме заеднички став откако ќе добиеме конкретни инструкции од нашите МНР и дури потоа заеднички да побараме од полската влада список на југо имотот во Полска.

Се вратив во Амбасадата и напишав факс до МНР/РМ со барање да достават дополнителни податоци и инструкции во врска со југо имотот во Полска.

Во меѓувреме ми се појави проблем со чистачката која веќе два дена работи во Амбасадата. Имено од познат дознав дека порано, извесно време работела како службеник во Амбасадата на Грција во Варшава во одделението за издавање визи. Ја викнав на разговор и потврди дека таму работела. Истиот ден ја отпуштив.

По телефон ја побарав Дота Гранцарис, Македонка, од костурското село Кондороби, постојан жител на Варшава и школска другарка на мојата сопруга. Пред неколку дена беше во Амбасадата и се понуди да биде хигиеничарка, да пере, па и да готви. Со оглед на блискоста со мојата сопруга, заедно беа во ист дом и во исто училиште, сметав дека не ми приличи да ја ангажирам на таа должност. Згрешив и сега ќе се обидам да си ја поправам грешката. Дота работела како хигиеничарка во некоја хрватска фирма, а и како готвачка во австриска фирма. Наводно и плаќаат 700,00 (седумстотини) злоти, тоа е околу 412 марки, а јас можам да и понудм 400,00 марки. Се договоривме утре да дојде во Амбасадата.

26 мај 1995, петок

Денес по факс ми стигна планот за распоредот на опремата во просториите на Амбасадата подготвен од архитектката Билјана. (копија во архивот на авторот). Ми се допадна. Сè е добро.

По телефон се јави Мисајловски, кој е одговорен за средбата планирана за 9-12 јуни. Со тон на наредба рече да го побарам амбасадорот Хмјелевски и да му речам дека македонското МНР го потврдува предложениот рок за одржување на средбата. Му реков дека наредби не примам, а тоа што сака да ми го каже, да го стори по факс.

Амбасадорот Хмјелевски е во Будимпешта во придружба на претседателот Лех Валенса кој е во посета на Унгарија.

Стигна факс од Мисајловски. Моли на две страници да подготвам информација за политичките состојби во Полска.

Ми се јави амбасадорот на Словачка, Маријан и ме праша дали сега гледам телевизија. Му реков дека сум зафатен со други работи, но веднаш ќе го вклучам телевизорот.

На телевизија слики во живо од демонстрациите, тепачка со полицијата, има повредени (околу 30).

До доцните вечерни часови на полски јазик го пишувам писмото до Деканот на Дипломатскиот кор, Архиепископот и Папски Нунције во Варшава, Јозев Ковальчик. Ќе му го доставам во понеделник заедно со примерок избор поезија од Папата Војтила во мој превод на македонски јазик. Архиепископот Ковальчик е висока верска и дипломатска личност и писмото мора да е кратко и многу содржајно. Ја напишав првата верзија и не ми се допадна. Не ми се допадна и втората и третата и четвртата. Запишаните хартии ги фрлам на страна и почнувам да пишувам одново. Секоја реченица ја читам неколкупати, поправам зборови, пречкртувам цели редови. Новиот текст ми изгледа прифатлив. Го прочитав гласно неколкупати и одлучив ова писмо да го доставам. (Копија во архивот на авторот)

Во превод на македонски јазик писмото гласи:

Неговата Екселенција м-р Архиепископ Јозев Ковальчик

Варшава, 30.5.1995 г.

Апостолски Нунције и Декан на Дипломатскиот кор

во Варшава

Екселенцијо,

Чест ми е да ја известам Вашата Екселенција, дека врз основа на Договорот меѓу Владите на Република Македонија и Република Полска во рамките на успешниот развој на заемните односи, на ден 28 април 1995 година во Варшава е отворена Амбасада на Република Македонија во Република Полска.

Амбасадата се наоѓа во Варшава, на улица Доминикањска 15 (тел.факс: 43 13 26).

02-738 Warszawa

ul.Dominikańska 15

tel/fax. 43 13 26

Информирајќи Ве за ова, изразувам убедување дека Вашата Екселенција ќе ја прифати нашата активност во Дипломатскиот кор, а ние се обврзуваме достојно да го внесеме својот влог за сожителство со Дипломатскиот кор, почитувајќи ги неговите норми и статус.

Како новодојдени во Варшава, не знаејќи ги обичаите што се практикуваат во Дипломатскиот кор, очекуваме совет дали сами да известуваме за отворањето на Амбасадата или, пак, можеме да очекуваме љубезна помош од Деканот на Дипломатскиот кор.

Си дозволувам да го приложам списокот на амбасадите на државите кои во Варшава ги претставуваат своите држави со кои Република Македонија има воспоставено дипломатски односи.

Ограниченият круг на адресати во Дипломатскиот кор молиме да не го третирате како желба за одбегнување контакти со останатите мисии.

Користејќи ја приликата се осмелувам да приложам плод на мојот труд како преведувач.

Сакам да ја замолам Вашата Екселенција да обрне внимание на тоа дека преводот на песните од Светиот Отец е извршен и објавен во 1988 година и истата година на 24 мај му е врачен на Папата. Се надевам дека книгата, почитуван Архиепископе, ќе Ве заинтересира.

Убеден дека ќе ја имам можноста лично да ѝ се претставам на Вашата Екселенција, молам да примите изрази на почит.

Вршител на работите

д-р Петре Наковски

(Копија во архивот на авторот)

27 мај 1995, сабота

До пладне прошетка во шумата „Кабати“ („Kabaty“), јужно од Варшава, десет минути возење со метрото. Прекрасен сончев ден, топло. Прв пат толку топол и пријатен ден откако сме дојдени во Варшава. Попладне го прегледав полскиот печат. Централни вести: вчерашниот штрајк и тепачката на штрајкувачите и полицијата. Опозицијата тврди дека властите се организатори, а властите, обратно – дека штрајкот има политичка позадина. Двете страни тврдат дека во неа е вмешан претседателот Лех Валенса. Паролите – со антикомунистичка содржина; ретки се паролите за социјалните проблеми на работниците. Незадоволството на масите се користи за политички цели, пред сè за потребите на претстојните претседателски избори: левицата се прикажува како комунистичка, проруска, предавничка, антинародна и против интересите на Полска во смисла државата морално и политички да се разбие. Штрајковите со своите методи и организација – слични на оние од седумдесеттите и осумдесеттите години. Полското општество денес е раслоено и во услови на повеќепартиски систем – политички разбиено. Се чини дека десницата морално потпомогната од католичката црква и секако од западните структури, пред сè е преокупирана со режимските промени и борбата со комунистичкото минато и во тие напори нема што да понуди во иднина. Лех Валенса со помош на големиот број советници од разни области, одлично ја води политичката игра, потпирајќи се на популарноста што ја има од работничките средини. Од престојот во Унгарија тој побара неотповиклива оставка на Владата. Во моментот десницата остро стартува во кампањата за избор на својот фаворит – Лех Валенса.

28 мај 1995, недела

Во Варшава продолжуваат штрајковите. Во телевизиските коментари и анализи се изнесуваат оценки дека инспиратор на работничките штрајкови е претседателот Лех Валенса.

29 мај 1995, понеделник

Денес на челниот ѕид со поглед кон главната улица, ја монтиравме таблата со двојазичен натпис, на македонски и на полски јазик:

АМБАСАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

AMBASADA REPUBLIKI MACEDONII

WARSZAWA

Истовремено, на балконот го подигнавме и државното знаме со сонцето. Се прекрстив и гласно реков:

- Нека се виори и нека го потврдува во векови името наше македонско. Сопругата истрча на улица и од таму викна:

- Дојди да видиш колку убаво изгледа.

Направивме цел куп фотографии. Нека останат за спомен за идните поколенија. Со нив го обележуваме малиот, но многу значаен чекор што веќе го чекори Македонија.

Во 11:00 часот се јави амбасадорот Хмјелевски. Договоривме од 8 до 10 јуни да се одржат политичките консулации и програма. До МНР/РМ испратив телеграма за првпат напишана на меморандум на Амбасадата.

Се јави Кажимеж Бони, а потоа по факс извести дека делегација од полското Министерство за финансии ќе

отпатува за Скопје на 3 јуни о.г. Ова е прва посета и во догледно време во двете насоки, се надевам дека посетите ќе бидат побројни и покорисни. Моите залагања за зајакнување на соработката меѓу двете држави почнаа да се остваруваат.

30 мај 1995, вторник

Денес добив покана за учество на форумот: „Од комунизмот до демократијата – закани и шанси“, што ќе се одржи во Краков од 4 до 6 јуни. Мојот престој во Краков би значел петдневно затворање на Амбасадата, а во тоа време во тек ќе бидат подготовтките за престојот и за одржувањето на политичките консултации меѓу двете министерства. Во испратената телеграма сугерирав на форумот во Краков да пратат некого од Министерството.

Писмото и еден примерок од поезијата на Папата во затворен бел коверт денес му го пратив на Папскиот нунције и Декан на Дипломатскиот кор, Архиепископот Јозев Ковальчик.

31 мај 1995, среда

Ме изненадија денес од македонското Министерство за финансии. Со факс ме известуваат дека не добиле никаков материјал од полското Министерство за финансии. Одговорив материјалот да го побараат во Министерството за надворешни работи кај Ристо Блажевски или Ѓорги Мисајловски, подвлекувајќи дека во Краков лично, во присуство на потсекретарот Димитар Белчев ѝ ги дадов на секретарката Трипкова.

Можно е да ги зафрлиле? Кај нас сè е можно, посебно тогаш, кога не треба да се направи нешто добро.

Марко Шапкарев се јави и рече дека утре во 8:00 часот ќе дојдат работници од една фирма за да ја подготват основата за поставување јарбол за знамето. Од МНР/РМ по факс бараат да изготвам информација за одржаниот состанок на претседателите на осум европски земји што се одржа во Унгарија во времето од 26 до 27 мај о.г. Одговорив дека информацијата ќе ја подготвам откако ќе ги приберам податоците.

1 јуни 1995, четврток

Во 8:15 дојдоа работниците од фирмата. Им покажав каде да ја подготват основата. Во средината на дворот, меѓу зградата и оградата почнаа да копат, а потоа дупката ја наполнија со бетон во кој ставија четири железни шипки со навој. Рекоа дека ќе дојдат на 7 јуни за да го монтираат јарболот висок шест метри.

Ми се јави Мисајловски. Во негов стил, ми рече дека во врска со политичките консултации македонската делегација во состав Виктор Габер, Диме Ѓурев (од Министерството за внатрешни работи) и Ѓорги Мисајловски во Варшава ќе пристигне на 8 јуни во 12:45 часот. Во составот на делегацијата го нема вршителот на работите во Амбасадата, кој по својата функција ќе биде должен да ги реализира договорените одлуки од политичките консултации. Јас, рече, со нота на англиски јазик, за се ќе го известам полското Министерство за надворешни работи, а за твое информирање ќе ти пратам копија. Не го прашав зошто е отворена Амбасадата, ако надвор од нејзините надлежности некој си дозволува самоволие? Не напишав белешка. Си реков штом таков го трпат, нека продолжат и натаму. Веројатно него некој силно го поддржува, а јас прстот меѓу вратата нема да го ставам.

Ми се јави Хмјелевски во 16:00 и ми пренесе дека разговорите на претставниците на министерствата за внатрешни работи да се водат одделно. Се согласив. Ми препорача да се слушнам со Јан Венгжин, директор на управа во полското Министерство за внатрешни работи. Му се јавив и договоривме средба утре во 10:00 кај него на ул. Раковјецка 25.

Во 12:00 разговарав со Барбара Рогаљска, уредник во Втората програма на полската телевизија. Разговаравме за соработка меѓу полската и македонската телевизија. Рече дека ќе ми договори средба со генералниот директор. Госпоѓа Рогаљска со своите информации емитувани преку полската телевизија е наш одличен лобист.

Во 13:00 се слушнав со Марек Мрувчињски, директор на управата за односи со странство во полското Министерство за култура и уметност. Идната недела ќе се јави и ќе договориме средба.

2 јуни 1995, петок

Во 10:30 ме прими шефот на кабинетот (Јан Венгжињски) на министерот за внатрешни работи. Ја договоривме програмата за разговорите на претставниците на двете министерства.

Од МНР/РМ по телефон ми пренесоа дека ја прифаќаат мојата сугестија на состанокот во Краков да учествува претставник на Министерството за надворешни работи на Република Македонија, но бараат и мое учество на сесијата на амбасадорите (состанок на 4 јуни). Во 14:00 часот ми јавија дека на форумот во Краков ќе учествува Сашко Тодоровски кој утре во 16:40 со авион ќе пристигне во Варшава.

3 јуни 1995, сабота

На аеродромот го пречекав Сашко Тодоровски и со такси право во Амбасадата.

Беше вчудовиден од голотијата што ја виде. Го нахранивме и вечерта, во 19:00 со возот Интерсити го испратив во Краков.

Вечерта околу 20:30 и се јавив на д-р Емилија Аврамчева. И реков дека утрешниот ден нема да се видиме, бидејќи службено со воз заминувам за Краков. Д-р Емилија го прекина разговорот и се јави по петнаесетина минути и рече:

- Мој познаник утре патува за Краков. Дали ќе ти пречи да патуваш со него и јас да се приклучам?

Реков дека со тоа ќе ми направи голема услуга и дека на познаникот ќе му го платам бензинот и дневница.

Д-р Емилија на овој мој предлог одговори:

- Шегата настрана. Тоа не доаѓа предвид. А дали ќе ти пречи и јас да се приклучам, а со мене и Дитта? Ти таму ќе си ја тераш твојата работа, а ние ќе го посетуваме Краков. Дали ти одговара?

Се заблагодарив и договоривме за Краков да отпатуваме утре во 9:00 часот.

4 јуни 1995, недела

Дојдоа во 9:45. Кола „Пасат“ („Pasat“). Поаѓаме за Краков. Вози со 130-150 километри на час. Во 15:00 стигнавме. Дитта, д-р Аврамчева и возачот отидоа во посета на градот. Јас се вклучив во активностите на Форумот на тема „Од комунизмот до демократијата – закани и шанси“. Всушност

јас ќе учествувам само на сесијата на амбасадорите на државите на Источна и Централна Европа акредитирани во Варшава. Тема: „Новиот облик на европската безбедност“.

Претседава поранешниот министер за надворешни работи на Полска, Анџеј Олеховски.

Оценка: полската страна ја промовира пред амбасадорите својата опција за нејзино зачленување во НАТО со укажување на новите тенденции кои можат од Централна и Источна Европа да направат полигон за далекусежните игри на големите сили, па во таа смисла преку амбасадорите прави обид да ги анимира и владите на земјите од регионот.

Амбасадорите всушност прочитаа текстови што им беа испратени од нивните министерства. Јас побарав од МНР/РМ да ми испратат сличен текст, но не само што не ми испратија, туку и не ми одговорија на мојата телеграма, освен тоа дека треба да учествувам на сесијата.

Сметам за потребно да одбележам дека пред секој учесник стоеше табличка со името на државата. Пред мене табличка со името: MACEDONIA. (слика во архивот на авторот).

Учествувајќи во дискусијата ги изнесов следниве тези: Република Македонија, како суверена и независна држава, во својата надворешна политика, активно се придржува кон основните принципи на документите на ООН и поранешната КЕБС, како и Парискатa повелба за нова Европа. Врз тие основи има активен мирољубив однос спрема соседите и стриктно се придржува кон моделот на еквидистанцата. Прва ја примени превентивната дипломатија, во тек се реформите кои водат кон пазарно стопанство, ги почитува човековите права во духот и словото на меѓународно прифатените норми. Насока: вклучување во европските интегративни процеси; прием во НАТО и Европската Унија. Отфрлува секаква форма на влегување во коалиции кои се спротивни на европската опција. Со своите досегашни активности, Република Македонија придонесе за зачувување на мирот и

безбедноста во регионот, со што веќе има забележано свое место и дава свој активен придонес во општо европската безбедност.

Сесијата заврши во 17:00 и во 18:00 часот заминавме од Краков. Во Варшава стигнавме во 21:00. Возачот категорично одби да прими надоместок за бензинот и дневница.

5 јуни 1995, понеделник

За престојот во Краков и мојот настап до МНР/РМ испратив соодветна белешка.

Од Министерството за одбрана на Република Македонија стигна факс, но недоволно читлив. Замолив да го повторат.

6 јуни 1995, вторник

Во 7:45 се јави полковник Илија Николовски во врска со вчерашниот факс. Рече дека ќе го повтори факсот.

Денес дојдоа работниците и го монтираа јарболот за знамето. Висок е шест метри.

7 јуни 1995, среда

Знамето на Република Македонија на јарболот го подигнав во 8:00. Го избрав најголемото од петте што ги имам. Нека зафати што поголема површина од варшавското небо. Излегов на улица. Се вее нашето знаме со сонцето, зафаќајќи

тукуречи половина од челниот sид на Амбасадата. Радосен сум и многу возбуден. Ми се придружи сопругата и гушнати и се восхитуваме на глетката. Горди сме што ние го развеавме македонското знаме во Варшава.

Во текот на денот дефинитивно ја договоривме програмата за политичките консултации. Истовремено ја договоривме и програмата за разговорите меѓу претставниците на министерствата за внатрешни работи.

Досега ми стигнаа три понуди за мебел. Цените од 32 до 36 илјади злоти или во просек околу 15 илјади американски долари.

Постојано мислам дали јас да го изберам мебелот и целата друга опрема. Останав на одлуката тоа го направи некој друг. Барем на тој начин ќе бидам ослободен од озборувања. Секогаш ќе се најде некој да најде повод за да рече дека немам вкус или јабана се фрлени парите, а доколку тој би бил на мое место, би се одлучил за нешто поубаво. Таквите секаде ги има. Посебно кај нас такви мудреци и љубоморници вреат.

8 јуни 1995, четврток

Во 12:45 на аеродром да ја пречекам делегацијата на Министерството за надворешни работи во состав Виктор Габер, Ѓорги Мисајловски и Диме Ѓурев од Министерството за внатрешни работи.

Шеф на македонската делегација Виктор Габер, на полската - заменик- министерот за надворешни работи, Мелер. Преведувач: Беата Ристовска.

Разговорите меѓу двете делегации ќе се водат во резиденцијалната палата на полското Министерство за

надворешни работи. Без прекин се водеа од 13:30 до 16:00 часот и продолжија и во текот на ручекот. Двете страни разменија мислења со оценка дека има напредок во односите и соработката, но дека е потребно да се одржуваат што повеќе средби и разговори на ниво на експерти, па дури и на министри со цел да се зголеми соработката потврдена со потпишување соодветни договори од областа на стопанството, културата, науката, образованието и други области. (за ова со повеќе телеграми барав да се произнесе МНР/РМ, но не наидов на разбирање и дури сега за тоа се разговара, небаре тие, Габер и Мисајловски, се првите иницијатори). Габер не заборави да истакне дека со отворањето Амбасада на Република Македонија во Варшава веќе се почнати одредени активности и подвлече, како пример, дека веќе во Скопје се очекува пристигнување на делегација на полското Министерство за финансии.

Прашањето за официјалната употреба на името на Македонија остана да се разгледува на наредните консултации кои во ист состав ќе се одржат во Скопје.

Двете страни изразија задоволство од успешно завршените политички консултации, а при тоа заменик-министерот, Мелер, истакна дека успехот треба да му го должиме на амбасадорот Наковски, за несебичната ангажираност, тактичност и знаење, кој во кратко време успеа да воспостави контакти со сите државни институции и на тој начин на нему својствена способност да ја внесе вашата земја во Полска. Задоволство ми е да истакнам дека соработката меѓу македонската амбасада и полските државни институции, а во тој ред посебно со Министерството за надворешни работи е на високо ниво, благодарејќи на напорите на господинот Наковски за што ја користам приликата да му изразам благодарност, признание и надеж дека и натаму ќе ја јакне соработката меѓу Полска и Македонија.

Крај на официјалните разговори.

Разговорите на претставниците на министерствата за внатрешни работи ќе се одржат утре во Министерстото за внатрешни работи.

9 јуни 1995, петок

Во 9:00 часот македонската делегација ја прими Вјечоркјевич, висок функционер во полската влада. Во текот на средбата двете страни истакнаа дека односите меѓу двете земји одлично се развиваат и во таа смисла е потребно и натаму да се вложат напори за почести контакти. Соговорникот го честита отворањето на македонска амбасада во Варшава. Во 11:15 делегацијата ја прими полскиот министер за надворешни работи, В. Бартошевски. Разменети мислења за соработката во сите области, изрази задоволство за тоа дека веќе во Варшава има македонска амбасада. Му беше врачен оригиналот од поканата официјално да ја посети Македонија. Се заблагодари, истакнувајќи дека посетата му е голема желба и дека покрај преполнетата агенда, ќе се погрижи да ја посети Македонија.

Попладнето предвидено за одмор. Виктор Габер ми рече дека утре би сакал да ја посети Амбасадата.

Уморен се вратив „дома“. На сопругата ѝ реков дека утре во Амбасадата ќе дојде делегацијата од Македонија.

- Добро, ама каде ќе седнат?

- Таму, каде и ние – реков.

- Оди кај комшиите и замоли ги да ти позајмат една маса и четири столици, а потоа оди и купи кристални чаши и пијалаци, вотка, виски и сокови. Да ги дочекаме како што личи.

- Маса и столици нема да позајмам, а другото ќе го купам.

10 јуни 1995, сабота

Во 9:00 часот со такси отидов во комплексот вили каде вообичаено ги сместуваат странските делегации. Во дворот веќе ме чекаа Виктор Габер и Диме Ѓурев. Со комбе стигнавме во Амбасадата. Влегоа и занемеа. Редум ги посетивме сите простории.

-А каде спиете? – праша Габер.

Ја отворив вратата од спалната и реков – тука.

- На гумен душек?

- Па не на кралски кревет, Викторе.

Слеговме долу во големиот празен салон.

- А каде работиш?

- Тука – му ги покажав парапетите од прозорците каде беа ставени телефоните, факсот, машината за пишување и на подот компјутерот и печатарот.

Се свртев и сите ги поканив на пијалак. На расклатената туристичка масичка шише вотка, виски, сокови и пластични чаши, наместо кристални.

- Повелете – реков – кој што сака.

Смрзнати, занемени сами се послужија. Молк. Габер се загледа наоколу и рече:

- Просториите се одлични и жално е што се голи и празни. Колку пари ти требаат за ги опремиш?

- Мислиш Амбасадата? – го прашав.

-Да.

-Па...испрати некаде околу 35 до 40 илјади марки и после први јули дојди да видиш...

- Верувам дека по десетина денови ќе ги добиеш.

- Тебе ти верувам дека ќе си останеш на ветувањето.

Заврши посетата на Амбасадата и со истото комбе придружувани од полициска кола, отидовме во Виланув да ја посетиме кралската палата на полскиот крал Јан Трети Собјески, кој ги разби Турците под Виена.

11 јуни 1995, недела

Пред да заминеме за аеродомот, на Виктор Габер му врачив потсетник за потребите на Амбасадата.

На збогување ми рече:

- Прво купи спална и опреми ја кујната за да живеете како што треба. Останатото брзо ќе го решиме. Штета толку убави простории да се празни.

Полетувањето на авионот за Виена доцнеше половина час.

Во 14:00 часот се вратив во Амбасадата.

12 јуни 1995, понеделник

Тукуречи цел ден ги подготвувам писмата до дипломатските претставништва во Варшава со кои ги известувам дека на 28 април во Варшава е отворена Амбасада на Република Македонија и согласно со дипломатските обичаи, ќе ми биде чест да ме примат на протоколарна посета. Не ми стигнаа

визит-картите. Утре ќе отпечатам поголем број и писмата со кратка биографија ќе ги испратам по пошта.

13 јуни 1995, вторник

Денес очекувам да дојде во Амбасадата претставник на фирмата „ФАМА“ („FAMA“) за да изготви понуда за потребниот мебел. Од Дипломатскиот протокол ми се јавија и прашаа кој празник го одбележува Македонија – Илинден или 8 Септември. Им реков – и едниот и другиот.

14 јуни 1995, среда

Претпладнето со такси отидов во главната пошта и од таму испратив 82 писма до амбасадите во Варшава. Им се јавив на неколку мои пријатели – писатели и новинари.

15 јуни 1995, четврток

Во 9:30 по телефон ми се јави Габер. Ме извести дека дал налог да ми испратат 35 000 (триесет и пет илјади) марки и дека во Варшава ќе допатува архитектката Билјана и за контакт ми го даде бројот на нејзиниот телефон. По разговорот гласно извикав:

- Најпосле тргна работата и си ветив дека доколку стигнат ветените пари, тогаш до први јули комплетно ќе ја опремам Амбасадата, според советите на Билјана на која ѝ се јавив по телефон за да прашам кога треба да го очекувам нејзиното доаѓање во Варшава. Рече дека во понеделник или вторник е

можно нејзиното доаѓање за што ќе ме извести по телефон или факс. Ова е добра вест. А лоша вест е телеграмата потпишана од Мисајловски, со која известува дека и тој ќе допатува со Билјана за да помогне во изборот на најпотребната опрема. Веднаш со факс му одговорив дека воопшто не ми е потребна неговата помош и совети и најдобро е за приватни желби повеќе да не ми се јавува.

16 јуни 1995, петок

По факс ја испратив бараната листа на потпишани договори меѓу Полска и Југославија што ја добив од полското Министерство за надворешни работи.

Се јави Симка и ми рече дека денес ми испрати триест илјади американски долари за опремување на Амбасадата.

17 јуни 1995, сабота

Мирен и топол ден. Со сопругата отидовме во центарот на градот, за да ги видиме цените на опремата за кујната и за спалната. Сè ни се виде скапо и се вративме со празни раце.

18 јуни 1995, недела

Денот го поминавме на прошетка во шумата Кабати. Вечерта пишував разгледници за децата и пријатели во Скопје, во Канада, Австралија, Германија и до роднините на сопругата во Грција.

19 јуни 1995, понеделник

Средувам белешки. По телефон ми се јави заменикот на главниот уредник на весникот „Жечпосполита“ („Република“) и со жена му Лена не кани на ручек во 15:30 во кинескиот ресторан. Прифативме. Разговорот во текот на ручекот и по ручекот за сè по нешто. Ми предложи да напишам напис за малцинствата во Македонија. Го замолив тој да го напише, а јас ќе го снабдам со потребните податоци. Се согласи.

Во 17:00 во Виланов сопругата ја отвори изложбата на слики од децата учесници на Малиот битолски Монмартр.

20 јуни 1995, вторник

Денес имав средба со амбасадорот на Република Словачка, Маријан Серватка. Средбата и разговорот траеше од 13:30 до 14:30. Повод – протоколарна посета и некои актуелни прашања од односите меѓу Македонија и Словачка.

Се покажа дека амбасадорот Серватка добро ја познава современа Македонија, нејзината култура и историското минато, како и односите со соседните земји. Бил учесник на Семинарот за македонски јазик и литература во Охрид. Престојот во Охрид покрај учеството на семинарот, го користел неколку денови да ја посетува Македонија. Вели дека е лично многу приврзан кон Македонија и секогаш кога му се дава прилика лобира за нејзина афирмација. Истакна дека Словаците се многу пријателски расположени кон Македонија, а причината за ваквиот однос лежи во историското минато што преку Св. Кирил и Методиј ги

зближува двата народи. Истакна дека и неговата земја има проблеми со соседите – Полјаците, Чесите, Унгарците и Украинците, кои понижувачки и потценувачки се однесуваат кон Словачка и дека тешко му е да ја разбие оваа бариера, бидејќи дипломатските претставништва на неговите соседи здружено настапуваат во намалувањето на значењето на неговата земја. Посебно омаловажувачки и негативен е односот на Чешка и на Унгарија. Истакна дека Словачка има големи проблеми со унгарското малцинство кое брои околу 600 илјади и настапува слично како и албанското малцинство во Македонија. Во врска со ова разменивме слични мислења.

На крајот од разговорот го покренав прашањето за едностраното укинување од страна на Словачка за издавање визи на државјани на Република Македонија. Го истакнав примерот со неиздавањето визи на членовите на КУД „11 Ноември“ од Куманово кои во Полска мораа да патуваат преку Украина.

Амбасадорот Серватка истакна дека таквата одлука е донесена поради честото користење на словачката територија од страна на државјани на Република Македонија за перење пари, продажба на дрога, како и нејзино пренесување и продавање во Полска и преку нејзината територија во Германија и скандинавските земји. Замоли македонската страна со претходно најавување и список на членовите, со нота да ја известува словачката страна, која на групи, па и на поединци непречено ќе им издава визи.

Со амбасадорот Серватка станавме добри пријатели, честопати се сретнуваме и разменуваме мислења. Сè до завршувањето на неговата дипломатска мисија во Варшава се дружевме, а исто и нашите сопруги.

21 јуни 1995, среда

Ми се јави Симка и ми се пожали дека не може да ја најде адресата на Амбасадата во Варшава и затоа доцни со праќањето на печатот. Реков дека сите мои телеграми ги праќам по факс напишани на меморандум. Во долниот дел е адресата на Амбасадата. Буква по буква и ја издиктирав адресата.

Што да речам? Изгледа дека некој многу е заинтересиран да не успее македонското дипломатско претставништво во Варшава. Пророчки беа зборовите на претседателот Киро Глигоров, кој на средбата пред да заминам во Варшава, ми рече дека ќе наидам на тешкотии во Полска, ама најмногу во Македонија. Да ми беа правени тешкотии во земјата на приемот, би се снашол, би се справил, меѓутоа, како да се справам со некои во МНР.

Во 12:35 по телефон се јави Билјана Ивановска, архитектката. Рече дека во Варшава ќе допатува утре (22 јуни). Ѝ реков дека ќе ја пречекам на аеродром.

Циркуларната нота за протоколарна посета, грчката амбасада ја врати по пошта без никаква забелешка. Од другите амбасади пристигнуваат писма со одредување датум за протоколарни посети и со изрази на задоволство.

22 јуни 1995, четврток

Невообичаена средба со Папскиот (Апостолскиот) нунције и Декан на Дипломатскиот кор, Архиепископот Јозев Ковальчик, по повод испраќањето на ирачкиот амбасадор. Едно два чекори пред влезот во апостолското претставништво стоеше низок свештеник облечен во архиепископско расо и на главата црвено капче. Со раширени раце и блага насмевка, ги пречекуваше и се поздравуваше со

амбасадорите. Ми дојде и мене редот. Застанав пред него, очи в очи се гледаме. Испружи раце и праша:

- Со кого имам чест?

- Ваша еминенцијо, Македонија ве поздравува...

- Ах, драг господине амбасадоре на Македонија, мил мој амбасадоре Петре Наковски...

Се вчудовидов. Си реков - од каде ми го знае името и презимето, кога првпат се гледаме.

(Изгледа ми го запамети од нотата.)

- Се радувам. Многу се радувам и среќен сум што и Македонија има свој претставник меѓу нас.

Ме прегрна, јас навалив глава на неговото десно рамо (таков е обичајот) - Драг Наковски, мил амбасадоре на прочуената и прекрасна Македонија, повелете во салонот и уште од сега ве молам наредните денови да ме посетите. Повелете и јас ќе кажам неколку пријатни зборови за вас – се насмевна и шеретски ми намигна.

Салонот се полни со амбасадори или вршители на работите. Времето го искористив да се поздравам со амбасадорите на Хрватска и на Словенија и притоа им ја пренесов веста од полската телевизија, според која Полјаците по укинувањето на визите со Грција ќе можат без визи да патуваат по цела Европа освен по државите од поранешната СФРЈ. Беа изненадени и рекоа дека со ноти ќе побараат објаснување од полското МНР.

Се враќам на приемот. Неговата Екселенција, деканот на Дипломатскиот кор архиепископот Јозев Ковальчик, читајќи однапред подготвен текст, кажа убави зборови за ирачкиот амбасадор и откако му ја врачи сребрената чинија (на заминување сите амбасадори и вршители на работите учествуваат кај Апостолскиот нунције на испраќање и

добиваат чинија од чисто сребро за која секоја амбасада плаќа по 37 злоти) рече:

- Почитувани екселенции задоволство ми е во нашата средина да го поздравам д-р Петре Наковски, вршител на работите – тука прекина и ме повика да застанам до него и продолжи – на Република Македонија и во мое и ваше име да му го честитам отворањето на Амбасадата. Се надевам дека топло и срдечно ќе го поздравиме (ракоплескања).

Ми приоѓаа амбасадори, се поздравуваа, ми честитаа, ми закажуваа средби. Некои во шега ми велеа дека уште од првиот ден се гледа дека кај деканот на Дипломатскиот кор ќе имам посебен третман, дека нас така не нè пречека. На крајот од средбата Апостолскиот нунције кратко ме задржа и силно стегајќи ми ја десницата, рече дека деновиве би сакал да се видиме, за што со писмо ќе ме извести за денот на средбата.

Во Амбасадата се вратив необично возбуден од неочекуваниот срдечен пречек и однос од страна на Апостолскиот нунције.

Во 12:00 отидов во Домот на литературата по повод врачувањето на наградата за најдобар превод на годината. Добитник Данута Чирлич –Страшињска, добро позната на македонската литературна средина, за преводот на драмата „Сараево“ од Горан Стефановски.

Во 12:30 заедно со сопругата отидовме на аеродромот за да ја пречекаме архитектката Билјана Ивановска која доаѓа во Варшава со цел да ги види просториите во Амбасадата и да одлучи каков мебел е потребен. Авионот слета навреме. Со такси од аеродромот право во Амбасадата. Госпоѓа Билјана ги разгледа просториите, велејќи дека Македонија во Варшава ќе има најубава амбасада. По скромниот ручек ја однесовме во хотелот „Форум“ („Forum“) и се договоривме утре во десет часот со такси да дојде во Амбасадата.

23 јуни 1995, петок

Од 10:30 до 17:00 посетивме неколку фирми. Мебелот во фирмата „ЕВЕРЕСТ“ („EVEREST“) ни се допадна и се договоривме утре да потпишеме договор за мебелот. Вкупна цена околу 25 000 американски долари. Ручек во ресторанот „ФЛИК“ („FLIK). До нашата маса ручаат тројца мажи. Еден од нив ни пријде и праша од каде сме. Му рековме дека сме од Македонија. Јас му се претставив, велејќи му дека сум вршител на работите на македонската амбасада во Варшава. Господинот се изненади, рече дека се радува што Македонија е присутна во Варшава, а потоа се претстави, велејќи дека се вика Александер Квашњевски. Така го запознав идниот претседател на Полска, со кого за време на целиот мандат на мојата дипломатска мисија имав одлични односи. Во Амбасадата се вративме доцна. Скромна вечера и околу 22:00 часот, госпоѓата Билјана со такси ја вративме во хотелот.

24 јуни 1995, сабота

Пак тргнавме во потрага по мебел. Овој пат да видиме спални. Во австриска фирма видовме убави спални. Денес продавницата е затворена. Во понеделник ќе навратиме. Утре, недела, договоривме да го посетиме стариот дел на Варшава.

25 јуни 1995, недела

Од 11:00 до 15:00 ја посетуваме Варшава, Стариот дел, потоа кралската палата во Виланув. Времето врнежливо.

26 јуни 1995, понеделник

Утрото, по појадокот, отидовме да бараме спална. Во продавницата на австриската фирма видовме прекрасна спална и уште поубав шифоњер, ама многу скапи за нашите можности. Сопругата не трга око од спалната. Наредните денови ја купивме.

Во продавницата на фирмата „ЕВЕРЕСТ“ („EVEREST“) купивме соодветна опрема за кујната.

Истиот ден на аеродром. Со авион преку Виена ја испративме за Скопје госпоѓа Билјана Ивановска, која препорача мебел да купиме во фирмата „ЕВЕРЕСТ“ („EVEREST“).

27 јуни 1995, вторник

Стигна факс од Управата за конзуларни работи на полското Министерство за надворешни работи. Известуваат дека јавното обвинителство во Шчечин-Захуд покренало обвинение против тројца македонски државјани, по националност Албанци, поради обид за илегално преминување на полската граница со цел да одат во Германија. Сега се во затвор во Старгард Шчечињски.

За случајот го известив МНР на Република Македонија.

Во 11:00 кај доајенот на Дипломатскиот кор, Апостолскиот Нунције, испраќање на тројца амбасадори. Ми пријде амбасадорката на Индија и ме извести дека Република

Македонија и Индија воспоставија дипломатски односи. По свеченото испраќање се вратив во Амбасадата и по телефон го прашав Габер до 7 март оваа година, со кои земји Република Македонија има воспоставено дипломатски односи. Овој податок ми е потребен за да го искористам во средбите со амбасадорите акредитирани во Варшава. Рече дека веројатно со седум или осум. Не е сигурен дали се толку на број.

Во 14:00 пред Амбасадата стигна камионче и службеникот од фирмата со која договоривме да купиме мебел, растовари две фотелји завиткани во црна пластична фолија и ми подаде цел куп хартии – договор за купување на мебелот и замоли да го потпишам. Ја искинав фолијата и што видов? Стари и на места скината кожа. Го прашав од кој отпад ги донесе? Хартиите му ги фрлив под нозете, велејќи му веднаш, додека не викнам полиција, заедно со фотељите да го снема.

28 јуни 1995, среда

Се јавив во фирмата „ФАМА“ („FAMA“) и договорив утре во 9:00 часот да дојде шефот со проспекти од мебелот и да се договориме за купување.

Од 9:30 до 16:30 со цел Дипломатски кор на полигонот во Радич каде специјална единица демонстрираше вежба за заштита на дипломатските претставништва.

29 јуни 1995, четврток

Посебен ден. Ден на нашиот брак.

Одбележуваме 36 години заеднички живот во добро и во зло. Зад нас среќни, убави, но и бурни денови и две ќерки – Миленка и Тања. Целата наша среќа за која многу мечтаевме.

На сопругата и подарив златно синџирче со медаљон со ликот на Богородица.

Попладнето ја донесоа масата и шест столици за кујната и спалната. Најпосле легнавме в кревет како што доликува. Цели три месеци лежевме и спиевме на гумениот душек. Честопати се мајтапевме, велејќи – уште вода ни треба за да пливаме.

30 јуни 1995, петок

Добив одговор во врска со плаќањето данок во Република Македонија, односно за ослободување од плаќање данок од страна на дипломатите акредитирани во Република Македонија.

Во 10:00 го потпишав договорот со фирмата „ФАМА“ („FAMA“) за мебелот. До 5 јули да достават половина од мебелот, а 14 денови од потпишувањето на Договорот, целиот комплет.

Цена, вкупно 44.697,73 злоти од што:

Нето: 35.972,00 злоти

Превоз и монтирање: 1.798,60 злоти

VAT: 8.309, 53 злоти

Вкупно: 46.382,13 злоти

Рабат: 1.382,40 злоти

За плаќање: 44.697,73 злоти

Без VAT: 34.864, 23 злоти

Во USA: 15.027, 68 (однос долар-злота – еден долар - 2,32 злоти)

Целиот комплет – кожен.

1 јули 1995, сабота

За кујната купивме дополнителна опрема и тукуречи е опремена.

Во полскиот печат објавена информација дека сите странци при влегувањето во Словачка ќе мораат да плаќаат по 15 (петнаесет) американски долари. За ова го известив МНР/РМ.

2 јули 1995, недела

На проф. Стефан Мелер, заменик-министер за надворешни работи, по повод одликувањето со високо француско одликување, му испратив честитка.

3 јули 1995, понеделник

Амбасадата на Естонија со нота ме извести дека е отворена и дејствува во Варшава од 20 јуни 1995 година.

Уплатив 10 (десет) злоти во Апостолската нунцијатура како влог за заедничкиот подарок за белорускиот амбасадор кој порано е повлечен.

На фирмата „ФАМА“се уште и немам префрлено пари. Ќе ѝ префрлам тогаш, кога ќе го донесе целиот комплет од договорената опрема.

Денес го издадов првиот патен лист.

Добив покана на која првпат не пишува „П.Ј.“, туку само Република Македонија за учество на свечената седница на полскиот Сејм што ќе се одржи на 6 јули во 17:00 часот. Ќе говори Хелмут Кол. Потоа во 20:00 прием во Сејмот по повод состанокот на парламентарците на државите членки на Централно-европската иницијатива.

На приемот во Сејмот подолг разговор со Илинка Митрева, Игор и Казакова – парламентарци од Македонија. Ни се придружи и Милчаков, амбасадор на Бугарија во Варшава.

Договоривме утре, 4 јули, во 18:00 часот да ја посетат Амбасадата која се уште не е опремена.

На враќање во Амбасадата (се разбира со такси) и овој пат се обидувам да не чепкам во причините за потценувачкиот однос спрема македонската дипломатија од луѓето (дипломатите) кои работеле во Сојузниот секретаријат за надворешни работи, а сега се вработени во македонското Министерство за надворешни работи, ништо не работат, меѓусебно се озборуваат и се клеветат, се чудат дека кадрите од поранешниот состав пишуваат анализи, обработуваат теми, додека поголемиот дел од дојдените не знаат да напишат дури и обична белешка, па некои се чудат, велејќи дека ова не е министерство, туку некој институт во кој се обработуваат и анализираат теми од областа на надворешната политика. Така работевме ние, меѓусебно се почитувавме и ценевме. Сега во Министерството владее хаос. Тие, да ги наречам белграѓаните, на работа доаѓаат кога ќе им текне, остануваат некој час и ако сакаш да ги најдеш, тогаш барај ги во некое скопско кафуле. Само некои од нив зафатија раководни места. А честото менување на министрите за надворешни работи внесува сè поголем неред. Не изостанува

впечатокот дека Министерството е обезглавено и дека некои чекаат и се надеваат дека Македонија ќе влезе во некои нови сојузи, па оттука сметаат дека состојбата во која се најде Македонија е привремена и го чекаат своето време? Има за што да се размислува, па дури и да се сомнева во некои скриени намери и чекања. Сфаќам зошто нема одговори на голем број мои факсови со кои известувам дека бројни полски стопански фирми бараат соработка со македонски фирми, бараат стока што ја нема во Полска, а можат да ја најдат во Македонија. Молчат тие, кои се надлежни.

4 јули 1995, вторник

Македонските парламентарци не дојдоа во Амбасадата. Наводно биле премногу преморени, па оцениле дека подобро е да одморат, да подремат така, како што дремат во македонското собрание. Таквите и многу други како нив ценета држава нема да создадат.

Не дај, Боже, да грешам.

5 јули 1995, среда

Од 9:00 до 16:00 часот во Амбасадата, техничари ја монтираа телефонската мрежа, а работници од фирмата „ФАМА“ во просториите на Амбасадата ја местеа донесената опрема. Мебелот е кожен и прекасно изгледа.

Во 13:00 средба во Сојузот на полските писатели. Корисен разговор со претседателката на Сојузот, поетесата Људмила Маријањска. Договоривме нивен поет да учествува на Струшките вечери на поезијата, а на есен да се разгледа можноста група од 4-5 полски писатели да допатуваат во

Македонија на разговори со Друштвото на писателите на Македонија за натамошна соработка.

Денес не сум најдобро. Се повеќе чувствувам дека ми попушта здравјето.

6 јули 1995, четврток

Во 17:00 часот во Сејмот. Во галеријата целиот Дипломатски кор. Говореше Хелмут Кол. Многу ветувања за прием на Полска во Европската Унија и во НАТО. Удира со тупаницата на говорницата и тврди дека Европа не е Европа без Полска, дека на Европа ѝ треба нов вид соработка и пријателство. Одлично би било, вели, ако една таква соработка би се остварила што побрзо во која по скоро 1000 години непријателства ќе се роди нова Европа.

Со внимание ги гледам Полјаците. Скептично изгледаат нивните лица. Посебно во мигот, кога ја слушнаа реченицата, со која Кол истакна дека границата на Европа не е на реката Одра и Ниса.

Тука вреди да потсетам дека оваа граница беше поставена со одлуките на Конференцијата во Јалта, каде големите сили, САД, СССР и Велика Британија извршија нова поделба на Европа. Полска според тој договор се прошири на Запад до реките Ниса и Одра, од каде 1945 година беа протерани околу осум милиони Германци и на таа територија беа населени Полјаци од изгубените големи територии на Исток, кои му припаднаа на СССР, а со паѓањето на комунизмот, на Белорусија, а најмногу на Украина.

Говорот на Кол во полскиот Сејм наиде на широк публицитет во Полска во кој беа истакнати и сомневања во врска со искажаната реченица, дека границата на Европа не завршува на реките Ниса и Одра. Некои весници објавија и коментари

во кои се изнесени сомневања, дека Германија во иднина, Европската Унија ќе ја претвори во четврти рајх и со тоа ќе се врати на границите од 1937 година.

Да се вратиме во Сејмот каде по завршениот говор, голем број полски парламентарци му поставија не баш пријатни прашања на Хелмут Кол. Меѓу другите и претседателот на Сејмот, Јозеф Зих, му се обрати на Кол со прашањето како ќе го објасни настанот што се случи во Франкфурт, каде пред една недела биле претепани и протерани 300 Полјаци и дали тоа не е еден вид реваншизам? И второ прашање: -Како ќе ги објасни заканите на многубојните Германци кои ги посетуваат западните делови на Полска, дека еден ден ќе се вратат и од Полјаците ќе направат обични робови?

Говорот на Кол во Полска е примен со голема горчина и сомнежи.

Во 19:00 часот се вратив во Амбасадата каде пред влезот ме чекаше госпоѓа Лена, сопруга на Лукашевич. Заедно заминавме во Залеше, во нивната викендица. Друштвото - широк круг на новинари, познати коментатори. Тема на широката и бурна расправа – говорот на Кол во Сејмот. Никој не го одобрува, туку секој на свој начин го осудува. Јас останав неутрален. И покрај жешката расправа, поминавме една многу пријатна вечер, каде ја искористив приликата да ја раскажам тажната приказна за минатото на Македонија и ставот на соседите.

7 јули 1995, петок

Во 11:00 на разговор во полското Министерство за надворешни работи. Тема на разговорот: Меѓусебните односи со оценка дека се развиваат по нагорна линија и дека по одморите ќе треба да се интензивираат.

На децата им резервирав авионски билети преку Софија. Ги чекаме на 29 јули. Многу ни недостасуваат.

Во 15:00 часот отпатувавме во гратчето Шедљце. Таму, познатиот македонски сликар, Ниче Василев, ќе отвори самостојна изложба. Домаќинка е неговата сопруга, Полјачка по потекло, која на челниот sид, покрај полското знаме го стави и македонското кое им го подарив. Иако не се разбирам од сликарската уметност, одржав краток пофален говор. По отворањето на изложбата, средба со градоначалникот и други личности.

8 јули 1995, сабота

Утрото купив неколку весници. Во текот на денот ќе ги прочитам коментарите во врска со престојот на Хелмут Кол во Полска и неговиот говор во Сејмот. Белешката за настанот ќе ја пишувам утре.

9 јули 1955, недела

Пишувам збирна информација за посетата на Кол на Полска и неговиот говор во Сејмот и одразот во полскиот печат. Коментарите негативни. Акценти на неодобрување, споредби со политиката на Бранд во однос на полско-германските односи. Некои весници го фалат премиерот Олекси кој ја исфрли паролата „Заедно во Европа“, други го критикуваат. Во некои весници објавени фотографии од демонстрациите во Германија со пароли „Полска побрзо да биде примена во Европската Унија“ со што ќе се остварат надежите на протераните Германци во 1945 година дека ќе се вратат на своите имоти. Ваквите барања добро се прочитани од полската јавност, тврди полскиот печат.

10 јули 1995, понеделник

Во 11:00 средба во полското Министерство за одбрана. Потсетување и продолжување на разговорот воден на 30 март о.г. Прифатија сè што побаравме. Во Амбасадата се вратив многу задоволен.

Стигна факс од Министерството за култура и уметност. Министерот ќе ме прими на 15 јули во 10:00 часот.

11 јули 1995, вторник

Во Амбасадата дојдоа некои типови. Самоуверени. Рекоа дека се од Електро-Македонија и бараат под итно да им средам да добијат австриска транзитна виза. Се јавив во австриската амбасада и замолив на четворица македонски државјани да им издадат транзитни визи. Се согласија. На дојденците им реков дека таму ги чекаат. Еден од нив ги собра пасошите и излезе. Едниот од тројцата, има намуртено лице и ми личи на гладно куче, рече:

- Што му требаше на Скопје во Варшава да отвора амбасада? Не му беше доволна амбасадата на СФРЈ?

- Не отвори амбасада Скопје, туку Македонија? А за мртви тука не се разговара! – реков и ги замолив да одат во чекалната. Повеќе ми личеа на шверцери, отколку на службеници во Електро-Македонија.

Во 12:00 дојде Миодраг Шаурек. Од далеку рашири раце за поздрав, потоа се прекрсти и гласно рече:

- Кога го видов нашето знаме како се вее, не се воздржав од плачење. Тоа е гордост...

Мил, прекрасен, весел, исполнет со радост Миодраг Шаурек, познат во цела Македонија и зад него неговата сопруга, Тереса, Полјачка, ама веќе натурализирана Македонка. Одлично зборува македонски. Благословувања, изблици на радост и задоволство. Колку детски емисии во режија на Шаурек пренесе македонската телевизија под звуците на клавирот на кој со љубов секогаш беа разиграни прстите на пани Тереса!

- Прекрасно си ја уредил Амбасадата, а зградата личи на македонска куќа. Денес ми се разубави денот. И да ти речам, дека Варшава е поубава кога се вее македонското знаме.

Миодраг и неговата сопруга, пани Тереса, ги поканив во кабинетот и ги замолив да седнат на почесното место. На почетокот одбија, ама јас упорно настојував, велејќи им дека на такви личности им личи таму да седнат. Долг, пријатен, весел разговор не поматен со немилите состојби во Македонија. Со Миодраг зборувавме на македонски, а нашите сопруги на полски јазик. Не забележав кога се потроши времето од еден час. Миодраг погледна на часовникот и рече:

- Во Полска самиот не знам колкупати престојував. Сите посети ми се пријатни и драги, ама оваа, денешнава, најпријатна и најдрага. И морам да признаам дека најдоброто кафе во Варшава го испив во нашата македонска амбасада.

Многу срдечно и трогателно се збогувавме со драгите Миодраг Шаурек и неговата сопруга, пани Тереса.

12 јули 1995, среда

Денес е Петровден.

Ме трогнаа децата со телеграмата што ми ја испратија: „Мил Тато, ти го честитаме именденот со желби за добро здравје и успех. Те сакаме. Поздрави и до мама“.

Во куртоазна посета ме прими доајенот на Дипломатскиот кор и Апостолски нунције Архиепископот Јозев Ковальчик. Разговорот траеше од 10:00 до 11:15. Најмногу се интересираше за минатото на Македонија, односите со соседите, правата на македонското малцинство во Грција и во Бугарија, како и правата на малцинствата во Република Македонија, за односите со соседите, а најмногу за односите со Грција. На прашањата поставувани од Апостолскиот нунције одговарав во детали, наведувајќи конкретни примери за минатото, при што заеднички наоѓавме сличности во полското и македонското трагично минато. Во детали го запознав со актуелните состојби во Република Македонија и нејзините односи со соседите, за правата на Македонците во Грција и во Бугарија, како и за правата на малцинствата во Република Македонија. Поопширно го запознав за приемот на неколку илјади македонски бегалци, жртви на Граѓанската војна во Грција, за несебичната помош што Полска им ја даде во областа на сместувањето, вработувањето, здравството, воспитувањето и образованието на македонските деца, издавањето на комплет учебници за македонските училишта во Полска и за македонско-полските стопански, а посебно културните односи.

На крајот од приемот, Апостолскиот нунције изрази благодарност за опширните сознанија што ги доби од разговорот, истакнувајќи дека наскоро за оваа средба и разговорот ќе се најде белешка на масата на Светиот Отец со кого има лични пријателски односи.

На збогување ме замоли почесто да се сретнуваме, велејќи дека секогаш ќе најде време за разговори и дека секогаш

можам да сметам на негова помош во интерес за доброто и напредокот на македонско-полските односи.

На ова одговорив дека денешната средба за мене претставува голема чест.

Искрено, не очекував дека ќе ми посвети толку големо внимание, а средбата во целина беше одлична прилика Апостолскиот нунције да го запознаам со Македонија.

Попладнето со сопругата отидовме на посета на стариот дел на Варшава иако многупати таму сме биле. Во еден момент замоли да ја почекам и влезе во јувелирната продавница од каде излезе со прекрасен голем златен прстен со изгравиран натпис „На мажот ми Петре – Дитта, 1995“.

- По повод Петровден и сите други идни среќни поводи, носи го со здравје – рече.

Ретки се таквите мигови во животот.

13 јули 1995, четврток

Во 14:00 ручек со амбасадорот на Република Хрватска, д-р Иван Брнелич. За време на ручекот, зборувавме за состојбите во Босна и Херцеговина. Амбсадорот Брнелич цени дека таму ситуацијата опасно се развива. Се чуди што некои високо поставени Полјаци во полското Министерство за надворешни работи се големи србофили и многу работат за јакнењето на просрпското лоби. Според неговото мислење тие се служат со секакви средства и силно се поддржувани од одредени поранешни југословенски трговци кои останаа во Варшава и сега работат за Србија. Подвлече дека не се сомнева дека меѓу нив има и приврзаници од Македонија, но нивното влијание, поради слабо остваруваните приходи тукуречи е безначајно. Со шверцувани пиперки и турски џинси на

камионче не се полнат ќесите. За добра заработка се потребни шлепери и добро разработени шверцерски канали. Во тоа најдобри се Албанците од Македонија. Тие не шверцуваат пиперки и џинси, туку нешто што носи повеќе пари.

Во продолжение од разговорот, рече дека преку свои канали знае дека македонските трговци повеќе контактираат со српската амбасада, отколку со македонската. Тоа е жално. На ова му реков дека е тешко преку ноќ да се исфрли влијанието на српската култура, црквата, системот на образование, служењето војска, мешањето на бракови и многу други форми на денационализација што беше вршена цели осумдесет години. Мислам дека и кај вас, во Хрватска, сосема не сте ослободени од остатоците на влијанието што го вршеше Австроунгарија, Италија, па и Германија. Допрва почнавме да го живееме новото време и полека ќе се ослободуваме од тешкото минато, но, мислам, дека во ова ново време ќе продолжат влијанијата, но тие нема да се едностранн, туку заемни и таа заемност сигурно ќе не зближи и повеќе ќе се почитуваме. За да се оствари тоа, мора да се изврши промена на генерациите и тогаш и вие и ние ќе сме тоа што сакаме да сме. Од влијанијата на минатото сигурно е дека ќе се ослободиме, но ќе попаднеме под нови влијанија кои ќе ни бидат наметнати. Глобализмот и космополитизмот ни чука на врата.

Во текот на ручекот разменивме и други мислења, а средбата не ни беше последна.

Вечерта во Амбасадата дојде Ришард Биљски, новинар во весникот „Жечпосполита“ „Rzeczpospolita“, наш добар познаник и лобист. Му го дадов текстот за положбата на малцинствата во Македонија, што пред неколку денови му го имав ветено на Лукашевич, заменик на главниот уредник на весникот. Заедно со мојот текст му го дадов и интервјуто на Б. Ханџиски објавено во „Нова Македонија“. Вети дека ќе бидат објавени во наредните денови.

14 јули 1995, петок

Во 10:00 часот ме прими Вацлав Јанас, заменик-министер во Министерството за култура и уметност. Многу отворен, срдечен, пријатен и што е најважно – многу плоден разговор. Во текот на 45-минутната средба го запознав со досегашната многу плодна културна соработка меѓу Полска и Македонија.

Договоривме:

- Министерството за култура и уметност ќе финансира издавање на антологија на македонската поезија;

- ќе изврши соодветни разговори за снимање на филмот „Жолтиот трендафил“ и ќе вложи напори да се најде документарниот филм за престојот на македонските и грчките деца во Полска снимен 1950 година во Згожелец;

- идната година Полска ќе учествува на Охридско лето со оперски пејачи;

- најдоцна до октомври о.г. ќе организира промоција на македонскиот филм „Пред дождот“ (од наша страна да им се достави листа на дијалози);

- прифати отворање на изложба на теракотните икони, а има интерес и за организирање изложба на македонски средновековни икони.

Договоривме натамошните разговори во врска со наведените активности да се водат на ниво на експерти од двете страни.

Натамошниот разговор го посветивме на тоа што е направено од македонска страна за афирмација на Полска во Македонија. Заменик- министерот го информирав дека македонската телевизија веќе емитуваше неколку сериски полски филмови. Дополнително се преведени и објавени

редица романи од полската класична и современа проза, како и редица поетски збирки и дека полскиот поет Тадеуш Ружевич е добитник на Златниот венец на Струшките вечери на поезијата. Преведен и објавен е избор песни од Папата Војтила и му е врачен на свеченостите по повод 24 Мај. На идните Струшки вечери ќе биде промовирана „Антологија на полската современа поезија“ и дека на соодветен начин ќе биде одбележан Меѓународниот ден „Двесте години од раѓањето на полскиот поет Адам Мицкјевич“, како и други културни активности кои внесуваат свој влог во збогатувањето на културната соработка.

Средбата ја завршивме со ветување дека ќе се среќаваме и во други прилики.

На враќање во Амбасадата по пат го сретнав романскиот амбасадор Joan Григореску, со кого веќе имаме воспоставено одлични односи и честопати се сретнуваме по разни поводи. Секогаш тврди дека неговите предци, некаде пред стотина години од Македонија на печалба се преселиле во Романија. Му реков дека сигурно биле Власи. - Не, рече, јас тврдам дека биле Македонци. Од тука и разговорот со него секогаш е многу срдечен. Ми рече: - Дај да одиме, на едно кафе и таму, без да не гледаат на улица, да си позборуваме.

Во текот на разговорот дознав дека амбасадорот Joan Григореску е роден 1930 година, значи шест години е постар од мене, од млади години се занимава со пишување, но најмногу со филмска дејност. Активен бил во соборувањето на режимот на Чаушеску, како еден од раководниот круг и дека бил ранет, меѓутоа паднал во немилост поради несогласувањето за одредени ставови на новата влада и поради тоа го пратиле амбасадор на Романија во Варшава. Ми се пожали дека досега не му успеа да потпише ниту еден договор со Полска, дека наиде на недоразбирање од страна на Полјаците во врска со барањата на Романија да се зачлени во Централно-европската иницијатива и побара поддршка од Република Македонија. Негативно се изрази за грчкиот однос

спрема Македонија. Рече дека има добри врски со грчкиот амбасадор во Варшава и ми предложи да ме запознае со него. Прифатив. Во продолжение на разговорот истакна дека Романија и Македонија имаат добри односи, кои најдоа одраз и на средбата и разговорите меѓу претседателите на двете земји во Краков во јануари 1995 година. Откако го доиспи кафето, ме праша:

- А ти како стаса тука?

- Сега со авион – реков – ама пред тоа како дете бев во Албанија, а потоа три месеци во Романија, во Орадеа и потоа во Полска. И пеш и со камион и со воз го врвев патот...

- Значи не си останал да печалиш во Романија, како моите предци?

- Во Романија, поправо во Букурешт останаа и печалеа тие, кои не искоренија, челниците на грчките комунисти.

На амбасадорот Григореску долго му ја раскажував приказната за мојот пат и за патот на моите Македонци.

Несреќите цврсто ги зближуваат луѓето и во заедничките отворени разговори им ја олеснуваат нивната болка.

По средбата со романскиот амбасадор, пеш се враќам во Амбасадата. По пат размислувам дали навреме мојата белешка за разговорите во полското Министерство за култура и уметност од МНР ќе биде пренесена во Министерството за култура на Република Македонија. Па кој таму се разбира од култура? Зарем ќе има разбирање некогашниот провинциски учител Алиу, кој од Косово се пресели во Македонија и стана министер за култура на Република Македонија и тие Жељки, Јованки и ним слични дами кои повеќе се посветени на муабети со пиење кафе и пушење цигари. Па тука се и годишните одмори и знаејќи ја брзината за средување на важните прашања, се сомневам дека и оваа белешка, како и многу други ќе собира прашина

на работната маса на Ристо Блажевски. Ми паѓа на ум да им напишам писмо на некои умни личности кои го разбираат зборот култура и нему му се посветени, но тие се надвор од sидовите на министерствата.

Почна ситно да роси. До мене застана такси. Таксистот подаде глава и со блага насмевка ме праша:

- Podwieżć Pana, Panie Ambasadorze? (Да ве префрлам, господине амбасадоре?)

- Dziękuję, pospaceruję... (Благодарам, ќе прошетам)

Од населбата Мокотув, каде се наоѓа Амбасадата сите таксисти ме познаваат, бидејќи најчесто ги користам нивните услуги.

Во Амбасадата ме чекаше големо изненадување. Донесен е комплетот од мебелот и сместен според планот на арихитектката Билјана Ивановска. Гледам и не можам да се изначудам. Досегашната празнина ја снема. Сега просторииte личат на амбасада. Така де, а тој, кој ќе дојде после мене ќе има на што да седне, каде да работи, каде да одмори и највероjатно ќе се жали и ќе се фали дека ако тој сега би бил на моето место, би купил многу поубав мебел. Таквите во Македонија не се бројат на прсти.

15 јули 1995, сабота

Небаре денот неработен, но за мене е исполнет со средување и пишување белешки. Одмор некој друг ден.

16 јули 1995, недела

Недела и од самоти зора врне. Црквата Свети Доминик што се наоѓа спроти Амбасадата врвеж од верници. А врне, та врне, а верниците врвца, едни влегуваат, а други излегуваат. Така секој час. На верниците им е одредено времето кога да одат в црква и на тоа се придржуваат. Тука има најголем ред, послушност, мир и тишина.

17 јули 1995, понеделник

Сепак, им напишав писма на Анте Поповски, Јован Павловски и Борис Вишински. Ги замолив со своето влијание да се заложат да се оствари барем дел од тоа што договорив за соработката во областа на културата. Им верувам.

Децата по телефон ми го честитаа роденденот – 17 јули 1937 година. А тој ден не ми е вистинскиот роден ден. Ми го измисли полскиот воспитувач. Не построи и редум, прашуваше и запишуваше кој кога е роден. Кога дојде до мене му реков дека тетка Евгенија, жената на која ѝ беа доверени децата кои ги одведоа во странство, момчињата од моето село кои биле родени меѓу 1935 и 1937 година, меѓу нив и јас, сите ги запиша дека се родени 1937, а денот и месецот не го знаеше ниту за своите деца, а камо ли за другите. Воспитувачот ми ја запиша годината и потоа ме праша кој ден и кој месец сме денес. Му кажав кој месец сме денес и запиша јули, а потоа почна да брои и изброја дека во стројот сум на седумнаесеттото место. Ми рече: - сега и понатаму да запаметиш дека си роден на 17 јули, значи седмиот месец 1937 година. Така запиша и така јас, по умот на мојот воспитувач сум роден на 17.7.1937 година, а многу подоцна дознав дека во црковните книги, кои се чуваат во општинскиот архив на костурската општина Нестрам е запишано дека сум роден на 15 јуни 1936 година. Па сега ми останува повеќе да му верувам на попот кој ме крстил.

Стигна писмо од Тања. Многу се израдувавме.

Порасна нашата Тањушка, влезе во текот на животот кој носи и радост и грижи и тага и болка. Го читам и го препрочитувам нејзиното писмо и ја чувствувам нејзина тага. Тагувам и јас. Ми доаѓа да заплачам и со плачот да си ја смирам душата и срцето. Наши Миленка и Тања, сакам да знаете дека многу ни недостасувате и да знаете дека многу сакам да ми седнете на колено, да ве гушнам и да ве полулам, да слушнам како тивко потпевнувате. Тагуваме затоа што не сме заедно, ама и се радуваме со мајка ви, драги наши девојчиња, што се снаоѓате со тешкотиите што ги наметнува животот и тоа секогаш и секаде ќе ве следи и од тоа не се бега, туку му се става чело и пркос кога ќе натежне.

Уште малку, уште некоја недела и ќе бидеме заедно макар и кратко, но секогаш заедно.

Ве чекаме...

18 јули 1995, вторник

Се јави секретарката и рече дека министерот се уште не го има потпишано налогот за праќање кола.

-Ако, ќе почекам, реков и се нафатив да го прегледам денешниот полски печат. Многу вести околу претстојните претседателски избори. Цело огледало на делби и разделби на полското општество. Секој на свој начин ја гледа демократијата, му суди на комунизмот и на тие кои владееле и владеат. Бисер до бисер совети.

Ја прегледав сметката за вториот дел од мебелот. Најдов дека фирмата пак ми наплаќа за превозот и монтажата. Утре ќе го

викнам „агентот“ (така ги викаат испорачувачите) и ќе ја расчистам сметката.

Ми се јави Тања. Билетите - рече - не чинат, на нив пишува дека полетуваме на 14 јули, а се враќаме на 29 јули, а треба да е обратно, значи од Софија полетуваме на 29 јули, а се враќаме на 14 август. Се јавив во „Балкан“ и ја исправивме грешката. Ја искористив приликата за нас да резервирам авионски билети за Скопје со полетување за Софија на 7 септември.

Денес ги потпишав договорите за прием на работа на секретарка и хигиеничарка.

Од Љубљана ми се јави амбасадорот Мирчев. Доаѓа во Варшава на некој конгрес што ќе се одржи на 11 август. Тоа што го бараше, му го подготвив.

19 јули 1995, среда

Долг ноќен разговор со скулпторот Јото Димитров. Заинтересиран е во Скопје да осложи свои дела. Му веттив дека ќе се погрижам да му помогнм.

20 јули 1995, четврток

Во полското Министерство за надворешни работи, по нивно барање, ме примија во 11:00 часот. Разговор со функционери од Департаментот Европа I, надлежни за европските интеграции и системите во ООН. Замолија да им ги пренесам ставовите на македонското Министерство за надворешни работи во врска со консултациите околу 50-то. Генерално заседание на ООН.

Во врска со прашањето за влегување – зачленување - на Република Македонија во Европскиот совет, истакнаа дека Полска на Македонија ќе и даде целосна поддршка. На крајот од разговорот изразив благодарност и надеж.

Денес претседателот Лех Валенса стави вето на Законот за приватизација на големите претпријатија.

Повод за големи караници и навреди во полскиот Сејм.

21 јули 1995, петок

Бура од расправии во Сејмот. Се добива впечаток дека полската десница се распаѓа. Шансите на Александер Квашњевски за претседател на Полска секој ден растат.

Во Амбасадата дојдоа мајстори и ставија врата во кујната. Сега веќе се оформи секретаријатот, кој тешко е да се одделе од големиот салон.

Од Амбасадата на Швајцарија стигна покана за учество на коктел што ќе се одржи на 25 јули. Адресирана е со уставното име - Амбасада на Република Македонија.

Во 18:00 часот на коктел во Амбасадата на Белгија. Запознав неколку влијателни полски парламентарци. Во разговорите ми ветија дека лично и политички ќе се ангажираат во поддршката на Македонија. Во нивно присуство многу убаво за Македонија зборуваше Апостолскиот нунције Архиепископот Јозев Ковальчик.

Во 22:00 по телефон ми се јави Паскал Гилевски. Охрабрувачки и пријателски разговор.

Дознавам дека министерот Стево Црвенковски петти ден го нема во Министерството. На неговото биро секој ден расте купот на непотпишани решенија и одлуки. Меѓу нив и

одлуката за праќање кола за потребите на македонската амбасада во Варшава.

Од контактите со некои македонски амбасадори добивам сознанија дека на нивните информации и факсови немаат никаков одговор од Министерството за надворешни работи, па и инструкции.

Јас не сум исклучок.

Задоволен сум што со многу труд и залагање просториите во Амбасадата ги средив со современ и многу убав кожен мебел. Сега просториите имаат лик на вистинска амбасада. Добро е да се има трошка задоволство и покрај тоа што таму во Скопје, во централата, значи Министерството, некој се однесува премолчано и со потценување. Тоа го тврдат и други мои колеги – амбасадори, кои се надеваат дека на пат се подобри времиња.

Лично се сомневам бидејќи знам кој таму советува и кој расипува.

22 јули 1995, сабота

Многу топол ден: 33 степени. Горештина и спарно. Двата стари лустери со три сијалици обесени во салонот ги симнавме и отидовме со Дитта в град за да купиме нови. Посетивме повеќе продавници и најпосле во стариот дел на Варшава најдовме продавница со стари класични лустери, секој со по дванаесет сијалици и многубројни обесени кристали. Додека сопругот на Дота ги монтираше, Дота, нашата хигиеничарка и пред многу години наша школска колешка, ја бришеше прашината од кожниот мебел. Меѓу двата прозорци стои исправено македонското знаме. Окото се наполни со убавината на салонот кога на таванот блеснаа 24-те сијалици затскриени меѓу бројните кристали. Само подот е

гол, ама и покрај тоа, сега веќе можам да примам амбасадори и други личности на протоколарни посети.

23 јули 1995, недела

Петпладне – посета на Варваша и прошетка по нејзините паркови.. Попладнето - пишување извештаи.

24 јули 1995, понеделник

Во 13:00, во полското Министерство за надворешни работи по нивно барање. Повторен разговор во врска со консултациите за 50. заседание на Генералното собрание на ООН. Овој пат ме прими ополномоштен министер. Сугерирав нивен претставник да отпатува на консултации во Скопје. Се согласи. Од Амбасадата пратив белешка до Министерството за надворешни работи на Република Македонија.

Ми се јави секретарката Васка и рече дека министерот се врати и веројатно денес или утре ќе го потпише решението за колата и се шушка дека веројатно ќе лета...

Ја прекинав и реков:

- Нека лета, само побрзо и пониско...

По телефон ми се јави полскиот критичар Пјотр. Се договоривме антологијата на полската современа поезија да ми ја достави до 10 октомври. Во врска со ова, со писмо му се јавив на Јован Павловски, претседател на Друштвото на писателите на Македонија со молба до истото време да ја добијам и Антологијата на македонската современа поезија. Од Министерството за култура на Република Македонија, кое

порано, верувам, го известија од МНР за реципрочно издавање антологии и натаму – молк. Веројатно министерот Алиу, скоро доселен од Косово, па сега министер за култура, е презафатен со учење на македонскиот јазик, па можеби затоа нема одговор.

До пристигнувањето на децата останаа уште четири дена. Многу...

25 јули 1995, вторник

На коктелот во Амбасадата на Швајцарија имав подолг разговор со заменик-министерот на полското Министерство за надворешни работи, Стефан Мелер. Разговорот се водеше во врска со неговата посета на Македонија. Договоривме да се видиме на вечера на која го поканив и тогаш можеме да се договориме за одредени детали. Прифати. Во врска со разговорите што ги водев, Министерството за култура ќе помогне да се реализираат издавањето на антологии и отворање изложби.

Доцна вечерта проверив на колку мои телеграми немам добиено одговор. Вкупно немам одговор на 28 телеграми доставени до Министерството за надворешни работи на Република Македонија. Сите со важни пораки.

Зошто нема одговор?

26 јули 1995, среда

Се јави Ѓорги Мисајловски. Ме праша:

- Зошто честитките по повод празникот 2 Август се испратени преку Амбасадата на Полска во Виена и му се врачени на Тафчиовски? Да провериш –ми заповеда – и да јавиш.

Му реков прво да се разбере нашата амбасада со полската во Виена, да ми го прати текстот на честитката, а тоа што го бара од мене, да ми го потврди со факс и дека ако одговор на тоа прашање е во моја надлежност, тогаш јас во текот на денот со нота ќе побарам одговор од полското Министерство за надворешни работи. По два часа од Мисајловски добив сè што побарав.

Честитката е на германски придружена со превод на македонски јазик. Се запрашав зошто амбасадорот Тафчиовски ги прими честиките, туку не и ги врати на полската амбасада со соодветен одговор?

Како што ветив, до Дипломатскиот протокол на полското МНР ја пратив следната нота:

АМБАСАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр./No АРМ/В/12/95

Амбасадата на Република Македонија во Варшава на Дипломатскиот протокол на Министерството за надворешни работи на Република Полска му праќа изрази на почит и има чест да му ја пренесе молбата на Министеството за надворешни работи на Република Македонија да добие одговор зошто честитките по повод Националниот празник на Македонија, 2 Август, се испратени преку Амбасадата на Република Полска во Виена и да потсети, дека досега слични честитки беа пренесувани преку Амбасадата на Република Полска во Белград или директно до Министерството за надворешни работи на Република Македонија и дали ова

треба да значи, дека Амбасадата на Република Полска во Виена е надлежна да ја претставува Полска во Република Македонија преку Виена?

Министерството за надворешни работи на Република Македонија изразува вчудовидување поради наведениот случај и прашува зошто не е искористена Амбасадата на Република Македонија во Варшава и во врска со тоа има чест да потсети за нејзиното постоење и активност.

Министерството за надворешни работи на Република Македонија истовремено информира дека ја инструира Амбасадата на Република Македонија во Виена во иднина да откажува прием на такви или слични материјали од Амбасадата на Република Полска во Виена.

Амбасадата на Република Македонија во Варшава ја користи приликата уште еднаш на Дипломатскиот протокол на Министерството за надворешни работи на Република Полска да ги повтори изразите на највисока почит на Дипломатскиот протокол на Министерството за надворешни работи на Република Полска. ПН

Варшава, 26 јули 1995 г.

Дипломатски протокол

на Министерството за надворешни работи

на Република Полска, Варшава

Печат на Амбасадата

Копија од нотата испратив во МНР/РМ.

Стигнаа туристичките плакати од Струга. Ги прати струшкото Градско собрание. Утре ќе им разделам на разни полски туристички агенции.

27 јули 1995, четврток

Во 10:00 часот ја однесов нотата во полското Министерство за надворешни работи.

Се јавив во Градското собрание на Варшава. Побарав средба со градоначалникот (воеводата) Јастшембски, со кого се запознав во времето по земјотресот во Скопје, кога 1964 година, есента, од Полска стигна поголема група полски урбанисти, меѓу кои беше и тој, а јас бев ангажиран како преведувач. Ми закажаа средба на 3 август. Од таа екипа досега пронајдов двајца: Станислав Јанковски и Јануш Черпињски, кој ме посети првите денови од отворањето на Амбасадата. Јанковски вети дека ќе ме посети по годишните одмори.

Во сите весници објавена е информацијата за оставката на Тадеуш Мазовјецки од должноста специјален известувач на ООН за заштитата на човековите права по распаѓањето на СФР Југославија и остро ја осудуваше војната во Босна. Пред тоа тој беше првиот премиер на Полска по паѓањето на претходниот режим. Со помош на полската новинарка, која беше постојан дописник на Радио Варшава во Софија и во тоа време, декември 1991 година, престојуваше во Скопје, го запознав во ресторанот на скопскиот хотел „Континентал“. Долго разговаравме за правата на Македонците во Бугарија, а посебно во Грција, како и за приемот во Полска на македонски и на грчки деца и цивилно население, жртви на Граѓанската војна во Грција. Во текот на мојата дипломатска мисија во Полска со Тадеуш Мазовјецки имав повеќе средби кои резултираа со негово активно ангажирање во корист на Република Македонија. Беше нејзин лобист и приврзаник. Многу го ценеше мојот труд вложен во преводите на полската литература на македонски јазик. Беше изненаден кога му реков дека зад мене се триесетина дела на полската

класична проза и современата полска поезија. Културата, велеше, трајно ги врзува и сплотува луѓето, народите и државите отколку политиката. Културата остава трајни врски, а политика може да ги подобри или да ги помати или да ги раскине. Неговите совети во извршувањето на мојата дипломатска мисија необично ми беа корисни. Нашите разговори беа отворени и срдечни и тоа нѐ зближи. За мене вратата на неговиот кабинет секогаш беше отворена.

Цврст, непопустлив политичар и личност која саможртвувано секогаш стоеше на браникот на полските национални интереси. Беше како кремен, кој тешко се крши.

28 јули 1995, петок

Утре, со авион преку Софија, ни доаѓаат децата. Со нетрпение ги чекаме.

Полскиот печат, телевизијата и радиото не престануваат остро да ја коментираат оставката на Мазовјецки. Според коментарите тој наводно се покажа неспособен да изврши притисок врз ООН за да заврши војната во Босна. Си спомнувам дека во еден разговор по неговата оставка ми рече дека војната во Босна нема локален карактер, туку е резултат на интересите на големите.

По повод претстојниот празник Илинден, испратив честитки до претседателот на Република Македонија, Киро Глигоров, претседателот на Собранието, Стојан Андов, премиерот Бранко Црвенковски и министерот за надворешни работи, Стево Црвенковски.

29 јули 1995, сабота

Денес ги чекаме децата. Од Софија авионот ќе полета во 15:45 по бугарско време, во Варшава ќе слета во 16:40. Ние веќе сме на варшавскиот аеродром. Авионот доцни. Слета во 17:00 часот. Сите сме радосни и среќни.

30 јули 1995, недела

Денот ни е како празник. Сите сме заедно на иста маса. Добар е и мигот и денот и дај Боже сите денови да се добри. Младиот Маличовски, сопственикот на куќата која сега е амбасада се понуди со неговата кола децата денес да ги запознае со дел од Варшава. Прифатија и цел ден ги немаше. Се вратија уморни, ама многу задоволни.

31 јули 1995, понеделник

Во 9:00 интервју за Радио Варшава, II програма. Тема на интервјуто – македонско-полската културна соработка, потоа „спорот“ со Грција. Опширна информација од подалечното минато, до денес. Новинарката изненадена поради негативниот однос на Грција кон Македонија. Се надевам дека милиони Полјаци го слушнаа разговорот.

1 август 1995, вторник

Корисен, задоволувачки и пријатен разговор со Јакуб Боравски, директор на Бирото за меѓупарламентарни односи во Сејмот. Пред сè разговаравме за воспоставување контакти и посети на претставници на парламентите на Полска и на

Македонија. Во таа смисла разгледана беше можноста посетата на Полска на претседателот на Собранието на Република Македонија да се одржи во текот на септември за што ќе биде потребна и соодветна официјална покана. Се договоривме да се сретнеме на 8 август, бидејќи до тогаш би требало да добијам одговор од нашето Собрание.

Стигна писмо од градските власти со кое се бара „Амбасадата, со оглед на тоа што зградата во која е сместена Амбасадата не ги исполнува условите за поставување сообраќаен знак за исклучивост на паркирање пред Амбасадата, треба да поднесе соодветно барање за поставување сообраќаен знак за исклучивост на паркирање пред Амбасадата“. Нечиток потпис и печат.

Истиот ден испратив факс до градските власти со изјава дека ќе постапам според нивното укажување. Наредниот ден пред Амбасадата по- пладнето е поставен соодветен сообраќаен знак.

2 август 1995, среда

Илинден – македонски национален празник.

На јарболот подигнавме поголемо знаме.

Неколку телефонски јавувања од Македонци со честитки за празникот, а некои покрај честитките прашуваа дали во Амбасадата ќе има коктел. Од Министерството за надворешни работи на Република Македонија ниту збор, а камо ли соодветна инструкција во врска со одбележувањето на Илинден.

Се јавија од Сејмот, Биро за европски интеграции. Договоривме средба на 8 август.

Стигнаа честитки од амбасадите на: Хрватска, Словенија, Чешка, Словачка, Руската Федерација, Србија, Романија, Украина, Белорусија, Австрија, Италија, Албанија, Унгарија.

Утре ќе им се заблагодарам.

Ведар, сончев, топол ден. По појадокот пеш отидовме во Виланув, секој ден најпосетуваното место од Полјаците и странците. Прошетка по паркот, посебен впечаток на децата им остави делот од паркот со најразновидни цвеќиња и фонтаните. Потоа посета на кралската палата, како и на салите со старо оружје и уметнички слики од разни времиња и разни сликари.

По враќањето во Амбасадата, во весникот „Нова Македонија“, прочитав коментар според кој во наредните денови се очекува чистка во државната администрација и дека на 3 август владата ќе претрпи промени.

3 август 1995, четврток

Прием и корисен разговор со градоначалникот на Варшава, Јастшембски. Како што имам спомнато и на друго место од дневникот, тој учествувал во изготвувањето на урбанистичкиот план за изградба на Скопје по земјотресот. Негова желба е да се сретне со градоначалникот на Скопје и средбата да биде искористена за воспоставување соработка меѓу двата главни градови. Замоли средбата да се одржи во текот на оваа година.

Во 13:00 часот ручек со заменик-министерот за надворешни работи Стефан Мелер и заменикот на главниот уредник на весникот „Жечпосполита“, Мачеј Лукашевич. Во текот на ручекот покренати повеќе прашања од областа на заемните односи меѓу Полска и Македонија со оценка дека корисно се развиваат. Заменик-министерот Мелер посебно се

интересираше за актуелните состојби во Македонија и односите со соседите и како што рече бараните информации многу ќе му послужат да изгради став на полското Министерство за надворешни работи во врска со неговата претстојна посета на Македонија. Рече дека неговото министерство со внимание ги следи состојбите и ќе презема активности на соодветен начин да ѝ дава поддршка на Република Македонија, за што ќе му биде од голема корист соработката со Амбасадата на Република Македонија во Варшава. Во разговорот се вклучи и Лукашевич кој истакна дека на страниците на весникот „Жечпосполита“ се објавуваат сè повеќе позитивни информции за Република Македонија со што весникот ќе придонесува за нејзина афирмација, истакнувајќи дека редакцијата на весникот веќе има воспоставено одлични односи и соработка со македонската амбасада во Варшава.

Се договоривме наредната средба да се одржи во просториите на нашата амбасада.

4 авуст 1995, петок

Од Дипломатскиот протокол по факс ми ги пратија честитките од претседателот Лех Валенса, премиерот Јозев Олекси и министерот Бартошевски по повод празникот Илинден. Истиот ден ги препратив во Скопје.

Децата одлучија една недела порано да се вратат дома. Ќе заминат во понеделник, 7 август.

Денес ја приклучивме и втората телефонска линија.

Од Амбасадата на Украина стигна покана, адресирана со FIROM за учество на коктелот по повод националниот празник на Украина. Му се јавив на украинскиот амбасадор, со кого веќе имав воспоставено одлични односи, а многу

срдечно се дружеа и нашите сопруги, и го потсетив дека Украина Македонија ја призна со уставното име. Се извини, рече дека е направена ненамерна грешка и целата вина ја фрли на секретарката.

Уставот на Република Македонија што побарав да ми го испратат од МНР, денес го добив со задоцнување од четири месеци. Не ме чуди. За голем број мои телеграми нема одговор цели шест месеци. Ова може да се сфати како причина за повеќе поводи, а мој одговор на нечија неодговорност е со пркос да стојам на страната на надежта.

5 август 1995, сабота

Околу 20:00 часот ми се јави Ришард Биљски, новинар во весникот „Жечпосполита“ и отворен наш лобист. Рече дека ги подготвува прашањата за интервју со генералот во пензија, Атановски и замоли да ги преведам на македонски. Прифатив.

Со децата останавме до доцна во ноќта. Разговараме за сè и сешто. Остана да сме заедно уште утре. Заминуваат во понеделник.

6 август 1995, недела

Заедно со децата целиот ден го поминавме во паркот „Лаженки“ „Łażenki“, еден од најубавите паркови на Варшава. Тука е и делот од трагичното, но гордо минато на Полска, обележано за паметење и спомен со мноштво споменици. Ручек во ресторанот, што се наоѓа во центарот на паркот.

7 август 1995, понеделник

И... си отидоа децата. Авионот за Софија полета во 7:00. Стоиме се додека го снема зад хоризонтот. Тажни сме и молчаливи се враќаме. Сега пак сме сами. Ја нема нивната ведра и весела смеа и шегите кои цели седум дена нѐ исполнуваа со радост. Заедно со нив бевме многу среќни. Надвладеа чувството на некаква голема празнина. Сега ја чувствуваме и болката на нашите мајки кога нѐ испраќаа во незнајно. Сега сфаќаме колку им беше тешко во деновите и годините кога ја немаа можноста ниту да нѐ видат, ниту да нѐ слушнат. Живееја, кутрите, со надежта. Далеку бевме. Во незнајно. Сега сами сме и не сме осамени, бидејќи во секој миг, секој ден можеме да се слушнеме, да си поразговараме, да се посмееме, да си кажеме кога ќе се видиме. Таквата мисла нѐ исполнува. Ќе го живееме животот, кој е составен не само од радост, туку и од болка и тага, но над сето тоа е надежта...

А времето продолжи да тече.

Во 12:00 со такси отидов во хотелот „Европејски“ каде ме чека амбасадорот Димитар Мирчев, кој од Љубљана е дојден во Варшава на научен симпозиум. Со неговата кола дојдовме во нашата амбасада. Многу пофално се изрази за опременоста на просториите. Во срдечен разговор, но и со многу забелешки за сѐ што се случува во Македонија, како и за начинот на кој некои ја водат македонската дипломатија, не забележавме како ни одминаа три часа заедничко дружење исполнето со грижи и горчина за иднината на татковината. Амбасадорот Мирчев е искусен дипломат, професор, ерудит, елитен македонски интелектуалец каков би сакале да го имаат и други, човек со принципи и од збор, но и многу е разочоран од луѓето кои на аматерски начин ја водат надворешната политика и кои со своето незнаење и болните

амбиции, македонската дипломатија ја туркаат кон дното. Тешки и мачни се разговорите во кои преовладува чувството на немоќ во кое главна улога играат малодушни личности загрижени да дојдат до функции за кои немаат ниту знаења. За жал, вели Мирчев, драг Петре, од надвор има многу влијание и од внатре уште поголема послушност. На ова реков дека според моја проценка во иднина сигурно од надвор не чека поголемо мешање и притисоци во нашите работи и уште поголема послушност и потчинетост од внатре.

Амбасадорот Мирчев стана, прошета по кабинетот и рече:

-Добро си ја средил Амбасадата и добро место си избрал. И кабинетот ти е добар.

Се договоривме разговорот да го продолжиме на вечера која ја закажавме за 20:00 часот.

8 август 1995, вторник

До средбата закажана со Парламентарната комисија за европски интеграции не дојде. Предлогот беше нивен и двапати по телефон се јавуваа и прашуваа дали ќе одам на средбата. Отидов. Во чекалната чекав половина час. Никој не се јави. И јас никого не побарав. Достоинството ме натера да си одам. Станав и си отидов. По пат си мислев: Македонија можеби е во состојба да моли, ама не и да наведнува глава и да проси.

Колку што влегов во Амбасадата, зазвони телефонот. Од другата страна барање за разговор со амбасадорот. Човекот го познав по гласот. Му реков дека амбасадорот е на средба со Парламентарната комисија за европски интеграции. Молк, а потоа цел синџир извинувања, тврдејќи дека на претседателот на комисијата му се слоши и затоа не дојде на

средбата. Му реков дека ќе му пренесам на амбасадорот, а што се однесува до средбата за која е заинтересиран претседателот на Парламентарната комисија за европски интеграции да му пренесат дека амбасадорот е готов да прифати средба во секое време, ама нема да чека во чекалната. Поздрав и почит, господине и ја спуштив слушалката. Жена ми, која го слушаше разговорот, ме прекори:

- Внимавај, зашто пак некој ќе ти рече дека си направил утка.

Во 20:00 часот вечера со амбасадорот Димитар Мирчев. Целиот разговор околу состојбите во Македонија, а посебно за состојбите и работењето во МНР/РМ со оценка дека го водат неспособни кадри, тесно поврзани со кадрите од претходниот режим. За секого кој е на раководно место има своја оценка. Не баш добро мислење има за одредени личности во МНР. Тие правно се образовани, ама не се комуникативни, немаат свое мислење, во сè се сомневаат, па дури и во својата сенка. Вчудовиден од таквите сознанија, реков дека во Македонија малку се зборува за тоа, на што ми одговори дека во Македонија се молчи и тој молк е еден од причините за нејзината трагедија.

Вечерата, поправо разговорот, заврши доцна. На разделба се договоривме да бидеме во контакт.

Амбасадорот Димитар Мирчев го запознав во Скопје по распаѓањето на СФРЈ. Од другарувањето со него, научив многу, но и дознав дека во Словенија е сакан и ценет, а во Македонија клеветен и омразен.

9 август 1995, среда

Во 10:00 на средба со Солтис, директор на издавачката куќа „Książka i Wiedza“ („Книга и Знаење“), една од најстарите и

најголеми издавачки куќи во Полска. Разговаравме за издавање Антологија на македонската современа поезија. Рече дека прифаќа и ќе ја издаде најдобро што може. Договоривме пак да се видиме и да размислиме за можностите за реципрочно издавање и други литературни дела.

Ми се јавија од полското Министерство за надворешни работи и побараа одговор дали 22 септември о.г. може да биде прифатен како ден за возвратна посета на заменик-министерот за надворешни работи, Стефан Мелер. Одговорив дека според моја проценка предложениот ден е прифатлив и замолив, предлогот да го потврдат со факс или нота до Амбасадата, а во меѓувреме јас ќе се консултирам со МНР/РМ.

10 август 1995, четврток

До МНР/РМ испратив факс во врска со претстојните возвратни консултации истакнувајќи го барањето на полското МНР разговорите да се одржат во Скопје на 22 септември.

Денес завршува половина година од мојата мисија во Варшава. Во текот на изминатите шест месеци ги посетив сите полски министерства и државни уреди, протоколарни посети на повеќе амбасади, контакти со полски стопански фирми. До МНР/РМ испратив околу 300 телеграми, одговор добив само на 28.

11 агуст 1995, петок

Од амбасадорот Димитар Мирчев добив убаво писмо полно со благодарност и пофалби за краткото, но многу плодно и корисно заедничко дружење во Варшава.

До полското МНР повторно пратив нота со молба да ми достават список на потпишани договори меѓу Полска и СФРЈ.

Во Амбасадата ненајавен дојде новинарот Ришард Биљски. Се интересираше дали имам најнови информации за состојбите во Босна, на што му реков дека не располагам. Се пофали дека ги има последните агенциски информации за тоа што се случува во Босна, Хрватска, Србија па и Македонија. Со внимание го слушам. Потоа Биљски премина на состојбите во Полска и истакна дека на претседателските избори сигурно ќе победи Квашњевски. На крај од средбата ми ги даде прашањата за интервјуто со д-р Ханџиски. Му ветив дека утре најдоцна попладне ќе го добие преводот на прашањата.

12 август 1995, сабота

Со внимание го прочитав протестот на полското МНР во врска со одлуката на чешкото МНР според која секој странец кој ќе влегува во Чешка дневно ќе мора да плаќа 280 американски долари. За ова со факс го информирав МНР/РМ. Со истиот факс ги пратив и прашањата за д-р Благоја Ханџиски.

13 август 1995, недела

Читање стручна литература од областа на дипломатијата, следење на дневните ТВ вести.

14 август 1995, понеделник

Испратив телеграма до МНР/МР со прашање дали Скопска пивара ќе учествува на Меѓународниот саем за пиво со молба текстот на телеграмата да и го пренесат на пиварата. Од Скопска пивара стигна одговор дека не е заинтересирана да учествува на саемот за пиво.

По врска го испратив извештајот за разговорите што пред еден месец ги водев во полското Министерство за одбрана со молба да биде доставен на македонското Министерство за одбрана.

15 август 1995, вторник

Во цела Полска денес е голем верски празник. Се слави Успение на Пресвета Богородица. Истовремено Полјаците и на државно ниво ја слават и 75-тата годишнина од победата против болшевиците во 1920 година, популарно наречена „Cud nad Wisłą“ („Чудото над Висла“).

Во 15:00 часот по телефон ме побара Виктор Габер. Рече дека веднаш од МНР/РМ ќе пратат писмо до МНР на Полска, Словачка, Чешка и Унгарија со молба на состанокот на ЦЕФТА што ќе се одржи во времето од 16 до 17 август во Варшава, Македонија да учествува како набљудувач, подвлекувајќи веднаш да стапам во контакт со амбасадите на наведените држави. Во врска со ова го прашав:

- Штом Министерството за надворешни работи на Република Македонија директно контактира со министерствата на спомнатите држави, во случајот каква е потребата јас веднаш

да стапам во контакт со нивните амбасади во Варшава и да дознаам кои други држави се членки на ЦЕФТА?

На крајот од разговорот му реков дека ваквиот начин е потценување на македонската амбасада во Варшава, а барањето изнесено по телефон да ми го прати по факс и дека веќе е доцна, бидејќи состанокот на ЦЕФТА почнува утре, 16 август.

На моето барање одговор не стигна, а за состанокот на ЦЕФТА со факс го имав известено МНР/РМ пред десет денови, па претпоставувам дека некој многу доцна се сетил да му го пренесе на Габер.

Дознавам дека дури денес на Министерството за труд и социјална политика му ја доставиле мојата телеграма од 1 август. Во врска со ова побараа да ги добијат прашањата од соодветното полско Министерство кои би биле предмет на разговорите. Прашањата ги добив по два дена и ги испратив со најава средбата меѓу двете министерства би можело да се одржи во времето меѓу 20 и 27 септември о.г.

Денес во Амбасадата ненајавено дојде Шаурек со сопругата Тереса.

- Дојдовме, рече, да се видиме пред нашето заминување во Скопје и да го испиеме најдоброто кафе што само вашата сопруга знае да го свари.

Во скоро едночасовниот многу пријатен и срдечен разговор најдов малку мирна издишка. Редок миг на опуштеност и смирување во душата.

16 август 1995, среда

До пладнето го изготвував финансискиот тримесечен извештај. Пак се јави Габер во врска со состанокот на

ЦЕФТА. Му реков дека разговарав во седиштето на ЦЕФТА и таму ми беше речено дека состанокот на ЦЕФТА има работен карактер и не е предвидено учество на набљудувачи.

Не знам зошто на човекот толку многу му се брза да оди таму каде што не го канат.

Во 19:00 часот отидовме на концертот организиран по повод 75-тата годишнина од победата на Полјаците над болшевиците во 1920 година. Забележувам дека длабоко и со гордост присутните го доживуваат тој историски настан. По концертот градоначалникот на Варшава нè покани на коктел. Му ја честитав годишнината, ама на коктелот не останавме, велејќи дека во Амбасадата ме чекаат сериозни обврски.

17 август 1995, четврток

И пак се потврди дека нашето МНР далеку заостанува зад актуелните состојби во Европа. Ѕвони телефонот. Од таа страна Мисајловски. Бара информации за ЦЕФТА. Рече дека нешто им објаснил амбасадорот Димитар Мирчев, ама сметаат дека тоа не е доволно. Му реков барањето да го достави по факс. Крај на разговорот. Во МНР/РМ не знаат што е ЦЕФТА, кои земји се членки, под кои услови може да се учествува како набљудувач или да се зачлени.

А зошто во МНР/РМ постои Управа за европски интеграции?

Се јавив во седиштето на ЦЕФТА и побарав прием. Ќе ме примат утре.

Ми се јави Билјана Ивановска, архитектката, праша дали мебелот е распореден според нејзиниот план и дали сум задоволен. Одговорив потврдно. На крај од разговорот ми

рече дека е решено да ми пратат кола, но се чека налогот да го потпише министерот. Сфатив дека долго ќе чекам.

18 август 1995, петок

Од МНР на Полска ми јавија да одам во Министерството за трговски односи со странство, каде соговорник ќе ми биде господинот Јаремчук. Во текот на разговорот детално ме информира за процедурата на прием во ЦЕФТА, која е сложена и затворена организација за слободна трговија и многу конзервативна. Ја добив и Декларацијата од 1994 година кога ЦЕФТА беше формирана. По факс му ја испратив на Габер.

Ми стигна добра вест од полското Министерство за култура и уметност. Одлучија да го прикажат филмот „Пред дождот“, бараат што побрзо да ги добијат дијалозите и дека формираа комисија која ќе го бара документарниот филм снимен 1950 година за македонските и грчките деца примени во Полска.

Истиот ден испратив телеграма до МНР/РМ со молба истата да му биде пренесена на македонското Министерство за култура.

Вечерта се слушнав со Тања. Венчавката ја одредија за 21 септември о.г. Им посакав многу среќа и реков дека ќе се погрижам заедно со мајка ѝ да бидеме присутни.

19 август 1995, сабота

Во 12:45 стигна факс од полското МНР – одговор на писмото на Стево Црвенковски во врска со учеството на Република Македонија на состанокот на ЦЕФТА.

Кутрите луѓе во Управата за Европа: сѐ измешале! Еднаш напишале Македонија, па Република Македонија, па ПЈ Република Македонија. Ова на некој начин го оправдува ставот на амбасадорот Хмјелевски, кој тврди дека некои високо поставени службеници во македонското МНР не се свесни во која држава живеат и работат, па дури и за кого работат. Во еден разговор со мене рече дека мораме да се определиме кое име на државата ќе го употребуваме – дали едно или три. Шегата настрана, но шилото е тука.

20 август 1995, недела

Ништо за одбележување, освен тоа што денес е многу топло, невообичаено за Полска.

21 август 1995, понеделник

Изгледа, работејќи во Варшава полека ќе ги откривам глупостите што се прават во МНР/РМ. Постојано ме бомбардираат со факсови со кои ме убедуваат дека Република Македонија е членка на ГАТТ и да настојувам да зајакне соработката на Република Македонија со ГАТТ. Се јавив во полското Министерство за стопанска соработка со странство и замолив да ми го достават списокот на земјите членки на ГАТТ. Во списокот Република Македонија ја нема. За да бидат убедени тие кои во МНР/РМ го тврдат спротивното, списокот им го пратив по факс.

Истиот ден на разговор со Јаремчук во Министерството за стопанска соработка со странство. Ми го даде на полски јазик текстот на „Договорот меѓу Владата на Република Полска и Владата на Република Македонија за стопанска соработка“ и ми сугерира дека доколку станеме членка на ГАТТ уште во текот на оваа година ќе може да се потпише. Замоли

МНР/РМ во име на Владата на Република Македонија со писмо да се обрати до полското Министерство за трговија со кое ќе побара или ќе замоли Република Македонија да биде поканета во Брно на состанокот на ЦЕФТА со кој тој ќе претседава и ќе ја искористи приликата присутните да ги запознае со содржината на писмото. Предлогот по факс го испратив до МНР/РМ.

Колку што се сеќавам текстот на истиот договор есента 1992 година сум го превел од полски на македонски јазик. Сега, веројатно, текстот е некаде зафрлен или лежи заборавен во некоја фиока.

22 август 1995, вторник

До 10:00 часот се подготвував за средбата во полското Министерство за надворешни работи на тема: Ставот на Република Македонија за кризата во поранешна Југославија. Во 11:00 ме прими заменик-директорот на Департаментот за Европа I, Томаш Орловски. Пријатен човек, со смирено лице. Во едночасовниот разговор пошироко го запознав со нашите ставови. Ме ислуша внимателно и рече дека Полска со признание и симпатии се однесува спрема Македонија. Ниту во еден момент не го употреби името ПЈРМ, туку само Македонија. Во 12:00 часот го напуштив Министерството.

Кога се вратив во Амбасадата дознав дека од Закопане се јавил Доне Бегаловски каде КУД од Струга учествува на 27-от меѓународен фолклорен фестивал на планинските земји.

Тука би сакал да ја искористам приликата и да одделам малку простор во моите белешки за Доне Бегаловски, кој потекнува од селото Поздивишта, Костурско. Како 16-годишно момче го завршил првиот македонски учителски курс што се одржа есента 1947 во селото Желево. Во март 1948 година со

илјадници деца замина во Југославија, а потоа во Романија каде во март 1949 година заедно со стотици негови врсници беше мобилизиран и пратен во Преспа, како пополнување на единиците на Демократската армија на Грција. На полигонот во преспанското село Медово тие мобилизирани деца беа препознаени од родителите кои по егзодусот на децата беа мобилизирани како помошна сила на ДАГ. Избувнаа протести и закани кои доведоа до тоа, Главниот штаб на ДАГ мобилизираните деца да ги префрли во Албанија, каде како резерва ги сместија во бегалскиот логор Прењес каде продолжија со воени вежби. По тешкиот пораз на ДАГ на 30 август 1949 година, со авион 80 од тие момчиња и девојки беа префрлени во Полска и сместени во излетничкото гратче Солице-Здруј каде кон крајот на октомври 1948 година и почетокот на април 1949 година беа сместени малолетните деца од Костурско и помал број од Воденско. Тука го запознав Доне Бегаловски и многу други момчиња кои се уште беа облечени во воени униформи и секој ден попладне парадираа по главната улица пеејќи борбени партизански песни, кои порано се пееле од партизаните во Вардарска Македонија и автоматски биле пренесени во Егејска Македонија каде ги пееле македонските партизани, борци на ДАГ. На први септември 1949 година во Полска почна учебната година. Во големите сали на излетничките домови почнаа да учат и македонските деца. По предметот Македонски мајчин јазик како учители ги поставија Доне Бегаловски и Васил Мартиновски кои го имаа завршено петнаестдневниот курс во селото Желево. Патем да забележам дека за Васил Мартиновски ќе одделам повеќе простор во друга прилика. Што нè учеа нас децата тие двајца деца-учители? Тоа што го научиле на курсот – македонската кирилица, партизански песни и ни раскажуваа приказни што веќе ги знаевме од нашите баби и дедовци. Во октомви и ноември 1949 година Полска прифати петнаесетина илјади бегалци, Македонци и Грци, жртви на поразот на Граѓанската војна и ги смести во градот Згожелец и околните земјоделски

задруги. Крајот на годината од излетничките места во Згожелец ги прибраа и македонските и грчките деца и ги сместија во поранешните германски воени касарни. Таму се најдов и јас, во шестиот блок, каде учител ми беше Васил Мартиновски. Во мај 1950 година започна злогласната антијугословенска, а пред сè антимакедонска комунистичка хајка. Од тогаш сè до 1954 година, сè што беше македонско, не беше македонско, туку Титово, па според тоа неопходно е да се избрише. На училишната табла ја избришаа македонската кирилица, напишаа некаква бугарско-руска и на Васил Мартиновски од раце му ја зедоа кредата и во истите раце му го дадоа огламникот од коњите во некоја од најблиските земјоделски задруги, каде во запрежните коли товараше и растовараше вреќи со компири и морков. Дури 1954 година му беше овозможено да се насели во градот Вроцлав, каде поблиску се запознавме, станавме многу блиски пријатели и... но затоа на друго место. Во германските касарни како учител остана Доне Бегаловски за што го покри црнина од оговарања и клевети. Учебната 1951-52 децата ги префрлија далеку во северозападна Полска, во гратчето Полице, близу Шчечин. Меѓу нив и јас и Доне Бегаловски кој продолжи со чисто народната црковно-селска просвета на македонски јазик. Беше учител, аматер, со природна и божја дарба. Не се погрижи да заврши одредено образование. Единствено што научи нешто, беше одличното свирење на армоника и неговите големи напори да формира хор кој облечен во македонски народни носии сошиени од терзијата Коста Пеновски и неговата сопруга Левка, во јули 1955 година учествуваше на Меѓународниот младински фестивал во Варшава каде за првпат на нејзините улици, плоштади и многубројни сцени се слушнаа македонските народни песни и ора. Ако има нешто што нужно е пофално да се одбележи за него е неговата љубов кон македонштината која секаде ја афирмираше со својата армоника. Во 1977 година се досели во Струга. Без никаква професија, со прекини лебот го заработуваше како продавач во

самопослуги, а со одличното познавање на грчкиот и полскиот јазик, честопати беше ангажиран и како туристички водич и преведувач, а собираше и печурки и лековити билки од чие продавање го полнеше скромниот домашен буџет. Живееше скромно, секогаш насмеан, беше другар со многу стружани, никогаш од ништо не се жалеше. Ми беше искрен пријател и затоа сега и секогаш ќе го спомнувам со болка и признание.

Културно уметничкото друштво од Струга наиде на тешкотии во врска со враќањето во земјата поради барањето на словачките гранични власти да платат 3000 (три) илјади германски марки, кои ги немаше. Доколку не плати, ќе мора да го избере долгиот пат преку Украина од каде по долго патување стигна во Закопане. Тоа беше причина за телефонското јавување на Бегаловски кој бараше помош од Амбасадата. Во врска со тоа неколку пати по телефон го барав словачкиот амбасадор. Го немаше.

Истовремено ми се јавија од Министерството за труд и социјална политика и прашаа дали Македонија ќе учествува на состанокот во септември. По телефон го побарав министерот Сабриу, му го пренесов барањето на полското министерство. Потврди позитивно, а јас замолив учеството да го потврди со факс.

Веднаш потоа ми се јави лице, кое се претстави дека се вика Димитар Мојсовски, кој живее во Варшава и бара под итно да го примам. Се согласив. Дојде. Целата мака му беше врзана со грижата да му помогнам да воспостави контакти со полски трговци. Му дадов неколку адреси на полски фирми кои бараа контакти со македонски трговски фирми.

Одново ми се јави Бегаловски. Му реков дека сум во тек со проблемот и дека јас ќе го побарам.

По телефон пак го побарав словачкиот амбасадор, Марјан Серватка. Краток разговор и му ја изнесов молбата на членовите на КУД од Струга да бидат ослободени од

барањето да платат за визите. Ми рече дека ќе се слушне со соодветните словачки власти и да го побарам утре.

Ветениот факс од Министерството за труд и социјална политика не стигна.

23 август 1995, среда

Коктел кај Украинците (16:00-18:00). Многу свет, повеќе воени лица. Имав редица средби и разговори со дипломати на кои, во повеќето случаи, по нивно барање, им ги пренесов ставовите на МНР/РМ во врска со кризата во поранешна Југославија.

24 август 1995, четврток

Разговор со вршителот на работите на унгарската амбасада. Заемна размена на мислења за состојбите во двете земји. Унгарскиот дипломат ме информира дека Унгарија на Македонија ѝ дава и во иднина ќе ѝ дава целосна поддршка, а во врска со состанокот на ЦЕФТА во Брно, ќе се заложи Македонија да учествува како набљудувач.

Средбата со чешкиот амбасадор не се одржа поради тоа што од Прага во Варшава е дојдена важна делегација.

25 август 1995, петок

Од словачката амбасада се јави секретарката и рече дека проблемот со визите е во тек на решавање. Потребно е во

Амбасадата на Словачка да ги донесат пасошите. По телефон го побарав Бегаловски и му реков да дојде во Варшава и да ги донесе пасошите на членовите на КУД. Најверојатно членовите на КУД од Струга ќе бидат ослободени од плаќање.

Од МНР/РМ стигна факс, без потпис. Бараат во Бирото за демократски институции и човекови права да го пријавам учеството на македонска делегација на состанокот на ОБСЕ.

Изгледа дека некој во Министерството не знае дека Македонија на состаноците на КЕБС што се одржуваат во Варшава, редовно учествува од 1993 година. Колку за потсетување, во текот на целиот октомври 1993 година делегацијата јас лично ја водев со помошник Јон Ивановски. Претпоставувам кој е барателот.

Во 14:00 часот во Амбасадата дојдоа Бегаловски и раководителот на КУД. Без поголемо задржување ги испратив во словачката амбасада од каде се вратија со гратис визи. Веднаш му се јавив на словачкиот амбасадор и му се заблагодарив, велејќи му дека чинот на ослободување од плаќање визи, го сметам како одличен знак на срдечно пријателство.

Бегаловски и неговиот пријател ги задржавме на ручек. Останаа до 18:30 часот. Со такси ги испратив до железничката станица од каде со воз заминаа за Закопане.

26 август 1995, сабота

Ден небаре за одмор, а досаден до болка. Во 12:00 од Шчечин дојде Иренеуш Шлупковски, Македонец по татко, Полјак по мајка. Остава впечаток на образувана, интелигентна личност. Зборлест. Претерано оптоварен со емоции. Ми врачи писмо со кое бара во Шчечин да се отвори македонска библиотека.

Го пофалив за иницијативата и го прашав колку Македонци има во тој град. Рече дека освен него има уште еден, ама тој е повеќе гркоман, бидејќи честопати патува во Грција и многу ја фали. Тврди дека полските власти некоректно се однесуваат кон Македонците во Полска, а тој, како што рече, како врвен и најобразуван историчар секогаш ја користи приликата на Полјаците да им зборува за историјата на Македонија и за геноцидот што Грција го изврши врз неа и поради тоа Република Македонија мора да ѝ се одмазди на Грција. Рече дека заедно со претседателот на Македонското друштво, кој живее во Гдањск, наскоро ќе учествуваат на состанокот на задграничниот комитет на ВМРО со седиште во Берлин. Рече дека заедно постојано праќаат жалби до полските власти, заклучно и до претседателот, весниците и телевизијата во кои бараат Полска да ги признае Македонците во Полска како национално малцинство, а не како етничка група и да им ги даде сите човекови права. Го прашав - колку Македонци има во Полска? Рече дека некаде околу сто до двесте. Се понуди во Амбасадата да биде ангажиран како советник по историја.

27 август 1995, недела

Ден без печат, но затоа многу телевизија во која најшироко се коментираат оставките на двајца најблиски соработници на претседателот Лех Валенса: Ваховски, советник, шеф на Кабинетот, државен секретар, поранешен личен возач; Конвентот Св. Катерина со 5 членови разлика на Гронкјевич-Валц, гувернер на Полската национална банка ѝ го довери мандатот за кандидат-претседател. Лех Валенса отпадна. Полскиот епископат испрати отворена порака до полските верници да не гласаат за кандидат кој потекнува од претходниот режим.

Од 10:00 до 14:00 на прошетка во најголемиот варшавски парк каде го ислушавме шопеновиот концерт изведен пред споменикот на Шопен. Потоа ја посетивме ботаничката градина. Пријатен ден. Целиот наш разговор за нашите деца и престојното патување во Македонија.

28 август 1995, понеделник

Многу променливо време. Студено и врнежливо.

Од 12:00 до 12:45 на разговор со Палишевски, висок функционер во Бирото за демократските институции и човековите права во надлежност на ОБСЕ.

Полскиот печат и ТВ каналите изобилуваат со вести и коментари за политичката ситуација во Полска и ставовите на партиите за претстојните претседателски избори. Католичката црква е најактивна во корист на десницата.

29 август 1995, вторник

Средба со амбасадорот на Романија. Разговараме за актуелните состојби во Полска во светлината на претстојните претседателски избори. Типуваме на Александер Квашњевски.

30 август 1995, среда

На коктелот во Апостолската нунцијатура средби и билатерални разговори со амбасадорите на: Кина, Литва,

Словачка, Хрватска, Словенија, Албанија, Турција, Шведска, Индија. Секој на свој начин дава поддршка на Република Македонија. Кинескиот и албанскиот амбасадор ми предложија да ги посетам. Прифатив.

Се уште не е средено прашањето со авионските билети. Полската авиокомпанија ЛОТ нема договор со македонската авиокомпанија, па оттука не може на наши граѓани да им продава билети, па дури и мене. Закажав средба со директорот на ЛОТ.

Во 18:00 во Амбасадата дојде Димитр Манџуновски, Македонец од Воденско, мој школски другар, постојан жител на Варшава, оженет со Полјачка. Заедно со него требаше да дојде и Михал Граматниковски, претседател на Здружението на Македонците во Варшава и околината. И тој е од групата на одведените деца, потекнува од преспанското село Рудари. Не дојде поради здравствени причини. Димитр Манџуновски работи како новинар. Ме замоли подетално да го запознаам со целите на состанокот на КЕБС и дали се очекува доаѓање на претставници на невладини македонски организации на Македонци од Грција, Бугарија и Албанија и дали Амбасадата ќе организира средба со нив. Реков дека невладините организации имаат свои начини на дејствување и во тој случај Амбасадата нема да организира средба со нив. Може да прими поединци, ама не и цели делегации. Сугерирав Здружението на Македонците во Полска да вложи напори на Македоците од деловите на Македонија да им организира средби не само со полски невладини организации, туку и со невладини организации од други земји. На овој начин повеќе ќе се дознае за правата на Македонците во Грција, Бугарија и Албанија. Манџуновски се согласи и вети дека утре со предлогот ќе го запознае одборот и дека предложената форма е многу покорисна.

31 август 1995, четврток

Врнежлив и студен ден.

Во 10:00 го посетив директорот на Државните архиви на Полска за стари документи. Многу корисен разговор во кој изнесов дека Архивот на Македонија е заинтересиран да воспостави соработка и во тие рамки посебно е заинтересиран за разни видови на соработка, а пред сè за размена на стручни лица, литература од областа на архивистиката, за архивски истражувања, едукација на кадри, изложби на архивски материјали, и за таа цел би можеле архивите да потпишат соодветен договор за соработка.

Во 18:00 коктел во Амбасадата на Република Словачка по повод Денот на уставот – национален празник. Повод за повеќе средби и разговори. Посебна е средбата со Желињски, портпарол за граѓански права во Сејмот (Парламентот). Ме задржа на разговор што траеше цели 25 минути. Покажа широко познавање на балканските состојби и проблематика и голем интерес за Македонија. На крај од разговорот вети дека на претстојното заседание на Европскиот совет ќе гласа за прием на Република Македонија. Ја осуди Грција поради нејзиното, како што се изрази „неконтролирано и понижувачко однесување кон Македонија“.

1 септември 1995, петок

Во 11:00 часот во полското Министерство за финансии. На Кажимјеж Бони му ги врачив текстовите на договорите за заштита на инвестициите и двојното оданочување. Сугерира договорите да се потпишат во Варшава на 6-7 октомври о.г. од премиерите или министрите.

2 септември 1995, сабота

Врне и студи. Одлучивме за Скопје да патуваме преку Софија. Полетување од Варшава на 11 септември, во 11:05 часот, во Софија во 14:00, а потоа за Скопје со такси. Враќање во Варшава на 23 септември преку Софија.

Вечерта, околу 19:30 часот во Амбасадата дојде Јон Ивановски. Учествува на состанокот на координаторите на ЦЕИ (Централно-европска иницијатива), а е на замена во Виена. Се пожали дека нема никаква помош од МНР/РМ.

Не коментирав.

3 септември 1995, недела

Цел ден врне. Студено, минус десет степени. Во печатот и на ТВ каналите објавени навредливи зборови за кандидатите за претседатели на државата. Најавено е дека на 6 септември ќе биде објавен денот на претседателските избори и тогаш ќе почне големиот циркус.

4 септември 1995, понеделник

Многу студен ден. Телефонски разговор со заменик-министерот Мелер во врска со патувањето во Скопје. Во 19:00 вечера со Пјекарски, директор на Дипломатскиот протокол.

5 септември 1995, вторник

Одвоена средба со чешкиот и албанскиот амбасадор по нивно барање. Тема на разговорот: заемните односи. Чехот – студен, разговара со долги паузи. Се жали на фактот дека во Чешка престојуваат голем број државјани на Македонија и се занимаваат со забранети дејности, пред сè со продажба на наркотици.

Амбасадорот на Албанија, Фаја - смирен и отворен. Задоволен е што односите меѓу Македонија и Албанија одлично се развиваат, дека од двете страни се забележува зголемено движење на луѓе и стока, дека има голема размена на туристи и очекува уште поголемо зближување на двете држави. На крајот од разговорот изрази жалење што одредени поединци, па и групи Албанци во Македонија со своите неконтролирани постапки ги поматуваат меѓуетничките односи, а тоа фрла несакана сенка и на односите меѓу Албанија и Македонија, што е многу непожелно.

Во 18:00 вечера со амбасадорот на Словачка, Марјан Серватка по негова покана. Разговаравме за состојбите во Полска пред претседателските избори, типувавме на Квашњевски, а најдолго разговаравме за можностите за проширување на стопанската и културната соработка меѓу Словачка и Македонија.

6 септември 1995, среда

Цел ден изготвувам белешки и телеграми за досегашните активности. Некои ќе ги пратам по дипломатска пошта.

Објавени се роковите за одржување на претседателските избори. Првиот круг на 5, вториот круг на 19 ноември.

Забележувам дека здравјето ми се влошува. Дитта ѝ се пожали на д-р Емилија. Ме прегледа и оцени дека сум

преморен. Ми запиша некои лекови и ми препорача неколку денови да останам в кревет и дека по недела дена одново ќе ме прегледа.

7 септември 1995, четврток

Во 9:00 часот протоколарен прием кај амбасадорот на Народна Република Кина. Лично ме пречека пред влезот во Амбасадата што го сметам како голем почит кон Македонија. Ниско човече, со мудри и бистри очи. Ми прозборе на полски и откако се ракувавме и се претставивме со име, презиме и функција, ме однесе во неговиот кабинет, голем како половина фудбалски стадион. Во кабинетот сè е големо. Големи се и фотељите. Ме покани да седнам и при тоа ми се пристори дека сум потонал во големата кожна фотелја. Млада госпоѓица, со ниско поклонување, на масата го постави послужавникот на кој имаше најразновидни слатки, бело бокалче со нацртан шарен змеј и две мали, бели порцелански чашки. Амбасадорот ја подигна порцеланската чашка и ме замоли истото да го сторам. Наздрави и полека го исцеди пијалакот. По неговиот пример истото го правам и јас, ама одвај го издржувам не само мирисот, туку и вкусот на пијалакот.

- Пијалакот е од ориз, шеесет степени – рече амбасадорот. – Најдобар во Кина. Може уште една?

Од почит кон него и неговата земја, не откажав иако тешко го поднесувам мирисот и ме тера на повраќање.

Разговараме на полски. Тежината на разговорот – Македонија со нејзиното минато, сегашност и односите со соседите. Потоа преминавме на соработката во сите форми.

По содржајниот разговор се збогувам на кинески. Тоа му се допадна и врати со широка насмевка..

Во Амбасадата се вратив пеш, многу задоволен и со мирис на кинескиот оризов пијалак.

По повод Денот на независноста на Република Македонија по факс испратив честитки до Претседателот на Републиката, Киро Глигоров, Претседателот на Собранието, Стојан Андов, премиерот и министерот за надворешни работи.

8 септември 1995, петок

Ден на независноста на Република Македонија. Од МНР/РМ не добив никакви инструкции во врска со одбележувањето на празникот. Обичен работен ден. Отидов во полското МНР на разговор во врска со возвратната посета на Скопје. Во составот на полската делегација ќе бидат заменик-министерот за надворешни работи Стефан Мелер и амбасадорот Хмјелевски, началник на Департаментот I. Договоривме уште еднаш да се сретнеме пред заминувањето за Скопје.

Во 13:00 часот во амбасадата дојдоа Малезанови со цел да го честитат празникот. Прекрасен букет и шише виски. Никој друг не се јави. Патриотите – трговци ги нема. Подоцна дојде амбасадорот Виктор Кинецки со Сопругата. На Дитта и врачија убав букет од црвени ружи. Убави зборови по повод празникот и потоа долг и пријатен разговор. Ги почестивме со парче торта и пијалак по нивен избор. Скромен ручек во најблискиот ресторан.

9 септември 1995, сабота

Денес одбележуваме и половина година дипломатска служба во Варшава. Шест месеци макотрпен труд почнат од нула и

овенчан со многу средби, разговори, контакти и најважното во современата историја на Македонија, отворање на првата македонска амбасада во Варшава. Шест месеци труд што се мери со исклучиво позитивни и многу корисни резултати, но и со денови на разочарување пресечени со упорност и пркос. Стотици испратени телеграми и многу ретки одговори. Соработка од страна на МНР/РМ никаква.Тешкотии? Да, но само од одредени персони во МНР на Република Македонија. Со тешкотиите што ги имав тука, во Варшава, се справував со знаење, тактичност, трпеливост и пркос, но тешко со луѓе без 'рбетници, љубоморници, полуумници, некадарници, подлизурници. И сега си го спомнувам и предупредувањето на претседателот Киро Глигоров кој пред моето заминување во Варшава искрено ми рече:

– Ќе наидеш на тешкотии, но најмногу од тука, од Македонија.

И така е и дај Боже натаму така да не биде! Но, и покрај сè што е постигнато се носам со намера која ќе му ја пренесам на претседателот Киро Глигоров при првата средба.

10 септември 1995, недела

Намуртено, магливо време. Се спакувавме. Утре на пат – лет за Скопје.

11 септември 1995, понеделник

Со такси во 10:00 часот на аеродром. Полетувањето за Софија доцни цел час. Во 12:00 слетавме во Софија од каде со такси отпатувавме за Македонија. На граничниот премин

не чекаа Тања и Миле и заедно со нивната кола доцна попладне стигнавме во Скопје. Дома сите сме заедно.

12 септември 1995, вторник

Во 8:30 се јавив во МНР/РМ. Со Виктор Габер се договоривме да се видиме утре, среда, во 13:00 часот. Неколку телефонски разговори со пријатели, меѓу кои и Анте Поповски и Јован Павловски со кои се видовме во Клубот на писателите.

13 септември 1995, среда

Во 9:00 средба со Виктор Габер. Разговорот околу нашето дипломатско претставништво во Варшава и моите активности. Истакна дека е многу задоволен од мојата работа. Разговорот го продолживме во врска со претстојните политички консултации и пречекот на полската делегација во состав заменик-министерот Мелер и директорот на Првата управа, амбасадорот Хмјелевски.

Габер го потсетив дека треба да се достави и останатиот дел од опремата за Амбасадата и во тие рамки и службена кола. Истакна дека веќе ја има потпишано одлуката. Рече да се јавам кај Симка и Вера Митанова. По средбата отидов кај Симка и Митанова. Симка потврди дека уплатила за колата, а Митанова ми рече дека се ќе биде решено во текот на денот. Секретарката Василка ја замолив да ми закаже прием со претседателот Киро Глигоров, претседателот на Собранието, Стојан Андов, премиерот, градоначалникот на Скопје, министерот за култура, министерот за финансии и Стопанската комора на Македонија.

14 септември 1995, четврток

Ми се јави Љупка Василевска и рече дека министерот и премиерот се вратија од Њујорк и дека во 13:00 часот ми е закажана средба со Ахил Тунтев. Отидов токму во закажаното време. Пријатен и долг разговор. Се интересираше за ставот на полските власти во однос на Македонија и дали имам разбирање од нивна страна. Му реков дека досега не наидов на тешкотии и пречки и дека не ми се случи да не бидам примен на средби и разговори и дека со симпатии се однесуваат кон Македонија. Рече дека прочитал некои од моите телеграми и ме пофали за моите активности во извршувањето на задачите што произлегуваат од мојата мисија. Замоли по средбата со претседателот Киро Глигоров и претседателот на Собранието, Стојан Андов, пред моето заминување, пак да се видиме. Задоволен од средбата попладнето се вратив дома.

Во 15:00 часот се јавија од Министерството за култура и ми закажаа состанок со министерот во вторник, на 19 септември, во 11:30 часот.

Вечерта македонската телевизија пренесе вест дека е потпишана времена спогодба со Грција. Поради тоа на плоштадот Македонија, демонстрации на поголема група, членови на ВМРО-ДПМНЕ.

15 сепрември 1995, петок

Во 10:00 ме прими на 30-минутен разговор претседателот на Собранието на Република Македонија, Стојан Андов. Му ја врачив поканата од претседателот (маршалот) на полскиот

Сејм, Јозев Зих, официјално да ја посети Полска. Во разговорот стана збор и за потпишаната времена спогодба за што го изнесов мислењето дека засега можеби е корисно, но во иднина корист ќе има само Грција и дека во меѓувреме Македонија ќе мора да ги зајакне односите и врските со земјите кои ја признаа нејзината независност и да внимава на таканаречената меѓународна заедница, која ѝ е наклонета на Грција. Во продолжение Андов се интересираше за состојбите во Полска, за нејзиниот однос кон Македонија и нејзините односи со соседите, а посебно со Грција, истакнувајќи дека со Полска мора да ги зајакнуваме добрите стопански, културни и политички врски, бидејќи значењето на таа земја во Европа е многу важно. Во врска со ова реков дека е потребно меѓу двете земји да се одржуваат активни контакти и средби меѓу високи државни функционери и во тие рамки да се потпишуваат договори од разни области. Во таа смисла, подвлеков дека Амбасадата има преземено низа активости и е во постојан контакт со разни министерства кои изразуваат готовност за воспоставување секаков вид соработка. Истакнав дека во тие напори немам доволна поддршка од надлежните министерства, а посебно од Министерството за надворешни работи на Република Македонија. На ова Андов рече дека со текот на времето се ќе си дојде на свое место. Мислам дека добро ја сфатив неговата мисла. На крајот од средбата ми се заблагодари за постигнатите резултати ветувајќи дека можам да сметам на неговата поддршка.

Во 10:00 ме прими претседателот на Република Македонија, Киро Глигоров. Нема присутни. По вообичаниот поздрав, стојам покрај масичето покриено со скршена мермерна плоча. Претседателот некако чудно ме погледна и рече:

- Седни, де, што чекаш?

-Господине Претседателе, со целата почит и признание, би ве замолил да ми дозволите од овој телефон да ѝ се јавам на

сопругата во Варшава да ги спакува куферите и да си дојде дома, а јас да не одам за да не ја трошам државата.

Намрштено ме погледна и тивко, како што тој само знаеше, ме праша:

- Што значи ова?

- Ова, почитуван Претседателе, значи дека поради потценувачкиот и понижувачкиот однос на одредени кругови од Министерстото за надворешни работи и пред сè поради постојаното барање и притисок да се зачленам во владеачката партија, сакам да поднесам оставка...

Мирно ме гледаше, а потоа ме фати за полата на сакото и силно влечејќи ме, подвикна:

- Седни! И мене истото ми го прават...

Седнав и се гледаме. Претседателот ја стави својата десна дланка врз мојата и полека, тивко, рече:

- Драг Петре, сега твојот дом е во Варшава и таму ќе работиш, а од овој телефон јави ѝ се на сопругата, кажи ѝ да не се грижи и поздрави ја од мене. Важи?

Чукање на вратата. Влезе келнерот со кафето.

Во кабинетот на Претседателот нема други. Разговараме во четири очи. На почетокот неизбежната тема – односите со Грција. Реков дека и покрај потпишувањето на времената спогодба, Грција секогаш ќе го оспорува постоење на Македонија како држава, меѓутоа, засега спогодбата може да биде корисна за да можеме ние да се приберемe и да собереме издишка. Спогодбата ќе виси се додека во самата Грција не настапат внатрешни промени предизвикани пред сè од западното влијание и притисокот на големите. Патем, Претседателе, до некаде на Грција треба да ѝ бидеме благодарни. Давејќи се во антимакедонизмот нè афирмира во

целиот свет. Кој порано знаел нешто за современа Македонија?

Претседателот срдечно се насмеа, а јас продолжив. Македонија е мала, ама голем залак за големите. Нам ни треба мудрост и настојчиво афирмирање на Република Македонија во светот користејќи го компјутерот и создавање силна професионална дипломатија. Времената спогодба само привремено ќе го смири антимакедонскиот дух во Грција чии корени се создавани со децении со помош на образовниот и правниот систем, црквата, војската, врските со светот, елементи што нам засега ни недостасуваат. Македонија и Грција ќе имаат добри соседски односи тогаш, кога ќе се променат генерациите од двете страни. Сегашните генерации премногу се оптоварени со негативни емоции кои се плод на мрачното минато. И јас, Претседателе, не сум ослободен од тие емоции.

Сакав уште нешто да додадам, но Претседателот ме прекина:

- Петре, јас иако го знам твојот однос кон Грција, сакам да ти кажам дека досега ти си единствениот дипломат што ми го кажа тоа. Благодарам.

Возбуден е, но не остава впечаток дека е уморен. Од него зрачи енергија, која предизвикува вчудовидување, изненадување, верување и почит. Ме праша:

- А како е таму во Полска?

- Слично како и кај нас. Партиите, поправо, би рекол, новопечените и недозреаните лидери многу ја матат водата, ама благодарејќи на моќта на полската интелигенција, која најмногу е загрижена за судбината на Полска по големите промени, не дозволува да надвладее апашлукот на младите лидери за разлика од нашата интелигенција која, имам впечаток, дека устата ѝ е полна со вода. И покрај сите расправии, земјата оди напред со настојување од основа да се подготви за влез во Европската Унија. Полска секогаш беше

Европа и по трагичните промени сака да ѝ се врати на Европа. Оттука, сметам дека со една таква Полска нашите врски треба повеќе да јакнат. При ова, Претседателе, сакам да подвлечам дека во извршувањето на мојата мисија од страна на полските власти досега не наидов на пречки, туку на отворена желба за соработка, симпатии и поддршка. Во врска со ова меѓу партиите и политичките лидери нема разлика. Долго му раскажувам за состојбите во Полска, за нејзините големи симпатии кон Македонија и за желбите за соработка. Катадневно добивам понуди. Но морам со жалење да подвлечам дека македонски фирми, порано наречени трговски претставништва, работат за Србија, Хрватска и Словенија. Ретки се тие, кои ја посетија нашата амбасада, а место на нивни собири и договарања е клубот при српската амбасада, а нашата за нив како да не постои.

Непријатен белег на горчина на неговото лице. Рече дека тоа се остатоци од претходните времиња и верува дека времето ќе ги избрише.

Реков дека во времето на големата конкуренција со таквиот однос Македонија го губи полскиот пазар, кој е отворен пред сè за македонските земјоделски производи. Подвлеков дека има потреба од почести контакти со полските стопанственици и во таа смисла Амбасадата има преземено активности за потпишување на 7-8 договори за што редовно е информирано нашето Министерство за надворешни работи, но одговори нема. Претпоставувам дека телеграмите не се пренесувани до соодветните министерства, стопанските фирми и други државни институции.

Текот на моето излагање Претседателот внимателно го слушаше. Ретко ме прекинуваше интересирајќи се за одредени детали.

На крајот од разговорот изрази задоволство од моето работење, подвлекувајќи дека јакнењето на соработката со Полска е многу важно за Македонија и дека и тој лично ќе се

заложи односите меѓу двете земји да бидат пример. Биди сигурен, рече, дека ја имаш мојата поддршка и дека секогаш кај мене ќе имаш отворена врата.

Ми ја стегна раката и ме посоветува:

- Немој да се разочаруваш. Ние сега градиме држава од нула. И ти од нула си ја почнал мисијата и добро ја водиш, а тешкотии и натаму ќе имаш. Имам и јас.

На крајот од средбата го замолив од мојата сопруга и од мене да прими еден мал, скромен знак на почит, но не за во кабинет, туку за дома – слика во масло со видик на Стара Варшава.

Се враќам во Министерството за надворешни работи. Во мигот кога влегувам во секретаријатот, од кабинетот излегуваше министерот Стево Црвенковски. Ме погледна некако зачудено и со иронична насмевка ме праша:

- Ти што тука? Да не те истераа Полјаците од Варшава?

Се вчудовидов. Смрзнав, а за јазикот ми се залепи прашањето:

- За да видам, господине министре, како наскоро ќе леташ.

И наскоро министерот полета во Лондон, ама не како министер, туку како амбасадор.

Во тие бурни деведесетти години, кога со големи и тешки напори одвај државата Македонија застануваше на нозе, многу чести беа летањата на министрите. Останувааа само тие кои имаа други надежи.

Вообичаено е министерот да го прими на разговор амбасадорот. За жал на тогашниот министер тој обичај не му беше познат, како и на многу други.

Дали имам коментар? Не! Мислењето им го оставам на други.

Јас подобро е, да се вратам дома. Таму ме чека семејството и мирот. Тоа се вика среќа.

16-17 септември 1995, сабота-недела

Цели два дена среќни мигови во кругот на семејството. Добро е.

Добро е што сме заедно.

18 септември 1995, понеделник

Во 8:00 средба и разговор со Борис Вишински. Изрази готовност за соработка со полски писатели и издавачи. Готов е да ја печати Антологијата на современата полска поезија, но сега има финансиски тешкотии. Замоли во средбата со министерот за култура да го покренам и ова прашање.

Во 11:30 на средба со министерот за култура. Секретарката рече дека е зафатен и замоли да почекам. Чекам. Поминаа 30 минути и станав да си одам. Во исто време од кај министерот излезе еден човек, за кој дознав дека бил актер. Влегувам кај министерот. Не стана. Сув поздрав преку работната маса. Не рече – седни. Стоејќи, одмерено и кратко го запознавам со одредени проекти во областа на културната соработка. Полското Министерство за култура е заинтересирано во Полска да се прикаже филмот „Пред дождот“ и моли да му се достави копија и листа на дијалози; издавање Антологија на современата македонска и за возврат на полската современа поезија; во Варшава, во Националниот музеј, изложба на македонските теракотни икони, соработка меѓу друштвата на писателите на Македонија и на Полска и

издавачите. Запишува без да ме погледне. Не коментира. Престана да пишува и ми вели:

- Се ќе биде разгледано и ќе бидете известен.

Повеќе време не му одземам, зашто знам дека некој чека во чекалната со кого, претпоставувам, ќе има поинтересен разговор.

Отидов во клубот на писателите на средба со Јован Павловски и Анте Поповски. По поздравот, Анте ме праша:

- Како помина во Министерството за култура?

-Многу културно – реков.

Ова беше повод за долго смеење.

Со нив секогаш може и има за што да се разговара.

19 септември 1995, вторник

Првпат по шест месеци успевам да најдам малку време за одмор и дремка. Во 17:00 часот дојде Петре Поповски, мој школски другар и врсник. Се дружиме цели четириесет години. Детството заедно го поминавме во детски домови, а младоста ја трошиме во Скопје. Единствена мана му е пушењето. Цигара од цигара запалува и затоа секогаш му се оладува омилениот пијалак – кафето. Вино не пие, само шира. Срдечен, секогаш насмевнат, шегаџија. Работи во скопската Железарница како електричар. Не му е по ќеф потпишувањето на времената спогодба. Вели дека тоа е една од големите игри на Запад и мисли дека таквата политика што ја води Владата, е арам политика за Македонија. Пред очи ми ја тресе дланката и прашува:

- Каква, бре, држава ќе градиш кога имаш половина милион нелојално население и секојдневно земјата ти се полни со секакви дојденци? Татко ми се бореше и против Италијанците и против Германците и против Балистите и во таа проклета Граѓанска војна и во Романија се најде со една нога. Десната му остана на некој рид во Грамос пресечена од американска бомба и секогаш ни велеше дека се борел за Македонија, а сега некои таканаречени политичари чии пелени се уште се сушат на жица, ќе ми дробат дека баш Американците ни се најголемите стратешки пријатели. Таквите стратешки пријатели никаде немаат пријатели. За пријателите утре можат да има само бомби. Не им верувам и не ги сакам. Јас, знаеш, сум обичен работник, не сум политичар, туку обичен работник, дома немам универзитетска диплома, ама и без неа добро гледам што е право и што е криво. Умот можеби ме лаже, ама не и очите...

Со длабока воздишка Петре прекина, сркна од веќе остинатото кафе и рече:

- Нека ни е за утеха што барем на едно парче од Македонија веќе имаме каква таква државичка. Искрено да ти кажам дека не ми се бендисува тоа што се прави, туку и тоа е една мала утеха која охрабрува и влева малку надеж...

- Па, Петре – го прекинав – и тие, кои биле пред нас живееле со надеж, па мислам дека таа надеж и нам ни ја оставија. Се друго зависи од нас и од тие, кои допрва ќе дојдат.

- Велиш? Дитта - ѝ се обрати на жена ми, која ја познава од детските домови во Полска – свари едно кафе. – А потоа праша:

- Ќе останеш уште некој ден или брзо ќе заминеш за Варшава?

- Уште два дена – реков.

- Добро, има време да се напиеме кафе.

Стана. Отиде Петре и повеќе не дојде на кафе.

Кога жена ми ја молам да ми свари кафе, секогаш велам свари и за Петре, ама погорко.

20 септември 1995, среда

Последни подготовки за свадбата на Тања. Ем радост, ем тага, ем болка и солзи. Во животот ќе ни полета и второто пиле... Велиме да е со среќа и голема ведрина... Во такви мигови независно од тоа колку голема е радоста, тешки се солзите на мајката и таткото. Секогаш се велело дека така е во животот.

Попладнето на аеродромот ја пречекав полската делегација. Сместување во хотелот ГРАНД, а вечера во еден ресторан крај Вардар. Домаќин Виктор Габер.

21 септември 1955, четврток

Во 8:30 часот во МНР ги договараме последните подготовки во врска со политичките консултации меѓу делегациите на двете министерства.

Во текот на договарањата инсистирав од наша страна да се истакне дека односите меѓу двете земји ги цениме како одлични, отворени, пријателски, искрени и со видлива заемна симпатија и почитување и дека за нивниот натамошен развој очекуваме двете министерства да се ангажираат во поддршката на иницијативите на македонските и полските институции за нивно натамошно проширување во сите области; дека очекуваме Полска да ја поддржува Република Македониија на меѓународен план, а при потпишувањето на

билатералните договори и заемната комуникација да настојуваме од полска страна да се употребува уставното име на Република Македонија.

Натаму разговаравме и за можните ставови, барања и реагирања на полската делегација. Ја изнесов оценката дека полската делегација пред сè ќе настојува во заемните односи да го употребува името „Поранешна Југословенска Република Македонија“ и како причина за тоа ќе истакне дека таквиот став се засновува на нејзините далекусежни државни и национални интереси. Ова добро ми е познато од честите разговори на оваа тема и сигурните информативни извори. Подвлеков дека неизоставен дел од консултациите треба да е употребата на уставното име на Република Македонија.

Еден од нашиот тим, ме прекина, истакнувајќи дека ние ќе изнесеме цврсти аргументи кои се базираат на веќе договорени ставови со други земји.

Габер често се вклучуваше во разговорот изнесувајќи го ставот дека наше е ние да создадеме добра, пријателска клима за отворени разговори, нашите ставови да бидат во духот на промените што се случуваат во Европа, да бидеме одмерени, но конкретни и дека целосно сме посветени на јакнење на соработката и во таа смисла ја гледаме целта на претстојните консултации во кои ќе ја подвлечеме нашата определба во јакнењето на заемните македонско-полски врски, да подвлечеме дека во заемната соработка активно да се вклучат министерствата за надворешни работи на двете земји. Подвлече дека го прифаќа мојот став, неизоставна точка во разговорите да биде и прашањето за употреба на уставното име на Република Македонија од полска страна.

Дома се вратив во 15:00 часот. Целото семејство во исчекување на доаѓањето на свадбарите и гостите. Тања веќе блеска во невестинскиот фустан, убава, прекрасна. До неа

Миленка, невеста пред седум години. Со солзи во очите ѝ велам на Дитта:

- Ќе ни одлета и Тања.

Дитта остава впечаток на храброст и радост, насмеана е, ама во нејзините очи се гледа длабоко неискажлива тага. Ја гушнувам Тања и долго, многу долго, како тогаш, кога беше бебе, ја држам во моите прегратки, а таа со прекор:

- Тато, само немој да заплачеш.

Сите се обидуваме да бидеме весели и радосни и такви ги пречекавме свадбарите и гостите. Шум, врева, шеги. Ја земаме Тања под мишки и ја водиме кон зетот.

- Зете, Миле, ти ја даваме Тања за цел живот, да ја сакаш и да ја чуваш, заеднички среќно да ви тече животот како бистра вода во најбистар поток.... да се сакате и да се почитувате.... – сакав да речам уште нешто, ама ми недостигна глас.

Во 17:00 часот колоната коли со свирење – право во матично. Кус говор на матичарот, потписи, честитки, прегратки. Во дворот стар Ром на уште постара виолина стружи нешто како песна, го придружува парталово Ромче кое тропа на тарабука и очите му се полни молба. Им дадов по илјадарка, а стружењето на старата виолина и тропањето на тарабуката се сѐ погласни. Куп деца ги собираат парите кои за среќа ги фрливме во дворот. По сите наши православни адети и вера венчавката со благослов на свештеникот и честитките на големиот број свадбари заврши во Соборниот храм Св. Климент. Од тука во големата сала на ресторанот на хотелот ГРАНД. Не пречекува громка и весела музика и громки ракоплескања за младенците. На масата, заедно со нас седат и заменик-министерот Мелер и амбасадорот Хмјелевски. Ги поканив во име на младенците за да видат како изгледа македонската свадба. Честитаат. Се фаќаат за оро во кое им се прекршуваат чекорите. Се покажа дека не секој знае да игра македонско оро. А орото и музиката, радоста и

веселбата траеја до зори. Само ние дома се враќаме тажни, носејќи ја со себе најголемата желба и молитва -Тања и Миле да се многу среќни...

22 септември 1995, петок

По појадокот, во 9:00 часот, почнаа политичките консултации на претставниците на македонското и на полското министерство за надворешни работи во истиот состав како во Варшава.

Претседава Виктор Габер, кој откако на полската делегација и пожели добредојде, консултациите ги отвори со изрази на задоволство што двете делегации во ист состав повторно се сретнуваат овој пат во Скопје и се надева дека ќе се одвиваат во духот на заемно разбирање и пријателство. Двете делегации истакнаа дека односите меѓу двете земји се одлични и уште повеќе се зацврстија по отворањето на македонската амбасада во Варшава, при што заменик-министерот Стефан Мелер со избрани зборови на пофалба и признание ја истакна ангажираноста и вложениот труд на македонскиот шеф на Амбасадата кој не само со вложениот труд, искуство и знаење, во полско-македонските односи внесе многу позитивен влог и се потврди како личност, која целосно е посветена на јакнење и проширување на македонско-полските односи и соработка. Во врска со ова, рече, цениме дека Македонија во Варшава испрати вистинска личност, која целосно се посвети на зацврстувањето и проширувањето на полско-македонските односи во сите области, со што се потврди како одличен искусен дипломат, кој широкоградо и со срдечни симпатии е прифатен од наша страна. Ова не е само признание, туку и благодарност за неговите залагања односите меѓу двете земји да се развиваат во новата политичка клима. Тој е личност кого со искрено пријателски чувства го прифативме во нашата дипломатска

средина, во државните институции, како и во стопанските и културни кругови.

Господинот Мелер за миг прекина, а потоа се сврте кон мене и рече:

- Господине амбасадоре јас лично сакам и по завршувањето на вашата мисија во Полска и натаму да останеме добри пријатели.

На ова му ветив дека така ќе биде.

Искрено речено ми беше незгодно да слушнам зборови на толку големо признание. Но, што е, тоа е...

Во текот на разговорите само еднаш се вклучив со забелешка дека во наредниот период по иницијатива и со залагања на македонската амбасада во Варшава ќе има низа контакти, разговори и договори, како и средби на експертско и министерско ниво, со цел да се унапредат заемните македонско-полски односи. Во таа смисла, сугерирав, актуелните политички консултации треба да го покренат и прашањето за правно регулирање на договорите во духот на националното законодавство и меѓународните правни норми.

Ова предизвика поширока дискусија, бидејќи двете страни имаа различно мислење во врска со формулацијата на потписите. Во дискусијата преовладаа три варијанти. Прва: - „За Република Македонија“ и „За Република Полска“. Втора: „За македонската Влада“ и „За полската Влада“ и трета варијанта – „За македонската страна“ и „За полската страна“.

И додека траеше дискусијата околу формулацијата за потписите, за што полската страна инсистираше да се употребува македонско-германската формулација, која им беше позната, веројатно од германски извори, а В. Габер настојуваше да се најде друго решение во кое ќе се употребува уставното име на нашата земја, Мисајловски за кратко ја напушти салата и се врати со сина папка која му ја

врачи на Хмјелевски, кој откако ја прегледа првата и последната страница на текстот, папката му ја предаде на Мелер, кој го прочита само насловот и веднаш ја стави во актен ташната и му шепна на Хмјелевски – токму ова ни треба.

Деталите од дискусијата се во записникот, а резултатите ќе ги видиме подоцна.

За време на паузата за кафе, во четири очи тивко му реков на Мелер:

- Господине министре, сигурен сум дека по пет-шест години целата оваа расправа за потписите ќе биде беспредметна.

- Од каде таа сигурност? – праша заменик-министерот, Стефан Мелер.

- Од таму, господине министре дека еден ден Полска свечено ќе го признае нашето уставно име – Република Македонија.

- Дај, Боже! – рече Мелер и ме гушна.

Не погрешив.

Во 2003 година претседателот на Република Полска, Александер Квашњевски за време на неговата официјална посета на Република Македонија ја прогласи одлуката на полската влада за признавање на нашето уставно име. При ова морам да подвлечам дека во текот на целиот период од петгодишната моја дипломатска мисија во Полска, при секоја средба со претседателот Квашњевски, неговиот советник за политички прашања, Мајковски, со министри, со високи државни функционери, политичари, пратеници, истакнати новинари, писатели и редица други интелектуалци во секој разговор упорно го изнесував барањето за признавање на нашето уставно име, потсетувајќи ги на нивното трагично и крваво минато слично на нашето. Секогаш во тие разговори наидував на разбирање.

Се покажа дека политиката има куси нозе, ама прави и опасни чекори, а националната меморија и државни интереси имаат трајно значење.

Политичките консултации завршија во 17:00 часот и по задоцнетиот ручек, полската делегација одлета за Варшава.

23 септември 1995, сабота

Веќе спакувани и подготвени за пат, ги чекаме децата. Во 7:00 часот се прибравме сите. Малку шега, малку смеење и повеќе тага. Реков – без солзи. Одново се разделуваме за подолго време. Во 9:00 часот стигна службената кола која треба да нè однесе на аеродромот во Софија, од каде за Варшава полетавме во 15:50. Мирен лет. Го читам и го анализирам текстот на времената спогодба. Знам дека во наредните неколку контакти со Дипломатскиот кор таа ќе биде главна тема на разговорите. Во 16:30 слетавме на варшавскиот аеродром. Студено. Со такси стигнавме „дома“. На масата во секретаријатот куп писма. По телефон им се јавивме на децата.

24 септември 1995, недела

Денот ми поминува во читање на поштата, печатот и разговор за сè што доживеавме во Скопје.

25 септември 1995, понеделник

Испратив нота до полското Министерство за правда и во прилог текстовите на договорите за правна помош во граѓанските и кривичните предмети; за меѓусебно извршување на судските одлуки во кривичните предмети и текстот на Договорот за екстрадиција. Истовремено побарав да ми достават по еден примерок од законите за државната управа, локалната самоуправа на главниот град, како и за локалните избори.

Во 12:00 имав средба со Архиепископот и папски нунције, Ј. Ковальчик. Му врачив албум монографија за Македонија. Ме задржа на подолг разговор во врска со времената спогодба. Многу пофално се изрази за нашата надворешна политика, а спогодбата ја оцени како позитивен прилог за мирот и безбедноста во Европа. Истакна дека во врска со разговорот во текот на денот ќе испрати соодветна белешка до надлежните во Ватикан.

26 септември 1995, вторник

Во 11:00 коктел во Апостолската нунцијатура по повод завршувањето на дипломатската мисија и заминувањето на кинескиот амбасадор. Имав повеќе средби со амбасадори и вршители на работите. Главна тема на разговорите – времената спогодба. Соговорниците истакнаа дека Република Македонија постигна голем дипломатски успех и дека над сите емоции на преден план ги стави мирот, безбедноста, добрососедството и соработката.

Во 13:00 по мое барање ме прими Јан Ворољецки, директор на Департаментот за системот на ООН во полското МНР. Тема на разговорот: запознавање со активностите на македонската делегација на 50-то јубилејно Генерално заседание на ООН и при оваа прилика го поставив и барањето да се престане со употребата од страна на полското

МНР и Дипломатскиот протокол на името „ПЈРМ“. Во врска со ова ми вети дека ќе разговара во Департаментот за права и закони.

27 септември 1995, среда

Во 9:00 часот, по претходна најава, во Амбасадата дојде проф. д-р Јежи Јацковски. Тој во полското МНР е задолжен да изготвува месечен билтен за севкупните состојби во Република Македонија, нејзините односи со земјите од регионот, Европа и пошироко. Неговите оценки во основа се позитивни за Република Македонија. Примерок од Билтенот е доставуван до сите дипломатски странски мисии во Варшава, како и до амбасадите на Република Полска во странство. Откако ми врачи примерок од Билтенот ме замоли да му доставам материјали за македонскиот конституционализам од 1946 досега, како и текстовите на одлуките на АСНОМ. Му ветив дека ќе го услужам.

Истиот ден до МНР/РМ испратив телеграма со молба под итно да ми бидат доставени бараните материјали. Бидејќи по петнасет изминати денови не ми беа доставени, а професорот двапати ми се јави по телефон, одлучив помош да побарам од мој пријател вработен во Институтот на национална историја. Истиот ден, попладнето по факс ми стигна комплет на бараните материјали.

Има ли за ова коментар?

Во 10:00 бев на разговор кај Јакуб Боравски, директор на Канцеларијата за меѓупарламентарни односи на полскиот Сејм. Во подолгиот разговор за меѓусебните односи и соработка, ми ги предложи следниве термини за официјалната посета на Полска на претседателот на

Собранието на Република Македонија, Стојан Андов: од 8 до 11 или од 15 до 18 ноември 1995 година.

Во 13:30 телефонски разговор со Л. Јаремчук од полското Министерство за надворешна трговија. Договоривме рок за средба на експерти од министерствата за надворешна трговија на двете земји. Начелно договоривме средбата да се одржи во Варшава последната недела од октомври годинава.

До МНР/МР испратив телеграма со следниве прашања: кој ден е прифатлив и кој од македонската делегација ќе го потпише договорот; дали до 1 октомври ќе ми биде испратена службена кола или да барам од Дипломатскиот протокол специјална дозвола со број за идентификација за движење и вклучување со рентана кола во службена колона?

28 септември 1995, четврток

Во 9:30 по телефон ми се јави Мисајловски во врска со потпишувањето на договорите. Рече дека телефонски разговарал со Хмјелевски од полското МНР и дека тој, Хмјелевски, ќе ми се јави за да ми ги пренесе инструкциите од него (значи од Мисајловски).

Чудно! Мисајловски си зел право на полски дипломат, директор на Управа, да му дава инструкции.

Му се јавив на амбасадорот Хмјелевски и го замолив да ми ги пренесе инструкциите што ги добил од Мисајловски. Амбасадорот Хмјелевскли со навредлив тон на гласот, рече дека Мисајловски се претставува како надлежен и овластен за односите меѓу Македонија и Полска, па оттука си ја зел слободата и нему да му се јави за што лично се чувствува навреден и замоли на Мисајловски да му биде пренесено повеќе да не се јавува и дека во полското министерство има кој да дели инструкции. На ова му реков дека штом тоа е

така, тогаш нивниот телефонски разговор го сметам за приватна работа и дека сè што ќе оди надвор од Амбасадата нема да има никакво значење и обврски.

За овој разговор напишав белешка и по факс ја испратив до МНР/РМ.

Коментар? Баш би сакал да слушнам!

Во 12:30 од Гдањск, по факс, добив „Отворено писмо до Владата и Парламентот на Република Македонија“. Содржината се однесува на Времената спогодба и е одраз на осудување со многу пцости. Потписници: Мито Алексовски, Т.Гадовски, Иренеуш Шлупковски. Оригиналот на текстот го испратив во МНР/РМ. Таму нека го оценат.

Од 18:00 до 20:00 на коктел во Амбасадата на Кина приреден по повод 46-тата годишнина од нејзиното постоење како Народна Република Кина.

29 септември 1995, петок

Во 11:00 сум повикан во полското МНР. По краткиот вообичаен разговор ми е врачено писмото од министерот Владислав Бартошевски до министерот Стево Црвенковски по повод потпишувањето на времената спогодба. Министерот В. Бартошевски изразува задоволство и признание и верува дека вложените напори ќе продолжат во корист на мирното регулирање на односите со соседите. Така накратко ми ја раскажа содржината на писмото.

Во 12:00 часот во истото министерство средба и разговор со Малгожата Дмоховска, директор на Департаментот за закони и договори. Тема на разговорот: договарање за одредени елементи од текстот на Договорот за заштита на инвестициите и двојното оданочување и забелешките

изнесени од експертите на двете министерства. Изрази задоволство за тоа што текстот на Договорот е прифатен од двете страни без големи забелешки и се очекува да биде потпишан на 6 октомври во седиштето на полската влада.

Во 20:00 часот ми се јави Михал Граматниковски, претседател на Здружението на Македоците во Варшава. Со висок тон на гласот и навредливи зборови изјави дека заедно со Димитр Манџуновски подготвуваат протестно писмо до Владата на Република Македонија со кое ќе го изразат своето противење во врска со потпишувањето на времената спогодба и дека писмото ќе го потпишат сите Македонци кои живеат во светот.

30 септември 1995, сабота

Од Вроцлав на гости ни дојде мојот ментор, проф. д-р Карол Фједор со сопругата. Заедно поминавме два убави, прекрасни и корисни денови. Меѓу другото, професорот ми рече дека од библиотеката на Вроцлавскиот универзитет го снема примерокот од мојот докторат „Македонски деца во Полска“. Претпоставувам кој го зел.

Крај на месецот, но не и крај на еден многу драг спомен. Тој месец поблиску ја запознав мојата сопруга, со крстено име Афродита и скратено Дитта. Така ја викаат сите кои ја познаваат, така ја викам и јас и поначесто Дитенка. Не би сакал многу да се задржувам на ова. Се познававме како деца во домовите во Албанија, Романија и Полска. Заедно растевме и пораснавме и се зедовме. И тогаш и сега има убави сини очи, како небесното синило. Честопати ѝ велам – Дитенко отвори ги очите за да го видам небото. Во брак сме 36 години и плод на нашиот брак се нашите две прекрасни ќерќи – Миленка и Тања.

1 октомври 1995, недела

Заедно со семејството Фједор, по појадокот отидовме во Виланув. Ја посетивме изложбата на полскиот портрет од 16 век до сега. По ручекот со воз заминаа за Вроцлав. Дружењето со проф. д-р Фједор и неговата сопруга, лекарка-педијатар, ни е еден од најпријатните, безгрижни и мирни денови што досега ги доживеавме во Варшава. Два слободни денови кои долго ќе ги паметиме.

2 октомви 1995, понеделник

Факс од МНР/РМ. Известуваат дека во врска со потписите под договорите не се прифаќаат полските ставови. Нашата страна бара потписите да гласат: „За македонската Влада“, а полската страна бара нивниот потпис да гласи „За Владата на Република Полска“.

Очекувам да почнат нови преговори и натегања. Договоривме да се договараме во интерес на добрите односи.

Во 15:00 на инаугурација на студентската учебна година 1995/1996. Многу свечено и по сите традиционални и вечни академски обреди.

3 октомври 1995, вторник

Тежок ден. По телефон ми се јави Тања со тревожен тон на гласот.

- Тато, извршен е атентат врз претседателот Киро Глигоров! Не се знае дали е жив!

Занемев. Ѕвони другиот телефон. Се јавува Миленка. Истата трагична вест.

Се јавувам во МНР/РМ. Молк. Настојувам да ѕвонам. Најпосле еден непознат женски глас. Потврдува дека е извршен атентат и дека Претседателот најверојатно е жив. Ѕвони другиот телефон. На линија новинарот Биљски од дневниот весник „Жечпосполита“. Јавува дека во редакцијата постојано им стигнуваат вести од странски новинарски агенции за извршен атентат врз претседателот Киро Глигоров. Моли да дадам кратка изјава. Му реков дека во моментот сум презафатен. Крај на разговорот.

Набрзина напишав и испратив нота до полското МНР со молба за зајакнато обезбедување на македонската амбасада.

До Кабинетот на претседателот на Република Македонија, Киро Глигоров, телеграма со желби за негово брзо оздравување.

Полското радио и телевизија пренесуваат сè повознемирувачки вести. Телефонски јавувања од разни амбасади со изрази на сочувство.

Во 10:00 часот повикан сум во полското Министерство за надворешни работи. По искажаните изрази на сочувство ми врачија писмо од претседателот на Полска, Лех Валенса, до претседателот на РМ, Киро Глигоров, со кое го осудува атентот, изразува надеж за брзо оздравување.

Во амбасадата се вратив во 11:30 часот и веднаш по телефон му се јавив на Виктор Габер. Го потврди чинот на атентатот и рече дека Преседателот е во болница и е свесен.

Разговорот продолжи во врска со потпишувањето на договорите. Истакна дека МНР/РМ ќе настојува договорите да не се потпишат според македонско-германскиот договор.

Го замолив таквиот став да ми го достави во форма на инструкција. Му забележав дека со таквиот категоричен став се игра играта на двојни стандарди и како е можно со едни со компромис, со други со тврдоглавост. Во врска со ова рече дека ние мораме во односите со Полска да имаме подобра позиција земајќи го предвид фактот дека Полска секогаш нас во минатото нè поддржуваше и дека се надева оти и овој пат истото ќе го прави. На ова му реков дека денешна Полска не е вчерашна Полска и дека тие кои ја водат сега гледаат подалеку од реката Буг на Исток и реката Одра на Запад. Тој остана на своето, а јас на барање начини за компромис во врска со потпишувањето на договорите, кои можат само да нè зближат во сегашните сложени европски и меѓународни состојби и дека добрите односи со Полска сигурен сум дека ќе ја јакнат нашата позиција во Европа. Нека е така, како што ќе одлучите, само да е умно, а јас ќе работам по инструкции макар да се и спротивни на моите убедувања, а вие, таму во Скопје, добро е да постапувате како старите терзии, кои седум пати мереле и само еднаш кроеле.

На крај од разговорот рече дека дури не се знае дали ќе допатува во Варшава на средбата на ЦЕИ со најавената делегација, а сигурно е дека Премиерот нема да допатува.

На ова реков:

- Вие знаете, вие одлучувате.

Не претпоставувам, туку добро знам чии „добронамерни“ совети прима Габер.

4 октомври 1995, среда

И денес, како вчера, се јавија по телефон голем број Полјаци, поединци, установи, институции и изразија жалење и осуда по повод атентатот. Се јавија и повеќе амбасадори, меѓу кои

и Јани Милчаков, амбасадор на Бугарија, кој во разговорите со мене тврди дека коренот му е македонски, бидејќи неговите предци потекнуваат од Кукуш. Исто така се јавија и Македонци кои постојано живеат во Полска, а по потекло се од Егејска Македонија. За жал не стигна глас на жалење од ситните трговци на камионче.

Во 19:00 часот на коктел приреден од ОБСЕ. Повеќе амбасадори и шефови на делегации ми приоѓаа, изразуваа жалење и желби за брзо оздравување на претседателот Киро Глигоров и се интересираа за сторителите на атентатот.

Од Скопје никакви информации во врска со атентатот и здравјето на претседателот Киро Глигоров.

Сосема случајно дознав дека Република Македонија на 28 септември годинава е примена во Европскиот совет. Зарем толку е тешко да се извести Амбасадата за еден толку важен настан?

5 октоври 1995, четврток

Сношти читав во ПУЛС дека на 5 октомври годинава Собранието на Република Македонија ќе донесе одлука за промена на државното знаме. Во 22:00 часот слушам вести од Радио Скопје. „Утре Собранието ќе ја одржи својата... крчи радиото... седница и ќе донесе одлука за промена на знамето која ќе стапи во сила веднаш... пак крчење. Натаму ништо не се слуша. Радио Варшава II лежи на иста бранова должина, како и Радио Скопје.

На Грците им попуштивме. Дали ова ќе биде прво попуштање не само на Грците и дали за тие околу нас и за тие подалеку од нас ова прво попуштање ќе биде последно или ќе се претвори во низа од попуштања и во синџир што ќе

води кон нашето разнебитување? Дали ова нема да е почеток на идни попуштања?

Заменик-министерот Стефан Мелер ми се јави по телефон и во негово име и името на амбасадорот Хмјелевски, кој е отсутен, ми изрази срдечно жалење по повод атентатот.

Од МНР/РМ јавено ми е дека премиерот и министерот нема да допатуваат во Варшава.

По телефон ми се јави Билјана Ивановска (архитектката) и ме извести дека со карго се испратени килимите, а утре со авион ќе ја достават останатата опрема за Амбасадата. Во телефонскиот разговор рече дека здравствената состојба на Претседателот е добра и дека цела Македонија е потресена и потиштена, луѓето меѓу себе дури и не зборуваат дека Македонија е нема. Од друга страна, рече, постои стравување дека може да се влоши политичката состојба во земјата и дека во Парламентот жолчно се дискутира во врска со новото знаме.

Крај на разговорот.

Се потпирам на дланките и размислувам за натамошната судбина на Македонија. Извршено е едно предавство со промената на уставното име Република Македонија на ПЈРМ, атентатот врз Претседателот и сега расправата во Собранието за промена на државното знаме со некое друго, што веќе е второ предавство. Таквото лесно попуштање, таа срамота и потчинетост, сигурен сум дека и во иднина ќе доведе до уште поголеми предавства. Како ли се најдоа такви, кои под диктат ја кројат судбината на Македонија?

Камо ли таа несреќа, трагичниот настан, атентатот на претседателот на Република Македонија, Киро Глигоров, да ја потресе совеста на сите македонски поколенија и да ја разбуди македонската национална свест за национално обединување. Само тоа, националното обединување е спас за

Македонија од која некои направија буниште. Но, верувам дека Македонија еден ден ќе закрепне.

Во вечерните часови по факс ја добив Декларацијата на Собранието на Република Македонија по повод атентатот врз претседателот на Републиката. Чисто одбележување дека е сторен злосторнички чин.

Најпосле, по долго чекање ја добив листата на составот на македонската делегација за учесто на состанокот на ЦЕИ. Со нота го известив полското МНР.

Состав на делегацијата: д-р Љубе Трпески, министер во Владата на РМ, Виктор Габер, потсекретар, д-р Петре Наковски, вршител на работите во Амбасадата на РМ во Варшава, Јон Ивановски, национален координатор на ЦЕИ, Г. Мисајловски, член на делегацијата, Горан Стевчевски, соработник.

Од МНР/МР по факс побараа до организаторот да доставам неколку примероци од новото знаме. Веднаш одговорив дека не ми е познато како изгледа новото знаме и дека на организаторот можам му доставам неколку примероци од досегашното. Ми одговорија дека ќе пратат по делегацијата и веднаш на јарболот пред Амбасадата да го подигнам новото знаме.

Попладнето на варшавскиот аеродром заедно со претставник на организаторот ја пречекав македонската делегација.

6 октомври 1995, петок

Со колата на претставништвото Технометал –Вардар, а со австриска регистрација што уште вчера ја пријавив во Дипломатскиот протокол, во 10:20 заминав за варшавскиот аеродром. Без тешкотии влегов во приемниот дел. Убав дочек

на надлежните, изрази на жалење и желби за опоравување на претседателот Киро Глигоров. Во 11:30 слета нашиот авион со кој патуваа Љ. Трпески, В. Габер и Г. Мисајловски.

Возачот на Малезанов го оставив од авионот да ги преземе пакетите во кои беше спакувана опремата за кујната и комплетот кристал. В. Габер ми врачи голем пакет, велејќи дека во него има неколку примероци од новото знаме и уште денес едно да го подигнам на јарболот.

Утрото, во 7:15 часот со растреперени раце го симнувам државното знаме со сонцето и го подигнувам на јарбол новото државно знаме. Знамето со сонцето кое скоро цела година ги полнеше очите на минувачите и го потврдуваше постоењето на Македонија, нежно го здиплив и го ставив на почесно мето во амбасадорскиот кабинет. Кога ќе ми заврши мисијата ќе го понесам со мене во Скопје. Нека биде за спомен на моите идни внуци.

Признавам: со болка го симнав знамето со сонцето. Чувствувам дека нешто многу ми недостасува...

Сместување во хотелот „ВИКТОРИЈА“ („VICTORIA“) и веднаш потоа, според програмата, состанок со појадок на кој учествуваа претседателите на делегациите и шефовите на дипломатските мисии. Забележувам дека на најниско ниво е нашата делегација. Присутни премиери и министри. Настојував нашата делегација да биде составена од Премиерот и министерот за надворешни работи, со цел да се одржи средба и разговори со полскиот премиер и министер за надворешни работи. Не дојдоа. Верувам дека се спречени поради атентатот. Во 18:30 средба со украинскиот министер за надворешни работи. Разговор околу заемните желби за стопанска и културна соработка.

Во 19:00 прием кај претседателот Лех Валенса. Под рака го зедов министерот Љ. Трпески и му го претставив на претседателот Лех Валенса, кој во краткиот разговор се интересираше за состојбите во Македонија, а посебно за

здравствената состојба на претседателот Киро Глигоров, подвлекувајќи дека многу жали што на неговиот пријател Киро Глигоров и на пријателска Македонија им се случи толку голема несреќа.

Во 20:30 вечера, всушност ручек. Поканетите претседатели на делегациите и шефовите на дипломатските мисии ги пречекува премиерот Ј. Олекси. Се претставуваме. Ме позна од претходната средба во претседателската палата. Му го претставив Љ. Трпески.

- *O, Macedonia! Kochana Macedonia! Jako student w 1968 roku byłem w Macedonii dwa miesiące. Piękny kraj! A Pan, Panie ambsadorze, jak się czuje?*

- *Jak Pan, Panie Premierze w Macedonii.*

- *Pięknie. Mamy więc podobne przeżycia. Myło mi.*

На тркалезната маса седиме: Украина, Словенија, Романија, Словачка, Албанија, Бугарија, Белорусија, Македонија. Отворен, честопати шеговит разговор, со повремени предлози. На украинскиот амбасадор му велам дека скопскиот фармацевтски гигант „АЛКАЛОИД“ се носи со намера во Украина да изгради слична фабрика. Украинецот долго се загледа во мене и возбудено рече:

- Таква фабрика нам многу ни е потребна. Јас уште денес ќе го известам нашето министерство во врска со оваа надежна вест.

7 октомври 1995, сабота

Средбата на премиерите и на министрите за надворешни работи се одржува во големата конференциска сала на полската влада. Нашата делегација (без учество на Габер и Мисајловски) седи лево од влезот. На нејзиното место е

поставено новото знаме и картонска лента со натпис MACEDONIA, додека во салата за печат лента со натпис FYROM. Отидов кај организаторот и му реков да се отстрани лентата со FYROM и на нејзино место да се стави лента со натпис MACEDONIA, слично како што е во конференциската сала. Ми рече дека ќе се консултира со надлежните. Во меѓувреме видов како настрана се расправаат Габер и Мелер и набрзо влегоа во соседната просторија.

Пред да почне средбата, му пријдов на премиерот Ј. Олекси и го замолив да го осуди атентатот врз претседателот Киро Глигоров. Ми ја исполни желбата. Истото го сторија и амбасадорите на Словенија, Босна, Хрватска, Италија, Унгарија и други, а највпечатливо зборуваше амбасадорот на Украина.

Средбата за нас и покрај ниското ниво, ценам дека беше многу успешна. Во текот на контактите и разговорите афирмирани се нашите ставови во врска со односите во регионот. Во сите документи, како и во медиумите е употребено името МАКЕДОНИЈА. За жал врз успешните настапи на министерот Љ. Трпески, негативна сенка фрли ставот на Виктор Габер кој категорично изјави дека договорите нема да се потпишат, па дури и тие што допрва ќе следат доколку полската страна не прифати рамноправен став, а не според македонско-германскиот договор. Истакна дека за ова имал доста остар разговор со заменик-министерот Стефан Мелер. Помислив да му речам дека и овие и идните договори ќе бидат потпишани дури без негова согласност.

Попладнето делегацијата ја посети Амбасадата каде остана на краток одмор и скромен коктел. За време на коктелот В. Габер ми рече дека имал остар разговор со Мелер и во врска со тоа ќе му напише писмо кое по пошта ќе го прати до Амбасадата, а јас лично да му го врачам.

Поради висока температура и влошена здравствена состојба не отидов на аеродромот да ја испратам делегацијата.

8 октомври 1995, недела

Од полското Министерство за култура и уметност ми јавија дека филмот ПРЕД ДОЖДОТ се прикажа на XXI Варшавски филмски фестивал и дека жалат поради тоа што и покрај поканата никој не присуствуваше од Македонија. Од моја страна инсистирав филмот да биде специјално промовиран за што беше согласно и полското Министерство за култура и уметност, со учество на македонскиот министер за култура за што беше испратена и покана. Филмот се прикажа, министерот не дојде. Од наша страна се испушти приликата за дополнителни средби и разговори за проширување на соработката во областа на филмската уметност и афирмацијата на македонскиот филм во Полска. Пропаднаа моите залагања, труд, убедувања и праќање телеграми.

Министрите и личностите на високи функции во Скопје изгледа најдобро знаат како треба да се афирмира Македонија.

9 октомври 1995, понеделник

Денес навршуваат девет месеци откако сум на должност во Варшава. Краток ама и многу долг и тежок период. Во некоја друга прилика ќе се обидам нешто да напишам како го доживеав ова време. Или, во друг случај, нека остане така, како што сега е запишано на овие страници од дневникот, па можеби во иднина некој ќе стави точка за лошата или добро извршена работа.

Со трамвај одам во центарот каде се одржува конференцијата на ОБСЕ. По должност сум назначен да бидам шеф на

македонската делегација составена од млади неискусни, но амбициозни момчиња. Но тука е искусниот Јов Ивановски, срцето и умот на македонската делегација. Момчињата ги инструирав како да постапат во случај ако бидат прекинувани во своите настапи од страна на членови на грчката делегација.

Во 12:00 се вратив во Амбасадата каде ме чекаше веста дека со карго стигнаа килимите. Со Малезанов отидовме да ги земеме. Ме вратија бидејќи немам заверен сертификат.

Попладнето на седница на ОБСЕ. Во холот ме пречека шефот на грчката делегација. Ме праша дали јас ќе говорам на седницата. Му реков дека ќе говори член на македонската делегација. Ме замоли во говорот да не се спомнува името Македонија, туку нашата држава или нашата земја. Му реков дека во оваа сала се зборува за правда, вистина и почитување на идентитетот и за тоа се информира светската јавност. Изгледа го прецвака ова, па рече:

- А нашиот говорник ќе зборува за нашите заложби за добри односи и во таа смисла ќе го поздрави потпишувањето на Времената спогодба.

- Ќе најдеме начин да вратиме – му реков и го прашав: -Дали пак, како во 1993 година постојано ќе нè прекинувате и ќе спорите? (тогаш цел месец на Конференцијата на ОБСЕ во Варшава ја водев македонската делегација и постојано некој нивен ме следеше со кого контактирам и што зборувам, а што зборував, добро запаметија и најдоа место да ме внесат во црната листа).

- Не - рече. – Тогаш такви беа инструкциите.

- Па штом е така, тогаш немојте сега да го прекинувате нашиот говорник.

Ми вети и си остана на зборот.

На Горан му реков во текстот на говорот да внесе кратка реченица со која ќе подвлече дека Република Македонија се залага за пријателски односи со соседна Грција и во тој дух очекува возвратен однос.

Претседавачот го најави македонскиот говорник. Горан полека го чита текстот на македонски. Гркот внимателно го слуша преводот на англиски. За употребата на името Република Македонија, се мршти, но не прекинува. По завршувањето на говорот ми пријде и рече:

- Добро беше, ама немаше потреба да го употребува зборот Република Македонија, туку FYROM.

-Тоа е негово право, господине...

- Да, ама...

- Имајте трпение како добар сосед. Се гледаме утре.

По два часа се вратив во Амбасадата.

10 октомври 1995, вторник

Роденден на Дитта. Честитки, прикладен подарок и ручек во стариот дел на Варшава.

Со комбе ги пренесов килимите. Рачно изработени. Прекрасни. Ги послагме. Сега салонот на Амбасадата има друг лик и за да биде уште поубаво, потребни се неколку уметнички слики карактеристични за нашето македонско поднебје. Камо среќа да е така, како што е во салонот и во просториите на Амбасадата на Чешката Република. Тие, Чесите, имаат неверојатен вкус за нивната традиционална уметност. Далеку сме од нив.

Во 9:00 телефонски разговор со Хмјелевски. Договоривме видување откако ќе го добијам македонско-францускиот договор, кој воопшто не ми е познат.

По факс стигна писмото од Габер до Мелер. На англиски е. На Мелер му го пратив по факс. Содржината не ми е позната. Времето ќе покаже што му нпишал.

11 октомври 1995, среда

Годишнина од востанието во Вардарска Македонија. По тој повод испратив телегама до МНР/РМ со честитки.

Прекрасен топол есенски ден. Протоколарна посета на амбасадорот на Тајланд.

12 октомври 1995, четврток

Стигна факс од македонското Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство во врска со претстојната средба на министрите на земјите членки на ЦЕИ што ќе се одржи во Варшава од 7 до 8 декември о.г. Содржината му ја препратив на соодветното полско министерство. Првпат ми се случува да добијам одговор на мои телерами.

Во 10:00 добив пријатна вест – Република Македонија е примена во КЕБС.

Во 12:30 во Амбасадата дојде проф. Г. Димировски, претседател на Здружението на децата бегалци, кој на Конференцијата за човекови права што се одржува во Варшава ја води делегацијата на Здружението во чиј состав се и претставници на Македонците од Грција и од Бугарија.

Рече дека има напишано текст за настап, но се судрил со Сидиропулос во врска со некои делови од текстот. Замоли да интервенирам, бидејќи по име и презиме лично ги познавам сите од заедничката делегација. Му реков дека личните несогласувања не спаѓаат во надлежност на Амбасадата и не би сакал да учествувам во распрвиите кои се карактеристични за традиционалните делби на Македонците. Праша дали во текот на денот би ја примил целата делегација. Реков –приватно – да, службено – не. Дополнително му реков:- вие сте невладина организација и дејствувајте како таква и немојте да се карате.

13 октомври 1995, петок

Се јави новинар од весникот „ЖЕЧПОСПОЛИТА“. Замоли да му организирам средба со членовите на делегацијата на Македонците кои учествуваат на конференцијата за човекови права. Му ветив и средбата, на која бев отсутен, се одржа. Прашањата се однесуваа на човековите права на Македонците во Бугарија и во Грција.

Во 11:30 разговор со Палишевски, главен раководител на конференцијата. Разговараме за местото на тркалезната маса на делегацијата од Република Македонија. Рече дека во врска со тоа прашање чека одговор од Виена. По дваесетина минути со телеграма в рака ми пријде и рече:

- Имам одговор од Виена. Делегацијата на Македонија да ја сместам меѓу Литва и Лихтенштајн според француската абецеда.

Му се заблагодарив и се вратив во Амбасадата. На бирото две телеграми – од Апостолскиот нунције Ковальчик и од Вроцлавскиот универзитет.

Телеграмата од Апостолскиот нунције гласи:

Szanowny Panie,

Proszę przyjąć wyrazy głębokiego współczucia z powodu zamachu na życie pana Prezydenta Kiro Gligorova.

Łączę się w cierpieniu z rannym Prezydentem, ofiarowując dar modlitwy o umocnienie w bólu i szybki powrót do zdrowia.

Z wyrazami szacunku

+ Józef Kowalczyk, N. Ap.

Dziekan Korpusu Dyplomatycznego

Szanowny Pan

Dr Petre Nakovski,

Charge d` Affaires

Ambasady Republiki Macedonii

Warszawa

Превод:

Почитуван Господине,

Молам да примите изрази на длабоко жалење по повод атентатот врз животот на господинот претседател Киро Глигоров.

Се надоврзувам во страдањето со ранетиот Претседател дарувајќи молитва за издржување на болката и брзо оздравување.

Со изрази на почит

+Јозев Ковальчик, Ап. Н.

Декан на Дипломатскиот кор

Почитуван Господин

д-р Петре Наковски

Вршител на работите

на Амбасадата на Република Македонија

Варшава

А од Вроцлав пишуваат:

Wrocław 1995.10-04

Dr Petre Nakovski

Ambasada Macedonii

W Warszawie,

ul. Dominikańska 15

W imieniu pracowników Instytutu Niemcoznawczych i Europejskich Uniwersytetu Wrocławskiego oraz moim własnym zdecydowanie protestujemy przeciwko próbie zamachu na życie Pana Kiro Gligorova, prezydenta Republiki Macedońskiej.

Równocześnie gorąco wspieramy wszelkie kroki Narodu Macedońskiego oraz Jego Ambasady w Warszawie na drodze do właściwego uregulowania stosunków z sąsiadami.

Prof.dr hab. Karol Fjedor.

Превод:

Вроцлав,1995.10-04

д-р Петре Наковски

Амбасада на Македонија

во Варшава

Ул. Доминикањска 15

Во име на вработените во Институтот за германски и европски истражувања на Вроцлавскиот универзитет, како и во мое лично име одлучно протестираме против обидот за атентат врз Претседателот на Република Македонија.

Истовремено одлучно ги поддржуваме сите напори на македонскиот народ и неговата Амбасада во Варшава на патот за соодветно регулирање на односите со соседите.

Проф.др хаб. Кароль Фједор.

Двете телеграми во оригинал и во превод на македонски ги испратив во МНР/РМ со молба телеграмата од Апостолскиот нунције да биде објавена во печатот и да ми испратат исечок од весникот. Дополнително напишав дека исечокот од телеграмата од Апостолскиот нунције сигурно ќе биде испратена во Ватикан што несомнено има соодветно значење.

14 октомври 1995, сабота

Во полскиот печат продолжуваат тешките меѓусебни обвинувања на кандидатите за претседател на Полска. Предизборната претседателска кампања сè повеќе се разгорува.

Во 21:00 на Втората програма на полската ТВ во емисијата „Панорама“ е објавена веста дека од денес Република

Македонија е полноправна членка на ОБСЕ и дека Грција го симна ембаргото. Покажани повеќе инсерти од граничниот премин „Богородица“

Големата католичка црква пред Амбасадата цела ноќ е отворена. Толпи верници влегуваат и излегуваат. Поводот е молењето пред Богородица од Фатима, која според кажувањата, во 1915 година им се покажала на три овчарчиња во Португалија.

15 октомври 1995, недела

Денес, утрото, полицијата ги растера колите кои беа паркирани пред Амбасадата. Ме изненади одлучноста. Не побарав да дојдат. Иако Амбасадата е спроти црквата меѓу мноштвото паркирани коли ѓаволот не спие – рече еден од полицајците. Кариниците, пцостите, па дури и тепачките за место на паркингот не се ретки, а страда ова ѓубре што личи на кола донесено од Запад.

Сношти по телефон ми се јавија проф. Фједор, мојот ментор и д-р Статовски. Професорот ме наговара да се нафатам да хабилитирам под негово менторство. Статовски доаѓа на лекарска контрола. Во неговиот глас почувствував некаква загриженост, што порано кај него никогаш ја немаше. Се знаеме од деца. Заедно растевме во домовите и бевме срдечни пријатели. Го замолив по контролата да дојде на видување во Амбасадата. Прифати. Дојде попладнето. Беше блед. Во неговите очи ја немаше таа таинствена насмевка, која беше негов белег. Сфатив дека нешто не е во ред. По подолгиот разговор се охрабрив да го прашам дали со неговото здравје сè е во ред. Со глас на безгрижен човек ми рече:

- Сè е во ред. Ми дијагностицираа рак на десниот бубрег и предлог да го отстранам.

Ова го рече така мирно и безгрижно, како да беше шега.

- А ти се давиш во овие хартии – покажа на бирото. –Зеде едно од писмата и рече: - Овој ракопис ми е познат. Се допишуваш со Мито Алексовски од Гдањск, нели?

- Не. Тој бара да се допишувам.

По ручекот со такси го испратив на железничката станица. На враќање таксистот, кој цело време молчеше, одеднаш праша:

- Гледаш ли, пање, што се случува во нашата земја? Си отидоа Русите и сега демек сме слободни за тоа што дојдоа Американците кои ни ветуваат дека низ варшавските улици ќе потече мед и млеко. И едното и другото е сè поскапо. Ги гледаш ли, господине, тие црни облаци? Велат дека се руски и дека од нив ќе има голем дожд. Се што кај нас е лошо, е само руско масло. И, да те е... - му подвикна на возачот кој за малку ќе предизвикуваше сообраќајка. – Е, виде ли, пање? Тоа ли е култура? За време на социјализмот се почитувавме, а сега само се пцуеме. Тоа е криминал, почитуван пање (Патем во Полска никој не пцуе мајка, како ние во Македонија). А вие, шановни пање што мислите?

Во текот на возењето од таксистот ги слушнав најновите вести што вчера се случија во Варшава, па и во Полска.

- Стигнавме? Колку ви должам?

- Ситница. Двесте и педесет злоти. Пак повелете, шановни пање.

Скапчија. Беше од дивите таксисти.

Во Варшава само во едно подолго возење со такси, од таксистот ќе ги дознаеш сите најнови вести, што нема да ги слушнеш ниту на радио ниту на телевизија и нема да ги

прочиташ во ниеден весник. Таксистот сè дознава од своите муштерии.

Состанокот на КЕБС за човекови права се уште трае. Претставниците на македонските невладини организации без заеднички став. Би рекол секој на свој тапан удира.

16 октомври 1995, понеделник

Во 9:00 ми се јави Јон Ивановски и побара совет во врска со нашето место на масата на ОБСЕ. Рече дека му е кажано да седне на местото одредено според француската абецеда за што не се согласува. Бара мислење. Му реков да изрази незадоволство, нешто како протест со што би ја истакнал нашата позиција и со тоа да изврши притисок кај организаторот и да не седне додека јас не стигнам во центарот. Во 10:00 со автобус отидов во центарот. Го побарав господинот Палишевски, главен организатор. Во краткиот разговор му го изнесов нашиот став. Рече дека е согласен, меѓутоа во врска со нашето место на масата на ОБСЕ мора да се консултира со Виена. На Јон му реков веднаш да го побара А.Тавчиевски, наш претставник во Виена, кој е надлежен за ова прашање. Одговор од него не добивме. Господин Палишевски одлучи нашиот претставник да седне меѓу Малта и Лихтенштајн.

Во 12:00 се вратив во Амбасадата. По телефон и се јавив на г-ѓа Јаремчук во Министерството за трговија во врска со претстојните разговори. Рече дека сè уште се во тек консултациите со полското Министерство за надворешни работи. Договоривме да ` се јавам во среда (18.10.1995).

Во 13:00 се јави Верка Митанова од МНР/РМ. Рече дека сè уште ништо не се знае за тоа дали ќе ми биде испратена службена кола. За утеха ме замоли да не берам гајле.

Полската телевизија јави дека на пробните претседателски избори што се оддржаа во градот Вжешња, со 48,8% води кандидатот Александер Квашњевски, Валенса води со 12,7%, а останатите 15 кандидати – во границата меѓу меѓу 4% до 10%.

17 октомври 1995, вторник

По мое барање во 11:00 часот ме прими Јакуб Боравски, директор на Бирото за меѓупарламентарани односи на полскиот Сејм. Му ја пренесов информацијата дека поради последните настани што се случија во Република Македонија (атентатот пред сè), се одлага официјалната посета на претседателот на Собранието на РМ, Стојан Андов на Полска и се предлага да се оствари во првото тримесечје од 1996 година. Директорот Боравски изрази разбирање велејќи дека можеби подобро ќе биде посетата да се одржи идната година бидејќи се надева на подобри времиња и за Полска и за Македонија.

Ја искористив средбата, на директорот Боравски да му кажам дека поради некои многу важни одредби во Преамбулата и потписите на надлежните личности, не дојде до потпишување на веќе изготвените договори поради што за одредено време ќе го закочат процесот на нивно потпишување или изготвување на планираните договори. Ова го изнесов со надеж дека со оваа забелешка ќе ги запознае надлежните и соодветно ќе реагира.

Не чекав на негов коментар. Му се заблагодарив за приемот и разговорот, подвлекувајќи дека и во иднина ќе го имам задоволството одново да се видиме. На излезот од кабинетот, директорот Боравски рече:

- Оваа врата за вас секогаш ќе биде отворена.

Си остана на зборот.

18 октомври 1995, среда

Под број 10-4331/1 од 18.10.1995, денес ја добив следнава телеграма:

„Поаѓајќи од референцата што се користи во ОН, институции или поединци на одделни држави, честопати ја користат кратенката ПЈРМ. Под притисок на Грција, таа особено е присутна на меѓународните владини и невладини собири (во писмена информација, писмо, табла за ознака на земјата, беџови и сл.) На тој начин се прави обид кратенката на привремената референца да се наметне како име на нашата земја.

Имајќи го предвид изнесеното согледување укажуваме на потребата во сите вакви случаи најенергично да се протестира. Доколку од разни причини не е можно користењето на уставното име на нашата земја, тогаш иницирајте на користењето на целата референца: Former Yugoslav Republik of Macedonia.

Притоа користете ги следните аргументи:

- точно цитирање на содржината на Резолуцијата 817/93 на СБ на ОН,

- писмото од Папуљас до С. Црвенковски (13 септември 1995 год. во Њујорк) во кое се вели дека Грција ја признава нашата земја во постојните меѓународно признати граници со провизорното име ПЈРМ,

- во официјалните разговори како и во комуникацијата грчката страна ја користи целата референца.

Потпис: В. Габер, потсекретар“

Текстот на телеграмата намерно го внесов за да потврдам дека потсекретарот В. Габер, веројатно од презафатеност не ги чита моите телеграми кои се однесуваат на дотичната тема. Претпоставувам дека не само тој.

19 октомври 1995, четврток

Во текот на денот го изготвив финасискиот извештај за јуни и јули и по факс ѝ го пратив на Симка.

Предизборната претседателска кампања се пожешка.

20 октомври 1995, петок

Студено и облачно. Весникот „Газета Виборча“ на стр. 6 под наслов MACEDONIA објави информација во која пишува:

„Претседателот на Македонија, Киро Глигоров, вчера излезе од болницата. Пред две недели врз него беше извршен атентат. Беше ранет во главата и скоро го изгуби едното око, многупати беше опериран.“

Во 12:00 на прием во Амбасадата на Унгарија приреден по повод годишнината од Револуцијата во 1956 година. Многу поканети. Најмногу воени лица, мал е бројот на амбасадорите. Поголем број од присутните, а пред сè амбасадорите на: Хрватска, Словенија, Украина, Белорусија и Бугарија се распрашуваа за здравствената состојба на претседателот Киро Глигоров. Изразуваа задоволство кога им кажував дека добро се чувствува и дека веќе две недели е на домашно лекување.

За жал од МНР/РМ никаква информација во врска со овој трагичен настан.

21 октомври 1995, сабота

Студен ден. Наизменично дожд-снег-дожд-силен ветер-шарена ведрина на небото.Скоро цел ден сум зафатен со изготвување финансиски извештаи за јули-август-септември. Куп сметки.

Од Македонија (од МНР) никакви вести, никакви инструкции, како да не постои Министерство.

По телефон се слушнавме со Тања. Денес помина еден месец од нејзината свадба. Со среќа да поминуваат многу години во добро здравје. Танче, честито.

22 октомври 1995, недела

Денот нуди долга прошетка. Го снема вчерашното студено невреме. Отидовме на прошетка во паркот во Виланув. Толпи луѓе. Се чини дека половина Варшава денес тука е дојдена. Се вративме околу 14:00 часот и по ручекот слушавме ТВ вести. И денес лудува предизборната претседателска кампања. Редок ден кога ми се случува да одморам.

23 **октомври 1995, понеделник**

По претходно закажана средба, денес во 11:00 часот ме прими проф, д-р хаб. Јежи Сковронек, директор на Генералната дирекција на полските Државни архиви.

По краткото вообичаено претставување и изразената благодарност за приемот, му ја врачив поканата од директорот на Архивот на Македонија, во која е изразена желбата за соработка, заемни посети чиј резултат би бил потпишување договорна соработка во областа на архивистиката која би опфатила обука на архивски кадар и негово усовршување во рамките на обработката на архивските документи и слично.

Директорот Сковронек изрази благодарност, подвлекувајќи дека лично ќе воспостави контакт со директорот на Архивот на Македонија, при што ќе истакне дека ја прифаќа идејата за соработка.

Ја искористив приликата да го запознаам со моите архивски активности кои резултираат со одбрана на докторат на Вроцлавскиот универзитет под наслов: „Македонски деца во Полска 1948-1968“ и дека и натаму сум заинтересиран документирано да го обработам престојот во Полска на македонските бегалци жртви на Граѓанската војна во Грција.

Во текот на долгиот и необично корисен разговор, директорот Сковронек изрази задоволство и благодарност за предлогот за соработка меѓу државните архиви на Полска и на Македонија, дека сесрдно ја поддржува иницијативата за потпишување договор, а мене ми вети дека на располагање ќе ми бидат архивските фондови кои се однесуваат на прифаќањето, воспитувањето, образованието на децата, вработувањето и здравствената заштита на Македонците кои живеат во разни места во Полска.

На крајот од средбата договоривме нови видувања со конкретни предлози за соработка и подготовки за што побрза средба на директорите на државните архиви и потпишување договор.

Во 15:00 од Стопанската комора на Полска по телефон ме известија дека состанокот на коморите на земјите членки на ЦЕИ се одлага за декември за што со факс го известив МНР/РМ.

Во 15:00 разговор со Борис Вишињски во врска со Антологијата на македонската поезија. Ми вети дека до крајот на ноември ќе ми го испрати комплетниот избор.

Во 16:45 ми се јавија по телефон од „Вардар Филм“. Ветија дека до крајот на октомври ќе испратат копија од филмот „Пред дождот“ и листа на дијалозите.

Најпосле работата тргна, а ќе видиме колку долго ќе патува.

24 октомври 1995, вторник

Во 9:30 телефонски разговор со госпоѓа Јаремчук од Министерството за трговски односи со странство во врска со времето за доаѓање на македонски експерти во Варшава. Рече дека сè уште нема добиено одговор од Првата управа на полското МНР, подвлекувајќи дека во таа Управа седи човек кој е голем симпатизер на Грција и на секој начин ги блокира сите форми за соработка меѓу Полска и Македонија. Јас, рече, не гледам причина, но моите претпоставени упорно чекаат политичка одлука од Министерството за надворешни работи и поради тоа не можат да донесат одлука за доаѓање на експерти во октомври од Македонија.

Информацијата ме загрижи, но тоа не сакав да го коментирам преку телефон. Се заблагодарив за разговорот, подвлекувајќи дека наредниот разговор ќе биде пооптимистички.

Не сакав да ѝ речам дека таа личност ја знам по име и презиме и дека нашите односи се топло-ладни и дека при секоја средба вложувам многу напор да се воздржувам од

емоциите, но упорно ги бранам ставовите за кои тука сум пратен. Не попуштам и тоа такво мое држење кај многу соговорници во полските министерства предизвикува восхит, што отворено ми го изразуваат со искрено охрабрување.

Госпоѓа Герасимова од Архивот на Македонија си остана на даденият збор. Денес стигна пакетот со материјалите за македонскиот конституционализам што ми беше баран од Полскиот институт за политички науки. Тие материјали ги барав од МНР/РМ во јуни. Напразно чекав.

Попладнето во Амбасадата дојде новинар од редакцијата на списанието „Żyjmy dłużej“ („Да живееме подолго“). Замоли да добие информации за туристичките зимски центри во Македонија. Рече дека ќе објави поголем напис. Му кажав што знаев, но тоа не беше доволно. Во врска со ова му ветив дека ќе побарам соодветни информации од некоја македонска туристичка агенција. До МНР/М испратив телеграма со такво барање. Молк.

По телефон ми се јави Верка Митанова. Рече дека колата стигнала во Скопје, пратена е на технички преглед и веќе се подготвуваат таблички и кога сѐ ќе биде готово, тогаш ќе биде испратена. Ѝ се заблагодарив за веста. По неколку минути пак ми се јави и рече дека сѐ е готово.

Ми остана да се надевам дека до крајот на ноември колата ќе се дотркала до Варшава!

25 октомври 1995, среда

Студен, но сончев ден. Продолжувам да водам разговори за македонското вино и во врска со ова повеќе телефонски разговори со разни фирми.

26 октомври 1995, четврток

Во 10:00 почна 5-та полско-македонската научна средба во организација на Варшавскиот универзитет. Учествував само на отворањето и потоа се вратив во Амбасадата.

Стигна факс со информација дека министерот за внатрешни работи, Фрчковски, поднел оставка. Оваа информација ми ја потврди и Тања (ќерка ми) во телефонскиот разговор.

Според информацијата Фрчковски тврди, наспроти Б. Црвенковски и С.Андов, дека атентатот немал политичка позадина.

Вечерта на коктел во австриската амбасада приреден по повод националниот празник на Австрија. Имав повеќе средби со разни амбасадори. Подолг разговор имав со Хмјелевски од полското МНР. Тој ме зеде на страна и ми рече:

- Имаме потврдени информации од нашите специјални служби дека шефот на руските специјални служби на 24-25.10.1995 престојувал во Софија и со својот бугарски колега разговарал за неуспешниот атентат врз претседателот Киро Глигоров.

Коктелот го напуштив еден час порано.

Стигна листата со дијалозите за филмот „ПРЕД ДОЖДОТ“.

Во 20:30 во Амбасадата дојдоа македонските учесници на Петтата средба што се одржа во организација на Варшавскиот универзитет. Задоволни се од учеството и од нивните настапи.

27 октомври 1995, петок

Ги средував белешките од вчерашните средби и разговори.

Во 18:00 на коктел приреден од Амбасадата на Чешката Република. Подолг разговор со Хмјелевски. Констатиравме дека со непотпишувањето на Договорот за заштита на инвестициите и двојното оданочување, го стопиравме процесот на потпишување договори, кој на двапати беше тема на политичките консултации во Варшава (8-9.6.1995) и во Скопје (21-22.9.1995).

Во текот на разговорот Хмјелевски рече:

- Очекуваме да го добиеме ветениот договор потпишан меѓу Македонија и Франција. Тогаш ќе ја примениме истата формула.

При ова почна да ми се оправдува дека Полска има свои интереси и дека во таа смисла сака со Грција да одржува добри односи, бидејќи во спротивно Грција може да го стопира влегувањето на Полска во НАТО и во Европската Унија.

На ова му реков:

- Драг господине, тоа е точно, но за тоа дали Полска ќе биде членка на НАТО и на ЕУ во краен случај ќе одлучи некој друг. Ланската година не личи на оваа година. Промените се видливи. Тој еди кој си многу добро го знае местото, значењето и влијанието на Полска во Европа и пошироко. Играта е голема.

Кога разговарам со него, секогаш во неговите очи гледам одраз на искрени и добронамерни симпатии кон Македонија, додека во тонот на неговиот глас слушам звуци на службена обврска.

А што се однесува на формулата на потписот под договорите, грешката е направена во Скопје.

28 октомври 1995, сабота

Студено и цел ден врне. На ТВ ја следиме предизборната претседателска кампања. Води кандидатот Квашњевски. Попладнето, топло облечени, отидовме на кратка прошетка. Поради студеното време брзо се вративме.

Ми се јави новинарот Биљски и рече дека одлично поминал во Македонија каде бил многу добро пречекан и дека му било помогнато да собере интересни материјали што постепено ќе ги објавува во весникот „ЖЕЧПОСПОЛИТА“. Договоривме да се видиме наредните денови.

29 октомври 1995, недела

Во 14 часот во амбасадата дојде нашинец, возач од Кочани. Во Варшава се вратил дури од словачката граница затоа што словачките служби не сакале да му дадат виза. Молеше да му помогнам и притоа ми рече дека отишол кај Србите, па тие го истерале. Се жалеше дека тие лошо се однесувале кон него, а кога ги прашал за адресата на нашата амбасада му рекле дека таква не постои во Варшава.

- Излегов навреден – рече – и прашав еден полицаец каде се наоѓа македонската амбасада. Тој ме качи на моторот и ме донесе до вратата. А бе ја си мислех дека е како порано, ама тие ме испонавредија, ми опцуја мајка и на крај ме истераа. Така не беше во Југославија. Порано ќе си одел во југословенската амбасада, како дома, срдечно ќе те примиле, па дури и ќе те прашале дали си гладен или жеден. Денес е обратно.

Мојата сопруга го праша:

- Што би се напил, чај, кафе, сок?
- Сѐ едно, ама прво нешто би каснал...

Откако ја изеде пржената сланина со јајца, рече:

- Бре што луѓе сте вие? Ниту ме знаете, ниту ме познавате, а со добро ме примивте и ме нахранивте. А сега шо прајме со визата?

- Сега – му реков – ќе одиш во некој хотел и утре после десет часот ќе ја средиме и визата.

30 октомври 1995, понеделник

Во 10:00 часот му се јавив на словачкиот амбасадор Серватка и му го изнесов случајот со маката на нашинецот. Рече нека дојде во 12:00 часот и ќе добие виза. По два дена нашинецот се јави од Кочани, се заблагодари и за услугата, рече дека постојано ќе го моли Бога да ни даде добро здравје и долги години. Му вратив со исти желби.

Во 18:00 часот на коктел во Амбасадата на Турција. Покрај другите средби, средба и со вршителот на работите на Сојузна Република Југославија (Србија и Црна Гора). Му укажав на недоличното однесување на некои службеници на неговата амбасада кон македонски државјани и дали на овој начин ќе го потврдат постојаното тврдење за негување на добри односи со Република Македонија? Почна да се извинува, тврдејќи дека случајот не му е познат и дека ќе преземе мерки во иднина нешто слично да не се повтори. Ме уверуваше дека таквото однесување на некои службеници не е одраз на негативен однос кон Македонците и дека неговата земја длабоко е заинтересирана за одржување одлични односи меѓу двете држави и во таа смисла таквиот однос ќе го негува и неговата амбасада. На ова му реков дека

навредениот Македонец утре во Македонија ќе раскажува по куќи, во кафеани и на средби со пријатели за тоа како бил примен, а тоа сигурно ќе создава негативна клима. Кој во случајот ќе губи? Јас, рече, длабоко жалам и се извинувам и сакам непријатниот случај да не биде искористен како негативен чин во нашите односи. Во знак на добра волја јас уште еднаш се извинувам и ќе ми биде задоволство идната недела во нашата амбасада заедно да се напиеме кафе, за што ќе ви испратам соодветна покана. На ова му реков дека непријатниот случај бара кафето да го испиеме во македонската амбасада каде ќе го слушнам ова ваше сегашно извинување. Долго ме гледаше в очи и на крај рече:

- Како потврда на тоа дека сме пријатели, ја прифаќам поканата.

Во текот на приемот имав средби и разговори со повеќе дипломати од висок ранг. Никој не изостана да не праша за здравјето на претседателот Киро Глигоров и за тоа дали тој злосторнички чин негативно ќе влијае во внатрешните работи на државата. Соговорниците ги уверував дека во Република Македонија состојбите се мирни, иако знаев дека некои многу бурбатат.

За време на приемот интересни беа и разговорите со некои високи претставници на полски министерства, кои ме уверуваа дека интензивно работат да се најде формула за потпишување на договорите меѓу разните министерства на двете држави. Изразив задоволство поради таквата најава и при тоа реков:

- Најдобра формула е рамноправноста. Вие се потпишувате за Владата на Република Полска или за Министерството на Република Полска, ние за Министерството на Република Македонија или за Влада на Република Македонија. Секоја друга формула не става во нерамноправна положба. Колку што знам, Полска многу е чувствителна и не поднесува и не трпи кога е ставана во нерамноправна положба, па сега зошто го прави тоа со Република Македонија која е меѓународно призната држава и е членка на ООН?

Еден од соговорниците рече:

- Со добра волја и трпение ќе постигнеме успех.

Одговорив: - Се надевам подеднаков за двете страни.
И овој пат, како и на сите средби на разни приеми и коктели, па и во текот на лични средби со одделни државни високи функционери, прашањето на формулата за потпишување договори со Полска, од моја страна секогаш е покренувано во духот на нашите македонски интереси.

31 октомври 1995, вторник

Утрото пред седум часот некој упорно тропа на вратата.
Прашав – кој е?
- Јас сум, Симеон Митев, возач. Отвори, те молам.
Му отворив и го внесов во чекалната.
- Добредојде Симеоне и кажи ми каква мака те дотера тука?
-А бре, не знам како ти е името и кој си тука, ми го украдоа пасошот и Словаците не ми даваат да продолжам. Ми рекоа оди во Варшава и во македонската амбасада жали се.
- А што работиш?
- Возач сум. Ете на паркингот стои ТИРОТ, натоварен со земја од Естонија. Еден одгледувач на ружи во едно битолско село, во Естонија купува земја. Црна е и велат дека е добра за цвеќето. Туку, како ти е името, кажи ми што прајме со пасошот?
Мојата сопруга излезе од кујната, се поздрави со Симеон и го праша дали сака кафе и дали сака нешто да јаде?
- Кафе би се напил, ама пред тоа, ако не е срамота, нешто би каснал, ако тука во близина има некое ресторанче.
Симеон Митев го нахранивме и го испративме со патен лист.
На заминување рече:
- Е, господине амбасадоре, ти не знаеш каков човек си ти и жена ти. Ме пречекавте со добар збор, ме нахранивте и ми издадовте пасош. Многу благодарам и да знаеш дека секаде ќе раскажувам.

На збогување му реков:
-Терај Симеоне и со среќа, чувај си го џебот и не заборавај кога ќе дојдеш во Варшава, пак за добро да се видиме. Овој дом е македонски дом.
Случајот со Симеон и со возачот од Кочани не беше последен. Многу наши пречекавме, напоивме и нахранивме, па дури најмногу такви кои во утринските часови ни доаѓаа право од железничката станица каде стигнуваа од затворот близу Шчечин каде имаа одлежано три месеци затвор поради нелегален обид да ја поминат полско-германската граница. Незаборавен ми е и случајот со момчето од Струмица. Се вљубило во некоја Полјачка, која набргу се вратила во Полска. Не издржал љубовџијата и тргнал да ја бара, ама саканата заминала во Германија. Љубовџијата ја препливал граничната река Ниса и за негова несреќа паднал во рацете на германските граничари кои им го предале на полските граничари и добил три месеци затвор. Дојде во Амбасадата целиот смрзнат, валкан и гладен, немал ниту пари ниту пасош. Со авион го испративме во Софија. Парите за авионскиот билет ги вратил во благајната на МНР/РМ и од Струмица ни испрати разгледница во која покрај благодарноста ни напиша дека татко му му ја испрал љубовта кон Полјачката. Имавме дури и еден таков, кој велеше дека е магистер по музика, а кој шверцувал со музички инструменти и најмногу со тапани и тапанчиња. Велел дека заедно со група музичари оди на концерт. Во старо комбе стари музички инструменти носел во Полска и нови пренесувал во Македонија. Во пасошот секогаш полските цариници му пишувале дека носи музички интрументи, ама најпосле ја откриле неговата итровштина за што магистерот по музика добил два месеци затворска казна.
За многу други такви и слични случаи ќе напишам кога ќе ми се даде послободно време.

1 ноември 1995, среда

Денес во Полска е Задушница. Неработен ден. Ден на помен и спомен. Ден на посета на најмилите чии надгробни плочи и крстови ги чистат и ги украсуваат со есенско цвеќе. Во илјадници светилници треперат пламенчиња на гробиштата и под стотиците спомен-плочи вградени на ѕидовите на кои беа стрелани варшавските востаници. Секаде цвеќе и кандилца кои шират светлина за душите и топлина за живите. Денес Варшава и цела Полска дише во мир и намнисување за најдрагите. Болно и тажно во срцата.
Од МНР/РМ ми јавија дека протоколот со Грција е потпишан и ќе ми го пратат на англиски јазик. Баш многу ме израдуваа. Изгледа дека некои во МНР/РМ ја заборавија уставната одредба за употребата на македонскиот јазик.
Впечатокот е дека не учеле писмо во Македонија.

2 ноември 1995, четврток

Неколку телефонски јавувања од разни трговски фирми. Се интересираат да соработуваат со слични македонски фирми. Во текот на денот ги средив и претходно добиените понуди и по факс списокот го пратив во МНР/РМ.

3 ноември 1995, петок

Во 12:00 часот во Амбасадата дојде полскиот поет и новинар во ТВ Варшава, Собјешчањски. Сака да пишува за Струшките вечери на поезијата и бара контакт. Му го дадов телефонскиот број на дирекцијата на оваа светска поетска манифестација и касета од овогодишните поетски средби во Струга.
Стигна факс потпишан од Мисајловски и Стојановски. И овој пат настојуваат договорите за соработка меѓу разни министерства да се потпишуваат според германско-македонската формула. Сè уште не сфатија дека со тоа го спречија целиот процес на договарање и потпишување договори. Со своето тврдоглаво настојување целиот мој

вложен труд го минираа. Дали некој од надлежните во МНР/РМ знае за тоа што прават тие двајцата? Дали тоа е само нивна иницијатива или така се инструирани?
Од кој да барам објаснување?

4 ноември 1995, сабота

Се нафатив да направам преглед на испратени телеграми во периодот од 9 март до 3 ноември 1995 година. Вкупно имам испратено 239 телеграми, а одговор имам добиено само на 40. Содржината на телеграмите посебно се однесува на моите дневни активности во рамките на бројните средби и разговори со високи функционери во полските министерства за стопанство, земјоделство, култура, трговија, одбрана, контакти и средби со функционери од двете земји, како и голем број средби со претставници на Дипломатскиот кор. Одговорите пред сè се однесуваат на понудите за трговска соработка меѓу мали фирми што наведува на помислата дека се работи за тесни лични интереси. Кога во прашање се телеграмите од важна меѓудржавна соработка – одговор нема.
Ова мене ми е јасно, па се прашувам дали јасно им е на некои во МНР/РМ? Потполно разбирам дека честите функционерски промени се причината што никој не сака да биде одговорен. Верувам дека во Министерството некој ќе направи чистка и ќе воведе ред. Потребна е, многу е потребна метлата без која нема да има унапредување во меѓународната соработка. Време е и треба и мора што побрзо да дојде до промена. Пишувајќи за ова, се враќам на денот кога претседателот Киро Глигоров ме праќаше во Варшава (на Стево Црвенковски тоа не му беше по ќеф) само една мисла длабоко ме измачуваше. Имено, дали ќе се справам со тешкотиите на кои ќе наидам во Варшава. Се покажа и потврди дека добро се справив и со тоа го добив признанието и приврзаноста на Полјаците, мислам на полските државни институции и на Дипломатскиот кор. Тоа што сега најмногу

ме сопнува се отпорите и потценувачкиот и омаложувачкиот однос на одредени личности во македонското МНР. Тешкотиите ми доаѓаат од МНР/РМ. Оваа оценка не е само моја и не се однесува само на мене. По телефонски или лични разговори, истото го потврдуваат и другите македонски дипломати кои директно излегоа од Скопје, а не од дојденците – повратниците од Белград, кои се надеваат дека Македонија ќе се врати во српското јато, а тие за награда ќе добијат високи дипломатски функции. Преостра е оценката, но не се знае. Велат – ѓаволот не спие...
Секој ден сè повеќе доаѓам до заклучок дека нема да бидам жртва на љубоморници и расипници и на тој начин да си го уништувам здравјето, па поради тоа најсериозно размислувам да му напишам на претседателот Киро Глигоров дека поднесувам оставка и се враќам во Скопје. Треба ли? Мислам дека треба, зашто здрав му требам на моето семејство. Каков ќар ќе имам ако од тука се вратам со уништено здравје? А тоа, здравјето, чувствувам дека го губам? Истовремено во мене се прекршува и мислата дека ова време на притисоци и потценување не е време за слабост на духот, туку е време на чин за целосна посветеност за извршување на доверената задача. Затоа тие мрачни мисли ги отфрлив и решив и натаму цврсто да опстанам на оваа задача зашто не сум скроен од иста басма и шиен со иста игла и конец како некои во Македонија!

5 ноември 1995, недела

Не е ден за излегување. Студи и врне. Читам весници, гледам телевизија, понекогаш дремам.
Во ТВ вестите во 19:00 часот информација дека на претседателските избори ќе гласаат 28 милиони Полјаци и дека утрото е убиен израелскиот премиер Ицак Рабин.
На крајот од вестите информација дека во првиот круг води Квашњевски со 34,8%, а Валенса со 33,3%. Во првиот круг на

претседателските избори учествуваат 15 кандидати. Вториот круг ќе се одржи на 19 ноември.
На ТВ позитивни и негативни коментари за двете вести.

6 ноември 1995, понеделник

Денес ни стигна голема и многу радосна вест. Миленка се јави по телефон и ни пренесе дека Тања е во благословена состојба. Со среќа, Тањче!
Твојата среќа е и наша среќа. Иста таква среќна вест очекуваме и за Миленка. Господ да ни е на помош.
Во Скопје наврна снег и темпратурата падна на минус 12 степени.
Клубот на сопругите на амбасадорите на 4 декември годинава организира продажна изложба со артикли карактеристични за соодветната земја. Артиклите ќе бидат продавани, а парите ќе се донираат на здружението на деца со пособни потреби. Во врска со ова му се јавив на Христе Котевски во МНР со молба да се разгледа можноста за наше учество, подвлекувајќи дека таквиот чин има и афирмативно значење за Македонија. Ми рече дека во врска со овој предлог да му се јавам на некој Попов, кого не го познава, Зборував со Попов кој ми рече дека за такви активности тој не е надлежен. На прашањето – кој е надлежен, одговори дека не знае.
Штета! Поради незнаењето во случајот како амбасада, држава и народ ќе бидеме анонимни!
Ми стигна добра вест. Службената кола е регистрирана и е одреден возач, кој ќе ја донесе во Варшава.

7 ноември 1995, вторник

Во 11:00 часот отидов во Амбасадата на Државата Израел за да се впишам во книгата на жалост по повод убиството на израелскиот премиер Ицак Рабин. На амбасадорот во име на нашата амбасада и мое лично име му изразив сочувство.

На враќање лошо се почувствував. Здравјето ми попушта и скоро секој ден се чувствувам полошо. Д-р Емилија ме прегледа и ми препорача одмор и мирување. Секој ден истото го слушам и од сопругата. Добро е што таа е тука со мене. Без неа не би издржал. Ме бодри и ме теши. Затоа уште повеќе ја сакам.

8 ноември 1995, среда

Цел ден останав в кревет. Мојот ангел чувар, сопругата, не ми дава ниту телевизија да гледам, ниту весник да читам.

9 ноември 1995, четврток

Денот ист како вчера. Попладнето дојде д-р Емилија, ме прегледа и истата песна – мирување.

10 ноември 1995, петок

Денес сум подобро. Станав и во 10:00 часот отидов во полскиот Сејм на средба со Гали Бутрос на која покрај голем број полски парламентарци и сенатори учествува и целиот Дипломатски кор. Бутрос одржа краток говор во кој изрази благодарност за средбата, потоа одговараше на прашања и притоа трипати ја спомна Македонија без познатите додатоци. Ја истакна како пример каде успешно се остварува превентивната дипломатија со учество на војници од скандинавските земји и под раководство на искусниот полски дипломат и заменик на генералниот секретар на ООН, господинот Хенрик Сокаљски.
Во 14:00 часот се вратив во Амбасадата каде ме чекаше факс со кој од МНР/РМ ме известуваат дека утре, сабота, Ѓорѓи Јанковски ќе отпатува за Варшава, со цел да ја донесе службената кола и ме предупредуваат дека може да има проблеми со словачките гранични служби. Одговорив дека за ова ќе разговарам со словачкиот амбасадор во Варшава. Му

се јавив на словачкиот амбасадор Серватка и го замолив возачот Јанковски без проблеми да ја премине словачката граница. Ми рече дека веднаш ќе му се јави на генералниот конзул на Словачка во Будимпешта.

11 ноември 1995, сабота

Денес национален празник на Полска. По 125 години Полска поделена во 1794 година меѓу Русија, Австроунгарија и Прусија, на 11 ноември 1918 година се обедини и одново се појави на европската карта. Денес силна и со големо респективно значење во Европа. Наш почитувач и сојузник.
Во 9:00 часот ми стигна факс со следнава содржина:
„До сите ДКП на РМ во странство
Денес во Брисел со истекот на „процедурата на молчење“ е потврдена одлуката на Постојаниот совет на НАТО позитивно да биде одговорено на барањето на Република Македонија за вклучување во програмата на НАТО „Партнерство за мир“. Со тоа Република Македонија станува рамноправен учесник во Програмата на НАТО „Партнерство за мир“. Се очекува во најскоро време во Брисел, Република Македонија и формално да го потпише Рамковниот документ на Програмата.“
Одлична вест, која ќе ми послужи во разговорите во полското МНР. Ќе имам основа упорно да ја истакнувам потребата за рамноправен статус на двете држави, иако тоа и до сега го правам при секоја прилика.

12 ноември 1995, недела

Во 15:40 се јави Ѓорѓи Јанковски, кој заедно со Кирил Козаков стигнаа во Варшава и ја донесоа службената кола. Чекаат пред хотелот „СОБЈЕСКИ“. Веднаш повикав такси и отидов на закажаното место. Срдечен поздрав и благодарност. Јас напред со истото такси и тие зад мене со службената кола АУДИ А6 (AUDI A6). Ја ставивме во

гаражата и за време на ручекот ми раскажуваа за своите доживувања на патот за Варшава. Сношти, во Словачка спиеја во колата заклучени во една црква поради страв некој да не ги нападне. Донесоа завеси, знамиња, три кутии полни со 24 шишиња ракија ЖОЛТА, 24 шишиња вино, кафе – поздрав од Миленка и слики од свадбата на Тања. По вечерата со такси ги испратив на спиење во хотелот „ГРАНД“.

13 ноември 1995, понеделник

На возачите Ѓорѓи Јанковски и Кирил Казаков за денес не успеав да им обезбедам авионски билети за Софија. Бугарскиот амбасадор Јани дури за утре ми обезбеди авионски билети за Софија, за што му се заблагодарив со едно шише ЖОЛТА.
Вечерта во Амбасадата дојде амбасадорот Кинецки заедно со сопругата и синот Адам. Долг и отворен разговор во врска со неговите дипломатски искуства и доживувања во Индија и Југославија. На крајот од престојот ме замоли неговиот син да го примам како возач. Се согласив поради познанството и неговиот многу позитивен однос кон Македонија. Се запознавме во Скопје, кога доаѓаше на официјални посети како полски амбасадор во Белград.

14 ноември 1995, вторник

Во 18:00 часот на вечера со сопругата кај словачкиот амбасадор, Маријан Серватка. Восхитен сум од убавината на резиденцијата. Мала држава, но со големи амбиции да биде забележувана. Нејсе, можеби во иднина, идниот македонски амбасадор ќе има нешто слично, а не како јас сега за резиденција имам само една спална со површина од 20 квадратни метри и мал тоалет. Така е по желба на некоја си од МНР/РМ. Останавме до 21:00 часот. Разговорот опфати прашања за соработка меѓу двете држави во областа на

стопанството и културата и притоа стана збор и за разгледување на можноста за потпишување соодветни договори со што би се зацврстила соработката меѓу двете држави.

15 ноември 1995, среда

По телефон ми се јави амбасадорот Хмјелевски. Ме замоли утре во 12:00 да се видиме кај него во МНР. Прифатив. Денес ќе го потпишам Договорот за Адам Кинецки за возач во Амбасадата.
Му се јавив на В. Габер и го известив дека утре сум поканет на разговор во полското МНР. Му реков дека претпоставувам дека разговорот ќе биде посветен на претстојната посета на заменик-министерот Мелер на Грција. Во врска со средбата ме посоветува на разговорите да подвлечам дека нашите односи со Грција се добри, дека е потпишан протокол за визите, зелен картон, дека има настојувања името безболно да се реши за двете страни, дека е потпишан договорот „Партнерство за мир“. Ова е повторување на моите извештаи, а во неговите инструкции ново е дека на 22 ноември ќе се потпише француско-македонски договор. Овој договор, рече, ќе ја отвори „блокадата што ја постави полското МНР во врска со Преамбулата и името“. Ја искористив приликата да го прашам дали колата да ја осигурам каско (5. 000 американски долари). Рече да ја осигурам само од кражба.
Во текот на денот исцрпно се подготвувам за утрешниот разговор во полското МНР.

16 ноември 1995, четврток

Во 6:30 Јанковски и Казаков ги испратив на аеродром. До 11:00 го прегледав македонскиот и полскиот печат.
Во 12:00 на средба во полското МНР. Пријатен и пријателски пречек, пиење кафе во кабинетот на Мелер. Заемно информирање. Јас за актуелните односи на Република

Македонија со соседите со посебен акцент на односите со Грција по потпишувањето на Времената спогодба и за активностите преземени од двете страни. За ова прашање зборував опширно при што ја спомнав без коментар и бурната дебата водена во грчкиот парламент на која единствена точка беше македонското прашање.
Соговорниците ги информирав и за зачленувањето на Република Македонија во Европскиот совет, ОБСЕ и потпишувањето на договорот „Партнерство за мир“.
Соговорниците ме информираа за нивните акивности концентрирани околу настојувањата во врска со активностите за зачленување на Полска во НАТО и во Европската Унија. Во тие рамки во текот на неделата во Атина ќе отпатува господинот Мелер, па оттука би сакал да добие сознанија за македонско-грчките односи.
Разговорот и средбата траеше 45 минути.
Во Амбасадата се вратив пеш и цело време размислував за тоа дека во односите на Полска со Европа и НАТО веќе стануваме потребен фактор.
Како, на кој начин и со каков кадар сега и во перспектива да ја искористиме нашата позиција?

17 ноември 1995, петок

Службената кола технички е прегледана и осигурана од кражба. Утре возачот ќе ги земе дипломатските таблички со број WA 93 500 и потоа ќе се монтираат соодветни алармни уреди. Немав кола – се жалев, сега имам кола, се плашам дека ќе ми ја украдат. Стравот од крадење на колата ќе трае додека ќе бидам на должност.
Од МНР/РМ ми стигна инструкција според која на лица кои бараат виза за влез во Македонија со цел да вршат верски активности без согласност од МНР и МВР да не им давам виза. Досега таков случај немав.

18 ноември 1995, сабота

Студено, дува силен студен ветер. По телефон ни се јави Лиле Наумова, вршител на работите во македонската амбасада во Загреб и наша пријателка. Не праша дали сакаме гости. Ја поканивме да дојде во Варшава.
Во цела Полска на повик на поглаварот на полската католичка црква, архиепископот Глемб, се одржуваат молитви упатени до Бога на претседателските избори што ќе се одржат утре, да победи Лех Валенса. Ќе видиме дали Господ Бог ќе ги ислуша молитвите.

19 ноември 1995, недела

Утрото, во седум часот, почнаа претседателските избори. По студено и врнежливо време (врне густ снег) цели толпи луѓе влегуваат во црквата спроти Амбасадата и по молитвите одат да гласат. Радиото и ТВ јавуваат дека изборите се оддржуваат мирно, нема инциденти, соодветните служби го одржуваат редот. Истовремено најавуваат дека во 20:00 часот ТВ каналите ќе вршат пренос од дебатата на која ќе учествуваат претставници на полските политички партии и дека ќе бидат поканети и политичари од Брисел, Москва, Киев, Берлин, Париз, Вашингтон и други. Во одредени паузи се објавуваат резултатите од изборите. По 20:00 часот е објавено дека за Александер Квашњевски гласаа 9 милиони и 762 000 или 51,72%, а за Лех Валенса 9 милиони и 58 000 или 48,28%.
За претседател на Република Полска во првиот круг е избран Александер Квашњевски, кој во 23:00 часот даде изјава. Искажувањата и оценките изнесени во телевизиската дебата се разликуваат и повеќето одат во корист на А. Квашњевски. Реагирањата ја отсликуваат општата политичка состојба во Полска. Имено – дека изборот на А. Квашњевски го потврдува сентиментот на полското општество кон социјализмот; дека резултатот на изборите е понижување за Полјаците и Полска; дека успехот на А. Квашњевски е неуспех на Полска; дека изборите потврдија дека полското

општество е поделено и доживува криза; дека штом изгуби Л. Валенса – изгуби католичката црква.

20 ноември 1995, понеделник

Ден на најразлични коментари во медиумите. Поразената страна трагично го доживува изборниот неуспех. Валенса изјави дека добил силна шлаканица од некој, но ќе врати на следните избори. Министрите за одбрана, внатрешни и надворешни работи поднесоа неотповиклива оставка.

21 ноември 1995, вторник

Премиерот Олекси се чини, повеќе поради јавноста, ги замоли министрите да не поднесуваат оставки. Не го послушаа, па поради тоа тој даде нова изјава, истакнувајќи дека тие министри не работеле за Полска, туку за една личност и дека најдоцна за 10 дена тој, а не претседателот, ќе постави нови министри.
Полската телевизија пренесе кратка, сува информација според која претседателот на САД, Клинтон, разговарал со Лех Валенса и Александер Квашњевски.
Радио Скопје пренесе дека претседателот Клинтон го објави примирјето што го потпишаа Хрватска-Босна-Србија. Тука левичарските медиумите коментираат дека САД и устав ќе им напишат.

22 ноември 1995, среда

Ден, кој и покрај многу други денови во мојот живот, многу го паметам. На денешен ден во 1985 година во Вроцлав го одбранив докторатот на тема: „Македонски деца во Полска 1948-1968“.
Во 18:00 часот на коктел што го приредува либанскиот амбасадор по повод националниот празник на неговата земја. Средби и кратки разговори со повеќе амбасадори и други

учесници на коктелот. Основна тема претседателските избори и нивниот одраз во полското општество, како и во надворешната политика на Полска. Се запознав и кратко разговарав (на полски) со новиот амбасадор на Кина, кој ми предложи да го посетам идната недела. Во разговорот со Директорот на Дипломатскиот протокол, со оглед на настаните во односите Хрватска-Босна-Србија, побарав да ја разгледаат можноста за обезбедување на Амбасадата на Република Македонија со поставување стража. На ова Директорот рече дека до соодветната служба ќе испрати писмо со барање пред Амбасадата на ПЈРМ да постави стражарница. Веднаш го прекинав и му реков:
- Господине директоре, не пред Амбасадата на ПЈРМ, туку пред Амбасадата на Република Македонија и ако ви остане малку време навратете да видите што пишува на таблата и повелете на чаша македонско вино...

23 ноември 1995, четврток

Надвор минус 9 степени. За мене студено. Врне ситен снег. До МНР/РМ испратив факс во кој сугерирав честитката од претседателот Киро Глигорот до А. Квашњевски по повод неговиот избор за претседател на Полска да биде испратена на македонски јазик, подвлекувајќи дека ваквиот чин има и афирмативно значење.
Во 12:00 на средба кај премиерот Јозев Олекси со Дипломатскиот кор. Опширно излагање на премиерот за надворешната политика на Полска по претседателските избори.
Хрватскиот амбасадор ми врачи копија од писмото на МНР на Република Хрватска во врска со сукцесијата на имотот на СФРЈ. При тоа рече дека по потпишувањето на протоколот во Дејтон, Србите ќе бараат да го присвојат целиот имот. Хрватска ќе си го бара својот дел. Сугерираше слично да постапи и Република Македонија.

24 ноември 1995, петок

Во 8:50 во хотелот „ГРАНД“ на средба со Нацев од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Тој ќе учествува на состанокот на ЦЕИ. Поради влошеното здравје, нема да го придружувам.

25 ноември 1995, сабота

Цел ден в кревет. Забрането ми е да станам, да читам, да пишувам. Лежам, гледам во таванот, размислувам и молчам.

26 ноември 1995, недела

Денес се чувствувам подобро, но не смеам да станам.

27 ноември 1995, понеделник

Од самоти утро повеќе телефонски јавувања. Најдраг телефонскиот разговор со Тања. Со возбуден глас ми рече: - Тато бев на ехо. Чука. Јас веќе носам уште еден живот. – Со среќа, мое драго дете – ѝ реков со растреперен глас. Солзи носи и радоста и не треба да се бришат.
Стигна честитката од претседателот Киро Глигоров до новоизбраниот претседател на Република Полска, Александер Квашњевски. Патем, Квашњевски вчера се откажа од претседател на партијата и ја врати партиската легитимација, изјавувајќи дека сака да биде претседател на сите политички опции. Денес честитката ќе ја преведам на полски и заедно со македонскиот текст утре со нота, преку МНР, ќе побарам прием во Кабинетот на новиот претседател. Слична честитка ќе испратам и во име на Амбасадата на Република Македонија.
Од болницата ми се јави д-р Ѓорги Статовски. По поздравот ме извести дека утре го чека тешка операција. Му реков дека ќе го посетам.

Од аеродром ми се јави Тодор Узунов, мој многу драг пријател, но не од мојата генерација. Тој од мене е постар едно три или четири години. Замоли да се видиме. Тодор во Полска стигна од Булкес во Југославија и заедно со Леонид Гогаровски, Паскал Паскалевски, единствен поет кој ја воспеал епопејата на Демократската армија на Грција во тешките битки на Грамос и беше и уредник на македонските весници, билтени и летоци кои во текот на Граѓанската војна се печатеа во Преспа (1954 се преселил во Софија) и Пандо Шапкарев кој беше повлечен во Варшава каде во педесеттите години бил задолжен за изготвување и печатење учебници за македонските училишта во Полска), во Згожелец на шапилограф издаваа БИЛТЕН на македонски јазик. Во редакцијата останаа само тој и Леонид, кои до пензионирањето на крајот од деведесеттите години работеа во печатницата во Вроцлав каде на македонски и грчки се печатеше весникот („ДИМОКРАТИС“) „ДЕМОКРАТ“. Бевме многу блиски пријатели. Со Тодор, кој на аеродромот чекаше да полета за Сиднеј кај брат му, во срдечно дружење во аеродромскиот ресторан цело време ги спомнувавме нашите заеднички пријатели од младешките времиња и заедничките години оставени во Вроцлав.

28 ноември 1995, вторник

Овој ден, 28 ноември, секогаш си го спомнувам со болка. Веќе 47 години во паметењето ми е вбиен како клин што никогаш не 'рѓосува**.** Си го спомнувам денот на големата и долга разделба. Тогаш имав тукуречи единаесет години. Беше скоро пладне, росеше ситен дожд, а околните планини беа споviени во црни густи облаци, кога колоната од петнаесетина камиони во кои беа сместени децата од некои костурски села и до тој ден од 25 март 1948 година беа сместени во логор во Драч, полека навлегуваа во Прењес (Перењес). А таму, во Прењес, големо село, кое до 1943 година беше италијанска воена база, во подгниени бараки,

големи коњски штали и празни магацини беа сместени бегалците од костурските села кои во текот на големите борби во реонот на Грамос кои траеја 70 денонoќија, беа принудени да ги напуштат родните села и тука да најдат покрив. Слушнав силен глас – доаѓаат – и тогаш видов како од бараките и шталите, како бура, се стрчаа жени во црно, мажи во одминати години. Тоа беа нашите мајки и татковци. Се слушаа имиња, викотници, се гледаа високо подадени раце и се слушаше тажно и молежливо плачење. Камионите возеа полека, не застануваа пред подадените раце, викотниците, плачот, молењето да застанат само за еден допир, само за еден бакнеж, само за една топла прегратка, само, можеби, за едно, последно видување. Тоа беа нашите мајки и татковци. Во таа тешка средба и големо збогување болно и тажно плачеа тие кои трчаа покрај камионите и ние кои бевме во камионите. И кога камионите ја фатија кривулестата угорнина на џадето, тогаш стотици развеани црни шамии на збогување нè испраќаа во непознато. Овој настан подетално го имам опишано во мојот роман ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ издаден во 1985 година.
По година дена, во училницата во гратчето Солице Здруј, во Полска, застанав пред големата карта на Европа и на неа го барав моето село. На картата не го најдов моето село и мене ме нема во моето село. Голема далечина нè дели.
Обременет со овој спомен, заедно со сопругата одевме на прием во албанската амбасада.
Пред тоа, претпладнето, отидовме во болницата да го посетиме нашиот пријател, д-р Статовски. Вчера го оперираа. Писмото од д-р Јане Миљовски испратено до полскиот министер за финансии го преведов на полски и утре ќе му го врачам на полскиот министер за финансии и на полското МНР. Се работи за сукцесија на имотот на СФРЈ.

Во 18:00 влеговме во Амбасадата на Република Албанија. Многу срдечна средба со амбасадорот Енвер Фаја. Одлично зборува полски. Во времињата по Втората светска војна

стотици албански младинци беа пратени на студии во источноевропските земји. Меѓу нив и Фаја кој студираше архитектура во Краков. Разговорот со Фаја во духот на вообичаните фрази за добрососедство, пријателство и соработка. Договоривме протоколарно видување.

За време на коктелот имав подолг разговор со господинот Хмјелевски, сега в.д. директор на Првата управа во МНР. Кога му спомнав дека ќе барам прием во полското МНР во врска со сукцесијата на имотот на СФРЈ, горчливо рече:
- Писма за тоа прашање добивме од Хрватска и од Словенија и сега се јавува и Македонија. Имам впечаток дека сакате да ја блокирате нова Југославија (во МНР го сметаат за голем приврзаник на Југославија).

29 ноември 1995, среда

Во 12:00 во полското МНР. Им го врачив писмото од министерот за финансии д-р Ј. Миљовски. Во текот на разговорот, соговорниците истакнаа дека и натаму очекуваат да добијат копија од македонско-францускиот договор и потоа ќе одлучат за формулата на потписите на договорите. (Не им кажав дека таков примерок чекам и јас). И овој пат ја искористив приликата да обрнам внимание на упорната употреба од страна на полското МНР на името ПЈРМ. Во врска со ова реков дека на тој начин не го почитуваат уставното име Република Македонија и во врска со тоа прашањето ќе го поднесам на повисоко ниво.

30 ноември 1995, четврток

Согласно со тукашните протоколарни обичаи, врачувањето на честитките од шефови на држави до новоизбраниот претседател, писмено се најавува во Кабинетот на претседателот. Амбасадата на Република Македонија во Варшава, придржувајќи се на ова, со писмо го извести Кабинетот од каде Амбасадата доби писмо со кое ќе биде

известена за денот во кој на новиот претседател ќе му биде врачена честитката од претседателот Киро Глигоров. Придржувајќи се на овој дипломатски обичај, испратив писмо до Кабинетот на претседателот Александер Квашњевски со молба лично да му ја предадам честитката од претрседателот Киро Глигоров по повод неговиот избор за претседател на Република Полска.
Два дена подоцна во 12:30 ме прими Данута Вањек, шеф на изборниот штаб на Александер Квашњевски. Нејзе ѝ ја врачив честитката од претседателот Киро Глигоров и од Амбасадата во врска со изборот на Александер Квашњевски за претседател на Република Полска. Во текот на разговорот ги изнесов позитивните резултати од контактите со полските надлежни министерства, истакнувајќи дека од двете страни, Полска и Македонија, има голем интерес за поширока соработка во сите области. Истакнав дека во минатото меѓу Македонија и Полска одлично се развиваше соработката во областа на стопанството, а посебно на културно ниво. Подвлеков дека во Македонија многу силни се симпатиите на Македонците во однос на Полска и дека има одредено незадоволство поради употребата на не уставното име на Република Македонија од страна на полското МНР. Потсетив дека во ООН и генералниот секретар и најголемиот број членки го употребуваат уставното име, па оттука не гледам причина во Полска, со која имаме долгогодишна традиционална соработка и пријателство да не се употребува нашето уставно име. Во продолжение реков дека многу сум задоволен од досега воспоставените контакти во сите полски министерства каде сум примен со искрени симпатии и желби за зацврстување на заемната соработка.
Госпоѓата Вањек се заблагодари за честитките и вети дека лично ќе се заложи проблемот со името задоволително да биде решен.
Во 18:00 часот на коктел во романската амбасада, а од таму во 19:00 на коктел во амбасадата на Лаос. Со сопругата, уморни се вративме „дома“.

1 декември 1995, петок

Ми стигна факс од Петрос Бинос, нашинец од Воден, кој во Скопје води фирма за продажба на јужно овошје. Заинтересиран е да соработува со полска фирма. Неговиот факс истиот ден го испратив на полска фирма која е заинтересирана да купува јужно овошје.
Во 12:00 во Амбасадата дојде амбасадорот Кинецки. Разговор во врска со изборите, задоволен е од изборот на член на партијата во која и тој членува. Кратко му го пренесов разговорот со госпоѓа Вањек. Вети дека и тој ќе се заложи за употреба на уставното име.
Во 15:30 во болницата го посетив пријателот, д-р Статовски. По операцијата, вели дека добро се чувствува иако во неговите очи се гледа голема болка и тага.

2 декември 1995, сабота

Со здравјето не сум најдобро. Цел ден мирување. Дитта не ми дозволува да влезам во кабинетот. Упорно настојува да мирувам.

3 декември 1995, недела

Цел ден мирување.

4 декември 1995, понеделник

Студено и врне густ снег. Дитта на вообичаена средба со жените на амбасадори во Амбсадата на Шведска.
Во 12:20 во болницата го посетивме д-р Статовски. Вели дека добро се чувствува и в среда си оди дома.
По неколкукратни мои барања (од април до денес), од Управата за конзуларни работи го добив Законот за конзуларни такси. Желка да беше сигурно порано би стигнал.

Ова е пример како се работи во Централата (МНР). Се уште чекам одговор на 40 мои телеграми во врска со барањата на полски фирми за соработка со македонски. Имам впечаток дека во МНР или не ги читаат телеграмите или не ги доставуваат до заинтересирани фирми.

5 декември 1995, вторник

Стигна телеграма со која ми јавуваат дека министерот Ангелов утре ќе допатува во Варшава. Ќе го пречекам на аеродромот.
Стигнаа покани од министерот за надворешни работи, В. Бартошевски за средба со Дипломатскиот кор што ќе се одржи на 12.12.1995 год. и слична средба на 20.12.95 год. од Л. Валенса.
На коктелот приреден од Амбасадата на Тајланд, покрај другите средби и разговори со повеќе амбасадори, се сретнав и разговарав со амбасадорот на Република Хрватска. Разговорот се однесуваше на предлогот на македонското МНР за ангажирање адвокат во врска со имотот на СФРЈ во Полска. Ми рече дека не постои расположение за овој предмет. Хрватска, рече, ја призна државноста на Србија и Црна Гора, истото го направи и Словенија.
Во врска со ова од МНР/РМ не добив никакви информации за најновите иницијативи.
Во 22:00 часот Радио Скопје пренесе информација дека утре во Брисел министерот Стево Црвенковски ќе учествува на состанокот на НАТО. Значи одиме во големи води. Со овој аргумент на моите полски соговорници ќе им речам дека наскоро ќе станеме рамноправни партнери.

6 декември 1995, среда

Од издавачката куќа („Wydawnictwo Naukowe“) ми стигна покана за учество на промоцијата на книгата „Писатели на

светот“. Адресата гласеше: Ambasada Byłej Jugosłowiańskiej Republiki Macedonii.
Се јавив по телефон и на госпоѓата од таа страна ѝ се заблагодарив за поканата, но адресата и реков е погрешна. Госпоѓата рече дека таква адреса добија од полското МНР. Се јави некој друг женски глас, се извини и замоли да ѝ ја издиктирам адресата. По 20 минути ми стигна факс со следнава содржина:

Warszawa, dn.6.XII 1995 r.
Jego Ekscelecija
D-r Petre Nakovski
Ambasador Republiki Macedonii
ul. Dominikanska 15
02-738 Warszawa
Fax 431326

Wielce Szanowny Panie Ambasadorze,

Uprzejmie dziękujemy za telefon oraz potwierdzenie przybycia na promocji Słownika encyklopedycznego Pisarze świata.
Jednocześnie ogromnie przepraszamy za niewłaściwe zaadresowanie koperty z zaproszeniem i sprawioną tym Państwu przykrości.
Z wyrazami głębokiego szacunku,
Redaktor Naczelny
Barbara Petrowlin-Skowrońska

Превод:

Многу почитуван господине Амбасадоре,
Љубезно благодариме за телефонскиот разговор и потврдата да присуствувате на промоцијата на Енциклопедскиот речник „Писатели на светот“.

Истовремено многу се извинуваме за несоодветното адресирање и нанесената непријатност.
Со изрази на длабока почит,
Главен уредник
Барбара Петровлин-Сковрољска

Ова не е првпат што им обрнувам внимание на сите кои пратките ги адресираат со ПЈРМ. Имам и случаи што таквите пратки неотворени ги враќам.

Во 18:00 на коктел во Амбасадата на Финска. Со посредување на романскиот амбасадор се запознав со амбасадорот на Грција. Пријатна средба. Разговаравме на грчки за неутрални прашања. Се договоривме да се видиме по Нова година и тогаш во мирна атмосфера ќе разговараме и за односите меѓу нашите држави.
Во 20:40 на аеродром. Авионот од Виена доцни час и половина. Го чекам д-р Иван Ангелов, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство. Во придружба на полскиот министер право во хотелот „МЕРИОТ“ и по краток одмор, заедничка вечера.

7 декември 1995, четврток

Состанокот на министрите за земјоделство во рамките на ЦЕИ почна во 9:00. Пред тоа влегов во конференциската сала за да проверам со какво име е поставена табличката на масата зад која треба да седи македонскиот министер.
FYR of MACEDONIA – пишува на табличката. Ја зедов и отидов кај главниот одговорен за местата кој каде ќе седи. Му реков дека доколку на масата ќе има табличка со такво име, македонскиот министер нема да учествува на Конференцијата.
Ме погледна зачудено и ме праша:
- А кој сте вие?
Му ја покажав дипломатската легитимација.

- Добро де, ако е до тие букви, ќе донесам нова. Сакате да пишува MACEDONIA, тогаш ќе напишеме нова. А кој ви го измисли тоа грдо име, пање амбасадоре?
- Пријателите – реков.
Овој проблем го решивме, но се јави друг. Министерот на масата во кабинетот го заборавил текстот на говорот. Му сугерирав да ѝ се јави на секретарката и да ѝ рече да го прати по факс. По дваесет минути стигна заборавениот говор. Додека министерот разговараше со секретарката, од службената кола зедов мало македонско знаменце и го ставив до табличката на која со големи латински букви пишува MACEDONIA.
Во 17:00 се вратив во Амбасадата и најдов порака од Душко Ѓоргиевски од Скопје.
„Поздрав на моите пријатели - пишува. Драг Петре, Добив писмо од Австралија. Твоите ЧЕМЕРНИ... ќе одат под друг наслов. Ти ја праќам оваа радосна вест за која и јас се радувам“. (Се работи за романот „ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ“ во негова режија).
Во 19:00 од Вроцлав дојде Коле Насков заедно со жена му Полјачка и синот. Далечен роднина на Дитта. На 4-годишна возраст со децата беше одведен во Албанија, потоа Романија и постојано гнездо свитка во Вроцлав, каде заврши средно уметничко училиште, а потоа академија за уметност. Стана познат сликар. Утре свечено од претседателот на Полска, Квашњевски ќе добие професорска номинација. На тоа некогашно сиромашно момче од костурското село Езерец многу срдечно му ја честитавме номинацијата за универзитетски професор.
Од приемот што го организира полскиот вицепремиер и министер за земоделство, во Амбасадата со сопругата се вративме „дома“ во 22:30 часот.

8 декември 1995, петок

Во 8:15 почна официјалната средба на македонскиот и на полскиот министер за земјоделство. Отворен и содржаен разговор. Се договорија до првото тримесечје од 1996 година експертите на државно ниво од двете страни да изготват текстови на договорите од областа на земјоделството и по нивното двојазично усогласување да се потпишат во Скопје.
Преведувувач на разговорите (сега и на идните средби Димитр Манџуновски, (по ретко секретарката Беата Ристовска, по татко Македонка) постојан жител во Варшава, оженет со Полјачка и мој добар пријател со кого заедно растевме во детските домови. Во Варшава завршил факултет за физичка култура и сега работи како новинар.
Попладнето на македонскиот министер на располагање му ја ставив службената кола кој заедно со секретарката ја посетуваше Варшава. Во Амбасадата дојде во 16:50 часот. Долг двочасовен разговор за многу работи. За жал министерот не најде ниту еден пофален и добар збор за МНР/РМ.
А што да речам јас?

9 декември 1995, сабота

Во 7:00 заедно со министерот Ангелов на аеродром. Јавија дека авионот за Минхен ќе полета во 8:55. Заедно со неговиот домаќин, полскиот министер, седиме во ВИП-от и разговорот се води на разни теми, но поголемиот дел за формите на заемната соработка.
Кога го најавија влегувањето во авионот на министерот Ангелов му дадов специјален ковert со молба лично да му го даде на Габер во МНР/РМ. Во ковертот беа извештаите од доверлив карактер**.**

10 декември 1995, недела

Денес во хотелот „МЕРИОТ“ во организација на клубот на жените на амбасадорите се одржува продажна изложба на

разни предмети карактеристични за соодветните земји. Доходот ќе биде дониран за болни деца, а изложбата сигурно ќе биде афирмативна за земјите учеснички. Македонија со ништо не е присутна, иако на 10.10.1995 год. со телеграма го известив МНР/РМ и замолив по ДХЛ да испрати соодветни артикли карактеристични за Македонија. Не добив одговор. Кога вчера на министерот д-р Иван Ангелов, му кажав дека на оваа манифестација Македонија нема да учествува и бидејќи ништо не е испратено, тој без изненадување мирно ми рече:
- Не се вознемирувај. Најголемиот дел од Македонците, а веројатно и тие во МНР/РМ не ја чувствуваат Македонија како своја држава. Таквиот однос потврдува колку туѓото влијание во текот на времето под Србија и 45-тата идеолошка пенетрација го имаат испрано македонскиот мозок. Тоа е тоа, другарче.

11 декември 1995, понеделник

Средба на Дипломатскиот кор со министерот за надворешни работи, господинот Владислав Бартошевски. По претседателските избори поднесе неотповиклива оставка. Во едночасовното излагање (текстот на излагањето отчукано на дванаесет страници секој присутен го доби) ги изнесе основните точки на полската надворешна политика, која континуирано се води од 1989 година. Остави впечаток дека не е разочаран и ми се чини дека со изразената желба идниот министер да продолжи активно да ја реализира досегашната ангажирана и прагматична надворешна политика, се здоби со големи симпатии на Дипломатскиот кор. Редум му се заблагодаривме за честите средби и одличната соработка. Попладнето во Амбасадата ненајавено дојде Ѓ. Мисајловски. Не ми се познати причините за неговиот престој во Варшава и не побарав објаснување. По испиеното кафе побара да му дадам пари за хотелски трошоци и за некои негови потреби во Виена. Му реков дека за ова ќе побарам одобрение од

МНР/РМ и доколку добијам согласност, ќе му ја исполнам желбата. Не го прифати мојот предлог и си отиде без да се поздрави.

12 декември 1995, вротник

Студен ден и без престан врне снег. Печатот само со неколку редови ја одбележа вчерашната средба на В. Бартошевски со Дипломатскиот кор, но многу простор посвети на изјавата на Лех Валенса дека наскоро ќе формира ново политичко десничарско движење.
Денес ми стигна одговор од генералниот директор на полските Државни архиви со согласност за соработка со Архивот на Македонија. Одлична вест. На ковертот е напишано уставното име – Република Македонија. Завршен е првиот дел од досегашните повеќекратни средби и разговори од оваа област.
Одлична и најдобра вест во последните два месеци.

13 декември 1995, среда

Сопственикот на куќата во која е сместена Амбасадата го исплатив за јануари, февруари и март за 1996 година.
Секретарката ја задолжив да купи новогодишни картички, за сите амбасади, а возачот честитките до амбасадите да ги остави во поштенските сандачиња на амбасадите поставени во холот на зградата на полското МНР, а останатите честитки, до министерствата, фирмите и до лицата наведени во списокот што ѝ го оставив на бирото, возачот да ги испрати по пошта за што ѝ дадов и одредена сума пари за поштенски марки.
Секретарката ме погледна намуртено и рече:
- Јас тука не сум за таа работа.
И возачот го повтори истото
- Добро – реков со мирен тон. – Ако така сте убедени, тогаш од утре барајте си работа на друго место. А на масата повеќе

да не го видам бокалот од кој цел ден пиете кафе. Кафе ќе пиете во кафеана за време на работната пауза, а местото на возачот е во чекалната и секогаш да е готов кога службено ќе ми треба. Јасно?

14 декември 1995, четврток

Апостолскиот нунције, архиепископот Ковальчик, пред да почне коктелот по повод испраќањето на индонезискиот амбасадор, многу срдечно ме пречека пред влезот во салата и при тоа ми рече:
- Драг мој пријателе, се надевам дека денешното потпишување на мировниот договор во Париз на Македонија ќе ѝ дозволи да ја зацврсти својата сувереност и независност. И уште да ви кажам дека откако го прочитав албумот што ми го подаривте многу се приврзав кон Македонија. Кажете ми како е Претседателот? Јас се молам за него, Бог да му даде сили што побрзо да закрепне. Поздравете го од мене.
Му се заблагодарив за добрите зборови и му ветив дека уште денес поздравите ќе му ги испратам на Претседателот. Го замолив по Нова година да ја прифати мојата покана заедно да ручаме.
- За мене – рече – тоа ќе биде големо задоволство.
Во текот на коктелот ги потсетив амбасадорите на Хрватска и на Словенија во врска со македонскиот предлог за ангажирање адвокат за утврдување на имотот на СФРЈ во Полска. Имаат различно мислење. Се договоривме да се сретнеме идната недела.
Во 14:00 часот ми се јави амбасадорот на Словачка. Предложи на 26 декември во 12:00 часот во стариот дел на Варшава со сопругите да се видиме на ручек. Прифатив.

15 декември 1995, петок

И покрај ветувањата договорот Македонија-Франција од МНР/РМ не ми го испратија. Ми најавија да не очекувам зголемување на кадровскиот состав на Амбасадата.
Ова значи дека ќе морам и натаму сам да продолжам да ги извршувам сите задачи.
Во 12:30 на коктел во Амбасадата на Народна Република Кина приреден по повод доаѓањето на новиот кинески амбасадор. Многу поканети. Масите претоварени со најразлична кинеска храна и се чувствува тежок мирис на кинеската ракија, која скоро никој од Европејците не ја пие. Европејците ги бараат масите на кои има огромен број чашки со вотка. Нешто слично се случи неодамна и во Амбасадата на Романија, кога од јадењата пред сè беше послужена мамалига, за присутните изгледа ретко познато јадење. Лично ги одбегнувам сите маси и цело време сум во друштво со повеќе амбасадори и високи полски функционери, со кои во пријатен разговор ги обновувам контактите и ги слушам најновите коментари за настаните во Полска по претседателските избори. Ја користам приликата со соговорниците да разменам мислења за состојбите на Балканот, а посебно за Македонија
Кога се вратив во Амбасадата на масата видов куп новогодишни честитки. Цело попладне ги потпишував.

16 декември 1995, сабота

Облачно. Врнежливо. Студено. Го прегледувам полскиот печат. Демонстрации во Варшава. Едни против други под исто развеано знаме и химна.

17 декевмри 1995, недела

Цел ден „дома“. Надвор студено.

18 декември 1995, понеделник

И ние, како и Полјаците, ги почнавме подготовките за пречек на Новата 1996 година. Купивме вештачка елка и украси. Ја поставивме во салонот. До неа и државното знаме.

19 декември 1995, вторник

Денес ги спакував знамињата со сонцето, освен едно, кое го ставив на мал јарбол во кабинетот. На секое со хефталица, зацврстив ливче со натпис:
„Ова знаме за првпат беше развеано на прозорецот на Амбасадата на Република Македонија во Варшава на 3 мај во 6:00 часот утрото и се виореше до 6 јуни до 19:00 часот 1995 година“.

И на другото:

„Ова знаме првпат беше подигнато на јарбол во дворот на Амбасадата на Република Македонија во Варшава на 7 јуни во 8:00 часот и се виореше до 7 октомври до 19:00 часот 1995 година.
(д-р Петре Наковски, вршител на работите).“
(Знамињата се чуваат во архивот на авторот)

И додека ова го правев, од Канцеларијата на Сејмот, курирот ми донесе календар за 1996 година и коверт од Боравски со рачно напишана адреса:
„Pan Zoran Novakovic, Charge d’ Affaires a.i.Federecyjnej Republiki Macedonii, ul. Dominikańska 15’’. (Нема потреба да го преведам, се разбира).
Се стаписав, но брзо се прибрав. На секретарката ѝ реков полека и многу внимателно да го отвори ковертот. Внатре циркуларна нота со која Канцеларијата на Сејмот го моли Дипломатскиот кор да учествува на инагурацијата на новиот претседател што ќе се оддржи во Сејмот на 23 декември 1995 година.

Пликот и нотата ги фотокопирав, потоа го залепив и со големи букви рачно напишав „ZWROT“ (се враќа) и шоферот го однесе во Сејмот.
Од Сејмот стигна нов коверт со адреса: Амбасада на Република Македонија и со неколку реченици на извинување.

20 декември 1995, среда

На ТВ ја следам седницата на Сејмот. Бурна, со навреди.

21 декември 1995, четврток

Ми стигна новогодишна честитка од претседателот Киро Глигоров – Икона со Богородица и Христос.
Бурната седница на Сејмот и денес продолжува. Изгледа старата година Полјаците ќе ја испратат со караници на своите народни пратеници и поради тоа ќе имаат тажни, горчливи и засенчени Божиќни празници. Но независно од тоа, Варшава тоне во сите бои на светлата што сјаат во деновите и ноќите за пречек на божиќните и новогодишните празници. Цела Варшава е една прекрасна елка.

22 декември 1995, петок

Ништо ново што може да е интересно. Во Сејмот продолжуваат заемните плуканици, а надвор без престан врне снег и е студено, минус 14 степени.

23 декември 1995, сабота

Во 12:45 во Сејмот заклетва ќе даде новоизбраниот претседател на Република Полска, Александер Квашњевски. На галеријата целиот Дипломатски кор. Отидов порано и седнав на убаво место со видик на целата парламентарна сала.

Претседателот Александер Квашњевски во 30-минутниот говор ја инаугурира својата претседателска програма за наредните пет години. Додека тој го одржуваше својот инаугуративен говор, пред Сејмот демонстрации. Организатор – крајната десница.
Мојот добар пријател, амбасадорот на Словачка, Маријан Серватка, на излегување од Сејмот, ми шепна: - Имам впечаток дека Полјаците се истоштени од предизборната кампања, изморени од политиката, поделени и скарани.

24 декември 1995, недела

БАДНИК. Мирно, тишина, тажно, но надежно.
„Дома“, значи во Амбасадата сме само ние двајцата. Скромна вечера и многу спомени. Во нашите места, таму во Костурско, Бадник славевме истата вечер како и католиците. Седнати еден до друг, си спомнуваме како целото семејство седевме околу заедничката семејна софра и чекавме, мајките првото јадење скришум од нас да го фрлат во дворот за да бидат нахранети сите духови и новата година да даде многу бериќет и радост и како нè собраа и како мајките нè испратија до границата и како држејќи се за нивните поли плачевме и липавме, како првата ноќ од нашата разделба ја поминавме мачејќи се да заспиеме на влажниот есенски папрат под полна месечина, како слушавме далечни истрели и грмежи од топови... Таа ноќ не спиевме, туку само си велевме утре, можеби задутре ќе се вратиме дома и дома ќе чекаме нови Бадници. Бевме деца на војните и на партизаните, а таа војна, која граѓанска ја нарекоа нè истера многу далеку од дома и од тогаш никогаш повеќе не седнавме околу домашната софра. Растевме далеку од дома каде Бадник не славевме, не дочекавме да ја доживееме радоста на Христовото раѓање, зашто во детските домови тоа беше забрането. Гушнати си спомнуваме тивко и потоа долго молчевме. Во изминатите години кога имаше такви празници молчевме и растевме во молк затоа што некој ни ја зеде

детската радост и нè поучи да славиме други за нас непознати слави. И навикнавме да растеме под сенката на туѓи слави. Седиме пригушнати и се прашуваме - сега, кога се слави Христовото раѓање, што прават без нас нашите мајки? На спиење отидовме со очите полни со нашето детство и со солзите за нашите најблиски...
Минатото носи и радост и неизлечена болка...
Бадник – камбаните бијат, Христовото раѓање го огласуваат:
- Христос се роди!
- Воистина се роди!
- За многу години!

25 декември 1995, понеделник

На гости кај Дота и Ѓорѓи Гранцарис. Наши школски другари во педесеттите години, родени во костурското село Кондороби. Дота работи во нашата амбасада како хигиеничарка. Ѓорги по професија е електроинженер. Нè поканија на ручек по повод Божиќните празници. Не мислат да се преселат во Македонија, децата создадоа мешани семејства, имаат свои станови и добра работа. Сите добро зборуваат македонски и одржуваат контакти со свои роднини во Македонија и во родното село. Скоро ги попримија полските адети и обичаи, се прилагодија на полскиот начин на живеење и на полската клима. Верувам дека на овие педесет и нешто години од животот тешко би се прилагодиле на друго место.
Нè пречекаа многу срдечно и пријателски. Станот мал, ама прекрасно и топло уреден. Нè нагостија со полски традиционални јадења карактеристични за Празникот. Долго ќе го паметиме денешниот ден, а посебно добрината и срдечноста со која нè пречекаа.

26 декември 1995, вторник

Тече вториот ден од Божиќните празници. Варшава скоро е празна. Ретко некој се движи со залулан чекор по варшавските улици. Варшавјаните дома слават или одмораат од славењето.
Во 13:00 во ресторанот „Kamienne schodki“ (Камени скалички), во стариот дел на Варшава, амбасадорот на Словенија приреди ручек за амбасадорите на Хрватска и на Македонија. Разговорот главно се водеше во врска со сукцесијата на имотот на СФРЈ и заедничките активности.
Во попладневните часови од МНР/РМ ми стигна последната страница од македонско-францускиот договор кој е потпишан со целото име на нашата држава. Тоа е тоа што долго време го чекав. Утре ќе побарам прием во полското МНР.

27 декември 1995, среда

Денес примив честитки по повод новогодишните празници од Миленка и Тања со нивните момчиња, од А.Тунтев, Г. Црвенковски, Ј. Веселинов, Љ.Арсовски.

28 декември 1995, четврток

Студено. Надвор минус 15 степени. Врне ситен снег. Стигнаа честитки од повеќе амбасади, министерства, новинари, пријатели.

29 декември 1995, петок

Последен работен ден во 1995 година. Радио Варшава пред малку јави дека во текот на ноќта, Варшава беше најстудена европска престолнина – минус 20 степени.
Во 11:00 го донесоа фотокопирот. Мал, но и таков се надевам дека ќе врши работа.

30 декември 1995, сабота

Денес е формирана нова полска влада. За министер за надворешни работи е поставен Дариуш Росати. По факс му испратив честитка. Дополнително со писмо преку неговиот кабинет ќе му испратам печатена честитка. Таков е обичајот. Во 12:00 во Амбасадата приредив скромен коктел за македонската колонија во Варшава. Убаво е барем, неколку часа да си во друштво со свои сонародници. Имаш чувство дека си во Македонија и задоволство дека македонската песна и оро подгреани со македонското вино и ракија на убавината на Варшава ѝ додадоа и малку македонска убавина.

31 декември 1995, недела

Последен ден од 1995-тата година. Во „ВЕЛИКИОТ ТЕАТАР“ („TEATR WIELKI“) за Дипломатскиот кор и високи полски фукционери е поставен балетот „ЛЕБЕДОВО ЕЗЕРО“. По претставата сите присутни беа почестени со чаша шампанско. Во Амбасадата се вративме доцна по студено и снежно време.
Сам седам во кабинетот и се потсетувам на деновите изминати до крајот на оваа година.
Во текот на изминатите триесет години од моето преселување од Полска во Скопје, запознав писатели, новинари, политичари, издавачи и цел куп луѓе од областа на литературата и културата, политиката, дипломатијата. Големиот број пријателства и големиот мој преведувачки труд на дела од полската класична и современа литература ми донесе признание и почит од Полска. Тие факти и сите мои службени посети и разговори ги јакнеа познанствата, соработката и довербата.
Не забележав кога падна мракот со кој завршува крајот на денешниот студен ден и наближува крајот на оваа година.
Сопругата ме вика на вечера. Вечераме скромно и со мислите сме со нашите деца од кои нѐ дели голема далечина

која ја скратуваме со најдлабоки срдечни желби. И оваа вечера е последна од оваа година, која завршува со гласната музика, со извиците на радост и големите желби и надежи пренесувани од сите телевизиски канали.
Полноќ е. Тажни сме и со тага отидовме на спиење...
Загледан во таванот, се прашувам каква ли ми беше годината?
Лесна ли беше?
Тешка ли беше?

ВТОР ДЕЛ 1996

Така заврши 1995 и утре ќе ја почнам втората година од мојата дипломатска мисија. Што ме чека? Каква ќе биде? Со добри желби и надеж од тоа што го посеав, се надевам дека ќе има добра жетва.
Утре ќе ја почнам втората година.

1 јануари 1996, понеделник

Првиот работен ден во Новата 1996 година го почнав во 7:00 часот утрото.
Средувам белешки и размислувам за тоа, како ќе тече моето ангажирање во Новата 1996 година. Не сум сигурен дека ќе биде лесно да се пробивам низ новите предизвици, а ќе ги има многу. Најважно ќе биде продолжување на преговорите за проширување и зајакнување на заемната соработка меѓу Македонија и Полска во сите области преку средби на експертско и на министерско ниво, изготвување и потпишување договори, одржување активни контакти со високи државни функционери, со претставници на Дипломатскиот кор и настојувања за натамошна афирмација на Република Македонија. Се надевам дека во Министерството за надворешни работи на Република Македонија ќе почнат да се средуваат работите, па од тука и надежта дека ќе дојде до зајакнување на соработката меѓу

постојниот кадар во МНР/РМ и Дипломатско конзуларните претставништва. Ваквата надеж, дури нека е и претпоставка, ми ја отвора перспективата на моето ангажирање во 1996 година**.**

2 јануари 1996, вторник

Го прегледувам полскиот дневен печат. На првите страници информации за наводните недоразбирања меѓу претседателот Квашњевски и премиерот Олекси.
Надвор студено. Снема струја.

3 јануари 1996, среда

Поради немање струја Амбасадата е откината од светот. Нема и телефонска врска. Се јавив во поштата. Ветено ми е дека во текот на денот ќе дојде екипа да изврши проверка. Не дојдоа.

4 јануари 1996, четврток

скинат. Поставија нов. Од поштата јавија дека целата населба нема телефонска врска. За поправка се ангажирани неколку екипи. Ветија дека во текот на денот ќе имам телефонска врска.
Вечерта ми стигна факс со кој од МНР/РМ ме известуваат дека со ДКП-еата од Централна и Источна Европа, контакти и соработка ќе одржува Ристо Блажевски, наречен Пирц.

5 јануари 1996, петок

Преводот на драмата „Многу дипломатски ручек“ од Кшиштов Ивињски го завршив и утре ќе му го пратам на Борис Вишински. Драмата ќе биде објавена во списанието „Културен живот“, во рамките на соработката за која лани во септември разговарав со главниот уредник на списанието „ПОГРАНИЧНО“ од Сувалки („POGRANICZE“ од Suwałki),

гратче на самиот североисток на Полска. Од редакцијата на списанието „POGRANICZE“ стигна писмо со кое известуваат дека ја прифаќаат соработката меѓу „КУЛТУРЕН ЖИВОТ“ и „POGRANICZE“. Предлагаат пролетта 1997 година да се организира средба во рамки на циклусот средби насловени „ПАМЕТЕЊЕ НА СТАРИОТ ВЕК“, кој целосно би бил посветен на Македонија. Тема: култура, традиции, вера, културни контаки со Полска.
Веста по факс ја испратив во МНР/РМ со молба да ја препратат до Министерството за култура и до редакцијата на „КУЛТУРЕН ЖИВОТ“.

6 јануари 1996, сабота

Коледа. Паричето ѝ падна на куќата. Телефонски разговор со Миленка и Тања. Од 21:00 до полноќ на ТВ гледавме пренос од православната катедрала во Москва. Прекрасна богослужба.

7 јануари 1996, недела

Целокупниот десничарски печат и телевизијата развија огромна акција со притисоци против премиерот Олекси со барање да поднесе оставка.
Времето малку омекна. За два-три степени е потопло.

8 јануари 1996, понеделник

Стигна полскиот текст на Договорот за соработка во областа на земјоделството. Во текот на денот и дел од ноќта ќе го преведам на македонски јазик и утре по факс ќе го испратам до МНР/РМ со молба да го препратат до македонското министерство за земјоделство.
Од сега па сè до крајот на моето службување ќе бидам и преведувач на сите текстови на договорите, било од полски

на македонски или од македонски на полски и на сите дополнувања по извршеното споредување и дополнување.
Се надевам дека брзо ќе стигне одговорот и македонскиот текст од македонското министерство за земјоделство доколку некој во МНР/РМ не „заборави“ да го препрати до соодветното ресорно министерство, што досега честопати се случувало.
Денес пак проблеми со телефонските врски. Во врска со ова испратив писмо го Главната пошта.
Во 12:00 ми се јави амбасадорот Хмјелевски и ми закажа средба за 10 јануари во 14:00 часот. Претпоставувам дека разговорот ќе биде во врска со употребата на името при потпишувањето на договорите.
Полскиот претседател А. Квашњевски утре заминува за Германија, а потоа за Франција. Ова е негово прво патување во странство како претседател. Печатот пишува дека неговата посета на Германија и на Франција е поврзана со барањето за побрз прием на Полска во НАТО и во Европската Унија.
Премиерот Олекси е на одмор. Бурата околу него не стивнува. Десницата бара да поднесе оставка.
Лех Валенса го посети своето старо работно место во бродоградилиштето во Гдањск и најави дека ќе се вработи како електричар.

9 јануари 1996, вторник

Преводот на текстот на Договорот за соработка во областа на земјоделството го завршив и го испратив во Скопје.

10 јануари 1996, среда

Во 14:00 разговор со амбасадорот Хмјелевски во полското МНР. Му го врачив факсимилот од првата и од последната страница на македонско-францускиот договор. Ми остави впечаток дека полското МНР брзо ќе го реши прашањето со името. Во текот на 30-от минутниот разговор заеднички

оценивме дека би можеле во 1996 година да потпишеме 7-8 договори.
Кога се вратив во Амбасадата на работната маса најдов цел куп телеграми од разни полски фирми кои изразуваат желба за соработка или бараат контакти со слични фирми во Македонија. Денес и утре во превод на македонски јазик ќе ги пратам во МНР/РМ.
Одново побарав прием во полското МНР со цел честитката од министерот Стево Црвенковски да му ја врачам на новиот полски министер за надворешни работи, Дариуш Росати.
На крајот од денот и една добра вест: во 19:00 часот Радио Скопје пренесе дека денес Македонија и Европската Унија воспоставија дипломатски односи и дека наскоро во Скопје ќе биде отворена Амбасада на Европската Унија.

11 јануари 1996 , четврток

Во Полска, традиционално во претседателската палата се организира средба на новоизбраниот претседател со Дипломатскиот кор. Амбасадорите задолжително облечени во смокинг, а нивните сопруги во долги фустани.
По тој повод ја добивме следнава покана на полски јазик, а ја пренесувам преведена на македонски:

Претседателот
на Република Полска
Александер Квашњевски со Сопругата
го поканuваат
Господинот Петре Наковски
со Сопругата
да дојде
на Новогодишна средба
во понеделник на 15 јануари 1996 година во 19:00 часот
во претседателската палата
Смокинг, долг фустан Краковскје Педмјешче 48/50

(Оригиналот во ракописот**)**

Истовремено стигна и покана од министерот за надворешни работи, Дариуш Росати, кој организира прием за Дипломатскиот кор на 22 јануари 1996 година.
И тука ми се појави проблем со смокингот. За сопругата нема проблем. Има неколку долги фустани и само е прашање кој фустан да го облече. Да шијам смокинг, е доцна, да купам е многу скап. Ми остана да се распрашам дали во Варшава има приватници кои позајмуваат таква облека. Најдов. Отидовме со сопругата. Облекувам еден, малку личам на Чарли Чаплин, облекувам друг, уште полошо. Најпосле позајмив еден во кој се чувствував поудобно. Платив 300 злоти и потпишав ливче со изјава дека во рок од една недела ќе го вратам.
Од полското МНР ми јавија дека во 15:30 началникот на Управата за Балканот, господинот Вилчек, моли да се видиме во неговиот кабинет. Отидов. Заинтересиран е за најновите настани на Балканот. Му реков дека не би сакал да навлегувам во состојбите на трети земји. Ја искористив приликата да го информирам дека вчера, т.е. на 10 јануари, Република Македонија и Европската Унија воспоставија дипломатски односи и дека наскоро Унијата во Скопје ќе отвори амбасада. Во продолжение од разговорот истакнав дека е потребно да се одреди време за одржување консултации меѓу двете министерства за надворешни работи, да се прецизира датумот за посетата на Полска на претседателот на Собранието на Република Македонија, Стојан Андов, да се отпочнат разговори за потпишување договори за соработка, да се одржи средба на експерти за регулирање на договорите и во продолжение ја истакнав нашата заинтересираност за зачленување на Република Македонија во ЦЕФТА и надеж дека ќе ја имаме поддршката на Полска. Соговорникот потврди дека Македонија може да смета на поддршка.

Во Амбасадата ме чекаше писмо од Кабинетот на претседателот Квашњевски со кое ме информираа дека наскоро ќе ме прими.

12 јануари 1996, петок

Согласно добиената телеграма од МНР/РМ побарав прием во Управата за меѓународно правни прашања. Одговорија дека средбата може да се одржи дури идната недела.
Попладнето испратив факс со молба да биде препратен до Кабинетот на претседателот на Република Македонија со следнава содржина:
Согласно тукашните протоколарни обичаи, врачувањето на честитките од шефови на држави до новоизбраниот претседател на Република Полска, Александер Квашњевски, по повод свеченото преземање на должноста претседател, писмено се најавува во Кабинетот на претседателот.
Амбасадата на Република Македонија во Варшава, придржувајќи се на ова, со писмо Бр.АРМ/В/32/95 го најави врачувањето на честитката од Претседателот на Република Македонија, г. Киро Глигоров од 19.12.1995 година.
Кабинетот на претседателот на Република Полска со писмо од 2.1.1996, (доставено по пошта) ја извести Амбасадата на Република Македонија, дека е предвидена таква средба со претседателот Александер Квашњевски.
Амбасадата дознава дека голем број шефови на дипломатски претставништва во Варшава исто така добиле сличен одговор и дека покрај честитките, на претседателот Александер Квашњевски ќе му врачат и писмени пораки од претседателите на своите држави.
Амбасадата на Република Македонија во Варшава, имајќи предвид дека сличните писмени пораки претставуваат можност за контакт меѓу претседателите и прилика за комуницирање по пат на преписка, со цел да бидат изнесени основните пораки, желби, потреби и надежи за унапредување на билатералната соработка, како и најавување на покани за

официјални средби и посети, сугерира една таква порака од Претседателот на Република Македонија да му биде доставена на Претседателот на Република Полска преку Амбасадата на Република Македонија во Варшава. Искуството од минатото потврди дека таквите пораки се покажаа корисни и дадоа завидни резултати.
Претседателот Александар Квашњевски на 15.1.1996 во претседателската палата организира новогодишен прием за Дипломатскиот кор, а министерот Дариуш Росати – на 22.1.1996 година, за што официјални покани доби и Амбасадата на Република Македонија. Наковски

13 јануари 1996, сабота

Роденден на Миленка. По телефон срдечно ѝ го честитавме денот.

14 јануари 1996, недела

Сега во зимските денови неделите се најдосадни. Останува да се довршат некои белешки и остатокот од денот – одмор пред телевизорот или дремење.
Денес од 12:00 часот парното греење не ни работи. Ќе го повикам сопственикот на куќата да види што е со котелот. Дојде дури во 21:00 часот. Рече дека нешто не чини и утре ќе вика сервисер. Надвор минус 10 степени.

15 јануари 1996, понеделник

Од сабајле денот почна лошо. Парното не работи, секретарката се јави и рече дека е болна. Утрото студено.
Во 12:00 по факс стигна проширена честитка од претседателот Киро Глигоров до претседателот Квашњевски со предлог за средба и разговори на највисоко ниво. Кој ли е тој умник во МНР/РМ кој праќа две различни честитки покрај таа од Кабинетот на претседателот Киро Глигоров?

Во 16:00 почнавме да се подготвуваме за новогодишната средба со полскиот претседател. Првпат облекувам смокинг и се трудам да не ги измешам деловите. Во таква облека непријатно се чувствувам.
Во 18:15 часот поаѓаме. Во 18:25 влегуваме во палатата. Почесен поздрав од претседателската гарда. Добивам ливче со реден број 76 и со натпис B.J. REPUBLIKA MACEDONII. Со ноктот полека ги изгребав буквите B.J. Редот полека се движи. Први се амбасадорите, зад нив нивните сопруги. Полека се качуваме по скалите послани со црвен килим. Пред влезот во големата сала почесен поздрав од гардистите. Лево стои Директорот на Дипломатскиот протокол и малку понатаму претседателот Квашњевски, до него неговата сопруга и натаму членовите на Кабинетот и цел ред високи државни личности. Десно во редица амбасадорите и нивните сопруги. Директорот на Дипломатскиот протокол го зема ливчето и гласно го извикува името на гостинот, неговата функција и името на државата. Дојдов и јас на ред. Ми го зеде од рака ливчето со бројот 76, малку размислуваше, тивко се искашла и гласно рече:
- Господин Петре Наковски, вршител на работите на Амбасадата на Република Македонија со сопругата госпоѓа Афродита. Со низок наклон се поздравувам со претседателот Квашњевски, му го честитам изборот и потоа се поздравувам со другите од неговиот ред.
Поздравен говор на претседателот Квашњевски во кој акцентот паѓа на надворешната политика. По него зборува доајенот на Дипломатскиот кор, архиепископот Ковальчик. По одржаните говори, служат шампанско. Претседателот меѓу гостите. Оди од група до група. Се слика. Со сопругата стоиме во кругот на амбасадорите на Хрватска и на Чешка и нивните сопруги. Претседателот дојде до нас. Се поздравува со сите и прво разговара со чешкиот амбасадор, потоа со мене. Прашува за здравјето на претседателот Киро Глигоров. Накратко му ја пренесов поздравната честитка по повод неговиот избор и желбите за соработка и за средба. Во

краткиот разговор го потсетив дека ние двајцата се познаваме од порано. Малку размислува и вели дека се запознавме во јуни минатата година во ресторанот „ФЛИК“ во друштво на амбасадорот Кинецки. Да, паметам. Убаво си поминавме и тогаш многу научив за Македонија. Го потсетив дека тогаш ми рече - ако бидам избран за претседател, ќе ве повикам на подолг разговор. Ќе биде. А сега да се сликаме. Го повика фотографот и му рече:
- Сликај нè со Македонија.
По скоро половина час ми пријде Директорот на Дипломатскиот кор, со кого веќе добро се познаваме, ми подаде рака и ми рече:
- Господине Наковски зошто сте ги изгребале буквите В.Ј.?
- Затоа, господине директоре, што беа криво напишани.
- Умно – рече со насмевка и тргна да се поздравува со другите гости.
Во текот на средбата имав разговори со повеќе амбасадори и полски функционери.
Во Амбасадата се вративме во 21:30 необично задоволни, но и изморени.

16 јануари 1996, вторник

Околу 9:00 часот ми се јави по телефон Јон Ивановски. Ми соопшти дека ако не ми пречи, во врска со нашето зачленување во ЦЕФТА, би разговарал со некој си Захарски или Захарович. Му реков дека за ова прашање немам добиено инструкции, ама мора да има на ум дека услов за приемот е барем една членка да нè подржи. Рече дека сигурно ќе нè подржи Словенија. Му реков дека Словенија не е членка на ЦЕФТА и дека во ЦЕФТА ќе биде примена дури во јануари. Во продолжение му реков добро да провери и дека за нас е поважно договор да потпишеме со Полска, бидејќи оваа земја игра најважна улога, а текстот на Договорот јас го имам усогласено во јули 1995 година и се наоѓа во МНР/РМ. Јон рече дека за ова ништо не знае.

Се прашувам штом Јон Ивановски е овластен да контактира со ЦЕФТА, зошто не му е даден текстот на Договорот? Имам впечаток дека некој во МНР ја мати водата.
По факс стигна поканата од министерот Иван Ангелов до полскиот вицепремиер и министер за прехранбена индустрија и земјоделство, господинот Јаѓелињски. Официјална покана копирана од факс не се предава. Ќе чекам да стигне оригиналот и дури тогаш ќе побарам прием за да му ја врачам на полскиот министер.
Од МНР по факс ме известија дека утре, 17 јануари, во Скопје и во Атина на балконите на зградите во кои се сместени канцелариите за врски ќе бидат подигнати знамињата на Република Македонија и на Република Грција.
Секретарката и денес не дојде на работа.

17 јануари 1996, среда

По телефон ми се јави госпоѓа Ељжбјета Каспшицка, дописник на „ЛОС АНЏЕЛЕС ТАЈМ“ и побара податоци за Македонија. И ги издиктирав по телефон.
Се јавија од полскиот Сејм. Господинот Боравски моли да се видиме. Договоривме видување утре во 10:00 часот. Цел на разговорот-договарање датум за официјалната посета на претседателот на Собранието на РМ, Стојан Андов.
Полските медиуми јавија дека воениот обвинител добил дополнителни докази за наводната соработка на Ј. Олекси со КГБ. Аферата добива се пошироки рамки.
Од МНР/РМ ми стигна следнава „инструкција“:
„За време на новогодишната средба на претседателот Квашњевски со Дипломатскиот кор да ја искористите приликата лично на претседателот Квашњевски да му ја врачите честитката од претседателот Киро Глигоров. За време на врачувањето да ја искористите приликата да го истакнете делот од честитката во кој се изразува нашата готовност и добрата волја за средби на највисоко ниво“.

Од кога и по чие овластување надлежностите на Претседателот или на неговиот Кабинет ги презеде некој во Министерството за надворешни работи?
Тој (или тие) кој ја напиша наведената инструкција изгледа не знае или добро знае што е подметнување или намера за местенка. На дипломатски прием пред очите на 200-250 присутни, меѓу кои има мноштво новинари и агенти, на Претседател јавно не му се врачува коверт, до толку повеќе дека честитката одамна е врачена за што е известено МНР/РМ. Тој, кој е потпишан треба да знае дека пораки или честитки се врачуваат во четири очи или во присуство на некој од Кабинетот и при тоа врачувачот ја користи приликата да изнесе мислења, желби и надежи за зацврстување на односите и за соработка во сите области. За жал во МНР/РМ изгледа има многу играчи некому да подметнат нога и да го товарат со незнаење. Тоа го прават со голема леснотија и подмолна љубомора.
По аферата со Ј. Олекси десничарскиот блок лови нови агенти, меѓу кои веќе ги вбројува Милер и Мјечислав Раковски, истакнати личности во претходниот режим. Десничарските медиуми ликуваат.
Сличен лов и ликување не се отсутни и во Македонија.

18 јануари 1996, четврток

Од Кабинетот на претседателот Киро Глигоров дознавам дека втора, дополнителна честитка до претседателот Квашњевски не е испратена. Значи некој тоа го направил на своја рака или по нечија наредба. Пладнето по телефон ми се јави Мисајловски и со многу сигурен и заповеднички тон на гласот ме праша дали сум ја добил, како што рече, проширената честитка до претседателот Квашњевски по повод неговиот избор и инструкцијата. Значи авторот на дополнителната честитка и инструкцијата сам се јави. Му реков:

- Научи дека на јавни собири такви честитки не се врачуваат, туку тоа оди преку Кабинетот. Твоето јавување не е ништо друго, туку подмолно потценување и во најмала рака провокативно. Објасни ми што треба да значи твоето често телефонско јавување до разни полски министерства и бараш да ти објаснат до каде е стигнато прашањето на договорите за соработка и што треба да им кажам на луѓето со кои разговараш кога ме прашуваат кој е тој Мисајловски и каква функција има во македонското министерство за надворешни работи? А во врска со ЦЕФТА кој е надлежен, ти или Јон? Колку што знам за ЦЕФТА е надлежен Јон.
Молк и потоа Мисајловски рече:
- Во врска со инструкцијата можеби подлабоко не размислив, ама тоа не значи дека не е важно. Доколку мислиш дека сум погрешил, јас се извинувам и во таа смисла би замолил прашањето да го сметаме за затворено, бидејќи нема да се повтори.
На ова му реков дека во врска со контактите со полските институции надлежна е Амбасадата и повеќе да не се меша таму каде не го бараат.
По жива врска во МНР/РМ го испратив годишниот извештај за 1995 година**.**

19 јануари 1996, петок

Поради одредени пропусти во досегашното работење на Амбасадата одлучив да напишам Наредба за работење и односот на вработените. Меѓу другото напишав:

- Со оглед на тоа што Амбасадата е репрезентативна државна установа на Република Македонија во странство персоналот е должен на работа да доаѓа во облека достојна на установата, а возачот во тегет костум, бела кошула, црна вратоврска и црни чевли, посебно во деновите на прием на службени странки. Особено персоналот,

доаѓа на работа свечено облечен во случаи на одржување коктели, приеми, престој на високи личности и слични прилики. Работното време почнува во 08:00, завршува во 16:00 часот, а возачот на работа останува и подоцна, според потребите.

- Паузата за појадок и евентуално за други лични потреби трае од 9:30 до 10:00 часот секој ден. Надвор од времето одредено за пауза во просториите на Амбасадата се забранува јадење, варење и пиење чај или кафе. Во врска со ова техничниот персонал не може да престојува и да ја користи кујната и кујнскиот инвентар (освен секетарката за службени цели) и репрезентацијата (кафе, чај, шеќер, вода од шишиња, сокови, алкохолни пијалаци и друго).
- Персоналот е должен да го чува инвентарот во Амбасадата и за секоја штета направена по негова вина, лично ќе ги сноси трошоците за поправка.
- Поради безбедносни причини, сите лица кои бараат прием во Амбасадата, задолжително да се проверуваат причините за приемот и по претходно добивање дозвола од претпоставениот, се упатуваат во чекалната, каде мора да е чисто, уредно и проветрено и каде е забрането пушење. По нивното заминување, задолжително се врши проверка. Странките се пуштаат во Амбасадата исклучиво по едно лице, по претходно нивно најавување кај претпоставениот и по добивањето дозвола, се упатуваат во чекалната. Во салонот се

пуштаат само тие лица за кои ќе одлучи претпоставениот на Амбасадата.

- Во отсуство на претпоставениот во Амбасадата странки не се примаат.
- Во просторот наменет за секретаријат престојува единствено и исклучиво само секретарката.
- Се забранува изнесување од Амбасадата на било какви хартии, давање информации и совети усно или по телефон без знаење и дозвола на претпоставениот.
- Возачот-домаќин е должен секој ден да ја проверува исправната состојба на службената кола и да ја проверува техничката исправност на приклучоците за струја и телефон, водоводната мрежа и осветлувањето и доколку не е во состојба сам да ги отстрани штетите, да повика сервис.
- Хигиеничарката по завршената работа задолжително да проверува дали се заклучени сите прозорци и вратите од подрумските и другите простории.
- Се забранува користење на телефоните за лични цели во градот, земјата и странство, со исклучок на итни потреби.

Во 13:00 часот дојде Јон и заедно отидовме на состанок во Министерството за стопанство. Соговорници од полска страна господин Захерски, директор на Управата, г. Коваљчик и г-ѓа Божена Борковска. Јон се двоеше и троеше да го објасни нашиот интерес за зачленување во ЦЕФТА. Без успех. Ја искористив приликата да го поставам прашањето за потпишување договор за трговска соработка меѓу Полска и Македонија на што Захерски реагираше дека целиот разговор на средбата од тука требаше да почне, бидејќи за влегување

во ЦЕФТА мора да се има потпишан договор за трговија барем со една држава членка на ЦЕФТА. На ова се уфрли Јон тврдејќи дека таков договор е потпишан со Словенија, на што Захерски му одговори дека Словенија се уште чека на прием. Тука Јон погреши, но и покрај неуспехот полските соговорници истакнаа дека вратата е отворена доколку Македонија ќе го исполни условот – потпишување договор за трговија барем со една членка на ЦЕФТА. На заминување од Министерство го замолив г. Захерски да ме прими во време што нему ќе му одговара. Прифати.

20 јануари 1996, сабота

Во 13:00 часот во Амбасадата дојде некој си Алија Шабан. Рече дека доаѓа право од затворот во Голенјув каде бил затворен поради илегално преминување на полско-германската граница. Нема никаков документ. Рече дека живее во Скопје, на улица „Коста Абрашевиќ“ 12 каде му живее и жената со петте деца. Со солзи во очите ме молеше да му помогнам да се врати дома, во Македонија. Го прашав да не е гладен. Рече дека два дена ништо не јал, ама не му е згодно да побара. Сопругата му испржи јајца и му свари чај. Јас во меѓувреме се јавив во Министерството за внатрешни работи за да го проверам неговиот идентитет. Потврдија дека е наш државјанин и можам да му издадам пасаван. Јадејќи постојано повторуваше – ех, што е добро да има човек некаде потпор, се радувам што имаме тука наша амбасада. Многу ми помогнавте, а јас дури и не знам како да вратам за ваквата добрина.
Му го врачив пасаванот и авионскиот билет за Софија и испраќајќи го до вратата му реков:
- Носи им поздрав на твоите и повеќе немој да ги оставаш сами.
Се сврте, ме гушна и со солзи во очите, рече:
- Пуста сиромаштија. Сполајви за добрината и Господ нека ве чува во своите пазуви. Ваквата добрина не се заборава.

По два дена од МНР/РМ со факс ме известија дека Алија Шабан ги врати во благајната позајмените пари.

21 јануари 1996, недела

Студен ден и ден за одмор и читање.

22 јануари 1996, понеделник

Во 13:00 часот во палатата на улица „Фоксал“ средба на Дипломатскиот кор со новиот министер за надворешни работи на Република Полска, Дариуш Росати. По неговиот говор посветен на надворешната политика на Република Полска, одделни средби со дипломатите. Кога дојдов на ред, ја искористив можноста во краткиот разговор да го изнесам моето задоволство за добрите македонско-полски односи и надежта дека тие и натаму ќе се развиваат по нагорна линија. Истакнав дека предуслов за натамошниот развој на односите е потребно потпишување низа договори, но за жал, нивното реализирање е ограничено со проблемот на употребата на уставното име на Република Македонија. Министерот Росати одговори дека проблемот му е познат, подвлекувајќи дека со добра волја тоа прашање ќе го решиме. Изрази задоволство од ангажираноста на Амбасадата на Македонија во зајакнувањето на контактите и врските со полските државни институции и истакна дека во догледно време би сакал лично да се сретнеме, бидејќи слушнал доволно пофални зборови за македонскиот амбасадор. Во врска со оваа пофалба реков дека тоа е резултат на заемното разбирање и искрените симпатии и почитување на народите, нивните историски трагични искуства и културните традиции.
Во текот на средбата се сретнав со повеќе амбасадори со кои разменивме мислења за заемна соработка.
Средбата на министерот Росати со Дипломатскиот кор траеше околу два часа.

Се вратив во Амбасадата и пред вратата стоеја околу десетина мажи. Ги примав еден по еден. Сите довчерашни затвореници, сношти пуштени од затворот во Старгард Шчечињски во Северо-Западна Полска. Одлежале тримесечна казна за нелегален обид од Полска да пребегнат во Германија. Затворските власти им го платиле билетот до Варшава со препорака натаму за нив да се погрижи Амбасадата на Република Македонија. Се јавив во Министерството за внатрешни работи на РМ. Не добив одобрение само за еден да не му издадам пасаван, бидејќи не е наш државјанин. На другите им дадов пасавани и пари за авионски билети до Софија со потпишана изјава дека парите ќе ги вратат во благајната на МНР/МР. Вечерта ми дојдоа дванаесет со исти барања. Нив ги пратив во специјалниот логор за странци. Ќе им јавам да дојдат по извршената проверка.
Од полското министерство за земјоделство се уште чекам да ме примат за да му ја врачам на министерот поканата за официјална посета на Република Македонија.

23 јануари 1996, вторник

Во 10:00 разговарав со Хмјелевски во врска со договорите и нивното потпишување со уставното име на Република Македонија. Рече дека состојбата е малку комплицирана. Чекаме, рече, како ќе завршат разговорите во Белград кои почнаа вчера. Го прашав – каква врска имаат разговорите во Белград со прашањето за кое разговараме. И уште. А знаете ли, господине, дека во Белград се водат разговори за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Македонија и Србија и отворање амбасади? Молк, а потоа ме праша:
- Може ли утре да се видиме?
На ова му реков:
- Господине амбасадоре, средбите и разговорите со вас секогаш се мое големо задоволство.

24 јануари 1996, среда

Точно во договореното време, 9:00 часот, дежурниот службеник ме внесе во кабинетот на Хмјелевски со кого срдечно и пријателски се поздравивме. Вообичаена размена на мислења за времето додека го пиевме кафето. Потоа почна разговорот за договорената тема. За жал, срдечно и пријателски не ни одеше разговорот. Нему не му е доволен француско-македонскиот договор. Пак се фати за тезата дека во напорите за зачленување на Полска во НАТО и во Европската Унија, Полска може да биде условена од Грција доколку договорите за соработка ќе ги потпишуваме со уставното име на Република Македонија.
Му реков дека таквиот аргумент не држи вода. Република Македонија веќе е членка на голем број меѓународни организации и во тој случај не наиде на противење од страна на Грција. Знаејќи ја историјата на формирањето на грчката држава, уверен сум дека во догледно време ќе го промени ставот кон Република Македонија. Грција е творба на Запад и токму Запад, би рекол, во рамките на своите интереси, за една употреба, таму менуваше влади, поставуваше министри и покрај големиот патриотизам и национален дух на Грците, кои многу ги ценам. Тоа Запад го прави и сега. Така ќе постапува и со нас. Кога ќе влеземе во сферата на западните интереси, тогаш и вашето министерство ќе го промени ставот и ќе не признае со уставното име Република Македонија. Да не заборавиме, господине амбасадоре, дека живееме во времето на големите и далекусежни интереси. Со времето, под притисок на Запад, Грција, како што вели нашиот народ, ќе си легне на брашното, а и ние ќе бидеме принудени да попуштаме. Сигурен сум дека и кај нас ќе се најдат луѓе слични на вашата Тарговица.*(Белешка за идниот читател: - Targowica: гратче во поранешна Источна Полска каде на 14 мај 1792 година со помош на руската царица Катерина II била формирана конфедерација од група полски магнати со*

цел да го поништи полскиот устав донесен на 3 мај истата година– тој ден се слави како национален празник на Полска – групата со својата активност доведе до втората поделба на Полска меѓу Русија, Австроунгарија и Прусија. Групата магнати е прогласена како вечни предавници на Полска). Се разбираме, нели? Кога тие интереси ќе бидат постигнати, тогаш ќе бидеме рамноправна членка на Запад и затоа лично се надевам дека под притисок на Запад, Грција која секогаш беше и е под неговото влијание, ќе заигра ново сиртаки. Ние сме кроток и трпелив народ. Тоа, велам, трпението овенчано со големата надеж за слобода ќе нè извлече на големи води. И ве уверувам, господине амбасадоре, јас во никој случај и во никоја пригода на разговор со вас или со кој било друг соговорник, нема да го ставам настрана покренувањето на прашањето за употребата на нашето уставно име. Светите работи траат во недогледни векови.

Ме слушаше внимателно, а потоа рече:

- Јас имам потполно разбирање. Во многу разговори ја поддржувам Македонија и вашите ставови и упорност. Но, знајте дека државните интереси не се лични ставови на поединци...

- Јас – го прекинав – имам потполно разбирање за полските државни интереси и таквото разбирање му е пренесено на македонското министерство за надворешни работи кое потполно во таа смисла ја поддржува Полска. Мене лично ми е позната историската судбина на Полска, господине амбасадоре, нејзината позиција во Европа, а исто така ми е познат и односот на Пољакот кога станува збор за нејзината судбина. Па оттука целото мое излагање е поврзано со судбината на Македонија. Името е нашиот белег, нашето постоење, како што и за вас, името е ваш белег и ваше постоење. Вашата судбина и минато не се разликува од нашето. Од каде и да фатиш – боли...

Молк. Се гледаме в очи. Во погледот е и Полска и Македонија.

Амбасадорот Хмјелевски ја подигна слушалката и порача кафе. Потоа праша:
- Дали политичките консултации меѓу двете министерства би можеле да се одржат во март оваа година?
- Лично не гледам пречка, но ќе ви одговорам по консултациите со моите претпоставени во Скопје. И штом сме на крај на средбата, дозволете да ви кажам, дека вашето министерство и Дипломатскиот протокол во преписката со Амбасадата го употребуваат името ПЈРМ, додека скоро сите полски државни институции, да не зборувам за научни установи, медиумски, културни и писателски здруженија, како и многу фирми го употребуваат уставното име – Република Македонија.
- Имате докази?
- Утре ќе ви доставам цел куп копии.
Си подадовме раце со ветување дека ќе бидеме во контакт.
Во 10:00 часот ме прими Роман Јаѓелињски, вицепремиер и министер за земјоделство на кој по краток разговор, му ја врачив поканата од министерот Иван Ангелов официјално да ја посети Република Македонија.
Во 13:30 Маршалот на Сенатот приреди коктел за дипломатскиот кор. Ја искористив приликата албанскиот амбасадор да го известам дека Македонија покрај веќе доставените 120 000 тони пченица, за Албанија подготвува уште сто тони. Бидејќи за ова албанскиот печат не објави ниту збор, за шега го прашав амбасадорот Фаја дали да испратиме и неколку илјади пенкала за албанските новинари за да напишат барем куса информација за дадената помош? Според романскиот амбасадор Романија на Албанија ѝ прати 5 000 тони за што пишуваше целиот албански печат. Амбасадорот Фаја рече дека поради тоа е многу лут, лично навреден и соодветно ќе реагира во албанското МНР.
Во ударните вечерни вести на ТВ објавено обвинението на варшавското воено обвинителство дека покрена истражна постапка против премиерот Ј. Олекси за наводна шпионска дејност во корист на Русија. Веднаш потоа Ј. Олекси се

обрати до нацијата. Со драматика во гласот тој ги отфрли сите обвинувања, но и ја обвини полската десница и одредени групи од специјалните сили за обид за уривање на демократскиот поредок.

25 јануари 1996, четврток

Многу студен ден, минус 20 степени. Цел ден ги следам вестите на Радио Варшава и ТВ во врска со настаната криза. Легнав доцна.

26 јануари 1996, петок

Студеното време трае. Трае и жолчната расправа меѓу десницата и левицата. Се слушнав по телефон со некои амбасадори колку за поздрав. Рекоа дека внимателно ги следат состојбите и дека тоа не е добро за Полска.

27 јануари 1996, сабота

Цел ден в кревет. Со мислите сум во Скопје со моите ќерќи. Многу ми недостасуваат. Не се чувствувам најдобро. Сигурно ми треба одмор и мир.
Во врска со политичките состојби во Полска, вреди да забележам дека денес на Петтата земска конвенција, Јузев Олекси е избран за претседател на Социјалдемократското движење. Десничарските партии и организации, според вестите, собраа околу 1000-1500 демонстранти, посебно млади. А во Закопане, десничарите го пресретнаа претседателот А. Књашњевски со големо пано на кое пишува – „Квашњевски оди си дома, тука никој не те поканил“. На ова левицата реагираше со оценката дека не погрешиле тие, кои оцениле дека Лех Валенса е способен да ја уништи Полска.
Слушајќи ги вестите за состојбите во Полска и кажувањата на некои амбасадори, се повеќе се убедувам дека

таканаречената транзиција започната по паѓањето на комунизмот во источноевропските земји, а и кај нас, би рекол внесе толку многу делби, неправда, нетрпеливост, неединство, раздор и омраза, што останува човек да се запраша – каде е толку присакуваната демократија?
Како дете растев, се воспитував и образував во полски детски домови и интернати, сосема одделен од полската автентична средина, со што ми беше одземена можноста тогаш подлабоко да го запознам полскиот народ и неговата автентична историја. Толку го познавав, колку што беше напишано во училишните книги на тогашниот режимски образовен систем и не- откинливото и силно влијание и притисок од страна на полуписмените кадри на грчката комунистичка партија, која и во домовите и во училиштата имаше поставено полуписмени, а во поголемиот случај и скоро неписмени селани до недамна борци на Демократската армија во Граѓанската војна, воспитувачи и учители, што немав можност да го запознаам дури и минатото на мојот народ за кој знаев само толку, колку што ми имаше раскажувано дедо ми и колку што се пееше во народните македонски песни. Учењето на азбуката, читањето и пишувањето даваше можност да не се заборави мајчиниот јазик и во таа смисла спомнатите македонски воспитувачи и учители извршија огромна и вистинска просветителска и патриотска работа. Можноста подлабоко да го запознаам полскиот народ ми беше дадена во текот на гимназиското образование, но најмногу потоа. Вмешаноста или влегувањето во полската средина, секојдневното општење со Полјаците и би рекол ненаситното читање книги со историска содржина, како и книги од областа на уметничката литература, дури и такви, кои беа забранети од властите, широко ми ги отвори вратите низ кои полека, ама непрекинливо влегував во минатото на Полска и го откривав духот на Полјаците. Сè дотогаш не ја знаев таа страна во која е запишана воздигнатоста, но и паѓањето на Полска, нејзината внатрешна неслога, политичките делби,

распарчувањето од соседите, бришењето од картата на Европа, трагичните и крваво задушуваните востанија меѓу кои се напишани епохалните литературни дела во кои секогаш тлееше духот на националната слобода. Тоа на некој начин влијаеше и на моето натамошно школско образование. Секојдневно одделувам малку време за прелистување на полскиот дневен печат, во кој ја наоѓам дамнешната, вчерашната и ја откривам денешната Полска, во минатото време понижувана, настрадана, ама секогаш горда.
А сега?
В раце го имам дневниот весник „ИЗБОРЕН ВЕСНИК“ („GAZETA WYBORCZA“) од 17 јануари, во чиј подлисток „Книги“ од Адам Михник, главен уредник на весникот, е објавена рецензија за книгата „Мемоари“ од Адолф Рудницки. Рецензијата носи наслов „Историја пишувана на жешко“.
Рудницки според Михник, во 1984 година напишал:
„Не ја познавам оваа земја, не ја разбирам. Целосна психичка зависност од Запад, резултат на вечното ропство, недоверба кон секоја влада, очекување на ново ропство. Земја која е (...) хронично бунтовна и распарчена. Длабока пропаст меѓу долната класа и интелигенцијата, непрекидно земја за купување со скршена пара, земја на неред, вотка и духовништво.“
И малку подолу:
„Во средината Висла е сува. Да се разбереме – ниту за миг никој не е вознемирен за националната судбина, ропството утре го чувствуваат без прекин. Можеби таа одлика нив ги деформира до тој степен што не можат сами да се чудат. Воопшто не сакаат да се такви, какви што се, сосема се безбедни во однос на својот карактер, во однос на катадневниот недостаток на граѓанска храброст и многу обопштената лага.“
За денес доволно е читањето.

28 јануари 1996, недела

Денес пак се нафатив со прелистување на полскиот печат. „Полска и Полјаците се поделени, небаре се наоѓаат на раздрум“- пишува во денешна „ТРИБУНА“ („TRYBUNA“) Мјечислав Раковски, некогаш познат по острото публицистичко перо во неделникот „Политика“ („POLITYKA“), потоа премиер и политичката кариера ја завршил како генерален секретар на Полската обединета работничка партија.
„Сега веќе знам – пишува Раковски - зошто цели 123 години бевме поробени, лишени од своја држава – слушнав од еден постар господин, кој ми пријде на улица. Да, јас исто така веќе знам. Пред нашите очи се уништуваат темелите на државата, паѓаат авторитетите, уништуван е политичкиот и општествениот поредок. Полска која се истакнуваше меѓу народите со мирен премин низ тешкиот период на трансформацијата на системот, таа и таквата Полска заминува во минатото. Вчекорува во период на самоуништување. Уште малку и ќе се врати мислењето од минатото дека Полјаците не умеат сами да се владеат. А се чинеше дека веќе добро ќе биде.“
Овие цитати ги внесов само заради споредба со тоа што се случува тука и кај нас. Дали има сличности?
Играта не е само Полска. Во неа е целиот исток на Европа и во целата идна игра има повеќе играчи, меѓутоа, во актуелната политичка состојба, се тврди дека загубарот се вика Полска.
(Забелешка: целиот текст е во ракопис от на Дневникот).

29 јануари 1996, понеделник

Во 8:00 часот ми се јави Борис Вишински. Рече дека изборот македонска поезија наскоро ќе ми го прати. Во 10:00 телефонски разговор со полскиот критичар Пјотр Домањецки, кој го подготвува изборот на полската современа поезија. Договоривме средба на 1 февруари.

Стигна писмо од директорот на полските Државни архиви и текстот на нацрт-договорот за соработка. Го преведов на македонски и по факс го испратив во МНР/РМ и до директорот на Архивот на Македонија.
Кратко потоа стигна честитка од министерот за одбрана на РМ, Б. Ханциски до Станислав Добжањски по повод неговиот избор за министер за одбрана на Полска. Се јавив во полското Министерство за одбрана, зборував со полковникот Пшешловски, кој вети дека утре ќе се јави и ќе извести за денот на врачувањето на честитката.
Во 19:00 часот заедно со сопругата бевме во галеријата „ЗАХЕНТА“ по повод отворањето на изложбата на дела од полски творци.
На враќање во Амбасадата од Радио Варшава дознаваме дека Србија и Црна Гора ја признаа Република Македонија. Подоцна Радио Варшава пренесе вест дека Атина ја демантира веста. Во вестите на ТВ ПАНОРАМА во 21:00 часот е јавено дека Нова Југославија не е призната од Советот на Европа поради нејзиниот став спрема Македонија. Вклучивме грчки ТВ канал. Слушаме дека грчкиот премиер Мицотакис во изјавата за грчката телевизија рече дека „пријателите Срби нема да нѐ изневерат и нема да го признаат Скопје со името Република Македонија’’.
Во 22:00 Радио Скопје јави дека Владата во Белград го усвои нацрт-предлогот за признавање на Република Македонија, но не е јавено кога ќе биде извршено признавањето. Грците ја условуваат Србија со користењето на Солунското пристаниште ако Македонија ја признае со уставното име.

30 јануари 1996, вторник

По телефон се јавив во Кабинетот на Стојан Андов. Диме, шефот на Кабинетот, во разговорот, со несигурен глас ми рече дека се размислува за разни варијанти во врска со интересите на личноста и на партијата кои се стават над интересите на државата. Ова ме натера да помислам дека

нема да се реализира планираната посета на Андов на Полска.
Полската влада е во оставка. Моите закажани средби со министри ќе почекаат.

31 јануари 1996, среда

Од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија стигна текстот на Договорот за фитозаштита и карантин со доста забелешки. Се јавив во соодветното полско Министерство, известив за промените и договорив средба со експерти од Министертвото за утре, 1 февруари, во 10:00 часот.
Во 17:00 часот Радио Варшава јави дека за нов премиер е предложен Влоцимјеж Чимошевич, досегашен потпретседател на Сејмот. Во ударните вести е објавено дека Унијата за слобода, за премиер го предложи Владислав Бартошевски. Утре во 10:00 часот ќе биде објавено името на новиот премиер.
Мојот пријател, д-р Статовски пак е дојден во Варшава на операција. Ќе го посетам попладне.

1 февруари 1996, четврток

Во 9:30 телефонски разговор со македонското министерство за земјоделство. Истакнав дека текстот го добив и денес во 10:00 текстот на Договорот ќе му го доставам на соодветното полско министерство.
Договорот (текстот) што ми го пратија гласи: *Договор меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Полска*, наместо договор меѓу двете министерства. Во текот на вчерашното попладне го извршив преводот на полски јазик и на одделно ливче ги забележав разликите. Нема големи разлики, меѓутоа полските експерти забележаа дека во македонскиот текст отсуствуваат одредени правнички законитости предложени од полските експерти со кои

заеднички ги споредивме двата текстови. Полската страна начелно ги прифати забелешките внесени во македонскиот текст, но подвлече дека деновиве ќе даде свое правно толкување што произлегува од полското законодавство, како и од досегашната практика што произлегува од веќе потпишаните слични договори со други земји, како и од договорите со Европската Унија. Во текот на разговорот полските експерти истакнаа дека во текстот ќе ги внесат и македонските забелешки. Истовремено забележаа дека веќе усогласениот текст ќе го дадат на проверка кај правната служба на Владата поради тоа што македонското министерство предлага Договорот да биде меѓувладин. По добивањето на позитивно одобрување, предлагаат Договорот да биде потпишан во Скопје.
Бидејќи за вакви прашања не сум експерт, јас водев само белешки со ветување дека уште во текот на денот ќе ги доставам до македонското министерство. И кога се чинеше дека разговорот е при крај, се јави г-ѓа Завацка, која истакна дека може да има одредени тешкотии во врска со името, а можеби и јазикот, па оттука ќе треба да се извршат одредени консултации со полското МНР. На ова реков дека во случајот треба да се почитува македонскиот јазик кој Полска секогаш го признаваше како официјален јазик.
Крај на разговорот. Се враќам во Амбасадата и белешките од разоговорот по факс ги праќам во МН/РМ со молба да бидат препратени до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
Веќе втора недела чекам да бидам примен од директорката на Департментот за меѓународно право, г-ѓа Моховска и постојано ми јавуваат дека е отсутна. Барањето е поврзано со употребата на македонскиот јазик при потпишувањето на договорите. Госпоѓа Моховска има големо разбирање за овој проблем и се надевам дека нејзиното мислење од правна гледка точка ќе биде позитивно.
Утре со нота ќе побарам да ме прими министерот за надворешни работи, г. Даријуш Росати.

Во пладневните вести на ТВ јавија дека нов премиер на Полска е Влоцимјеж Чимошевич. Информацијата ја пратив во македонското МНР со предлог да му се честита изборот. Патем, со Чимочевич и честопати имам разговарано на разни приеми за односите Македонија-Полска. Во сите разговори многу позитивно се изразува за Македонија.

2 февруари 1996, петок

Во врска со Договорот меѓу министерствата за земјоделство на РМ и РП, јавив дека времето за потпишување до 15.2.1996 год. (во меѓувреме следи посета на Скопје на полскиот министер за земјоделство и вицепремиер Јаѓелињски) е кратко за изготвување на Договорот за што дадов мое мислење. Околу 10:30 од МНР/РМ ми се јави по телефон Ристо Блажевски и потврди дека македонското Министерство за земјоделство изрази согласност и во врска со тоа да го известам полското соодветно министерство. Замолив ова да ми го потврди по факс, а не со телефонски разговор. Истовремено Блажевски информира дека Министерството за земјоделство предлага посетата на полскиот министер да се реализира во мај оваа година. Полското министерство го прифати предлогот и замоли предлогот да го потврдам со нота.

3 февруари 1996, сабота

Цел ден врне снег. Најавени поголеми снежни врнежи и паѓање на температурата до минус 25 степени.
Во 18:00 часот дојде сопственикот на објектот во кој се наоѓа Амбасадата и побара зголемување на киријата за 300 (триста) долари, што значи месечно треба да му плаќам 3 100, досега му плаќав 2 800,00 американски долари. Му реков дека ќе се консултирам со МНР/РМ и до колку ќе добијам одобрение, проблемот ќе биде решен, но пред тоа ќе потпишеме анекс кон договорот во кој ќе биде наведено дека до изминување

на петте години нема да бара покачување. Не прифати, тврдејќи дека секоја години се менува висината на данокот. Ме вознемири разговорот. Се плашам дека нема да добијам одобрение од МНР/РМ, па според тоа ќе морам да го напуштам објектот и да барам други простории, па селење и големи трошоци. Загрижен сум, поради барањето на сопственикот. Ако не добијам одобрение, тогаш – селење.
Во 22:00 часот Радио Скопје јави дека се зголемуваат тензиите меѓу Атина и Белград. Србија бара на неодредено време да го користи Солунското пристаниште или да добие дел на вечно владеење. Ова е услов да не ја признае Македонија со нејзиното уставно име. Атина предложи еден од доковите на што не се согласи Србија.
Во средината на спорот, секако, е Македонија.

4 февруари 1996, недела

Во 11:00 учествувавме на миса посветена на Хрватска, а во 12:00 на изложба - уништени сакрални објекти во Хрватска. Организатори полската и хрватската католичка црква, но главен организатор е Амбасадата на Хрватска. Забележливо отсуство на претставници на Дипломатскиот кор.
И од страна на нашата амбасада имаше неколку предлози за организирање слични изложби, но моите телеграми во врска со тоа останаа без одговор од МНР/РМ. Можеби ќе имаме повеќе разбирање тогаш, кога ќе имаме министер или началници кои знаат што значат такви или слични изложби за афирмација на Македонија.
Грчката ТВ во 20:00 часот пренесе вест дека во Скопје се очекува владина криза, која може да има негативни последици за внатрешните состојби и дека сè повеќе се заострува конфликтот меѓу либералите и социјалдемократите.
Баш го погодија времето кога да се глодаат.

5 февруари 1996, понеделник

Двете полски министерства, за надворешни работи и за земјоделство ги известив дека деновите за посетата на министерот Јаѓелињски на Скопје се одлагаат за друго време.
Во 11:00 часот бев во Друштвото на писателите на Полска (новото, старото се вика Сојуз на полските писатели во кое членуваат стари и современи врвни творци. Во двете здруженија имам многу влијателни пријатели, меѓу кои најголемиот број учествуваа на Струшките вечери на поезијата. Во текот на 30 години бев нивен редовен домаќин и преведувач на нивните песни. Оттука и контактите и соработката со нив е трајна и плодна. Точно не знам колку изнесува бројот на полските поети учесници на Струшките вечери, но мислам дека не е помал од 600-700. Двете здруженија имаат седиште во истата зграда и по потреба, големата сала ја користат по договор, за разни манифестации, средби, промоции и слично на кои редовно сум покануван. Ги почитувам нивните разлики и затоа не заседов страна иако некои поради тоа ми забележуваат.
Во едночасовниот разговор со критичарот Пјотр Мативјецки (член на новото друштво) го договоривме изборот на современата полска поезија. Мативјецки настојуваше во изборот да нема песни од членовите на старото друштво. Не сакав да се противам, иако моја желба беше во изборот да има песни од поети на двете друштва. Одлучив да не се мешам во изборот поради тоа што сакам да одржувам контакти со двете друштва, имајќи ја пред се користа од заемната соработка и односите и со македонските творци. На крај договоривме изборот да ми го достави на 12 февруари и од тој ден да почнам да ги преведувам полските песни на македонски јазик.
Во 12:00 часот на коктел во Амбасадата на Иран. Слаба посета од страна на Дипломатскиот кор.

6 февруари 1996, вторник

Надвор минус 17 степени. Сè е стегнато во студенило и покриено со иње. Прекрасно изгледаат дрвјата небаре се покриени со бел чаршав. Улиците празни. Повремениот слаб повев на ветерот од дрвјата изронува иње кое како ситни бисерчиња одблеснува под студеното ведро небо. Глетката плени со својата убавина...
Во 13:00 часот на ручек во резиденцијата на амбасадрот на Хрватска, д-р Иван Брнелич. Убав објект, уреден со вкус што сведочи дека сопственикот и архитектот морале да имаат висока култура на живеење.
На ручекот присутни амбасадорите на: Албанија, Македонија, Чешка, Унгарија, Бугарија, Украина, Словенија, Словачка, Романија. Домаќинот, амбасадорот Брнелич, со насмевка ги пречекува и ги поздравува гостите. Секој седнува на местото каде е поставена картичка на која со убаво калиграфско латинско писмо е напишано неговото име. Сите зборуваме полски, уфрлувајќи по некој збор од родниот јазик. Ручекот скромен, но богат со шеги и размена на мислења и оценки за актуелните состојби. Крајот на ручекот го најави романскиот амбасадор, кој наздравувајќи со многу изрази на благодарност упатени кон амбасадорот Брнелич, предложи барем еднаш месечно да се сретнуваме во исто друштво. Прифативме со ракоплескање.
Попладнето го посетивме во болницата пријателот д-р Статовски. Расположен е, но во очите му се гледа болка.
Во Амбасадата стигна одговор од МНР/РМ во врска со консултациите меѓу двете министерства за надворешни работи. Сугерираат консултациите да се одржат на експертско ниво. Полското МНР прифати.
Од кабинетот на Стојан Андов се уште нема одговор.
Идната недела очекувам средба со полскиот министер за надворешни работи, г. Росати. Во разговорот, покрај желбите за поголема соработка во сите области, како и контактите на експертско, министерско и највисоко ниво, ќе го покренам и прашањето за потпишувањето на договорите со уставното име.

Радио Скопје, во вестите во 22:00 часот јави дека Претседателот на Република Македонија, во врска со настанатата криза во земјата, ќе се обрати до јавноста.

7 февруари 1996, среда

Утрото краток телефонски разговор со Миленка. Рече дека сите се добри, но и загрижени поради непријатните состојби во земјата.
По факс ми стигна обраќањето на претседателот Киро Глигоров во кое повикува лидерите на политичките партии да најдат заеднички став во интерес на државата.
Внимателно го прочитав текстот на обраќањето и се запрашав:
-Дали „памперсите“ ќе седнат на иста маса и дали ќе надвладее грижата за судбината на државата или за личните амбиции?
Митановска ме извести дека имам дозвола да потпишам договор за нов наем на куќата во која е сместена Амбасадата до износ од 3000,00 (три илјади) американски долари.
Одговорив дека сопственикот бара 3100 (три илјади и сто).
Ако не се согласат, тогаш ме чека селење.
МНР//РМ ме извести дека од објективни причини се одлага официјалната посета на Полска на претседателот на Собранието на РМ, Стојан Андов. Во врска со ова, побарав средба со Боравски, во полскиот Сејм.
Денес е избрана нова влада на Република Полска.
Пред малку Радио Скопје јави дека градоначалниците на Битола и Лерин се сретнаа во Битола и разговараа за соработка.
Најпосле една добра вест.

8 февруари 1996, четврток

По факс ме известија дека немам согласност да го потпишам износот во висина од 3 100 (три илјади и сто) американски

долари за наем на куќата. Значи ќе морам да се селам, да барам нови простории, а трошокот за тоа ќе биде многу повисок.
По телефон зборував со претставник на Кабинетот на Стојан Андов. Потврди дека посетата се одлага и ме поучи на Полјаците да им објаснам така, како што знам. Умен апаратчик.
Отидов во Сејмот во 10:00 часот по претходен договор со Боравски. Во текот на разговорот му објаснив дека посетата на Претседателот на македонското собрание се одлага поради објективни причини поврзани со очекуваната реконстукција на Владата. Боравски изрази разбирање и рече дека во текот на втората половина на 1996 година ќе најдат нов термин за посетата. На крајот од разговорот истакна дека има целосно разбирање за Македонија и ме праша дали има некаков застој во заемните односи. Одговорив пофално, но истовремено го покренав прашањето на употребата на уставното име на Македонија при потпишувањето на договорите. Во врска со ова, Боравски ме посоветува да побарам средба со професорот Геремек, претседател на парламентарната комисија за надворешни работи.
Се вратив во Амбасадата и по телефон го прашав Владимир Симеонов, кој е началник на управата за стопанска соработка со странство, дали е запознат со моите телеграми во врска со стопанската соработка со странство. Со вчудовиден тон на гласот ми рече дека до сега не видел ниту една моја телеграма.
Крајот на разговорот без други прашања и без коментар, кој го оставам на други.
Денес изгледа е најстудено. Во 7:30 термометарот покажува минус 20 степени. Проблеми со греењето. Го повикав сопственикот. Дојде, почепка и потоа побара помош од сервисот. Со него денес ме чека тежок разговор во врска со закупнината. Ќе се согласи да му плаќам 3 000 (три илјади) долари или ќе бара повеќе? Долг убедувачки разговор и заврши со согласност да му плаќам 3000 долари, но овој пат

јас поставив услов: да потпишеме анекс до договорот дека до 31 март 2000 година нема да бара покачување. Рече дека ќе размисли. Дојде вечерта и се согласи да потпишеме анекс, но да го завериме кај адвокат. Се согласив.
За вечерва најавија ниски температури – под минус 25 степени во Варшава, а во некои региони на земјата и пониски.

9 февруари 1996, петок

Најстудена ноќ: минус 22 степени, а на североистокот на земјата минус 28 степени.

Во 11:00 часот ми се јави амбасадорот на Романија и замоли да се видиме кај него. Прифатив и по половина час влегов во романската амбасада. На главниот влез ме пречека амбасадорот и се упативме во неговиот кабинет. На почетокот, разговор во врска со времето и актуелните политички состојби во Полска. Потоа ја смени темата и пројави интерес за македонско-српските односи за што доби позитивен одговор. Се заинтесира за положбата на Власите во Македонија. Му реков дека тие се лојални граѓани на Македонија, ги уживаат сите малцински права, имаат свои културно-уметнички друштва преку кои ги одбележуваат своите празници и адети. Ме праша дали е вистина дека нивниот број е над сто илјади. Му реков дека толку многу, а можеби и повеќе ги има во Грција каде се многу влијателни. Некои тврдат дека Власите во Грција толку многу се заслужни, што се што е изградено е нивно дело, освен Акропол. Во продолжение на разговорот соговорникот истакна дека Романија ќе учествува во обновувањето на Босна и во врска со тоа сака да ги користи услугите на македонски градежни фирми и замоли да му кажам дали има такви. Му реков дека во Македонија се познати фирмите: Пелагонија, Илинден, Бетон, Маврово кои се афирмирани на странскиот градежен пазар.

На крајот од разговорот му подарив касета со македонски народни песни.
Во 21:30 часот телефонски зборував со Миленка, која во шега ми го честита изборот на нов министер. Се вика Фрчковски и дека утре ќе биде познао кои се новите министри.

10 февруари 1996, сабота

Студен и ветровит ден. Надвор минус 20 степени. Средувам белешки за изготвување на годишниот извештај. Во 22:00 часот на Радио Скопје ја слушнав веста за составот на новата македонска влада.

11 февруари 1996, недела

Цел ден одмор. Надвор врне снег, минус 17 степени, дува студен ветер кој во просториите влегува низ прозорците кои лошо дихтуваат.

12 февруари 1996, понеделник

Подготвувам потсетник за закажаниот разговор со полскиот заменик- министер за надворешни работи, господинот Стефан Мелер закажан по негово барање. Досега имав повеќе средби и разговори со него. Мелер е познат ерудит, сестрано образуван. Со него тешко се разговара. Понекогаш е директен во разговорот, а има моменти кога неочекувано прекинува, уфрлувајќи изненадувачки прашања, со цел да го приклешти соговорникот. Во такви случаи не останував замолкнат. На неговите изненадувачки прашања, веднаш одговарав со прашања. Тоа е одличен метод соговорникот да го натераш да се откаже од својата замислена намера. Поради таквото негово однесување, секогаш бев на штрек.

13 февруари 1996, вторник

Точно во договореното време, 10:00 часот, веќе бев во холот на министерството. Службениците со кои честопати имав средби веќе беа навикнати на моето точно доаѓање. Никогаш не си дозволив да ме чекаат, па оттука во шега велеа наместете ги часовниците според точното доаѓање на Наковски. Секогаш на било која средба одев точно во закажаното време. Така и сега точно во 10:00 часот дежурниот службеник ме внесе во Кабинетот на заменик-министерот Стефан Мелер. Многу срдечен, пријателски дочек и поздрав со неразделивата двојка – заменик-министерот Мелер и амбасадорот Хмјелевски, директор на Првата управа. По вообичаениот разговор за времето и пиењето кафе, се огласи заменик-министерот Мелер.
- Господине амбасадоре (така ми се обрати иако не сум номиниран за тоа звање) драго ми е што ја имаме приликата одново да се сретнеме и поради тоа најсрдечно и пријателски да го изразам моето задоволство и благодарност за денешната средба. Желба ми е во искрена атмосфера да се одвива нашиот разговор за достигнувањата во областа на билатералните односи меѓу двете земји. При ова дозволете да ви изразам признание, драг господине, за веќе остварените многу позитивни контакти со скоро сите полски министерства, како и со здруженија од областа на културата, стопанските организации, медиумите, личностите од политичкиот свет и добрите контакти со Дипломатскиот кор, а пред сè, со должна почит, да ви изразам исто така благодарност за одличните и пријателски контакти со нашето министерство. Тоа, почитуван господине не оди само во прилог за ваше признание, туку и во прилог за афирмација на Македонија.
Многу внимателно ги слушав тие пофални зборови на Мелер и љубопитен бев да откријам кон што цели.
- Верувам – продолжи Мелер – дека ќе се согласите со идејата дека средбите и разговорите, како и денешната средба, водат кон подобро заемно запознавање и изнаоѓање форми и предлози за подобри билатерални односи. Во оваа

смисла се надевам, денес би сакале да ја искористиме можноста да разменime мислења за јакнење на билатералните односи, но и да не информирате за односите на Македонија со соседите и пошироко. Повелете, ваш е зборот – рече Мелер.
- Почитувани господа – почнав – дозволете да ви изразам длабока благодарност и почит за средбата и изразите на признние. Со големо внимание, задоволство и почит ги ислушав мислите на заменикот-министер, господинот Мелер и во рамките на моите овластувања, ќе се погрижам да ги изнесам бараните информации, но пред се желбите на македонската страна за јакнење на билатералните односи меѓу Македонија и Полска.
На почетокот од моето излагање истакнав дека од 9 овој месец имаме нова влада во која нов министер за надворешни работи е поставен Фрчковски. Во продолжение ги запознав со општите состојби во Република Македонија, нејзините односи со соседите, како и со меѓународната активност на Македонија. Подвлеков дека во периодот од последните политички консултации меѓу МНР на Полска и Македонија кои се одржаа во септември минатата година во Скопје, Република Македонија е примена во ОБСЕ, во Европскиот совет, ја потпиша програмата за Партнерство за мир, воспостави дипломатски односи со САД и со Европската Унија и во исто време Македонија ја признаа голем број земји со уставното име...
- Меѓу првите ја призна Бугарија, нели? – потврдно рече Хмјелевски.
- Точно – реков по кратко молчење и потоа замолив: - Господа, кога сме при признавањето од страна на Бугарија, дајте за миг да се вратиме на 1918, поточно на 11 ноември, кога Полска по сто и нешто години, се здоби со независност и стана почитувана држава во Европа. Замислете ако тогаш, тој месец или ден некој би рекол в ред Полска се здоби со независност и ја признаваме како држава, но не го признаваме полскиот народ, полската историја, полскиот

јазик, полската култура и литература, полските обичаи...
Такво е бугарското признание на Република Македонија. Не призна само како држава. Господа, како би го објасниле ова?
Не чекав одговор, бидејќи добро ги познавам Полјаците кога станува збор за нивните чувства и нивната приврзаност кон татковината и националниот идентитет и без да очекувам одговор, продолжив:
- Покрај изнесеното сакам да ве известам и за тоа дека Република Македонија веќе се зачлени во низа меѓународни асоцијации и во духот на Времената спогодба меѓу Македонија и Грција потпишана во Њујорк, бележи подем во односите со Грција. Во таа смисла во Скопје и Атина се отворени канцеларии за врски, подигнати се националните знамиња и поставени се табли на ѕидовите на дипломатските мисии. Почетокот на февруари во Скопје се одржаа првите политички консултации меѓу Македонија и Грција, чиј резултат е потпишување протокол за визите, е извршен преглед на вкупните односи, направен е план за потпишување нови договори за унапредување на соработката во регионот во рамките на Европската Унија и меѓународните организации, а исто така и во соработката на пограничните општини што во последно време се остварува со посети на градоначалниците од пограничните општини и градови на двете земји; истовремено се потпишани договори за железничкиот, патниот и воздушниот сообраќај и дека се забележува големо движење на луѓе и размена на стока меѓу двете држави.
Во овој момент Мелер ме прекина, прашувајќи какви се односите меѓу Македонија и Србија.
Во врска со ова реков дека засега односите стагнираат поради фактот што Атина признавањето на Македонија од страна на Србија го условува со користењето на Солунското пристаниште од страна на Србија, па оттука пазарењата натаму траат.
Во продолжение се осврнав на односите меѓу Македонија и Полска. Изразив задоволство од досега постигнатите

резултати во унапредувањето на билатералните односи, Амбасадата не наоѓа никакви пречки во контактите со полски субјекти и во таа смисла е создадена одлична клима на заемна доверба и желби за зајакнување и прошување на соработката во сите области. Меѓутоа, за жал, барем засега, и покрај големите очекувања и надежи на одреден начин соработката стагнира. Причината за застојот лежи во ограниченоста за потпишување на веќе изготвените договори со уставните имиња, а тоа се договорите за заштита на инвестициите, двојното оданочување, а во тек е изготвување на договори за трговска соработка, за карантин, за културна соработка, како и за соработка во областа на образованието и архивистиката, за што веќе се изготвени нацрти на текстовите и остварени се средби на ниво на експерти. Заменик-министерот Мелер замоли за кратка пауза, а потоа по кратко размислување, рече:
- За жал точно е тоа дека потпишувањето на договорите стагнира, што има негативен одраз во односите меѓу двете држави. Рекоа дека со заемни напори и добра волја овој проблем сигурно ќе биде надминат. Во продолжение истакнаа дека Полска е заинтересирана да ги унапредува односите со Македонија во сите области и од своја страна ќе вложи напори состојбите да се променат, меѓутоа им треба силен аргумент за да го пробијат грчкиот притисок. Истакнаа дека деновиве во Варшава очекуваат официјално да престојува претседателот на грчкиот парламент, а во наредните денови се очекува изборот на претседател на Европскиот парламент, кој е Грк, па оттука очекуваат посилен притисок со условувања дека ако Полска ја признае Македонија со уставното име, тогаш Грција ќе стави вето за прием на Полска во НАТО и Европската Унија што е најголем приоритет на полската надворешна и внатрешна политика. Замолија да им се достави список на држави кои Македонија ја признаа со уставното име, како и список на потпишани договори што на нивната управа за меѓународно-правни односи ќе ѝ послужи како основа за изготвување став

во врска со потписите. Исто така замолија во врска со претстојните политички консултации да им се достават теми кои би биле предмет на консултациите. Во продолжение на разговорот соговорниците истакнаа:
- Ние внимателно го следиме проблемот и темелно го анализираме, како што заеднички истакнавме со желба за унапредување на соработката. Во врска со ова би сакал да истакнам дека се најдовме пред едно за нас несфатливо прашање. Имено за време на политичките консултации минатата година во Скопје, Мисајловски ми го даде македонско-германскиот договор според кој договорите го носат потписот „За македонската Влада“ од едната страна и за „Владата на Сојузна Република Германија“ од другата. Разликата е во тоа што во спомнатиот договор не стои уставното име - Република Македонија, како што стои уставното име на Германија – кое гласи Сојузна Република Германија. Разликата е видлива, нели? Во меѓувреме се појавува некој француско-македонски договор, кој за жал не ми е познат. И уште нешто. На 7 октомври минатата година, Габер ме извика од салата каде се одржуваше конференција за печатот и во ходникот ми рече дека за македонската страна не е прифатлива преамбулата на договорите што ја предлага полската страна, а не рече како треба да гласи македонската преамбула која ја нема во изготвените договори. Како го цените ваквиот став?
- Јас – реков – не би сакал да го коментирам ставот на Габер, но тој не одбегнува од официјалниот став на Владата на Република Македонија. Од неговата страна проблемот е во тоа што таквиот став го изнесе на не- соодветно место и во несоодветен момент, каде претпоставувам го понесоа емоциите, неприличен чекор што за жал им се случува и на искусни дипломати. Во оваа прилика дозволете да подвлечам дека официјален став на Република Македонија е договорите да се потпишуваат со уставното име со што ќе се потврди рамноправниот статус меѓу потписниците и државите. Ништо повеќе. Затоа се залагам да се применува принципот

на рамноправност. Сега е прашањето на кој начин и врз каква основа двете независни држави ќе соработуваат. Мислам дека нема потреба, господа, да ве убедувам, бидејќи се сомневам дека моето натамошно излагање би можеле да го сфатите како делење лекции. Но уште еднаш подвлекувам дека сум и држам до принципот на рамноправност.
Ме прекина Мелер.
- Господине ве уверувам дека тоа не го сфаќаме како делење лекција, туку како пријателска размена на мислења. Дозволете да го изразам задоволството и благодарноста за отворениот разговор. Убеден сум дека ќе најдеме решение за сите проблеми. Ве уверувам дека Полска стои на ваша страна, како што стоеше и досега.
На крајот соговорниците изразија задоволство од водените разговори и ветија дека во наредните недели пак ќе ме поканат на средба.
Заемно си искажавме уште неколку комплименти и со тоа заврши средбата.
До излезот од Министерството ме испрати амбасадорот Хмјелевски.
Во 11:00 се вратив во Амбасадата. Изготвувам белешка од разговорот. Вечерта, во 22:00 часот Радио Скопје пренесе дека претседателот Киро Глигоров денес повторно ѝ се обрати на јавноста. Пренесе и делови од неговото обраќање. Тонот на неговиот глас тажен, вознемирен, загрижен. Обраќањето кратко и содржајно, но болно.
И уште една вест пренесе Радио Скопје. Се зголеми бројот на скандинавските војници во Македонија во рамките на таканаречената превентивна дипломатија (УНПРЕДЕП) заради спречување војната од другите делови на поранешна Југославија да се префрли во Македонија. Значи постои опасност орли стрвници да кружат над Македонија.
Сè повеќе сум вознемирен поради лошото што ѝ се случува на Македонија. Се наполни со измамници и од внатре и најповеќе од надвор.

14 февруари 1996, среда

Во дневниот весник „Rzeczpospolita“ прочитав дека „над полето летало јато лебеди. Една лебедица не го забележала електричниот кабел кој и ја откинал главата. Лебедот долго не ја напуштал мртвата другарка и не дозволувал некој да се доближи. Три недели седел до неа.“
Ме трогна овој дел од репортажата. Камо и луѓето да имаат барем малку лебедова љубов, верност и преданост... Зошто стануваат сè пожестоки едни спрема други?
Радио Скопје јави дека Бангладеш и Македонија воспоставија дипломатски односи.

15 февруари 1996, четврток

Во 13:30 во Амбасадата дојде Малезанов. Рече дека не му оди бизнисот, дека се појавија трговци кои тргуваат на црно, а имаат и добри врски со некои од македонското министерство за надворешни работи. Му се пожалија дека македонскиот амбасадор не им помага во бизнисот и дека повеќе контактира со полските институции, од колку со нив, па според, тоа од таков човек Македонија нема никаква корист. Му реков дека ги знам тие душегрижници од двете страни. Едните се жалат затоа што не им помагам во шверцот, а другите ги боли маката зошто тој, а не јас да сум амбасадор. Ова го бележам за да го потврдам моето убедување што го понесов уште првиот ден кога се слушнало дека јас сум избран да отворам македонска амбасада во Варшава. Љубомората нема мерка. Таа е како валкана смрдлива вода која секогаш наоѓа корито. Еден ден ќе заминам од оваа должност и на некој сезнајковец ќе му оставам готова почва. Уште од сега му пожелувам добро да си го прибере умот за да не ја огнаси чистата подлога. Ќе наиде на добра основа, а дали ќе ја зацврсти, ќе видиме.

16 февруари 1996, петок

Новиот полски премиер, Влоџимјеж Чимошевич во 11:00 одржа средба со Дипломатскиот кор. Во краткиот говор тукуречи ги повтори тезите од завчерашниот говор во Сејмот. Истакна дека во надворешната политика приоритет ќе имаат добрите односи со соседите, зачленувањето во НАТО и Европската Унија и водење мирољубива политика во рамките на ООН.
Во вториот дел од средбата, запознавање со шефовите на дипломатските мисии. Претставувајќи се, ја искористив приликата да му ги пренесам честитките од македонскиот премиер и од Амбасадата на Република Македонија во Варшава по повод неговиот избор за премиер на Полска. Изрази благодарност, рече дека многу слушнал за Македонија и негова желба е да ја посети. Му реков дека Македонија е ширум отворена за пријателите и неговата посета ќе биде потврда за добрите меѓусебни односи и нивен натамошен развој.
Во 18:00 часот на коктел во Амбасадата на Литванија. Во краткиот разговор со домаќинот, изразив задоволство по повод добрите меѓудржавни односи и желба за скоро видување. Запознав повеќе новодојдени амбасадори, како и личности од средините на културата, политиката и медиумите.

17 февруари 1996, сабота

Времето затопли, ама се уште не е за прошетки.
Продолжувам со преводот на песните на полските поети од планираниот избор за издавање во Македонија. Ветениот македонски избор се уште не ми е доставен.
По телефон ми се јави бизнисменот Трпевски и ме покани на средба со група Македонци. Прифатив.

18 февруари 1996, недела

Од самоти утро продолжив со преводот на панорамата песни од полските современи поети.
Во 10:45 по телефон ми се јави Ана Трајковска. Дежурна е во Министерството. А сега, рече, најважното за тебе - ти честитам нов шеф.
-А кој е тој среќник?
- Седни добро, држи се за столот и слушај. Се зборува дека за амбасадор во Варшава го местат Ештреф Алиу, кој пред две или три години од Косово се досели во Скопје, научи македонски и го ставија министер за култура. Ти се бендисува?
- Зошто да не? Нели е добар човек?
- И јас така мислам...
Уште неколку зборови за некои кои се вратија, си поделивме желби за крепко здравје и крај на разговорот.
Разговорот со Ана и го пренесов на Дитта. На почетокот молчеше, а потоа рече:
-Ако го менуваат од министер, тогаш мора да му најдат друго место од каде нема да чепка таму каде што некој го подучува. Напиши му на Претседателот, па да видиме дали тој ќе одобри.
- Ќе почекаме, па ќе видиме.

19 февруари 1996, понеделник

Денес нема да работам. Ќе одморам.

20 февруари 1996, вторник

Изоставените работи од вчера ќе ги сработам денес.
Во 11:00 часот во Апостолската нунцијатура – збогување со амбасадорот на Аргентина. Тукуречи половина од Дипломатскиот кор не дојдоа. Веројатно за ова придонесе лошото време. Ми пријде директорот на Дипломатскиот протокол и откако се поздрави, ми рече:

- Почитуван господине Наковски драго ми е што ве гледам. Како сте? Слушнав дека се пожаливте за тоа што во преписката го употребуваме името Поранешна Југословенска Република Македонија...
- Не се пожалив, почитуван директоре, туку потсетив дека уставното име на државата која ја претставувам во Полска е Република Македонија. А вие, господине директоре, упорно го употребувате тоа измислено и наметнато име.
- Засега така ќе биде и јас лично би сакал што побрзо да се промени – рече.
- Во тоа бидете сигурен. Причините за таквата употреба на името ми се познати. Не еднаш ми е речено дека притисокот на Грција врз Полска е заканувачки. Тоа потполно го разбирам и сочувствувам, но сигурен сум дека за желбите на Полска да влезе во НАТО и во Европската Унија ќе решава некој друг, па дури и спротивно на волјата на Господ доколку по потекло би бил Грк.
Долго ме гледаше право во очи. Ми подаде рака и рече:
- Господине, ви се восхитувам на упорноста. Ќе се видиме.
- Задоволството ќе биде мое, господине директоре.
Секако разговорот не беше задоволувачки и пријатен, но своето мора да се брани, па дури и тогаш, кога и најгорчливото апче мора да се голтне.
Изгледа белешката за мојот разговор со Мелер и Хмјелевски стигна и до директорот на Дипломатскиот протокол, кој, веројатно добил инструкции преписката со нашата амбасада да биде адресирана со Амбасада на Република Македонија.
Во Амбасадата ме чекаа две писма. Од брат ми од Перт и од братучед ми од Скопје.
За состојбите во Полска вреди да се одбележи дека референдумот за општа приватизација не успеа за што СОЛИДАРНОСТ изрази незадоволство и во врска со тоа најави штрајкови и улични манифестации. Лех Валенса кој беше предлагач, изјави дека неуспехот на референдумот е негов личен неуспех.

21 февруари 1996, среда

Средба со градочалникот на Варшава, Богдан Јастембски, со кого лично се познавам. Тој беше еден од групата полски инженери и архитекти кои по земјотресот во Скопје го изготвуваа урбанистичкиот план за обнова на градот, а јас со нив работев како преведувач. Градоначалникот предложи на 13 или 15 февруари во Амбасадата да одржиме средба со Полјаците кои беа ангажирани во изградбата и обновата на Скопје. Предлогот го прифатив со задоволство.
Во продолжение од разговорот, градоначалникот ме потсети дека оваа година Варшава ќе одбележи 400 години од нејзиното постоење како главен град на Полска и во врска со тоа мисли дека добро би било на свеченостите да учествува и градоначалникот на Скопје за што ќе му испратат покана. Му ветив дека уште денес ќе испратам телеграма во врска со неговиот предлог.
На крајот од средбата се договоривме почесто да се сретнуваме.

(Забелешка: на мојата телеграма во врска со учеството на скопскиот граначалник на свеченостите во Варшава, ми е одговорено дека поради презафатеност скопскиот граначалник не може да учествува. Се прашувам – зарем во градот нема некој друг кој би дошол во Варшава? Штетата е наша!)

22 февруари 1996, четврток

По повод верскиот празник Велики постови, ручек во Амбасадата на Руската Федерација.
Присутни амбасадорите на: Хрватска, Србија-Црна Гора, Чешка, Бугарија, Белорусија, Романија, Естонија, Апостолската нунцијатура, Словенија, Украина, Македонија.

Пријателски разговор со рускиот амбасадор Кашљев, кој многу позитивно зборуваше за Македонија, меѓу другото велејќи дека Македонија е лулката на словенската писменост. Во Амбасадата ме чекаше факс со кој од МНР/РМ ме известуваат дека утре (23 февруари) во Скопје ќе биде потпишан договор со Србија-Црна Гора за заемно признавање со уставното име.

23 февруари 1996, петок

Во 10:00 часот во Амбасадата дојде амбасадорот на Романија, Григореску. Тој е прв амбасадор кој ја посети нашата амбасада. Целиот разговор се водеше околу актуелните проблеми во Романија и Македонија, односите со соседите. Посебно се интересираше за нашите односи со Србија, Албанија и Грција. За Македонија зборуваше со големи симпатии, тврдејќи дека неговите предци потекнуваат од наши краишта.
Предпладнето по факс ги испратив забелешките на полското министерство за земјоделство во врска со договорите.

24 февруари 1996, сабота

Времето е студено и поради тоа никаде не отидовме. Читам вести од полскиот печат.

25 февруари 1996, недела

Денес – поклади. Популарно, како остаток од српското јазично влијание, се викаат прочка, додека во моето Костурско – овој верски и народен празник го викаме *запостение,* што значи си ги простуваме греовите, а верниците го почнуваат големото постење кое според верата трае 40 дена до Велигден. Празникот се одбележува со желби за простување на гревовите, со многу изрази на надежи за добро здравје, среќа и бериќет, богата трпеза околу која се

одвиваат старите народни обичаи и адети. Се слушнавме со децата и си пожеливме многу здравје, среќа и скоро видување на пролет.
Од 12:00 до 13:45 бевме на прошетка долж каналот, во кој водата е замрзмната како камен, врз кој шетаат гладни гуски, патки и гулаби, барајќи храна. Секогаш кога таму одиме на прошетка, со нас носиме торба со леб и ги храниме гладните птици. Освен нас има и други шетачи, кои шетаат кучиња од најразлични раси.
Скоро цело попладне ја читам книгата „ИСТОРИЈА НА ПОЛСКА“. Многу е важно, при разните средби и разговори да се истакнеш со познавање на минатото на земјата на приемот, а на полските соговорници тоа многу им годи. Ми годи и мене, бидејќи во текот на разговорот, истакнувајќи ги сличните трагични судбини на двете земји и народи создавам состојба која нè прави поблиски. Познавањето и споредувањето на сличните трагични настани од минатото на двата народи односите на дипломатот и соговорникот независно од службената позиција во државната хиерархија стануваат поблиски и симпатиите и врските потрајни. Во текот на мојата досегашна дипломатска мисија постојано се трудам што подобро да ја знам историјата на земјата домаќин и духот на нејзиниот народ. Убеден сум дека дипломат кој не го познава минатото на земјата во која служи и духот на нејзиниот народ, тој не може да воспостави блиски човечки врски, туку само службени контакти. Во мојата мисија водам сметка што подобро да ја запознаам Полска и Полјаците. Од тоа на некој начин ќе зависи и мојот успех во зближувањето на двете држави и народи и трајната заемна соработка.

26 февруари 1996, понеделник

Добив писмо од Институтот за географија на Јагиелонскиот универзитет адресирано со ПЈРМ. Им се јавив по телефон и им реков дека адресата е погрешна. Сфатија и долго се извинуваа.

Вечерта, во 22:00 часот Радио Скопје ја пренесе веста дека имаме нова влада и изјавата на новиот министер за надворешни работи, Љубомир Фрчковски. „Ние – рече - имаме обврска да разговараме за разликите во врска со името, но не за промена на името“. Не му е лоша изјавата.

27 февруари 1996, вторник

Во 7:30 по факс стигна писмо од Киро Дојчиновски, директор на Архивот на Македонија до директорот на полските Државни архиви, Сковронек, и текстот на Договорот за соработка, преведен на многу лош полски јазик. Ја побарав Виолета Герасимова, заменик на директорот и ја замолив да ми го прати македонскиот текст. Истовремено замолив текстот да биде пропратен со куртоазно писмо со кое ќе се изрази задоволството за идната соработка и да се подвлече дека македонскиот текст е само нацрт. По два часови ми стигнаа бараните текстови. Во текот на денот ќе ги преведам на полски и лично ќе му ги предадам на директорот Сковронек.
По телефон договорив средби со Хмјелевски во четврток во 14:00 и со директорот на полските државни архиви во петок, во 10:00 часот.

28 февруари 1996, среда

Студено и врне снег. Денес повеќе средби со странки.

29 февруари 1996, четврток

Разговорот со Хмјелевски почна со вообичаените фрази за времето и здравјето. Тој како да седи на трње. Секоја минута му ѕвони телефонот, секретарката ја нема, па мора сам да дига слушалка. Кај него видливо нерасположение, а јас седам и стрпливо чекам.
- Простете – рече – многу сум зафатен.

- Поради заминувањето во Словачка, нели?
- Од каде знаете?
- Читам весници – реков. (За неговото одење во Словачка дознав од словачкиот амбасадор, Серватка). Господине амбасадоре, гледам дека многу сте зафатен, па би предложил разговорот да го одложиме по вашето враќање од службен пат?
Рече дека нема потреба да се одлага, бидејќи секој ден се случуваат нови настани, а на секретарката, која се појави и се извинуваше) ѝ рече по телефон да не го поврзува со никој, освен со Мелер или министерот за надворешни работи, господинот Росати.
- Па, господине абасадоре Наковски, сега можеме мирно да разговараме.
Кратко го запознав со последните случувања во Македонија, а посебно со најновите состојби во односите меѓу Македонија и Грција, кои се развиваат позитивно.
- А што е со името?
Му ја дадов фотокопијата од изјавата на новиот македонски министер за надворешни работи, Љ. Фрчковски, која гласно ја прочита на македонски (тој знае македонски покрај одличното знаење на српскиот јазик – студирал славистика и бил полски амбасадор во СФРЈ) во која стои дека немаме обврска да го менуваме името, но имаме обврска да разговараме за разликите. Во продолжение на увид му го дадов факсимилот на македонско-францускиот договор, велејќи дека и ние проверуваме и имате потврда за тоа.
- Можам ли да го фотокопирам?
- Предлагам наместо да го фотокопирате, подобро е да го побарате од француското министерство за надворешни работи.
Забележав дека не му беше пријатно, па го потсетив на тоа дека полската страна тврдеше дека таков договор не постои. Откако го прочита, кратко размислуваше и потоа рече:
- Ние најискрено сакаме позитивно да се реши тој наметнат проблем со името, но и овој пат ќе ве потсетам дека трпиме

притисок од страна на Грција во врска со нашето барање за зачленување во НАТО и во Европската Унија. Тоа е наш сега најважен политички приоритет.
На ова му реков:
- Во никој случај Македонија нема желба да ја спречува Полска во нејзините настојувања да ги остварува своите национални интереси. Напротив. Тоа и за нас би било од корист бидејќи Полска ја сметаме за наш многу близок сојузник. Па оттука ценам дека употребата на нашето уставно име при потпишувањето на договорите е исклучиво прашање меѓу Македонија и Полска. Ве уверувам дека ќе го доживееме времето кога Грција ќе смени став, бидејќи некој друг ѝ диктира како да се однесува. Ние и натаму ќе разговараме за овој проблем и нема да прекинам да го поставувам при секој наш разговор, како и на други места. Задоволен сум што со амбасадорот Хмјелевски и при разликите, се- пак, наоѓаме и заемно разбирање.
Во 16:00 часот средба со градоначалникот на Варшава. Ми врачи покана за градоначалникот на Скопје официјално да ја посети Варшава.

1 март 1996, петок

Ја почнуваме втората година од дипломатската мисија во Варшава. Што нè очекува? Што ќе однесе и донесе, дали надежите и желби ќе се остварат? Прашање за кое одговор ќе имаме до година во исто време. Да се надеваме само на најдоброто.
Цел ден виулица и врне ситен снег.

Според договореното време отидов во Дирекцијата на полските Државни архиви и на директорот му го врачив нацртот на Договорот за соработка и писмото од директорот на Архивот на Македонија. Подолг разговор за Македонија и за односите со соседите. Договоривме пак да се видиме.
Во 17:36 ми стигна следниот факс:

„Во врска со вашиот факс бр.68/96 од 1 март 96, ви ја доставуваме Спогодбата потпишана меѓу РМ и Швајцарија, која се надеваме дека максимално ќе ја искористите. Доколку и натаму полската страна одолговлекува со негативен одговор, ве молиме за ново согледување во билатералата кое треба да биде доставено по дипломатска пошта. В. Габер.“
Вчудовиден сум од условот за менување на ставот за билатералните односи и се прашувам дали тоа е веќе владин став или личен став на тој, кој бара такво решение?
Од наша страна настојуваме со Полска договорите да ги потпишуваме со уставното име, а во исто време потпишуваме спогодби со други држави со „THE MACEDONIAN GOVERNMENT“, како што е македонско-германскиот, македонско-францускиот и македонско-швајцарскиот договор. Како ли овој факсимил да им го покажам на моите полски соговорници? Не морам, бидејќи во текот на политичките консултации што се одржаа минатата година во Скопје, Мисајловски самоволно на Мелер му го даде текстот на македонско-германскиот договор. Мелер само ја виде првата страница и велејќи му на Хмјелевски – токму ова ни треба – набрзина го стави во дипломатската чанта. На крајот од политичките консултации и Полјаците предложија потписот да гласи „За македонската влада“. Меѓутоа некој во МНР/РМ настојува потписот да гласи „За Владата на Република Македонија“.
Кој ја врти оваа двојна игра? А можеби некој сака да ги помати одличните односи со Полска, па за евентуалната штета вината да ја фрли врз мене?
Во 18:00 коктел во Амбасадата на Бугарија. Поради големиот број гости, само краток разговор со амбасадорот Јани Милчаков. Договоривме средба. Се запознав со повеќе личности од локалните средини и со новодојдени амбасадори.

2 март 1996, сабота.

Одлучив денес да одморам. И покрај студеното време со сопругата отидовме на подолга прошетка. Над нас густи, темни облаци.

3 март 1996, недела

Цел ден подготвувам тези за закажаниот разговор со заменик- министерот Стефан Мелер. Во основа во разговорот ќе го повторам тоа што редовно го истакнувам на досегашните средби и разговори.

4 март 1996, понеделник

Во 9:00 часот во Амбасадата дојде група од 5 Албанци. Рекоа дека доаѓаат од затворот во Старгард Шчечињски и дека немаат никакви документи ниту пари за да се вратат дома. Три месеци прележале во затворот поради нелегалниот обид преку Полска да одат во Германија. Се јавив во Министерството за внатрешни работи од каде потврдија дека се наши државјани и можам да им издадам пасаван, но проблемот е во парите. Им реков да одат во логорот за бегалци и кога ќе добијам потврда дека нивните роднини во Македонија во благајната на МНР/РМ ќе депонираат по 300 (три стотини) долари, тогаш ќе ги повикам и ќе им издадам пасаван и пари. По недела дена стигна потврда дека роднините во Македонија депонираа пари во благајната на МНР, ги повикав и им издадов пасаван и вкупно 1450,00 американски долари.

5 март 1996, вторник

Денес ги добив текстовите на договорите со Германија, Франција и Швајцарија. Во сите наведени договори стои формулата на потписот: „За македонската влада – За Владата на Сојузна Република Германија“ и со Франција и Швајцарија истата формула. МНР/РМ настојува формулата

на потписот со Полска да гласи: „За Владата на Република Македонија – За Владата на Република Полска“.
По телефон се јави Габер. Ме праша дали сум ги добил текстовите на договорите со Германија, Франција и Швајцарија. Одговорив дека сум ги добил. По кратка пауза Габер продолжи:
- Договорите лично да му ги дадеш на Мелер и да му речеш дека нашата позиција е договорите со Полска ќе ги потпишуваме само со уставните имиња на двете држави, во спротивност ќе бидеме принудени да го смениме и ставот во врска со билатералните односи.
Ова го примив со вчудовидување и со мирен глас му реков:
- Досега сите мои активности во Полска се во настојувањата во сите форми на односите и соработката со Полска да се употребува нашето уставно име без никаков начин на условувања, а ова што ми го рече за билатералните односи, ми личи на закана, па по факс да ми го потврдиш на писмено или да го повикаш полскиот амбасадор и нему да му го кажеш тоа, што го бараш мене.
Таквото мое барање не е без значење, туку е покритие за евентуалните идни префрлувања дека работам самоволно.
На крајот од разговорот побарав да ми одобрат да одам во Скопје на консултации. Ми беше речено дека во почетокот на мај новиот министер сите амбасадори и вршители на работите ќе ги собере во Скопје.

6 март 1996, среда

Навидум мирен ден, но ми тежи разговорот со Габер. Ако повремено малку ми олеснува, тоа е желбата во МНР пошироко да мислат и почисто да течат работите.

7 март 1996, четврток

Од МНР/РМ добив барање да им ги доставам законите за организацијата на полското министерство за надворешни

работи. Не сум сигурен дека ќе успеам да ги добијам, бидејќи организацијата на било кое министерство е класифициран документ. Во врска со тоа по телефон му се јавив на Хмјелевски и побарав прием. Ме прими во 12:00 часот. По вообичаениот разговор му сугерирав дека од корист би била средба меѓу министрите Фрчковски и Росати на Конференцијата на ЦЕИ што ќе се одржи во Прага. Потврди дека една таква средба би била многу корисна, но пред тоа потребно е да се изготви план за што би разговрале. Реков дека до одржувањето на Конференцијата има доволно време и соодветните служби би можеле да изготват план за евентуалната средба. Во продолжение му реков дека во МНР/РМ се размислува за соодветна нова организација на Министерството за надворешни работи која би одговарала на задачите и потребите на македонската млада дипломатија и во таа смисла веќе се користат искуства од законите за организација на министерствата од други земји. Со оглед на тоа што полското Министерство за надворешни работи има долга традиција, за нас од корист би биле начелата на неговата организација кои би биле искористени во изготвувањето на Законот за Министерството за надворешни работи на Македонија. По кратко размислување рече дека лично би помогнал, но мора да се консултира со надлежните за што ќе ме информира во најскоро време.
Текстот на полскиот Закон за надворешни работи (некаде скратен) го добив по една недела, го испратив, ама потврда дека е примен, не добив.

8 март 1996, петок

Во 13:00 на средба кај заменик-министерот Стефан Мелер по негово барање. Додека чекав да дојде од кај министерот Росати, друштво ми правеше Хмјелевски. Во текот на разговорот му реков дека Република Македонија веќе не е таа, која беше вчера, значи пред неколку години. Го потсетив дека Македонија веќе е членка на скоро сите меѓународни

организации во кои членува и Полска, што значи дека двете земји веќе на меѓународен план се рамноправни, па дури некаде сме пред Полска. Како потврда за тоа му го дадов исечокот од „Нова Македонија“ во кој станува збор за нашиот прием во ОЕЦД.
- Ова – рече - е ненадејно. Честитам...
- А како што одат работите за вас може да биде уште по ненадејно ако ве известам дека ќе бидеме и членка на НАТО.
- Па тоа не е лошо. Во тој случај би ги одбегнале притисоците и заканите од страна на Грција.
- Ние – господине амбасадоре – секој ден трпиме притисоци и закани од Грција, ама ете опстојуваме. Се плашам дека некој друг на мое место би се запрашал – зарем толку ли е силна Грција што Полска стана зависна од неа? Знам дека проблемот е во едногласноста што е прифатена во НАТО и во Европската Унија и токму тоа го користи Грција.
Разговорот го прекина влегувањето на Мелер, кој откако се поздравивме, замоли да одиме во неговиот кабинет.
- Господине амбасадоре – почна Мелер - ве замолив да се видиме пред моето заминување на нова должност и по тој повод задолство ми е да ја искажам мојата благодарност за меѓусебното разбирање крунисано со плодната соработка меѓу нас, за бројните контакти скоро со сите полски државни институции и за желбите за натамошно развивање и јакнење на односите меѓу Македонија и Полска. Во таа смисла примете го моето признание за вашиот труд. При ова сакам да истакнам дека Полска е заинтересирана натаму да ги унапредува односите со Македонија и од своја страна ќе вложи напори односите да се развиваат по нагорна линија. Ние и натаму ќе ги поддржуваме сите иницијативи за потпишување договори за соработка во сите области и во тие рамки ќе бараме и решение за формулата на потписот. Искрено се надевам дека во догледно време по нашето зачленување во НАТО и во Европската Унија односите ќе се интензивираат и ќе го решиме и прашањето за употребата на уставното име. Такво е и мислењето на новиот министер за

надворешни работи со кого пред малку имав подолг разговор.
Му се заблагодарив за изразеното признание, му пожелив многу успех на новата должност и подвлеков дека и понатаму најискрено ќе се залагам за сестрано унапредување на односите меѓу Полска и Македонија.
Мелер замина во Париз на должност вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Полска, а од таму, по четири години поминати во Франција, беше поставен на иста должност амбасадор во Руската Федерација, каде, за жал, ненадејно починa.
Засекогаш ќе се сеќавам на него, како мој срдечен и голем пријател на Македонија.

9 март 1996, сабота

Една година веќе сме во Варшава. Отидовме на прошетка и целото време го врзавме за тоа како и низ што поминавме.

10 март 1996, недела

Во 19:50 го завршив преводот на панорамата на полската современа поезија. Вистинско олеснување!

11 март 1996, понеделник

До договорената средба со г-ѓа Дмоховска, директор на Департментот за меѓународни односи не дојде поради нејзиното заминување на годишен одмор. Место неа, ме прими нејзината заменичка, д-р Халина Огник. Во моментот на поздравувањето ми остави впечаток на интелигентна, но и добродушна личност. Тема на разговорот: меѓусебните договори за соработка, нивното споредување и договарање на ниво на експерти. Со одбрани зборови и со целосно свртување на вниманието кон заемните односи и соработка меѓу Македонија и Полска, го изнесов прашањето за што

поскорешно потпишување на веќе изготвените договори со почитување на уставните начела.
Госпоѓа Огник изрази задоволство од фактот што ѝ е дадена можност за првпат да се сретне и разговара со претставник на Македонија и при тоа рече дека во врска со потписите на договорите постојат одредени тешкотии, кои се надева дека во најскоро време ќе бидат надминати и дека пожелно е и натаму да се преговара во интерес на подемот на добрите односи меѓу двете земји. За жал, подвлече дека денес политиката надвладеа над правото, па оттука и одредените ограничувања. На ова реков дека страните потписнички, во духот на меѓународните односи и во рамките на ООН веќе се рамноправни. Македонија веќе е членка на скоро сите меѓународни организации, па според тоа нема причина да надвладуваат регионалните интереси во односите со Полска. За жал тоа ни се случува. Подвлеков дека сум свесен за приоритетите на Полска во однос на нејзината надворешна политика и државните интереси, но ме зачудува фактот на извесно подаништво наметнато од нашиот јужен сосед.
Во текот на натамошниот разговор, госпоѓа Огник изрази целосно разбирање за нашите настојувања да ги потпишеме договорите со уставното име, дека таа лично таквото настојување го поддржува, но забележа дека иако Македонија веќе има воспоставено добри односи со многу земји во светот, уште во почетокот на своето осамостојување ја направи кардиналната грешка со менувањето на името од Република Македонија во Поранешна Југословенска Република Македонија и промената на знамето. Простете, но морам да кажам дека тоа е редок случај на попуштање. Сте направиле ужасна грешка. Ја прифативте волјата на Грција и нејзините сојузници. Секој чекор ви е попуштање. Колку што знам, ве поддржаа голем број земји, а вие подлегнавте на притисоците на Грција, која поради формулата на потписите на договорите и врз Полска врши не само притисоци, туку и закани. Се разбира дека тоа е далеку од духот на меѓународното право.

Мојот молк во моментот беше потврда на нејзините оценки. Со кои аргументи да ги побијам нејзините сознанија?
- Ние – рече - како правна служба ќе дадеме позитивна согласност за формулата на потписите, но тоа и натаму ќе зависи од ставот на актуелната политика.
- Тоа го очекувам од вас, почитувана госпоѓо – реков. – Ставот на вашата Управа од гледна точка на правото е од огромно значење и за нас претставува голема поддршка за што, ќе дозволите госпоѓо, да ви изразам најсрдечна благодарност.
Во продолжение на разговорот договоривме средбата на експертите да се одржи последната недела на март.
Ме изненади нејзиниот смирувачки тон со што ми остави впечаток дека многу ни е наклонета, но не го изостави прашањето дали јас би прифатил договорите да бидат потпишани со формулата „За македонската влада“ и „За полската влада“?
Во врска со поставеното прашање реков:
- Госпоѓо, владите се извршни тела на државите кои имаат свое име, значи Република Македонија и Жечпосполита Полска. Најдобрата формула е со истакнувањето на уставното име.
На крајот од средбата, на излегување, ми рече:
- Драг господине, за вас се зборува дека сте многу тврд во одбраната на интересите на својата татковина и дека сте единствениот дипломат кој во текот на една година неверојатно многу постигна во односите и соработката меѓу двете земји.
- Почитувана госпоѓо, многу ми ласкате. Благодарам за признанието и многу ќе ви бидам обврзан за вашите добри намери и поддршка. Се надевам дека ќе најдете време и за нови средби и разговори во интерес на поголема соработка меѓу Полска и Македонија.
- Имајте доверба – на збогување рече госпоѓа Огник.

12 март 1996, вторник

Снег, лапавица, па сонце и одново густи облаци и снег. Студено. Повеќе телефонски разговори со разни фирми кои бараат соработка со фирми од Македонија.
Од Кабинетот на претседателот Александер Квашњевски ми јавија дека наскоро ќе ме побараат за средба.
Во 15:00 часот дојде амбасадорот Кинецки. Долг разговор во врска со моите активности. Вети дека на соодветно ниво на неговата владеачка партија ќе разговара во врска со договорите и потписите.
Од полското МНР го добив текстот на Законот за надворешни работи. Вечер ќе го преведам на македонски.

13 март 1996, среда

Утрото ги преведов последните шест страници од Законот на полското МНР и по факс го пратив во МНР/РМ.
Во 13:30 ме прими Ворољецки, директор на Департментот за ООН. Го запознав со Декларацијата за безбедност и му го врачив текстот на македонски и на англиски јазик. Исто така му го врачив и писмото од претседателот Киро Глигоров до Мубарак во врска со конференцијата против тероризмот. Во продолжение го запознав со македонско-грчките преговори што се водат во Њујорк во врска со името и политичките реагирања во Грција. Изразив надеж дека во рамките на ООН, како и во Советот за безбедност ќе продолжи соработката меѓу двете земји и во таа смисла очекуваме поддршка од Полска.
Во 15:00 часот ми се јави Мисајловски и побара да се јавам во полското МНР и да ги известам дека министерот Љ. Фрчковски прифаќа средба со полскиот министер Д. Росати за време на Конференцијата што ќе се одржи во Прага на 20 и 21 март оваа година.

14 март 1996, четврток

Од Кабинетот на претседателот Квашњевски ме известија дека поради презафатеност средбата се одлага.

15 март 1996, петок

Од МНР/РМ ме известија дека од 1 до 5 мај во Скопје ќе се одржи состанок на Советот на амбасадорите на кој сум поканет. Испратив факс со молба годишниот одмор за 1995 година да го користам во мај.

16 март 1996, сабота

Цел ден одмор.

17 март 1996, недела

Прошетка и ручек во стариот дел на Варшава.

18 март 1996, понеделник

Полското МНР ме извести дека предлага средбата на министрите за надворешни работи на Македонија и на Полска да се одржи во Прага во хотелот „Праха“, во 10:00 часот. Од Амбасадата на Словачка потврдија дека средбата на МНР на Словачка и на Македонија е планирано да се одржи во истиот хотел во салонот број 100 во траење од 16:45 до 17:15 часот. Информацијата по факс ја испратив во Скопје.
Зборував со Управата на полската естрада која е организатор на детскиот фестивал што ќе се одржи во јуни во Варшава. Согласни се на фестивалот да учествува и детска група од Македонија. Утре ќе ми достават подетална информација. За ова по факс го известив МНР/РМ.

19 март 1996, вторник

Во 9:00 часот се јави секретарката и рече дека е болна. Во последно време се почесто не доаѓа на работа, правдајќи се дека има здравствени проблеми.
Замена за неа сум јас и честопати во улога на секретарка, мојата сопруга.

20 март 1996, среда

Во 13:00 часот ручек кај амбасадорот на Албанија. Поканети амбасадорите на: Украина, Македонија, Хрватска, Бугарија, Унгарија, Словачка, Словенија, Романија. Многу пријатна атмосфера во која општо и посебно се разменувани мислења за состојбите во Европа, меѓусебната соработка и односи.
Наредната средба во истиот состав ја најави бугарскиот амбасадор Јани Милчаков, а потоа слична средба ќе приреди македонската амбасада.
Украинскиот амбасадор на сите присутни во затворени коверти ни ја врачи изјавата на украинското МНР во врска со одлуката на Руската дума за анулирање на Беловеските договори.
Во 22:00 часот на грчката ТВ ја следев дебатата во врска со македонското прашање. Дел од соговорниците укажуваа на негативните резултати од негаторскиот став на одредени кругови во Грција, додека други ја истакнуваа потребата од воспоставување добрососедски односи со Македонија, други тврдеа дека грчкото општество не е зрело за соработка со РМ, бидејќи и сега е во сенката на грчкиот национализам.

21 март 1996, четврток.

Во Варшава цел ден демонстрации поради честите и неразјаснети убиства.

22 март 1996, петок

Денес Младенци. На Тања и Миле им испративме честитки.

По факс ми стигнаа неколку телеграми. Имам впечаток дека новиот министер почна да воведува ред во МНР/РМ.
Стигна нота од Департментот за меѓународно-правни односи на полското МНР со која ја потврдуваат готовноста за средба на експерти во врска со договорите Полска-Југославија.

23 март 1996, сабота

По телефон ми се јави Ана Трајковска. Рече дека во Министерството новиот министер воведува ред.

24 март 1996, недела

Ништо за одбележување.

25 март 1996, понеделник

Во 12:30 пречек на Британската кралица во дворот на претседателската палата.
Од МНР/РМ со факс ме известија дека состанокот на Советот на амбасадорите и извршителите на работите ќе се одржи на 6 мај во 10:00 часот.
Исто така ме известија дека министрите за надворешни работи на Македонија и Полска на средбата во Прага (20 март о.г.) се договорија при потпишувањето на договорите да се употребува формулата „За македонската влада“ – „За полската влада“. Најпосле прифатено потребното решение, кое многу ќе ми ја олесни работата. Се надевам дека во текот на оваа година ќе потпишеме повеќе договори за соработка.

26 март 1996, вторник

Бидејќи не добив одговор на мојата телеграма во врска со доаѓањето на групата експерти на разговори со полското МНР за сукцесијата на договорите, му се јавив на Габер, кој ми рече дека веќе е на друга должност и во врска со ова да му

се јавам на Бранко Стојановски, кој веројатно ќе ја води групата. Му се јавив на Бранко Стојановски, а тој одговори дека за такви разговори никој ништо не му рекол. Му кажав што ми рече Габер.
- Никој ништо не ми рекол дека јас би ја водел групата. Ако така е решено, тогаш јас би дошол, но дали тоа е важно? – праша Стојановски.
- Ќе го прашам министерот – му реков – па ќе ти јавам.
- Е, па не и до таму? Немој да му се јавиш на министерот. Ќе ја решиме работата и без него.
На другиот телефон ми се јави г-ѓа Халина Огник од полското МНР и рече дека се подготвени за разговорите и ја чекаат македонската група. И реков дека во врска со доаѓањето на групата ќе ѝ се јавам по еден час.
Одново продолжи разговорот со Стојановски.
- Петре, времето е многу кратко. Твојата телеграма пратена на 21 март, ја добив дури вчера. За вакви разговори е потребна подготовка, а имам и други обврски.
- Добро, тогаш ќе го прашам министерот.
- Немој, Петре, не му се јавувај. Ќе ја средиме работата. Ти таму види да се најде некое друго време.
По телефон и се јавив на г-ѓа Огник. Замолив за промена на времето за разговори. Ми рече дека разговорите можат да се одржат во времето 2-3 април оваа година.
Му се јавив на Стојановски и му ја кажав новата дата. Рече дека ќе ми се јави за половина час. Чекав и не дочекав. Не се јави.
Во 14:30 отидов во Сејмот каде Британската кралица ќе одржи говор пред пратениците. Во подолгиот говор прекинуван со ракоплескања, меѓу другото Кралицата подвлече, дека Полјаците и Полска ѝ требаат на Европа и Европа им треба на Полјаците и на Полска. Сите на нога. Долги раскоплескања. На крајот Кралицата својот говор го заврши со ветувањето дека Велика Британија целосно ги поддржува стремежите на Полска за влегување во НАТО и во Европската Унија.

Очекуваното јавување од Стојановски го нема. Дури во 20:00 часот дежурниот во МНР ми јави по телефон дека Бранко Стојановски и некој друг во Варшава ќе стигнат на први април.

27 март 1996, среда

Продолжив со пишувањето на годишниот извештај за 1995 година.
Двапати ургирав кај Стојановски да ми го достави составот на делегацијата и се уште немам одговор.
Ми се јави амбасадорот Хмјелевски и ми пренесе дека разговорите во Прага меѓу министрите Фрчковски и Росати биле многу корисни. Министерот Фрчковски го покани полскиот министер Д. Росати да ја посети Македонија и за време на престојот ќе бидат потпишани два договори. Замоли да му биде доставена официјална покана.

28 март 1996, четврток

Испратив телеграма до МНР/МР, но овој пат директно до министерот Фрчковски. Напишав дека полското МНР ме извести дека средбата на министрите за надворешни работи во Прага (20 март) во полското МНР е оценета како многу позитивна. Замолив на министерот Д. Росати да му биде доставена официјална покана за посета на Македонија.
Веќе сум убеден дека за важни работи најдобро е да се обраќам директно до министерот.
Одговорот од МНР, Фрчковски, стигна по четири часови. Во одговорот стои:
„1. Во разговорите водени во Прага меѓу министрите за надворешни работи, Д. Росати и Љ. Фрчковски, полскиот министер изјави дека од наша страна предложените варијанти се прифатливи.
2. Во целост го акцептираме предлогот на полската страна, ваш факс број 97/96. Искористете ги претстојните преговори

околу сукцесијата за дефинитивно усогласување на формулата за потпис.
3. Во прилог ви го доставуваме писмото од Љ. Фрчковски упатено до министерот Д. Росати. Искористете ја приликата при предавањето за евентуално прецизирање на терминот за доаѓање.“
Потребно беше време од скоро цела година за да дојде до ова. Се потврди моето убедување дека некој ја користеше својата моќ за да не дојде до потпишување на договорите и залудни да бидат моите залагања и труд.
Колку барања и иницијативи отидоа во неповрат?!
Никој не може да ме разубеди дека некој за тоа беше многу заинтерсиран.
И денес пак барав од Бранко Стојановски да го потврди составот на делегацијата и времето на пристигнувањето во Варшава. Јабана чекав цел ден. Одговор стигна дури во 18:00 часот, време кога службите не работат. На господата не им се брза, а државата може да почека.
Во 18:00 на коктел приреден од амбасадорот на Грција. Заедно со сопругата на грчки му го честитавме празникот-25 март. Беше изненаден. Замоли подоцна да се видиме. Прифатив. До него младо момче, кое амбасадорот ни го претстави како секретар и при тоа рече дека е мој *синхорјанос,* значи мој соселанец. Го прашав чие дете е. Рече дека е син на Лефка. Во моментот не можев да се сетам која беше таа Лефка, бидејќи во моето село, Крчишта, имаше повеќе девојќи и жени со истото име. Го замолив да се видиме. Се согласи. Амабасадорот, Георгиос Александропулос, откако се поздрави со поканетите, ми пријде, одново изрази задоволство и благодарност за честитките по повод националниот празник 25 март и праша дали би можеле во текот на идната недела да се видиме. Прифатив. Во текот на приемот имав средби и разговори со повеќе полски политичари, дипломати, а пред сè со поранешни полски амбасадори во Атина, кои, како што се изразуваа одлично ги знаат негативните состојби во односите

меѓу Македонија и Грција. Сите разговори со соговорниците беа прилика за нивно пошироко запознавање со Македонија. Во меѓувреме јаnsa ме јадеше да се потсетам која беше таа Лефка од Крчишта, чиј син сега работи во грчката амбасада. Му пријдов и го прашав од кое семејство потекнува неговата мајка и како се презива бидејќи во моето село имаше повеќе девојки и жени кои се викаа Лефка. Знаеше само дека мајка му потекнува од костурското село коесега се вика Полианемос, а старото име – Крчишта, и дека била негователка на 20 деца кои во март 1948 година биле одведени во Албанија и дека од таму со многу други деца од костурските села била во Романија и од таму во Полска. Сега ми текна! Таа е – си реков. Лефка, која ми беше негователка, таа е Колјовичка, по мажот Колјо, така ја викаа во селото и ние во логорот во Драч, во Албанија, по нејзиниот маж, политичкиот комесар на баталјон кој есента 1947 година загина во борба со грчката војска. Од моето село беше втората жртва на Граѓанската војна. А кога беше одлучено децата да бидат одведени во Албанија и Југославија, јас бев во групата на Лефка. Ја паметам таа скромна млада и тивка вдовица, која никогаш не ја симна црната шамија од главата. Таа црнина што ѝ го оцрни животот, секогаш ѝ беше големата жал и неисцелената рана на душата по саканиот Колјо. Од детскиот дом во полскиот град Згожелец била протерана од грчкиот партиски комитет со оправдување дека е Титов агент, бидејќи нејзиниот маж, Колјо, по расформирањето на Егејската бригата служел во ОЗНА. А пред тоа се борел против Италијанците и Германците, го чистел Кичевско, Гостиварско и Тетовско од балистите. Меѓу првите се вратил во Грција и како политички комесар на баталјон на Демократската армија на Грција загинал во борба со грчката национална војска. Беше втора жртва на Граѓанската војна по 17-годишниот Ристе, единственото дете на Јовановци. Лефка, мојата негователка... сега почива на гробиштата во градот Валбжих. Се премажила за грчкиот учител во училиштето во Крошченко, село во кое беше

формиран таканаречениот колхоз НОВ ЖИВОТ, каде беа доселени околу 3 илјади бегалци од Грција, меѓу кои најголемиот број беа Македонци од Костурско и Преспа. Зад себе го оставил, сега веќе возрасниот Диме, крстен Владимир во чест на Ленин чиј обожавател бил неговиот татко, а на грчкиот учител му родила два сина и една ќерка. Најстариот го крстија Јоргос, со кого сега разговарам.

29 март 1996, петок

Мирен ден. Надвор созрева мирисот на пролетта. Претседателот Квашњевски во официјална посета на Белорусија. Десничарскиот печат во офанзива против посетата, која ја цени како зближување на Минск со Москва. Јас ги средувам белешките.

30 март 1996, сабота

Од мојата мисија ништо денес за одбележување. Надвор сончево. Попладнето досега невидена снежна лапавица.

31 март 1996, недела

Продолжив со пишувањето на годишниот извештај.
Пред Амбасадата, на забранетото паркиралиште паркирано комбе. Во него двајца униформирани мажи. Ги прашав зошто стојат тука. Ми рекоа дека се од единицата за заштита на амбасадите и дојдени се да ги отстранат паркираните коли пред Амбасадата.

1 април 1996, понеделник

Во 20:00 на аеродром да ја пречекам делегацијата на МНР/РМ која допатува во Варшава како експертска група во врска со сукцесијата на договорите.

2 април 1996, вторник

Роденден ден на Тања. Ѝ испративме телеграма со честитки.
Во 8:30 го завршив пишувањето на годишниот извештај за 1995 година. Една мака помалку.
Во 11:00 почнаа консултациите за имотите. Двете делегации одлично подготвени. Стојановски одлично ги води разговорите. За жал направи непромислена постапка. Оригиналот на поканата од министерот Фрчковски до министерот Росати му ја врачи на третостепено лице. На овој начин ми отпадна можноста за средба со министерот Росати, која веќе беше закажана. Сега нема смисла на министерот Росати при евентуалната средба да му врачувам копија. За жал Стојановски намерно или од незнаење постапи недолично.

Од текот на разговорите чувствувам дека полската страна не е расположена да ја прифати формулата за потписите со уставното име. Пауза, ручек и разговорите денес завршија во 18:00 часот.

3 април 1996, среда

Втор ден од разговорите. Експертскиот дел заврши одлично. Полската страна, додека се водеа разговорите, не беше информирана за одлуката што ја прифатија министрите за надворешни работи Росати и Фрчковски на средбата во Прага. Во меѓувреме директорот на Првата управа, Јежи Хмјелевски, под итно достави допис до г-ѓа Катажина Моховска, со кој известува дека министрите се договорија подготвените договори да се потпишуваат со формулата „За македонската Влада“ и „За Владата на Република Полска“, и дека македонскиот став го отвора патот за потпишување на договорите кои веќе се подготвени и договорени.
Замолив да ми биде дадена копија од дописот и добив.

Морам да признаам дека не сум согласен со тоа што од нашата страна договорите ќе бидат потпишувани без употреба на уставното име – Република Македонија. Ама затоа веќе одлучил некој друг.

4 април 1996, четврток

Денес завршува една година од денот кога сме домаќини на зградата во која е сместена нашата амбасада. Течат мигови на паметење исполнето со многу труд. Тогаш, тој ден се чувствувавме многу осамени, напуштени, разочарани. Досега времето не успеа да ги засенчи тие лоши спомени и доживувања и врз нив да фрли прашина на заборавот.
Во 9:00 часот продолживме со разговорите. Не се согласивме со прашањето за формулата на потписите. Го оставивме тоа прашање да се решава на повисоко ниво.
По ручекот што ѝ го приредив на нашата делегација, во 17:00 часот ја испратив на аеродром.

5 април 1996, петок

Во 11:00 часот средба со Мелер. Разговорот во врска со посетата на министерот Росати на Македонија. Предлагам министерот Росати да ја посети Македонија во втората половина на мај оваа година. Рече дека во тоа време тешко ќе може да се реализира посетата поради други итни обврски, но од својата страна ќе вложи напори да се искористи предложеното време.
По повод утрешните Велигденски католички празници му врачив шише наша „Кратошија“.
Во 12:00 часот кај проф. Сковронек, директор на полските Државни архиви. Му ја пренесов молбата на директорот на Архивот на Македонија за учество на семинарот – Тркалезна маса и учеството да биде искористено за потпишување договор за соработка. Прифати.
Најпосле надвор малку затопли. Веќе мириса на пролет.

Македонија и САД потпишаа договор за заштита на инвестициите. Предлог за потпишување сличен договор меѓу Македонија и Полска испратив до МНР/РМ минатата година. Одговор не добив. Некој го блокира.

6 април 1996, сабота

Денес решив ништо да не работам. Денот ќе го искористам за прошетка и во неа да најдам малку задоволство. Така прават сите. Денес нема да работам и никој поради моето воловско-робовско работење нема да ме пофали.
Ајде, Дитта, одиме.
Отидовме во прекрасниот парк Лаженки.

7 април 1996, недела

Католички Велигден. Цел ден и ноќ црквата од спротивната страна на улицата е полна. Верници, цели семејства, едни влегуваат, други излегуваат од црквата. Се слави воскреснувањето на Христос.
Во 14 часот ми се јави по телефон Ана Трајковска, дежурна е. Доста нови работи ми изнакажа во врска со кадровските промени во МНР/РМ. За некои пожелни и очекувани, за други трауматични.

8 април 1996, понеделник

Ми стигна факс дека СР Југославија и Република Македонија потпишаа спогодба за меѓусебно признавање и воспоставување дипломатски односи на ниво на амбасадори. Полските медиуми посветија поширок простор за овој настан при што нашата држава ја именуваат со уставното име – Република Македонија.

9 април 1996, вторник

Во 11:40 часот ми се јави Ришард Биљски, новинар во весникот „RZECZPOSPOLITA“ и ми го честиташе воспоставувањето дипломатски односи меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија. Биљски е одличен познавач на состојбите во Р. Македонија и СР Југославија. Има објавено многубројни написи и анализи, меѓу кои и интервјуа со претседателот Киро Глигоров при што секогаш го употребува уставното име. Во врска со настанот ме замоли за интервју. Му реков дека ќе размислам.

10 април 1996, среда

Секретарката и возачот ги испратив да ги платат сметките за потрошената струја, вода и гас. Излегоа во 13:40, се вратија во 16:30 часот. Од нивната работа не сум задоволен. Бидејќи чекам да ми пратат секретарка и возач од Македонија, засега не можам да ги отпуштам.

11 април 1996, четврток

Ми се јави нашинец и ми рече дека на железничката станица се му украле. Нема и пасош за да се врати дома. Го запишав неговото име и презиме и му реков да дојде во Амбасадата. Во меѓувреме се јавив во Министерството за внатрешни работи на РМ и замолив да проверат дали е наш државјанин. Рекоа дека можам да му издадам пасаван. Го нахранивме и со автобус го испративме на аеродром.

12 април 1996, петок

По мое барање во 9:00 ме прими Станислав Добжањски, министер за национална одбрана на Полска. Цел: предавање на честитката од Благоја Ханџиски, министер за одбрана на РМ, по повод неговиот избор за министер за одбрана на Полска.

Министерот Добжањски се заблагодари за честитките и рече дека наскоро ќе врати одговор. Се интересираше за состојбите во Македонија. Му реков дека Македонија успеала да не дозволи да биде вовлечена во војна, подвлекувајќи дека благодарение на политиката што ја води претседателот Киро Глигоров (при ова се интересираше за здравјето на Претседателот) на Балканот е сочуван мирот и безбедноста, со што придонесе Македонија во светот да се здобие со почит и доверба.
Во текот на разговорот што траеше 45 минути пошироко ги елабораше полските аспирации за зачленување на Полска во НАТО, при што подвлече дека со ваквиот чекор Полска не ја загрозува безбедноста на своите источни соседи, како што се обидува тоа да го претстави Москва. Истакна дека Полска се стреми кон нов безбедносен систем во Европа, а тоа е интеграцијата со западните структури, а што се однесува до разликите меѓу Варшава и Москва, рече дека Полска се определи за долготраен дијалог со истовремено ширење и зајакнување на сите форми на соработка.
По негова молба министерот Добжањски пошироко го запознав со внатрешните состојби во Македонија и нејзините односи со соседите, со посебен акцент на односите со Грција и СР Југославија во светлината на потпишаните спогодби во Њујорк и Белград, политиката на еквидистанца, превентивната дипломатија (УНПРЕДЕП) со која раководи полскиот дипломат Хенрик Сокаљски, како и соработката на воен план со САД и Турција, заедничките македонско-американски вежби во Македоија, како и активностите на Република Македонија на надворешен план што резултира со потпишување на програмата за партнерство за мир, зачленувањето во ОБСЕ, Европскиот совет и слично. При ова подвлеков дека и Македонија целосно е ориентирана кон европските интеграции и дека ги отфрла сите опции за влегување во било какви сојузи, конфедерации, оски и слично освен во европските структури.

Министерот Добжањски во продолжение го стави на маса потсетникот од минатогодишните разговори што ги имав во полското Министерство за одбрана во врска со соработката меѓу двете министерства и армии. Истакна дека Полска и министерството со кое раководи е готово за целосна партнерска соработка со Министерството за одбрана на Република Македонија и нејзините оружени сили и дека располага со стручни знаења, техника и добри желби да се вклучи во модернизацијата на армијата на Македонија. Подвлече дека лично ја чувствува потребата за средба со македонскиот министер, што произлегува и од неговите длабоки симпатии спрема Македонија и македонскиот народ, но пред тоа, истакна, корисно би било да се одржи средба на ниво на експерти, со цел стручно да се определат модалитетите на соработката. Инаку, рече, дека за него целосно се прифатливи предлозите што беа изнесени минатата година и дека не гледа пречки за соработка меѓу двете армии.
На крајот од разговорот замоли на министерот Благоја Ханџиски да му ги пренесам неговите желби за средба и за успешно раководење со Министерството за одбрана на Република Македонија. Испраќајќи ме до излезот од Кабинетот, ме замоли во наредните денови да се сретнеме. Прифатив и се заблагодарив за приемот и за разговорот.
Во 13:00 часот во Министерството за култура и уметност. Ме прими заменик-министерот, господинот Јанас. Разговорот се водеше околу досегашната соработка меѓу Македонија и Полска во областа на културата и уметноста. Во детали го запознав со досегашните достигнувања. Подвлеков дека во областа на литературата се постигнати завидни резултати кои се одлична подлога за натамошна поуспешна и поплодна меѓусебна соработка. Истакнав дека во текот на изминатите триесетина години се преведени поголем број литературни дела од полската класична и современа полска проза и поезија, при што само во мој превод се преведени и објавени 42 дела чиј почеток, во мој превод, го отвора објавувањето во

1963 година на романот „МАЈКАТА НА КРУЛЕВЦИ“ од современиот полски истакнат писател Кажимјеж Брандис, кое е прво литературно дело директно преведено од полски на македонски јазик со кое се отвори процесот на преведување и објавување дела од современата и класичната полска литература. Во продолжение потсетив дека во мој избор во Краков 1974 година е објавена Антологија на македонската современа поезија под наслов „ПЕСНИ ОД ОХРИД“, дека лично бев ангажиран во воспоставувањето контакти кои доведоа до плодна соработка меѓу полски и македонски литературни списанија, дека исто така по моја иницијатива е воспоставена плодна соработка меѓу полските и македонските театри и опери. Во мој превод на полски јазик, во 1973 година на сцената на театарот Виспјањски во Катовице, е поставена драмата „ЦРНИЛА“ од македонскиот писател и драматург Коле Чашуле, а за возврат, исто така во мој превод, Драмскиот театар во Скопје ја постави драмата „СТАПИЦА“ од Тадеуш Ружевич, кој е добитник на Златниот венец на Струшките вечери на поезија.
Воспоставени се контакти и настапи на оперите од Лоџ и Скопје (Операта од Лоџ во Скопје и Тетово настапи со опера „ХАЛКА“ од Моњушко, а во Лоџ, Операта од Скопје настапи со опера „ЦАР САМОИЛ“). Потсетив дека во полските и македонските литературни списанија се објавени поголем број песни од полски односно од македонски поети, дека на Струшките вечери на поезијата досега учествуваа над 600 полски поети и во текот на скоро триесет години во Струга бев нивен домаќин и преведувач на нивните песни и дека по моја иницијатива во 1973 година во Струга беше организирана ВЕЧЕР НА ПОЛСКАТА ПОЕЗИЈА со учество на 18 полски современи поети.
Во продолжение реков дека за мене посебно задоволство претставува изборот и преводот на песни од Папата Војтила кој му беше врачен во Рим за време на свеченостите посветени на светите Кирил и Методиј.

Ми вети дека во најскоро време ќе ми организира средба со министерот и дека Министерството ќе го финансира изборот на македонската современа поезија како замена за издавањето во Македонија на панорамата на современата полска поезија, за што го информирав дека преводот на панорамата во мој превод веќе е испратен во Скопје.
На крајот од средбата му врачив копија на список од мене на преведени и издадени дела од полската литература и втората копија список на полски и македонски литературни списанија, како и културни институции од двете земји кои имаат воспоставено соработка, подвлекувајќи дека Македонија и натаму е заинтересирана својата национална култура да ја збогатува со вредностите на полската култура.
На крај од разговорот заменик-министерот Јанас изрази задоволство од досегашната соработка и подвлече дека лично и преку соодветните служби во Министерството ќе се ангажира соработката меѓу двете земји и натаму да продолжи и ме праша дали за таквата активност и дејност сум наградуван. Реков дека од полското Министерство за култура и уметност сум награден со медал ЗАСЛУЖЕН ЗА ПОЛСКАТА КУЛТУРА и со диплома и значка од ZAIKS.
- За таквиот труд, тоа е малку, мој господине.

13 април 1996, сабота

Велика Сабота. Утре христијански празник, Велигден. Го слушам обраќањето на поглаварот на Македонската православна црква, дедо Михаил.
Грчката телевизија јави дека на 17 април о.г. во Њујорк ќе продолжат македонско-грчките разговори. Фрчковски во Финска изјави дека никој според меѓународното право нема право да ни наметне име.
Вечерта од Загреб по телефон ми се јави мојата долгодишна соработничка Лиле Наумова (десет години работевме во иста канцеларија). Во текот на многу пријателскиот и срдечен разговор, ја прашав дали е задоволна од новиот амбасадор.

Ми рече дека кон него како човек нема ништо против, но праксата и односот ги отфрлува и се враќа во Скопје.
И реков:
- Чувај ми место!
Во одговор ми рече:
- Значи исто мислиме.

14 април 1996, недела

Велигден.
Христос Воскресе.
За МНОГУ ГОДИНИ!
Утрото ни се јавија децата со чеситки за Големиот празник. Отидовме на богослужба во руската православна црква. Во Варшава има две православни цркви, остаток од времето на руското владеење во минатиот век и порано. Сега се во владеење на Полската православна црква.
По Богослужбата се вративме, појадуваме, кршиме црвени јајца, повеќе молчиме, бидејќи радоста далеку од децата на нашите лица остава и белег на тага.

15 април 1996, понеделник

Во 9:15 му се јавив на Унгер, шеф на Кабинетот на претседателот Александер Квашњевски. На телефон неговата секретарка. Ме позна по гласот и го повика господинот Унгер. Во текот на разговорот ми рече дека сум на списокот за прием кај претседателот Квашњевски и дека во најскоро време ќе бидам примен. Му реков дека наскоро ќе патувам во Скопје каде на средбата со претседателот Киро Глигоров нема да ми е пријатно да му кажам дека неговото писмо се уште не му е врачено на претседатедлот Квашњевски, па ќе морам да му го вратам.
- Не, господине, немојте тоа да го направите. Јас лично ќе се ангажирам што побрзо да ве прими Претседателот.
Малку агресивност, ете, се исплаќа.

Во текот на денот ме прими д-р Јануш Геншицки, директор на Департментот за професионално и насочено образование во Министерството за национална едукација. Пошироко го запознав со системот на образование во Македонија и за готовноста на нашето Министерство за образование да воспостави соработка меѓу двете министерства и во таа смисла предложив да се одржи средба на експертско ниво со цел размена на искуства. Предлогот го прифати и истакна дека во текот на наредните денови ќе го запознае министерот.

16 април 1996, вторник

Од Стопанската комора на Македонија ја добив следнава телеграма:

„Ве информираме дека фирмите кои се заинтересирани да добијат информации за соработка кои ги бараат од Стопанската комора на Македонија треба да уплатат 50 марки на име на Стопанската комора на Македонија на нејзината сметка во АД Комерцијална банка Скопје.
Со особена почит
Советник
Лидија Каранфилова“

Нема на полските фирми кои бараат соработка со македонски фирми да им пренесам такво условување.
Ми се јави по телефон полковник Николовски од Министерството за одбрана на Република Македонија. Рече дека е вчудовиден што досега нема добиено одговор на неколку негови телеграми во врска со воената соработка меѓу двете армии. Му реков одговор да побара во Министерството за надворешни работи и му ги издиктирав броевите на моите телеграми.

Во врска со ова не изостанува прашањето зошто моите телеграми не се препратени до Министерството за одбрана на Република Македонија?

17 април 1996, среда

Во текот на денот по телефон ми се јавија неколку полски фирми кои бараат да воспостават контакти со македонски фирми.
Во 17:00 во Амбасадата дојдоа професорите Темков и Мухиќ. Долг, пријатен и поучен разговор. Добри и поучни се разговорите со високо образовани и културни соговорници.

18 април 1996, четврток

Во 9:40 во Сејмот. Средба со Солана, генералниот секретар на НАТО. Сите пратеници на нога. Непрекидни ракоплескања, го примаат лудо воодушевени, верувајќи дека тој со некое магично стапче ќе им го отвори патот кој ќе ги однесе во НАТО. Забележав дека неколку пратеници седат. Претпоставувам дека не се привржаници на НАТО, а тој, Солана, наједноставно се смешка стоејќи зад собраниската говорница и се чини дека со неговата иронична насмевка, цело време лаже. Се скиселуваат и намуртуваат лицата кога Солана во неколку наврати спомнува дека НАТО на Русија и дава привилегирано место. Кој и како ќе го разбере ова?
Со Бојан, амбасадорот на Словенија, по средбата во Сејмот, отидовме на кафе каде ја коментиравме целата атмосфера во собраниската сала и излагањето на Солана. На излезот од кафеаната го сретнав професорот Ивињски (пратеник на владеачката партија) и по краткиот разговор ме замоли утре во 13:00 часот да се видиме во неговата канцеларија во Сејмот.
Во 12:00 во полското МНР. Тежок, 45-минутен разговор со амбасадорот Хмјелевски во врска со нашето уставно име. Цело време велеше – ПЈРМ и ПРЈМ. Не му останав должен.

Го потсетив на времето кога дел од Полска не се викаше Полска, туку Полска Губернија, поради што Полјаците трипати дигаа и губеа востанија. Ние, му реков, нема да дигаме востанија, туку лудоста на тие кои ни го менуваат името ќе ја скротиме со нашето достоинствено право да си го сочуваме нашето македонско име. Оправдување бараше во тоа дека тие времиња за на век одминаа и дека Полска сега е Полска, важна парола на сегашното време. На ова му реков дека и порано, а уште повеќе сега, и Македонија е Македонија.
Во 18:00 на коктел што го приредува ОБСЕ. Повеќе средби со дипломати и полски политичари. Најмногу разговорите се водеа околу говорот и ветувањата на Солана. Многу позитивни и уште повеќе негативни коментари.

19 април 1996, петок

До 12:00 часот ги средував белешките од вчерашниот ден. Во 12:50 стигнав во Сејмот на средба со професорот Ивињски, близок соработник на претседателот Александер Квашњевски и член на парламентарната комисија за надворешни работи. Познат е и потоа што зборува 14 јазици. Ме прими пријателски. Најмногу се интересираше за мојата дипломатска мисија во Полска. Во подолгиот разговор, аргументирано и сосема мирно, без емоции ги изнесов сите проблеми со кои досега се судрив. Меѓу другото му реков дека односот што се изразува од одредени кругови во полското МНР може да го симне нивото на досега одличните политички, културни и стопански односи, поради тоа што е блокирано потпишувањето на седум веќе подготвени договори. Во продолжение подетално го запознав со состојбите во Македонија и нејзините односи со соседите кои не покажуваат добра волја за добрососедска соработка со Македонија, што по мое длабоко убедување е одраз на старите уште нереализирани големодржавни амбиции. Спротивно на тие состојби се односите на Македонија со

Полска, која со големи симпатии и желби е расположена за соработка со Македонија во сите области. Не го изоставив и прашањето за одолговлекувањето на доставувањето на писмото од претседателот Киро Глигоров до претседателот Александер Квашњевски за што чекам четири месеци. Професорот Ивињски изрази жалење и рече дека лично за ова прашање ќе разговара со претседателот Квашњевски.
Во продолжение од разговорот на проф. Ивињски му реков дека до сега Македонија ја посетија сите министри на земјите членки на Европската Унија, високи функционери од САД, ЕУ, премиери и други високи државни личности. Ова доведе до поширока афирмација на Македонија наспроти блокадите што ни ги поставува Грција. Истакнав дека во односите меѓу нашите земји многу позитивно ќе влијае официјалната посета на Македонија од високи полски функционери и обратно од Македонија на Полска. Подвлеков дека од големо значење и важност се и средбите на ниво на експерти од разни области што би довело до поблиско запознавање, за размена на искуства, што исто така би довело до зајакнување и проширување на заемната соработка.
Професорот Ивињски внимателно ме слушаше и повремено по нешто запишуваше. На крајот од разговорот рече дека е многу задоволен од средбата и подвлече дека во рамките на неговите можности и овластувања ќе вложи напори Полска поактивно да се вклучи во меѓународната афирмација на Македонија.
На крајот од средбата се договоривме повремено да се сретнуваме.

20 април 1996, сабота

Во 9:30 во Великиот национален театар почна свечената седница на Градскиот совет на Варшава по повод 400-тата годишнина од пренесувањето на полската престолнина од Краков во Варшава. Тоа било дело на кралот Зигмунд по потекло Швеѓанец за што се зборувало дека Варшава на

Швеѓанецот му била поблиску до Шведска, отколку далекиот Краков. На свечената седница учествува целата полска влада, кремот на полските научници, универзитетски професори, истакнати писатели и целиот Дипломатски кор.
Покана за оваа голема свеченост добив пред две недели и празнината до денот на нејзиното одржување ја искористив да прелистам повеќе страници од историските книги посветени на изминатите 400 години. Во нив е опишано богатото и многу трагично минато обележано со поделба на Полска меѓу Русија, Прусија и Австроунгарија, со нејзино бришење од картата на Европа, со три трагично завршени востанија, со голема литература во која трајно е сочуван националниот дух на Полјаците и надежта дека одново Полска ќе живне и ќе си го заземе своето место во Европа. Жива и како порано и сега нејзиниот глас се слуша и цени во светот.
По свечените говори и доделените одликувања – за секого чаша шампанско.
Професорот Ивињски ме зеде на страна и ми рече дека ми договорил средба со претседателот Квашњевски. Му реков дека тоа за мене е голема чест и кога сакав уште нешто пофално да речам, во тој миг претседателот Квашњевски, пробивајќи се и поздравувајќи се со присутните ми прилде и небаре се познававме од многу одамна, се ракува со мене, велејќи:
- А, тука сте, господине амбасадоре. Како сте? Сè ми раскажа професорот Ивињски. Во мое име контактите со вас ќе ги одржуваат проф. Ивињски и мојот советник за политички прашања, господинот Мајковски. Засега догледање, а по некое време ќе имаме и подолг разговор.
Толку од средбата. Отиде да се поздрави и со други. Задоволен се враќам во Амбасадата.
Силно го чувствувам мирисот на расцутените липи. Веќе е пролет.

21 април 1996, недела

Во 10:00 отидов на аеродром во австриската компанија да резервирам авиобилети на линија Варшава-Виена-Скопје и обратно. Билетот чини 44 долари, полетување од Варшава на 5 мај во 12:00, во Скопје во 17:40. Враќање од Скопје за Варшава на 15 мај – користам мал дел од годишниот одмор, остатокот од престојот - службени средби.

22 април 1996, понеделник

По телефон во 10:10 часот ѝ се јавив на Гордана Глигоровска во МНР и ја замолив да ми закаже прием кај министрите Фрчковски (МНР), Чокревски (МВР), Ханџиски (МО) и Унковски, Министерство за култура.
На закажаниот ручек во ресторанот „АРКАДИЈ“, во стариот дел на Варшава, заменик-министерот Мелер и амбасадорот Хмјелевски дојдоа навреме. Порачка по карта. Скромно. Останавме од 12:30 до 14:00 часот. Разговорот во основа се водеше во врска со состојбите во Македонија и односите во регионот. Мелер посебно се интересираше за меѓународните активности на Македонија (во разговорот го употребуваше името Македонија).
Соговорниците ги информирав за посетата на Љ. Фрчковски на скандинавските земји и официјалната посета на Македонија на МНР на Чешката Република, кој во разговорите го употребуваше уставното име и е договорена средба на претседателите Глигоров и Хавел. Во продолжение истакнав дека во последно време, Македонија ја посетија голем број странски високи државни личности и делегации со што се потврдува сè поголемата заинтересираност на светот за Македонија, а посебно за посетите од земјите членки на Европската Унија и НАТО.
Мелер честиташе за тоа што Македонија сè повеќе се афирмира во светот како мирољубива земја, подвлекувајќи дека Полска нема да изостане во продлабочувањето на односите со Македонија, дотолку повеќе што двете држави

својата иднина одлучија да ја поврзат со европските интеграции и токму таквите стремежи уште повеќе ќе нè зближат. Оттука, рече, во полското МНР веќе се подготвува календарот на посетите за втората половина на 1996 година и при тоа изрази жалење за тоа што календарот е пополнет и не постојат можности за остварување на заемни посети на високо и највисоко ниво меѓу двете земји. Вети дека кон крајот на јуни ќе ме запознае со планираните средби и посети на Македонија на ниво на министри, премиери, претседатели на парламенти и држави. Замоли да имаме трпение, дотолку повеќе што Полска по извршените промени по претседателските избори, започна со реализирање на големи активности на меѓународен план, а посебно со нејзините аспирации за влегување во НАТО и во Европската Унија. Подвлече дека Полска ќе продолжи Македонија да ја поддржува и на меѓународен план, како што тоа го правеше и досега.
Кратката пауза во неговото излагање ја искористив да потсетам дека веќе се изготвени неколку договори за соработка и подолго време чекаат на потпишување.
Мелер изрази жалење што досега двете страни не најдоа формула за потписот, но се надева дека и тој проблем ќе биде решен, бидејќи е во интерес на двете земји.
Ручекот го завршивме со желби за нови средби на кои ќе разговараме за нови успешни достигнувања во заемните односи.

23 април 1996, вторник

Ништо ново. Слободно време за размислување.

24 април 1996, среда

Се јавија од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ и прашаа дали до 7 мај полскиот министер за земјоделство ќе може да допатува во Скопје или

посетата да се оствари во јуни. Одговорив дека дури во петок ќе можам да одговорам.
Дипломатскиот протокол со нота ме извести дека на 3 мај, националниот празник на Полска, претседателот Александер Квашњевски организира прием. Молат да го потврдам учеството. Потврдив дека ќе учествувам.
И од Сејмот стигна покана за учество на средбата во организација на претседателот на Сејмот, Зих, по повод националниот празник 3 мај. Средбата ќе се одржи на 7 мај. Одговорив дека поради заминување во Македонија, жалам што нема да можам да учестувам. Испратив најсрдечни честитки и израз на надеж дека по враќањето во Варшава, ќе ја имам честа да бидам примен од Претседателот на Сејмот со цел да му го честитам националниот празник.

25 април 1996, четврток

Под патронат на УНЕСКО во 10:00 часот, во организација на Полскиот комитет почна Меѓународната конференција за улогата на наставникот во образовниот систем. За ова пред неколку денови јавив во МНР/РМ и по факс добив одговор дека од Македонија нема никој да учестува, па според тоа јас сум овластен да присуствувам во улога на набљудувач за што го известив Комитетот. Отидов во хотелот „СОЛЕЦ“ („SOLEC“) каде ќе се одржува Конференцијата. На сите маси ставени таблички со имињата на државите од кои се дојдени учесниците. Барам место со табличка со името на нашата држава. Нема. Прашав еден од организаторите каде е местото за претставникот на Македонија. Рече дека не знае, ама ќе оди да праша. Заедно со него дојде една госпоѓа и без да се поздрави ме праша кој сум. И кажав. Па, господине, седнете, ете таму, рече. Не грижете се, некаде ќе ве седнам. Ми покажа место каде немаше табличка. Реков дека местото без табличка со името на државата не е за мене. Па засега, рече, седнете таму, а табличка веднаш ќе донесам. Донесе со ПЈР Македонија на англиски јазик. Кога ѝ реков дека тоа не е

името на мојата држава, таа почна да настојува дека токму така треба, како што е напишано. Одете таму и седнете. Во тој момент демонстративно ја напуштив салата и се вратив во Амбасадата. По половина час ми се јави машки глас.
- Амбасада на ПРЈМ?
- Не! Амбасада на Република Македонија, господине.
- Извинете не знаев. А дали можам да го добијам советникот на амбасадорот, господинот Наковски?
- Не! Наковски е вршител на работите, господине, ако знаете што е тоа.
- Простете, не знаев. А јас се јавувам поради тоа што е направен мал превид со табличката...
Веднаш го прекинав и со остар тон му реков дека вашиот организатор, наречен Комитет и така натаму, е невладина организација која нема право да го одредува името на државата од која потекнува поканетата личност.
Ја спуштив слушалката и се зафатив со прекинатата работа. По петнасетина минути секретарката ми јавува дека пред вратата се дојдени маж и жена и бараат да се видат со вас.
- Внеси ги во чекалната. Таму нека почекаат.
Слегов во чекалната по дваесетина минути. Се претставија дека се едни од организаторите и дојдоа да се извинат и да ме замолат да одам на собирот.
- Ние, господине амбасадоре дојдовме да се извиниме за ненамерната грешка, рече жената и ми пружи букет црвени ружи. Одбив да го примам цвеќето и да одам на собирот. Разговор не прифатив.
За настанот му се јавив на Сашко Тодоровски (тој ми имаше пратено факс со кој ме извести дека никој од Македонија нема да учествува) и му кажав што сум сторил. Ја пофали мојата постапка и ме посоветува за случајот најостро да реагирам кај некој висок функционер од полското МНР. Тоа го сторив на приемот во Амбасадата на СР Југославија на кој забележав мал број амбасадори.

26 април 1996, петок

Во 10:10 ми стигна телеграма од МНР со следнава содржина:

„Врска Ваш факс бр.131/96 од 25.04.96.

Ве известуваме дека е потребно да протестирате во Министерството за надворешни работи со оглед на тоа што Полскиот комитет е полувладино тело, наведувајќи ги фактите околу пријавувањето на кандидатурата на РМ. Со оглед на фактот што ви е изразено извинување во врска со „инцидентот“ молиме да го следите состанокот освен доколку на табличката со испишаното име на државата не стои кратенката. Тодоровски, с.р.“

На собирот не отидов, бидејќи во 11:30 ме прими вицепремиерот и министер за земјоделство, господинот Роман Јаќелињски. Му ја предадов поканата од македонскиот министер Паракеов. Се заблагодари и рече дека неговата официјална посета на Македонија може да се реализира во времето 30-31 јули и 1 август 1996 година.
Во 13:10 ми се јави Ворољецки, директор на Департментот за системот на ООН. Се извини за случајот од 25 април, тврдејќи дека тоа е ненамерна техничка грешка која не е вперена против Македонија. Му реков дека во врска со тоа по налог на МНР/ ќе добие соодветна нота.

27 април 1996, сабота

Денот со сопругата го поминавме на долго шетање во шумата Кабати, недалеку од Варшава.

28 април 1996, недела

Денес завршува една година од како во Варшава сме Амбасада на Република Македонија. За тоа што сторив, како сторив, добро сторив, лошо сторив во текот на целата 1995 и

дел од 1996 година оценка ќе дадат надлежните, а најдрага ќе ми биде оценката на тие кои ќе ги прочитаат моите „НОЌНИ БЕЛЕШКИ“
Од утре продолжувам со ист елан и напор. Одам да го фатам времето што најмногу ѝ одговара на мојата Македонија.

29 април 1996, понеделник

Госпоѓа Огник, заменичката во Департментот за меѓународно-правни односи, која ме прими во 12:30 не беше подготвена за разговор. Моите прашања во врска со формулата за потписите под договорите, останаа со одговорот:
- Ние работиме по нашите прописи, рече.
- А дали во тие ваши прописи е запишано дека не смееме да го употребуваме уставното име на Република Македонија?
Молчи. Изненадена е и прашалнички ме гледа. Потоа рече:
- Вие сте во право. И јас така би ги бранела интересите на мојата земја, господине.
- Госпоѓо благодарам за искреноста и убеден сум дека утре или попосле ќе имаме исто мислење. Дали можам да се надевам дека ќе најдете време за нова средба?
- Секако и драго ќе ми биде - рече и ме испрати до излезот.
Пред оваа средба, во 12:00 ме прими госпоѓа Боровска, која во Министерството за надворешна трговија се „грижи“ за Македонија. Истата улога ја имаше и за време на постоењето на СФРЈ. Ми го даде текстот на Договорот за стопанска соработка во кој се внесени исправките на полското министерство.
Во 15:00 ми се јави д-р Војчех Чајка, близок соработник на претседателот Квашњевски. Рече дека Претседателот премногу е зафатен и во негово име утре во 16:00 ќе ме прими неговиот советник за политички прашања и многу близок соработник на Претседателот, пан Анџеј Мајковски.

30 април 1996, вторник

Амбасадорот на Бугарија, Јани Милчаков денес во 13:00 часот во својата резиденција го приредува традиционалниот ручек на кој се поканети амбасадорите на: Романија, Унгарија, Словенија, Словачка, Хрватска, Украина, Македонија и Албанија.
Со амбасадорот Јани Милчаков се запознав во 1993 година кога ја водев македонската делегација на состанокот на ОБСЕ што се одржуваше во Варшава во текот на целиот октомври. Од тогаш станавме доста блиски. Велеше дека неговите дедо и баба потекнувале од Кукуш, кои до смртта тврделе дека се Македонци, па и тој по таа крвна линија така се чувствува иако е во служба на Бугарија. На сите средби ми се обраќаше со брат Македонец. Честопати ми излегуваше во пресрет кога требаше да добијам авионски билет за Софија за некој нашинец.
Ручекот течеше во многу пријатна атмосфера, со многу шега, но и со одредни ставови и оценки во врска со актуелните состојби во Полска. Со посебно внимание го слушавме искажувањето на украинскиот амбасадор кој со жалење зборуваше за тешките состојби во Украина. Разговорот со романскиот амбасадор, кој седеше рамо до рамо со мене, беше многу отворен. И тој велеше дека неговите корени се наоѓаат некаде во Македонија од каде пред стотина или повеќе години неговите предци печалбареле во Романија. Во текот на разговорот ме покани на ручек по моето враќање од Скопје.
На крајот од оваа средба се согласивме наредниот традиционален ручек да го приреди македонската амбасада во времето меѓу 21 и 31 мај оваа година.
Во 16:00 ме прими министерот во Кабинетот на Квашњевски, господинот Анџеј Мајковски. По госпоѓа Вањек го сметаат за втора влијателна личност. Пријатен почеток на средбата со заемни комплименти. Му го врачив писмото од претседателот Киро Глигоров до претседателот Александер

Квашњевски во кое е содржан предлогот за средба и разговори на највисоко ниво.
Пан Анџеј Мајковски се извини што поради презафатеност претседателот Квашњевски не е во состојба да ме прими, меѓутоа веќе е договорено да се видиме и разговараме на 3 мај на приемот по повод националниот празник на Полска. Изразив надеж дека ќе биде прифатен предлогот на македонскиот претседател Киро Глигоров. Потоа следеше подолг разговор во кој беа истакнати следните прашања:

- Меѓународната позиција на Република Македонија и нејзиното зачленување во меѓународните организации.
- Односите со соседите кои не можат да се оценат како позитивни.
- Честите посети на странски личности, посебно од Запад и САД, нивните притисоци и нашите попуштања заради зајакнување на нашата позиција на меѓународен план. При ова подвлеков дека за жал посетите на полски претставници се ретки, освен веќе извршените политички консултации меѓу двете МНР со посебен акцет на барање формула за името.
- Поопширно зборував за досега остварените многу позитивни контакти со полските институции, договорените спогодби за соработка во сите области, како и за готовноста за воспоставување директни контакти меѓу соодветните министерства на ниво на експерти и министри.
- Забележав дека во врска со формулата за потписите на договорите наидувам на одредено воздржување од страна на полското МНР и покрај срдечните и пријателски контакти и разговори што редовно се одржуваат.
- Во врска со употребата на нашето државно име истакнав дека преписката со сите министерства,

освен со Министерството за надворешни работи и Дипломатскиот протокол, кои ја употребуваат кратенката ПЈРМ, се води со уставното име. Како доказ за ова му врачив коверт со копии.

(Мајковски со внимание ги гледаше копиите, а на неговото лице – израз на изненадување и незадоволство)

- Истакнав дека поради таквиот став блокирано е потпишувањето на веќе изготвените договори и дека аргументите од типот „Грција ја условува Полска“ не држат вода, бидејќи Полска веќе има силна позиција на Запад и во светот.
- Подвлеков дека Полска во изминатите шеесетина години силно ја поддржуваше Македонија, за што доказ е обемната соработка на културен и на стопански план. При ова наброив факти кои го потврдуваат високиот степен на соработка меѓу двете земји.
- Го искажав мислењето дека голема желба ми е да се создава атмосфера на добра волја која ќе ја зајакнува соработката во духот на европските интеграции кон кои се стремат двете земји.

На крајот од разговорот Мајковски изрази задоволство за отворениот и искрен разговор и вети дека содржината на разговорот точно ќе му ја пренесе на претседателот Александер Квашњевски и дека во рамките на неговите надлежности ќе се заложи Полска да стане уште поголем поддржувач на младата македонска држава. Се збогувавме со ветување дека во иднина почесто ќе се среќаваме. Средбата заврши во 17:00 часот.

Се вратив во Амбасадата каде ме чекаше покана од Амбасадата на Литванија за учество на отворањето на изложбата на литванското стопанство. На поканата истакната карта на Европа и на неа обележани границите на СФРЈ и на балтичките републики. Отидов и веднаш побарав да се видам со литванскиот амбасадор. Му ја покажав поканата и го прашав дали знае дека во Европа има држава која се вика

Република Македонија и зошто ја нема на неговата карта? Долго се извинуваше фрлајќи ја вината на службите и вети дека тоа повеќе нема да се случи, тврдејќи дека Литванија со големи симпатии се однесува кон Македонија.
По факс ги добив честитките од македонските државници до полските и веднаш ги пратив до Дипломатскиот протокол на полското МНР.

1 мај 1996, среда

Отидовме на прошетка во шумата Кабати. Времето топло, убава расцутена пролет. Првпат откако сум на должност во Варшава се почувствував смирен, но во главата постојано ми се врти средбата и разговорот со господинот Мајковски.

2 мај 1996, четврток

Прошетка во паркот во Виланов.

3 мај 1996, петок

Денес е Национален празник на Полска. Двесте и пет години од прогласувањето во 1791 година на првиот полски устав (прв во Европа, по американскиот). Со поканата в џеб, во 11:40 веќе бевме на свечената трибина резервирана за Дипломатскиот кор.
Во прекрасно, сончево и топло време, на Плоштадот на победата се одржаа главните свечености. Краток и содржаен говор одржа претседателот Квашњевски. По 12-те истрелани топовски плотуни прекрасно парадираа ешалоните од сите родови на полската војска.
Во 13:30 прием во градината на претседателската палата приреден од страна на претседателот Квашњевски за Дипломатскиот кор.
На приемот ниту еден шеф на политичките партии.

За мене приемот беше необично работен. Имав средби и разговори со поголем број амбасадори. На двапати разговарав со претседателот Квашњевски во присуство на Мајковски. Договоривме да му донесам официјална покана од претседателот Киро Глигоров за да ја посети Македонија. Во текот на целиот разговор го употребуваше само името Македонија. Ми рече дека Мајковски му ја пренесе содржината на разговорот одржан на 30 април и дека лично е заинтересиран Македонија и Полска успешно да соработуваат. Средбата ја обележавме со заеднички фотографии.
Во 16:00 часот се вративме во Амбасадата исполнети со задоволството од мноштвото средби и разговори водени во текот на приемот.

4 мај 1996, сабота

Цел ден сме под впечаток на утрешното патување во Македонија. Се радуваме што неколку дена ќе бидеме со нашите деца и ќе се сретнеме со повеќе наши пријатели.

5 мај 1996, недела

Веќе сме спакувани и исполнети со радост. Одиме во Македонија кај нашите деца. Во 11:30 на пат за аеродромот и во 12:10 полетуваме за Виена. Мирен лет. Пет часа чекаме да полетаме за Скопје. Еден час пред слетување – бура. Над Скопје небото чисто. Слетуваме и се мешаме во нередот. Го преземаме искршениот куфер. Надвор од аеродромската сала – средба со децата. Солзи и радост.

6 мај 1996, понеделник

Во 8:20 во МНР/РМ. Ме изненадија промените. Се гледа дека новата рака направи ред. Сега е пријатно да влезеш во зградата што го носи важното име. Во сите канцеларии –

компјутери. На ѕидовите ги нема големите рамки со ликот на маршалот. Висат уметнички слики, повеќето дела на наши ликовни уметници. Имам впечаток дека влегувам во некоја нова зграда за разлика од таа од која излегов пред година и половина.
Срдечни поздрави со колегите и колешките. Во 10:00 часот во големата сала, чиста и проветрена, почна состанокот на Советот на амбасадорите. Прв говорник Љ. Фрчковски, од неодамна министер за надворешни работи. Ја развива мислата за улогата на МНР. Ми се допадна реченицата:
- Досегашната дипломатија заврши веќе со партизанштината и време е да биде современа, опремена со нов кадар и техника. Потоа дискусија. Прво за збор се јавија вечните дежурни дискутанти, со ист вокабулар како во претходниот режим. Се знаат, кутрите, и лесно се прилагодуваат. Некој би рекол се подлизуваат. Тоа им остана од времето на подобноста, кога беа сè и сешто. Има и умни искажувања во кои денешниот ден се цени како пресвртница во македонската дипломатија. Паднаа многу интересни и умни предлози исполнети со надежен напредок.
Дома се вратив во 22:00 часот.

7 мај 1996, вторник

Втор ден од средбата на амбасадорите и вршителите на работите. Први дискутанти – актуелните министри, луѓе кои во државата допрва ги прават првите чекори и најчесто погрешни. Зборуваат со употреба на многу странски зборови, кои ги донесоа од таму, каде наводно магистрирале, докторирале или се усовршувале, а некои дури и слабо зборуваат македонски, ама се министри. Потоа зборуваат некои од амбасадорите. Во нивната дискусија најважно место заземаат укажувањата на мноштвото недостатоци во контактите со централата и со кадровската опременост.
Во 13:00 часот собир на Водно, вила бр. 1. Средба и работен ручек со претседателот Киро Глигоров, кој пред тоа се

поздравува и ракува со сите. Се држи исправен. Заедничко фотографирање. Претседателот цели 45 минути, стоејќи зборува за внатрешната и надворешната политика, како и за претстојните задачи на македонската дипломатија.
По ручекот отидов на средба во Домот на армијата на Македонија, каде ме прими министерот за одбрана, Благоја Ханџиски, кого го запознав со средбите што ги имав со високи претставници на полската војска кои изразија готовност соодветно да ѝ помогнат на македонската армија.
Вечерта во 20:00 часот работна вечера во Владата. Дома се вратив во еден часот по полноќ.
Скоро два дена одделен од семејството.

8 мај 1996, среда

Цел ден заедно со децата. Редок ден на задоволство и среќа.

9 мај 1996, четврток

Со Паскал Камбуровски, мој школски другар, во неговата викендица во Кучково, инженер металург, еден од директорите во Скопска железарница.

10 мај 1996, петок

Цел ден со семејството.

11 мај 1996, сабота

Во кругот со семејството.

12 мај 1996, недела

Во кругот со семејството.

13 мај 1996, понеделник

Разни состаноци во Министерството и средби со колешките и колегите.

14 мај 1996, вторник

Ме прими министерот за култура, Унковски. Во текот на разговорот ги изнесов планираните активности во врска со соработката со Полска во областа на културата – издавачка дејност, соработка на театрите и оперите, организирање изложби и други активности од областа на културата и уметноста. Рече дека во рамките на неговите овластувања можам да сметам на негова поддршка.

15 мај 1996, среда

Во кругот на семејството.

16 мај 1996, четврток
В
о кругот на семејството.

17 мај 1996, петок

Овој ден, покрај деновите што среќно ги поминав со семејството, ми е многу значаен. Во 11:00 ме прими претседателот Киро Глигоров. Пред тоа имав полчасовен разговор со министерот за одбрана, Благој Ханџиски и потоа разговор со министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Паракеов. Тема: Соработката со слични полски министерства и потребата од заемни посети. Средбата и разговорот со претседателот Киро Глигоров многу срдечен и содржаен. Во детали го запознав со моите активности, како и за состојбите во Полска, нејзиното расположение за активна соработка со Македонија во сите области, како и за тешкотиите што ги имам во соработката и

контактите со МНР/РМ. На крајот од разговорот ме пофали за постигнатите резултати, рече дека можам секогаш да сметам на негова поддршка, а во потешки случаи лично да му се јавувам. На крајот од средбата ми врачи покана за претседателот Квашњевски официјално да ја посети Македонија.

18 мај 1996, сабота

На семеен викенд со Ристо Фиљовски, мој братучед. Во 19:00 семејна вечера во еден од скопските ресторани.

19 мај 1996, недела

Во кругот на семејството. Заеднички ручек и подготовки за враќање во Варшава.

20 мај 1996, понеделник

Веќе сме подготвени за пат. Во 15:30 часот дојде службена кола од МНР/РМ. Во Скопје ќе дојдеме во август. Во 17:00 полетавме за Виена и во 20:00 слетавме во Варшава. Четиринаесетте дена престој во Скопје беа денови на радост, но и денови на напорни средби и убедувања.

21 мај 1996, вторник

Средување на пристигнатата пошта.

22 мај 1996, среда

Одново почнува секојдневната мелница.
Во 12:00 во полското министерство за одбрана. Им ја врачив поканата од македонскиот министер за одбрана тројца полски воени експерти да ја посетат Македонија.

Во 12:30 во полското МНР. Им го врачив писмото од министерот Фрчковски до министерот Росати за средба во Виена на 30 или 31 мај о.г. Ме прими директорот Маргањски. И тука мало недорзбирање. Кога ми пружи коверт адресиран со мала буква „p. Petre Nakovski“, одбив да го примам, велејќи дека тука не сум приватно лице. Пребледе. Се извини и веднаш ковертот го преадресира со целата моја функција. Вечерта коктел во унгарската амбасада. Се сретнав со полскиот министер за одбрана, Добжањски кој се заблагодари за поздравите од министерот Ханџиски и за поканата, и дека му е пренесен разговорот со претставникот на Министерството. Се видов и со Мелер, кој ме замоли деновиве да се видиме.

23 мај, 1996, четврток

Во 11:00 часот во Апостолската нунцијатура. Го испраќаме грчкиот амбасадор на кој му заврши мисијата во Варшава. Се поздравивме како да се познаваме од порано. Пријатен, би рекол пријателски разговор. Му пожелив среќа на новата должност, а тој ми рече дека би бил многу задоволен доколку би се сретнале во Атина, на што му вратив дека уште од сега го поканувам на приватна средба во Скопје.
Во Амбасадата ме чекаше непријатна вест. Ми јавија дека еден од работниците на АЛУМИНА тешко се разболе и има потреба од болничко лекување. Одвај успеав да го сместам во болница, бидејќи со себе немаше документ дека здравствено е осигурен.
Во 18:00 коктел во Амбасадата на Бугарија по повод 24 мај, кој во Бугарија се слави како празник на бугарската просвета. Само се поздравив со амбасадорот Јани Милчаков и излегов со оправдување дека одам на коктел во Сејмот. Таму се сретнав со повеќе амбасадори, а најпријатна ми беше средбата и разговорот со господинот Мајковски.

24 мај 1996, петок

Во 9:00 се јави секретарката на Мајковски и ми пренесе дека Мајковски ќе ме прими на 28 мај (вторник) во 13:00 часот.

25 мај 1996, сабота

Прошетка по стариот дел на Варшава.

26 мај 1996, недела

Имам проблем со возачот. Доцни на работа, колата не е чиста, на паркинзите се расправа со возачите на амбасадорите кои ми се жалат. Син е на амбасадорот Кинецки со кого многу добро се познавам и кој во првите месеци од мојата мисија, многу ми помогна. Незгодно ми е да го отпуштам, но состојбите ме принудуваат. Му реков дека деновиве очекувам да дојде возач од Скопје, па според тоа ќе морам го раскинам договорот. Се навреди и си отиде.

27 мај 1996, понеделник

Во текстовите на договорите за заштита на растенијата и ветеринарната соработка ги внесов исправките од полските експерти. Интегралниот текст по факс го пратив до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

28 мај 1996, вторник

До МНР/РМ пратив скратена верзија од експозето на полскиот министер Д. Росати. Посебно го подвлеков делот од експозето со сугестија да се спомне во разговорите на министрите Росати и Фрчковски на средбата во Виена на 30-31 мај.
Делот од експозето дословно гласи:

„Наша намера е да ги поддржуваме активностите кои го стабилизираат независното битие на Македонија и да ги јакнеме со неа билатералните односи.“

Попладнето на министерот Дариуш Росати му испратив писмо во кое му се заблагодарив за јавно изразената поддршка искажана од говорницата на полскиот Парламент.
Во 13:00 ме прими државниот секретар, господинот Анџеј Мајковски. По вообичаениот краток разговор, му ја врачив поканата од претседателот Киро Глигоров до претседателот Александер Квашњевски со која го кани официјално да ја посети Македонија.
Во текот на веќе службениот разговор ги проширив тезите изнесени на разговорот воден на 30 април о.г.
Господинот Мајковски ме информира дека од претседателот А. Квашњевски добил налог писмено да бара од полското МНР изјаснување во врска со причините за застојот во потпишувањето на договорите за соработка. Од мене побара информација во врска со името ПЈРМ, за што детално го запознав со резолуцијата 817 на Советот за безбедност на ООН.
Во 15:15 во Амбасадата дојде амбасадорот Кинецки. Очекував дека ќе се пожали во врска со раскинувањето на Договорот за работа со син му. Му го дадов остатокот од платата, а тој ми се заблагодари затоа што син му работел во нашата амбасада седум месеци. Мирно се поздрави и си отиде. Повеќе не го видов. Претпоставувам дека е навреден.
Вечерта, по повод Денот на независноста на Хрватска, амбасадорот И. Брнелиќ во Виланов приреди колцерт на сериозна музика. Настапи квартет доведен од Загреб. Со големо задоволство уживав во прекрасната музичка изведба.

29 мај 1996, среда

Во 10:00 на разговор во полското Министерство за одбрана, Управа за меѓународни врски. Подолг разговор со полковник

Габриел Либерацки и тројца негови соработници.
Договорено во периодот од 5 до 10 октомври 1996 година група полски воени експерти да ја посетат Македонија како гости на АРМ.
Национален празник на Република Хрватска. По тој повод вечерта амбасадорот И. Брнелиќ приредува коктел. Прилика за средба со новодојдени амбасадори. Нови познанства и договори за протоколарни посети.

30 мај 1966, четврток

Промоција во 10:00 часот на автобус на „11 Октомври“ од Скопје. Организатор „ПОЛ МАК“. Убава и афирмативна манифестација. Учествуваат претставници на фабриката на чело со директорот.

Во 13:00 средба и разговор во полското МНР по нивно барање. Ме повикаа во врска со претстојната посета на министерот за надворешни работи Д. Росати на Грција. Вообичаено полското МНР практикува такви разговори, со цел да добие сознанија за најновите внатрешни состојби и односите со соседите на земјата домаќин. Пред мене од Министерството излезе албанскиот амбасадор. На почеток забележав дека не би сакал да зборувам за односите на Грција со трети земји. Истакнав дека во односите на Грција со Македонија се забележува видлив подем и при тоа реков дека двете земји потпишаа ред протоколи и во тек се водат преговори за потпишување договори за соработка, давајќи им до знаење дека Полска заостанува зад Грција. Потсетив дека во Скопје се уште нема полски акредитиран дипломат што не е во склад со разменетите ноти за воспоставување дипломатски односи на ниво на амбасади и дека Полска во Македонија е претставувана преку полската амбасада во Белград. Во текот на разговорот пројавија интерес за улогата на УНПРЕДЕП и ставот на Грција. Ветија дека за време на посетата на Росати на Грција, полскиот министер во

разговорот со грчкиот колега ќе подвлече дека во рамките на актуелните меѓународни односи ќе спомне дека Полска ќе ѝ дава поддршка на Македонија во СБ на ООН и ќе го помага нејзиниот стопански развој. На крајот од разговорот ветија дека би сакале да се видиме по враќањето на Росати од посетата на Грција. Прифатив.

31 мај 1996, петок

Во Амбасадата приредив традиционален ручек за група амбаддори. Присуствуваа амбасадорите на: Руската Федерација, Хрватска, Романија, Словенија, Словачка, Чешката Република, Унгарија, Бугарија и Албанија.

1 јуни 1996, сабота

Во Амбасадата дојдоа директорите на ФАС „11 Октомври“. Подолг разговор за соработката со Полска и можностите за нејзин поголем развој и почести средби на ниво на експерти и стопанственици.

2 јуни 1996, недела

На подолга прошетка во шумата Кабати. Попладнето му се јавив на возачот од полското МНР, кој како возач работел во полската амбасада во Тирана да ми најде возач за нашата амбасада. Ќе дојде утре.

3 јуни 1996, понеделник

Во 13:00 часот дојде возачот со кого вчера договорив средба. Му реков дека ми треба професионален, трудољубив, лојален, чист, културен возач со познавање на дипломатскиот протокол. Вети дека по десетина дена ќе доведе таков.
По телефон ми се јави заменикот на генералниот директор на полските Државни архиви, Куровски. Рече дека добиле писмо

од полското МНР според кое не смеат да потпишат договор со името Република Македонија, туку само со кратенката ПЈРМ. Писмото рече, е потпишано од некој Хмјелевски. Очекував таков одговор и при првата прилика на средба со Хмјелевски ќе го потсетам на делот од експозето на министерот Росати во врска со неговиот став за Македонија. Но, во случајот надвладеа политичкиот став, а не желбите за добра соработка. Имам впечаток дека формулата за употребата на потписите долго ќе фрла сенка врз добрите желби. И во овој случај мора да се има трпение и настојување. Засега формулата за потписите е кочница на која силно притиска полското МНР.

4 јуни 1996, вторник

Пак се јави заменикот на директорот на полските Државни архиви. Замоли внимателно да го ислушам. Прифатив. Рече дека поради фактот што не е потпишан меѓувладин договор за културна соработка, кој ја опфаќа и соработката меѓу архивите, предлага двата архиви да потпишат сепаратен договор за соработка на ниво на експерти, во кој би биле внесени основните потреби за соработка, значи размена на искуства, обука и форми на обработка на архивска граѓа и слично. Овој начин би бил практикуван се додека не се најде позитивно решение за формулата за потписите. Во договорот би биле именувани само имињата на архивите, а не имињата на државите.
Во врска со таквиот предлог го потсетив дека архивите се државни институции и ја содржат придавката полски односно македонски архиви. На ова рече дека интересот за соработка и натаму е актуелен и ќе се настојува да се бара решение.
Во продолжение му реков дека наскоро во Охрид ќе се одржи тркалезна маса на која ќе се разговара за архивските проблеми. Добро би било проф. Сковронек да учествува на тој собир, каде со директорот Дојчиновски би се договориле

за формите на соработка. Замолив да ми го прати текстот на изготвениот сепаратен договор. Ми го прати по дваесетина минути, а јас во превод на македонски му го пратив на директорот Дојчиновски.
Ми се јави госпоѓа Виолета Герасимовска, заменик-директор на Архивот на Македонија. И го пренесов разговорот со заменик-директорот на полските Државни архиви. Рече дека го чека предложениот текст и по неговото разгледување одново ќе се јави. Ќе пратат покана за учество на тркалезната маса во Охрид.
Во текот на денот имав уште два телефонски разговори. Од полското МНР ми рекоа дека текстот на Договорот за стопанска соработка преведувачот уште не го донел. Кога ќе го добијат Договорот за стопанска соработка, тогаш ќе испратат покана во Варшава да допатува делегација од македонски експерти.
Ми се јавија од Министерството за култура и уметност и ме известија дека пред еден месец министрите за култура на Полска и Македонија се сретнале во Стокхолм каде македонскиот министер на полскиот му ветил дека ќе му испрати покана за учество на Струшките вечери на поезијата. Поканата се уште не е стигната. Дали поканата е актуелна? За време на мојот престој во Скопје, на средбата со министерот Унковски разговарав и за оваа тема. Тогаш ми вети дека веднаш ќе испрати покана. Се уште поканата ја нема. На соговорникот му реков дека веднаш ќе ургирам и сигурно во текот на најблиските денови ветената покана ќе стигне. И така би. Лично му ја врачив на Министерот.

5 јуни 1996, среда

Вработив нов возач. Плата 350,00 долари.
До 10:00 го завршив преводот на македонскиот текст на Договорот за стопанска и трговска соработка.
Во 10:30 заминав на пречек во дворот на претседателската палата на италијанскиот претседател, Скалфари. Возачот ја

погреши улицата. Вртеше по споредни улици, но стигнавме на време. Од левата страна веќе построен беше целиот Дипломатски кор. На брзина го најдов моето место во стројот.
По официјалниот пречек, за време на поздравувањето со Дипломатскиот кор, претседателот Квашњевски за миг се задржа и поздравувајќи се со мене, ми рече дека срдечно благодари за поканата од претседателот Киро Глигоров да ја посети Македонија. Додаде дека неговите соработници идната недела ќе се договорат со мене за времето на официјалната посета.
Најпосле нешто што задоволува.
Во Амбасадата ме чекаа две телеграми од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со кои министерот Паракеов го кани полскиот министер официјално да ја посети Македонија во времето од 30 јули до 1 август 1996 година.
Денес во „НОВА МАКЕДОНИЈА“ прочитав дека Габер му ги предаде акредитивите на италијанскиот претседател. Си отиде од МНР/МР човекот кој на свој начин се залагаше за подобрување на македонско-полските односи.

6 јуни 1996, четврток

Денес во Полска голем католички празник. Возачот не дојде на работа. Отиде на литија. Уште од почетокот покажа самоволност. Размислувам да го сменам.

7 јуни 1996, петок

И денес возачот до пладне не дојде на работа. Се јави вечерта. Рече дека бил на гости каде испи малку повеќе и затоа не дојде на работа. Го предупредив дека може да си бара друга работа.
По факс добив одговор од Дојчиновски, директор на Архивот на Македонија во врска со предлогот на полскиот колега. Не

е задоволен. Му се јавив и му реков дека на 12 јуни на Конференцијата во Охрид двајцата директори ќе имаат прилика за разговор и договор.
Стигна писмо од министерот Фрчковски до полскиот министер, Росати. Во понеделник ќе му го врачам.

8 јуни 1996, сабота

Во Варшава многу топло, плус 33 степени. Средување на белешките од средбите.

9 јуни 1996, недела

пишување.

10 јуни 1996, понеделник

Возачот дојде по 11:00 часот. Побара зголемување на платата до 500,00 американски долари. Му реков таква плата да бара на друго место и учтиво го замолив да ја напушти Амбасадата, а пред тоа му го исплатив остатокот од платата за тековниот месец. Го побарав поранешниот возач кој работел во полската амбасада во Тирана. Му реков дека неговиот пријател веќе не работи кај мене и ако има некој друг кандидат, тогаш нека дојде со него на разговор. Дојдоа попладне. Му реков кои се условите и договоривме за 400,00 долари плата и уште денес може да почне со работа. Се согласи, велејќи дека добро ќе работи и дека одлично ја познава Варшава. Го примив.
Во 13:00 часот на средба кај господинот Јаќелињски. Ме пречека госпоѓа Марија Заваska, која е задолжена за контакти со Македонија. Му ја предадов поканата од министерот Паракеов. Ја потврди датата за официјалната посета на Македонија 30-31 јули-1 август 1996 година. Ќе патува со специјален авион. Ми предложи да го придружувам. Заваska го покрена прашањето за договорите.

Рече дека може да има тешкотии од страна на полското МНР во врска со името. Јаѓелињски рече дека ќе се најде компромисно решение. Подвлеков дека на посетата ѝ придаваме големо значење, па оттука нејзиниот успех ќе зависи и од потпишувањето на договорите. За посетата го известив Паракеов.
Се јавив во Министерството за одбрана на Република Македонија. Полковникот Николовски на важен состанок. Дежурниот офицер рече дека наскоро ќе добијам одговор во врска со доаѓањето во Варшава на група воени експерти.
На Огнен Малевски по телефон му ја честитав новата функција во МНР.

11 јуни 1996, вторник

Секретарката ја замолив да му се јави на поранешниот возач, Адам, да го замоли да го донесе јарболот за знамето од колата. Тој рекол дека ќе го донесе ако му бидат платени 450,00 американски долари. Возачот на чешкиот амбасадор ми донесе јарбол за 20 злоти.
Му се јавив на Ерол Хасан, помошник за економски прашања во МНР. Рече дека делегацијата за стопански односи со Полска од Македонија ќе пристигне во Варшава на 15, а разговорите за трговија ќе се водат на 16 и 17 јуни.
Најпосле по повеќе испратени телеграми од МНР ми ја испратија белешката во врска со разговорите на министрите Фрчковски и Росати во Виена. Пишува:

„Во врска со разговорите меѓу министрите Фрчковски и Росати во Виена на 1 јуни 1996, покрај останатото, беше заеднички констатирана неопходноста за потпишување на билатералните спогодби.
Министерот Росати во таа прилика потврди дека од македонската страна повеќепати предложената референца („За македонската влада“ и „За полската влада“) е за нив прифатлива.

Се разбира вие и понатаму инсистирајте на потпишување под уставното име или „За Владата на РМ“ и само во случајот да не ги прифатат овие варијанти, би ја прифатиле третата варијанта. Она што е релевантно, е страните потписнички да бидат истоветно именувани. Малески. с.р.“

Ова многу ми треба во понатамошните разговори. Сега можам да зборувам поинаку.
Со писмото од министерот Фрчковски и со овој документ во 15:30 побарав средба и отидов кај Маргањски, директор на Департментот Европа I. По вообичаениот поздрав, му реков:
- Сакам да го ви го пренесам задоволството од многу позитивните разговори меѓу министрите Фрчковски и Росати водени во Виена. Драго ми е што е постигнат позитивен договор за потпишување на договорите. Во продолжение подвлеков дека Република Македонија веќе има потпишано повеќе билатерални договори со уставното име и тоа со земјите членки на Европската Унија – Франција, Австрија, Данска и Шведска и дека во исто време потпишала повеќе протоколи со Грција. Подвлеков дека Македонија очекува таква постапка и од страна на Полска кон Македонија, која секогаш се однесувала со неограничен пиетет и признание спрема Полска и таквите чувства и натаму е неопходно да се негуваат.
Соговорникот се согласи со таквите размислувања и уште еднаш замоли за трпение, подвлекувајќи дека и на Полска ѝ е потребно разбирање во односите за одделни аспекти од нејзината надворешна политика.

12 јуни 1996, среда

Во 10:00 часот ме прими Рапацки, директор во Канцеларијата на претседателот Квашњевски. По вообичаениот поздрав, со сува насмевка ме праша:
- За што ќе разговараме? За каква цел?

Се почувствував непријатно, но со напор му се заблагодарив за приемот и во продолжение го запознав со разговорот што го имав на 5 јуни о.г. со претседателот Квашњевски за нашата желба официјално да ја посети Република Македонија на што ми одговори дека прифаќа и во врска со тоа да сум во контакт со неговите соработници. Му реков:
- Господине директоре ова е целта на мојата посета.
- Тоа и го очекував - рече. - Прифатливо. – Стана и од фиоката на неговата маса извади еден голем тефтер, го отвори, малку го прелистуваше и рече:
- Во врска со посетата предлагаме два термини. Првиот меѓу 12 и 16 ноември и вториот меѓу 10 и 14 декември. Посетата, драг пријателе, мора да има прецизно одредени цели. Ние ја предлагаме следнава програма на посетата. Политички разговори меѓу претседателите, говор на претседателот Квашњевски во Собранието на Македонија, билатерални разговори со стопанственици, културна манифестација низ која би биле одразени полско- македонските културни врски, средба на Претседателот со студентите и младината, потпишување договор за пријателство и соработка, средба со полската колонија. Ова се само предлози за кои ќе треба да се договориме. Во наредните 48 часа пак ќе се сретнеме.
Се заблагодарив за разговорот и се вратив во Амбасадата.
Во 16:30 на коктел во амбасадата на Руската Федерација, а пред тоа во 11:00 во Апостолската нунцијатура испраќање на бугарскиот амбасадор и амбасадорката на Канада. Во 18:00 на прием во Амбасадата на Словачка по повод доаѓањето во Варшава на претседателот на словачкиот парламент. Многу разговори и контакти.

13 јуни 1996, четврток

Најпосле заврна. Врнеше цела ноќ. Голем пад на температурата. Од 30-33 падна на 15-17 степени.
Во 11:45 во Министерството за култура и уметност. На заменик- министерот Полак му ја врачив поканата од

министерот Унковски, официјално да ја посети Македонија заедно со сопругата и како негов гостин да учествува на Струшките вечери на поезијата. На заменик-министерот Јанас, со кој одделно се сретнав, му подарив шише „Жолта“. Во подолгиот разговор ми вети дека со финансирањето за издавање на Антологијата на македонската современа поезија нема да има никакви финансиски проблеми. Рече дека на издавачката куќа парите ќе ѝ бидат префрлени во текот на утрешниот ден.
Дневниот весник „RZECZPOSPOLITA“ објави куса информација за посетата на министерот Росати на Грција. Целта на посетата беше да ја придобие наклоноста на Атина за влегување на Полска во ЕУ и НАТО. Договорија да потпишат договор за пријателство и соработка, а во текот на годината грчкиот претседател официјално да ја посети Полска.
Стигна покана од Амбасадата на Белорусија за посета на Беловеската прашума. Прифатив**.**

14 јуни 1996, петок

Во 11:30 од Шчечин ми се јави Томе Димитриу, мој близок пријател и доселанец од костурското село Долно Папратско, кое сега не постои, како и моето, кои во 1948 година ги пеплоса Граѓанската војна. Како деца заедно бевме во Албанија, Романија и Полска. Заедно растевме и учевме. Средното образование тој го заврши во Шчечин, а јас во Вроцлав. Живеевме во детски домови и интернати сè до нашето осамостојување, веќе како возрасни младинци. Тој се ожени со Полјачка, си го прими грчкото државјанство и честопати поради трговски цели патуваше во Грција. Томе најсрдечно ми го честита отворањето на македонската амбасада во Варшава, а посебно се радуваше што јас ја водам. Му ветив дека на првиот организиран прием во Амбасадата ќе го поканам да ми биде еден од почесните гости. По неколку дена му пратив покана. Томе не дојде на

приемот. Од жена му добив телеграма со која ме извести дека Томе чекајќи пред касата за да купи возен билет за Варшава, од срцев удар почина на железничката станица во Шчечин. Болката и солзите не ги криев. За миг се почувствував осамено бидејќи кога заминува пријателот, тогаш заминува и дел од тебе. Тивко, многу тивко, заедно со сопругата, која и таа го познаваше, рековме: Томе, драг, почивај во мир далеку од твоето родно Долно Папратско и нека ти е лесна полската земја...

15 јуни 1996, сабота.

Мој роденен ден. Веќе имам забележано како ми е сменет денот на моето раѓање и затоа сега нема да повторувам. Секоја година скромно го одбележуваме.

16 јуни 1996, недела

Цел ден врне. Ги средувам белешките.

17 јуни 1996, понеделник

Денес сум без возач.
Од градоначалникот на Варшава стигна покана за учество на централната прослава на 400-тата годишнина од пренесувањето на полската престолнина од Краков во Варшава. Во поканата стои – задолжителен смокинг, бела кошула и црна вратоврска, а сопругите во долги фустани. Овој пат, како пред година, не позајмив смокинг, туку попладнето отидовме во центарот со сопругата и купивме смокинг по моја и по мерка на сопругата.

18 јуни 1996, вторник

Во текот на денот повеќе телефонски разговори. Се повеќе јавувања од фирми со барања да воспостават соработка со

македонски фирми. Се јави и туристичка фирма која бара контакт со македонска. Во врска со тие барања, праќам телеграми до МНР/РМ, ама одговор нема.
„ВИТАМИНКА“ од Прилеп – се јавија по факс со долга листа на понуди. Викнав претставници на две полски фирми и им ги дадов понудите. Прифатија соработка, нудат формирање заедничка фирма, рекоа дека ќе поканат делегација. Во наредните денови и месеци не сум добил информација за ветената соработка.
Во попладневните часови дојде еден господин и по препорака на негов добар пријател, возач во германската амбасада, се понуди да биде вработен како возач. Долг разговор, всушност отворена истрага. Му реков дека ќе размислам и да се јави утре.

19 јуни 1996, среда

Дојде кандидатот за возач. Му кажав кои се моите барања. Му понудив 350,00 долари месечна плата, а по месец дена, можно е да му ја зголемам. Прифати. Му го дадов клучот од колата. Не видов дека е многу заинтересиран.

20 јуни 1996, четврток

Во 13:12 по телефон се јави директорот Рапацки од претседателската канцеларија. Потврди дека во врска со посетата на претседателот Квашњевски на Македонија предвид доаѓа ноември оваа година. Во понеделник (24 јуни) најдоцна во вторник одново ќе се јави и ќе го потврди конечниот датум на посетата.

21 јуни 1996, петок

Од МНР/РМ деновите нема никакви одговори на моите телеграми. Ми останува стрпливо да чекам.

Во 17:00 часот учество на промоцијата на изборот песни под наслов „ВО ТОЈ СТРАШЕН МИГ“. Во салата на Домот на литературата околу 50 луѓе. Хрватите во Варшава се многу активни во однос на својата афирмација – честопати организираат изложби, концерти, промоции на преведени книги. Денешната промоција е во духот на незаборавот, ама и омразата. Песните што се внесени во изборот се одраз на хрватскиот патриотизам и хрватската омраза која повикува на пресметка и расплата.
Кому тоа му е потребно, шепотат некои од присутните. Поради здравствени причини на коктелот што го организира ОБСЕ не отидов.

22 јуни 1996, сабота

Врнежливо и студено. Излегување само до продавница. Од средбите и разговорите ќе одморам, ама нема и од пишувањето.

23 јуни 1996, недела

Мирен ден, без ѕвонење на телефоните, само грачење на гаврани, големи како кокошки, грачат на високите дрвја во дворот на манастирската катедрала. Доцна е. Гледаме вести и на крај и оваа вест: починал Андреас Папандреу.

24 јуни 1996, понеделник

Се јавив во МНР/РМ и во врска со смртта на Андреас Папандреу побарав инструкција дали до грчката амбасада во Варшава да испратам телеграма со сочувство или да одам и да се потпишам во книгата на жалоста? Одговор во текот на денот не добив. Самоволно одлучив да одам во грчката амбасада, така како што отидоа сите амбасадори и во книгата на жалоста напишав неколку реченици на сочувство и се

потпишав со големи букви - во име на Амбасадата на Република Македонија во Варшава.
Најпосле стигна одговор од Министерството за одбрана на Република Македонија. Полските воени експерти ќе бидат прифатени во Скопје во времето од 5 до 9 август о.г. Го побарав полковникот Либерацки во полското министерство на национална одбрана и му ја пренесов веста. Ми вети дека до 27 јуни ќе ми испрати точна информација за денот на заминувањето на полската делегација.
Во 16:00 ручек во хотелот „СОБЈЕСКИ“ со уредникот на „RZECZPOSPOLITA“, Мачек Лукашевич, заменик на главниот уредник. Во текот на разговорот ми вети дека во весникот ќе објавува сè почесто информации за Македонија.
Потоа од 18:00 до 19:30 на коктел во Амбасадата на Шпанија. Прекрасна зграда, изградена на купена парцела, цела обложена со бел мермер, убаво уредена градина. Стара и тоа со векови колонијална држава мора да има многу туѓи пари за таква убавина. Знаеме од каде и од кого. Ние допрва почнуваме, та затоа сме кирации. Белки по некое подолго време во иднина ќе имаме своја зграда обложена со бел прилепски мермер.

25 јуни 1996, вторник

Во 10:45 во дворот на претседателската палата пречек на украинскиот амбасадор, а во 11:15 разговор со Ворољецки, директор на Управата за ООН во полското МНР. Во подолгиот разговор во врска со договорите го изнесе мислењето дека мора да се оди на компромиси. Му реков дека долгото одолговлекување внесува доза на негативно расположение, но ние и натаму ќе бидеме стрпливи, бидејќи сакаме односите меѓу двете земји и натаму позитивно да се развиваат. Разговорот го завршивме со ветување дека и натаму ќе бараме позитивно решение.
На коктелот (18:00-19:00) што го приреди Амбасадата на Словенија. Имав подолг разговор со амбасадорот

Хмјелевски. И овој пат прашањето на потписите беше главна тема. Во текот на разговорот го прашав какви се впечатоците од посетата на министерот Росати на Грција? Рече дека полската страна цени дека не се постигнати целите на посетата, па според тоа ја ценат како неуспешна.
На коктелот имав прилика да се запознаам со министерот за образование, господинот Јежи Вјатр кој изрази готовност поблиску да се запознае со образовниот систем на Македонија и за таа цел е расположен официјално да ја посети Македонија во втората половина на август годинава. Му ветив дека неговата желба уште во текот на утрешниот ден ќе ја пренесам во МНР/РМ со молба што побрзо да биде препратена до македонското Министерство за образование, кое сигурно ќе ја прифати неговата посета.

26 јуни 1996, среда

Во 9:30 разговор во полското Министерство за транспорт во врска со барањето и предлогот на нашето министерство, кое бара 1 000 дозволи и средба на експертско ниво за водење разговори за потпишување договор од оваа област. Ми беше речено дека полската страна во текот на овој месец ќе додели 500 дозволи, а подоцна уште 500. Предложија нивна делегација да престојува во Македонија во времето од 5 до 7 септември о.г.

27 јуни 1996, четврток

Телефонски разговор со Рапацки, директор во Канцеларијата на претседателот Квашњевски во врска со планираната посета на Македонија. Рапацки ме разочара. Рече дека во ноември Квашњевски ќе оди во Рим на состанок на ФАО и во врска со тоа цени дека најдобро би било посетата да се одложи за пролетта 1997 година. Во врска со ова прашање се договоривме да бидеме во контакт.

Во 13:30 ми се јавија од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Зборуваше некоја Владанка од правната служба. Рече дека била во МНР/РМ каде зборувала со Бранко Стојановски и заедно нашле некои пропусти во текстот на Договорот. Знаев дека Стојановски ќе мати. Рече дека меѓуресорскиот договор нема да се потпише, бидејќи според Стојановски е „празен“. Ѝ реков дека негова обврска е да ја пополни празнината, а ако не знае како, тогаш нека се консултира со тие кои знаат, а јас за тоа не одлучувам.
Од Прага на моја сметка ми се јави Веле Смилевски, кој таму работи како лектор по македонски јазик. Рече дека делегација од ученици од една скопска гимназија ќе допатува во Варшава и ќе учествува на семинар посветен на матурата. Побара да им помогнам. Му реков да ми се јават кога ќе стигнат во Варшава и ќе постапам според моите надлежности**.**
Во врска со Договорот за кој зборувавме погоре, му се јавив на Стојановски и му реков заеднички да го прегледаме текстот на Договорот. Му читам и истовремено го прашувам:
- Ова важи?
- Не важи.
- Ова важи?
- Важи, а и тоа погорното важи. Продолжи.
- Бранко - му велам – па нека остане тоа што важи, а тоа што не важи, бриши го и предложи нешто ново.
- Во право си.
- Ако е така тогаш јави ѝ се на Владанка и кажи ѝ го тоа што мене ми го рече. Крај на разговорот.
Во 18:00 коктел во Амбасадата на Бугарија. Испраќање на амбасадорот. Малку луѓе. Се поздравувам со амбасадорот Јани Милчаков, му пожелувам успех на новата должност и честопати да се потсетува на нашите заеднички средби и разговори, кои понекогаш имаа и вкус на горчина.

28 јуни 1996, петок

Од МНР/РМ ме известија дека како замена ќе дојде Ѓорѓи Мисајловски. Не ми е по ќеф, но не одлучувам јас иако порано најавив дека таков само штета ќе направи бидејќи не е почитуван во полското МНР. На О. Малески му реков подобро е да пратат некој друг. Ми рече дека е веќе одлучено и дека некој во МНР/РМ многу го поддржува.

29 јуни 1996, сабота

Денес навршуваат 37 години од нашиот брак.
Со здравјето не сум најдобро. Цел ден останав в кревет.

30 јуни 1996, недела

Врне, истура. Во 20:50 на аеродром да ја пречекам Веселинка Иванова, која ќе учествува на Меѓународен семинар за образование. На спиење остана во Амбасадата.

1 јули 1996, понеделник

Разговор со Либерацки во полското Министерство за одбрана. Ме информира дека до 10 јули ќе ми го достави списокот на делегацијата која ќе патува во Скопје и забелешките во врска со спогодбата.
Се јавив кај Рапацки (Канцеларија на претседателот). Договоривме средба за утре (2 јули) во 10:00 часот. Мисајловски ми прати „Оперативно писмо“ полно со потсетувања, поуки и пофалби.
(Интегралниот текст во ракописот на дневникот (тетратка бр.2, стр. 284).

2 јули 1996, вторник

Од Министерството за земјоделство на Република Македонија ми ги доставија по факс текстовите на договорите. Закажав состанок во полското Министерство за

земјоделство за утре во 10:00 часот. Ѝ се јавив на госпоѓа Борковска во Министерството за стопанство и таа потврди дека разговорите на експертско ниво можат да се одржат од 1 до 10 септември .о.г.
Ми се јави господин Малаховски од Стопанската комора и рече дека на 10 јули можна е средба со потпретседателот на Сејмот. Во 10:00 часот на разговор во Канцеларијата на претседателот Квашњевски. Рапацки го информирав дека од наша страна се прифатени предлозите изнесени на средбата одржана на 13 јуни. По оваа средба во Апостолската нунцијатура. Испраќаме двајца амбасадори.
По факс стигна телеграма од Министерството за образование со следната содржина:

„До Амбасадата на Република Македонија, Варшава
Почитуван г. Наковски
Благодариме на преземените чекори и на Вашата иницијатива г. Јежи Вјатр, министер за образование на Полска да престојува во Македонија. Ја користиме оваа прилика да известите дека ни претставува задоволство да му бидеме домаќин на г. Вјатр и да водиме разговори за соработка на планот на образованието меѓу двете земји, за регулирање на договорната соработка и некои конкретни иницијативи. Покрај разговорите, доколку тоа го дозволи расположивото време, на г. Вјатр ќе му биде организирана посета на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и на некои културно-историски споменици, според пројавениот интерес.
Молиме да нè држите во тек со натамошните чекори што ќе ги преземете во оваа смисла и да го допрецизирате терминот на посетата.
Прилог: покана.
Министер
д-р Софија Тодорова, потпис, печат“

Поканата ја преведов на полски јазик и потоа се јавив во Министерството со молба да ме прими министерот Бјатр, со цел да му ја врачам поканата од министерката д-р Софија Тодорова. По кратка пауза ми рекоа дека господинот министер Бјатр со задоволство ќе ме прими утре во 12:00 часот.
Разговорот во полското Министерство за земјоделство одложен за в четврток (4 јули) во 10:00 часот.

3 јули 1996, среда

Во 12:00 часот ме прими Министерот за образование г. Јежи Бјатр. Изрази задоволсто за добиената покана да ја посети Македонија истакнувајќи дека ќе може да ја реализира во текот на овој месец за што ќе известат до 12 јули и ќе достават свој нацрт-текст на Договорот за соработка. На крајот од средбата замоли да ѝ се заблагодарам на министерката за поканата и дека со задоволство ќе допатува во Македонија.

4 јули 1996, четврток

Три часа траеше усогласувањето на текстовите на двата договори. Не успеавме да ги усогласиме. Се договоривме да продолжиме утре.

5 јули 1996, петок

Продолживме со усогласувањето на текстовите на договорите. Наоѓаме многу разлики, па оттука предложив во текот на оваа седмица да ги преведам полскиот текст на македонски и обратно македонскиот на полски и двата текстови да ги усогласуваат експерти. Прифатено.
Вечерта во 19:00 во Амбасадата дојдоа двајца господа, кои се претставија како членови на полскиот парламент и при тоа ми ги покажаа членските легитимации. Во подолгиот

разговор истакнаа дека имаат намера да формираат полско-македонски парламентарен клуб. Ја пофалив идејата. На заминување ми оставија свои визит-карти. Наредниот ден во Канцеларијата на Сејмот проверив дали се членови на Сејмот. Добив потврден одговор. Им се јавив и договорив да се сретнеме.

6 јули 1996, сабота

Утрото, во 7:00 часот на аеродром ја испративме Иванова, која учествуваше на семинарот за образование. Ѝ дадов писмо за министерката д-р Софија Тодорова.

7 јули 1996, недела

Не работам ништо. Одморам читајќи весници и списанија.

8 јули 1996, понеделник

Во 12:30 во Сејмот. Со Боравски го договоривме терминот за официјалната посета на претседателот на Собранието на Република Македонија, Тито Петковски, на Полска. Договорен е терминот од 7 до 10 октомври 1996. Делегацијата на полското Министерство за земјоделство за Скопје со владин авион ќе полета на 30 јули 1996.
Во 19:00 вечера приредува амбасадарот на Чешката Република. Присутни: Украина, Македонија, Словачка, Литванија, Романија и од полското МНР Мелер, Хмјелески и Маргањски. Во текот на вечерата амбасадорот Хмјелевски ми рече дека има точен запис од средбата на министрите Фрчковски и Росати во Виена. Зошто мене не ми е испратен запис? Договоривме средба во петок, 12 јули.

9 јули 1996, вторник

Во 11:00 испраќање на Претседателот на САД.

Во Министерството за образование ургирав на лекторот по македонски јазик, Лидија Танушевска, да ѝ се продолжи работата на Шлескиот универзитет.
Во 12:00 во Министерството за култура и уметност. Во отсуство на министерот Подкањски, поканата од министерот Унковски му ја врачив на неговиот заменик. Ја избраа варијанта посетата да се одржи за време на траењето на Струшкикте вечери на поезијата.
Од македонското Министерство за земјоделство јавија дека сите забелешки во врска со текстовите на договорите се прифатливи. За ова го известив полското Министерство за земјоделство.

10 јули 1996, среда

Во 17:00 ручек со потпретседателот на Сејмот и претседателот на Стопанската комора на Полска. Разговорот во врска со актуелните стопански односи меѓу двете земји.
Од полското Министерство за образование јавено ми е дека министерот Бјатр за Скопје ќе патува на 31 јули со редовен авион преку Виена.

11 јули 1996, четврток

Ден на ГОЛЕМА РАДОСТ. Ни се роди внука. По телефон ја побарав Тања во болницата и радосно ѝ честитавме. Цел ден сме под влијание на големата радост. Сопругата се вдаде во пржење питулици.
Известен сум од полското Министерство за образование дека терминот за посета на Македонија на министерот за образование, Јежи Бјатр, е променет. Предлагаат посетата да се одржи од 21 до 23 јули. Ми го доставија и текстот на Договорот за соработка. Од македонското министерство прифатен новиот термин.

12 јули 1996, петок

Ме измачува (изгледа премогу сум оптоварен со тоа) прашањето на договорите за чие потпишување единствена пречка е името. Не можам да се ослободам од впечатокот дека двете страни ја носат одговорноста. Габер и Мисајловски од наша страна со своето настојување договорите да се потпишуваат како со Германија и од другата страна Хмјелевски од полското МНР, кој заедно со некој друг, настојува да се применува потписот со ПЈРМ. Постапката на Департментот Европа I на полското МНР, според моја оценка, не е ништо друго, туку одбрана од грчките закани, според кои ако Полска договорите ќе ги потпишува со уставното име или во некоја друга форма блиска на уставното име, тогаш грчкиот парламент ќе стави вето за прием на Полска во НАТО и во Европската Унија, национални цели на Полска, чија дипломатија сега, во новите, посткомунистички времиња и превирања е ангажирана во одбраната на државните интереси и на местото на Полска во Европа.

Не еднаш на средбите сум му велел на амбасадорот Хмјелевски дека грчкиот став е чин на отворена и агресивна закана, додавајќи дека ако полското МНР ќе настојува на тврдиот став договорите да се потпишуваат со ПЈРМ, тогаш на тој начин ја поддржува Грција во блокирањето и дестабилизацијата на Македонија. Тогаш ме гледаше налутено и тврдеше дека од секогаш е голем приврзаник и поддржувач на Македонија, но во државните интереси, личните чувства не се земаат предвид.

Амбсадорот Хмјелевски не беше многу почитуван од дипломатите на поранешните источно-европски комунистички земји, посебно од Романија, Чешка, Унгарија и Словачка, кои тоа отворено ми го кажуваа, но јас го ценев и почитував поради неговиот многу позитивен став кон Македонија што во разговорите со мене отворено ја искажуваше својата наклонетост, тврдејќи дека понекогаш во врска со таквиот негов однос, се судрува со некои личности

од Министерството. Имам причина да му бидам благодарен, бидејќи од него на крајот од декември 1994 година, при еден мој службен престој во Варшава, ја добив информацијата за собирот на претседателите на европските земји во врска со 50-тата годишнина од ослободувањето на Аушвиц што на 24 и 27 јануари 1995 ќе се одржи во Краков со посета на логорот и неговите настојувања на тој собир да биде поканет и Претседателот на Македонија. При честите средби и разговори во неговиот кабинет ме молеше да зборувам на македонски, што беше негова желба да го збогатува македонскиот јазик, кој покрај основниот предмет - српскиот јазик - на неговите студии на Варшавскиот универзитет, слушаше и предавања за македонскиот јазик, па оттука и неговото доволно и задоволително зборување на македонски јазик. Имаше слабост кон Македонија, ја сакаше, но во службата што ја вршеше, ги почитуваше нејзините правила. Во дипломатијата основна игра е играта на одбраната на државните интереси. На ова правило и двајцата се придржуваме со должна заемна почит иако имаше и мигови кога се расправавме, но никогаше не ја пречекоривме границата на пристојноста.
Денес од информација објавена во „Нова Македонија“ дознав дека е потпишан договор тежок 22 милиони марки за формирање македонско-турска мешовита банка. Договорот е потпишан во Анкара на турски и во превод на бугарски јазик. Големо негодување во Скопје.
А ние тука во Варшава, во виорот на прашањата за кои се расправаме, заборавивме декаденес е Петровден.

13 јули 1996, сабота

Убав сончев ден. Изгреан за прошетка. Пред Амбасадата застана кола и од неа излезе Дота и целото нејзино семејство. Потоа стигна уште една кола од која излегоа двете сестри близначки - Лена, дојдена на видување од Канада и Ксантипа, со кои како деца бевме во ист детски дом и заедно во иста

училница учевме до завршувањето на основото образование. Потоа долги години на разделба. Многу возбудливи се миговите кога по долги години се сретнуваш со пријатели кои веќе чекорат кон шеесеттите години од животот, без да го забораваат мачниот и тежок детски чекор кон границата во март 1948 година. Очите тонат во солзите и радоста е ем голема, ем тажна.
Не канат заедно со нив да одиме во нивната викендичка надвор од Варшава. Прифаќаме. За време на целото возење, од касета слушаме македонска народна музика и песни од валандовските фестивали. Се чувствуваме како да сме во Македонија.
Покрај шумата и зелената ливада во смеа и македонско оро поминавме еден прекрасен редок ден што долго ќе го паметиме.

14 јули 1996, недела

Во 10:00 во Амбасадата дојде Јакса Малаховски од Стопанската комора на Полска. Разговараме за можностите за стопанската соработка меѓу Полска и Македонија.
Се јави г-ѓа Заваска од Министерството за земјоделство. Рече дека најверојатно министерот Јаѓелињски со делегацијата ќе лета за Македонија со редовната линија преку Амстердам и тоа на 30 јули, а ќе се враќа на 2 август во 7:00 часот. Во врска со тоа, програмата за посетата што ја добив од македонското Министерство за земјоделство ќе мора да се промени.
Моите неколкукратни телефонски обиди да стапам во контакт со Рапацки завршија со неуспех. Секретарката рече дека е отсутен и веројатно ќе се врати по два часа и тогаш таа ќе се јави. Сличен е и случајот со полковникот Либерацки од полското Министерство за одбрана. Конечно околу 15:00 успеав да го добијам на телефон. Се оправдуваше дека бил во странство, но наредил договорените информации да ги

изготви неговиот колега и се чуди човекот што се уште не ми се доставени.
На ТВ слушнав дека во Љубљин настапи културно-уметничко друштво од Македонија. За престојот и настапот Амбасадата не беше известена.
Се јавив во МНР/РМ и потсетив дека се уште не е доставена нота во врска со нашата кандидатура за непостојан член во Советот за безбедност на ОН. Ми ветија дека ќе проверат и веднаш ќе јават. За жал одговор не стигна.

15 јули 1996, понеделник

Од полското Министерство за национална одбрана го потврдија терминот за посетата на министерот Благоја Ханциски на Полска – од 5 до 6 август 1996. Исто така го потврдија и составот и терминот за посетата на Македонија на полските воени експерти – од 8 до 9 август 1996 година.
Се јави г-ѓа Zabaska од Министерството за земјоделство и ја побара програмата за посетата на полскиот министер. Ѝ реков дека во секој момент чекам да ми стигне и веднаш ќе ѝ ја доставам. Чекам, а таму во Скопје изгледа не им се брза.

16 јули 1996, вторник

Во 17:00 на средба (парти) во резиденцијата на амбасадорот на Руската Федерација во излетничкото место Констанчин, надвор од Варшава. Прекрасно место опколено со шума, неколку згради, големи дворови со украсни грмушки и спортски игралишта. Присутни дваесетина амбасадори кои во мали групи шетаат меѓу цветните алеи, изненадени од големината и опремата на резиденцијата.

17 јули 1996, среда

Му се јавив на словачкиот амбасадор и му забележав дека сум изненаден од фактот дека поштата што ми ја прати е

адресирана со ПЈРМ, што порано не се практикуваше. Рече дека е изненаден и дека е сигурен дека тоа е грешка на секретарката или на неговиот заменик. Се извини и истакна дека тоа пак нема да се повтори. Секоја пошта во иднина ќе биде адресирана со уставното име.
Се јавија од Министерството за земјоделство во врска со пристигнувањето на полската делегација и побараа информација во колку часот авионот ќе слета на скопскиот аеродром.
Се јави г-ѓа Заваska и рече дека најверојатно полската делегација ќе лета со специјален авион. На македонското Министерство за земјоделство му сугерирав да ја разгледаат можноста авионот со полската делегација да слета во Охрид од каде би почнала и посетата на Македонија. Сугестијата ја прифатија двете министерства.
Од МНР/РМ ми јавија дека треба да ѝ се придружам на полската делегација. За ова го известив Дипломатскиот протокол кој одобри да патувам со истиот авион.
Попладнето соседот ми рече дека веќе неколку денови околу Амбасадата се вртат сомнителни лица. Во врска со тоа испратив нота до Дипломатскиот протокол со молба да се зголеми можноста за безбедност и заштита на Амбасадата. Ми се чини дека колата е предмет на интересирање.
Од Амбасадата на СР Југославија ми јавија дека ја расчистуваат библиотеката и најдоа доста голем број македонски книги и прашуваат што да прават со нив. Реков дека сум заинтересиран да ги видам. Се договоривме да одам во 12:00 часот. Ме примија пријателски, разговаравме за односите меѓу Македонија и Југославија, обострано потврдувајќи дека се развиваат задоволително, како и за состојбите во регионот. Велат дека не можат да се оценат како позитивни и се сомневаат дека во наредните најблиски години може да се очекува дестабилизација, особено во односите Србија-Косово што може да има и негативно влијание во Македонија поради сè поагресивното однесување на Албанците. Не чекаа на мој коментар, па и јас не бев

расположен да се внесувам во настани кои е можно дека допрва ќе се случуваат. Во продолжение од разговорот, соговорниците искажаа големо незадоволство од односот на одредени личности од полското МНР спрема некои членови од нивната амбасада. Разговорот го прекина еден службеник кој нè покани да преминеме во просторијата каде се наоѓаат книгите. Превртувајќи ги растурените книги, меѓу нив ја најдов поемата „РОБИИ“ од Венко Марковски, печатена во 1944 година и се уште со неисечени страници, што значи дека никој во изминатите 52 години не ја читал. Библиофилски примерок. Раритет. Неколку минути со чувство на голема возбуда ја чистев од прашината, а потоа реков дека само оваа книга ќе ја земам, а другите нека и ги предадат на библиотеката на Варшавскиот универзитет.
Во мојот кабинет во Амбасадата, поемата „РОБИИ“ стоеше на видно место сè до завршувањето на мојата дипломатска мисија. Страниците од дебела хартија не ги исеков, бидејќи имав чувство како да колам и да дерам нешто родено во времето кога се раѓаше и создаваше македонската партизанска држава.
Така стои и сега во мојата домашна библиотека.

18 јули 1996, четврток

Од Департментот Европа I во полското МНР ми се јавија по телефон и замолија да одам на средба во 12:00 часот. Тема на разговорот: соработката во областа на заштитата на растенијата и ветеринатa и посетата на Министерот за надворешни работи Дариуш Росати на Македонија. Соговорниците од Департментот Европа I и Департментот за меѓународно –правни односи го изнесоа својот став во врска со темата на разговорот, дека договорите се прифатливи за полската страна, но пречка може да биде потписот.
Во одговор, со дополнителни аргументи доставени од мене до министрите на двете земји, подвлеков дека на средбата и разговорите меѓу министрите водени во Виена на 1 јуни 1996

година, двајцата министри се согласиле во Преамбулата на договорите да стои: „Владата на Република Полска“ и „Македонската Влада“, а формулата на потписите да гласи: „За Владата на Република Полска“ од едната страна и „Македонската Влада“ од другата страна или „По овластување на Владата на Република Полска“ односно „По овластување на Македонската Влада“. Господа, реков, чест ми е да ве потсетам на договореното.
Соговорниците прашалнички се погледнаа и еден од нив рече:
- Ние сме свесни дека ова не одговара на симпатиите, степенот на заемните одлични односи и желбите за натамошно проширување и продлабочување на билатералните односи меѓу двете држави, но истовремено не би сакале да ги влошуваме односите со Грција, која во случајот со името е многу активна и агресивна на овој терен и ни прави проблеми на меѓународен план и во билатералните односи, а кога ќе биде решено прашањето со името, тогаш за Полска потписот ќе биде техничко прашање.
Чувствувам дека ме совладува нервоза, се воздржав и полека, но со тврд тон на гласот, реков: - Господа јас тука сум за да го бранам името на мојата држава и во тие рамки да вложувам напор за проширување и зацврстување на заемните односи, а не да слушам за тоа што би ѝ направила Грција на Полска, а лекцијата за одбрана на националните интереси и одбраната на името не сум ја учел само во Македонија, туку претходно ја научив од вас, Полјаците, во гимназијата во Вроцлав. Господа, само уште да ве потсетам дека јас сум полски ученик и добро научив како Полјаците со векови со големи жртви секогаш си го бранеле името и нацијата. Таа лекција на личното и национално достоинство не сум ја заборавил...
Молк. Кај соговорниците видливо изненадување. Знам каде најмногу ги боли Полјаците – судбината на Полска и тука ги чепнав. Разговорот продолжи. Заклучивме дека независно од разликите, двете страни и натаму сметаат дека треба да се

вложуваат напори за јакнење на соработката во сите области. Крај на средбата. Се збогувам ракувајќи се со секого и велам дека наредната средба ќе биде попријатна.

19 јули 1996, петок

Од Министерството за образование и физичка култура на Република Македонија потврдија дека ја прифаќаат официјалната посета на полскиот министер за просвета, г-нот Вјатр.
Се јавија од полското МНР и потврдија дека до надлежните служби го доставија барањето за добивање дозвола за прелет и слетување на воениот авион ЈАК-40 со кој за Македонија ќе патува министерот Јаќелињски со придружбата, како и барањето за одобрување телохранителот да добие дозвола за носење оружје.
Од Министерството за одбрана известија дека се прифаќа терминот за посетата на воената делегација.

20 јули 1996, сабота

Од прошетка се вративме во 15:30. По телефон се јави Миленка и ни пренесе жална вест – почина зет ми Ѓорѓи. Тешко ја примив веста за неговиот починок. Животот не му беше лесен во костуското село Добролишта. Како дете – говедарче, овчарче, аргатче; како младинец – борец против Италијанците, Германците и грчките националистички одреди, потоа со бригадата во Битола и во борби со балистите во Кичевско и Гостиварско. Кратка служба во Југословенската народна армија и како доброволец три години борец во Граѓанската војна во Грција. Осум години по наредба на партијата копаше канали во Ташкент, наместо да учи, од каде се досели во Скопје и тука остана за навек, како многу негови другари и соборци – од генерацијата заразена со духот на слободата и на големите мечти и надежи.

21 јули 1996, недела

Досаден, врнежлив ден скроен за одмор.

22 јули 1996, понеделник

Со директорот Рапацки од Канцеларијата на претседателот на Република Полска договоривме средба на 25 јули (четврток) во 11:00 часот. Очекувам дека ќе ме информира за терминот на најавената официјална посета на Македонија на претседателот Александер Квашњевски.
Во 11:00 на разговор со д-р Јан Ворољецки, директор на Департментот за системот на ООН во полското МНР.

23 јули 1996, втотник

По телефон се јавувам во МНР/РМ. Се јави Огнен Малески и рече дека моите предлози изнесени во двете претходни телеграми се прифатени, а некои детали ќе ти ги објасни Мисајловски. Му реков тоа да ми го потврди по факс.
А Мисајловски во свој стил најпрво се пофали дека благодарение на неговото залагање и објаснување во врска со потписите сè е прифатено, но подвлече дека најважни беа моите објаснувања и аргументи. Секако важно е тоа што проблемот е решен и работите ќе тргнат. Од денес отвораме нова страница во македонско-полските односи. За толку важната вест се јавив во полското МНР и замолив некои од соговорниците кои учествуваа на состанокот одржан на 18 јули да дојдат во Амбасадата за да им соопштам важна вест. По петнаеесетина минути стигнаа и по поздравите отворив шампанско.
- По кој повод – прашаа.
- По повод прифаќањето на предлозите за употребата на потписите договорени во Виена меѓу министрите за надворешни работи.

- Најпосле – рече Хмјелевски - го тргнавме трнот.
По краткиот разговор во кој беше изразено задоволство од постигнатиот договор, на излегување на сите им дадов по едно шише македонско вино.

24 јули 1996, среда

Многу ми олесна веста за постигнатиот договор меѓу министрите за надворешни работи. Овој договор ми го отвора патот за поактивно ангажирање околу усогласувањето на текстовите на веќе изготвените договори и нивното потпишување.

25 јули 1996, четврток

На разговор со Рапацки според договорениот термин. За жал не ги исполни договорените ветувања. Во текот на разговорот кој траеше петнаесетина минути, ме информира дека поради презафатеност, официјалната посета на претседателот Квашњевски на Македонија се планира да се реализира кон крајот на 1996 година.
Овој пат воопшто не му верувам.

26 јули 1996, петок

Во 12:30 во Друштвото на полските писатели. Подолг разговор со претседателот Маријан Гжешчак околу идната соработка на писателите на двете земји и обновување на Договорот за соработка.
На коктел во Амбасадата на Белорусија. Малку присутни претставници на Дипломатскиот кор. Се запознав со премиерот Гжегож Колодко, архитектот на стопанските реформи во Полска. Појави голем интерес за состојбите во Македонија и рече дека во догледно време ќе побара средба со мене.

27 јули 1996, сабота

Од 11:00 до 15:00 на шетање во шумата Кабати.

28 јули 1996, недела

Во 20:30 на аеродром да го пречекам Мисајловски, кој поради одење на одмор, ќе ме замени до 31 август 1996 година.

29 јули 1996, понеделник

Договарање со Мисајловски околу натамошното работење на Амбасадата. Почнавме од употребата на компјутерот. Призна дека пишува само рачно, а никогаш машина за пишување не употребува. Пишувањето на машина на неговите текстови им го остава на дактилографките. Поради ова многу го пофалив.
Телефонски разговор со Министерството за земјоделство во врска со утрешниот пречек на полската делегација на аеродромот во Охрид.
Подготовки за утрешното патување.

30 јули 1996, вторник

Во 14:30 на аеродром и во 15:00 со специјалниот воен авион ЈАК-40 полетуваме за Охрид. Прв пат во Македонија водам официјална делегација во состав: Роман Јаѓелињски со сопругата, вицепремиер и министер за земјоделство и прехранбена индустрија, шест придружни лица и јас со сопругата.
Летот мирен се некаде до над Србија од каде летаме до Охрид низ црни облаци. Гледам низ прозорчето. А денот пред полетување за Охрид ми врачи коверт со молба да му го предадам на министерот Фрчковски. Поради презафатеност за време на мојот престој во Скопје заборавив ковертот да му го дадам на министерот Фрчковски, па дури по враќањето во

Варшава, го најдов во внатрешниот џеб на сакото. Се разбира од љубопитност го отворив (не беше залепен) и тоа што прочитав на обичен лист хартија рачно напишано на латиница, се наоѓа во ракописот, тетратка III, стр. 19.

Се разбира дека не беше чесно да читам туѓо писмо, но содржината многу ме замисли.

Во Охрид авионот слета во 20:00. Делегацијата ја пречека министерот Паракејов со своите најблиски соработници. Девојки во народни носии ги почестија гостите со леб и сол. Сместување во хотелот „Метропол“. (Програмата за престојот во ракописот, ТЕТРАТКА III, стр. 18).

31 јули 1996, среда

По појадокот посета на охридските знаменитости, потоа на пат за Ресен и посета на „АГРОПЛОД“, средба и разговори на вицепремиерот со директорот и посета на овоштарникот за кој господинот вицепремиер Јаѓелињски покажа голем интерес бидејќи самиот е сопственик на 600 хектари голем овоштарник. По посетата на комбинатот, на пат за Кавадарци. Таму посета на лозјата со веќе зрело грозје, каде секој имаше можност да скине грозд и потоа на ручек во центарот на Кавадарци. По ручекот на пат за Скопје. Сместување во хотелот „ГРАНД“ и вечера во Нерези, во Св. Пантелејмон, го приредува министерот Паракеов.

1 август 1996, четврток

Прием и 45-минутен разговор кај премиерот на Република Македонија, Бранко Црвенковски. Во текот на разговорот вицепремиерот Јеѓелињски подвлече дека Полска безрезервно ќе ја поддржува Македонија и во тие рамки ќе продолжи да ги проширува и зајакнува односите и соработката. Подвлече дека е многу задоволен што виде само

дел од убавините на Македонија и дека за нејзиното минато многу дозна од амбасадорот на Македонија во Варшава во текот на летот од Варшава до Охрид. Истакна дека има широки можности за соработка меѓу двете земји во сите области и таквите можности треба што поскоро да ги искористат фирмите од двете страни. Меѓу другото истакна дека (дословно цитирам) „договорите што денес ќе бидат потпишани, се добар почеток, а веќе се водат разговори за потпишување договори за соработка меѓу министерствата за култура, образование, сообраќај, државните архиви, туризмот, за размена на експерти од рани области се резултат и на огромниот труд и залагање на вашиот амбасадор, кој веќе има воспоставено широки контакти со полските државни институции, парламентарци и сенатори, стопански организаци и здруженија на разни средини. Ценет е како одличен дипломат, а најмногу како искрен пријател и ерудит. Господине премиер во Полска испративте човек кој достоинствено ја застапува Македонија, го брани македонското име и македонскиот идентитет и тоа дека денес ние тука сме заедно е негова заслуга и јас со најголема почит и признание најискрено му благодарам.“

Разговорот заврши со изрази на благодарност за досегашната соработка и со надеж дека во иднина уште повеќе ќе бидат зајакнати и со срдечни честитки по повод утрешниот празник, Илинден. На крај вицепремиерот Јаѓелињски на премиерот Бранко Црвенковски му врачи покана официјално да ја посети Полска.

Слично за мене зборуваше и на конференцијата за печатот, па морам да признаам дека не ми беше пријатно да ги слушам пофалбите толку јавно упатени на моја адреса.

Договорите за заштита на растенијата и ветеринарната соработка беа потпишани од вицепремиерот Јаѓелињски и министерот Паракеов. Меѓутоа се покажа дека немаат моќ на реализација, бидејќи го нема печатот на полската страна. Се покажа дека г-ѓа Марија Заваска, главен специјалист во Департментот за соработка со странство, печатот го

заборавила во Варшава. Во забуната што настана се вмешав, велејќи дека договорите ќе ги земам јас и ќе ги однесам во Варшава и откако ќе биде ставен полскиот печат, примерокот за македонската страна во Скопје ќе го пратам по дипломатска пошта.
По ручекот и разгледувањето на Скопје, во 20:00 полската делегација од скопскиот аеродром полета за Варшава.

2 август 1996, петок

Празничен ден, но со нереди на Мечкин Камен. Одраз на политичките состојби во Република Македонија, делбите и болните амбиции.

3 август 1996, сабота

Од денес ми почнува одморот. До 10 август во Скопје со децата, од 11 до 17 август во родниот крај, во нашите села во Костурско, (моето не постои, срамнето е со земјата за време на Граѓанската војна), убави денови поминати со родителите на Дитта во нејзиното родно Езерец, од 18 до 24 во Струга, на 25 враќање во Скопје и до 30 август средби со министри и договори за натамошната соработка меѓу Република Македонија и Република Полска.
На 29 август во 14:00 на средба со претседателот Киро Глигоров. Долг разговор за натамошната соработка Македонија-Полска, при што рече дека со оваа земја треба да ги јакнеме односите и во таа смисла да се иницираат што повеќе средби на министерско и експертско ниво, што поголема културна и стопанска соработка, напори да се потпишуваат договори со кои ќе се одредува конкретната соработка. Подвлече дека е задоволен од постигнатите резултати во односите со Полска и дека е сигурен дека Полска не само сега, туку и во иднина ќе нè поддржува. Верувам, рече, дека и натаму ќе продолжиш да вложуваш напори како и досега и немој да се разочаруваш поради некои

неодговорни постапки на одредени лица во МНР. И мене ми прават тешкотии, ама заради Македонија мораме и тоа го издржиме. Во тој момент се почувствував многу охрабрен. Потоа подолго зборувавме за состојбите во Македонија, односите со соседите, меѓународната позиција на Македонија. На крај од средбата Претседателот ми се заблагодари за досегашната моја работа, изрази задоволство и ми пожела и натаму така да продолжам. Многу срдечно се поздравивме со желба наредната средба да ни биде поведра.

30 август 1996, петок

Во 6:00 на аеродром.
Во 13:00 во Амбасадата дојде 6-членатa група полски парламентарци кои ја формираа Полско-македонската парламентарна група. Во разговорот во врска со јакнењето на соработката и за претстојната официјална посета на делегацијата на Собранието на Република Македонија, истакнаа дека бројот на групата се зголемува, замолија во програмата да се предвиди средба со Тито Петковски.
Им ветив дека ќе се погрижам да се одржи бараната средба.

31 август 1996, сабота

Работев на моите белешки.

1 септември 1996, недела

Одмор и подготовки за утрешниот работен ден.

2 септември 1996, понеделник

Во 8.30 испратив нота до полското Министерство за надворешни работи и до Дипломатскиот протокол со која известувам дека се вратив во Варшава и продолжувам со мојата дипломатска мисија.

Во 9.30 во Миитерството за национална одрана на Полска. Ја договараме програмата во врска со официјалната посета на министерот за одбрана на РМ, Б.Ханџиски. Во текот на разговорот истакнав дека преамбулата на договорот треба да гласи – Во име на министерствата, а не во име на министрите.
Ми се ја јавија од Министерството за финансии и известија дека министерот Колодко во Македонија би престојувал од 12 до 13 септември со посета на Охрид.
Од Министерството за стопанство побараа информација за доаѓањето во Варшава на експертската група од Македонија.

3 септември 1996, вторник

Станав рано и го почнав преводот на програмата за официјалната посета на министерот за одбрана, Б.Хаџиски. Вкупно осум страници ги завршив во 9.30.
Се јавија од полското Министерство за сообрќај и врски и побараа информација во врска со престојот во Македонија на група полски експерти, за што пред неколку месеци се водеа преговори.
Од полското Министерство за одбрана ме известија дека е прифатена мојата забелешка во врска со преамбулата на Договорот за соработка меѓу министерствата за одбана на двете земји.

4 септември 1996, среда

Ми се јавија од полското Министерство за сообраќај и ме информираа дека го откажуваат патувањето на полската експертска група, бидејќи македонската страна на време не ги достави бараните забелешки. Прашав дали предвидуваат друг термин. Рекоа дека тоа ќе зависи од македонската страна.
Се јавија од полското Министерство за стопанство и прашаа дали групата македонски експерти сигурно ќе престојува во

Варшава од 9 до 10 септември. Се јавив во МНР/РМ. Рекоа дека ништо не знаат, но ќе прашат.
Повторно се јавија од Кабинетот на вицепремиерот и министер за финансии, Гжегож Колодко во врска со неговото патување во Македонија.
Бидејќи не добив одговор од МНР/РМ, директно му се јавив на министерот за финансии Таки Фити и му сугерирав да го прифати предложениот термин 12-13 септември.
Вицепремиерот Колодко во тој термин ќе разговара и за потпишување на договорите за заштита на инвестициите и одбегнувањето на двојното оданочување. За спомнатите договори имав разговарано со полскиот премиер Влоцимјеж Чимошевич, кој го прифатил мојот предлог. Министерот Таки Фити прифати.
Се јавија од македонското Министерство за одбрана и побараа да им ја испратам програмата за посетата на министерот Ханџиски. Им ја испратив, а потоа се јавив во специјалната цвеќарница и порачав да изготват венец што министерот Ханџиски ќе го положи на гробот на Незнаениот војник. Се јавив во фирмата која изготвува коктели и приеми и договорив на 6 септември во 18.00 да подгови коктел во нашата амбасада во чест на гости од двете министерста за национална одбрана.
Во 18.00 на коктел во амбсадата на Словачка приреден по повод националниот празник. Се сретнав и разговарав со повеќе досегашни и новодојдени амбасадори, како и со поголем број личности од разни полски средини. За жал слушнав и многу негативни мислења од амбадорите на Словенија, Хрватстка, Чешка, Романија и Унгарија за недоличното и срамно однесување на Мисајловски на разни коктели и приеми. Рекоа дека единствено во разговорите многу го фалеа Србите. Срам ми беше да прашувам за детали. Од приемот се вратив со горчина.
Во 20.30 на аеродром. Пречек на делегацијата на Министерството за одбрана на Република Македонија предводена од министерот Благоја Ханџиски.

5 септември 1996, четврток

Во 8.00 од полското Министерство за финансии телефонски се јавија во врска со посетата на вицепремиерот Колодко на Македонија и дали се готови македонските текстови на двата договори што треба да се потишат за време на посетата. Се јавив во МНР/РМ. Одговор - ништо не им е познато. Пред неколку месеци во превод на македонски ги имав испратено полските текстови со цел да се усогласат со македонските. И од Министерството за финансии ист одговор.
Во 8.45 церемонијален пречек на македонската воена делегација во дворот на Министерството за одбрана. Построена гардата и до неа репрезентативниот орлкестар на полската војска. По преминот по црвениот килим и поклонот пред полското знаме, на скалите се исправија министрите за одбрана, Добжањски и Ханџиски. До министерот Добжањски двајца полски генерали, лево од Добжањски министерот Ханџиски, до него генератот Котели и до генераалот Котели јас. Тишина. И само миг потоа огромен грмеж од сто и дваесет музички инструменти и четири тапани. Грмна ,,Денес над Македонија…''! Силно, гласно, како грмежите над македонските планини. Досега многупатија имав слушнато како се свири македонската химна, но овој пат тоа е чудо. Скришум го погледнав министерот Ханџиски. На брадата му висат солзи. Генералот Котели – исправен како мермерна скулптура. Војнички поздравува. Сите ние од македонската делегација сме возбудени. Ова со збор тешко е да се раскаже и со пенкало не може да се опише. Треба да се доживее.
Од 9.00 до 10.00 разговори и потоа потпишување на Договорот за соработка меѓу министерствата за одбрана на двете земји. Срдечно ракување и шампанско. Изгледа меѓу присутните највозбуден бев јас, бидејќи и двајцата министри ми пријдоа и наздравувајќи со шампанското, рекоа:- Господине амбасдоре ова е исклучиво твој успех и заслуга. – Пред нив стоев како занемен. Таква пофалба не очекував.

По потпишувањето на договорот, според програмата, од 10.15 до 10.50 на средба со заменик министерот за надворешни работи, Визнер, во 11.00-11.30 на средба со потпретседателот на владата, Пјетревич, 11.45-12.45 на средба со парламентарната комисија за национална одбрана, 14.45- 15.00 полагање венец на гробот на незнаениот војник, 15.10-17.15 посета на кралската палатаа и прошетка по стариот дел на Варашава.

6 септември 1996, петок

Во 9.00-10.30 македонската делегација ја посети Академијата за национална одбрана, во 11.00- 12.00 посета на воениот камп, летање над Варшава со воен хеликоптер, 14.30-15-45 посета на музејот, 18.00-20.00 коктел во македонската амбасада.
Во амбасадата се вратив порано поради подготовките за коктелот. На масата телекс порака со следниот текст:

„Во повеќе наврати усмено ви сугериравме да бидете внимателни во разговорите околу потпишувањето на билатералните спогодби, потенцирајќи да се држите сриктно на нашите инструкции. И покрај тоа, во врска со спогодбите за одбегнување на двојно оданочување и заштита на инветиции, самоиницијативно предложивте формулации и форсиравте посети, прифаќајќи ги полските аргументации кои во себе содржат и елементи на притисок на нашата страна.
Добро ви е познато дека спогодбите до денес не се потпишани поради ригидната и непостојаната позиција на Полска. Ве молиме, во иднина со поголема реалност да ги профаќате предлозите од полската страна што се однесуваат на билатерланите спогодби и не само на спогодбите.
Обрнуваме внимание и на тоа дека комуникациите со другите македонски органи и институции треба да се

одвиваат преку ова Министерство за што имате и инструкција. Б. Стојановски. с.р. печат''

Чиста клевета. Се е лага и притисок. Ова не е стил на Стојановски. Стојановски не им припаѓа на тие кои имаат способност и знаење за пишување. Знам чие е маслото. И само да забележам дека досега не сум добил никакви инструкции, сугетии и секогаш сите мои факсови прво ги праќав во МНР/РМ. Зошто на време не беа прекаќани кај другите македонски органи и институции треба да одговорат тие кои ги примаа од мене. И уште една забелешка: пораката ми е пратена само шест дена по разговорот со претседателот Киро Глигоров кој целосно ја одобри мојата работа (види разговор воден на 29 август о.г.). Сигурен сум дека клеветите ќе продолжат. Стручњаци во МНР/РМ за валкани работи има, па дури и сами лично се јавуваат.
Миистерот Ханџиски со Сопругата во амбасадата дојдоа еден час пред коктелот. Забележа дека не сум расположен и ме праша зошто не сум кефлија. Наместо одговор му ја дадов пораката. Откако неколкупати ја прочита ме замоли да му дадам копија и рече дека во министерството за надворешни секој кој кога ќе дојде до некоја повисока функција, мисли дека веќе е министер и на своја рака носи одлуки. Ова е само клевета и оваа порака ќе стигне и до министерот за надворешни и до претседателот Киро Глигоров. Да беше така, како што тоа ѓубре тука пишува јас денес сигурно тука немаше да бидам. Без гајле, продолжи да работиш како и до сега. На устите полни со клеветништво и љубомора катанец тешко им се става.

Ова не е прва сопка. И порано се обидуваа да ме сопнуваат. И нема да биде последна.
Веројатно разговорот ќе го продолжевме, но на вратата се појавија полските учесници во разговорите и потпишувањето на договорот за соработка меѓу министерствата за одбрана на двете земји. Генерали, полковници, потполковници, мајори

во свечени униформи и накитени со ордени и медали. Дваесет души.
(Текстот на пораката и моите белешки во врска со изнесените клевети, како фотографии од потпишувањето на договорот, во ракописот, ТЕТРАТКА III, стр.27).

7 септември 1996, сабота

Во 6.45 на аеродром. Во 7.15 збогување во салонот на VIP-пот и во 7.45 полетување на авионот за Виена.
Од реализираната програма може да се оцени колку важно значење и беше посветено на македонската воена делегација, што е потврда за одличните полско-македонски односи и во областа на воената соработка.

8 септември 1996, недела

Национален празник Независност на Република Македонија. Испратени честитки до државното раководствоо. По повод Денот на Нависноста на моја сметка за група Македонци кои живеат во Варшава и околината приредив скромен коктел.

9 септември 1996, понеделник

Во 8.45 разговор со Бани од полското Министерство за финансии. Потврди дека ги доби исправките од договорите и според негова оценка се прифатливи, ќе се погрижи до крајот на неделата, по консулатациите со Министерството за надворешни работи, соодветно да одговори.
Во 8.55 телефонски разговор со Борковска од Мнистрерството за стопанство. Ја известив дека наша група составена од експерти би допатувала во Варшава меѓу 23-25 септември. Рече дека тоа време за неа е прифатливо, , но ќе мора да се консултира со министеро. Вети дека ќе се јави.
Во 9.00 телефонски разговор со Боравски. Договоривме утре да се видиме. Средбата во врска со програмата за

претстојната официјалана посета на Тито Петковски предвидена од 7 до 11 октомври о.г.
Во 9.10 теелефонски разовор со Новуј, директор во Минитерството за сообраќај во врска со потпишување договор за сообраќај.
Текстот на договорот за авионски врски го добив, а го очекувам и тексот на договорот за сообраќај, по извршените службени разговори.
Во текот на денот МНР/РМ со факс го известив во врска со договорите за инвестиции и оданочување, како и за терминот за одржување средби на ниво на експерти.

10 сепетмври 1996, вторник

Во 11.00 во Апостолската нунцијатура испраќање на америнканскиот амбасадор.
Во 14.00 ми се јави Боравски и ме извести дека до 23 спетември ќе ми ја достави предлог програмата за официјаланата посета на Тито Петковски.

11 септември 1996, среда

До МНР/РМ по факс во превод на македонски ги испратив текстовите на договорите за воздушен и патен сообраќај со молба да бидат доставени до соодветните институции.
Од Министерството за земјоделство на РМ се јавија по телефон и замолија да побарам полското соодветно министерство да го преиспита терминот за посетата на Полска на министерот Паракеов. Реков – барањето да го испратат по факс.
Во 11.00 по телефон ми се јави пратеникот Бжежињски и ме информира дека утре во 13.00 во полскиот Сејм ќе биде формирана билатерарална група Полска-Македонија.
На свеченият пречек францускиот претседател Жак Ширак, поздравувајќи се со мене, праша како е со здравјето претседателот Киро Глигоров и од кога во Варшава е

отворена амбасада на Република Македонија. Замоли во негово име да испратам поздрави до претседателот Киро Глигоров. Претседателот Квашњевски поздравувајќи се со мене, рече дека се разгледува можноста за средба на полскиот и македонскиот претседетел за што во соодветно време ќе ме известат од неговиот Кабинет.
Во белешката испратена до МНР/РМ сугерирав дека покорисно би било прво полскиот претседател официјално да ја посети Македонија со оглед на веќе зајакнатата позиција на оваа земја во Централна и Источна Европа.

12 септември 1996, четврток

Во 12.00 ме прими Рапацки, директор за меѓународни врски во Канцеларијата на претседателот Квашњевски. Тема разговорот – официјалната посета на претседателот Квашњевски на Македонија. Рапацки предложи претседателите на двете земји да се сретнат во Њујорк. На оваа реков дека средбата во Њујорк би била од корист, меѓутоа, посетата на претседателот Квашњевски на Македонија би имала историско значење во односите меѓу двете земји, а македонскиот народ чинот на посетата би го сфатил како знак на признание на независноста на македонската држава и како подршка за натамошен развој на заемните односи и соработка во сите области.
-И ние така ја цениме евентуалната посета- рече Рапацки. Кога го злушнав зборот – евентуалната – веднаш го прашав дали има промена во полскиот став?
-Промена нема, туку бараме најсоодветен термин, кој би бил најкорисен. Мислам дека за почеток најдобро би било да договориме средба на претседателите во Њујорк.
-Идејата- реков - е корисна. Тоа би бил добар почеток, но официјалната посета на Македонија би имала сосема друга димензија. Не само историска, туку и морална. Имајте пред вид дека претседателот се сретнува со народ. Дали ме разбирате?

-Согласен сум со вас и така ќе му пренесам на претседателот. Одлично рековте- историска и морална. На крај, господине, амбасадоре, би сакал да го изразам мислењето дека ние мораме да соработуваме, бидејќи тоа е од заемен интерес.
-И јас така мислам и затоа сум тука.
За новото видување се договоривме да се одржи на 18 септември во 10.00 часот.

13 септември 1996, петок

По телефон се јави г-ѓа Герасимовска од Архивот на Македонија и прашуваше како течат разговорите во врска со соработката меѓу архивите на двете земји. И реков дека во врска со ова прашање да ми се јавуваат по факс, одговор ќе добијат од МНР/РМ.
Се јави г-ѓа Ланговска од Министерстото за сообраќај и врски. Замоли да стапам во контакт со соодветното полско министерство и да ги побарам текстовите на договорите. И реков дека текстовите се пратени по факс во МНР/РМ и таму да ги побара.
Изгледа дека во МНР/РМ некој заборавил да ги препрати до Министерството за сообраќај и врски.

14 септември 1996, сабота

Поради врнежливото и студено време, не излеговме никаде.

15 септември 1996, недела

До МНР/РМ испратив факс во врска со новата организација на полското Министерство за земјоделство и преханбена индустрија. Сугерирав во составот на македонската делегација да има и претставници на стопански здруженија.

16 септември 1996, понеделник

Во 8.45 по телефон сс јави замеником на генералниот директор на Полските државни архиви. Рече дека е можно да прифатат делегација од Архивот на Македонија дури по 11 октомври о.г. и Архивот на Македонија да ги испрати своите забелешки во врска со соработката.
Во 9.00 во амбсадата дојдоа претставници на Полско-балканската стопанка комора на чело со директорот Малаховски. Во текот на разговорот понудија соработка со македонските стопанственици.
Се јавија од Министерството за сообраќај и врски на Република Македонија и рекоа дека не можат да ги најдат во МНР/РМ текстовите на договорите. Молат да им испратам копии.
Изгледа во МНР/РМ некој заборавил за што прима плата.
Се јавив во Министерството и им ветив дека ќе им испртам копија.
Од Архивот на Македонија јавија дека нивна делегација може да допатува во Варшава после 20 октомври о.г.
Во 19.30 на коктел во амбсадата на Мексико.

17 септември 1996, вторник

Од МНР/РМ известија дека на 22 септември о.г. во Варшава ќе пристигне делегација во состав Капсарова од Министерството за стопанство и Митревска од МНР/РМ со цел да преговараат за соработка со полското министерство за стопанство. Молат да ги пречекам на аеродром и да им обезбедам сместување во хотел.

18 септември 1996, среда

Во 10.00 на разговор со Рапацки. Во текот на разговорот ги повторивме претходните ставови при што Рапацки подвлече дека средбата на претседателите во Њујок веќе е договорена и ќе трае 30 минути, доволно време за размена на мислења. На крајот од разговорот подвлече дека и Полска и

Македонија својата судбина не само сами ќе си ја градат и дека двете земји за Европа имаат големо значење. На ова реков дека Полска која е на северот, а Македонија на југот на Европа со заеднички напори треба да го градат патот кој ја пресечува Централна Европа и го соединува северот со југот, па оттука и потребата за заедничка соработка. На крајот од разговорот соговорникот подвлече дека полската страна работи на изнаоѓање најпогоден термин за оставрување на официјални посети.
Во 12.00 ми се јавија од Полско-балканската стопанска комора и прашаа дали Македонија би учествувала на саемот за вино. Во врска со ова испратив факс до МНР/РМ со молба одговорот да го добијам од соодветната институција.
Во 13.00 се јави главниот уредник на месечното списание „Poznaj Swiat''. Понуди целиот број да го посвети на Македонија, а потоа ќе организира конкурс со награди, ќе изготви подолга репортажа која ќе ја емитува преку радио БИС чии емисии ги пренесуваат уште 27 радиостаници, планира да организира размена на ученици и фолклорни групи.
Многу пофално му се заблагодарив за прекрасната иницијатива.
За ова испратив соодветна белешка до МНР/РМ.
Морам да подвлечам дека никогаш не добив одговор на слични иницијативи.
Коментар?
Во 14.00 на разговор во полското МНР. Тема на разговорот: - официјалната посета на Македонија на полскиот министер за надворешни работи, Росати, кој за време на престојот би питпишал три договори и на средбата со македонскиот колега би разменил мислења за натамошната соработка. Посетата на Росати ја планираат во времето од 7 до 11 октомври о.г.

19 септември 1996, четврток

На коктелот во амбасадата на Чешка, амбасдорот Хмјелевски ме извести дека од 21 до 23 октомври 1996 година во Варшава официјално ќе претојува грчкиот претседател Стефанопулос. Се насмевнав и реков дека ќе имаат прилика да слушнат како во негов стил ќе ја клевети Македонија.

20 септември 1996, петок

По телефон се јавија неколку стопански фирми и бараат да воспостават контакти за соработка со македонски фирми. Досега такви барања сум добил околу 200, но од МНР/РМ ретки се одговорите.
Од ТИКВЕШ стигна одговор дека сакаат да учествуваат на Меѓународниот саем на вино во Бидгошч. Им го пратив телефонскиот број на Полско-балканската трговска комора со цел да воспостават контакт.
Во амбасадата дојде претставник на фирмата ZELMOT S.A. Бара соработка со македонска фирма која произведува електротехнички производи. Ми остави рекламни материјали. По факс исоратив белешка.

21 септември 1996, сабота

Во 8.40 заминавме во Конин, го посетивме скулпторот Јото Димитров, мој школски другар, од костурското село Црновишта, а потоа заминавме за Турек, на гости кај д-р Ѓорѓи Статовски, познат анестезиолог, исто така мој школски другар. Вечерта се вративме во Варшава исполнети со спомени од нашето детство во детските домови и во училишните клупи.

22 септември 1996, недела

Во текот на денот ги споредував текстовите на договорот за стопанска соработка. Македонскиот текст содржи 25, а полскиот 17 членови. Некој во МНР/РМ го дополни

македонскиот текст, кој претходно беше прифатен со одредени забелешки.
Вечерва на аеродром ќе ги пречекам госпоѓите Капсарова и Митревска кои во Варшава доаѓаат како експерти во врска со договорот за стопанска соработка. Во текот на разговорите ќе извршат усогласување на полскиот и македоскиот текст.

23 септември 1996, понеделник

Во 9.30 во Министерството за национална едукација. На заменик министерот и на двајца негови помошници им го врачив писмото од министерката за образование д-р Софија Тодорова и исправките кон Спогодбата, кои ги прифатија и договоривме возвратната посета на д-р Софија Тодорова на Варшава да се одржи од 9 до 11 октомври 1996 година.
Во 10.00 отидов во хотелот FORUM каде вчера ги сместив Капсарова и Митревска. Во краткиот разговор се покажа дека исправките во полскиот текст што самите Полјаци ги внеле, тие воопшто не ги прочитле. Во 10.15 заминавме за Министерството за стопанска соработка со странство каде многу срдечно бевме пречекани од домаќините. По размената на поздравните зборови почнаа разговорите. Се покажа дека двете дами го знаат само македонскиот текст на договорот, а полскиот текст, во превод на македонски, што сум го пратил во МНР/РМ во мај оваа година, воопшто не им е познат. Во случајот треба да подвлечам дека во август полското министерство текстот одново го достави до амбасадата, а во Скопје го однесе Мисајловски. Не ми е познато кога текстот му е предаден на Министерството за стопанство, па оттука се покажа дека двете дами дојдоа неподготвени и малку требаше за да бидат прекинати разговорите.
Се вмешав во разговорот и предложив да се слушне усменото излагање на македонската страна, а попладне текстовите да се усогласат така за да може да се работи без да се оди на втор круг преговори, бидејќи во текстовите нема големи

разлики. Предлогот е прифатен и до 13.00 часот без големи натегања, заврши првиот круг од разговорите.
По заедничкиот ручек се вратив во амбасадата откако претходно договорив текстот што ќе го усогласат да ми го донесат за да го пречукам на компјутер. Сигурен сум дека уште денес ќе го изготват текстот и сигурен сум дека утре без тешкотии се ќе заврши успешно.
Од хотелот се јави Митревска и рече дека во 21-21.30 ќе го донесат текстот, јас да го пречукам, а тие во тоа време ќе излезат на прошетка во Варшава.
Во вечерните вести полското радио јави дека во Њујорк ќе се сретнат претседателите Глигоров и Квашњевски. Добра вест која до некаде ја овенча мојата работа и вложените напори и труд.

24 септември 1996, вторник

Разговорите продолжија со почеток во 9.00 и траеја до 15.00 часот. Текстот усогласен. Договорено потпишувањето на договорот да се одржи во Скопје во првата декада на ноември о.г. Во 19.00 заедничка вечера. Не ми беше пријатно што нашите дами скоро и не учествуваа во слободниот разговор.

25 септември 1996, среда

Во 6.00 на аеродром. Дамите се потсетија дека не ми ги вратија позајмените пари, рекоа дека ги потрошија, а заемот ќе ми го вратат во денари во Скопје. На Капсарова и остана една злота и кога сакаше да ми ја врачи, и реков да ја задржи за спомен.
Криво ми беше што не рекоа благодарам ниту за пречекот, ниту за вечерата, ниту за помошта, ниту за испраќањето. Можеби заборавија?
Во 13.00 во амбасадата дојде 6-членатa група полски парламентарци кои ја формираа Полско-македонската парламентарана група. Во разговорот во врска со јакнењето

на соработката и за претстојната официјална посета на делегацијата на Собранието на Република Македонија, истакнаа дека бројот на групата се зголемува, замолија во програмата да се предвиди средба со Тито Петковски.
Им ветив дека ќе се погрижам да се одржи бараната средба.

26 септември 1996, четврток

Околу 15.00 од Канцеларијата на Сејмот ми ја доставија програмата за официјалната посета. По телефон замолив да внесат и средба на Полско-македонската билатерална група со Тито Петковски. Прифатија.
Ми се јави г-ѓа Заваска од Министерството за земјоделство и замоли во понеделник или вторник видување во врска со текстот на договорот за соработката меѓу двете министерства.
Од амбасадата на Турција ми стигна покана за коктел адресирана со BJRM. На секретарката и реков да се јави во турската амбасада и да им пренесе дека одбивам да ја прифатам поканата така, како што е адресирана, бидејќи Турција не призна со уставното име.
Секретарката на турската амбасада неколкупати се извини, велејќи дека е направена ненамерна грешка и замоли да се поништи поканата, а ќе прати нова покана адресирана со уставното име. Се разбира дека не е крива таа туку Дипломатскиот протокол, кој на мое многукратно интервенирање во книгаата –список на амбасадите не го внесе уставното име Република Македонија, туку FYROM, од која секретарките механички ја препишуваат адресата на нашата амбасада.
Во 15.30 по телефон ми се јави непозната жена и пред да се претстави праша дали можам да и помогнам во нејзината штедна книшка во банката во Велес да и биде внесена каматата. Ја замолив да дојде во амбсадата. По половина час дојде жена во години. Од збор до збор стигнавме и до тоа како таа се најде во Полска. –Мене- рече - во 1944 година Германците ме заробија и ме испратија на работа во

Германија. Таму, во логорот, запознав Полјак со кого по ослободувањето се омажив. –Значи љубов преку жицата на смртта – ја прекинав. – И така може да се каже. Сега имам 73 гидини, во Полска живеам од 1946 година и се викам Македонка. Така ме крстиле кога се родив.
Долг, молчалив поглед. Онемен сум од возбуда. Сопругата донесе кафе. –Ќерко - замоли – ако може една чаша вода. Пиеше полека, голтка по голтка, а потоа рече: - Гледам имате многу работа, а за моето јас ќе ве замолам, господине амбсадоре, да ме примите некој друг ден. Ќе ви се јавам – полека изусти на македонски јазик. – А сега си одам. Благодарам за добриот пречек.
Станав и бакнав рака и полека ја испратив до излезната врата. Се вратив во кабинетот и долго останав нем и обременет со тоа што ми го кажа Македонка од Велес.

27 септември 1996, петок

Во Варшава е отворена туристичката берза. Немам информација дали учествува некоја македонска туристичка агенција.

28 септември 1996, сабота

Од Скопје ми стигнаа гласини дека на моето место токмат некој друг. Велат дека Егеец не може да ја води македонската дипломатија во Варшава.

29 септември 1996, недела

Денот маглив и не е за прошетка. На спротивната страна од патот, на високите липи што растат околу манастирот на редот Доминиканци грачат црни гаврани, небаре навестуваат црни денови. Низ маглата се пробиваат ретки минувачи. Чувство на празен, соголен ден од човечко движење.

Во 22:00 по телефон ми се јави Наум Начевски. Стар новинар и искусен дипломат. Прекрасен човек со кого заедно работевме во „НОВА МАКЕДОНИЈА“, каде ми беше уредник, а потоа во Министерството од каде тајно го водевме движењето за човековите права на Македонците во Грција, заедно подготвивме делегати да одат во Брисел, а потоа во Копенхаген каде добро обучени својата активност ја објавија во светот. Заедно денонoќно ја извршувавме нашата патриотска посветеност. Во текот на вообичаениот разговор, ми рече дека веројатно ќе добијам некој на испомош. Му реков дека тоа ми треба. Се договоривме почесто да се слушаме.

30 септември 1996, понеделник

Во 8:35 стигна телеграма од „ТИКВЕШ“. Известуваат дека ќе допатува Киро Чекоров кој ќе учествува на VI Меѓународен саем на вина во Бидгошч и молат да му организирам контакти.

1 октомври 1996, вторник

Од МНР/РМ ме известија дека Тито Петковски ќе го придружуваат тројца инспектори од МВР. Во врска со ова зборував со Боравски, кој рече дека нема ништо против, но да бидат на сметка на Македонија. Ми даде на знаење дека ние немаме доверба во полските специјалци и остави впечаток на навреден.

2 октомври 1996, среда

Во 16:00 кај министерот за национална одбрана, Станислав Добжањски. Цел: предавање на благодарницата од министерот за одбрана на Република Македонија, Б.Ханциски по повод неговата официјална посета на оружените сили на Полска. Ја искористив приликата да

изразам благодарност за одличниот прием, прекрасната организација на посетата, вниманието, топлината, симпатиите, како и високите почести со кои министерот Ханциски беше примен во Полска. Изразив надеж дека и македонските оружени сили во име на министерот Ханциски на сличен начин ќе го примат идната година полскиот министер за национална одбрана за време на неговата официјална посета на Македонија.
Министерот С. Добжањски ја искажа готовноста на Полска да ѝ помогне на Македонија во изградбата на нејзините оружени сили.
На министерот С. Добжањски му врачив комплет фотографии од разговорите, потпишувањето на Спогодбата за соработка и коктелот во Амбасадата.
Во 18:00 на коктел во Амбасадата на Кина. Многу срдечно ме прими кинескиот амбасадор, кој се обидуваше да скрши и по некој македонски збор. Во текот на коктелот се сретнав со повеќе дипломати со кои разменивме мислења, како и со високи полски државни фукционери. Посебно интересни беа разговорите со амбасадорите на: Словачка, Чешка, Словенија, Хрватска, Романија, Албанија.

3 октомври 1996, четврток

Од Хелмно ми се јави сенаторот Шумула кој побара заедно со двајца бизнисмени да го примам на 14 окомври во 11:00 часот. Прифатив.
Во 11:15 му се јавив на Боравски и го известив дека во составот на македонската парламентарна делегација ќе има одредени промени за што дополнително ќе се јавам.
Во 13:00 часот на ручек со Чајка, еден од директорите во Канцеларијата на претседателот Квашњевски и негов многу близок соработник. Разговорот течеше во врска со заемните односи и формите за нивно проширување за што и тој со својот авторитет ќе се заложи.

4 октомври 1996, петок

Договорот за соработка во областа на земјоделството го средив и го испратив по факс.
Со сервисот за организација на приеми и коктели договорив да подготви ладен коктел што ќе се приреди во Амбасадата на 9 октомври во 18:00.
Договорив средба со заменик-министерот за култура и уметност, Јанас, која би се одржала на 14 октомври во 10:00 часот.

5 октомври 1996, сабота

Во 10:00 во Канцеларијата на Сејмот ја договараме програмата за официјалната посета на делегацијата на Собранието на Република Македонија. На соговорниците им обрнав внимание дека досега во сите обраќања до Амбасадата, Канцеларијата на Сејмот го употребуваше уставното име на нашата држава, додека сега на насловната страница на програмата наместо „Собрание на Република Македонија“ е напишано „Македонското национално собрание“. Истакнаа дека не би сакале да го употребат името ФИР0М, па сметаат дека предложеното име не ја менува суштината на името на Собранието, што во полската пракса изменето име употребуваат и во случаи со имињата на други странски парламенти.
Во договорањето на програмата настојував претседателот на Собранието на Република Македонија, Тито Петковски, да има средби со поголем број полски високи државни функционери и моите настојувања беа прифатетени.
Програмата ја преведов и ја испратив во Скопје од каде не добив никакви реагирања во врска со името.
Објавена вест дека Вислава Шимборска ја доби Нобеловата награда за литература. Телеграма од Анте Поповски и Петре Бакевски со молба да ѝ пренесам честитки од нивно име и од името на македонските писатели и дека издавачот „ДЕТСКА

РАДОСТ“ ќе објави второ издание на нејзината поезија во мој превод. За ова го известив полското Министерство за култура и уметност.
Во 18:00 на коктел во „Политехниката“ приреден од Амбасадата на Германија.
Во 20:30 на аеродром да ги пречекам инспекторите од обезбедувањето. Ги одведов во хотелот „ВИКТОРИЈА“, каде ќе биде сместена македонската парламентарна делегација. Ми стигна факс потпишан од Мисајловски, кој јавува дека со делегацијата нема да дојдат инспектори за обезбедување, а тие веќе се во Варшава.
Во текот на денот испратени покани до Македонци кои живеат во Полска да учествуваат на средбата со македонската парламентарна делегација на чело со Тито Петковски и министерката за образование, д-р Софија Тодорова, што ќе се одржи во Амбасадата на Република Македонија на 9 октомври во 18:00 часот.

6 октомври 1996, недела

Од 9:00 до 10:00 во Амбасадата дојдоа полски бизнисмени. Кратки разговори за соработка со македонски стопанственици.
Во 10:00 дојдоа македонските полицајци и по краткото запознавање со патот од аеродромот до палатата „БЕЛВЕДЕРЕ“ („BELVEDER“), во 11:00 отидовме во главната команда на полската полиција и во одделението за обезбедување на странски личности каде беа водени разговори во врска со обезбедувањето на официјалната посета на претседателот Тито Петковски на Полска.
По факс ми стигна текстот на Договорот за стопанска соработка и трговија. Преводот на полски треба да е готов до 14 октовмри о.г.
Во 20:15 стигна и текстот на говорот на Тито Петковски.

7 октомври 1996, понеделник

Во 10:00 на Вислава Шимборска ѝ ја пратив честитката од Амбасадата и од Анте Поповски и Петре Бакевски по повод добивањето на Нобеловата награда за литература.
Текстот на говорот на Тито Петковски за превод на полски ѝ го дадов на Трипкова, дојдена со решение кореспондент и преведувач. Во текот на денот го извршив преводот на полски, а на секретарката ѝ реков да се погрижи подобро да го совлада полскиот јазик.

8 октомври 1996, вторник

Подетално запознавање со текстот на програмата за посетата на македонската парламентарна делегација. Многу средби и разговори.
Во 18:00 на аеродром. По половина час специјалниот авион од Скопје слетува на воениот дел на варшавскиот аеродром. Официјален пречек на чело со пратеникот и претседател на Полско-македонската парламентарна група, Кшиштов Бжежињски и други официјални личности. Сместување во хотелот „ВИКТОРИЈА ИНТЕРКОНТИНЕНТАЛ“ („VICTORIA INTER-CONTINENTAL“).
Во 20:00 часот вечера во Амбасадата за целата делегација.

9 октомври 1996, среда

Во 09:30 средба на делегацијата со вицепремиерот, господинот Роман Јаѓелињски.
Во 10:45 полагање венец на гробот Незнаениот војник.
Од 11.00 до 12.00 во Желазова Вола, родното место на Шопен и Шопеновски концерт во чест на македонската парламентарна делегација.
Во 16:30 средба со претседателот на Полска, господинот Александер Квашњевски.

10 октомври 1996, четврток

Во 10:00 часот средба и разговори со маршалот на Сејмот на Република Полска, господинот Јозеф Зих и потпишување договор за соработка меѓу двата парламенти.
Во 10:55 средба со министерот за надворешни работи, господинот Дариуш Росати.
Во 14:45 средба со министерот за Индустрија и трговија, господинот Клеменс Шчерски.
Во 16:00 на аеродром да ја пречекам министерката за образование и физичка култура, д-р Софија Тодорова.
Уморен, капнат, исцрпен се вратив во Амбасадата и со температура 38 степени легнав да одморам, но во тој миг ми текна дека денес на сопругата Дитта ѝ е роденден. Станав и отидов да ја земам закажаната торта и од најблиската цвеќарница букетот црвени рози.

11 октомври 1996, петок

Честитки по повод празникот 11 октомври.
Во 10:00 средба со претседателот на Комисијата за надворешни работи, господинот пратеник Бронислав Геремек.
Во 11:00 средба со маршалот на Сенатот на Република Полска, господинот Адам Стружик.
Во 12:00 коктел приреден од претседателот на Полско-македонската парламентарна група, господинот пратеник Кшиштоф Бжежињски.
Во 15:00 средба со членовите на полската група на меѓупарламентарната унија.
Во 16:00 конференција за печатот.
Во 18:00 средба со Македонците во Амбасадата на Република Македонија во Варшава.

12 октомври 1996, сабота

Во 7:30 во хотелот „ВИКТОРИЈА“ на испраќање на делегацијата која со коли во 8:15 замина во градот Домброва Гурнича. Од тамо со специјалниот авион од аеродромот Балице близу Краков полетаа за Скопје.
Од остварените средби со високи полски функционери не е тешко да се заклучи колкаво значење и внимание ѝ беше посветено на македонската парламентарна делегација. Сите разговори ја потврдија блискоста на двете земји, важноста и желбата за соработка во сите области.
(Белешка од средбите и фотографии во ракописот ТЕТРАТКА III, стр. 60)
Во 10:00 ѝ се приклучив на делегацијата предводена од министерката за образование и физичка култура, д-р Софија Тодорова. Со неа се Снежана Корубин, советник, која всушност игра улога на известувач за Радио Скопје и Божин Доневски (професор) во улога на преведувач. Полски зборува ужасно, не разликува време, род, а со падежите е сосема скаран и воопшто не ги употребува. И токму него госпоѓата министерка го повика од Прилеп и го донесе во Варшава за да ѝ биде преведувач.
Многу внимателно и изразито културно го води разговорот со министерот Вјатр.
Во текот на разговорот, министерот Вјатр честопати ме моли да му помогнам на преведувачот.
Забележливо е дека разговорите со министерот за Национална едукација, господинот Вјатр, течат во духот на желбите за заемно корисната соработка и завршија со потпишување договор за соработка меѓу двете министерства.
Неочекувано министерот Вјатр, министерката д-р Софија Тодорова ја одликува со медалја за заслуги во областа на образованието.

13 октомври 1996, недела

Од 6:00 до 10:00 го пишував извештајот за официјалната посета на македонската парламентарна делегација на Полска. Ретко успешна средба.
Излеговме на кратка прошетка и по враќањето продолжив со пишувањето на извештајот и го завршив во 19:30 часот.

14 октомври 1996, понеделник

Во 9:30 се јави амбасадорот Хмјелевски и закажавме средба за в четврток во 11:00 часот. Утре во 9:00 на разговор со Борковска од Министерството за стопанска соработка.
И покрај влошеното здравје отидов на пречекот на норвешкиот крал сигурен дека ќе се сретнам со претседателот Квашњевски, па ќе ја искористам приликата да му го изнесам задоволството од успешно завршената официјална посета на македонската парламентарна делегација и изразената готовност на двете страни за сестрана соработка меѓу двете земји.

15 октомври 1996, вторник

Од 9:00 до 12:00 во Министрството за стопанска соработка со странство. Договараме усогласување на полскиот и на македонскиот текст на Договорот за стопанска соработка и трговија. Потоа ме чека превод од полски на македонски и обратно. Така е со сите текстови на договорите.

16 октомври 1996, среда

Во 8:30 испраќање на норвешкиот крал.
Од 10:00 до 10:45 на разговор со замениците-министри за култура и уметност, Јанас и Полак. Тема: досегашните достигања и идната соработка. Истакната потребата од проширување на соработката во областа на културата. Договорено Министерството да го финансира издавањето на Панорамата на македонската современа поезија. Прифатено.

Во Амбасадата дојде фотографот кој ги снимаше средбите на македонската парламентарна делегација. За 70 фотографии побара 450 американски долари. Од МНР/РМ не добив одобрение да ги купам со пари од буџетот на Амбасадата. На мој трошок купив само дваесет.
Од МНР/РМ неофицијално дознавам дека Трипкова ќе ја пратат како административно лице и Микана како советник за конзуларно-економски прашања.
Во 16:00 на ручек со Лукашевич, заменик на главниот уредник на весникот „RZECZPOSPOLITA“. Договараме во најблискиот број на весникот да биде објавен поопширен напис за посетата на македонската парламентарна делегација, а подоцна и репортажата за Македонија од новинарот Ришард Биљски.

17 октомври 1996, четврток

Стигна факс со имињата на делегацијата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на чело со министерот Паракеов. По факс го испратив до полското соодветно министерство.
Вечерта му се јавив на Живко Апостолски во МНР/РМ. Потврди дека Микана е одредена да дојде во Варшава како советник за конзуларни и економски прашања и со ироничен тон на гласот рече:
Нека ти е со среќа. И јас не сум задодоволен што токму неа ти ја праќаат. И уште да ти кажам - тука најпофално се зборува за тебе. Биди тврд и терај натаму. Се слушаме. Живко, баш ме израдува!

18 октомври 1996, петок

Се јави г-ѓа Заваска. Ми ја достави програмата за престојот на делегацијата на Министерството за земјоделство. Ја замолив за директорите на „ТИКВЕШ“ и „АГРОПЛОД“ да изготват посебна програма.

Пладнето возачот замоли да го примам на разговор. Побара да го ослободам. Рече дека не му одговара начинот на работење и дека не е задоволен од платата, а како таксист може повеќе да заработи. Не се спротивставив. И онака од 1 ноември сакав да го отпуштам. Нека си работи како таксист. Од Кабинетот на потпретседателот на Владата и министер за финансии, господинот Колодко прашаа дали е можно да добијат покана на 19 ноември господинот Колодко да ја посети Македонија и во таа прилика да ги потпише договорите за заштита на инвестициите и одбегнувањето на двојното оданочување. Реков дека договорите не се готови, на што ми одговорија дека ќе ја забрзаат нивната подготовка, а во врска со поканата, ќе известам по консултациите со МНР/РМ, додавајќи дека лично со големо задоволство ја поддржувам посетата на господинот Колодко на Македонија.

19 октомри 1996, сабота

Од кабинетот на Тито Петковски стигнаа 11 благодарници до личностите со кои се сретнал и разговарал за време на официјалната посета. Благодарниците ќе ги преведам на полски и од Дипломатскиот протокол ќе побарам лично да ги врачам, имајќи ја предвид приликата да се сретнам со високите личности за да ги слушнам нивните впечатоци и дека на овој начин ќе се зајаканат не само службените, туку и личните контакти, кои во мојата натамошна работа можат да бидат многу корисни.

20 октомври 1996, недела

Студено. Денот не е ден за прошетка.

21 октомври 1996, понеделник

Благодарниците веќе се преведени и ковертите адресирани. Ќе чекам од Дипломатскиот протокол да ми биде јавен денот за да ги врачам.
Во 14:45 пречек на претседателот на Грција, Стефанопулос, кој пристигна во Полска во тридневна официјална посета. При поздравувањето со претставниците на Дипломатскиот кор, од претседателот Квашњевски му бев претставен како амбасадор на Република Македонија. Стефанопулос ококори очи, се загледа во мене и по долга издишка рече на грчки:
- Многу ми е драго што со уште еден мој сосед се поздравувам во Варшава.
Му вратив на грчки:
- Чест ми е господине претседателе и јас да се поздравам со неговата екселенција, мојот јужен сосед со надеж и желби за одлични соседски односи. Пожелувам добар престој во Варшава.
- Зборувате грчки?
- Толку, колку за да се поздравам со добри соседи.
Албанскиот амбасадор кој стоеше до мене, подоцна ме праша:
- За што сте зборувале со Гркот?
- За надежни работи –реков.
- Убаво – рече – ама долго ќе чекате...
Во 20:30 на аеродром на пречек на 7-членатa делегација на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија на чело со министерот Никола Паракеов.

22 октомври 1996, вторник

Од 8:15 до 8:45 куртоазна средба и разговори Паракеов и Роман Јаѓелињски. Отворен и срдечен разговор. Од 9:15 до 10:30 посета и разговор во Агенцијата за земјоделска сопственост на државната ризница. Многу интересни информации корисни за нас.

Во 14:00 се одделив од делегацијата и отидов на средба во Сејмот каде по обичај високиот гостин се сретнува со полските парламентарци и Дипломатскиот кор и одржува пригоден говор за актуелните односи меѓу двете земји и економските и политичките состојби во светот, а посебно во Европа. Кога Стефанопулос го заврши овој дел од говорот, неочекувано и за големо изненадување на присутните, многу остро и агресиво ја нападна Македонија, а потоа и Турција. Сите свртеа глави кон мене. Бев единствениот кој не стави слушалки. Без превод го слушав необично агресивниот говор, со кој Гркот ги убедуваше присутните дека Македонија е грчка и дека никогаш нема да се согласи новата држава да го употребува името Македонија, бидејќи Македонија историски и сега беше и е грчка и дека заради Македонија, Грција има пролеано реки крв во војните со Бугарија. Во овој момент со лактот го допрев бугарскиот амбасадор кој седеше до мене. Ми рече тивко: - Нека лае кучето. Во продолжение го обвинуваше Скопје дека води експанзионистичка политика во однос на Северна Грција при што ја има и поддршката на Турција, на која ѝ посвети неколку минути остри забелешки подвлекувајќи дека историски е најголемиот непријател на Грција.
Говорот на Стефанопулос беше примен со горчина. На излегување ми пријде поглаварот на Руската православна црква во Полска и правејќи крст пред мене, рече дека Гркот цело време лажеше. Ме замоли да се видиме идната недела. За жал не дојде до средбата, бидејќи почина.
Во 18:00 на коктел во Апостолската нунцијатура приреден по повод 18-тата годишнина од понтификатот на Папата Јован Павле II. Поголем број амбасадори ми приоѓаа и во краткиот разговор го осудуваа говорот на Стефанопулос.
Апостолскиот нунције и доајен на Дипломатскиот кор (на кој му го честитав настанот), ми пријде и ми рече:
-Слушнав дека Гркот на средбата со парламентарците и Дипломатскиот кор ги навреди госдите. Што му требаше така да се резили?

На ова реков дека тоа е вообичаено во дневната реторика на Грците кога станува збор за нешто што не им припаѓа, а е земено со сила и дека во салата на Сејмот се чувствував како да бев на предизборен митинг каков што се одржува во Грција кога станува збор за Македонија.
Се вратив во Амбасадата и седнав да скицирам протестна нота до полското Министерство за надворешни работи.
(Белешките во ракопис, ТЕТРАТКА III, стр. 72)

23 октомври 1996, среда

Целокупниот полски печат како и електронските медиуми објавија делови од говорот на грчкиот претседател, подвлекувајќи дека го искористи полскиот парламент да води недолична пропаганда против трети земји.
Според програмата, делегацијата на македонското Министерство за земјоделство замина за Скјерњевице во посета на Институтот за овоштарство, огромната плантажа за јаболка, како и задругата во Лович каде се наоѓа една од најголемите фабрики за преработка на овошје, зеленчук и млеко.
Планираната свечена вечера не се одржа поради високата температура на министерот Паракеов и неопходното присуство на вицепремиерот Јаѓелињски на седница на Сејмот**.**

24 октомври 1996, четврток

Последен и најважен ден од престојот на македонската делегација, ден на потпишувње на Договорот за соработка меѓу двете министерства. Закажаните билатерални разговори не се одржаа во закажаното време поради отсуство на вицепремиерот Јаѓелињски, кој присустува на седница на Сејмот. Госпоѓа Заваska прави сè за да го извлече Јаѓелињски од Сејмот.

Во 11:15 дојде Јаѓелињски. Новинарите се растрчаа кон своите камери. Двајцата министри седнуваат зад свечената маса и го потпишуваат договорот. Ракоплескања и задолжителното шампанско. Им честитам на двајцата министри, а вицепремиерот Јаѓелињски ме прегрна и гласно рече:
- Вам, господине амбасадоре ви припаѓаат честитките и сите заслуги зашто вие најмногу работевте за да дојдеме до оваа свеченост.
(Фотографии од потпишувањето на Договорот во ракописот, ТЕТРАТКА III).

По заедничкиот ручек, делегацијата и домаќините ги поканив во Амбасадата на кафе. Во 17:00 заминавме на аеродром од каде македонската делегација полета за Македонија.

25 октомври 1996, петок

Мирен ден, без телефонски јавувања и без посети.

26 октомври 1996, сабота

И покрај студеното време, со метрото отидовме на подолга прошетка во шумата Кабати.

27 октомври 1996, недела

Преглед на полскиот печат. И натаму објавува коментари во врска со говорот на грчкиот претседател на средбата со полските парламентарци и Дипломатскиот кор. Општа осуда. Исечоците од весниците ги средувам во посебна фасцикла.

28 октомври 1996, понеделник

Се јави г-ѓа Миргос, шеф на Кабинетот на вицепремиерот Колодко. Рече дека прашањето за потпишувањето на договорите е на добар пат.

29 октомври 1996, вторник

Од 18:00 до 18:45 на коктел во Амбасадата на Турција. Претставник на полското МНР ми рече дека договорите за заштита на инвестициите и одбегнувањето на двојното оданочување се усогласени. Ми препорача утре да го побарам г. Кажимјеж Бани заради проверка и натамошна постапка.
Во 19:10 на коктел во чешката амбасада. Средба и подолг разговор со Ј. Вјатр, министер за национална едукација. Задоволен од разговорите со министерката Софија Тодорова. Министерот Вјатр ме запозна со Јануш Корвин-Мике, претседател на Главниот совет на Унијата на реалната политка и член на Сејмот. Многу позитивно се изразуваше за Македонија, која ја има посетено како студент. На коктелот се запознав и со Јежи Бишак, директор на Биро во Министерството за култура и уметност, одговорен за културата на националните малцинства. Во краткиот разговор рече дека во Македонија не е решено најдобро прашањето на правата на националните малцинства. Го прашав од каде му се тие погрешни информации. Рече дека деновиве разговарал со еден Албанец. Му реков дека во однос на правата на малцинствата, Македонија ги надмина сите светски стандарди во врска со малцинските права, а за да се увери би требало да ја посети Македонија. Праша:
- А кој би ги покрил трошоците за престојот?
– Тој, од кого добивате такви информации. И уште да ви кажам, дека во институцијата во која работите надлежните имаат многу позитивно мислење за Македонија. Мислам дека сте избрале лошо друштво за собирање информации за правата на малцинствата во Македонија.

За жал некои не можат мирно да спијат ако не ја клеветат Македонија.

30 октомври 1996, среда

Во 11:00 на средба со Боравски. Во текот на разговорот го замолив да ми го даде текстот на говорот на грчкиот пртседател. Рече дека Стефанопулос не зборувал според договорениот текст, за што полската страна изрази незадоволство.
Во 11:30 во Амбасадата дојдоа претседателот на Полско-македонската парламентарна група и неговиот заменик. Изразија негодување поради навредливиот и агресивен антимакедонски говор на грчкиот претседател за што испратија протестна нота до грчката амбасада во Варшава. Во продолжение од разговорот рекоа дека веќе имаат закажано средба со министерот, Дариуш Росати и ќе побараат да се реализираат договорите кои беа предмет на средбите и разговорите на Тито Петковски со полските домаќини.
Во 13:00 на ручек кај словачкиот амбасадор. Присутни амбасадорите на: Албанија, Бугарија, Романија, Хрватска, Словенија, Македонија, Украина, Унгарија и министерот Дариуш Росати. Главна тема на разговорот: навредливиот говор на грчкиот претседател. Министерот Росати истакна дека во врска со тоа во полското МНР е повикан грчкиот амбасадор.
Во текот на ручекот формиран е Клуб на амбасадори кои зборуваат полски јазик, за што министерот Росати изрази големо задоволство и благодарност**.**

31 ктомври 1996, четврток

Се јави амбасадорот Хмјелевски и ме замоли да потврдам дали е прифатлив терминот 28-29 ноември о.г. министерот

Дариуш Росати да ја посети Македонија. Му ветив дека уште денес ќе побарам одговор од Скопје.
Попладнето од МНР/РМ ми стигна факс со следната содржина:

Врска :Ваш број 350/96

- **Пренесете дека Министерот за надворешни работи д-р Љ. Фрчковски со задоволство го прифаќа терминот за посета на МНР Д. Росати од 28-29.11.1996 год.**
- **Согласни сме со предложените теми за разговори, а ќе бидат потпишани и споменатите спогодби.**
- **Што поскоро ќе ви доставиме наш предлог за Договорот за соработка меѓу МНР и предлог-текст на Договорот за пријателство и соработка меѓу Р. Македонија и Полска.**
- **Молиме јавете што поскоро за датумот и времето на пристигнувањето во Скопје на министерот Д. Росати, како и составот на делегацијата, како би можеле да подготвиме програма.**
- **Молиме доставете прилог за подготовките на посетата со ваше видување на македонско-полските односи, како и за темите што ќе ги покрене полската страна. –О. Малески, с.р.**

Му се јавив на амбасадорот Хмјелевски и му пренесов дека терминот е прифатен и дека добро би било по Задушница да се видиме и да договориме некои прашања во врска со официјалната посета на министерот Росати.
Морам да забележам дека наведената телеграма е редок одговор на десетици мои телеграми. А што се однесува на точката број 5, зарем не можат да одредат некој во МНР/РМ да прочита барем дел од моите телеграми и да состави соодветна белешка?

Се разбира дека ќе постапам според барањата изнесени во телеграмата, бидејќи и тоа спаѓа во моите обврски.

1 ноември 1996, петок

Задушница. Цела Полска, според вековната традиција и почит кон починатите, денес и утре ќе биде на гробишта. Живите ќе намнисуваат за починатите, за драгите и милите. Починатите ќе им ги живнат спомените. На полските гробишта нема, како кај нашите, храна и напиток. Само цвеќе и светлина за душите од растреперето пламенче на свеќата или од кандилцата наредени на надгробната плоча. Адетот на носење храна и напитоци одамна го нема и го снема заедно со приемот на католичката вера. Се спомнува на почетокот на драмата „СТАРЦИ“ („DZIADY“) од Адам Мицкјевич. На стемнување и пред полноќ полската телевизија секогаш емитува снимки од варшавските гробишта. Свети цела Полска. Денот и ноќта се ден и ноќ на тие, кои заминаа во вечноста и сега нивните почивалишта се покриени со цвеќе и осветлени со растреперена светлина. Ден и ноќ на намнисување. Молк, надгробна тишина и повремени воздишки во кои се тие кои беа и останаа во спомените секогаш драги и незаборавени.
Во 10:30 ми се јави амбасадорот на Романија, Григореску и замоли да се видиме. Разговорот го водиме во кафеанчето во близина на романската амбасада. Григореску се интересира за мојата оценка во врска со говорот на Стефанопулос. Му реков дека тоа беше искористување на полскиот Сејм за водење пропаганда против трети земји и дека во врска со тоа најостро реагирав кај полските надлежни органи.

2 ноември 1996, сабота

Цел ден подготвувам белешка согласно со барањата на МНР/РМ.

3 ноември 1996, недела

Финансиските извештаи за јули, август, септември и октомври ги спакував и во Скопје ќе ги пратам по некоја наша делегација. Продолжувам да ја изготвувам бараната белешка за потребите на министерот Љ. Фрчковски, кој ќе ја искористи во разговорите со полскиот министер, господинот Росати и непрестајно се прашувам што прават во МНР/РМ со моите телеграми? Дали некој ги чита?
Се сомневам.

4 ноември 1996, понеделник

Од денес имам нов возач. Наизглед професионаец, културен, внимателен.
Се јави вршителот на работите на турската амбасада и побара да го примам. Му закажав средба во 15:00 часот. Разговорот се водеше во врска со говорот на Стефанопулос. Се интересираше дали го имам текстот на говорот. Му дадов примерок. Се заблагодари и замина многу задоволен.
Ќе очекувам да слушнам како ќе реагира Турчинот.

5 ноември 1996, вторник

Ми се јави Рапацки и побара да се видиме. Разговорот траеше околу 40 минути. Многу пофално се изрази за средбите и разговорите на Тито Петковски и разговорите и средбата на министерката Софија Тодорова со министерот Вјатр и потпишувањето на Договорот за соработка меѓу двете министерства за образование. Не го изостави и барањето за моето мислење во врска со говорот на Стефанопулос.
Изразив негодување и жалење за тоа што полската страна му дозволи да го искористи полскиот Сејм за пропаганда против трети земји. За жал, рече и ние тоа не го очекувавме и соодветно ја известивме грчката амбасада за нашиот став. На ова му реков дека самоуверената и од Западот разгалена

Грција не прифаќа педагошки совети и да бидете сигурен дека врз Полска ќе врши заканувачки притисок кога се работи за проширување на односите меѓу Полска и Македонија, дури и за нашиот сегашен разговор.
Со господинот Рапацки имав чести разговори. Во многу наоѓавме заеднички став, а имаше и такви кои завршуваа со горчина, но барем бевме искрени.
Во 12:00 часот во полското МНР и во врска со претстојната посета на Македонија на министерот Росати ме запознаа со програмата за посетата.
Министерот Росати ќе биде придружуван од сопругата Тереса и со делегација чиј состав ќе ми биде соопштен наредните денови, ќе лета со специјален авион директно од Варшава. Полската страна има желба министерот Росати покрај разговорите со министерот Фрчковски, да биде примен од претседателот Киро Глигоров, претседателот на Собранието Тито Петковски и премиерот Бранко Црвенковски, а разговорите да се водат за следните прашања:

- заемните политички односи и планот за соработка во текот на 1997 година;
- стопанската соработка и тешкотиите кои е јавуваат во нејзиното остварување;
- размена на мислења во врска со договорите за заемна соработка и прашањето на името за нивното потпишување;
- прашања од областа на културата, образованието и туризмот;
- прашањето на албанското малцинство во Македонија и ставот на Полска;
- очекувањата на Македонија од Полска во однос на европските интеграции;
- ставот на Македонија во врска со полската кандидатура за претседател на ОБСЕ;
- полскиот министер највероајтно ќе ја отвори полската амбасада во Скопје;

- состојбите во регионот со посебен осврт на односите со соседите;
- ставот на Македонија за Црногорската интеграција;
- УНПРЕДЕП;
- потпишување на договорите;
- средба со поглаварот на Македонската православната црква;
- да се предвиди конференција за печат;
- македонското МНР да достави програма во врска со официјалната посета на министерот Росати.

Според соговорниците полската страна на посетата ѝ придава големо значење и ја цени како многу важна во односите меѓу двете земји.
Наведениот текст вечерта го испратив во МНР/РМ од кое ќе чекам одговор.

6 ноември 1996, среда

Од полското МНР ми се јавија и побараа да се обезбеди дозвола за прелет на специјалниот авион ЈАК-40. Барањето го пренесов по факс до МНР/РМ.
Во 8:40 на аеродром да го пречекам заменик-министерот за здравство на РМ, Илир Љума.
Во 15:30 по телефон се јави Огнен Малески и порача во Скопје да допатувам два дена пред пристигнувањето на Росати. Сугерирав дека би било корисно да го придружувам министерот Росати и за време на летот да го запознаам со минатото на Македонија и на тој начин за во иднина да воспоставам поблиски контакти. По кратко размислување рече: -прифатено.

7 ноември 1996, четврток

Во 8:00 отидов во хотелот каде беше сместен заменик-министерот Љума. По средбата го внесов во салата каде се одржува Форумот. За темата зборуваше на француски.
Во 15:30 на средба и разговор со полскиот заменик-министер за здравство. Договорена средба на експерти, а потоа потпишување договор меѓу двете министерства во март 1997 година.

8 ноември 1996, петок

Во 9:00 ми се јави амбасдорот Хмјелевски. Рече дека по неговото враќање од Турција в среда или четврток ќе ми го достави списокот на делегацијата која во Скопје ќе го придружува министерот Росати.

9 ноември 1996, сабота

Во 14:00 часот по телефон ми се јави Микана. Рече дека е определена да биде испратена во Амбасадата во Варшава како економски и конзуларен советник и дека голем конкурент ѝ бил Мисајловски, ама за него не се согласил министерот Фрчковски.
Ѝ честитав за храброста.

10 ноември 1996, недела

Во 10:30 во Амбасадата дојде заменик-министерот Љума. Задоволен од престојот во Варшава и од разговорот со неговиот полски колега. Ми изрази благодарност за помошта.
Во 11:00 го испратив на аеродром.

11 ноември 1996, понеделник

Национален празник на Полска, Ден на независноста. По 123 години Полска се здоби со независност по делбите меѓу Русија, Австроунгарија и Прусија. До претседателот

Александер Квашњевски и полското државно раководство и МНР испратив соодветна честитка.
Во 17:00 во Националната библиотека на отворање изложба на книги и документи посветени на Денот на независноста.
На големо почнаа подготовките за официјалната посета на министерот Росати на Македонија.
Од Полско-балканската комора ме известија дека веќе ги завршиле подготовките во врска со информативните активности за организирање наизменични стопански изложби во Полска и во Македонија. Фирма од Ченстохова ми побара адреси на спортски клубови. Исто така фирма од градот Крашник побара соработка во областа на хемиската индустрија. Фирма од Лоџ која произведува кондиторски производи бара да увезува вишни од Македонија. Во текот на денот се јавија и други фирми, за што до МР/РМ испратив соодветна белешка.

12 ноември 1996, вторник

По факс до МНР/РМ го испратив текстот на Договорот за одбегнување на двојното оданочување. Полското МНР и Министерството за финансии ги прифатија нашите забелешки. Со ова заврши еден тежок дел од преговорите.

13 ноември 1996, среда

Во 11:30 кај Ворољецки. Му ја врачив Резолуцијата за зачувување на меѓународната безбедност – спречување на насилната дезинтеграција на државите. Позитивен коментар.
Во 12:00 кај заменик-министерот за стопанска соработка со странство. Му ја врачив поканата од Бекир Жута да ја посети Македонија, со цел да се потпише договор за економска соработка и трговија. Ја прими со задоволство и ќе планира да патува во Скопје на 2 декември о.г.
Во 12:30 ме прими вицепремиерот и министер за земјоделство, господинот Роман Јаѓелињски. Му ја врачив

благодарницата од Тито Петковски. Краток разговор околу состојбите во нашиот регион.

14 ноември 1996, четврток

Во 12:00 во Министерството за култура и уметност. Присутни: заменик-министерот Тадеуш Полак, Ѓорги Бојчевски од македонското министерство за култура и Наковски. Во текот на разговорот разгледано прашањето за потпишување договор за културна соработка. Двете страни се договорија во текот на декември 1996 година во Скопје да допатува тричлена полска делегација која на ниво на експерти би го договорила текстот на Договорот, кој би бил потпишан во февруари 1997 година и во тие рамки да се одржи и промоција на Панорамата на македонската современа поезија во мој превод на полски, чие издаание се очекува на 15 јануари 1997 година, отворањето на изложбата на македонските теракотни икони во Националниот музеј во Варшава и прикажувањето на филмот „Жолтиот трендафил“ снимен во полско-македонска коопродукција.
На крајот од разговорот, потсекретарот Ѓорги Бојчевски го информира заменик-министерот Тадеуш Полак за најновите археолошки ископувања во Македонија и замоли Полска да даде соодветна помош во расветлувањето на пронајдените артефакти на што заменик-министерот Тадеуш Полак вети дека во врска со изнесеното барање, како и со заштитата на спомениците во Македонија, ќе ги ангажира своите најдобри експерти.
Во 15:00 отидов во издавачката куќа „Книга и знаење“ („KSIĄŻKA i WIEDZA“) каде директорот ме извести дека Панорамата на македонската современа поезија ќе биде издадена на 15 јануари 1997 година.
Во 14:00 часот во полското МНР.
Разговор во врска со програмата за официјалната посета на министерот Росати на Македонија. Договоривме за утре уште еден состанок.

15 ноември 1996, петок

Пладнето по факс од МНР/РМ ми стигна програмата за официјалната посета на Македонија на министерот Росати. Ја преведов на полски и по факс ја испратив во полското МНР. Во основа прифатени се моите предлози. Имено на 28 ноември во 13:00 средба со министерот д-р Љубомир Фрчковски, во 14:00 потпишување на билатералните договори за заштита на инвестициите и одбегнување на двојното оданочување. Вечерта средба со поглаварот на Македонската православна црква, Михаил. Во петок, 29 ноември 1996, прием и разговори со премиерот Бранко Црвенковски, во 11:00 прием и разговори со Тито Петковски, во 12:00 прием и разговори со претседателот Киро Глигоров; во 13:00 конференција за печатот.
По заедничкиот ручек во „Маракана“, во 15:00 заминување за Охрид и од таму полетување за Варшава.

16 ноември 1996, сабота

Во 17:50 ТВ каналот WOT (Warszawski Osrodek Telewizyjny – Варшавски телевизиски центар) емитуваше репортажа за македонската амбасада во Варшава.

17 ноември 1996, недела

Надвор е мирно. Би сакал така да е и во мојата душа во која се насобра многу горчина.

18 ноември 1996, понеделник

Во полското Министерство за финансии усогласување на текстовите на договорите.

19 ноември 1996, вторник

Во Амбасадата традиционална средба на петнаесетина жени на амбасадори, која еднаш во месецот се одржува во друга амбасада. Кафе, сокови, колачи и многу раскажувања за својата земја и за традиционалните адети. Вистинско заемно запознавање. Денес ѝ дојде редот на мојата сопруга.

20 ноември 1996, среда

Во 9:00 се јавив во полското Министерство за финансии и известив дека македонската страна е согласна со понудената формулација на Договорот за заштита на инвестициите. И ним и мене ни олесна, бидејќи по 16 месечна работа во врска со договорите, дојде и крајот. На 28 ноември ќе бидат потпишани во Скопје.
Во 12:00 во полското МНР. Доставив писмо од министерот Љ.Фрчковски до министерот Росати.
Одлична вест:
-Три договори ќе бидат потпишани во Скопје.
Во 13:00 ми се јавија од Министерството за финансии – Кабинетот на вицепремиерот Колодко. Замолија средба и разговор на 26 или 27 ноември во врска со неговата посета на Македонија. Договоривме средбата да се одржи на 25 ноември во 11:00 часот.
Во 15:00 стигна телеграма со потпис на Мисајловски. Бара податоците во врска со посетата на министерот Росати да ги испратам во нашата амбасада во Виена. Нема објаснување – зошто во Виена. Веднаш потоа се јави Б. Стојановски и тој истото го побара. И тој не објасни – зошто? Неговите телеграми имаат карактер на наредба и дишат со невоспитаност и недостаток на лична култура. Му се јавив на Малески и прашав зошто податоците за посетата ги бараат Мисајловски и Стојановски? Рече дека не знае и дека ќе провери.

21 ноември 1996, четврток

Од двете страни продолжуваме со подготовките за официјалната посета на министерот Росати на Македонија. Посетата се цени како многу важна за натамошните односи и соработка меѓу двете земји. Целиот товар врз моите рамена. Продолжив да го пишувам бараниот потсетник за досегашните односи и соработка меѓу Полска и Македонија**.**

22 ноември 1996, петок

Во 8:00 на разговор ме повика Анџеј Очепка, генерален директор на Министерството за финансии на Република Полска.
Целта на разговорот ја образложи со потребата Гжегож Колодко, потпретседател на Владата и министер за финансии на Полска официјално да ја посети Република Македонија по покана од потпретседателот на Владата на РМ или министерот за финансии. Изнесе дека полско-македонските односи сè поинтензивно се развиваат и дека е потребно на лице место да се утврдат приоритетите на соработката меѓу двете држави. Во продолжение истакна дека независно од тоа што наскоро Македонија официјално ќе ја посети министерот за надворешни работи, Дариуш Росати, присутна е потребата од натамошно проширување на контактите на високо ниво. На политички план Полска и натаму сака сега и во иднина да ја поддржува нашата земја и во рамките на своите можности, како и широките врски и контакти што ги има со многу земји во светот, да биде спонзор во процесот на приближувањето на Република Македонија кон европските институции, меѓународните економски, стопански и финансиски организации. На економски план заедно со одговорните и надлежни личности во Република Македонија да се разгледаат можностите за проширување на заемно корисната економска, стопанска и финансиска соработка, размена на искуства во однос на пазарното стопанство и приватизацијата, образованието на кадар од областа на

економијата и финансиите, формирањето на заеднички фирми, споделување со полските искуства во врска со Европската Унија, ОЕЦД, ЦЕФТА, договарање за потпишување соодветен договор меѓу двете министерства за финансии, како и други прашања, што претходно би биле договорени по дипломатски пат.
Генералниот директор на Министерството за финансии изрази надеж дека заменик-премиерот и министер за финансии Гжегож Колодко ќе ја има честа да биде поканет официјално да ја посети Република Македонија и покрај разговорите со министерот за финансии и потпретседателот на Владата за време на посетата да биде примен од претседателот Киро Глигоров, претседателот на Собранието и претседателот на Владата.
Поради презафатеност, господинот Гжегож Колодко би можел посетата да ја оствари од 20 до 22 декември 1996 година. Во Скопје би допатувал со специјален авион во придружба на тројца свои соработници и еден телохранител.
Белешка на амбасадата: *Гжегож Колодко во Полска и на Запад се смета за архитект на стопанските реформи. По професија економист. Има огромно влијание врз најголемите полски стопански претпријатија, фирмите за увоз и извоз, банките и медиумите. Во Полска се цени дека е негова заслуга влегувањето во ОЕЦД, Европската Унија, како и високиот степен на порастот на полското стопанство.*

Амбасадата сугерира да се прифати господинот Гжегож Колодко да ја посети Република Македонија и да ги реализира предложените средби.
Попладне по курир Главната команда на полската полиција ми достави писмо со кое известува дека од 2 до 3 декември 1996 во Варшава ќе се одржи меѓународна конференција и очекува учество на претставник на македонското Министерство за внатрешни работи. По факс го известив МНР/РМ.

Доцна ноќта го завршив пишувањето на бараниот потсетник и по факс го испратив во МНР/РМ.

23 ноември 1996, сабота

Се надевам дека денес ќе можам да одморам.
Во 22:30 реприза на емисијата „Амбасадори – Македонија“.
Одново е побарано за Скопје да заминам два дена пред посетата на министерот Росати.

24 ноември 1996, недела

Подготовки за заминување за Скопје.

25 ноември 1996, понеделник

Во 8:25 од варшавскиот аеродром полетав за Виена и од таму за Охрид. Во Скопје стигнав во 18:20 часот с0 службена кола.

26-27 ноември 1996, вторник-среда

Консултации во врска со посетата на Росати.

28-29 ноември 1996, четврток-петок

Официјална посета на министерот Росати според програмата.
Потпишани три договори: заштита на инвестициите, одбегнување на двојното оданочување и стопанска и трговска соработка.
Одлична, многу корисна и потребна посета.
Од министерот за финансии на Република Македонија, Таки Фити, добив покана за вицепремиерот Колодко официјално да ја посети Република Македонија.

30 ноември 1996, сабота

Цел ден со децата.

1 декември 1996, недела

Преку Виена се вратив во Варшава.

2 декември 1996, понеделник

Во 12:00 во Министерството за финансии. На г-ѓа Миргос, шеф на Кабинетот на вицепремиерот Колодко, ѝ ја врачив поканата од министерот Таки Фити официјално да ја посети Македонија.

3 декември 1996, вторник

На средба и разговор со Апостолскиот нунције. Се интересираше во врска со учеството на делегацијата на Македонската православна црква на Еухаристичниот конгрес што ќе се одржи во времето од 25 мај до 1 јули 1997 година во Вроцлав. Реков дека не сум информиран за одржување на најавениот конгрес. Преминавме на посетата на министерот Росати на Македонија, за која му реков дека беше многу успешна.
Во 13:00 на ручек кај амбасадорот на Романија. Присутен и амбасадорот на Словачка.

4 декември 1996, среда

До МНР/РМ испратив телеграма со барање да ме информираат дали Македонската православна црква ќе учествува на Еухаристичниот конгрес во Вроцлав.

5 декември 1996, четврток

Г-ѓа Миргос од Кабинетот на Колодко ме информира дека вицепремиерот благодари за поканата и дека подготовките за посетата се во тек, но се уште не го имаат одредено составот на делегацијата и не знаат дали ќе летаат со специјален или со редовен авион.
Во 12:00 во хотелот „ШЕРАТОН“ на свеченост по повод 5-та годишнина од формирањето на словенечко-полската фармацевска фирма „ЛЕК-ПОЛСКА“. Свеченоста е во организација на Амбасадата на Словенија. Богата програма. Прво музички концерт, а потоа богат коктел. Романскиот амбасадор, кој секогаш на коктелите е највесел, гледајќи како присутните се гостат, ми рече:
- Фармацевската фабрика „ЛЕК“ од Љубљана сигурно има заработено многу пари штом приреди толку богата гозба.
На коктелот се запознав со новиот грчки амбасадор. Наизглед мирен човек, кој претставувајќи се рече дека се вика Хризантопулос и во текот на разговорот рече дека потекнува од левичарско семејство. На ова му реков дека и по изглед и по потекло и по соседство сме слични и дека ќе имаме прилика и друг пат да се видиме. Прифати.
Средба со Мајковски, политички советник на претседателот Квашњевски. Разговорот во врска со посетата на Росати. Во врска со ова реков дека посетата беше многу успешна и отвора нови можности за соработка, но многу поголеми резултати би се добиле доколку Македонија официјално би ја посетил претседателот Квашњевски. Рече дека на тоа работат.

6 декември 1996, петок

Студено и врне снег. Улицата скоро празна. Ретко поминува по некој калугер и низ широката железна порта влегува во големиот манастирски двор. Трагите веднаш му ги покрива снегот. Од прозорецот на Кабинетот веќе не гледам црно да се движи.

Во 18:00 на коктел во финската амбасада. Скромно и малку поканети.

7 декември 1996, сабота

Во весникот „ЖЕЧСПОПОЛИТА“ читам подолг напис за Вислава Шимборска, годинашен добитник на Нобеловата награда за литература. Во написот спомнато и моето име како преведувач на песните на Шимборска на македонски јазик.

8 декември 1996, недела

Ден на одмор, читање, гледање телевизија, дремка**.**

9 декември 1996, понеделник

Стигна факс од МНР/РМ. Го бараат составот на делегацијата која треба да допатува во Македонија на чело со вицепремиерот Колодко. Ѝ се јавив на г-ѓа Миргос. Ми вети дека деновиве ќе ми го достави списокот.
Од Собранието на Република Македонија стигна поканата за Полско-македонската парламентарна група во февруари 1997 година да ја посети Македонија.

10 декември 1996, вторник

Во 9:30 во Министерството за Национална едукација. На министерот J. Вјатр му ја врачив благодарницата од Тито Петковски. Во текот на разговорот се интересираше за посетата на министерот Росати. Истакна дека Полска е многу заинтересирана во рамките на своите можности да ја поддржи Македонија во јакнењето на нејзината државност, па оттука се корисни средбите на високо ниво. Сугерираше да се разгледа можноста за негова посета на Македонија, со

цел зајакнување на соработката меѓу двете министерства за образование.
Со здравјето не сум најдобро. Во 16:00 Дитта ја викна д-р Емилија, која ми препиша соодветни лекови.

11 декември 1996, среда

Се јавија од Министерството за финансии на РМ и го побараа списокот на делегацијата која треба да ја предводи вицепремиерот Колодко.
По телефон од Загреб ми се јави Лиле Наумова. Пријатен и срдечен разговор. Најави дека размислува да побара да ја префрлат во Хаг.

12 декември 1996, четврток

Ми се јави г-ѓа Миргос од Кабинетот на вицепремиерот Колодко. Рече дека денес ќе го достави списокот на делегацијата и дека во врска со евентуалната моја придружба на Колодко, според правилата на Дипломатскиот протокол, не би можел да летам со истиот авион. Истакна дека вицепремиерот настојува да го придружувам, но јас морам да потпишам изјава дека ќе летам на моја одговорност. За шега и реков дека мене ништо не може да ми се случи, бидејќи јас сум под нега на Севишниот и нема потреба да напишам изјава. Праша дали и сопругата би патувала. Реков: без неа никаде не одам**.**

13 декември 1996, петок

Во 10:00 на покана од словачкиот амбасадор, Маријан Серватка, отидов на предавање во Словачкиот институт.
Во 15:30 по телефон се јави Мирјана Петровска и рече дека наскоро ќе дојде во Амбасадата како советник за економски прашања. И пожелав добар пат и среќа.

Од Министерството за финансии ми го доставија списокот на делегацијата**.**

14 декември 1996, сабота

Во 18:15 му се јавив на Анте Поповски. Разговаравме за соработката меѓу писателските друштва. Меѓу другото ми рече дека бил кај претседателот Киро Глигоров, кој му рекол дека единствено Наковски е активен и многу практичен дипломат и дека сите други се само партиски фигури, а не дипломати и дека се вршат притисоци на мое место да дојде дипломат од средината на тие кои работеле во југословенската дипломатија и висок активист на владеачката партија.
Познати ми се тие кои се лакомат на моето место.

15 декември 1996, недела

Врне густ снег. Студено. Времето го користам за да ги средам канцелариските материјали**.**

16 декември 1996, понеделник

Телефонски разговор со Мирчев, наш амбасадор во Љубљана. Размена на мислења околу состојбите во МНР/РМ. Ништо позитивно.

17 декември 1996, вторник

Во 9:30 кај Боравски. Му ја врачив поканата од Македонско-полската паламентарна група да ја посети Македонија. Во 15-минутниот разговор истакната е одличната соработка меѓу двете земји.
Испратив писмо до претседателот на Република Македонија, Киро Глигоров.
(Копија во ракописот, ТЕТРАТКА III, стр. 120)

Од полското Министерство за финансии во 15:30 ми стигна факс со следната содржина**:**

“Почитуван Амбасадоре,
Во врска со тоа што се уште немаме информација за програмата на посетата на вицепремиерот и министер за финансии, господинот Колодко на Македонија предвидена да се реализира од 20 до 22 декември 1996 година, изразувам вознемиреност и учтиво молам, господине Амбасадоре, за итен одговор.
Со изрази на почит,
Анна Миргос“

Ја читам и препрочитувам телеграмата и си мислам – ех, сестро Миргос, да знаеш дека и јас сум вознемирен и што можам кога таму во МНР/РМ некој дури и не ги чита моите телеграми, а се прави умен и загрижен како да го торпедира секој предлог.
Знам кои се тие искусни расипници, но ако таму никој ништо не им може, тогаш најмалку јас.
Одново од двете страни ги побарав бараните податоци.

18 декември 1996, среда

Продолжуваат подготовките за посетата на Колодко. Белким од трошокот што е направен ќе има некоја корист.
Програмата за посетата ја добив, ја преведов на полски и ѝ ја испратив на г-ѓа Миргос.
Во 12:40 навратив во полското МНР и го предадов текстот на Договорот за пријателство и соработка меѓу Македонија и Полска. Ми побараа текстови на слични договори што Македонија ги има потпишано со други земји.
И покрај противењето на некои во МНР/РМ добив дозвола од министерот Љ. Фрчковски да го придружувам вицепремиерот

Колодко за време на неговата официјална посета на Македонија и да учествувам на сите средби и разговори. За жал некои се уште не можат да го сфатат значењето на познанството со високи личности, кое отвора можности за пошироки контакти кои се алатка за проширување на соработката. Туку тоа што не го научија порано, нема да го научат и сега. Се чини дека ги разјадува љубомората, самоуверувањето и самобендисаноста и поради тоа сами си штетат.

19 декември 1996, четврток

Излезе од печат Панорамата на македонската современа поезија под наслов „Црвени гроздови“ за што вложив многу труд. Од издавачот добив 5 примероци**.**
Во 12:00 на редовен ручек кај словенечкиот амбасадор. Присутни: Словенија, Македонија, Естонија, Унгарија, Украина, Албанија, Бугарија, Романија.
Летот за Виена одложен. Ќе морам да барам лет за Скопје преку Минхен. Г-ѓа Миргос се јави и рече дека заедно со сопругата ќе летам за Скопје во друштво на вицепремиерот Колодко.
Во 16:00 во Амбасадата на Руската Федерација. Испраќање на амбасадорот Кашлев.

20 декември 1996, петок

Во 19:10 полетување на специјалниот авион ЈАК-40 за Скопје. Во текот на летот од Варшава до Скопје, вицепремиерот ги прочита песните од Панорамата на македонската поезија што му ја врачив со посвета и задоволен рече дека со вакви работи се јакне пријателството меѓу државите и народите, а потоа замоли да му раскажувам за Македонија и заедно ги откриваме сличностите во историското трагично минато на двата народи. Пред слетување ми рече дека го заврши курсот по историјата на

Македонија и за односите меѓу двете земји, за стопанската, а посебно за културната богата соработка и за се што досега сум сторил. Стегајќи ми ја силно десницата рече:
- Вас ве бива не само за амбасадор, туку и за професор. Терајте ги двете судбински должности.
На скопскиот аеродром слетавме во 23:15. Свечен пречек од министерот Таки Фити и придружните лица.

21 декември 1996, сабота

Во 9:30 официјални разговори на двајцата министри, Таки Фити и Колодко.
Во 11:00 средба со премиерот Бранко Црвенковски.
Во 12:00 средба со претседателот на Собранието на РМ, Тито Петковски.
По ручекот, приреден од вицепремиерот д-р Љубе Трпевски, продолжија разговорите меѓу двајцатаа вицепремиери.

22 декември 1996, недела

Во 9:15 средба и разговори со министерот за урбанизација, градежништво и заштита на околината, Јорго Шундовски.
Во 10:00 разговори во Стопанската комора на Македонија. Слободен разговор за заемната соработка. Во еден момент претседателот на Стопанската комора на Македонија се исправи и мафтајќи со рацете рече дека досега Македонија имала добра соработка со Полска, а сега соработката стагнира. На ова вицепремиерот Колодко стана и со висок тон на гласот рече дека од воспоставувањето на дипломатските односи и отворањето на македонската амбасада во Варшава се потпишани низа договори и разменети се бројни посети на експери и министри. Ете, тука е вашиот амбасадор, прашајте го.
Претседателот на комората, свртувајќи се кон мене, зачудено праша:
А зошто јас не знам за тоа?

Не издржав и реков:
Веројатно затоа што повеќе сте заинтересиран за монополот на
Технометал–Вардар или вашите миленици од МНР не ви ги доставувале моите телеграми, претседателе!

Таква реакција никој веројатно не очекуваше. Го замолив преведувачот Григори Поповски моето реагирање буквално да му го преведе на вицепремиерот господинот Колодко, кој го праша претседателот на Стопанската комора:
- Сега знаете?
Во 11:30 средба со претседателот на Република Македонија, Киро Глигоров.
Во разговорите главно преовладуваше желбата за сестрана соработка меѓу двете земји, при што вицепрмиерот Колодко го изнесе своето искуство и знаења во врска со стопанските промени во Полска, подвлекувајќи дека најважни се реформите во целата организација на државата, инвестициите, интеграциите во европските и светските организации за што Полска е готова не само да се сподели со своето искуство, туку и да помогне во меѓународната афирмација на Македонија. Истакна дека во соработката со Полска неопходни се средби и разговори на ниво на експерти, министри, стопанственици, поширока соработка во културата и туризмот. Истакна дека благодарејќи на напорите на амбасадорот Наковски досега се постигнати завидни резултати кои и натаму треба да се зајакнуваат. На крајот од средбите и разговорите се заблагодари за срдечниот прием подвлекувајќи дека Македонија во Варшава има претставник кој целосно е посветен на соработката меѓу Полска и Македонија и благодарение на неговите напори, јас денес ја имам честа да се сретнам и да разговарам со државното раководство на Македонија.

Средбите и разговорите се одвиваа во многу срдечна и пријателска атмосфера. Ретко успешна средба и корисни разговори на кои цело време бев учесник.

Во 12:30 закуска во собранискиот ресторан и по половина час полетување за Охрид со специјалниот авион. На аеродромот традиционален пречек со леб и сол нуден од девојки облечени во народни носии во придружба на локалното раководство и на чело со директорот на македонската царина, стар познаник на Колодко. Ручек со македонски традиционални јадења и многу вино.
Денот посветен на посета на охридските знаменитости и доцна попладне полетување за Варшава каде слетавме во 22:50. На заминување од варшавскиот аеродром, вицепремиерот Колодко ми се заблагодари и ме покани на средба.

Во Амбасадата на бирото најдов факс со оваа содржина:

Министерство за надворешни работи – до сите ДКП-еа.
Ве известуваме дека по повод Новогодишните и Божиќните празници, претседателот на Република Македонија г. Киро Глигоров ќе приреди прием за Дипломатскиот кор во Република Македонија на 10 јануари 1997 година на кој ќе бидат поканети и шефовите на ДКП-еата на Република Македонија.
Шеф на Протоколот
Јана Петковска
Значи по две недели пак во Скопје.

23 декември 1996, понеделник

Во ракописот на „Ноќните белешки“ не треба да изостане и овој дел од средбата во Стопанската комора на Македонија. Претседателот сигурен во себе и во стилот на претходниот режим рече:

- Од ова место тврдам дека по осамостојувањето со Полска не сме потпишале ниту еден договор. Кој не го знае ова, подобро е да паси овци.
Колодко го прекина и му рече дека досега по воспоставувањето на дипломатските односи се потпишани пет договори. Петрески само се потсмевна. Колодко гласно рече оти има впечаток дека овој разговор е само изгубено време. Во Полска Колодко е познат по остриот јазик, па и тука, среде Скопје, е таков.
Не вреди да бележам глупости иако и тие се белег на нашето време. Ја затворам тетратката и одам на спиење.

24 декември 1996, вторник

Католички Бадник. Улиците во Варшава празни. Полјаците се собираат на Бадникова вечера каде масата одвај ги крепи дванасетте полски традиционални јадења.

25 декември 1996, среда

Студено и врне снег.
Во 19:15 одиме на аеродром да ја пречекаме Лиле Наумова, која неколку денови ќе ни биде гостинка. Работи во нашата амбасада во Загреб како вршител на работите.

26 декември 1996, четврток

Втор ден Божиќен католички празник и подготовки за пречек на Новата 1997 година. Мирен предновогодишен ден. Пријатни и долги разговори со Лиле Наумова. Десет години заедно работевме во иста канцеларија во која соработник ни беше и Драган Јањатов, умен, тактичен, начитан и културен соработник.
Разговорите ни течат и за добрите и за непријатните денови поминати во институцијата сега прекрстена во Министерство за надворешни работи. До тогаш бевме добар, сплотен

колектив, посебно до кога беше жив Томислав Симовски. А потоа се отиде наопаку, посебно кога дојдоа белградските или сојузните дипломати. Сите умни. Чекаа и само чекаа да бидат испратени на дипломатската служба на новата македонска држава која допрва се зацврстуваше.

27 декември 1996, петок

Испративме новогодишни и божиќни честитки до македонското државно раководство. Честитки испративме деновиве и до полските државни институции, претседателот на државата, премиерот, министрите, културни и политички личности и до претставниците на Дипломатскиот кор. Отидов на аеродром и резервирав авионски билет за 9 јануари 1997 година и враќање во Варшава на 12 јануари. Надвор студено. Минус 22 степени.

28 декември 1996, сабота

Сите тројца, Дитта, Лиле и јас отидовме во градот на покупки. Не е за излегување и шетање по продавници поради студот. Варшава скоро празна. Исто и во продавниците нема купувачи. Премрзнати се вративме во 14:00 часот.

29 декември 1996, недела

Ја посетивме палатата во Виланув и изложбата на уметнички слики од разни времиња.

30 декември 1996, понеделник

Денес требаше да одам во Амбасадата на Виетнам за да се впишам во книгата на жалост по повод смртта на претседателот. Не отидов поради задоцнетото доаѓање на возачот на работа.

Во 15:15 Лиле Наумова ја испративме на аеродром. Се враќа во Загреб.

31 декември 1996, вторник

Последен ден од годината. Ќе се памети по добрите успеси во извршувањето на дипломатската мисија, средбите, посетите, разговорите и договорите за соработка меѓу Македонија и Полска, одличните односи со полските надлежни институции, корисните средби и разговори со претставници на Дипломатскиот кор, но и по несоодветната соработка изразена од страна на МНР/РМ.
Тешка, ама успешна година.

ТРЕТ ДЕЛ 1997

Во средината на неделата ја почнувам третата година од мојата дипломатска мисија. Со ист напор, желби и надеж и во оваа година ќе продолжам по истиот пат, како и досега за што поголемо присуство на Македонија во Полска и на Полска во Македонија и заедничко чекорење во иднината.

1 јануари 1997, среда

Утрото си честитавме Среќна Нова година, стигнаа и телефонски честитки од децата.
Малку радост, а многу тага.

2 јануари 1997, четврток

Од полското Министерство за сообраќај стигна копија од писмото испратено до соодветното македонско министерство.
Надвор минус 20 степени.

3 јануари 1997, петок

Во 9:00 ми се јави амбасадорот на Словачка, Маријан Серватка. За утре, во 18:00 не кани на вечера во неговата резиденција.
Во 12:00 се јавија од полското Министерство за култура и уметност во врска со потпишувањето на Договорот за соработка меѓу двете министерства. Замолија да добијат информација дали можат да очекуваат доаѓање на претставник на македонското Министерство за култура во времето од 15 до 17 јануари о.г. Договоривме средба.
По факс го известив МНР/РМ.
Вечерта, во 21:00 ми се јави Борко Зафировски, заменик-министер за култура и потврди дека во предложениот период ќе допатува во Варшава.

4 јануари 1997, сабота

Во 6:20 од Киев ми се јави Владо Блажевски, кој пред еден месец ја отвори таму македонската амбасада. Изнесе многу информации за состојбите во Украина и многу незадоволство од соработката со МНР/РМ. Толку од разговорот со ветување дека пак ќе се слушнеме.
На вечерата кај словачкиот амбасадор разговаравме за стопанската и културната соработка меѓу двете земји. Договоривме дека е потребно соодветни стопански фирми да воспостават контакти, да се одржат средби на експерти и високи функционери, формирање заеднички фирми и заеднички настап на меѓународни стопански и културни манифестации, како и соработка во областа на туризмот.

5 јануари 1997, недела

Поради студеното време не излеговме надвор.

6 јануари 1997, понеделник

Стигнаа новогодишните честитки од претседателот Киро Глигоров до претседателот Квашњевски, премиерот, претседателот на Сејмот и на Сенатот, до министерот за надворешни. Ќе им ги доставам со нота преку Дипломатскиот протокол.
Таков е редот.
Пладнето стигна и покана за учество на традиционалната новогодишна средба што ја организира претседателот Квашњевски на 8 јануари за Дипломатскиот кор и високи полски личности. Прилика за средби и разговори.

7 јануари 1997, вторник

Од полското Министерство за култура и уметност стигна покана за Борко Зафировски. Ја преведов на македонски и ја испратив по факс до МНР/РМ. Се надевам дека на време ќе му ја пренесат.
Се јави Борко Зафировски и рече дека ќе го придружуваат две лица чии имиња ќе ги достави утре.

8 јануари 1997, среда

Во 18:45 стасавме во претседателската палата. Во редот сме на 68 место. Полека се движиме кон големата сала. Директорот на Дипломатскиот протокол ги најавува поканетите гости, кои се поздравуваат со претседателот Квашњевски и неговата придружба.
Мноштво средби и разговори. Посебен впечаток ми остави разговорот со министерот Дариуш Росати кој високо ги оцени полско-македонските односи. Кратки разговори со амбасадорите на: Унгарија, Белорусија, Романија, Албанија, Велика Британија, Хрватска, Италија, Белгија, Грција и Словенија.

9 јануари 1997, четврток

Во 10:50 се јави Б. Зафировски во врска со неговото доаѓање во Варшава.
Во 13:15 во полското Министерство за култура и уметност. Договараме програма за престојот на Зафировски.
Се јави Јото Димитров од Конин. Сака да се сретне со Борко Зафировски.
Во 15:15 се јави Васка Трипкова. Рече дека од министерот Фрчковски е одредена да дојде во Варшава како секретарка во Амбасадата.

10 јануари 1997, петок

Во 10:30 на средба во главниот Уред за царина.
Во 11:00 на средба и разговор со Солтис, директор на издавачката куќа „KSIĄŻKA I WIEDZA“ во врска со издавањето избор поезија од Анте Поповски и Петре Бакевски.
Во 13:15 се јави секретарката на грчката амбасада и рече дека амбасадорот Хризантопулос сака да разговара со амбасадорот Наковски. Амбасадорот Хризантопулос ми предложи да се сретнеме на скромна закуска во неговата резиденција на 20 јануари. Ќе прати покана. Му се заблагодарив за поканата и реков дека средбата ја прифаќам со задоволство.
Ќе морам да се подготвам за разговорот.
Вечерта во ударните вести полската телевизија јави дека од 1997 до 1999 година Краков ќе биде меѓународен град на поезијата, а во 2000-тата година ќе биде културна престолнина на Европа.
Вислава Шимборска го презеде патронатот.
Прилика да сме присутни.

11 јануари 1997, сабота

Независно од студеното време отидовме на подолга прошетка. Добро освежување.

12 јануари 1997, недела

Ден за одмор. Читање на полскиот печат. Превод на песните на Анте Поповски.

13 јануари 1997, понеделник

Денес роденден на Миленка. Утрото ѝ се јавивме и ѝ честитавме.
Испратени поканите за промоцијата на Панорамата на современата македонска поезија што ќе се одржи во просториите на Домот на културата во Стариот дел на Варшава.
Телефонски разговор со Борис Вишињски. Се пожали за тоа дека не е поканет на промоцијата во Варшава. Му реков дека тоа зависи од Министерството за култура и да му се обрати на Борко Зафировски.
Ми се јави Огнен Малески. Ми рече дека во раководството на МНР/РМ има многу позитивно мислење за мене и се размислува за промена на мојот статус.
Во 13:45 пречек на претседателот на Романија.
Во 20:40 на аеродром на пречек на Борко Зафировски, Мирјана Поповска и Глигор Стојковски. Ги сместив во хотелот „ЕУРОПЕЈСКИ“ („EUROPEJSKI“).

14 јануари 1997, вторник

Во 14:00 се јави вицепремиерот Колодко, кој е на одмор. Во краткиот разговор изрази задоволство од престојот, средбите и разговорите водени во Скопје. Побара да му испратам фотографии. Му реков дека се уште ги немам добиено. Му ветив дека кога ќе ги добијам, тогаш веднаш ќе му ги доставам. Рече дека повеќе би сакал лично да му ги врачам, бидејќи тоа ќе биде прилика да се видиме.

Во 18:00 во Амбасадата дојдоа Борко Зафировски и Мирјана Поповска. Останаа до 22:00 часот.

15 јануари 1997, среда

Во 8:45 испраќање на романскиот претседател.
Престојот на Борко Зафировски во Варшава според договорената програма.
(Види во ракописот текст на програмата, Договорот за културна соработка, мои забелешки и фотографии, ТЕТРАТКА III, стр. 152).

16 јануари 1997, четврток

Од 11:00 до 12:00 разговори во Министерството за култура и уметност.
Во 13:30 промоција на Панорамата на современата македонска поезија под наслов „ЦРВЕНИ ГРОЗДОВИ“ во избор на Григор Стојковски. Присутни голем број поканети, меѓу кои најмногу познати полски поети учесници на Струшките вечери на поезијата, По промоцијата - ручек.
Во 17:00 на коктел кај Валдемар Павлак, поранешен премиер. Подолг разговор со него во врска со односите и соработката меѓу двете земји, како и средби со амбасадорите на: САД, Украина, Белорусија, Словачка, Србија и Грција.

17 јануари 1997, петок

Во 9:45 разговори во полското Министерство за култура и уметност меѓу министерот Подкањски и Зафировски. Истакната досегашната одлична соработка во областа на културата и подвлечена потребата од нејзино натамошно проширување.
Во 10.15 потпишување на Договорот за соработка меѓу двете министерства за култура.

18 јануари 1997, сабота

Посета на Националниот музеј и разговори за заемно организирање уметнички изложби.
Попладнето средба Зафировски и Јото Димитров, Македонец од Костурско, еден од врвните скулптори во Полска. Разговор за можноста да се организира изложба на негови дела во Скопје.

19 јануари 1997, недела

Во 11:30 на аеродром. Испраќање на Борко Зафировски за Скопје. Присутни на испраќањето заменик-министерот за култура Тадеуш Полак и директорот Цвеч. Во 12:15 полетување за Скопје.

20 јануари 1997, понеделник

Од МНР/РМ ми јавија дека наскоро ќе ми пратат советник за економски прашања. Не прашав кој ќе биде, но колешката од Цирих ми се јави по телефон и ми го кажа името на идниот советник и ме предупреди да бидам многу внимателен и да не спорам, бидејќи во игра се врски.

Во 13:30 со сопругата отидовме на закажаниот ручек во резиденцијата на грчкиот амбасадор, господинот Хризантопулос. Нè пречекаа пред широко отворената врата. На амбасадорот му врачивме шише вино, а на неговата сопруга букет црвени рози. Убава резиденција. Не пречекаа така, како да сме биле одамна нивни познаници. Салонот мал, на ѕидовите многу семејни фотографии. Разговараме за времето, кое за нас јужњаците е многу студено. По дваесетина минути преминуваме во трпезаријата. Повеќе разговараме отколку што јадеме. А разговораме за нас како соседи и гласно размислуваме како да бидеме подобри соседи. Минатото нè дели и не навестува, вели амбасадорот

Хризантопулос, подобри времиња. На ова му велам дека во политиката, стопанството, економијата, културата, образованието, па и туризмот во догледно време главниот збор ќе го имаат новите генерации во двете земји и тие ќе ги отвораат новите патишта. Како во Западна Европа. За жал, продолжив, се уште сме Балканци и такви не сака и Западот и Истокот. Изразив надеж дека ќе почнат да дуваат нови ветришта, кои за жал, можеби ние нема да ги дочекаме. Па наша обврска е, ме прекина Хризантопулос, да работиме на тоа, тие ветришта што побрзо да стигнат.
Долг е разговорот за соработката и за пријателството меѓу двете земји. Времето на средбата брзо истече. Се заблагодаривме за средбата и вкусниот ручек со ветување дека наскоро пак да се видиме. За моите рани и за раните на моите сонародници не прозборевме зашто веројатно ќе почнат многу да болат. Нека траат во спомените и на тие што допрва ќе дојдат да им отвораат широки патишта во заедничкото барање начини за сожителство.
Се вративме во Амбасадата со чувство дека малку го подотворивме вратичето за добрите соседски средби и добрите надежни времиња.

21 јануари 1997, вторник

Зоран Јачев ме извести дека се разгледува можноста за подигнување на степенот на нивото на моето дипломатско звање.

22 јануари 1997, среда

Во 12:00 на коктел приреден од претседателот на Сенатот.
Во Амбасадата го повикав сопственикот на фирмата „FAMA“ од која го купив мебелот, со цел да опремиме уште една канцеларија.

23 јануари 1997, четврток

Во 11:00 на средба со Чајка по негово барање. Се интересираше за најновите состојби во регионот.

Добив писмо од проф. Коле Симитчиев, ламбадата на македонството во Полска. Тешко е болен. Сега е во околината на Варшава, кај својата ќерка.
Пишува:

Варшава 17.I. 1997 година

Драги Петре,

Ти благодарам што не ме забораваш и ме каниш на важни состаноци. Многу жалам што не можам да присуствувам. Ти арно знаеш дека јас сиот живот и го посветив на нашата татковина. Бев партизан и се борев против окупаторите, потем учесник во граѓанската војна од почетокот до нејзиното завршување. Овде во Полска ја најдов новата татковина. Во моите универзитетски предавања и во објавените научни трудови централно место заземаат македонската книжевност, народното творештво, културата и историјата. Така беше пред моето преминување во пензија. Две години пред моето пензионирање моето срце престана да бие. Ме спаси анестезиолог. После тоа се случи уште еден пат. Имам аритмија и висок притисок 220/110, моите бели дробови се слаби, тешко дишам, не можам да се движам без помош на Нина. Сум член на неколку научни друштва, но не сум бил на никаков состанок ако и да примам покани. Од Ректоратот на Вроцлавскиот универзитет добивам покани неколку пати през годината да присустувам на разни свечености, од Советот на филолошкиот факултет исто примам покани, но никогаш од 1988 година не сум присуствувал. През последниве години ослабнав 26 килограми.

Кај кардиологот морам да се јавувам секој 7 ден. Ако се видиме ќе се увериш дека не сум тој Коле што го знаеше од 1956 година.
Вчера кардиологот не ми дозволи да се движам. Имав висок притисок и морав да лежам.
Извини што вака се случува со моето здравје и не можев да присуствувам на вчерашниот состанок.
Со срдечни поздрави на Дитта и на Тебе од Нина и Коле.

P.S. Кардиологот не ми дозволува да одам на аеродромот кога на 28 јануари ќе се врати нашата ќерка со семејството од Америка.

Коле Симитчиев

(Оригиналот на писмото во ракописот, ТЕТРАТКА III, стр. 160)

Толку ми напиша проф. Коле Симитчиев и така го цитирам. Толку напиша, а ништо не напиша за тоа дека во 1950 година од органите на Комунистичката партија на Грција кои во Полска се однесуваа така, како да имаат своја држава во туѓа држава, во која најважна беше нивната тајна полиција. Во нашироко фрлената мрежа со која се бараа југословенски и Титови агенти, го најде и Коле и наклеветен го испрати на превоспитување во една државна земјоделска задруга близу градот Згожелец, каде собираше компири, морков и шеќерна репка, товараше и растовараше вреќи во тракторски приколки и камиони, а само ноќе, под малото пламенче на свеќата ги прошируваше своите знаења од книгите што скришум му ги носеше неговиот полски пријател, директорот на задругата и тој универзитетски професор на „Политехниката“ во Лвов, сега во составот на Украина. Две години подоцна ја презеде Катедрата за старословенски и старогрчки јазик на вроцлавскиот универзитет. Под негово око се издаваше весникот „ДЕМОКРАТ“ на македонски

литературен јазик, но не и со македонската кирилица, за што беше во постојан судир со грчкиот партиски комитет. Со негова грижа и во тесна соработка со полското Министерство за образование ги основа македонските училишта во Згожелец, Полице, Легница, Крошченко и Лисковате и како главен инспектор често ги посетуваше и ги подучуваше учителите за кои секоја година во јули организираше специјални едномесечни курсеви. И не само тоа. Со негов труд, залагање, соработка и помош на полските власти, заедно со Пандо Шапкарев, ги изготви и со финансиска помош на полското Министерство за образование го издаде комплетот учебници за основните македонски училишта во Полска. А колку е потребно да се напише за неговите научни трудови за кои многу скромно пишува во неговото писмо полно со болка? Честопати доаѓаше во Скопје и деновите ги поминуваше во библиотеките и научните институти и со својот голем пријател, Блаже Конески, водеше бескрајни научни разговори. Така до 1991, кога новите власти го заборавија, а и сегашните не го паметат него, Коле Симитчиев, големата ламбада на македонството во Полска и не само таму. За жал големите заслужни Македонци денес се заборавени од големите полуписмени и алчни Македонци. А јас сега со малку зборови си го спомнувам мојот учител и пријател и ме боли тоа што не најдов време да одам на вроцлавските гробишта и да запалам мала свеќа за да има малку светлина за душата на големиот, а многу скромен Коле, партизан, роб, професор, учебникар, научник, пријател.
Не знам кој ден згасна таа голема ламбада на македонството и се прашувам зошто така лесно ги забораваме заслужените чеда?

24 јануари 1997, петок

Ми се јави претседателот на Полско-македонската парламентарна група, пратеникот Бжежињски и замоли да се

видиме. Дојде во Амбасадата и разговаравме за планираната посета на претседателот Квашњевски на Македонија.

25 јануари 1997, сабота

Од МНР/РМ ми стигна вест дека министерот Љ. Фрчковски го потпиша решението за мое унапредување.
Пладнето средба со романскиот амбасадор, кој во текот на слободниот разговор ми рече:
- Петре, ако зависи од тебе, не примај никого кој барем еднаш не бил на диплматска работа. Па дури и таквите се безделници. Јас имам двајца такви. Ќе дојде, ќе се прчи, а целата работа ќе биде твоја и одговорноста за не- завршената обврска ќе лежи на твојот грб и ќе те кодошат. Јас, вели, англиски не знам и не оти на англиски ќе ги средувам работите со Полјаците. Тие ги ценат најмногу таквите, кои им зборуваат на нивниот јазик. Ме разбра?

26 јануари 1997, недела

Цел ден ги прелистувам ноќните белешки. Има грешки и не ги поправам.

27 јануари 1997, понеделник

Во 15:20 во Амбасадата дојдоа заменик-министерот за култура и уметност, Тадеуш Полак во придружба на непознат маж, кој се претстави како генерал и доктор Барчиковски. Од подолгиот разговор дознав дека генералот Барчиковски бил главен хирург во тајната воена болница на островот Волин под криптонимот „250“ каде беа лекувани околу 2000 борци на Демократската армија на Грција. Долго зборуваше за болницата, за односите меѓу ранетите Македонци и Грци и на крајот од разговорот рече дека некогашните негови пациенти Грци го имале покането во Грција и изрази желба да оди во Македонија за се сретне со неговите македонски пациенти.

За болницата „250“ објавил книга под наслов „SZPITAL GRECKI NA WYSPIE WOLIN“ („Грчката болница на островот Волин“) и ми подари еден прмерок со посвета „На драгиот Господин амбасадор Наковски со изрази на срдечност“.
По нивното заминување до МНР/РМ испратив белешка со назнака да биде препратена до Сојузот на борците со молба да ја разгледаат можноста генералот Барчиковски да добие покана за посета.

28 јануари 1997, вторник

Во 10:00 во Министерството за култура и уметност. Разговор со Цвеч во врска со натамошните активности за проширување на соработката. Договоривме до 10 февруари македонската страна да достави свои предлози, а до крајот на истиот месец да се одржат експертски разговори во Скопје. Ми се јави Огнен Малески. Разговорот беше околу некои технички прашања. Потврди дека Љ. Фрчковски го потпиша решението за мое унапредување, дека никој не беше против и дека сум бил многу фален и истакнуван за пример.

Неодложно се поставува следново прашање:

Указот за мое именување за вонреден и ополномоштен амбасадор е обвјавен во Службен весник на 16 октомври 1997 година. Од јануари до октомври, значи цели осум месеци, во чија фиока се чуваше решението потпишано од министерот Љ. Фрчковски? Кој го криеше?

29 јануари 1997, среда

Во 11:00 на разговор кај г-ѓа Халина Огник, заменик-директор на Департментот за меѓународно-правни односи. И го предадов македонскиот текст на владиниот договор за културна соработка и замолив да го добијам полскиот текст.

30 јануари 1997, четврток

Во 8:55 ми се јави Славјанка од Министерството за финансии. Рече дека сликите од посетата на Колодко ги испратија по пошта. Ја потсетив за возвратната посета на министерот Таки Фити.
Во 10:00 на работен појадок организиран од вицепремиерот Колодко со учество на 32 амбасадори од Централна и Источна Европа и од некои азиски држави. Тема: Промоција на неговата книга за стопанските успеси на Полска и формирање фондација за помош на земјите во транзиција.

31 јануари 1997, петок

Непријатен разговор со возачот кој постојано доцни на работа. Настојчиво бара да му ја зголемам платата. Му реков ако не е задоволен, може да си побара друга работа.

1 февруари 1997, сабота

Вечерта гледаме директен пренос од Солун – прогласување на Солун за 13-тата по ред културна престолнина на Европа. Таму е присутен и нашиот министер за култура, Унковски. Ми остави позитивен впечаток говорот на премиерот Симитис, кој истакна дека Солун секогаш бил крстосница на разни култури, град во кој живееле и живеат припадници на разни народи, со свој јазик, култура и обичаи. Спротивен е впечаток од говорот на грчкиот претседател, кој истакна дека Солун секогаш бил грчки и натаму по стариот национо-шовинистички стил што се уште има длабоки корени во Грција. Ако Симитис зборува со јазик на европеец, грчкот претседател се потврди како вистински националист. Настапите на Симитис и на грчкиот претседател од утре сигурно ќе бидат тема на разговори со поголем број дипломати.

2 февруари 1997, недела

Отидовме на подолга прошетка во најблискиот парк.
Студено.

3 февруари 1997, понеделник

По ДХЛ пристигна текстот на Договорот за соработка меѓу министерствата за финансии. Деновиве ќе го преведам на полски, а потоа полскиот текст на македонски. Експертите ќе ги споредуваат.

4 февруари 1997, вторник

Во Амбасадата дојде професорот Анџеј Херман, консултант во полското Министерство за финансии и претседател на фондацијата „ДА СЕ ЗНАЕ СЕГА“. Подолг разговор околу проектите за соработка што треба заеднички да се реализираат со помош на фондацијата. Му ветив дека до 20 февруари ќе ги добие македонските предлози. По неговото заминување за водениот разговор до МНР/РМ испратив соодветна белешка.
Во 11:00 часот радиото пренесе вест дека вицепремиерот Колодко поднесе оставка. Претседателот Квашњевски ја прифати.
Стигна писмото од министерот Таки Фити до Колодко и текстот на Договорот за соработка.
Се јави амбасадорот Хмјелевски и најави дека на 20 февруари о.г. група од две до три лица, високи функционери на полското МНР, ќе отпатува во Скопје со цел да изврши технички подготовки за отворање полска амбасада во Скопје. Замоли на групата да ѝ биде дадена соодветна помош. Ветив дека веднаш ќе ги известам надлежните во МНР/РМ и дека може да биде сигурен дека групата ако побара, ќе ја добие потребната помош.

5 февруари 1997, среда

Надвор лапавица, врне густ снег. Тоа ме потсети на денот кога пред 35 години, на 5 февруари 1962 година, тргнавме со воз на преселба во Југославија.
Ми се јави Гордана Глигорова, пргава и секогаш многу услужна и трудољубива девојка. Рече дека на Трипкова веќе ѝ е потпишано решението за да дојде во Варшава. Пладнето по факс добив копија од решението што го потпиша министерот Љ. Фрчковски, а кое гласи дека Василка Трипкова се упатува на работа во Амбасадата на Република Македонија во Варшава како техничка секретарка.
Денес го раскинав договорот со секретарката Беата Ристовска, одличен работник. Многу научи и многу се трудеше. Се здоби со искуство и знаење. Добро се снаоѓаше. Ѝ ветив дека секогаш кога ќе доаѓаат делегации од Македонија, ќе ја препорачувам за преведувач. Ѝ изразив благодарност за работата и за одличната соработка. На нејзино место доаѓа Трипкова, која допрва треба да учи како се бидува секретарка. И предложив до нејзиното доаѓање да остане на работа. Беата се согласи да остане на работа во Амбасадата до доаѓањето на новата секретарка.
Во телефонскиот разговор една колешка ми рече:
- Досега сите кои те знаат ти се радуваа и те фалеа. Кога слушнаа кого ти праќаат, велат-тешко на Петре. Да знаеш сега сите те сожалуваме.
Не почувствував дека ми олесна.

6 февруари 1997, четврток

Во 12:00 кај г-ѓа Миргос во Министерството за финансии. Ѝ го врачив писмото од министерот Таки Фити до вицепремиерот Колодко, кој пред некој ден поднесе оставка и предлог-текстот на Договорот за соработка.
Ја замолив да го поздрави вицепремиерот Колодко.

7 февруари 1997, петок

Денешниот ден ме потсетува на денот кога утрото 1962 година стигнавме во Скопје. Од Суботица до Скопје под окото на двајца цивили. Без придружба на едниот, ниту по нужда. Во Скопје стигнавме утрото. Снег до колено. Право од вагонот нè качија во едно сиво комбе и во придружба на двајца народни милиционери нè растоварија во Идризово. Голема сала и во неа педесетина железни кревети. Со мене го носев и грипот. Легнав во еден од креветите и се покрив со засмрденото ќебе. Возачот кој тука не донесе викна: - Каде е бре писателот и врз мене фрли два примероци од списанието „РАЗГЛЕДИ“ во кое беа објавени мои песни со прекрасен предговор од Гане Тодоровски, со кого до крајот на неговиот починок останавме пријатели. Значи стигнавме во Македонија, која ни беше мечта и право во главниот затвор во Идризово. Петнаесет дена испитување и расправии со инспекторот. А за тоа низ што поминавме потоа можеби ќе напишам во други белешки.
Сега, денес, пак сме во Полска. Денот, како и тогаш, сив и намуртен и снег паѓа без престан.
Дитта отиде на вообичаената средба на сопругите на амбасадорите

8 февруари 1997, сабота

Ми стигна телеграма со која бараат (од сите ДКП-еа) опширни информации за објектот во кој е сместена Амбасадата заклучно со фотографии. Потписникот на телеграмата го известив дека такви информации испратив до МНР/РМ во 1995 година, а проверка и премер изврши стручно лице (архитект) кое специјално дојде во Варшава за таа цел. Сугерирав да провери во архивот. Но, за секој случај му ја исполнив желбата.

9 февруари 1997, недела

Во 22:30 телефонски разговор со Живко Апостолски. Меѓу другото стана збор и за кадровското екипирање на Амбасадата. Рече дека ќе ми пратат такви, кои веќе си го изедоа лебот во МНР/РМ. За нивното незнаење и неработење, рече, тебе ќе те најдат крив.
На Живко можам да му верувам и ги прифаќам неговите совети, кои се искрен одраз на неговото долгогодишно дипломатско искуство.

10 февруари 1997, понеделник

Во 18:00 на коктел во хотелот „FORUM“ приреден од Амбасадата на Иран. Голем портрет на Хомеини, подот послан со дебели килими и на масите купишта книги со верска содржина.
Покрај другите личности и дипломати се сретнав со министерот Росати, кого го известив дека со Министерството за култура и уметност е договорено во Националниот музеј да биде отворена изложба на македонските теракотни икони. Иницијативата ја пофали истакнувајќи дека е многу добар чекор во областа на културната соработка.

11 февруари 1997, вторник

Во 10:00 во Амбасадата дојде г-ѓа Барбара Пшигода од Варшавскиот кураториум. Се интересираше за можностите за размена на групи ученици и младинци. Ја упатив на потпишаниот договор меѓу министерствата за образование.
Во 12:00 во Амбасадата дојдоа Анатолиј Брижатиј, генерален конзул во Амбасадата на Украина и Андреј Дештиција, втор секретар. Се интересираа за македонско-полските искуства во изготвувањето и потпишувањето на договорите за соработка. Сакаат да применат сличен метод.

12 февруари 1997, среда

Во 10:00 заедно со Цвеч разговараме за проширување на културната соработка меѓу двете земји.

13 февруари 1997, четврток

Некаде околу полноќ го завршив преводот на македонски јазик на Законот за заштита на полскиот јазик. Ќе го пратам во Скопје. Можеби ќе биде искористен за донесување сличен закон за заштита на македонскиот јазик?

14 февруари 1997, петок

Од 10:00 до 11:00 средба со Солтис, директор на издавачката куќа „KSIĄŻKA I WIEDZA“. Разговараме во врска со издавањето избор песни од Анте Поповски и Петре Бакевски. Во врска со тоа прашање ќе треба да разговарам и со заменик-министерот за култура, г-нот Јанас.
Во 12:00 средба со романскиот амбасадор. Размена на мислења во врска со политичките состојби во Полска.
Од МНР/РМ стигна поканата од Министерството за култура, Цвеч и Орловски да одат во Скопје со цел заедно со македонски експерти да го усогласат идниот текст на Договорот за културна соработка.

15 февруари 1997, сабота

Вршам превод на македонски на полскиот текст на Договорот за стопанска соработка.

16 февруари 1997, недела

Денот како и вчера, работен, а надвор врне многу снег.

17 февруари 1997, понеделник

По факс го испратив во МНР/РМ текстот на Законот за заштита на полскиот јазик.

18 февруари 1997, вторник

Во 14:00 на средба со премиерот Влоцимјеж Чимошевич и Дипломатскиот кор. За време на пригодниот коктел разговор со министерот Росати и Чимошевич. Посетата на Фрчковски ја очекуваат после 15 април оваа година.
Во 18:00 на коктел во Амбасадата на Литванија.

19 февруари 1997, среда

На коктелот во унгарската амбасада не отидов поради влошено здравје.

20 февруари 1997, четврток

Во 14:00 на разговор со Јан Гранат, директор на Кабинетот на министерот Росати. Ме прими многу срдечно. Цел на посетата: прашања кои би биле тема на разговорите Фрчковски-Росати. На крајот од разговорот истакна дека веројатно возвратната посета би се одржала на 24-25 април или 14-15 мај оваа година. Изнесе мислење дека посетата на претседателот Киро Глигоров на Полска веројатно ќе се реализира дури есента 1997 година. Вети дека до крајот на овој месец ќе ми достави конкретен одговор за посетите.

21 февруари 1997, петок

Цел ден в кревет. Така ме натера докторката Емилија.

22 февруари 1997, сабота

Ист ден како вчерашниот. Се јави д-р Емилија и се распраша како се чувствувам. Одговорив дека сум добро. Ми забрани да станам и да работам.

23 февруари 1997, недела

Денот поминат в кревет. Подобро се чувствувам.

24 февруари 1997, понеделник

Од МНР/РМ стигна факс со кој известуваат дека министерот Фрчковски нема да оди во Полска во мај оваа година. Возвратната посета се одлага за втората половина на 1997 или првата половина на 1998 година.

25 февруари 1997, вторник

Во 10:00 се запишав во книгата на жалоста отворена во Амбасадата на Кина по повод смртта на претседателот.
Во 11:00 на средба со амбасадорот на Словачка, Маријан Серватка. Ми пренесе дел од разговорот што го имал во Братислава со министерот за култура на Словачка. Имено словачкиот министер изразил желба да ја посети Македонија и со надлежното министерство да разговара за културна соработка меѓу двете земји.
Во 14:00 часот во амбасадата дојде Малаховски, претседател на Полско-балканската стопанска комора. Ја изнесе идејата во Варшава во април да се организира промотивен семинар посветен на Македонија.

26 февруари 1997, среда

Петти ден без секретарка. Болна е од грип.
Во 13:00 на средба во полското МНР со тројцата директори кои биле во Скопје во врска со техничките прашања околу

отворањето полска амбасада. Изразиле големо задоволство од контактите и помошта добиена од надлежните во Скопје. Весникот „RZECZPOSPOLITA“ објави интервју со бугарскиот претседател П. Стојанов. Поголем простор од интервјуто посветен на бугарско-македонските односи. Во текот на денот го преведов на македонски и по факс го испратив во МНР/РМ.
Во Амбасадата дојде претседателот на полскиот стрелачки сојуз. Непријатен разговор. Извести дека од 26 до 28 февруари во Варшава ќе се одржи Меѓународен стрелачки натпревар. Се пожали дека македонската екипа уште не стигнала, а немаат и македонско знаме и касета со македонската химна. Му реков дека во Варшава постои фирма која по порачка шие секакви знамиња. Му дадов наше знаме и касета со химната без обврска да ги врати.
А нашите во Скопје стрелачката екипа ја испратиле без заверено оружје и поради тоа на граница морала да чека два дена за влез во Полска и по соодветна интервенција на Амбасадата кај полските надлежни органи доби дозвола за влез.

27 февруари 1997, четврток

Во 9:00 во Министерството за финансии. Разговор со г-ѓа Миргос во врска со официјалната посета на министерот Таки Фити. Ми вети дека идната недела ќе ми ја достави програмата за престојот.
Ми се јавија од полската телевизија и ме потсетија дека уште ги чекаат материјалите во врска со планираната емисија за Македонија.
И јас чекам некој во МНР/РМ да сфати што значи една таква емисија за афирмација на Македонија.

28 февруари 1997, петок

Петровска одби да изготви белешка во врска со планираниот семинар што на 10 април о.г. ќе се одржи во Варшава во организација на регионалната полско-балканска стопанска комора и да учествува како претставник на Македонија. Рече дека таа тука е испратена да биде советник, а не некој писар на белешки и да учествува на некои семинари за што нема поим.
Семинарот се одржа без претставник на Македонија.
Во 13:00 се јавија од бугарската амбасада и во име на амбасадорот замолија да учествувам на скромен прием по повод завршувањето на посетата на бугарскиот претседател на Полска. Прифатив. Всушност, во присуство на поголем број амбасадори, тоа беше промоција на бугарските вина. Ја искористив приликата да разговарам со амбасадорите на Хрватска и Романија.
Во 14:00 ми се јави Огнен Малески и по службениот разговор ме праша како тече соработката со советникот Петровска. Му кажав за случајот и му реков дека е најдобро да си ја вратат советничката која во МНР/РМ сигурно ќе биде покорисна.

1 март 1997, сабота

Вчера хрватскиот амбасадор ми рече дека скоро секоја недела добива од МНР разни инструкции во врска со активностите во контаките со полските органи. Јас, за жал, наместо инструкции добивам забрани потпишувани од некој си Стојановски кој наредува да не форсирам посети и изготвување договори. Некој ден ќе го побарам и ќе го прашам дали знае зошто сум пратен во Варшава? А можеби тој и некој како него го ловат моето место? Врските се во нивни раце и лесно можат да ги менуваат решенијата.

2 март 1997, недела

Во вечерните вести на грчката сателитска телевизија гледаме драматични слики од настаните во Албанија. Ранети, убиени,

тепани, безвластие и пустош. Секој носи по два или три калашникови. Се празнат воените магазини, се краде сè што може да се најде во продавниците. Дали ова е одмазда против претходниот режим?

3 март 1997, понеделник

Учествував на два коктели, во Амбасадата на Бугарија и Амбасадата на Мароко. Единствена тема на разговорите – Албанија. Амбасадорот на Албанија не е дојден.

4 март 1997, вторник

Од Националниот музеј ме известија дека Заводот за осигурување бара многу голема сума пари за осигурување на теракотните икони. Изложбата би требало да се отвори на 14 март. Почнаа дополнителни разговори во врска со осигурувањето.
Настаните во Албанија се сè по трагични. Грчката ТВ јави дека осмата дивизија на грчката армија е во движење кон границата со Албанија.

5 март 1997, среда

На разговор со заменик-министерот за култура и уметност Тадеуш Полак и директорот на управа, Цвеч. Двајцата се согласни изложбата на теракотните икони да биде отворена на 20 март о.г. Во врска со осигурувањето ги известив дека македонската страна осигурувањето на иконите го намалува за околу 300 000 ДМ. Се договоривме дополнително да се видиме на 10 март.
Се јави Нацка, дактилографка во МНР/РМ. Рече дека „РУЕН“ од Кочани бара помош за воспоставување контакти со слични полски фирми. Ѝ ветив дека ќе помогнам, а барањето да го потврдат по факс. Во текот на разговорот со слатко смеење ми го честита зајакнувањето на кадарот.

И реков – поздрав до сите и добро здравје.

6 март 1997, четврток

Во 11:00 во полското МНР. Разговор во врска со посетата на министерот Фрчковски на Полска. Сугерираат возвратната посета да се одржи на 24 и 25 април 1997 година. Ми го врачија и распоредот на средбите со високи полски функционери. Соговорниците истакнаа дека настаните во Албанија можат да бидат опасни не само за Албанија, туку и за мирот во регионот и пошироко. Предложија под итно меѓу Скопје и Варшава, т.е. меѓу двете министерства за надворешни работи да се формира информативен канал во врска со настаните во Албанија со што ќе се овозможи размена на мислења и оценки и евентуално заеднички настап на меѓународен план. Во таа смисла предложија да се одржат ад хок консултации.
Во 12:30 средба со амбасадорите на Хрватска и Словенија. Разговор за состојбите во Албанија и во Полска. Разлика во оценките меѓу нас нема.

7 март 1997, петок

Од Министерството за финансии известија дека посетата на министерот Таки Фити може да се реализира на 24 март.

8 март 1997, сабота

Честитки со цвеќе по повод Денот на жените.

9 март 1997, недела

На денешен ден, пред две години, стигнавме во Варшава. Денес ќе ја почнеме третата година во дипломатска служба. Би сакал да биде исто така плодна како и двете преходни години.

10 март 1997, понеделник

Во 9:00 на разговор со Цвеч во Министерството за култура и уметност. Го известив дека усогласениот текст на Договорот за културна соработка го преведов на македонски и го испратив до надлежните во Скопје.
Во врска со посетата на министерот Унковски предложено е да допатува во Варшава на 19, а посетата да ја заврши на 23 март.
Ми се јави Ташко Теодосиевски во врска со возвратната посета на министерот Фрчковски. Мисли дека е рано и бара мое мислење. Му реков внимателно да ја прочита мојата телеграма. Рече дека ја прочитал и да му се јавам на Огнен Малески.
О. Малески одново побара да изнесам аргументи зошто е потребно порано да се одржи посетата. Му реков дека Полска во Централна и Источна Европа зазема се позначајна улога и поради тоа наш интерес е да ја добиеме нејзината поддршка за зачленување во ЦЕФТА, ОБСЕ и за членство во Советот за безбедност на ООН, дека Полска одржува одредена рамнотежа во односите со Грција што се потврдува со успешната посета на Полска на премиерот Симитис и посетата на претседателот на Сејмот, Зих на Атина и во тие рамки во интерес на мирот во регионот може да повлијае на грчкиот став спрема Македонија и дека наш интерес во Македонија да остане УНПРЕДЕП со кој раководи Полјакот Сокаљски.
Во одговор Малески рече:
- Добро, мене ме убеди, ама не знам дали овие аргументи ќе му бидат доволни на Фрчковски.
Пладнето ми се јави генералниот секретар, Зоран Јачев. Рече дека прашањето за именување за амбасадор е во процедура. Ме праша како се снаоѓа во работата советничката за економски прашања. Ја пофалив, но подвлеков дека подобро

е еден таков талент да пратат во некоја друга амбасада.
Разбрав – рече и крај на разговорот.
Се јави Трипкова и рече дека во среда, 12 март ќе допатува во Варшава. Ѝ посакав добар пат.
Денес ја испративме секретарката Беата со изрази на благодарност за досегашната работа и со голем букет рози.
Од Министерството за финансии јавија дека министерот Таки Фити не може да допатува на 24 март поради презафатеност.
Го известив полското министерство.

11 март 1997, вторник

Ми стигна факс со кој за потребите на протоколот на МНР/РМ бараат да им доставам материјали со кои се регулираат имунитетите и привилегиите кои се однесуваат на дипломатските мисии и нивните членови.
Во врска со ова одговорив дека Амбасадата на Република Македонија во Варшава укажува на фактот дека основен документ кој ги регулира привилегиите и имунитетите е Виенската конвенција од 18 април 1961 година. Овој меѓународен документ е составен од 53 члена од кои дури 26 се однесуваат на прашањата на привилегиите и имунитетите на дипломатските мисии и нивните членови. Сугерирав да ја проучат Конвенцијата.
Како да се коментира незнаењето?
Како ли македонската дипломатија ќе напредува со кадар кој не сака да чита и да учи?

12 март 1997, среда

Во 10:00 се јави Рапацки од Канцеларијата на претседателот Квашњевски. Рече дека поканата за посетата на претседателот Киро Глигоров на Полска е готова и во 11:00 да одам да ја земам.
(Поканата во ракописот, ТЕТРАТКА III, стр. 224)
Од Скопје стигна новата секретарка.

13 март 1997, четврток

Во 11:00 на разговор со Чајка. Рече дека планираната посета на претседателот Квашњевски на Македонија се одлага поради неговата презафатеност. Ќе бараат друг термин. Договорена нова средба на 17 март во исто време.

14 март 1997, петок

Во 10:00 на разговор во полското МНР по нивно барање. Разговорот во врска со состојбите во Албанија и нивното влијание во Макдонија.
Во 11:45 во Националниот музеј каде веќе се поставува изложбата на теракотните икони од Виница. Ме известија дека изложбата ќе биде отворена на 20 март во 15:00 часот. Се вратив во Амбасадата каде ме чекаше писмо од Министерството за култура. Известуваат дека министерот Унковски со придружбата и новинарите во Варшава ќе пристигне со специјален авион и дека Златко Теодосиевски, во улога на експерт, ќе пристигне на 17 март, со цел да ги изврши последните подготовки за потпишување на Договорот за културна соработка. Ми се јави по телефон и со висок тон рече дека ако не се потпише договорот, министерот Унковски нема да дојде. Го прашав од каде знае дека договорот нема да се потпише. Така тука се зборува и дека има многу грешки. Па се прашувам што работите вие таму? Отчекав да се испразни и потоа го прашав:
- Господине, дали вие го прочитавте договорот?
- Не, рече, но се тврди дека е лошо напишан.
Му реков:
- Па напишете го подобро и ако не сте го прочитале, тогаш е подобро да не се мешате таму каде не ви е местото, а што работиме ние тука, знаат други и одобруваат. Повеќе ќе ви кажам кога ќе дојдете во Варшава и сега немојте да ми го одземате времето.

Крај на разговорот.
Вечерта во 22:00 му се јавив дома на Борко Зафировски, заменик на министерот. Му го пренесов разговорот со Златко Теодосиевски. Зафировски беше многу изненаден.
Во 14:55 стигна факс од Архиепископијата на Македонската православна црква со кое ме известуваат дека на 46 Евхаристичен конгрес (за ова порано пишував) што ќе се одржи во Вроцлав, МПЦ ќе ја претставува протоѓаконот Димитар Белчовски. Веднаш потоа пристигна факс со кој Архиепскопот Охридски и Македонски, Михаил, ми изрази благодарност за воспоставениот контакт со организаторот на Конгресот.

15 март 1997, сабота

Цел ден врне. Студено.

16 март 1997, недела

Не излеговме никаде. Времето не е за прошетка.

17 март 1997, понеделник

Во 11:00 во Апостолската нунцијатура. Испраќање на амбасадорот на Италија.
Попладнето разговор со секретарката и советничката на кои им го објаснував начинот на работење во Дипломатско-конзуларното претставништво, мерките за безбедност, контактите со органите на земјата на приемот, односот спрема странките, водење сметка за афирмација на Македонија.
Остават впечаток дека многу се сигурни и дека се знаат.

18 март 1997, вторник

Во 11:00 на разговор со Рапацки и Чајка. Им пренесов дека претседателот Киро Глигоров ја прифати поканата официјално да ја посети Полска во мај 1997 година. Договоривме дополнително да се видиме во врска со посетата во текот на идната недела.
Во 12:00 во Националниот музеј каде се поставува изложбата на теракотните икони. Ми дадоа 40 билети со кои треба да поканам амбасадори и други високи личности.
Од Скопје ми јавија дека министерот Унковски нема да дојде во Варшава. Работите му ги испомешаа неговите соработници, а најмногу таканаречените експерти и стручњаци.

19 март 1997, среда

Во 18:00 на коктел во Амбасадата на Руската Федерација. Прекрасен концерт на народни руски песни.

20 март 1997, четврток

Денес цел ден надвор од Амбасадата.
Во 10:00 посета на Виланув.
Во 11:00 конференција за печатот во врска со изложбата.
Во 13:00 заеднички ручек.
Во 15:00 отворање на изложбата на теракотните икони. Голема посета. Присутни високи функционери, личности од областа на културата и уметноста, новинари, писатели и поети и поголем број претставници на Дипломатскиот кор. Пригодни говори на полскиот министер за култура и на Зафировски. Јас во друштво на неколку амбасадори.
Горд сум што успеав да се организира изложбата.
Тежок и напорен ден. Студено и врне снег.

21 март 1997, петок

Ми се јавија од полското Министерство за финансии. Се пожалија дека се уште не ги добиле ветените материјали и фотографиите.

22 март 1997, сабота

По факс стигна говорот на премиерот Бранко Црвенковски одржан во Собанието на Република Македонија во врска со пирамидите, а посебно со штедилицата ТАТ. Драматичен говор и полн со закани дека работата ќе ја тера до крај. Не сака во Македонија да се случи втора Албанија и ќе се бори злото што се случи, да биде искоренето.
Лично не му верувам.
Му се јавив на Огнен Малески и му реков дека ја згрешил работата и дека тука не ми треба таков кореспондент и преведувач, туку секретарка. Во одговор ми рече дека на секретарката што дојде ѝ го сменила поранешното решение и ѝ издале ново со звање кореспондент-преведувач поради повисок коефициент, значи повисока плата.
Коментар?

23 март 1997, недела

Во 11:00 на аеродром, го испраќаме Зафировски за Скопје.

24 март 1997, понеделник

Се јавија од МРТВ Скопје и бараат помош во врска со добивање материјали за изложбата на теракотните икони. Се јавив во управата на полската телевизија и замолив на МРТВ да ѝ достават снимка од изложбата. Ветија дека во текот на утрешниот ден ќе ја испратат бараната снимка.

25 март 1997, вторник

Овој ден, 25 март ме потсетува и на еден друг голем, трагичен и единствен ден, кој се уште во споменот е неисцелена рана. Тој ден, во вечерните часови 1948 година стотици деца испраќани од своите мајки, ја пречекоривме границата со Албанија. Од тогаш поминаа 75 години и татковината ја чувам во споменот и тагата, кои ги опишав во моите романи „И КАМЕНОТ Е ЗЕМЈА“, „ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ“ и по враќањето во Македонија по завршувањето на дипломатската мисија, во „ГОЛЕМАТА УДОЛНИЦА“, „ГОЛЕМАТА ИЗМАМА“, „КАЛИНА“ и „НА ПАТОТ КОН НЕВРАТОТ“. И сега, кога по 25 години ги средувам белешките што секој ден ги водев во вечерните часови, со мислата и тагата сум во моето родно место и желбата за да го посетам ми завршува пред граничната рампа поставена на границата на Македонија со Македонија. Сега, кога го пишувам ова, веќе ја терам 89 година од животот и голема желба ми е да одам во родното место и за последен пат да се напијам студена вода од изворчето што го опишав во романот „КАЛИНА“. Белки Господ ќе ме сожали и ќе ми го отвори патот.

Од 12:00 до 14:00 на коктел во грчката амбасада приреден по повод националниот празник. Убаво нè пречекаа амбасадорот Хризантопулос и неговата сопруга на која ѝ врачив букет црвени ружи. Откако амбасадорот се поздрави со сите поканети гости, ми пријде и подолго разговаравме за заемните односи, без да навлегуваме во прашања кои нè делат. Тоа што може да се извлече како позитивно од разговорите е изразената желба да се зајакне економската соработка, да има почести контакти и соработка меѓу македонските и грчките стопанственици и поголемо движење на луѓе и стоки и создавање клима на доверба.

26 март 1997, среда

Неделникот „ПОЛИТИКА“ („POLITYKA“) на две страници објави напис за Македонија со наслов „НЕПРИЈАТЕЛИТЕ НА СОНЦЕТО“. Скратен преглед на историјата на Македонија и сегашните состојби. Пред извесно време во Амбасадата два часа разговаравме со авторот кој доби доста податоци сега изнесени во написот.
Во 14:00 дојде Малаховски. Разговаравме за семинарот посветен на македонското стопанство што ќе се одржи во Варшава на 10 април 1997 година.

27 март 1997, четврток

Во 14:00 на ручек во резиденцијата на унгарскиот амбасадор. Присутни амбасадорите на: Романија, Македонија, Бугарија, Украина, Латвија, Летонија, Чешка, Словачка, Албанија, Хрватска и од полското МНР, министерот за надворешни работи Росати и амбасадорот Хмјелевски. Ми честитаа за успешно поставената изложба на теракотните икони, а потоа разговорот премина на состојбите во Балканскиот Регион, со посебен осврт на Албанија, за што пошироко зборуваше албанскиот амбасадор.
Министерот Росати одржа получасовно предавање за полските аспирации во НАТО, значењето на руско-американската средба во Хелсинки, а потоа во слободен разговор се осврна на настаните во Албанија, кои според него во регионот го заседоа централното место. Албанскиот амбасадор се обидува да даде одредени оправдувања, но во општата дискусија се губат неговите аргументи. Во текот на ручекот кратко информирав за посетата на на Пангалос на Скопје, Солана и други личности, како и за хуманитарната помош што Македонија ѝ ја додели на Албанија. Средбата многу интересна и многу корисна. На крајот договоривме ново видување по католичкиот Велигден.

28 март 1997, петок

Од регионалната полско-балканска комора ми го доставија писмото - одговор од претседателот на Стопанската комора на Македонија со кое известуваат дека на семинарот нема да учествува претставник од Македонија. По тој повод организаторите изразуваат жалење, но и чудење поради незаинтересираноста на македонската страна.
И јас се чудам!

29 март 1997, сабота

Католички Велигден. Се слави празникот на надежта.

30 март 1997, недела

Втор ден Велигден. Славата продолжува**.**

31 март 1997, понеделник

Во 11:00 од МНР/РМ се јави Ерол Хасан и ме извести дека на најавениот семинар од Македонија нема да дојде никој, што е несериозна постапка на Стопанската комора на Македонија и сугерира јас да учествувам.
Ова ми личи на прашањето: - Има ли пилот во авионот?
Во 11:00 се јави г-ѓа Герасимова од Архивот на Македонија. Прашува дали полската страна е заинтересирана за соработка со Архивот на Македонија. Пред две години разговарав за ова прашање, па оттука и јавувањето на г-ѓа Герасимова. Ветив дека во текот на неделава ќе ја посетам новата директорка.

1 април 1997, вторник

Во 10:00 ми се јави романскиот амбасадор Григореску и ме замоли да се видиме. На средбата дојде и албанскиот амбасадор Енвер Фаја. Амбасадорот Григореску предложи да се обратиме до Дипломатскиот кор со молба да апелира

нивните влади да одредат поголема хуманитарна помош за Албанија. На ова реков дека Македонија и без апели веќе испрати трета хуманитарна помош во пченица и ќе продолжи да ја помага Албанија.

2 април 1997, среда

Роденден на Тања. Ѝ се јавивме и ѝ го честитавме роденденот.
Пладнето разговарав со Солтис, директорот на издавачката кој ме извести дека парите од Министерството за култура и уметност му се префрлени и деновиве Панорамата на македонската современа поезија ќе ја пушти во печатење.

3 април 1997, четврток

Од Дипломатскиот протокол ми го доставија новиот полски Устав. Ќе го преведам на македонски и ќе го испратам во МНР/РМ.

4 април 1997, петок

Денес навршуваат две години откако влеговме во оваа куќа, која сега е Амбасада на Република Македонија.
Се насобра доста интересен материјал за состојбите во Полска. Дел и дадов на секретарката (со решение кореспондент-преведувач) за да ги преведе. Две страници ги чука цела недела. Вели дека ѝ е тешко, бидејќи многу зборови не ги разбира. Ѝ реков да биде стрплива додека не ги научи.
Од полското Министерство за одбрана ми се јавија и рекоа дека има одредени тешкотии во врска со возвратната посета на министерот за одбрана Добжањски. Предлагаат посетата да се реализира после 20 јуни, а најверојатно во втората половина на оваа година.

5 април 1997, сабота

По телефон разговарав со О. Малески во врска со претстојните официјални посети на Љ. Фрчковски (24-25 април 1997) и на претседателот Киро Глигоров за чија посета допрва престојат договарања. Од Женева во придружба на телохранител, Фрчковски ќе го придружува Т. Теодосиевски и уште некој. Малески ме праша – како новиот кадар. Му реков дека тешко се прилагодува, нема знаења, дека начинот на работа во амбасада е различен од начинот на работа во МНР.

6 април 1997, недела

Цела ноќ врне снег. Зимата во Варшава не наврна толку снег, колку што наврна во текот на ноќта. Во Амбасадата дојдоа Костојчиновски, директор и Петровска инженер во „АЛУМИНА“ и Ристо Пајковски, нејзин претставник во Полска. „АЛУМИНА“ си има проблеми во Полска и бара да ги реши преку Амбасадата. Во разговорот не откриваат какви маки си имаат**.**

7 април 1997, понеделник

Во 8:30 ја повикав Петровска на разговор во врска со претстојната посета на Љ. Фрчковски. Ѝ реков да изготви материјал за економската соработка меѓу двете земји. Рече дека тоа нема да го направи зашто тоа не е нејзина работа.
- Госпоѓо, вас тука ве испратија да работите како советник за економски прашања.
- Точно е, ама не и да изготвувам материјали какви што барате од мене. Јас тука сум советник, а не пишувач на материјали.
Во 10:00 во Амбасадата дојде новинарот Донецки, кој работи во полската телевизија. Сега подготвува емисија за Македонија, која ќе биде емитувана на 16 мај о.г. Донецки

замоли на 24 април во студиото да сними разговор со мене. Му реков дека на 24 и 25 април сум зафатен со посета на важна личност од Македонија на Полска. Доби цел куп фотографии и други материјали за Македонија. За снимање ќе договориме друг термин.
Во 11:00 ми се јави Чајка од Канцеларијата на претседателот Квашњевски. Рече дека датумот за посетата на претседателот Киро Глигоров не е одреден. Му реков дека ќе чекам добра вест.

Во 13:30 се јавив во издавачката куќа „КНИГА И ЗНАЕЊЕ“ и во разговор со директорот Солтис договоривме утре да му го доставам преводот на изборот поезија од Анте Поповски и Петре Бакевски.

8 април 1997, вторник

Од Дипломатскиот протокол на полското МНР ми побараа информација за терминот на посетата на Полска на министерот Фрчковски. Досега четирипати побарав од МНР/РМ и одговор нема. Во меѓувреме од МНР/РМ ми побараа да им доставам биографија на полскиот претседател, премиер, министер за надворешни работи, претседателот на Сејмот и на Сенатот. Во текот на денот ги испратив по факс.

9 април 1997, среда

Советничката за економски работи не ги изготви бараните материјали. За да нема расправии, јас ги изготвив.

10 април 1997, четврток

Се уште траат разговорите во врска со официјалната посета на Полска на претседателот на Македонија, Киро Глигоров. Побарано ми е од полското МНР со нота да го известам Мајковски дека македонската страна го прифаќа терминот

14-15 мај о.г. Реков дека ќе се консултирам со МНР/РМ, па ќе одговорам.
Во 9:00 отидов во клубот на Стопанската комора каде треба да се одржи семинар посветен на македонско-полската стопанска соработка. Во текот на ноќта го изготвив моето излагање. Семинарот треба да почне во 11:00, а секретарката напиша дека ќе се одржи во 10:00 часот.
Празно чекање.
Во 16:31 ми стигна факс од МНР/РМ со кој ми бараат да подготвам теми за разговорот на министрите за надворешни работи. Очекував дека тоа ќе го направат во МНР/РМ.
Испратив потсетник.

11 април 1997, петок

Телефонски разговор со Ташко Теодосиевски во врска со текстот на Договорот за соработка меѓу министерствата за надворешни работи. Му реков дека двата текстови, полскиот и македонскиот треба да се усогласат. За таа цел, полскиот текст веќе го преведувам на македонски и во текот на неделава ќе му го доставам. Ми рече дека предвид доаѓа само македонскиот текст. Му реков дека досега сите текстови на договорите ги споредувавме и дополнувавме со неопходните забелешки. Не прифати. Настојуваше да се потпише македонскиот текст без полските забелешки кои веќе ги имам добиено. Остана на своето.

12 април 1997, сабота

До пладне забелешките од полскиот текст на договорот ги преведов на македонски. Попладнето по факс ги испратив во МНР/РМ.

13 април 1997, недела

На излет надвор од Варшава. Се вративме вечерта.

14 април 1997, понеделник

Во Амбасадата дојдоа шест наши државјани, до вчера затвореници во затворот во Шчечин поради обид да пребегнат во Германија. По консултациите со Министерството за внатрешни работи и со МНР/РМ им дадов пари за да се вратат во Македонија, а претходно потпишавме договор дека парите ќе ги вратат во благајната на МНР/РМ. Имам сè повеќе слични случаи.
Вечерта на концерт на млади музичари во Амбасадата на Руската Федерација. Присутни амбасадори, министри, личности од уметничките средини. За време на паузата повеќе средби со претставници на Дипломатскиот кор. Подолг разговор со премиерот на Полска кој е расположен да ја посети Македонија и да остане некој ден на одмор.

15 април 1997, вторник

Од Дипломатскиот протокол на полското МНР ми побараа под итно со нота да им го доставам составот на делегацијата на македонското МНР, како и времето на слетување во Варшава. Во врска со ова, телефонски разговарав со Ташко Теодосиевски кој е вклучен во изготвувањето на договорот. По еден час го добив составот на делегацијата и времето на нејзиното пристигнување во Варшава. Настојуваше да се потпише македонскиот текст на договорот. Му реков дека за тоа ќе одлучат министрите.

16 април 1997, среда

Скоро цел ден го посветив на подготовките за посетата на Фрчковски.
Во 18:00 на коктел во Амбасадата на Сирија.

17 април 1997, четврток

Утрото стигна факс за составот на делегацијата и веднаш со нота го испратив во Дипломатскиот протокол. По телефон ми се јави секретарката на Дипломатскиот протокол и рече дека во 11:00 часот ќе се одржи состанок во врска со доаѓањето на министерот Фрчковски. Молат да присуствувам на состанокот.
Попладнето ми се јави по телефон Ташко Теодосиевски и ме извести дека се прифатени полските забелешки, но мисли дека македонскиот текст е подобар. И пак му реков дека за тоа нека одлучи министерот.
(Забелешка: текстот на програмата за престој на Фрчковски се наоѓа во ракописот на дневникот, класер IV, страница 14).

18 април 1997, петок

Во 20:15 на аеродром – пречек на делегацијата на Министерството за образование и физичка култура на Македонија. Министерката д-р Софија Тодорова не дојде. Потоа ми раскажа дека во Скопје деновиве ќе има интересни смени во врска со пирамидите (ТАТ и други), голема афера во која многу се замешани и дека клопчето полека почна да се одмотува.
Повеќе не прашував, само си помислив:
- Над Македонија е матно...

19 април 1997, сабота

Мирен ден. Со сопругата отидовме во градот да купиме подароци за внуката Марија.

20 април 1997, недела

Во 20:00 часот во хотелот „ШЕРАТОН“ на средба организирана од Министерството за одбрана за учесниците на семинарот за одбрана и за Дипломатскиот кор.

21 април 1997, понеделник

Од Дипломатскиот протокол ми се јавија и замолија да им ги доставам нотите на македонската химна. И лани истото го побараа и го добија.

22 април 1997, вторник

Се уште не се знае дали Фрчковски ќе биде примен од претседателот Квашњевски, кој престојува во Италија и од премиерот Чимошевич кој ми е јавено дека е многу зафатен. Правам напори Фрчковски да биде примен од други високи државни функционери.

23 април 1997, среда

Дипломатскиот протокол ми го достави конечниот текст на програмата за посетата и средбата на Фрчковски. Ја преведов и по факс ја испратив во МНР/РМ.
Завршив со пишувањето на годишниот извештај за 1996 година и во Скопје ќе го пратам по дипломатска пошта.

24 април 1997, четврток

Во 11:00 пречек на министерот Љ. Фрчковски на воениот дел од аеродромот во Варшава. Краток одмор во ВИПОТ и сместување во една од владините вили. Ташко Теодосиевски своеглаво внесе исправки во Договорот. Двата текстови му ги дадов на Фрчковски. Тој ги разгледа и отсечно рече дека ќе го потпишеме полскиот текст.
Разговорите почнаа претпладнето. Отворени и во добро расположение. Двете страни задоволни.

25 април 1997, петок

Разговорите продолжија. Траеја еден час. По свеченото потпишување на Договорот, полагање венец на гробот на Незнаениот војник. Воениот оркестар ја отсвири македонската химна.
По ручекот, краток одмор и посета на Амбасадата. Фрчковски ги разгледа работните простории. Изрази задоволство. Додека јас го подготвував големиот коверт со материјали, Петровска и Трипкова тивко зборуваа со Фрчковски.
На пат за аеродромот Фрчковски ме пофали за досегашните активности и постигнатите резулати и рече така да продолжам и лесно удирајќи ме по коленото рече:
- Ми рекоа дека си строг. Немој да попушташ.
Заврши уште една успешна посета.
(Фотографии од средбата и разговорите во ракописот на дневникот, Класер IV, стр. 18)

26 април 1997, сабота

Ми остана не забележан во „НОЌНИТЕ БЕЛЕШКИ“ разговор со советничката, па тоа дури сега го правам. При распоредот на работните обврски ја задолжив да остане во Амбасадата и да издава визи, па според тоа нема да биде присутна на средбата со министрите. Не беше задоволна и не ја прифати обврската.
На излегување, гневно рече:
- Јас сум чиста Македонка и родена во Македонија, а не како некој...
Во иднина ако некој ова го прочита веројатно ќе процени каква грозотија и каква омраза е вгнездена кај некои спрема тие Македонци кои се родени во Егејска Македонија и поради големата несреќа под грчкиот режим, покрив најдоа во Народна Република Македонија, каде горчливиот леб го заработуваа со страдно работење и многу пот и со доблест и гордост кажуваа каде им е коренот. Се разбира, ме погоди таму, каде што најмногу ме боли.

Во времето од моето доселување во Скопје не еднаш сум доживеал такви навреди и секогаш си велев, ако, ќе дојде време и таквите патриоти ќе се освестат каде го јадат лебот и каде им е националното достоинство, чувство и дух.
Во животот, за жал, мора да се проголтаат многу чемери.

27 април 1997, недела

ВЕЛИГДЕН.
ХРИСТОС ВОСКРЕСЕ!
Празникот го одбележавме со сите наши македонски православни адети.
Во 20:40 на аеродром ја пречекав делегацијата на македонското Министерство за сообраќај и врски. Ги сместив во хотелот „ГРАНД“.

28 април 1997, понеделник

Експертските разговори почнаа во 10:00 часот во седиштето на Министерството за сообраќај и поморска економија. Полскиот претставник, директорот Шчербињски одлично ги води разговорите. Во 10:45 го напуштив состанокот и отидов во студиото на ТВ, на снимање емисија за Македонија, која ќе се емитува на 16 мај годинава.

29 април 1997, вторник

Втор ден на разговорите на експертските групи. Најдени се доста грешки во текстовите на договорите и во текот на мирната дискусија е извршена нивна поправка. На крајот изразено е задоволство од заемното разбирање и потпишан е протокол.

30 април 1997, среда

Од Министерството за култура и уметност ми се јави заменик- министерот и по краткиот разговор ме праша дали има шанси генералот д-р Барчиковски, главниот хирург во тајната болница во која се лекуваа околу две илјади ранети борци на ДАГ, Македонци и Грци, да биде поканет да ја посети Македонија со главна цел да се сретне со своите пациенти исто како што тоа го направи грчкото боречко здружение. Му реков дека чекам одговор од Скопје и се надевам дека ќе биде позитивен.

1 мај 1997, четврток

Во Варшава демонстрации. Сите под истото бело-црвено знаме, ама со разни пишувани и извикувани пароли.
Убав сончев ден. Со сопругата отидовме на излет во Виланов. Попладнето ги преведувам песните од Анте Поповски. Многу негови мисли одговараат на моите убедувања и желби. Прекрасни песни кои дишат со духот на македонштината.

2 мај 1997, петок

Денот го поминавме во шумата Кабати. Зелено, миризливо, се чини дека на секоја гранка пее птица. Од каде толку пејачи?
Вечерта го прелистувам полскиот печат и некои списанија. Во списанието „ВПРОСТ“ опширен напис за економските движења на некои европски земји.
Македонија – последна.

На претседателот Киро Глигоров, по повод неговиот роденден му ја испративме следнава честитка:

Неговата Екцеленција
Господин Киро Глигоров
Претседател на Република Македонија

Драг наш Претседателе,
По повод Вашиот роденден, дозволете, наш многу почитуван господине Претседател, да Ви испорачаме најсрдечни честитки со најискрени желби за крепко здравје и долг живот.
Ја користиме приликата да го изразиме нашето длабоко убедување дека како и досега, така и натаму ќе ја водите во мир и благосостојба нашата Татковина и со Вашиот дух и пример, натаму ќе не вдахновувате и окрилувате самопрегорно, топло и сесрдно да ја сакаме Македонија и со сите наши сили, знаења, искуство и чувства на почитување да работиме за нејзината афирмација и добро име.
Со најтопли чувства и изрази на највисоко почитување, се придружуваме кон сите најдобри желби што денес Ви ги праќа македонскиот народ, странските државници и пријатели.
д-р Петре Наковски
Вршител на работите
со сопругата Дитта

3 мај 1997, сабота

Национален празник на Полска. На Плоштадот на победата плипот од народ, построени ешалони од сите родови на полската војска, групи извидници во разни униформи и знамиња, многу знамиња, а највисоко на високиот бел јарбол, со звуците на полската химна и дванаесетте артилериски плотуни се подига националното бело-црвено знаме под чија сенка, на главната трибина стои државното раководство и малку понатаму – целиот Дипломатски кор. Свечен говор на Претседателот на државата, полагање венци. Многу делегации полагаат венци и цвеќе. Потоа парада на полската војска. Маршира гордоста на полската нација.

Во 14:00 часот во претседателската градина свечен прием во организација на претседателот Квашњевски за Дипломатскиот кор и високи државни функционери. При влезот ме најавија како вршител на работите на Амбасадата на Република Македонија.
Слично како и претходните години, ама за мене не е исто. Покрај средбите и разговорите со поголем број амбасадори, трипати ја имав честа да се сретнам, да разговорам и да се фотографирам со претседателот Квашњевски, со кого разговорот се однесуваше на соработката меѓу двете земји и потребата за нејзино проширување; потоа со Добжањски, министер за национална одбрана, кој изрази готовност да дојде во Македонија на возвратна посета и со сопругата да остане на одмор во Охрид; со министерот за правда со кого договоривме службено видување и кој подвлече дека ќе го покани македонскиот министер за правда; со министерот за внатрешни работи – готов е да се сретне со неговиот македонски колега; со директорот на државните музеи – договорена средба, падна предлог за организирање изложби; со Данута Вањек со која разговаравме за официјалната посета на Полска на претседателот Киро Глигоров; со директорката на полските Државни архиви, начелно разговаравме за потпишување договор за соработка, а во наредните денови службено да се сретнеме и да разговараме за одредени детали од соработката; со потпретседателот на Владата кој вети дека ќе ми организира средба со премиерот Чимошевич, кој сега престојува во САД, како и со други полски државни функционери.

4 мај 1997, недела

Ги средувам впечатоците од вчерашниот ден.

5 мај 1997, понеделник

Ми се јави претседателот на Сојузот на полските писатели, Марек Вавжкјевич и замоли да се сретнеме во 10:00 часот кај Солтис, директорот на издавачката куќа „КНИГА И ЗНАЕЊЕ“. Ќе договараме за идната меѓу- издавачка соработка. Прифатив.
Дури денес од МНР/РМ стигнаа честитките од македонските до полските државници по повод националниот празник на Полска, 3 мај. Со нота ги испратив до полското Министерство за надворешни работи.
Попладнето ми стигна факс со кој Зоран Јачев, генерален секретар и Огнен Малески, потсекретар во МНР/РМ бараат работна карактеристика за Василка Трипкова, кореспондент-преведувач во Амбасадата на Република Македонија и за Мирјана Петровска, советник во Амбасадата на РМ во Варшава. Во факсот многу пофални оценки за моите активности и работа.

6 мај 1997, вторник

Ја пишувам бараната карактеристика, која ја завршив доцна ноќта.

7 мај 1997, среда

Утрото по факс ја испратив бараната карактеристика.
(Интегралниот текст (седум отчукани страници) во ракописот, том IV, страница 28.)
Во 11:00 прием во Сејмот. Подолг разговор со претседателот на Сејмот, господинот Зих, во врска со состојбите во Македонија, соработката со Полска, односите со соседите, посебно со Грција, кои ги оцени како многу негативни. Изрази желба, како што рече, барем еден ден да ја посети Македонија. Му ветив дека ќе се заложам да му се исполни желбата.

8 мај 1997, четврток

Денес возачот побара да го раскинеме Договорот за работа. Рече дека веќе во Варшава пристигнуваат многу туристи од кои како таксист може да заработи повеќе. Се согласив и го исплатив.
Подолг телефонски разговор со госпоѓа Дарија Наленч, директор на полските Државни архиви по нејзино барање. Разговорот во врска со соработката на архивите. Рече дека е готова да потпише договор со Архивот на Македонија, меѓутоа, според инструкциите од полското МНР, пречка е Преамбулата и потписот. Ѝ реков дека досега Архивот на Македонија има потпишано повеќе од 30 договори со името Државен архив на Македонија.
Разговорот го завршивме со желба за нови разговори во кои ќе се потрудиме да најдеме заедничко решение.
Во 11:00 на пречек на претседателот на Турција, Демирел, а во 14:00 на негово предавање во Сејмот. Во 18:00 на коктел приреден од претседателот Демирел. Се запознав со амбасадорката на Турција, која вети дека деновиве ќе дојде на протоколарна посета. Ѝ реков дека тоа за мене ќе биде големо задоволство и чест и дека ќе имаме за што да разговараме.

9 мај 1997, петок

Се јавија од полското Министерство за одбрана во врска со вежбата што треба да се одржи од 12 до 17 мај о.г. Го побарав полковникот Николовски, кој ми потврди дека вежбата ќе се одржи и го очекуваат полскиот полковник, Ошињски. Од истото министерство потврдија дека министерот Добжањски на возвратна посета ќе допатува во Македонија во јуни или јули.
Попладнето ми се јави возачот на хрватската амбасада и ми препорача да примам еден господин, кој сака да биде наш возач. Му закажав средба во 18:00 часот. Дојде токму во закажаното време. Низок, набиен маж со таинствена и

добродушна насмевка на лицето. Скромно облечен. Рече дека се вика Збигњев и дека цел работен век го поминал како возач, дека дваесетина години работел како владин возач и дека сега е во пензија и има 62 години. Разговорот траеше тукуречи еден час. Му реков дека пробно ќе го примам и ако се потврди дека е добар, ќе потпишеме договор на неодредено време со плата од 300,00 долари. Прифати.
Во 19:45, по покана на словачкиот амбасадор, со такси, отидовме на седенка во неговата резиденција. Амбасадорот Серватка и неговата сопруга Вјера нè пречекаа многу срдечно. Разговор за времето, за состојбите во Словачка, Македонија и подолг разговор за состојбите во Полска. Отворена размена на мислења. Домаќинката, госпоѓата Вјера, понуди скромна, но убаво сервирана закуска.

10 мај 1997, сабота

Прошетките по стариот дел на Варшава ни се омилен начин да се опуштиме од секојдневните грижи. Тоа го правиме и денес.

11 мај 1997, недела

Отидовме на Шопеновиот концерт што се одржува секоја недела под неговиот споменик во еден од најголемите и најубавите варшавски паркови. Огромен број слушатели на таа единствена музика, која смирува, но и вознемирува, враќа во минатото и потсетува. Под наведнатата жална врба занесено на клавир се слуша музиката на единствениот и ненадминат Шопен. Звуците на таа прекрасна Шопенова музика нè враќаат дома.

12 мај 1997, понеделник

Дојде новиот возач, пан Збигњев, кој по поздравот рече да го викаме Збишо. Му ги дадов клучевите од колата. Ја извади од

гаражата, ја разгледа од надвор и внатре, потоа направи еден круг и кога се врати, рече:
- Господине амбасадоре, колата е неисправна. Мора да се оди на сервис.
- Носи ја – му реков.
Се јавив во МНР/ РМ со известување дека на 18 или 25 мај во Скопје ќе допатува полска група експерти кои со македонски колеги ќе го договараат текстот на Договорот за културна соработка меѓу Македонија и Полска и во врска со тоа да го известат македонското Министерство за култура. Знаејќи ја досегашната пракса во МНР/РМ, за секој случај се јавив и во Министерството за култура.
По телефон се јавив во полското Министерство за труд и социјална политика и потсетив на разговорот во врска со потпишувањето договор за соработка. Ми одговорија дека ќе ми закажат ден за средба и разговор. Потоа се јавив во Главната управа за царини. Прифатија средба.
Од Дирекцијата на полските Државни архиви ми јавија дека директорката ќе ме прими утре во 13:00 часот.
Новиот возач ми остави добар впечаток. Задоволен сум.

13 мај 1997, вторник

Стигнаа неколку покани за коктели. На коктелите средби и разговори со поголем број амбасадори.

14 мај 1997, среда

Средба со амбасадорот на Романија, Григореску. Во текот на разговорот ме праша како ми оди работата со новиот кадар. Реков дека добро, а може и подобро.
- Драг Петре – честопати се обраќавме со личните имиња – јас сега си имам многу големи грижи и многу работа која сам морам да ја терам и сам да си ги вршам обврските. За да си имам мир во душата, не ги терам да работат. Ако тоа го сторам, тогаш ќе бидам крив и лош глас за мене ќе стигне во

Букурешт. Ако им забележиш, тогаш сигурно ќе имаш главоболка. А уште да те прашам - може ли да одиме на по една кригла пиво?
-Ако е за олеснување, пријателе, ајде да не губиме време.

Попладнето се јавија од Министерството за земјоделство на Македонија и пријавија учество на пет наши фирми на саемот „ПОЛАГРА“ („POLAGRA“). За учеството со нота го известив надлежното полско министерство.
Од полското Министерство за култура и уметност со факс ме известија дека би испратиле нивни експерти во Скопје заради усогласување на текстовите – македонскиот и полскиот – за културна соработка. МНР/РМ во договор со Министерството за култура ме овласти да ги водам разговорите според инструкците што овие денови ќе ми ги испратат.
За жал ништо не добив.

15 мај 1997, четврток

Во врска со мојот факс за работната ангажираност на Трипкова и Петровска ми стигна одговор според кој во рамките на новата организација на македонските ДКП-еа се изготвува нов правилник со кој точно ќе бидат одредени обврските на секој вработен. Ми останува да чекам, но уверен сум дека нешто такво нема да видам, бидејќи сум сигурен дека во МНР/РМ владее законот на дебелите врски.
Ми стигна телеграма од Претседателот на Република Македонија со следнава содржина:

Г. ПЕТРЕ НАКОВСКИ
вршител на работите
Варшава

Се заблагодарувам на честитките по повод мојот роденден, со увереност дека со заеднички напори ќе ги постигнеме нашите приоритетни надворешно-политички

цели – мир во нашиот регион и место во обединета и просперитетна Европа.

Со почит,
КИРО ГЛИГОРОВ
своерачен потпис

16 мај 1997, петок

Со активно учество на Амбасадата на Република Македонија во Варшава, во терминот за образование, денес, 16 мај 1997 година, од 13:25 до 14:05, првата програма на полската телевизија емитуваше емисија под наслов *Македонија – гостинка на образовната програма на полската телевизија.* Емисијата составена со мноштво културни, историски, географски, етнографски, музички, археолошки и други податоци беше изготвена во рамките на потпишаниот договор меѓу македонската и полската телевизија. Емисијата со посредство на вршителот на работите на македонската амбасада, ја изготви со големо професионално познавање новинарот Кшиштов Данецки, а ја водеше Агата Конарска. По завршувањето на емисијата во Амбасадата и полската телевизија по телефон се јавија многу гледачи, меѓу кои и претставници на Дипломатскиот кор и изразија благодарност затоа што преку емисијата ги збогатија своите знаења за Македонија.
Амбасадата на Република Македонија во Варшава на телевизиските гледачи кои се јавија со најуспешни одговори на три прашања поврзани со Македонија, им додели по еден албум за Македонија, комплет плочи со македонски народни песни и видеокасета „Македонија“.

17 мај 1997, сабота

На радио слушам дека во Скопје има демонстрации со барања Владата веднаш да поднесе оставка.

Неколку телефонски јавувања со пофалби за вчерашната емисија на полската телевизија посветена на Македонија.

18 мај 1997, недела

Денот го посветивме на посета на полските католички цркви и музеите.

19 мај 1997, понеделник

Во име на Амбасадата на РМ до полската телевизија испратив благодарно писмо по повод емитувањето на емисијата посветена на Македонија.

20 мај 1997, вторник

Со внимание ги следам информациите во врска со полско-украинските односи. Денес во Киев – претседателот Квашњевски. Средба со украинскиот амбасадор. Заемно запознавање со историското минато на двете земји.
До МНР/РМ испратив факс со барање да добијам одобрение за приредување коктел по повод националниот празник 8 Септември. Иако до тогаш има време од три месеци, подготовките мора да почнат.

21 мај 1997, среда

Денес во весникот „RZECZPOSPOLITA“, ја прочитав многу тажната вест. На 13 мај 1997 на возраст од 89 години почина ВАЦЛАВ КОПЧИЊСКИ, човекот кој во 1948-1949 беше организаторот на прифаќањето на македонските и грчките деца и во наредните дваесетина години во име на Полска сесрдно и посветено се грижеше за нивното сместување, здравје, воспитување, образование и вработување. И јас и мојата сопруга и други пет илјади македонски и грчки деца бевме негови воспитаници. Не викаше – МОИ ДЕЦА.

Со сопругата отидовме на гробишта и на неговиот вечен починок положивме венец со натпис на црвената лента: *ОД ТВОИТЕ БЛАГОДАРНИ ДЕЦА.*
Во Варшава, значи во политичките кругови, голем интерес за одењето на претседателот Киро Глигоров во САД. Мислат дека пред нив ќе бидеме поканети на состанокот на НАТО во Мадрид.
По телефон му се јавив на генералниот уредник на весникот „Rzeczpospolita“ и го прашав зошто на објавената туристичка карта на Европа ја нема Република Македонија? Се извини за направената грешка и вети дека во утрешниот број ќе биде објавена исправка.

22 мај 1997, четврток

Во Амбасадата дојдоа двајца бизнисмени. Рекоа дека се заинтересирани да воспостават соработка со македонски бизнисмени во рамките на слободната трговска зона што се гради во Легница. Им реков да ми достават повеќе информации.
А од Скопје стигнуваат шушкања дека Васил Тупурковски може или е можно да биде именуван за нов министер за надворешни работи. Не е чудно. Во Скопје министрите се менуваат како чорапите.

23 мај 1997, петок

Денес имам планирана средба со Рапацки, директор за меѓународни односи во Канцеларијата на претседателот Квашњевски. Според телеграмата што ја добив вчера, треба да го известам дека во ноември претседателот Киро Глигоров има закажани други посети, па според тоа можни термини за посета на Полска се 15-30 октомври или 24-28 ноември 1997 година.
Советникот Мирјана Петровска се обиде да одбие да оди на состанокот на ФАРЕ (FARE), што го организира полското

Министерство за земјоделство, велејќи дека земјоделството не е нејзина специјалност. Отиде со службената кола. Белешка за состанокот не достави.
Стигна писмо од заменик-министерот за култура, Борко Зафировски со кое ме информира дека е можно во Македонија да допатуваат двајца полски експерти кои заедно со македонските ќе го усогласат текстот на Договорот за културна соработка. Истовремено предлага од Полска да прусуствува ансамбл на фолклорниот фестивал.
Вечерта во „ПУЛС“ читав интересни шпекулации околу можните рокади со претстојната реконструкција на Владата. Час си оди Фрчковски, па доаѓа Ќерим, па ако не тој, тогаш можен е Тупурковски.
До каде таквите и слични игри ќе ја доведат Македонија? Прашањето само се наметнува!

24 мај 1997, сабота

Врне и времето го трошам на читање.

25 мај 1997, недела

Гледаме стара ТВ снимка пренос од Белград. Тито во маршалска униформа ја поздравува југословенската младина која на стадионот му го честита роденденот.

26 мај 1997, понеделник

Во врска со предлозите на заменик-министерот Борко Зафировски го информирав полското Министерство за култура. Ми одговорија дека поради ограничени финансиски средства не ќе може да се оствари патување на полски експерти во Скопје.
За ова го информирав Зафировски, а тој ми одговори дека ќе ги достават своите забелешки и натаму целата работа да ја преземам јас. На крајот од разговорот ми рече:

- Честитам нов шеф!
- Благодарам, а кој е тој?
- Ханџиски. Досегашниот си оди во професори, откако ја уништи македонска дипломатија, праќајќи за амбасадори и советници истрошени пријатели, а пред се пријателки. И уште да ти кажам дека за в среда, 28 мај, е закажана вонредна седница на Собранието. Јавно се зборува дека премиерот Црвенковски најави промена на 8-9 министри. Ова не е реконструкција, туку нова влада. Ова, амбасадоре, е загрижувачко...
- А мене, господине министре, ме загрижува прашањето што се уште е нерешено финасирањето на двете збирки поезија од македонски поети што веќе се преведени на полски.
Деновиве ќе барам прием кај господинот Подкањски, министер за култура и уметност. Прости, ме бараат на другиот телефон.
Денес по мое барање ме прими претседателот Александер Квашњевски. Многу срдечен и содржаен разговор. Покажа големо интересирање за состојбите во Македонија. Истакна дека за него официјалната посета на македонскиот претседател Киро Глигоров очекува да се оствари во терминот од 15 до 30 октомври или од 24 до 28 ноември 1997 година и во врска со тоа замоли да бидам во постојан контакт со неговиот советник за политички прашања, господинот Мајковски. На крајот од средбата ми врачи украсна брошура со текстот на новиот полски устав со негов целосен потпис.

27 мај 1997, вторник

Две добри вести. Првата дека е одреден терминот за официјалната посета на претседателот Киро Глигоров на Полска (29-30 октомври 1997) и втората, полското Министерство ќе го финасира издавањето на збирките поезија од Анте Поповски и Петре Бакевски
Во врска со промените во македонската влада никакви информации од МНР/РМ.

28 мај 1997, среда

Радио Скопје јави дека Собранието не ја изгласа новата влада. Старата падна и ќе се оди на предвремени парламентарни избори.
Во Талин собир на претседателите на: Полска, Литванија, Летонија, Естонија и Украина. Се шушка дека претседателот Квашњевски има амбиција да биде водач во Регионот. Вечерта на коктел приреден од Амбасадата на Република Хрватска. Средби со амбасадори и личности од полските политички, стопански и културни средини. На сите Македонија им е интересна. Одделен разговор со генералниот секретар на полското МНР. Договоривме средба на 30 мај во 9:00 часот.

29 мај 1997,четврток

Телефонски разговор со Зоран Јачев во врска со годишните одмори. Рече дека е во тек изготвување листа за користење на годишните одмори за што ќе бидам известен.

30 мај 1997, петок

Во 14:00 во полското МНР ме прими заменик-министерот надлежен за Европа. Замоли да добие повеќе информации за состојбите во Македонија. Последна вест – нова влада.

31 мај 1997, сабота

Во Полска пристигна Папата Јован Павле Втори. Цела Полска на
нога. Невидени мерки на безбедност. Студено и врне дожд.

1 јуни 1997, недела

На Борис Рикаловски и на Благој Ханџиски им испратив телеграма со честитки за нивниот избор за министри – на Борис Рикаловски за стопанство и на Благој Ханџиски за надворешни работи.

2 јуни 1997, понеделник

На новиот министер за надворешни работи, Благој Ханџиски, одлучив да му напишам опширно писмо со цел да добие сознанија за досегашните активности, успешните достигнувања во односите меѓу двете земји, ангажманот на персоналот на Амбасадата, како и врските и односите со МНР/РМ.
Заменик-министерот за култура, Зафировски, ми јави дека немаат сериозни забелешки на текстот на Договорот за културна соработка. Предлага полскиот фолклорен ансамбл да настапи на 10 јули за време на престојот на полскиот министер за култура, Подкањски во Охрид.
Во 13:00 се јави Боравски од Канцеларијата на Сејмот. Праша дали Македонија би прифатила еднодневна посета на претседателот на Сејмот, Јозеф Зих на 14 јуни о.г. Се јавив во Кабинетот на претседателот на Собранието на РМ и побарав разговор со претседателот Тито Петковски. Се согласи Јозев Зих да допатува во Македонија, но не на еден, туку на повеќе денови и ќе биде примен со сите почести.
Ја искористив приликата да го прашам во врска со моето ветено унапредување. Ми рече дека токму сега шансите се полесни, бидејќи тој, кој беше против моето унапредување, значи Фрчковски, веќе го нема.

3 јуни 1997, вторник

Му се јавив на Боравски и му реков дека на 14 јуни, Тито Петковски ќе биде во странство, па предлага посетата на Јозеф Зих да се оствари во друг термин со повеќедневен престој.

4 јуни 1997, среда

Писмото – девет отчукани страници - до министерот Благој Ханциски го завршив. Ќе му го предадам лично при првата средба.
(Копија во архивот на авторот, класер IV, стр. 65)

5 јуни 1997, четврток

Во 9:10 ми се јави Боравски и замоли македонската страна да прифати посета на Јозеф Зих во периодот од 13 до 14 јуни. Му реков дека во текот на денот ќе добие одговор. Од Кабинетот на Тито Петковски ми јавија дека посетата ја прифаќаат со придружба на вршителот на работите во македонската амбасада во Варшава. Му се јавив на Боравски и го известив дека предложениот термин е прифатен. Боравски се заблагодари во име на Ј. Зих и ми ги издиктира следните податоци: претседателот на Сејмот, Јозеф Зих, со владин авион во Скопје ќе слета на 11 јуни околу 13:00 часот, а за Варшава ќе одлета на 13 јуни околу 13:00 часот**.**
Ми се јави амбасадорот на Белорусија и ми предложи заедно со група амбасадори со нивните сопруги да одиме на дводневна екскурзија во Белорусија. Прифатив.

6 јуни 1997, петок

Од Скопје ја добив предлог-програмата за престојот на Јозеф Зих, ја преведов на полски и му ја доставив на Боравски. Министерот Благој Ханџиски одобри да патувам за Скопје заедно со претседателот на полскиот Сејм.

7 јуни 1997, сабота

Во 8:45 со микробус заминавме за Брест, Белорусија. Организатор и водич на екскурзијата е амбасадорот Виктор.

Пред да стигнеме во Брест, по пат посетивме еден колхоз. Нè пречекаа прекрасни обични Белоруси кои ни се претставија со своите белоруски обичаи, песни и народни носии. Зборуваа на секоја тема. Забележав дека многу се менува кај нив. Се уште има нешто од советското време, кое сега се менува, но љубоморно ги чува националните корени. Влегуваме во Брест, град почитуван по човековото достоинство, херојство, верност кон татковината и почит кон сите кои со денови ја бранеа Брестката тврдина. Од тука во утринските часови на 22 јуни 1941 почна германско-советската војна во која СССР загуби 26 милиони жители. Целиот простор заедно со урнатините на тврдината денес претставува еден голем музеј со многу споменици. Во големиот двор од едниот до другиот крај патролираат младинци во униформи и воен чекор и со калашникови на рамо. Тие го чуваат спомент од големата трагедија. Амбасадорот Виктор ни одржа кратко предавање, белоруската телевизија снима. Секој од амбасадорите даде кратко интервју, меѓу кои и македонскиот.
(Фотографии во прилог, во класер бр. 4, стр.68)

8 јуни 1997, недела

По појадокот посета на музејот во Беловеската прашума. Незаборавна ќе ми остане посетата на зградата во чија голема сала, на тркалезна маса беше потпишан Договорот за распад на СССР. Седнав на столот на кој седел некој од потписниците. Вчудовиден сум. Ми пријде амбасадорот на Руската Федерација, Леонид, и тапкајќи ме по рамо, тивко ми рече:
- Пропадна едно, но се раѓа друго кое ќе биде почовечко, понапредно и помоќно од пропаднатото.
Русите веруваат во себе.
Во Варшава се вративме во 19:00 часот. По два дена од унгарскиот амбасадор, Габор, добив копија од видеокасета на која е снимена екскурзијата.

9 јуни 1997, понеделник

Неколку телефонски разговори со разни полски фирми кои бараат контакти за соработка со македонски, а јас, по разговорот, со факс барам од МНР/РМ имиња на македонски фирми. Знам дека ги има многу, но не знам зошто не добивам одговор.
Од 18:00 до 20:00 часот на таканаречена „гулаш“ средба во Амбасадата на Унгарија.

10 јуни 1997, вторник

И пак од двете страни интервенции и сугестии во врска со посетата на Ј. Зих на Македонија. Имам впечаток дека во МНР/РМ не ги читаат моите факсови. Дали тоа е потценување, неред или незнаење? Не губам надеж дека некој некогаш ќе воведе ред.
Во 12:00 средба во Амбасадата на Украина. Присуствуваат околу 20 амбасадори. Украинскиот амбасадор одржа предавање за најновите состојби во Украина, нејзините односи со соседите и пошироко. Ова ме поттикна да размислувам и јас да организирам слична средба на амбасадори.
По телефон се јавив во МНР/РМ и во разговор со Ташко Теодосиевски ми е речено дека сè е подготвено за пречек на претседателот на полскиот Сејм, Ј. Зих.

11 јуни 1997, среда

Станав во 4:30. Проверив дали во дипломатското куферче ги ставив неопходните материјали. Сопругата ги присобира подароците за децата, а најмногу за внуката. Времето бавно се влече. Ме фаќа некаков немир.
Во 8:20 ми се јавија од Канцеларијата на Сејмот. Ми рекоа дека поради итен и многу важен состанок на Ј. Зих со

претседателот Квашњевски и премиерот Чимошевич, претседателот на Сејмот (помислив дека патувањето се откажува), мора да биде во Варшава најдоцна во 19:00 часот на 12 јуни. Според тоа посетата на Охрид отпаѓа. Ми олесна. Во 10:30 на аеродром и за Скопје полетуваме во 11:00 часот. Во малото авионско салонче само тројца. Претседателот на Сејмот, мојата сопруга и јас. Летот од Варшава до Скопје прашања и одговори. Целиот разговор го исполнува Македонија со нејзиното минато и сегашност, хуманоста на Полска со прифаќањето на пет илјади македонски и грчки деца, посветеноста за нивното згрижување, воспитување и образование, а потоа, по поразот на комунистите во Граѓанската војна во Грција, со прифаќањето на над десет илјади бегалци. Вториот човек на полското државно водство внимателно слушаше за делбата на Македонија, за теророт и формите на однародување на Македонците, за нивната борба против Турците, Грците, Бугарите, српските четници, Германците, Италијанците, албанските балисти и со најтешкиот непријател – домашните предавници, за создавањето на македонската држава во рамките на југословенската федерација и сегашната македонска држава која е во постојана борба за свое место во светот. Слушаше и за заслугите на полските слависти и научници во одбраната на македонскиот јазик и македонскиот идентитет, за остварените достигања во областа на севкупната соработка меѓу двете земји, за преведените и објавените литературни дела од полската литература и за многу други факти кои ги поврзуваат двата народи. Споредување на трагичната судбина на двата народи. По два часа и дваесет минути слетуваме во Будимпешта по гориво и по еден час чекање, летот продолжува за Скопје, каде слетавме во 15:20. Послан црвен килим. Достоен пречек. Строго според дипломатските правила и програмата.

По сместувањето во вилата „Македонија“, со службената кола – кај Тања. Голема радост. Во нашите прегратки нашите

деца и внуката Марија, која денес го брои единаесеттиот месец.

12 јуни 1997, четврток

Во текот на дводневниот престој претседателот Ј. Зих имаше средби и разговори со претседателот на Собранието на Македонија, Тито Петковски, премиерот Бранко Црвенковски, Борис Рикаловски, Илинка Митрева, Благој Ханциски и други функционери, како и со членови на парламентарните групи. Во текот на оваа средба дојде до непријатна размена на ставови меѓу Ј. Зих и албанските парламентарци, кои постојано тврдеа дека во Македонија немаат никакви права, на што наидоа на остар одговор и предупреда од страна на претседателот на Сејмот, Ј. Зих, кој со остар тон подвлече дека во современа Европа, малцинствата треба да се лојални на државата во која живеат и дека доколку Албанците немаат никакви права во Македонија, тогаш вие како членови на македонското собрание немаше на иста маса да седите со него.
Во вториот ден од престојот претседателот Ј. Зих ги посети знаменитостите на Скопје, а во Собранието одржа конференција за печатот на која многу позитивно зборуваше за престојот и средбите што ги имаше во Скопје, со кои се потврдија одличните односи меѓу Македонија и Полска и беа истакнати желби за нивно натамошно проширување.
Службен преведувач, по моја препорака, беше Григори Поповски.
Претседателот на полскиот Сејм на сите средби искажа многу пофалби за мене. Да ја искористам приликата да ги одбележам и зборовите на министерот Благој Ханциски кој кога претседателот Зих многу пофално зборуваше за мене, го рече следново:
- Господине претседателе на полскиот Сејм, ние немаме навика да ги фалиме нашите амбасадори, ама кога слушаме

такви пофални зборови од толку високи личности како Вас, нам ни е драго што имаме такви луѓе.
И не ме напушта мислата дека Македонија за да биде вистинска држава ќе мора многу да учи, ослободувајќи се од стегите на навиките добиени во времињата на робувањето. Македонија ќе се воздигне тогаш, кога ќе доживее промена на генерации. Сегашните стојат на расклатени нозе. Само новите генерации ќе направат нова Македонија. Оваа желба и надеж никогаш не ме напуштаат.
Со задоволство одбележувам дека посетата беше многу успешна и потребна.
По слетувањето на варшавскиот аеродром во 19:00 часот, претседателот на Сејмот, господинот Јозеф Зих ме прегрна и рече:
-Ти благодарам за сè што научив од тебе. Ќе имам што да им раскажувам на внуците и на пријателите. Еден ден ќе се видиме на добра седенка. За тебе вратата на мојот кабинет секогаш ќе биде отворена. Се гледаме.
(Забелешка: програмата за посетата во прилог, класер бр.4, стр.72)

13 јуни 1997, петок

Ги средувам впечатоците од патувањето со претседателот J. Зих, средбите, разговорите и престојот во Скопје.

14 јуни 1997, сабота

На прошетка надвор од Варшава.

15 јуни 1997, недела

Во 17:50 часот во емисијата „ПАНОРАМА“ на втората програма на Полската телевизија за посетата на Скопје и средбите и разговорите со македонските владини личности, зборуваше претседателот на полскиот Сејм, Јозеф Зих. Десет

минути многу пофална промоција на Македонија илустрирана со поголем број фотографии.

16 јуни 1997, понеделник

Советникот Мирјана Петровска денес заминува на одмор во Скопје и веројатно нема да се врати. Дознавам дека генералниот секретар во МНР/РМ, Зоран Јачев е сменет. На негово место – Данчо Марковски, кариерен и искусен дипломат. Телефонски разговор со заменик-министерот Зафировски. Побарав итен одговор во врска со посетата на министерот за култура и уметност на Полска, господинот Подкањски. Рече дека во текот на денот ќе ме извести. Ми прати телеграма со која потврди дека терминот на посетата е одреден за 4-7 јули оваа година. Со нота го известив полското Министерство за култура и уметност.
Се јавив во Канцеларијата на Сејмот и во разговор со генералниот секретар замолив да ги добијам изјавите на претседателот Ј. Зих за радио и ТВ Варшава во врска со неговата посета на Скопје. Ми вети дека во текот на оваа недела ќе ги добијам.

17 јуни 1997, вторник

Од полското Министерство за култура и уметност ме известија дека во врска со подготвувањето на Договорот за културна соработка е задолжена госпоѓа Ељжбјета Викрентович.
Ми се јавија од Собранието на РМ и ме известија дека делегацијата на Собранието на РМ во Варшава ќе стигне на 4 јули со цел да учествува на Шестата сесија на парламентарното собрание на ОБСЕ. Немам обрска да ја придружувам, ми потврдија од МНР/РМ .

18 јуни 1997, среда

Од САД ми се јави мојот домски и школски пријател, Насо Џонговски, родум од костурското село Статица, лекар – гинеколог со своја амбуланта. Медицински студии завршил во Познањ. Ми го честиташе отворањето на македонска амбасада во Варшава и се пофали дека има своја гинеколошка ординација.

19 јуни 1997, четврток

По мое барање ме прими Њесито, директор на Кабинетот на полскиот министер за надворешни работи, Даријуш Росати. Во текот на разговорот го информирав за тоа дека Република Македонија е поканета на состанокот на НАТО што ќе се одржи во Мадрид од 8 до 9 јули и дека македонската делегација ќе ја предводи претседателот на РМ, Киро Глигоров, кого ќе го придружува Благој Ханџиски, министер за надворешни работи. Подвлеков дека присуството на состанокот може да биде повод за неформална средба со полската делегација. Одговори дека и други амбасадори најавија барања за средби со претседателот Квашњевски и министерот Росати и не гледа причина да не се сретнат двете делегации, на Македонија и на Полска и во врска со тоа официјално ќе ме извести. Двајцата изразивме надеж дека евентуалната средба ќе придонесе за зајакнување на меѓусебните односи и соработка. Разговорот го завршивме со ветување пак да се сретнеме.

Полските погранични власти на наши државјани не им дозволуваат да транзитираат низ Полска за Шведска. Тие кои успеале да стигнат во Стокхолм се пожалиле во нашата амбасада. Во врска со тоа, ми се јави амбасадорот Тихомир Илиевски и замоли да интервенирам кај соодветните полски органи. Разговарав со господин Шимањски, шеф на конзуларната управа во МНР. Ми рече дека веројатно се работи за Македонци кои сакаат да транзитираат со стари југословенски, а не со новите македонски пасоши. Потврди

дека тие, кои имаат нови македонски пасоши нема да имаат проблеми со транзитирање низ Полска за Шведска. Истото се однесува и за тие кои бараат престој во Полска. Му се јавив на амбасадорот Илиевски и му го пренесов објаснувањето на полските власти. Амбасадорот Илиевски предложи ние двајцата да му сугерираме на МНР/РМ да се одржат консултации со полските конзуларни власти со цел да се потпише конзуларна конвенција. Прифатив и при тоа го информирав дека од 6 до 9 јуни 1995 година во Варшава престојуваа Габер и Мисајловски кои на мој предлог потпишаа соодветен конзуларен документ во врска со транзитот, но изгледа текстот некаде го зафрлија. Во тоа време тие беа заинтересирани Амбасадата од Варшава да биде пренесена во Прага и од таму би била покривана и Полска. Во продолжение од разговорот амбасадорот Илиевски ми предложи да ги покривам балтичкикте републики Литванија, Летонија и Естонија и дали би се согласил. Реков дека тоа не зависи од мене.
Во 12:00 на пречек на претседателот на Литванија. Полјаците кон оваа држава имаат традиционална слабост. Во минатото имале заедничка држава – персонална унија – Литванците дале крал, стар 54 години, а Полјаците кралица, млада 18 години. Сега единствен проблем им е лошата положба на полското малцинство, кое во изминатите години било мнозинство.

Закажаната средба со министерот за култура и уметност, Зџислав Подкањски се одржа во 14:00 часот и траеше 45 минути. Го одредивме терминот на неговата посета на Македонија – 6-9 јули о.г. составот на делегацијата и прашањето за издавањето избор поезија од двајца македонски поети. Секоја страна го покрива трошокот за печатење. Договоривме видување на вечера во Амбасадата со присуство на Добжањски, министер за одбрана и Јаѓелињски, поранешен министер за земјоделство, прехранбена индустрија и вицепремиер.

20 јуни 1997, петок

Телефонски разговор со новиот генерален секретар, Данчо Марковски. Разговорот во врска со актуелните прашања поврзани со работата на Трипкова и Петровска. Рече дека се разгледува прашањето Петровска да биде повлечена, а што се однесува до Трипкова, предлогот е и таа да биде повлечена. Вечерта отидовме на прием приреден од полски бизнисмени надвор од Варшава. Присутен целиот Дипломатски кор и голем број државни функционери. Покрај средбите со поголем број дипломати, имав средба и со поранешниот министер за земјоделство, Јаќелињски, со кого го отворивме патот за потпишување договори за соработка. Се договоривме да се видиме во понеделник.

21 јуни 1997, сабота

Вообичаен ден со малку сонце и ситен дожд. Куса прошетка покрај каналот со патките. Преглед на печатот. Одмор.

22 јуни 1997, недела

Во 19:00 часот се јави Биљски од весникот „ЖЕЧПОСПОЛИТА“. Побара прием за утре со цел да го договориме написот за туризмот во Македонија. Му реков дека ќе го чекам во 11:00 часот.

Од Канцеларијата на Сејмот ми јавија дека во текот на денот ќе ми донесат касета со изјавите на претседателот на Сејмот Ј. Зих во врска со престојот во Скопје.

23 јуни 1997, понеделник

Биљски дојде порано од закажаното време. Ја донесе и ветената репортажа за македонскиот туризам. Заеднички го

прегледавме текстот и внесовме неколку нови податоци. Репортажата ќе ја објави во неделниот број на весникот.

24 јуни 1997, вторник

Во 13:00 часот ручек во Амбасадата на Романија. Присутни амбасадорите на: Романија, Унгарија, Македонија, Чешка, Словачка, Украина, Литванија, Албанија, Словенија, Хрватска и четворица од полското МНР на чело со министерот за надворешни работи, Даријуш Росати. Повеќе од еден час неврзан разговор за актуелните состојби во Европа, потоа секој од присутните зборуваше за актуелните состојби во својата земја. Министерот Росати зборуваше за полската надворешна политика, посебно за стремежот на Полска да се зачлени во НАТО и во Европската Унија. Јас зборував за активностите на Македонија на меѓународен план, меѓу другото за посетите на претседателот Киро Глигоров на Кина и на САД и наскоро за учеството на состанокот во Мадрид. Во продолжение истакнав дека Македонија со својата надворешна политика настојува да биде фактор на стабилност на Балканот.
Од полското МНР стигнаа две честитки. Едната за Фрчковски поради неговото заминување, а другата за Б. Ханциски поради преземањето на МНР. Потпишани се од министерот Росати.

Во 18:00 на коктел во Амбасадата на Шпанија, а во 19:00 на промоција на поетска збирка во Друштвото на писателите и од таму на прием што го приреди амбасадорот на Летонија по повод неговото заминување во Рим.

25 јуни 1997, среда

Ветениот текст на Договорот за културна соработка со Полска се уште не стигна од македонското министерство.

Од полското Министерство за внатрешни работи стигна писмо од министерот Лешек Милер до неговиот македонски колега Т. Чокревски со кое го известува дека поради презафатеност, средбата ја одложува и подвлекува дека е заинтересиран да се сретнат во најскоро време. Текстот на писмото го преведов на македонски и заедно со оригиналот го испратив по факс.

26 јуни 1997, четврток

Стигна поканата за министерот за култура, Зџислав Подкањски. Ја преведов на полски и по факс ја испратив во Министерството за култура и уметност.
Во 14:45 заминавме за Вроцлав, каде утре ќе се одржи свеченост по повод јубилејот на мојот ментор, проф. Карол Фједор. Цело време патуваме по рамница и по убаво време. Долга, широка, бескрајна, зелена рамница. Во Вроцлав се сместивме во хотелчето на универзитетот. Не успеавме да се видиме со проф. Коле Симитчиев, најголемиот пропагатор на македонштината во полските научни средини. Има напишано и објавено на полски неколку научни трудови посветени на македонскиот јазик, фолклорот и македонската литература, беше главен инспектор на македонските училишта во Полска (14 на број), главен уредник на учебниците (еден комплет чувам во мојата библиотека во Скопје) кои заедно со Пандо Шапкарев ги уредија и објавија со финансиската поддршка на полското Министерство за образование. Исто така проф. Симитчиев заедно со м-р Вацлав Копчињски беа главните организатори на учителските курсеви за македонските и грчките учители во текот на летните месеци.
Вечерта му се јавивме на нашиот пријател Тоде Узунов, кој потекнува од едно леринско село и поради прогонувањето на неговиот татко од грчките власти, целото семејство спас најде во Југославија, во прочуеното и злогласно село Булкес, кое од југословенските власти целосно им беше доделено на грчките бегалски комунисти. Всушност тоа беше логор каде

беа населени голем број команданти на ЕЛАС и каде се подготвуваа идните команданти и политички комесари кои се бореа во Граѓанската војна во Грција. Таму од тифус почина мајката на Тоде, а неговиот татко и постар брат како доброволци се вратија во Грција и се бореа во редовите на ДАГ. Татко му загина на Биковик, планина над Костур, а брат му, ранет во крвавата битка за Лерин, се лекуваше во Катланово од каде ноќе пребегна и се насели во Скопје, од каде кон крајот на педесеттите години емигрира во Австралија. Тоде со други деца од Булкес во август 1949 беше преселен во Полска, во градот Згожелец, кој беше главен центар на одведените деца и на македонските и грчките бегалци во Полска, за чија судбина најчесто одлучуваше комитетот на КПГ. Комитетот одлучи и за судбината на Тоде. Во текот на антимакедонската хајка во која Македонците беа прогласени како Титови агенти се најде и Тоде. Обележан како Титов агент беше протеран од домот и од училиштето и сместен во едно земјоделско стопанство каде беше одличен собирач, товарач и растоварач на компир, морков, шеќерна репка и други земјоделски плодови. Во 1950 година во Вроцлав почна да се печати грчко-македонскиот весник ДИМОКРАТИС-ДЕМОКРАТ. Беа потребни слагачи и печатари. Тоде ја знаеше кирилицата и заедно со двајца други како него го вработија во печатницата. Таму научи да составува зборови буква по буква, а потоа да пишува на линотип и тој занает го тераше до неговото пензионирање. Зошто во моите белешки му посветив толку простор? Затоа што бевме многу срдечни пријатели. Ретко мирен, добродушен и срдечен човек. Реткост во добрина. По години дознав дека се разболел од тешка болест. Тоде си отиде и почива на гробиштата во Вроцлав. И сега пишувајќи ги овие неколку редови, го гледам секогаш насмеаниот и добродушен Тоде. Почивај во мир мил Тоде, така ти било пишано.

27 јуни 1997, петок

По свеченоста, во чест на мојот ментор, заедно со него отидовме кај деканот на вроцлавскиот универзитет, а потоа ме прими ректорот и во текот на разговорот, ја изрази желбата за воспоставување соработка меѓу вроцлавскиот и скопскиот универзитет. Ја искористив приликата да му изразам и благодарност за тоа што на вроцлавскиот универзитет со високо образование, магистратури и докторати од разни области се здобија голем број Македонци, кои денес во Македонија се ценети специјалисти. Во 14:45 заминавме за Шчавно Здруј, порано Солице Здруј. Целта ни беше да го посетиме тоа прекрасно гратче во кое нѐ сместија нас, околу 1500 македонски деца на возраст од 3 до 14 години. Првите чекори, откако стигнавме, ги направивме до местото во паркот, каде под големиот јоргован се фотографиравме ние децата од моето село. Групната фотографија стигна до нашите родители благодарение на мајка Евгенија која го плати фотографирањето. Таа фотографија денес е објавувана во многу публикации и се врти на интернет. Од Солице, заминавме за Лондек Здруј. И ова гратче е едно од најпрекрасните одморалишта и лековити бањи во овој дел на Полска. Тука на 28 октомври 1948 беа сместени македонски деца од Костурско, Леринско и Воденско. За ова повеќе простор имам посветено во мојот докторат со наслов „Македонски деца во Полска 1948-1968“. Со посетата на овие две гратчиња во нас живна нашето детство, но далеку од родното огниште.

28 јуни 1997, сабота

Обременети со спомените од тоа време, вечерта се вративме во Варшава.

29 јуни 1997, недела

Посебен ден, ден за паметење. Ден кој бележи 38 години од нашиот брак. Честитки од ќерките. Свечено поминавме во еден варшавски ресторан.

30 јуни 1997, понеделник

Ми се јави Малезанов. Ми рече дека претставништото на „Технометал“ во Варшава се укинува. Што можам да сторам кога дознавам дека во Република Македонија се пустоши сè што досега е изградено?
Од МНР/РМ, Данчо ми јави дека Петровска е разрешена и да не чекам да ми пратат замена.
Во 10:00 ме посети вршителот на работите на Молдавија. Го разгледа вториот дел од зградата и рече дека е заинтересиран во него да отвори амбасада.
Во 18:00 на коктел во Амбасадата на Кина приреден по повод присоединувањето на Хонг Конг кон Кина. Многу поканети. Директен телевизиски пренос од соединувањето. Му честитав на кинескиот амбасадор.

1 јули 1997, вторник

Телефонски јавувања од Полјаци кои се жалеа дека поради високите такси и лошиот однос спрема нив од македонските гранични службеници. Им реков дека жалам и побарав жалбите да ми ги достават напишани.

2 јули 1997, среда

Пак телефонски јавувања со жалби за лошиот однос на македонските погранични органи. Во врска со ова пратив факс до МНР/РМ.
Во 10:40 во Амбасадата дојде новинарката Хуновска од варшавскиот ТВ центар. Сака да патува во Струга и да ги снима Струшките вечери на поезијата. Ја замолив да достави

соодветно писмено барање или директно да се јави во Дирекцијата на СВП во Струга.
Во 11:10 пречек на Кралицата на Холандија. Стигна со триесетминутно задоцнување.
Весникот „ЖЕЧПОСПОЛИТА“ на цела страница ја објави репортажата за македонскиот туризам.
Вечерта на коктел во белоруската и тајландската амбасада, колку за да им честитам.

3 јули 1997, четврток

Од Министерството за култура и уметност ми јавија дека министерот Подкањски ќе полета за Македонија на 6 јули во 8:00 часот. Реков дека ќе присуствувам на испраќањето.
Ми се јави Данчо, генералниот секретар во МНР/РМ. И овој пат ми рече дека поради немање пари нема да ми испратат некој на местото на Петровска. Терај си ја работата сам, јас сум задоволен од тебе. На хигиеничарката, рече, можеш да ѝ ја покачиш платата со сума од педесет долари. Држи се – крај на утехата.

4 јули 1997, петок

Во 8:20 испраќање на Кралицата на Холандија.
По телефон во 14:35 ми се јави Лиле Наумова од Загреб. Покрај други работи ми пренесе дека се судрува со слични тешкотии како и јас.
Се јавија од полското Министерство за култура и ми рекоа дека текстот на меѓувладиниот договор за културна соработка, во кој сум вложил цели месеци труд, го парафира премиерот Чимошевич. Ми олесна.
Во 18:00 часот на коктел – приредува американскиот амбасадор Реј по повод 4 јули, национален празник на САД. Огромен двор, резиденцијата тоне во зеленило и украсни грмушки. А што има внатре? Господ знае. Гледам, се чудам и

споредувам со условите во кои јас почнав да работам и да живеам. На денешниот коктел се сретнав со повеќе поранешни и сегашни полски амбасадори, министри и писатели. Користа од одењето на коктели беше само со цел што повеќе да се афирмира Македонија. Тоа секогаш го правам.
Во 20:40 ја пречекав парламентарната делегација од Македонија, која ќе учествува на IV заседание на ОБСЕ.

5 јули 1997, сабота

Учествував на IV заседание на ОБСЕ. Досаден и безсодржаен говор на претседавачот. Интересно зборуваше претседателот на полскиот Сејм Ј. Зих и претседателот на Полска, А. Квашњевски.
Во 20:30 коктел во ресторанот и во дворот на Сејмот.

6 јули 1997, недела

Во 7:15 на аеродром на испраќање на министерот Подкањски во Македонија. Во ВИПОТ пред полетувањето се договоривме да се видиме кај него на 9 јули.
Во 19:30 прием во „БЕЛВЕДЕРЕ“ („Belwedere“) во Лаженковскиот парк за учесниците на парламентарното собрание на ОБСЕ и Дипломатскиот кор. Забележав дека сите членови на парламентарните делегации беа заедно со амбасадорите или вршителите на работите на своите земји. Македонската делегација растурена.
7 јули 1997, понеделник
Се јавија од полското Министерство за одбрана и рекоа дека возвратната посета на министерот за одбрана, Станислав Добжањски, ќе се реализира од 23 до 31 јули. Ќе лета со специјален авион ЈАК-40 во придружба на сопругата и јас со сопругата. По телефон веста му ја пренесов на полковникот Николовски кој го прифати предложениот термин.

Во 18:00 часот во Амбасадата дојде македонската делегација. Не покажаа кој знае каков интерес за постигнатите резултати и активности. Во 20:00 прием за парламентарците и Дипломатскиот кор приреден од претседателот на Полска во претседателската палата. Во текот на приемот се сретнав и разговарав со министрите Станислав Добжањски, Даријуш Росати, како и со повеќе државни функционери и амбасадори. Исто така се сретнав со претставници на грчката делегација со кои разговаравме на грчки за потребата од заемна соработка, за воспоставување контакти на разни нивоа. Грчкиот амбасадор истакна дека тоа е позитивно, но пречка е името, кое засега, како што рече, е трн во заемните односи. Му реков дека идните генерации сигурно ќе го тргнат трнот, но сега на нашите народи треба да им се даде шансата да живеат како добри соседи и го прашав дали сегашниот разговор му пречи. Рече дека е задоволен од разговорот, а јас му реков дека во секое време може да се разговара за добри односи, ама за тоа е потребна добра волја и желба за заемно разбирање без омразата што ни ја остави лошото минато. Одново ми врати дека пречка е името, на што му реков дека името е суверено право и на единката и на народот и не е монопол на некој друг поради емоции, кои извираат од минатото, а може да се менува и со присила, со насилство, со терор, со закани, со културен геноцид, па и со предавство. Мене тоа, господа, ми е познато.

Разговорот го завршивме со предлогот на грчкиот амбасадор наскоро да се видиме. Прифатив.

8 јули 1997, вторник

Цел ден ги средувам белешките од изминатите неколку денови.

9 јули 1997, среда

Мирен ден, без факсови и телефонски јавувања. Во 19:20 на аеродром – пречек на министерот Подкањски, кој се враќа од Македонија. Пред тоа слета авионот со претседателот Квашњевски кој беше во Мадрид во придружба на министерот за одбрана, Добжањски. Во ВИПОТ министерот Добжањски ми рече дека во Мадрид се сретна со министерот Ханџиски и министерот за одбрана, Лазар Китановски. Истакна дека разговорот бил многу корисен.

10 јули 1997, четврток

Во 13:00 пречек на претседателот на САД, Клинтон (*види белешка, класер IV, стр. 117).* Во 15:00 средба со проф. Ивињски, парламентарец и член на полската парламентарна група во Европскиот парламент, а во 17:00 средба и разговор со министерот за национална одбрана, Добжањски. Во 20:00 на вечера со министерот за култура и уметност, Зџислав Подкањски.

11 јули 1997, петок

Прв роденден на внуката Марија. Испративме честитки и поздрави.
Попладнето на прием приреден од министерот за национална одбрана по повод поканувањето на Полска за преговори за влез во НАТО. Честитајќи му на министерот Добжањски, меѓу другото му реков дека се надевам во иднина ќе ја имаме поддршката на Полска. На ова ми рече:
- Македонија со сигурност може да смета на наша поддршка и помош. Ја знаеме трагичната судбина и големата мудрост на Македонија, чиј претседател во најтешките услови покажа храброст да ја сочува присебноста и да покаже голема политичка зрелост и одговорност пред сопствениот народ и мирот за да ја сочува својата млада државна суверености. Полска ќе има разбирање и тоа досега го потврди и натаму ќе го потврдува.

Во текот на приемот се сретнав и разговарав со претседателот Квашњевски. Му се пожалив дека во вчерашниот говор што го одржа на плоштадот пред кралската палата не ја спомна Македонија.
На ова ми рече:
- Драг пријателе, тоа го сторив од тактички причини. Јас кон Македонија имам големо чувство на симпатии и секогаш ќе ја има мојата поддршка.
Во овој миг си помислив: на Македонија не ѝ требаат само чувства на симпатии, туку нешто повеќе, ама и тоа е добро, барем ако некој добро ти мисли.
На приемот беа поканети шефовите на ДКП-еата на 16 земји членки на НАТО, како и на: Чешка, Унгарија, Словачка, Романија, Русија, Белорусија, Украина, Литванија, Летонија, Естонија, Молдавија, Бугарија, Албанија и Македонија.
Во текот на приемот се сретнав и разговарав со директорот на Бирото на демократските институции на ОБСЕ. Меѓу другото ми рече дека во ноември ќе се одржи состанок во Варшава посветен на правата на малцинствата. Сугерираше за присуство да се пријави Македонија и нејзината делегација темелно да се подготви. Во врска со најавениот состанок на ОБСЕ закажавме видување во септември.

12 јули 1997, сабота

Во југозападна Полска катастрофални поплави. Полската телевизија врши директен пренос.

13 јули 1997, недела

Нивото на водата во некои градови, како во Вроцлав, стигна до првиот кат. Вонредна седница на Владата и на Сејмот. Повик за помош. Досега животот го загубија 33 лица, а бројот на настрадните секој ден расте со стотици илјади.

14 јули 1997, понеделник

На министерот за одбрана Благој Ханџиски му испратив писмо во врска со планираната посета на Македонија на полскиот министер за одбрана, како и одобрение за приредување прием по повод националниот празник 8 Септември. (*Види текст во класер број IV, стр. 123).*
Од денес сум без секретарка. Отиде на одмор.

15 јули 1997, вторник

Во 11:00 во Апостолската нунцијатура на збогување со амбасадорот на Израел, полски Евреин. Забележливо е дека во Полска се акредитирани сè повеќе амбасадори на Израел со потекло од Полска или пораснати во оваа земја.
Се јавив во полското Министерство за култура во врска издавањето на двата поетски избори од А. Поповски и П. Бакевски.
Од македонското Министерство за одбрана ми ја пратија програмата за престојот на полскиот министер за одбрана во Македонија. Се јавив во кабинетот на министерот Добжањски. Ми закажаа средба за утре во 8:30 часот. За секој случај ја најавија можноста за откажување на посетата поради катастрофалните поплави.

16 јули 1997, среда

Во 8:30 во Министерството за национална одбрана на Полска. Ме прими шефот на Кабинетот. Ме информира дека поради катастрофалните поплави, премиерот забрани секакви патувања на министрите. Според тоа засега се одложува посетата на министерот Добжањски. За ова го известив нашето министерство од каде ми рекоа дека поканата и натаму е актуелна.
Во 16:30 со сопругата отпатувавме во гратчето Шедљце каде се одржува фолклорен фестивал на кој учествува КУД „Цветан Димов“. Нашите девојчиња и момчиња во споредба

со другите фолклорни групи – најдобри. По концертот отидов на затворената сцена за да се сретнам со нашите. Им кажав кој сум, најсрдечно им го честитав успехот, велејќи им дека денес во Полска, амбасадори се тие, а не јас.

17 јули 1997, четврток

Во Амбасадата на Чешка успеав да издејствувам бесплатни визи за членовите на КУД „Цветан Димов“.
По телефон ми се јави Рапацки од Канцеларијата на претседателот Квашњевски. Во краткиот разговор рече дека полека, ама сигурно е во тек изготвувањето на поканата за посетата на претседателот Киро Глигоров на Полска. Му реков дека веста многу ме израдува и радоста ќе ја делиме заедно.

18 јули 1997, петок

Ден на жалост. Сите знамиња во Варшава на половина копје. И јас го спуштив македонското знаме во знак на солидарност со Полска.
Во 15:00 часот заедно со сопругата Вјера во Амбасадата дојде амбасадорот на Словачка. За време на скромната закуска отворен разговор за состојбите во Полска, говорот на Клинтон и на Квашњевски, како и за состојбите во нашите земји.
Стигна коверт од Кабинетот на претседателот Квашњевски, а во него следниот текст на полски јазик. Го приложувам во превод на македонски јазик:

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА РЕПУБЛИКА ПОЛСКА Варшава 18 јули 1997 год.

Почитуван Господине Претседател!

Имам чест и големо задоволство да Ве поканам, Господине, официјално да ја посетите Република Полска.

Процесот на демократските промени во Полска и Македонија создава корисни услови за проширување на билатералните контакти меѓу нашите држави и за продлабочување на соработката на меѓународната арена.

Имајќи лично почитување кон Вас, Господине Претседател, како и за Вашиот придонес во мирољубивото извојување на независноста на Вашата Татковина и стабилизацијата на ситуацијата во Регионот и имајќи ги предвид традициите на пријателство и соработка меѓу народите и државите, си дозволувам Вашата посета да се оствари во деновите 29-30 октомври 1997 година.

Изразувајќи ја надежта за можноста за брзо гостување, Ви испорачувам најдобри желби.

Со почитување и пријателство,

Александер Квашњевски, с.р.

Неговата Екселенција
Киро Глигоров
Претседател на п.ј. Република Македонија
Скопје

Истиот ден поканата на полски и во превод на македонски ја испратив по факс во МНР/РМ. Истовремено испратив по факс и соодветно писмо со сугестии на Амбасадата.
(*Види текст во класер број IV, стр.. 133).*

19 јули 1997, сабота

Цел ден врне. Останавме заковани во Амбасадата од лошото време.

20 јули1997, недела

И денес цел ден врне. Истура.

21 јули 1997, понеделник

Во 9:00 ми се јави полковникот Николовски. Прашуваше во врска со посетата на Добжањски. Му реков дека од полското Министерство за одбрана ми е јавено дека поради катастрофалните поплави посетата се одложува. Од МНР/РМ ме известија дека во врска со поплавите во Полска, Владата на Република Македонија одлучи да испрати хуманитарна помош во шатори, ќебиња и конзервирана храна.
Размислував дали тоа е најдобро, но како што се вели на подарениот коњ не му се гледаат забите. Па сепак одлучив да предложам нешто друго, сметајќи дека има поголема вредност.
Изготвив телеграма во која предложив наместо шатори и ќебиња, Владата на Македонија да прифати триесетина полски дечиња, кои одморот би го поминале во Македонија под грижа на Црвениот крст на Македонија. Дообјаснив дека тие деца во иднина би биле едни од најдобрите афирматори на Македонија и нејзини трајни пријатели и дека таквиот гест на Македонија многу позитивно би одекнал во Полска и во средината на Дипломатскиот кор. Колку побрзо ќе стигне согласност, толку поголема афирмација за Македонија. Амбасадата на соодветен начин ќе ја пласира веста во полскиот печат, електронските медиуми и надлежните институции.
Телеграмата ја испратив по факс и со нетрпение чекав одговор.

22 јули 1997, вторник

Во 8:00 ми се јави по телефон Данчо Марковски. Рече:
- Генијален ти е предлогот. Владата го прифати твојот предлог. Јави каде што треба и ако полската страна прифати, ние тука да почнеме соодветно да се подготвиме.
А во врска со одлуката на Владата веднаш ќе испратам нота до полското МНР.

23 јули 1997, среда

Во 18:30 на коктел во Амбасадата на Египет. Мал број гости, посебно од редот на Дипломатскиот кор. На амбасадорот му го честитав празникот, се сретнав со некои познати личности од полските политички средини и по половина час заминав.

24 јули 1997, четврток

Ми се јави Огнен Малески. Рече дека во врска со планираниот коктел за 8 Септември се уште нема одлука. Подвлече дека мојот предлог за прифаќање одреден број полски деца како одраз на хуманитарна помош поради катастрофалните поплави во Полска е прифатен од Владата и по тој повод сум пофален.
Дојде Малаховски и му го дадов повикот за учество на конкурсот за изградба на хидроелектраната „ЧЕБРЕН“.

25 јули 1997, петок

Во врска со предлогот за прифаќање полски деца, од МНР/РМ ја добив следнава телеграма:

„Во врска со катастрофалните поплави кои ги зафати југо-западните подрачја на Република Полска и кои однесоа шеесетина жртви и причинија огромна материјална штета, Владата на Република Македонија, на својата седница на 23.7.1997 година донесе одлука,

како хуманитарна помош да прифати на одмор од месец дена (во текот на август и септември) 40 (четириесет) деца со придружен персонал, во Центарот за кадри и рекреација на деца и младинци на Црвениот крст на Македонија на Дојранско Езеро. Во текот на престојот, децата ќе бидат обезбедени со постојана здравствена заштита.
Со ова Владата на Република Македонија сака да го изрази традиционалниот однос на нашата земја кон населението настрадано од елементарните непогоди и чувството на пријателство кон нам блискиот полски народ и пријателска Полска, која на Република Македонија и пружи значителна хуманитарна помош по земјотресот во Скопје.
Горенаведената помош ќе се реализира преку Црвениот крст на Македонија во соработка со Црвениот крст на Полска. Огнен Малески, с.т. печат.“

Истиот ден стигна и телеграма од Министерството за одбрана на Република Македонија со следниот текст:
До:
Н.Е. г. Станислав Добжањски
Министер за национална одбрана
Министерство за национална одбрана
на Република Полска“

„Почитуван Господине министер Добжањски,

Со жалење ги следам информациите за последиците од големите поплави што ја зафатија Вашата земја. Ја користам оваа прилика да изразам сочувство за семејствата на настраданите.

Потполно ја разбирам Вашата ангажираност во отстранувањето на последиците од водената стихија. Воедно сакам да Ве информирам дека со задоволство го

прифаќам Вашиот предлог посетата на Република Македонија да почне на 20 август оваа година.

Изразувајќи го своето почитување, дозволете да ги изразам своите желби за што побрзо нормализирање на состојбите во Вашата земја и да Ви посакам успешни резултати во извршувањето на Вашата одговорна должност, добро здравје и личен успех.

д-р Лазар Китаноски, с.р.

Во врска со одлуката на Владата, напишав нота до полското Министерство за надворешни работи, ги копирав двете телеграми и побарав итен прием во полското МНР. Ме примија во првата Управа. Им ја врачив нотата и копиите од телеграмите. Беа вчудовидени. Не очекуваа таков македонски гест. Се заблагодарија и рекоа дека веднаш ќе го известат министерот за надворешни работи, господинот Росати, Кабинетот на претседателот Квашњевски, Кабинетот на премиерот Чимошевич и Црвениот крст на Полска. Амбасадорот Хмјелевски, откако повторно ја прочита нотата и телеграмите, видливо возбуден, заблагодарувајќи се, рече:
- Оваа одлука на македонската влада, а не се сомневам дека е донесена по сугестија на амбасадорот Наковски, е една од најголемите инвестиции во македонско-полските односи, бидејќи тие деца цел живот ќе паметат и ќе раскажуваат за Македонија. Господине Наковски, ве молам пренесете ѝ на Македонија голема благодарност од Полска за овој прекрасен и единствен гест на хуманост.

(Нотата и телеграмите во ракописот, класер број IV, стр.135)

Во 18:30 на коктел во Амбасадата на Швајцарија. Многу скромно. Се гледа дека богатите не се расфрлуваат како сиромашните.

Во 15:45 ми стигна телеграма со која ми е одобрено годишниот одмор за 1997 година да го користам од 4 до 31 август 1997 година.

26 јули 1997, сабота

Врнежите не престануваат. Телефонски разговор со децата. Одмор.

27 јули 1997, недела

Дождот нѐ затвори. Читаме весници, списанија, гледаме телевизија.

28 јули 1997, понеделник

Ми се јавија од Црвениот крст на Полска. Се заблагодарија за одлуката на македонската Влада. Рекоа дека се уште не одлучија од кој град или села, кои најмногу настрадаа од поплавите да испратат деца во Македонија и дека ги почнаа соодветните подготовки и стапија во контакт со Црвениот крст на Македонија.

Ѝ се јавив на Симка во МНР. Вети дека ќе прати.

Во 13:30 во Министерството за национална одбрана на Полска. Разговор со министерот Добжањски. Договоривме нов термин за неговата посета на Македонија – од 19 до 24 август 1997 година.

Отидов на аеродром и во австриската компанија купив билети за Скопје. Полетување од Варшава за Виена на 4 август, а враќање во Варшава на 31 август.

Во 19:30 на коктел во кралската палата. Приредува Амбасадата на Перу. Се видов со веќе познати министри и амбасадори, кратки, интересни разговори.

29 јули 1997, вторник

Вчера ми донесоа од пошта цел куп весници „НОВА МАКЕДОНИЈА“ и „ПУЛС“. Читам и не наоѓам нешто што може да радува. Падна вредноста на денарот, опаѓа производството, нема никакви инвестиции, цути сивата економија, партиите се караат, бунт на Албанците, бараат паралелна власт и држава за што во Гостивар властите ги претепаа.
А денес, утрото, ми стигна од Дота (нашата хигиеничарка) жална вест. Почина Михаил Граматниковски, наш школски другар, со потекло од преспанското село Рудари, претседател на Здружението на Македонците во Варшава и околината. Работеше во Министерството за здравство, честопати нè посетуваше во Амбасадата. Погребот денес на гробиштата во селото на неговата сопруга. Испративме телеграма со сочувство. Полека се троши нашата генерација. Умира во далечни земји разделена од своите најблиски. Не ѝ се исполнува желбата да го види родното место и таму да почива.

Тажен, многу тажен ден...

Денешната средба со градоначалникот на Варшава ја искористив да го информирам за одлуката на македонската Влада. Рече дека не очекувал таков гест. Подолго разговаравме за неговото лично учество и на неговите колеги во изготвувањето на урбанистичкиот план Скопје. Од тогаш се познаваме и секогаш кога се сретнуваме имаме многу што да си кажеме.

По средбата се вратив во Амбасадата. Ги прелистувам весниците. Наоѓам две агенциски вести. Ги цитирам без коментар.
Првата гласи:

„Република Македонија ќе побара исклучување од ООН доколку Советот за безбедност предложи нашата земја да ја заведе под името Република Нова Македонија.“

Втората гласи:

„Спорот за јазикот, меѓу Бугарија и Македонија не се појави самостојно, туку по пријателско убедување што врз Софија го извршиле Белград и Атина – тврди софискиот весник „КОНТИНЕНТ“. Според агенциските вести, целта била Бугарија да го забави развојот на односите со Македонија, додека Грција и Србија не решат што ќе прават со новата држава, па така дојде до баланс меѓу грчкото непризнавање на името, српското одбивање да се утврди границата и бугарското непризнавање на македонскиот јазик.“

Токму за ова најчесто разговарам со полски политичари и новинари, како и со претставници на Дипломатскиот кор. Во тоа е и целта, покрај поканите, да одам на средби и на коктели.

30 јули 1997, среда

Наближува времето за заминување во Скопје. Единствено Дитта е зафатена со пакување на цел куп алишта и играчки за внуката Марија и по нешто за децата. Јас за тоа немам време, бидејќи натаму сум зафатен со моите службени обврски. Во 13:00 часот на средба со Рапацки. Разговорот во врска со претстојната посета на Полска на претседателот Киро Глигоров и поплавите. Се договоривме да се видиме на 1 септември.

31 јули 1997, четврток

Во доцните попладневни часови по факс ми стигнаа две писма. Едното е од Ана Трајковска од Скопје, а другото од Лиле Наумова од Вашингтон. Ана ми пишува за хаосот во МНР/РМ, а Лиле дека се враќа во Скопје за стално за што има повеќе причини, „но најважната – пишува - (цитирам дел) е изгледа дека како Македонка сум дошла на погрешно место. Така ти е кога се гради мулти... мулти, па за домашните нема место во странство и обратно“.
Двете писма ги чувам.

1 август 1997, петок

Испратив нота до полското МНР во врска со ратификацијата на договорите за ветерина и заштита на растенијата.
Во врска со заинтересираноста за соработка меѓу средните училишта од двете земји, напишав писмо до Варшавскиот кураториум со кое го известив дека Државното медицинско училиште од Битола прифаќа соработка со слично во Варшава.
Од МНР/РМ ме известија дека поради недостаток на финансиски средства не се одобрува организирање прием по повод националниот празник 8 Септември.

2 август 1997, сабота

Денес во Македонија се слави Илинден 1903, а тука, во Варшава се одбележуваат 53 години од Варшавското востание 1944.
Печатот и медиумите на овој трагичен полски датум му посветуваат многу простор, над кој надвладува прашањето дали беше потребно или не и размислувања за судбината на Полска. „Gazeta Wyborcza“ објави опширен напис под

наслов: *Дали Варшавското востание беше потребно?* Еве една мисла извлечена од написот:

„Треба да се има на ум дека и тогаш и сега и во иднина судбината на Полска не лежи исклучиво во рацете на Полјаците. Зависи од природата на владите на големите сили и од меѓународните политички констелации.“

Оваа мисла не те остава да се запрашаш: ***а како беше, како е и како ќе биде со Македонија?***

3 август 1997, недела

Денес сме со мислите за утрешното патување во Скопје. По долга разделба ќе бидеме со нашите деца и ќе се радуваме со внуката Марија. Во Скопје не ме чека само тоа. Во МНР/РМ на 5 август во 8:30 ми е закажан состанок со генералниот секретар, потоа прием кај министерот, потоа на средба со претседателот Киро Глигоров, потоа со министерот за одбрана, потоа во Матицата на иселениците, потоа во Архиепископијата и би требало некаде до петок да завршам со средбите. На 19 август во Скопје ќе пристигне полскиот министер за одбрана Добжањски со сопругата и по официјалните и службени средби со домаќините до 24 август ќе го придружувам на одмор во Охрид, во одморалиштето на АРМ, во Свети Наум. Тука и ние со сопругата ќе одмораме. Во текот на престојот, министерот Добжањски ќе биде примен и ќе остане на ручек кај претседателот Киро Глигоров, а наредните денови ќе го посетува Охрид. Цело време со него. Тој на 24 се враќа со ЈАК-24 во Варшава, а јас со сопругата се враќаме на 25 август во Скопје каде на 28 август ќе ја крстиме внуката. Потоа уште едно видување во МНР/РМ. На 31 август во 17:10 полетуваме за Виена и во 20:40 ќе слетаме во Варшава. Толку од одморот.

25 август 1997, понеделник

Во 10:00 часот ме прими премиерот Бранко Црвенковски. Ме пофали за моите активности во Варшава. Разговор околу односите со Полска, договорите за соработка. Договоривме полскиот премиер Чимошевич официјално да ја посети Македонија и во таа смисла премиерот Црвенковски ми даде покана за полскиот премиер.

26 август 1997, вторник

Претседателот Киро Глигоров уште еднаш многу срдечно ме прими во 14:00 часот. Присутен Ахил Тунтев. Подолг разговор за македонско-полските односи и соработка во сите области во иднина, за потребата од кадровско зајакнување на Амбасадата, за подигнување на нивото на шефот на Амбасадата, улогата на Полска во Централна и Источна Европа, претстојната посета на Полска. Претседателот истакна дека покрај стопанската и друга соработка, политичките односи со Полска за Македонија имаат големо значење и во таа насока потребно е да се вложат дополнителни напори. На крајот од приемот Претседателот ми даде благодарно писмо до претседателот Квашњевски за поканата официјално да ја посети Полска.
По приемот кај Претседателот, во МНР се одржа работен состанок во врска со претстојната посета на претседателот Киро Глигоров на Полска, на кој беа договорени детали за посетата. Беше ветено дека ќе пратат некого на припомош.

27 август 1997, среда

Ме прими министерот Б. Ханциски. Краток преглед за досегашните активности, изрази задоволство од моето работење. Договорени одредени детали во врска со официјалната посета на Полска на претседателот Киро Глигоров, резулатите од посетата на министерот Добжањски, цел на натамошните активности натамошно зајакнување на

односите со Полска. Кадровско зајакнување за оваа година нема да има.
Наредните денови, 28, 29 и 30 август до заминувањето, во кругот на семејството и средби со пријатели.

31 август 1997, недела

Во 15:45 на аеродром. Разделбата е тажна.
Во 17:00 полетување за Виена. Во Варшава слетавме во 20:45 и во 21:15 стигнавме во Амбасадата.

1 септември 1997, понеделник

Напишав нота до полското МНР и заедно со поканите преведени на полски, лично ја доставив.

(Копии од поканите во ракопис, класер IV, стр. 153)

2 септември 1997, вторник

Се јави Рапацки. Ме извести дека до 22 септември ќе ми биде доставена скратена програма за официјалната посета на претседателот Киро Глигоров. Предлага на 13 септември во Варшава да допатува подготвителна група со цел двете страни да ја договорат деталната програма за посетата.

3 септември 1997, среда

Од Амбасадата на Велика Британија ми стигна покана за учество на молебен што ќе се одржи во црквата Св. Мартин по повод смртта на принцезата Дијана. Отидов во британската амбасада и во книгата на жалоста напишав:

Македонија искрено жали поради прераната и трагична смрт на принцезата Дајана. Амбасада на Република Македонија во Варшава, д-р П. Наковски.

На британскиот амбасадор лично му изразив сочувство.

Во 11:00 во Апостолската нунцијатура испраќање на амбасадорите на Венецуела и на Индија. Во разговор со амбасадорот на Монголија дознав дека не му била издадена виза да оди во Грција поради контактите со Амбасадата на Република Македонија.

Во 13:00 ми се јави Богдан Шчербињски од Министерството за сообраќај и замоли да добие информација дали е можно Спогодбата за патен сообраќај меѓу Македонија и Полска да биде потпишана на 20 септември во Варшава. За потсетување - експертските разговори беа водени во Варшава на 28 и 29 април о.г. и текстот беше парафиран. Во меѓувреме дојде до смена на Владата и оттука е задоцнувањето. На Шчербињски му реков дека во најкратко време ќе го информирам.

4 септември 1997, четврток

По повод 8 Септември испратив честитки до државното раководство на Република Македонија.

Во 18:00 на коктел приреден од Амбасадата на Словачка каде се сретнав со повеќе амбасадори и полски функционери. Со грчкиот амбасадор, Леонидас Хризантопулос, кој ми пријде, разговарав за заемните односи и потребата за соработка. Предложи да се видиме на вечера. Прифатив.

5 септември 1997, петок

Од полското Министерство за култура и уметност ме известија дека поради одење на одмор на министерот Подкањски се одлага посетата на министерот Унковски закажана од 14 до 17 септември. Ветија дека ќе закажат нов термин.

6 септември 1997, сабота

Со Миленка и Дитта на посета на стариот дел на Варшава. Ручање во кинескиот ресторан.

7 септември 1997, недела

Факс од Амбасадата на Албанија. Известуваат дека од 8 до 10 септември 1997 година во нејзините простории ќе биде отворена книга на жалоста по повод смртта на Мајка Тереза. Отидов и напишав неколку зборови како израз на сочувство. Полските медиуми ѝ посветија повеќе простор, подвлекувајќи дека е родена во Скопје, во католичко семејство. Немам информација како е одбележан тој настан во Скопје. Сигурен сум дека Албанците од смртта на Мајка Тереза ќе направат престижно прашање.

Денес го завршив пишувањето на анализата „Полска пред преговорите за влегување во НАТО“.

(Текстот во ракописот , класер бр. IV,стр. 159).

8 септември 1997, понеделник

Денес национален празник на Македонија. Ден на независноста. Вечерва ќе приредам скромен коктел за група Македонци кои живеат и работат во Варшава.

Се јавија од МНР/РМ и побараа под итно да им испратам моја биографија.

9 септември 1997, вторник

Се јавив во редакцијата на „ЖЕЧПОСПОЛИТА“ и побарав исправка за местото на раѓање на Мајка Тереза.

10 септември 1997, среда

Претпладне, во 10:00, се запишав во книгата на жалост отворена во албанската амбасада. Напишав:

„Македонија жали за смртта на Мајка Тереза и истовремено е горда што на нејзино тло се роди чедо кое стана симбол на љубов, вера и мајка на светот. Од амбасадата на Република Македонија, д-р Наковски.“

11 септември 1997, четврток

Заминав за Киељце на посета на Петтиот саем на современо оружје. Се вратив истиот ден.

12 септември 1997, петок

Го завршив пишувањето на текстот за потребите на АРМ.

(Види ракопис, класер IV, стр. 160).

13 септември 1997, сабота

Ми го сменија бројот на тел/факсот во 8 43 13 26. Попладнето на прошетка.

14 септември 1997, недела

На посета на Ботаничката градина, а потоа прошетка во паркот Лаженки.

15 септември 1997, понеделник

Двајца полски парламентарци-бизнисмени ме поканија на ручек. Разговор околу нивната желба да инвестираат во Македонија. Досега и други полски бизнисмени пројавија слични желби и барања. Од МНР/РМ за вакви иницијативи нема одговор.

16 септември 1997, вторник

Во 11:00 во Апостолската нунцијатура испраќање на албанскиот амбасадор. Потоа во 12:00 коктел во Амбасадата на Мексико. Во 14:00 средба со Штиндил, амбасадор на Чешка.

Во 16:00 ми се јави министерот за култура, Зџислав Подкањски. Замоли да пренесам дека македонскиот министер за култура, Слободан Унковски, го очекуваат во Варшава во терминот од 24 до 26 септември. Предложи на 23.9.97 во 18:00 часот заедно да вечераме.

17 септември 1997, среда

Средување на материјали во класери.

18 септември 1997, четврток

Стигна телеграма од Министерството за култура на РМ со која известуваат дека министерот С. Унковски во предложениот термин поради презафатеност не е во можност да ја посети Полска. Разговарав со него по телефон и замолив да предложи термин. Рече дека дури во ноември, за што го известив полскиот министер.

19 септември 1997, петок

Средување на материјали во класери и разгледување на дневниот печат.

20 септември 1997, сабота

Ништо за одблежување.

21 септември 1997, недела

Денес парламентарни избори во Полска. На избирачките места треба да излезат 28 милиони раскарани, меѓусебно навредени и поделени Полјаци.

22 септември 1997, понеделник

За 24 септември во 12 часот закажав средба со Рапацки во врска со натамошните подготовки за претстојната посета на претседателот Киро Глигоров на Полска.

Се слушнав со Јацек Палишевски, директор на Бирото за демократските институции на ОБСЕ со седиште во Варшава. Договоривме средба на 24.9. во 17:00 часот.

23 септември 1997, вторник

Мирен ден, без телефонски јавувања.

24 септември 1997, среда

Во 12:00 средба во Кабинетот на претседателот Квашњевски. Разговор за деталите на претстојната посета. Состав на придружните личности. Засега непознат.

Во 19:43 по факс ми стигна многу итна инструкција:

Напишав соодветна наредба.

(Види прилог во ракоиписот, класер бр.IV, стр.168).

Поради евентуалното загрозување од полското МНР побарав зголемени мерки за заштита до толку повеќе што наближува терминот за посетата.

25 септември 1997, четврток

Пред Амбасадата цела ноќ се менуваа припадници на единицата за обезбедување. Во 11:00 отидов во полското МРН од каде излегуваа личности од Дипломатскиот протокол, побарав средба со Клингер, началник на Управа во Департментот Европа Запад. Му го образложив барањето за зголемена неопходност за заштита на Амбасадата. Вети, но побара моето барање да го потврдам со нота, која во текот на денот ја испратив по факс. Пред Амбасадата поставија куќичка. Дење и ноќе во неа и пред неа вооружен војник**.**

26 септември 1997, петок

Во 11:00 отидов на договорениот состанок во Министерството за градежништво и просторно стопанисување. Ме примија многу срдечно и добив опширни информации, како и законите за стопанисување со градежно земјиште, сопственоста и условите за купување недвижности од домашни и странски лица.

27 септември 1997, сабота

На излет надвор од Варшава. Посетивме еден стар замок во кој е изложено старо оружје.

Попладнето напишав белешка за состанокот одржан на 26.8.1997 во Кабинетот на претседателот Киро Глигоров во врска со неговата официјална посета на Полска.

(Копија во ракописот, класер IV, стр. 179).

28 септември 1997, недела

Цел ден останавме во Амбасадата. Преглед на полскиот печат. Македонскиот стигнува со големо задоцнување, но се наоѓа во него по некоја важна информација за домашните случувања.

29 септември 1997, понеделник

Отидов во полското МНР и на Блинкер, кој го заменува Хмјелевски, му го предадов писмото од министерот Ханџиски за министерот Росати.

По телефон се јави Ана Трајковска која недамна се врати од дипломатска работа во САД. Желба ѝ е да дојде на работа во Варшава. Ѝ реков дека би добил одличен службеник, но тоа не зависи од мене.

Му се јавив на издавачот Солтис и го известив дека од Министерството за култура ми јавија дека министерот Подкањски одобри на сметка на Министерството за култура да бидат објавени поетските збирки од Анте Поповски и Петре Бакевски.

30 септември 1997, вторник

Денес ја слушнав неочекуваната вест: предлогот за мое именување за вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Република Полска. Вчера помина на седницата на Владата. Ова ми го јави по телефон Милан Спиридоновски.

Дали се израдував? Веста ја примив мирно, велејќи гласно:

- Ова е нов товар, на што Миленка гласно рече:

- Тато, па ти тоа досега си го работел!

Одлуката на Владата весникот „НОВА МАКЕДОНИЈА“ скромно ја одбележа со објавената информација:

„Петре Наковски амбасадор во Полска. Претседателот на Република Македонија, Киро Глигоров врз основа на член 84, став 1, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија за вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Република Полска, го постави Петре Наковски, министер-советник и досегашен вршител на должноста во Амбасадата на Република Македонија во Варшава.“

Во 18:00 коктел во Амбасадата на Кина. Мноштво средби и кратки разговори. Се сретнав и со Хризантопулос, грчкиот амбасадор во Варшава, кој ми се пожали дека македонските погранични власти не му дале виза на грчки дипломат. Му реков дека сигурно имал погрешен пасош.

Дитта денес беше на „чај“, редовна средба на сопругите на некои амбасадори. Домаќинка е сопругата на словенечкиот амбасадор. Во текот на разговорот, сопругата на бугарскиот амбасадор на средбата рекла дека македонскиот јазик е дијалект на бугарскиот, на што Дитта остро реагираше, истакнувајќи дека Бугарите кои по потекло се Татари, се

асимилирани Словени и како такви го прифатиле старословенскиот јазик и македонската кирилица. Бугарката навредена ја напушти средбата.

А јас во некоја прилика ќе ја прашам:

- Од кога сите Бугари по професија се лингвисти?

Сигурен сум дека поранешниот бугарски амбасадор Јани Милчаков во таква прилика би ја прекорил својата сопруга.

На коктелот во хотелот „ФОРУМ“ приреден од организаторот на Меѓународниот саем во Познањ по повод утрешното отворање на „POLAGRA“, се сретнав со повеќе полски стопанственици, парламентарци и сенатори со кои имав разговори за можностите за поголема соработка со стопанственици од Македонија.

1 октомври 1997, среда

По телефон се јави шефицата на протоколот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ и ме праша кога ќе биде отворен Меѓународниот саем „ПОЛАГРА“ во Познањ. Кога ѝ реков дека на 2 октомври, значи утре, занеме. Па јас рече - мислев во ноември. Одговорив – и во ноември да почне, пак ќе биде доцна. Подготовките, госпоѓо, за таквите манифестации траат со месеци. Најдобро е да почнете да се подготвувате за идната година. Налутено ми рече: - Ќе паметам, на што ѝ реков дека тоа многу ми се допадна.

2 октомври 1997, четврток

По телефон се јави Гордана Глигорова од кадровско на МНР/РМ и ми го честита именувањето за амбасадор.

3 октомври 1997, петок

Ми се јавија од полското МНР и ме замолија во 11:00 часот да одам на разговор во врска со претстојната посета на претседателот Киро Глигоров на Полска. Присутни – Хмјелевски, Клингер, Черпињски. По поздравите ми ги поставија следниве прашања:

1. Дали претседателот Киро Глигоров би бил заинтересиран во резиденцијата да ги прими лидерите на партиите кои влегоа во Сејмот.

2. Полската страна сугерира претседателот Киро Глигоров да положи венец (во разно време) на гробот на Незнаениот војник, на споменикот на Варшавските востаници и на споменикот на Варшавското гето.

3. Исто така полската страна сугерира договорите за културна соработка и меѓународен сообраќај да бидат потпишани во Варшава за време на посетата.

4. Доколку не заседава Сејмот и нема да бидат формирани комисии, претседателот Киро Глигоров да се сретне со претставници на Сејмот во салата на Економската академија, политичките партии, стопанствениците, јавни личности и Дипломатскиот кор (текстот на говорот да го добијат поради превод, може и на англиски).

5. Здравиците да бидат преведени на полски и на македонски јазик.

На крајот од средбата реков дека во врска со сугестиите и поставените прашања уште денес ќе го информирам МНР/РМ.

Се вратив во Амбасадата и се јавив во Дипломатскиот протокол. Закажавме состанок за 6 октомври.

Ми се јавија од полското Министерство за одбрана и се пожалија дека на полската воена делегација не ѝ бил обезбеден преведувач.

Во 17:18 часот од МНР/РМ стигна факс со кој од Министерството за надворешни работи на Полска се бара ангреман за именување на Петре Наковски за вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Полска.

Со пропратно писмо под број 14-7773/3 од 3.10.1997 г. потпишано од генералниот секретар Данчо Марковски, нотата на англиски и во превод на македонски јазик, гласи:

„Државен грб, Република Македонија, Министерство за надворешни работи, број 14-7773/2

Министерството за надворешни работи на Република Македонија го изразува своето високо почитување кон Министерството за надворешни работи на Република Полска и има чест да побара агреман за именувањето на Неговата екселенција Петре Наковски, министер-советник и вршител на работите во Амбасадата на Републиика Македонија во Варшава, за вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Република Полска, со седиште во Варшава.

Министерството за надворешни работи на Република Македонија го изразува своето уверување дека Република Полска ќе се согласи со именувањето и ќе ја прифати Неговата екселенција Петре Наковски во својство на вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Република Полска, овозможувајќи му да ги исполнува своите должности во склад со меѓународните норми и во интерес на развојот на пријателските односи помеѓу двете земји.

Министерството за надворешни работи има чест, во прилог да достави биографија на Неговата екселенција Петре Наковски.

Министерстото за надворешни работи на Република Македонија ја користи и оваа прилика на Министерството за надворешни работи на Република Полска да му ги повтори изразите на своето високо почитување. с.р., тркалезен печат.

Скопје, 2 октомври 1997 година

МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВАРШАВА

(Копија во ракописот, класер IV, стр. 179)

Оригиналот на нотата по дипломатска пошта веднаш го испратив до полското Министерство за надворешни работи.

4 октомври 1997, сабота

Денот го поминавме во стариот дел на Варшава.

5 октомври 1997, недела

Саботите и неделите станувам многу рано, пред 5:30. Тоа време, додека не почне службениот тек на работите, го користам да се обидам да нафрлам некоја реченица во моите два романи, кои со години го чекаат својот крај. И пак времето е кратко. Дипломатската ангажираност не дозволува

да се мисли на творечка работа. Ја пресечува творечката мисла, а времето тече и не пресушува. Барем засега...

6 октомври 1997, понеделник

Миленка ја испративме утрото на аеродром. Преку Виена ќе лета за Скопје. Работната група за подготовка на посетата на претседателот Киро Глигоров во Варшава ќе допатува на 12.10.1997 година.

7 октомври 1997, вторник

Попладнето од Дипломатскиот протокол ми ја доставија програмата за престојот и за работата на групата која ќе допатува од Скопје во врска со претстојната државна посета. Ја преведов и по факс ја испратив во МНР/РМ.

8 октомври 1997, среда

Секретарката не дојде на работа. Доцна попладне се јави и рече дека била на лекар.

Ми се јави Ана Трајковска и ми го честита именувањето за амбасадор. Честитки добив и од други колеги и колешки од земјата и од странство.

9 октомври 1997, четврток

Се јави Спиридоновски и ја побара програмата за посетата. Му реков дека е пратена во МНР/РМ. Ја добив македонската програма и во превод на полски ја испратив до Дипломатскиот протокол.

(Копија од програмите и списокот на делегацијата во ракописот, класер IV,стр. 185)

10 октомври 1997, петок

Роденден на Дитта. Стигна телеграма од децата со честитки. На ручек во стариот дел на Варшава.

Со назнака под МНОГУ ИТНО, стигна телеграма со следнава содржина:

Предмет: Акредитирање на г П. Наковски

Во врска со вашиот факс ве известуваме дека сме согласни г. Петре Наковски, вршител на работите во Амбасадата на РМ во Варшава да допатува во Скопје, со цел да ги земе акредитивите за своето наименување за вонреден и ополномоштен амбасадор на РМ во Полска, кои што ќе треба да ги предаде на 22.10.97 во 10:00 часот кај претседателот на РП, А. Квашњевски.

За време на престојот, г. Наковски ќе има средби со претседателот Глигоров, премиерот Црвенковски и министерот Ханциски, а неговиот престој ќе биде искористен и за организирање на претстојната официјална посета на претседателот Глигоров на Полска. С. Тодоровски .с.р. тркалезен печат.

Подолг разговор со директорот на Департментот за информации и промоција на МНР на Полска во врска со Договорот за културна соработка кој е веќе готов и ќе биде потпишан на 29.10.97 г.

11 октомври 1997, сабота

По повод празникот, испративме честитки до државното раководство**.**

12 октомври 1997, недела

Во 13:35 на аеродром. Авионот од Цирих доцни 35 минути. Ја чекам работната група во врска со претстојната средба. Најпосле авионот слета. Со работната група право во Амбасадата. Краток одмор, чај, кафе, секој се служи по своја желба. Им ја давам програмата за посетата и потоа во хотелот.

Состав на групата: Јана Петковска, раководител на групата, висок функционер во Кабинетот на претседателот Киро Глигоров, не ја познавам, Бојчев – кариерен, искусен, образован, културен дипломат, Теовски, не го познавам и јас.

Сите тројца се пофалија дека се запознаа со програмата, немаат забелешки. Им реков дека разговорите можат да бидат тешки, бидејќи шефот на Дипломатскиот протокол, кој ќе раководи со состанокот, е многу искусен и строг дипломат и внимава на секој детаљ.

Согласно договорот, точно во 8:00 часот отидов во хотелот „ГРАНД“ во кој е сместена работната група. По појадокот - во седиштето на Дипломатскиот протокол.

Во 9:30 почна состанокот и траеше до 11:30. Програмата за посетата прифатена. Единствена пречка употребата на уставното име, за што најмногу настојуваше Бојчев, а ја имаше и мојата поддршка. Исто така заедно со Бојчев

настојувавме и Декларацијата за соработка да биде потпишана со уставните имиња на двете држави. По состанокот излеговме на терен. До 14:00 часот ги разгледавме сите објекти, места и простории каде ќе престојува Претседателот. Наредниот ден со коли на Министерството за внатрешни работи, со одделението за обезбедување на високи државни личности, го измеривме растојанието од аеродромот, оддалеченоста од една до друга раскрсница, па сè до палатата „БЕЛВЕДЕРЕ“ во која ќе биде сместен Претседателот. Возењето го меревме во секунди и минути. Договоривме за целото време на посетата, на јарболот над покривот на палатата „БЕЛВЕДЕРЕ“ да се вее македонското знаме, на што најмногу настојував јас.

13 октомври 1997, понеделник

Во текот на денот групата беше примена во полското МНР, во Канцеларијата и Кабинетот на претседателот Квашњевски. Разговорот во врска со посетата и нашето настојување Декларацијата за соработка да биде потпишана од претседателите со уставните имиња на двете земји. По ручекот приреден од Дипломатскиот протокол, на аеродром и полетување за Скопје.

(Материјалот од разговорите на групата, види во ракописот, класер IV, стр. 188-192)

14 октомври 1997, вторник

Од Дипломатскиот протокол во 15:00 ми се јави г-ѓа Шадурска. Ме извести дека ми е одобрен агреман и кратко

потоа истото ми го кажа и директорот на Дипломатскиот протокол, г. Пјекарски.

Во врска со добиениот агреман до МНР/РМ испратив телеграма со барање да ми биде одобрено да допатувам во Скопје и за време на престојот да бидам примен од претседателот Киро Глигоров, премиерот Црвенковски и министерот Ханциски. По два часа добив одговор дека моето барање е прифатено.

Од Дипломатскиот протокол ми го издиктираа редоследот на предавањето на акредитивите. На 21.10.97 во 12:30 ќе ме прими директорот на Дипломатскиот протокол, во 13:30 во отсуство на министерот за надворешни работи Росати, ќе ме прими заменик-министерот Грела, на 22.10.97 во 12:00 акредитивите треба да му ги предадам на претседателот Александер Квашњевски, во 14:00 да положам венец на гробот на Незнаениот војник.

Во 22:30 по телефон ми се јави Лукашевич, заменик на главниот уредник на весникот „ЖЕЧПОСПОЛИТА“ и побара помош да добие интервју од претседателот Киро Глигоров. По факс ќе ми ги прати прашањата.

15 октомври 1997, среда

Ја преведов декларацијата на полски јазик. Во текот на денот ги подготвив материјалите што треба да ги однесам во Скопје.

16 октомври 1997, четврток

Станав во 4:30. Во дневникот „НОЌНИ БЕЛЕШКИ“ ги внесувам белешките од последните два дена. Четвртиот класер е полн.

Готов сум за пат.

Во Службен весник на Република Македонија од 29 октомври 1997 година, Бр.55-стр. 2311 под број 1050 е објавено:

Врз основа на член 84, ств 1, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија (Службен весник на РМ, бр.52/91), Претседателот на Република Македонија, донесе

У К А З

ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РЕПУБЛИКА ПОЛСКА

Се поставува

I

Петре Наковски, министер-советник во Амбасадата на Република Македонија во Полска, за вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Полска со седиште во Варшава.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила веднаш.

Број 49 Претседател

16 октомври 1997 година на Република Македонија

Скопје Киро Глигоров, с.р.

Во 7:00 полетувам за Виена и од таму во 13:30 слетување во Скопје.

Патувам, поправо летам за Скопје преку Виена и ги бележам моите размисли. Цел: Да ги земам акредитивите што на 21 и 22 октомври, копијата треба да ја врачам во полското МНР, а оригиналот на претседателот Александер Квашњевски.

Долго го очекував и покрај многу сомнежи, именувањето за вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Полска. Во овие две изминати тешки и самопрегорни години, со целосна посветеност и преданост на дипломатската работа, целото време ми беше вистинско исцрпување. Кога пристигна известувањето и нотата за барање агреман, врз мене нѐ остави некое убаво чувство на восхит. Се радуваа Дитта и децата, а јас чинот го прифатив вообичаено, со чувство за нешто што останува зад мене, на кое веќе може да му се стави печат, да се среди во класер и да се затвори во фиока со забелешка дека лежат две години труд и дека од тука почнува ново макотрпно одење по патеката на желбите и надежите. Цели две години во движење, средби, разговори, убедувања, стекнување нови познанства и пријателства не за личен интерес и корист, туку за Татковината. Навикнував на тешкотиите и ги совладував не со некои пишувани правила, туку со секојдневно практикување на професијата наречена дипломатија и зад мене не остана нешто без успех. Моите домаќини, соговорниците, дипломати и политичари, познајници и пријатели навикнаа на мојата упорност и јас на нивното разбирање.

Кога ме известија дека го добив агреманот, тукуречи останав рамнодушен, но вознемирен кога ми рекоа дека на 22.10.97 е закажано предавање на акредитивите. Зарем времето не е кратко? Во врска со тоа се јавив во МНР/РМ и во Кабинетот на претседателот Киро Глигоров. Од таму ми рекоа дека на 16 или 17 октомври ќе го објават указот за моето именување за вонреден и ополномоштен амбасадор во Полска, а во

МНР/РМ да ги подготват акредитивите. Добив согласност да отпатувам во Скопје за да ги земам акредитивите и согласно моето барање, ќе организираат прием кај претседателот Киро Глигоров, премиерот Б. Црвенковски и министерот Ханциски. Сите три приеми на 17.10.1997.

Летот продолжува мирно. Повремено се појавуваат облаци. Размислувам за средбите и разговорите што ме чекаат. Како ќе се одвиваат во првата официјална посета на првиот македонскиот амбасадор кај полскиот претседател. Историски чин во најновите времиња и живот на македонската држава. Одговорноста е огромна. Нови односи во контактите со домаќините и Дипломатскиот кор во функција на амбасадор и сигурно повеќе труд. На испраќање за Скопје, Дитта ми рече:

- Кога ќе се вратиш од Скопје во улога на амбасадор немој толку многу да работиш како што си работел досега.

Реков:

- Сигурно, ако ми пратат работници, тогаш ќе ти ја исполнам желбата.

Летот продолжува. Јас со мислите сум кај Дитта. Три дена Дитта ќе биде сама. А јас летам на југ. Попладне во моите прегратки ќе се најдат моите сакани Миленка, Тања и дедината внука, Марија. Тагата со радост ќе ми ја заменат децата.

Се снижува авионот. Ги прелетавме густите облаци и под нас зеленеат полињата на Австрија. Небото над Виена во густи облаци. Неколку кружења и авионот слета.

На аеродромот во Виена долго е чекањето за летот за Скопје. Сега е 9:45, а за Скопје – полетување во 13:45. Досадно, надвор сивило, кое тера на дремка. Времето поминува со кратки прошетки, со седење од стол на стол и зевање.

Патувам за Скопје – да земам важен документ, нова одговорност, нова тежина, нови грижи, да преземам функција на амбасадор, која ќе ми одзема голем дел од животот иако е мечта, цел и надеж за многу личности. Некни, кога се враќавме од аеродромот каде бевме да купиме билети за Скопје, Дитта ми рече:

- Не знам како ти, ама јас прво многу се израдував, а кога веќе зад себе го имаме времето што многу тешко го поминавме, некако тоа долго чекање за да те именуваат, некако посмирено го чувствувам. А ти?

- Сега ми е сеедно.

Разликата е во промена на звањето, во новите дипломатски пасоши, во новите дипломатски легитимации и визит-карти. И досега тешко и сигурно од сега потешко. Нов чекор и нови грижи.

Сега цели часови чекам авионот да полета од Виена за Скопје, а времето, како за инает, бавно тече. Се обидувам да си ги приберам мислите, да ги средам размислувањата во врска со утрешните средби и разговори. Сигурен сум дека нема да бидат формални, туку исполнети со содржини што ги наметна новата политичка клима по парламентарните избори кои доведоа до смена на власта и новиот курс во внатрешната и надворешната политика на Полска и во тие рамки и мојата ангажираност веќе во улога на амбасадор. Во прв ред ќе дојде официјалната посета на претседателот Киро Глигоров на Полска и неопходните разговори и настојувања за потпишување на Деклацијата за заемните односи со уставните имиња на двете држави. Тука ќе се кршат копјата. Во Македонија го нема духот на партизаните, се чини дека се отпеани партизанските песни и на нивно место, бран на туѓинство, небаре сакаме да сме современи, модерни. За потсетување – Полјаците цели 123 години немаа држава, но имаа национално единство и со тоа си ја вратија и си ја обновија државата. Полска одново би Полска.

Така си размислувам чекајќи го времето за полетување за Скопје. Најпосле повик, влегување во авионот, секој на одреденото седиште, нешто на унгарски, па потоа на англиски објаснува една стјуардеса и полетување во 14:05 часот. Сопатник ми се погоди Битолчанец. Не престанува да зборува на некој битолско-англиски јазик. Вели дека цели четириесет години печали во Лос Анџелес, семејството му е мешано, ама, вели, цел живот и со душата и со срцето и со мислите е во Битола. Вели дека од дете памети многу песни за Битола и за Македонија и фалшливо ми труби на левото уво. Си мислам колку такви носталгичари имаме растурени во светот и колку ќе го фатат истиот пат?

Се палат светлата и најава дека за неколку минути ќе слетаме на аеродромот во Скопје и слетавме живи и здрави. Ме дочекаа децата. Не очекував дека ќе има некој од МНР/РМ, ама знам, дека во други земји амбасадорите, посебно новоименуваните свечено ги пречекуваат и ги пречекуваат и придружуваат службени лица. Тоа нашите не го знаат, но се надевам дека еден ден ќе го научат.

17 октомври 1997, петок

Точно во 8:30 во МНР. Право кај секретарот Данчо Марковски. Ми честиташе за именувањето и потоа го договоривме планот за работа.

1. Во 10:00 работен состанок во Кабинетот на претседателот Киро Глигоров.

2. Во 11:15 прием кај министерот Ханџиски.

3. Планираниот прием кај премиерот нема да се одржи, бидејќи е отсутен.

4. Во 14:30 прием кај претседателот Киро Глигоров.

5. Замена на старите пасоши со нови.

Работниот состанок почна со дискусија во врска со „Декларацијата“. Јас го изнесов мислењето дека текстот одговара на нашите желби и стремежи, меѓутоа, негативно се произнесов за насловот и формулата на потписите, подвлекувајќи дека полската страна нема да го прифати насловот и потписите со уставното име. Ахил Тунтев ме прекина и истакна дека Полска секогаш беше на наша страна, па и сега треба истото да го очекуваме, па нашиот предлог нека биде еден вид експеримент. На ова реков дека сега Полска е друга Полска, чиј главен приоритет е НАТО и Европската Унија и во врска со тоа трпи притисоци и закани од Грција која ќе стави вето доколку било кој документ или договор ќе биде потпишан со нашето уставно име. Ценам, реков, дека потписите со истакнување на имињата и функциите на потписниците ја одредуваат и уставната припадност. Имено се знае на која држава потписниците се претседатели. Таквата формула полската страна сигурно ќе ја прифати.
Истото мислење го изнесов и во разговорот со претседателот Киро Глигоров, кој рече дека моето мислење е прифатливо, но не може да постапи спротивно, бидејќи ќе биде обвинет од сегашните владетели дека во меѓународните односи е против ставот на сегашната влада. Сугерирав во разговорите со Квашњевски во четири очи многу отворено да истакне дека за нас, како и за нив, името е основата на нашето постоење. Натаму подвлеков дека јас во сите контакти со полските државни функционери, парламентарци, политичари, новинари и писатели, со Квашњевски и со претставници на Дипломатскиот кор секогаш го истакнувам нашето уставно име – Република Македонија.
- Тоа е одлично, мој Петре, но постои разлика во нашите функции. Реков дека тоа го сфаќам, но еднаш ќе мораме одлучно да се поставиме. Јас, рече, во разговорите со Квашњевски во четири очи многу отворено и остро ќе го

поставам прашањето на името. Знам дека ќе ме разбере, дека ќе ме убедува дека сега Полска над сè го поставува својот интерес да се зачлени во НАТО и во Европската Унија и во таа смисла нема разлика меѓу полските политичари. Тоа е и наша цел. Ти добро знаеш како стојат работите тука. Пропуштивме многу корисни прилики и прифативме странско влијание и мешање во нашите работи кое, за жал, има поддршка од внатре. Со таквите најтешко е да се излезе на крај. Но со умеење и трпение Македонија ќе ја поставиме на нозе. А ти терај ја работата во Полска како и досега. Многу сум задоволен од тебе.
Овие зборови за мене беа најголемото признание. Многу ми значи мислењето на претседателот Киро Глигоров. Му се заблагодарив за неговата одлука да бидам именуван за амбасадор и му ветив дека нема да го разочарам. На крајот од разговорот ми рече дека во Варшава ќе имаме повеќе да си кажеме. Му пожелав крепко здравје и по силната прегратка го напуштив неговиот Кабинет.

Средбата со Ханџиски траеше само неколку минути. Бил многу зафатен.

Во МНР ги подигнав новите пасоши, а секретарката ми рече дека од Ханџиски пристигна порака со која закажува средба во 18:00 часот. Се сретнавме во договореното време. Разговаравме за актуелни прашања од односите меѓу двете земји и за нивното унапредување, како и за потребите на Македонија. Ми го честита унапредувањето и ми вети дека ќе ја имам неговата поддршка.

18 октомври 1997, сабота

На домашниот телефон многу јавувања. Пријатели, па дури и непознати лица ми го честитаат унапредувањето. Се јави и Анте Поповски и замоли да се видиме во 10:00 часот. Се сретнавме во Клубот на писателите.

За денес ми остана да ги подигнам акредитивите. Во 9:00 отидов во МНР и во 12:00 ми дадоа две коверти од хартија слична на пергамент. Едниот за претседателот Квашњевски, а другиот за мене – за спомен.
Во 15:45 тргнуваме за аеродромот. Ме придружуваат децата. Се збогуваме и во 17:05 полетување. По неколку минути летање, границата на Македонија ја преминав како нејзин амбасадор. Мирен лет и мирно слетување во Виена и долго чекање за полетување за Варшава. Седам на клупата и уште ги слушам зборовите на Анте Поповски:
- Ние одамна се познаваме и исто мислиме. А тоа што сега сакам да ти го кажам е моето задоволство што токму ти си нашиот прв македонски амбасадор во Полска. Ова си го постигнал со многу труд, самопрегор, пожртвуваност и знаење. Од селско дете во родната Егејска Македонија, по многу изодени патишта во туѓо, си стасал до највисокото место – амбасадор на Македонија. Тоа е голем чекор и ние твоите пријатели се радуваме што од тој најмногу напатен дел на Македонија излезе првиот македонски амбасадор во Полска.
Не изустив збор. Само силно го гушнав.
Повик за полетување за Варшава. Ми се чини дека летот нема крај.
Слетавме. Сопругата и пан Збишо, возачот, први ме пречекуваат со букет црвени трендафили, потоа официјални лица од Дипломатскиот протокол. Краток одмор во ВИПОТ и право во Амбасадата. Сопругата, отворајќи ми ја вратата, со возбуден глас, рече:
- Ваша екселенцијо, амбасадоре на Македонија повелете влезете во македонската амбасада.

19 октомври 1997, недела

Цел ден одмор.

20 октомври, 1997, понеделник

Денес во 11:00 часот прва седница на новиот Сејм. Поканет и Дипломатскиот кор. По седницата отидов во Дипломатскиот протокол каде го добив правилникот според кој се одредени начините за предавање на акредитивите. Ќе морам добро да ги проучам.
По факс го добив македонскиот текст на „Декларацијата“ што треба ја потпишат претседателите Киро Глигоров и Александер Квашњевски. За разлика од македонскиот, во полскиот текст уставните имиња на државите ги нема. Во содржината на „Декларацијата“ се внесени сите мои забелешки.
Добив телеграма со која ме известуваат дека во составот на македонската делегација ќе има и претставници на Стопанската комора на Македонија, која ќе потпише договор за соработка со полската комора. По телефон за ова го известив Дипломатскиот протокол од каде ми рекоа дека тој дел ќе го преземе полската комора.
По телефон и факс стигнаа повеќе честитки по повод моето именување за амбасадор.
(Материјалите од разговорите на работната група во врска со посетата на претседателот Киро Глигоров на Полска види ракопис, класер V, стр. 212-219).

21 октомври 1997, вторник

Во 12:30 отидов во полското МНР да ја врачам копијата од акредитивите. Ме прими Марек Грела, заменик-министер за надворешни работи со уште неколку други личности. Ми го честиташе именувањето во вонреден и ополномоштен амбасадор. Во текот на разговорот обострано беше изразено задоволството од подемот на односите меѓу двете земји и притоа беше истакнато дека се создадени сите услови за нивен натамошен развој. Заменик-министерот Грела подвлече дека претстојната посета на претседателот Киро Глигоров ќе придонесе за зајакнување на односите и при тоа

истакна дека Полска високо го цени придонесот на претседателот Киро Глигоров во создавањето на современата суверена и независна македонска држава и неговите напори за зачувување на мирот и стабилноста во овој дел на Европа. Ја искористив приликата на заменик-министерот Грела да му го врачам македонскиот текст на Декларацијата и при тоа подвлеков дека македонскиот народ кон Полска се однесува со големо почитување, широко го користи нејзиното искуство во спроведувањето на стопанските реформи и за поддршката што ни ја даде и ни ја дава на меѓународен план. Во текот на разговорот не го изоставив и прашањето за употребата на нашето уставно име. Во врска со ова заменик-министерот Грела рече дека одредени околности и во Полска ја наметнаа употребата на тоа наметнато име, меѓутоа во сите средби и разговори, како и во јавните настапи, никој од полските соговорници нема да го употребува тоа спорно име.
Во 13:00 во Апостолската нунцијатура по барање на нунциушот архиепископот Ковальчик. Разговор за најновите настани во Македонија и претстојната посета на претседателот Киро Глигоров на Полска.
Во 16:30 Нина (Ставрула), сопругата на д-р Ѓорѓи Статовски ми се јави по телефон и со тажен глас рече:
-Петре, отиде нашиот...
Сфатив дека почина мојот срдечен пријател. Од рака ми падна слушалката. Седнав на фотељата и со дланките ги покрив очите.
Дали во дланките може да се собере целата болка?
Погребот е утре, а тој ден треба на претседателот Квашњевски да му ги предадам акредитивите.
Телеграмата со сочувство, дај Боже, да им ја олесни болката.

22 октомври 1997, среда

Од Дипломатскиот протокол ми јавија дека во 11:00 часот со службена кола во Амбасадата ќе дојде директорот на Дипломатскиот протокол, во придружба на поручник на

полската војска и ќе ме однесат во претседателската палата со цел на претседателот Квашњевски да му ги предадам акредитивите. Прво ги повторивме вежбите одредени во потсетникот што пред неколку дена ни го пратија од протоколот - исправено тело, поглед, насмевка, движење на рацете и број на чекори. Во потсетникот со збор и цртеж сè во детали е одреден свеченият чин на предавањето на акредитивите. Крај на вежбите. Облекување свечени костими, во специјална кожена црна чанта ковертот со акредитивите. Ќе го носи аѓутантот на директорот на Дипломатскиот протокол, со чин поручник. Пред вратата на Амбасадата се паркира црн мерцедес. Нè внесува поручникот. По петнаесетина минути сигнавме пред влезот во дворот на претседателската палата. Од левата страна построена гардата на полската војска, малку понатака репрезентативниот оркестар на полската војска. На даден знак – звуците на македонската, а потоа на полската химна. Миг потоа, заедно со директорот на Дипломатскиот протокол, јас од неговата десна страна, поминувам пред гардата. Во средината од патот, се поклонувам пред полското национално знаме, се исправувам и гласно извикувам на македонски јазик:
- Здраво војници!
Громко возвраќа построената гарда.
Трема, возбуда, гордост – сè заедно во чекорот и во умот. Патот до главниот влез на палатата над која лево и десно висат македонското и полското државно знаме, десетина метри, но ми се чинеше дека нема крај. Влегуваме во големиот салон. На десетина чекори претседателот Квашњевски и тројца негови советници, десно од мене Дитта, до неа директорот на Дипломатскиот протокол, кој ми дава знак да појдам. Чекорам прописно, согласно упатствата опишани во потсетникот. Поздрав со претседателот Квашњевски, зборови на срдечност и молба да ги прими акредитивите. Изразува благодарност и пофалба и одиме во малиот салон, каде во четири очи петнаесет минути

разменуваме мислења. Општа оценка за односите меѓу двете земји – одлична и изразена желба за нивно натамошно зајакнување и соработка во сите области. Во текот на целиот разговор го употребуваше само името Македонија, што ми остави посебен впечаток. Крај на разговорот. Во другиот салон сопругата во придружба на директорот на Дипломатскиот протокол. Со истата кола враќање во Амбасадата. Мигот го одбележуваме со шампанско.
Во 14 часот полагам венец на гробот на Незнаениот војник, поминувајќи пред построената гарда. Капетан на полската војска во детали ми раскажува за урните во кои се наоѓа земја од сите боишта во светот каде се бореле и гинеле полски војници со паролата „За нашата и вашата слобода“.
Потоа запишувам свечена посвета во големата книга поставена на потпирачи, потпишувајќи се:
д-р Петре Наковски, вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Република Полска.
Во придружба на голем број гледачи пред мене со строев чекор поминува гардата на полската војска.
Крај на свеченият чин на предавањето на акредитивите и нов почеток.
(Фотографии и видеокасета во приватниот архив на авторот)

23 октомври 1997, четврток

Продолжуваат разговорите во Дипломатскиот протокол за техничките прашања на посетата. Од претходно планираните средби со новиот премиер, министерот за надворешни работи и други високи функционери се бришат, бидејќи се уште не е формирана новата полска влада.
Состанокот го напуштам и одам кај Рапацки на консултација во врска со поканите за свечената вечера во претседателската палата.

Во Амбасадата дојде службеник од Министерството за внатрешни работи, одделение за обезбедување на амбасадите, Дипломатскиот кор и странските високи личности кои официјално ја посетуваат Полска. Разговаравме за обезбедувањето на Амбасадата за време на престојот и средбата на претседателот Киро Глигоров со Македонците кои живеат во Полска. Неговата средба со нив е планирано да се одржи во Амбасадата на денот на неговото пристигнување во Варшава во времето од 19:00 до 21:00 часот. Му го дадов списокот со поканетите Македонци на кои им имав испратено покани. Во оваа прилика вреди да забележам дека во рамките на моите обврски, во текот на изминатите три години редовно собирав податоци за Македонците во Полска, чии имиња и адреси ги имав внесено во дискета и со нив редовно контактирав. Службеникот го прегледа списокот, допиша уште неколку имиња, ми даде негова визит-карта со молба за било какви немири, лично да го барам.
По неговото заминување отидов во Дипломатскиот протокол каде се вклучив во разговорите за техничките детали во врска со официјалната посета.
Во четири очи разговарав со директорот на Дипломатскиот протокол во врска со најавата на претседателот Киро Глигоров на свечената вечера. Му реков дека треба да биде најавен како претседател на Република Македонија, а и јас како вонреден и ополномоштен амбасадар на Република Македонија. Така личи, реков, бидејќи Киро Глигоров е поканет официјално како претседател на држава која уставно се вика Република Македонија. Молчеше, а потоа рече дека ќе се консултира.

24 октомври 1997, петок

Во текот на разговорите сериозна сопирачка се појави во врска потпишувањето на Декларацијата со уставното име. Од тој став Бојчев не отстапуваше. Поради веќе договорените средби го напуштив состанокот и времето го користев на

средби и разговори во Стопанската комора на Полска и министерствата за стопанска соработка со странство, за земјоделство, култура и национална одбрана.
Од многу амбасади ми стигнаа честитки по повод моето именување за амбасадор. Многу убава честитка ми испрати амбасадорот на Велика Британија.

25 октомври 1997, сабота

Цел ден продолжив со средби и разговори во спомнатите министерства и бев во постојана врска со нашата работна група, која одлично напредуваше, користејќи го големото дипломатско искуство на Бојчев.
Во 14:00 дојде новинарот Биљски од „ЖЕЧПОСПОЛИТА“ и ми го донесе интервјуто со претседателот Киро Глигоров кое редакцијата по факс го доби на македонски јазик. Во текот на ноќта го преведов на полски и по факс ѝ го пратив на редакцијата на „ЖЕЧПОСПОЛИТА“.

26 октомври 1997, недела

Во текот на ручекот Бојчев ми забележа дека на списокот на поканетите на средбата со претседателот Киро Глигоров, ги нема имињата на некои стопанственици од Македонија кои соработуваат со полски партнери. Му реков дека јас не соработувам со шверцери и затоа ги нема на списокот и ќе ги нема на средбата. На ова ми рече:
- Имај на ум дека подло ќе те наклеветат.
- Нашата професија, Бојчев, трпи и такви признанија.

27 октомври 1997, понеделник

Натаму пристигнуваат честитки во голем број. Цел ден ги средувам белешките од средбите и разговорите. Ги читам честитките. Во една од нив читам:

- Лично не ве познавам, но од тоа што имам читано во вашите книги, вие сте човек за почит и доверба. Ви праќам срдечни желби на охрабрување и истрајување... Има и други слични честитки, кои ќе останат во ракописот на „НОЌНИТЕ БЕЛЕШКИ“.

28 октомври 1997, вторник

Последни подготовки пред пристигнувањето на претседателот Киро Глигоров во Варшава. Заедно со директорот на Дипломатскиот протокол и неколку други официјални личности чекаме во ВИПОТ. Во 16:40 слета авионот. Заедно со директорот на Дипломатскиот протокол, господинот Пјекарски влегуваме во авионот. Срдечно се поздравувам со Претседателот и потоа му го претставувам Директорот на Дипломатскиот протокол кој во име на претседателот Квашњевски има чест да го пречека. Краток одмор во ВИПОТ и потоа службените коли со соодветната придружба за безбедност возат право во репрезентативната палата „БЕЛВЕДЕРЕ“, над чија купола на висок јарбол се вее македонското државно знаме. Распоред по соби. Мигот го користам да ја снимам куполата на палатата над која се вее нашето државно знаме. Ова е историски чин и брзам да направам неколку фотографии, со цел да го овековечам чинот – за спомен за идните генерации. Одмор и во 19:00 часот во салонот на Амбасадата средба на претседателот Киро Глигоров со Македонците, кои живеат и работат во Полска. Најмногу ги има со потекло од Егејска Македонија. Секој сака да се поздрави со Претседателот, нешто да му каже или да му подари. Многу е возбуден. Не очекуваше таква срдечна средба. Неговата сопруга седи на големата кожена фотелја и вчудовидена од глетката нешто ѝ зборува на мојата сопруга, која е задолжена да ја придружува до крајот на официјалната посета. И мене ми е тешко да се пробијам до Претседателот кој побара да го види кабинетот на амбасадорот. Се пробив и најблиските ги замолив да направат пат. По скалите,

придржувајќи го под мишка горе, на катот, се качуваме ние двајцата и нашите сопруги. Претседателот застана пред широко отворената врата на кабинетот. Долго гледа , а потоа ми вели:
- Ова, Петре, многу ми се допаѓа. Одлично ти е среден кабинетот, имаш одлични услови за работа. Не е голем, ама и нема потреба од поголем. Кој сака да работи, ќе се задоволи и со помала просторија. Подобар е од мојот. Како што знаеш јас немам таков кабинет. Мојот е скромен и доволен ми е. Ти честитам и ти пожелувам уште поголеми успеси. А имаш ли резиденција?
- Имам, Претседателе. На истиот кат е и само една врата понатаму од тука.
Слегуваме долу. Наближува 20:00. Службите даваат знак дека според протоколот средбата заврши. Претседателската двојка ја испративме до палатата „БЕЛВЕДЕРЕ“, во која и за нас беше одредена службена соба, но ние на спиење се вративме во Амбасадата.

29 октомври 1997, среда

Во 12:00 часот во пространиот двор на претседателската палата влезе мерцедесот со претседателот Киро Глигоров и се упати кон главниот влез накитен со полски и македонски државни знамиња. Почна официјалната посета. Свечено. Поздрави и прегрнувања на претседателите, потоа заемно претставување на придружните личности, рапорт на офицер дека во негова чест е построена гардата на полската војска, државните химни изведени од репрезентативниот оркестар и мирен, одмерен чекор по црвениот килим, поклон пред полското знаме, поздрав со построената гарда и во продолжение поздрав со претставниците на Дипломатскиот кор. Така заврши првиот чин под снег и вториот почна во просториите на претседателската палата и продолжи според однапред договорената програма. Програмата е обемна и целиот нејзин материјал грижливо е собран од мене и

сместен во 5. класер во ракописот на моите „НОЌНИ БЕЛЕШКИ“. Влегуваме во малата конференциска просторија. Во форма на кирилската буква П се поставени масите. Директорот на Дипломатскиот протокол покажува кој каде треба да седне. На чело – претседателите, лево македонската, а десно полската делегација. Забележувам дека осумте полски министри пред себе држат сина папка, од која подоцна секој ги изнесе успесите на својот ресор во врска со соработката меѓу Полска и Македонија. Членовите на македонската далегација пред себе немаат ниту ливче. Никој ништо не рече. А пред тоа претседателот Квашњевски со многу срдечни зборови, изрази на задоволство и почит, го поздрави нашиот Претседател, зборуваше употребувајќи го само името Македонија, кратко, дословно пет минути траеше неговиот многу елоквентен говор, невообичаено пријателски зборуваше за Македонија, изрази задоволство од постигнатата соработка и желба за нејзино унапредување и при тоа, упатувајќи поглед кон мене, истакна дека вистински постигнатиот степен на соработката во голема мера се должи на македонскиот амбасадор, кому во овој состав треба да му се изрази благодарност и признание. Потоа за збор го замоли нашиот Претседател, кој прво се заблагодари за поканата официјално да ја посети Полска, поблиску да се запознае со нејзиниот стопански развој, а потоа зборуваа за идната соработка меѓу Македонија и Полска. Бидејќи времето по протокол заврши, по барање на директорот на Дипломатскиот протокол, Квашњевски замоли да се премине во салата во која веќе чекаа новинарите да почне конференцијата за печат. Што и како беше речено сѐ е собрано во ракописот од овие „НОЌНИ БЕЛЕШКИ“, со цел да останат како белег на времето во кое Македонија се бореше за својот опстанок и во кои евентуалниот истражувач ќе најде многу интересен материјал.

Седев настрана и со внимание го слушав излагањето на претседателот Квашњевски, кој постојано го употребуваше само името Македонија и мака мачеше да ги објасни

причините за непотпишувањето на Декларација со уставното име. Причината за тоа јас ја знаев и пред месец дена ги имав известено надлежните во Скопје. Таму не ги сфатија заканите од страна на Грција која официјално ја имаше известено полската страна дека ќе стави вето за нејзин влез во НАТО и во Европската Унија доколку со Скопје потпише било каков договор со уставното име. Полските национални интереси беа свртени кон Запад, а не кон Македонија. Реакцијата на претседателот Киро Глигоров беше кратка и многу горка. Рече, дека ние верувавме во Полска, која досега нè поддржуваше и дека и сега ќе ни ја даде својата поддршка, но се случи обратното. Овие зборови наидоа на најголем одзив во полскиот и светскиот печат со многу негативни оценки и разочараност од наша страна.

Декларацијата не се потпиша. Гледав како Квашњевски во своето излагање мака мачеше да најде објаснување и оправдување за да не го разочара својот гостин. Запаметено ќе остане неговото тврдење дека Македонија секогаш и во изменети состојби, може да смета на поддршка од страна на Полска. Тоа свое ветување го потврди неколку години подоцна при својата прва официјална посета на Македонија. Во кралската палата сите денови од престојот ручавме заедно во друштво на сопругите. За време на ручекот тема на разговорите беа актуелните состојби во Македонија, јакнењето на односите и соработката со Полска. Претседателот секогаш зборуваше мирно, со мали прекини и со погледот вперен некаде далеку пред него. Многу сум благодарен за тие средби и разговори кои за мене беа вистинско училиште во кое многу научив. Голема е честа да се биде во друштво со таков човек од кого само добро можеше да се научи. Беше голем човек, од едни сакан и почитуван, од други омразен. Длабоко е моето најискрено чувство и најголема е почитта за човекот кој својот чекор го чекореше заедно со мислата за иднината на Македонија. Таков ќе остане во моето паметење.

Свечената вечер приредена од претседателот Квашњевски во чест на претседателот Киро Глигоров беше извонредна. Присутни министри, високи државни личности, политичари, научници, културни дејци, писатели, новинари. Мажите во смокинг одела, а жените во долги фустани. По изведените химни, свечени говори изнесени на мајчиниот јазик со превод на македонски, односно на полски јазик. Основата на говорите – желба и надеж за натамошна успешна соработка меѓу двете држави во сите области и благодарност за постигнатото.

Секоја официјална посета во основа е успешна.

Успешна беше официјалната посета и тоа многу успешна поради фактот што првпат првиот македонски претседател посети земја со илјадагодишна државност и големо значење и влијание во Европа, секогаш наша пријателска земја, успешна затоа што првпат на државната резиденција „БЕЛВЕДЕРЕ“ се вееше македонското знаме, успешна затоа, што на улиците на Варшава се развиори македонското државно знаме, што првпат широките варшавски булевари беа украсени со македонското и со полското знаме, што за прв пат во широкиот двор на претседателската палата влегува македонски претседател во чија чест е построена репрезентивната гарда на полската војска, успешна затоа, што за првпат во тој огромен двор во чест на првиот наш претседател одекнуваат звуците на македонската и на полска химна, што за првпат над главниот влез во претседателската палата се вее македонското знаме, успешна затоа што три дена во цела Полска беше присутна Македонија и за Македонија се зборуваше, се пишуваше, стотици претставници на Дипломатскиот кор ја имаа честа да ја стегнат топлата десница, раката на мирот, успешна беше затоа што отвори нови можности за пријателство и соработка и на овој начин Македонија вплови во големите води на светската политика. Средбите, разговорите, договорите многупати ќе се повторуваат, ќе се изменуваат и пополнуваат во зависност од актуелните потреби и заемни интереси, но

една таква средба во историјата на Македонија засекогаш ќе биде единствена и неповторлива. За вакви работи треба да се има не само глава, туку и знаење и способност за умно размислување и мудрост и умешност за изнаоѓање нови начини за тоа, како да се отвораат нови перспективи за соработка. Моментниот евентуален неуспех неопходно ја налага потребата за умно размислување. Во надворешната политика нема експериментирање. Има трезвено, а понекогаш дури и агресивен одбранбен настап. Обратниот чекор и размислување е само турање отровна вода во зовриениот котел на омраза во рацете на непријателите на Македонија.
А бев таков што цели три години со макотрпен труд, со целосна посветеност, преданост и самопрегор и со многу сопки ги запознавав и поучував за Македонија моите полски соговорници од разни средини, како и претставниците на Дипломатскиот кор но, не со таа Македонија која едни лажно ја фалеа, други ја понижуваа; не со таа Македонија за која е пишувано и докажувано не според нејзиното вистинско лице, минато и сегашнина, туку во зависност од интересите на големите сили и на соседните кралства, домашните предавници и шпиони и купот странски агенти од сите бои, туку со таа Македонија која длабоко лежи во мојата душа и во тоа име верно и служам. Таков бев и таков ќе останам и веројатно таков ќе бидам запаметен.
Попладнето, по краткиот престој во ВИПОТ на варшавскиот аеродром, каде од претседателот Киро Глигоров ги добив најголемите пофалби за мојата работа, во друштво на високи полски државни функционери до авионот го испративме Претседателот и стоевме се додека авионот не влезе во хоризонтот што водеше на југ.
Среќен лет, Претседателе, реков гласно.

30 и 31 октомври 1997, четврток и петок

И денес нема одмор. Ги средувам белешките од изминатите денови. Хаотично, безредно, за да се сочува времето во кое се случија, за да останат белег, трага за тоа како чекореше Македонија низ полската земја. Добро или лошо – верувам дека по многу години ќе се најде некој, кој грижливо ќе ги прочита и ќе ја постави добрата или лоша оценка.

1 ноември 1997, сабота

Се уште сум оптоварен со впечатоците од официјалната посета и реагирањата на полските, светските и македонските медиуми. Така ќе биде подолго време. Позитивни или негативни – сите се во прилог на афирмација на Македонија во светот.

2 ноември 1997, недела

По снежно и многу студено време денот го поминавме на долга прошетка во паркот Лаженки.

3 ноември 1997, понеделник

Во 11:00 часот ми се јави полската новинарка Стилињска. Рече дека ќе патува во Грција, ќе го посети Солун, а потоа и некои градови во Северна Грција. Замоли да ѝ дадам адреси на Македонци од тој крај на Македонија. И реков дека барање адреси на Македонци од тој крај на Македонија, не е потребно, бидејќи доволно е да каже дека сака да зборува со Македонци, тогаш тие сами ќе ѝ се јават. Ѝ пожелив среќно патување, а по враќањето во Варшава ќе ја чекам на кафе во Амбасадата.

4 ноември 1997, вторник

Ми се јави филмскиот снимател, кој ја снимаше посетата на претседателот Киро Глигоров. Рече дека уште во текот на

денот ќе ја донесе касетата и за услугата треба да му платам 500,00 злоти. Прифатив.
Вечерта се јави Тања.

5 ноември 1997, среда

Формирана новата влада на Полска. Премиер Бузек. Министер за надворешни работи – проф. Геремек, мој добар познаник. Испратив нота до Дипломатскиот протокол со молба новите министри и премиерот да ме примат на вообичаена протоколарна посета.
Му се јавив на полковник Јежи Гриз од генералштабот на полската војска. Рече дека прашањата за кои во мое присуство разговараа двајцата шефови за време на официјалната посета на Киро Глигоров, се пратени на соодветни стручни служби. Штом ќе биде донесена соодветна одлука, ќе бидам известен.
За денес во 15:00 часот се најави за протоколарна посета Владислав Билут, вршител на работите во Амбасадата на Полска во Скопје. Го примив со задоволство. Честитки и вообичаен разговор во врска со односите меѓу двете земји.

6 ноември 1997, четврток

Во 9:00 часот ми се јави главниот уредник на неделникот „ПОЛИТИКА“. Побара кратко интервју во врска со актуелните односи меѓу Полска и Македонија. Прифатив. Дополнително ме извести дека наскоро, пред да почне Конференцијата на Крит, неделникот ќе објави нешто многу топло за Македонија.

7 ноември 1997, петок

Во 10:00 часот протоколарна посета во Апостолската нунцијатура. Широкоградо ме прими нунцијушот,

архиепископот Ковальчик. Краток и срдечен разговор со ветување за скоро видување.
Во 13:00 ме посети Зоран Новаковиќ, амбасадор на Сојузна Република Југославија во Варшава, честитки и размена на мислења за заемните односи, а во 14:00 часот во протоколарна посета дојде амбасадорот на Индија. Петнаесет минути многу срдечен разговор, изразени желби за подобро запознавање и развој и унапредување на заемните односи.

8 ноември 1997, сабота

Од видеокасетата го симнав искажувањето на Квашњевски изнесено на конференцијата за печат и по факс го испратив во МНР/РМ.

9 ноември 1997, недела

Надвор студено, врне снег. Ден без прошетка.

10 ноември 1997, понеделник

Во 8:45 во Сејмот седница на новиот состав. Присутен целиот Дипломатски кор. Новиот премиер Јежи Бузек во своето експозе ги изнесе целите на новата полска влада.

11 ноември 1997, вторник

Денес национален празник на Полска -79 години откако по 123 години распарчена меѓу Русија, Прусија и Австроунгарија, на 11 ноември 1918 година Полска си ја врати националната независност и одново се најде на европската карта. По тој повод до МНР и соодветните државни институции испратив ноти со честитки.

12 ноември 1997, среда

Со претходна најава во 10:00 часот отидов во протоколарна посета на грчкиот амбасадор, господинот Хризантопулос. Ме пречека лично и многу срдечно. Откако му се заблагодарив за приемот, му се претставив со име и презиме, истакнувајќи дека доаѓам на протоколарна посета како вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Варшава. Ми честита. Му реков дека со новата функција желба ми е да ја изразам надежта дека односите меѓу нашите држави во име на мирот и добрососедството ќе се развиваат за доброто на нашите народи и дека во таа смисла веќе се направени извесни напори како резултат на одржаните средби на министрите за надворешни работи и култура и дека во таа насока ќе се движат и средбата и разговорите меѓу премиерот Симитис и претседателот Киро Глигоров кои ќе се одржат на Конференцијата во Крит.
Амбасадорот Хризантопулос истакна дека целосно за него се прифатливи изразените желби и надежи и дека во заемна корист е односите да се развиваат на завидно ниво. Во продолжение ме потсети дека деновиве во Варшава ќе почне со работа Конференцијата на КЕБС за човекови и малцински права и замоли во име на создавање добра клима на меѓусебни односи да не дојде до спротивставени ставови меѓу двете државни делегации, а доколку дојде до таква ситуација реагирањата да бидат поумерени. На ова реков дека делегацијата на Република Македонија на Конфенцијата ќе се залага за остварување на човековите и малцинските права во духот на донесените и прифатени одлуки, а доколку наиде на остар и агресивен отпор од страна на грчката делегација, тогаш соодветно ќе се постави. А што се однесува на присуството на млади луѓе кои ќе допатуваат во Варшава, реков дека тие се грчки државјани и од Грција ќе бараат да ги почитува нивните човекови и малцински права. Тоа е нивно право.
Разговорот ги надмина предвидените петнаесет минути за протоколарна посета и по предлог на амбасадорот

Хризантопулос се договоривме заедно со сопругите да се видиме на вечера во новоотворениот грчки ресторан.
Во 12:00 часот средба на новиот министер за надворешни работи на Полска, проф. Бронислав Геремек со Дипломатскиот кор. Во подолгото излагање проф. Геремек ги изнесе основните цели на полската надворешна политика.
Во 14:30 протоколарна посета на малезиската амбасада. Малезискиот амбасадор многу срдечно ме пречека и цело време се интересираше за состојбите во Македонија, а најмногу за нејзиното минато и односите со соседите.

13 ноември 1997, четврток

Учеството на македонската делегација на Конференцијата на КЕБС што секоја година се одржува во октомври или ноември во Варшава, редовно од 1993 го водам јас, додека вистинскиот говорник, е Јон Ивановски, а јас во тоа време воспоставувам контакти со разни претставници на странски делегации, а најмногу со полски политичари и државни функционери.
Денес состанокот морав да го напуштам порано, бидејќи во 13:00 часот на протоколарна посета ми доаѓа турската амбасадорка, Сомоз Унајдин, отмена, висока, руса Турчинка. Ја пречекав пред влезот на Амбасадата, а во кабинетот, со филџан турско кафе, разговаравме за македонско-турските односи. Се покажа дека е одлично информирана за сè што се случува во Македонија и во текот на разговорот ја искажа готовноста на Турција дека во секоја прилика ќе стои на страната на Македонија. Вети дека во сите средби и разговори со претставници на Дипломатскиот кор секогаш ќе лобира за Македонија. На крајот од разговорот, воден преку преведувач, госпоѓа Унајдин, откако ми ја честита новата функција, се заблагодари за средбата и ме покани на кафе во турската амбасада. Ја испратив со убав букет црвени ружи.

Во 19:00 часот на коктел приреден од ОБСЕ. Средба со грчкиот амбасадор и скоро истиот разговор како за време на протоколарната посета.

14 ноември 1997, петок

Во полскиот Сејм во 10:00 часот средба на Дипломатскиот кор со новиот претседател на полскиот Сејм, М. Плажињски. Неговиот говор за новата поставеност на Сејмот во однос на стопанскиот развој и надворешната политика – млак, овенат, исцеден. Попладнето отидов на состанокот на ОБСЕ.

15 ноември 1997, сабота

Одмор, читање на дневниот полски печат.

16 ноември 1997, недела

Кратка прошетка долж каналот. Попладнето на ручек со македонските учесници на Конференцијата на ОБСЕ.

17 ноември 1997, понеделник

Немам интернет. Ми јавија дека мрежата е во прекин.

18 ноември 1997, вторник

Ми стигна „НОВА МАКЕДОНИЈА“. Долг напис од Невенка Митревска во одбрана на претседателот Киро Глигоров, неговите заслуги за Македонија и без име и презиме обележани неговите противници. Стигна и „ПУЛС“. Напис од Мирче Томовски кој во врска со официјалната посета на претседателот Киро Глигоров на Полска, завршува со реченицата: „Кусо, значи, не беа во прашање потписите и хартиите, туку подлабоките дипломатски и политички потреби“.

Во тоа решето е ставена и актуелната активна дипломатска служба.

19 ноември 1997, среда

Продолжувам со активностите за воспоставување директни контакти со новите министри и државните служби. Денес успеав да воспоставам контакт со Агенцијата за изградба на патишта за што е заинтересирана и нашата страна. Договорив на 27-28 ноември 1997 година да се одржат разговори на ниво на експерти.
Со мое настојување денес на VIII Фестивал на документарни филмови во Лоџ ќе биде прикажан полско-македонскиот документарец „Преку езерото“.
Во 19:00 во Амбасадата дојдоа претставници на македонската невладина делегација од Грција, кои учествуваат на Конференцијата на ОБСЕ на кои не им се придружи Воскопулос. Нивните имиња не ги наведувам од познати причини. Во текот на разговорот ги изнесоа своите ставови да се придржуваат на постојните декларации за човекови и малцински права, но и дека се носат со намерата да формираат политичка партија. Им сугерирав да вложат напори со кои ќе потврдат дека постојат, да се докажат, што значи да се вклучат во грчкото општество со својата национална култура, а пред сè со настојувањата за организирање играорни групи, селски слави и панаѓури, учесто на разни фолклорни фестивали со македонски ора, песни и музика и со секојдневна употреба на македонскиот јазик. Им укажав и на тоа дека секое политичко дејствување, ќе води кон нивно осудување како странски агенти.
Разговорот во тој стил траеше до 23:00 часот кога после вечерата ја напуштија Амбасадата. Наредниот ден на ручек го поканив Воскопулос со кого разговорот имаше сосема друг тек и се водеше во духот на документите на Европската Унија и одлуките и документите на ОБСЕ. Впечатокот што

ми го остави е: образован, зрел, мислечки и надежен политичар.

20 ноември 1997, четврток

Добив интернет. Неколку телефонски јавувања и неврзани разговори со разни амбасадори. Од Кабинетот на новиот премиер по телефон јавија дека утре во 11:00 часот ќе се одржи средба на премиерот Јежи Бузек со Дипломатскиот кор.

21 ноември 1997, петок

Во 11:00 часот почна средбата на новиот премиер со Дипломатскиот кор. Краток поздравен говор на премиерот, потоа еден зад друг му приоѓаат амбасадорите и вршителите на работите, се претставуваат и му ја честитаат новата должност. На ред дојдов и јас. Се претставив, му честитав на полски, а тој со насмевка и малку зачуден, ме праша каде сум научил толку добро да зборувам полски и дали во Македонија и други така убаво зборуваат полски. Му реков дека Македонците имаат посебно чувство на симпатии кон Полска, па некои подобро зборуваат полски дури и од мене. Присуството на средбата го искористив да се поздравам со новиот министер за надворешни работи, проф. Геремек, на кој му ги пренесов честитките од министерот Ханциски. По краткиот разговор, му посакав успех и ја искористив приликата да го поканам на ручек во Амбасадата. Рече дека со задоволство ја прифаќа поканата. Договоривме да се видиме после 1.12.1997.
По средбата со премиерот отидов во Канцеларијата на претседателот Квашњевски. Ме прими заменик-директорот на кој му го предадов писмото од претседателот Киро Глигоров, благодарница во врска со недамнешната официјална посета и текстот на говорот одржан на Конференцијата во Крит.

Во 14:00 часот се вратив во Амбасадата.

22 ноември 1997, сабота

И натаму сите преводи од македонски јазик и обратно на полски, како и целата коресподенција сам ќе морам да ја водам. Ми го пратија тоа што ним им ја олесна нивната работа, а ја отежнаа мојата.

23 ноември 1997, недела

Иако е студено, се облековме топло и со метро отидовме на издишка во шумата Кабати.

24 ноември 1997, понеделник

Во 19:30 во Амбасадата на Република Македонија вечера со амбасадорот на Грција Хризантопулос и неговата сопруга. Вообичаен запознавачки разговор, без навлегување во македонско-грчките спорни прашања. Мислам дека за тоа ќе се најде место во текот на идните средби. Оценивме дека делегациите на Грција и Македонија на Конференцијата на ОБСЕ се воздржаа од агресивно покренување на спорните прашања во врска со човековите и малцинските права. Грчкиот амбасадор изрази задоволство што претставниците на македонската невладина организација од Грција коректно настапија.
Се договоривме да се сретнеме по Нова година.

25 ноември 1997, вторник

Во 12:00 часот во Сејмот. На претседателот на Сејмот му ја предадов честитката од Претседателот на Собранието на Република Македонија по повод неговиот избор. По краткиот разговор во врска со односите меѓу Македонија и Полска, кои ги оценивме како могу позитивни, преминав во Сенатот

и на новата претседателка, госпоѓа Гшешковјак и го честитав изборот. Краток разговор за македонско-полските односи и натамошните напори за нивно унапредување. Вети дека со својот авторитет ќе помогне да се потпишат сите договори за заемна соработка меѓу двете земји. На крајот истакна дека со голем интерес го следеше собирот на Крит каде според нејзиното мислење многу позитивно зборуваше претседателот Киро Глигоров за односите и мирот во Регионот.

26 ноември 1997, среда

Краток престој на состанокот на европските ТВ центри. Од Македонија учествува уредникот Сталин Лозановски.
Во 20:40 на аеродром на пречек на експертската делегација од Скопје која во Варшава доаѓа во врска со разговорите за изградба на автопатишта.

27 ноември 1997, четврток

Од 10:00 до 13:00 на разговори во Агенцијата за изградба и експлоатација на автопатишта. Двете делегации разменуваат стручни мислења.
Во 15:15 пречек на претседателот на Казахстан. Во 18:00 на коктел во Амбасадата на Албанија приреден од новиот амбасадор по повод утрешниот национален празник. Во 19:30 на вечера приредена од Агенцијата за патишта.

28 ноември 1997, петок

Во 9:00 завршни разговори на делегациите за патишта. Прием кај заменикот-министер за сообраќај. Изразена благодарност за заемното разбирање и интерес за натамошна соработка и одржување на стручни контакти. Во 11:00 делегацијата ја посети Амбасадата и вечерта се врати во Скопје.

Ми стигна писмо со кое ме известуваат дека полско-македонското друштво „ВАРДАР“ од Скопје ќе допатува во Полска со цел на 1, 2 и 3 декември да организира „ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА“. Мојата улога – поддршка кај полските институции и помош за посета на варшавските музеи.

29 ноември 1997, сабота

Средба со господинот Сутор, автор на бројни книги посветени на дипломатијата и конзуларните односи. Долг и многу корисен разговор и практични совети околу мојата дипломатска мисија. Се договоривме да се видиме одново по Нова година

30 ноември 1997, недела

Одново го читам коментарот на Невенка Митревска. Не можам да се изначудам што такви работи се случуваат во одвај воскреснатата Македонија.

1 декември 1997, понеделник

Во 9:00 часот ми се јави генералниот директор на полското МНР, Њесито, кој ме извести дека во врска со мојата нота со која министерот за надворешни работи, проф. Геремек, го поканувам на ручек во Амбасадата, со задоволство е прифатена и предлагаат ручекот да се одржи на 4 декември 1997. Прифатив и веднаш на секретарката и наложив да изготви покани за учество на ручекот на амбасадорите на: Романија, Словачка, Чешка, Украина, Хрватска, Словенија, Унгарија и Бугарија.
Му се јавив на директорот на фирмата која професионално се бави со подготвување ручеци, вечери, коктели и приеми за официјални лица. Се договоривме да се видиме денес во 13:30 часот.

Во 11:00 се јавија од Амбасадата на Албанија и замолија на 5.12.1997 да го примам албанскиот амбасадор на протоколарна посета. Прифатив.
Од полското МНР во 15:40 ми е јавено дека шефовите на генералштабовите на армиите на Полска и Македонија се сретнале во Германија за што ќе бидам повикан на разговор на 14 декември.
Во 18:00 на коктел во Амбасадата на Романија по повод националниот празник. Разговорите со претставници на Дипломатскиот кор и разни личности од полските политички средини се однесуваа на состојбите во Македонија и во Регионот, а посебно на Косово, за кое оценките се дека Косово е опасно жариште во Регионот. Подолго се задржав во разговор со амбасадорката на Турција, која во четири очи истакна дека во однос на Македонија, Европската Унија направи непоправлива грешка со тоа што ја поддржува Грција, која на сите им се заканува со вето. Амбасадорката подвлече дека Македонија може да има целосна доверба во поддршката од страна на Турција. Сите други разговори беа во корист на Македонија.

2 декември 1977, вторник

Дојде техничар во врска со поврзувањето на интернетот. Најде грешка, рече дека ја поправи, ама по неколку часа се појавија истите проблеми.
На полската политичка сцена вриеж. Нешто слично има и кај нас. Во тоа многу не се разликуваме.

3 декември 1977, среда

Ветената средба со министерот за сообраќај закажана за денес не се одржа поради негова презафатеност. Со него треба да договорам термин за потпишување на Договорот за меѓународни превози. Ќе настојувам да се сретнам во наредните денови.

Цел месец од МНР/РМ немам добиено одговор на ниту една моја телеграма.

4 декември 1997, четврток

Во 9:00 часот ми се јави амбасадорот на Словенија и ме извести дека поради неодложни обврски не ќе може да остане до крајот на ручекот со министерот Геремек. Изразив жалење.
Во 12:00 часот фирмата за услужување на амбасадите веќе ја има поставено масата и со мое учество е направен распоредот на местата (менито и распоредот на местата во прилог на ракописот, Класер V, страна 277).
Поканетите гости во Амбасадата почнаа да доаѓаат во време од 13:00 до 13:15 часот. Сите ги пречекувам на главниот влез. Во круг стоиме во средината на салонот, двајцата келнери не служат со македонски пијалаци. Главен е, се разбира министерот Геремек со неодложниот чибук и срдечната насмевка, во придружба на Мачеј Шимањски, директор на Управа во полското МНР. По скоро половина час слободен меѓусебен разговор, гостите ги поканив да ги заземат своите места на масата. Кратко наздравив изразувајќи посебно задоволство што имаме чест да бидеме во друштво со почитуваниот проф. Геремек (така сакаше да му се обраќаат), што посебно за мене, како домаќин, претставува посебна чест. Професорот Геремек стана, голтна капка од ЖОЛТАТА, на сите им погледна в очи и тивко, со возбудлив глас рече дека прв пат учествува на ручек во друштво на дипломати од различни земји на Централна Европа кои имаат своја специфика, а посебно се чувствува задоволен и благодарен за тоа што е гостин на амбасадорот на пријателска Македонија за која во оваа прилика има чест да ја изрази својата почит кон нејзината тешко стекната независност што во моментот го потсетува на полското и на македонското трагично историско минато. Долга, возбудлива пауза. Проф. Геремек полека, одмерено ја подигна чашата и рече:

- Почитувани екселенции, дозволете да изразам огромно задоволство по повод денешната средба, а посебна благодарност да му упатам на неговата екселенција, амбасадорот Наковски и да ја искажам и мојата голема желба. Ќе бидам среќен ако ми се даде прилика да ја посетам Македонија.
На ова му реков дека во Македонија ширум се отворени вратите за пријателите и широкоградо, господине професоре, ќе ве прими во секое време.
За време на ручекот главниот збор го имаше проф. Геремек. Повремено присутните го прекинуваа поставувајќи му прашања од областа на европските интеграции за што опширно одговараше во духот на полските интереси. Потоа неговото внимание се сврте кон состојбите во Македонија со посебен акцент на ситуацијата во Регионот и при тоа истакна дека во Регионот проблемот на малцинските права може да предизвика непожелна дестабилизација. Во врска со тоа ме праша што мислам јас за тоа. Реков дека Македонија стриктно се придржува на меѓународните акти и норми, но не е можно овој проблем да се решава само во интерес на едно малцинство кое во многу случаи не е лојално и дека зад неговите барања се кријат други интереси и дека секој обид за поттикнување на дејствија кои се спротивни на уставниот поредок, водат кон дестабилизација не само во земјата, туку и во Регионот. Оттука Европа, а во тие рамки и Полска, не можат да не бидат активни фактори. Македонија цврсто е определена за европската опција, па оттука и нејзиниот став за рамноправен статус на правата на малцинствата. Во врска со ова проф. Геремек рече дека меѓу нас нема разлики во однос на тие сега многу актуелни прашања.
Ручекот беше одлична прилика за размена на мислења во врска со актуелните состојби во Европа и пошироко.
На заминување, проф. Геремек, прегрнувајќи ме, рече дека во најскоро време, ќе ме покани на средба.
Денешниот ден е еден од најдобрите денови поминати во Варшава.

5 декември 1997, петок

По негово барање денес во 11:00 часот на протоколарна посета го примив Османи Краја, новиот амбасадор на Албанија. Разговорот во врска со заемните односи и желби за нивно унапредување. Неговиот обид да го покрене прашањето за правата на Албанците во Македонија го пресеков со ставот дека тоа е внатрешно прашање на Македонија и дека секое барање покренувано во трети земји, претставува мешање во внатрешните работи. Подвлеков дека Македонија е уставна држава и секој е должен да го почитува уставот и законите и во тие рамки да биде лојален независно од своето етничко потекло. Лично му се заблагодарив за помошта што во текот на Граѓанската војна во Грција, Албанија посветено ги лекуваше нашите партизани во своите болници во Корча, Елбасан и Тирана, а исто така прифати и голем број бегалци од загрозените села и стотици деца, меѓу кои сум бил и јас, подвлекувајќи дека таквиот хуман гест на Албанците не се заборава и секогаш се спомнува со изрази на голема благодарност и дека тоа и сега и во иднина треба повеќе да нè зближува. На крајот му се заблагодарив за посетата со ветување дека одново ќе се видиме.

6 декември 1997, сабота

На прошетка по многу студено и снежно време.

7 декември 1997, недела

Средување на материјали, читање на дневен печат.

8 декември 1997, понеделник

Со оглед на немирите во градот, до полското МНР испратив нота со молба да се зајакне заштитата на Амбасадата.

Во одделни посети, по мое барање, бев примен од директорите на Департментот Европа-Запад и Департментот за промоција и информации на полското МНР.
Цел на посетата: Разгледување на можностите за потпишување на подготвените меѓувладини договори за културна соработка и за меѓународни превози. Кај двајцата соговорници наидов на целосно разбирање, а и тие потврдија, дека откако веќе е формирана новата влада и се извршени соодветни кадровски промени, созреаја сите услови за потпишување на веќе готовите договори. Полската страна цени дека договорите би можеле да бидат потпишани до 22 декември 1997 година и ќе ја прифатат секоја личност на чело на делегација што ќе ја предложи македонската страна. Доколку предложениот термин е неприфатлив, тогаш, спомнатите договори би можеле да се потпишат после 5 јануари 1998 година.
Во врска со потпишувањето на Договорот за меѓународни превози имав телефонски разговор со надлежниот департамент во Министерството за сообраќај и поморско стопанство. Прифатена е поканата на македонскиот министер за сообраќај и врски, г. А.Бецети, полскиот министер, г. Моравски да ја посети Македонија и да го потпише Договорот за меѓународни превози. Посетата би можела да се оствари во текот на јануари или почетокот на февруари 1998 гоина.
Со оглед на фактот дека текстовите на договорите се прифатени и технички подготвени, на МРН/РМ му сугерирав да се прифати терминот на 22 декември 1997 година да допатува во Варшава делегација од Скопје, со цел да ги потпише договорите.

9 декември 1997, вторник

Во 12:00 часот од полското Министерство за сообраќај ме известија дека веќе се разгледува можноста министерот

Моравски во јануари да допатува во Скопје, со цел да ги потпише договорите. По факс го известив МНР/РМ.

10 декември 1997, среда

Телефонски разговор со Ристо Блажевски рече дека ќе бидат вложени напори договорите да се потпишат до 22.12.1997 год. Исто така му реков дека ќе воспоставам контакти и иницијативи за соработка меѓу двете земји, а нивно да ги реализираат.

11 декември 1997, четврток

Почна традиционалното испраќање и добивање божиќни и новогодишни честитки. На нашите честитки на македонски и полски јазик следниот текст:

СРЕЌНИ БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ И СРЕЌНА НОВА 1998 ГОДИНА ПОЖЕЛУВА АМБАСАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ВАРШАВА (потпис на амбасадорот)

Нашата честитка е скромна, но полна со симболика: во куп најразновидни цвеќиња три запалени свеќи.
Божиќни и новогодишни честитки до Претседателот на државата, премиерот, министрите (со честитката и шише пијалак), високите државни функционери, пријателите – писатели, новинари, челници на партии и целиот Дипломатски кор.
Дополнително на амбасадорите со кои одржувам поблиски контакти и тоа на: Кина, Велика Британија, Франција, Германија, Русија, Турција, Хрватска, Австрија, Словенија, Чешка, Романија, Словачка, Украина, Белорусија и соседните земји покрај честитката и шише пијалак. Таков е адетот.
Во текот на наредните денови шоферот ќе ги разнесе.

12 декември 1997, петок

Ручек со М. Лукашевич, прв заменик на главниот уредник на весникот „ЖЕЧПОСПОЛИТА“, кој честопати објавува позитивни вести и коментари за Македонија.

13 декември 1997, сабота

Денес Полска си го спомнува трагичниот ден кога ноќта меѓу 12 и 13 декември 1981 година беше воведена воена состојба. Медиумите секој на свој начин потсетуваат на тој ден. Денес Полска е поканета официјално да ги почне преговорите за зачленување во НАТО. Нови поскапувања, кои предизвикаа масовно незадоволство, а Сејмот ги прифати и ќе важат од 1.1.1998 година.

14 декември 1997, недела

Поради студениот ден, не излеговме на прошетка.
Медиумите во ударните вести јавуваат дека денес Полска е поканета да преговара за влегување во Европската Унија. Чинот се цени како голем успех на полската надворешна политика, како успех на полската далекусежна стратегија и успех на мислечките Полјаци.
Од Скопје со денови очекувам одговор на моите телеграми и немам никаков одговор. Молк, кој трае до денес.

15 декември 1997, понеделник

Цел ден сум зафатен со средување на сметките заради изготвување на финасискиот извештај.

16 декември 1997, вторник

Во 10:00 се јави Иванка Кимова од Министрството за култура на РМ и ме извести дека вчера, Владата го овласти Борко Зафировски, заменик- министер за култура, да ги потпише

договорите за културна соработка и дека ќе го придружуваат Кимова и Демири, кои во Варшава ќе допатуваат на 17 декември и да ги чекам на варшавскиот аеродром во 20:40 часот.
По разговорот се јавив во полското Министерство за култура и на госпоѓа Малгожата Вјежбицка ѝ ја пренесов добиената информација. Во нејзиниот глас изненадување. Ѝ реков дека во врска со добиената информација Министерството ќе го известам со нота. Замолив да бидат преземени соодветните можни мерки за прием на делегацијата од Скопје. Во разговорот се вклучи директорот Цвеч, со кого го изготвивме Договорот и рече дека не е сигурен дали Договорот ќе биде потпишан, бидејќи не е одредено овластено лице.
Во 11:15 му се јавив на заменик-директорот Шимањевски од Департментот Централна Европа. Откако го запознав со настанатата состојба, му укажав на евентуално можните политички негативни реагирања доколку се откаже посетата поради тоа што досега немаат одредено кој од полска страна ќе биде овластен да го потпише Договорот. По половина час побарав разговор со министерот Подкањски, со кого лично се познавам и имав повеќе средби со него. Го запознав со настанот. Рече да не берам гајле. Тој лично ќе го потпише Договорот, но по Нова година и најверојатно кон крајот на јануари.
Ми олесна. Камен ми падна од вратот.
Му се јавив на Зафировски и го замолив да го прифати полскиот предлог. Се согласи.

17 декември 1997, среда

Во 18:30 на коктел што го приреди Амбасадата на Јапонија по повод роденденот на јапонскиот цар. Повеќе средби и разговори. Ја искористив приликата на проф. Геремек да му го дадам делот од говорот на претседателот Киро Глигоров што го одржа во Собранието на РМ. Подвлечен е делот за

надворешната политика и во врска со официјалната посета на Полска, кој гласи:
„Македонија остварува успешна соработка со земјите на Централна Европа со кои изминуваме сличен пат на трансформација. Резултатите од официјалната посета на Полска охрабруваат и за нови иницијативи за збогатување на соработката од овој регион, како на билатерален план, така и во врска со заедничките аспирации кон Европската Унија и НАТО.“

18 декември 1997, четврток

Со формирањето нова влада и зафатеноста со преговорите за влез во НАТО и Европската Унија, политичката клима во Полска доживува промени. Во врска со тоа испратив телеграма до МНР/РМ да ми достават инструкции какви активности да преземе Амбасадата.

19 декември 1997, петок

Полска се подготвува за Бадник и дочек на Новата година. Во политичките средини - вриеж. Се слушат вести дека почвата на која стои премиерот Бузек, не е најсигурна. Ова е актуелна тема во разговорите на претставниците на Дипломатскиот кор. Се чекаат промени.
А како е кај нас? Има ли барем мал застој во расправиите меѓу челниците на бројните партии?

20 декември 1997, сабота

Денот без значајни настани. Прилика да здивнеме.

21 декември 1997, недела

Го користиме Божјиот заповед – шест дена работа, седмиот ден одмор. Па одмораме.

22 декември 1997, понеделник

Во протоколарна посета кај амбасадорот на СР Југославија, Зоран Новаковиќ. Вообичаен разговор, кој премина и на политичките состојби. Рече дека е среќен затоа што за претседател не е избран Шешељ, туку Милутиновиќ. Да знаеш, рече, дека и за вас изборот на Шешељ би бил катастрофа. Натаму покажа интерес за состојбите во Македонија и нејзините односи со Бугарија, Грција и Албанија, а посебно за активностите на Албанците во Македонија. Со нас, рече, нема да си имате проблеми.
Се договоривме идната 1998 година одново да се видиме.
Во Амбасадата стигнаа куп новогодишни честитки од министерства, амбасади и поединци.

23 декември 1997 , вторник

Се уште чекам одговор на моите последни стотина телеграми. Молк. Во наредната година ќе ја применам истата тактика на контакти, средби и разговори како и во изминатите три години.
Попладнето стигна писмо од полското Министерство за култура со кое ме известуваат дека е договорено делегацијата на македонското Министерство за култура да допатува во Варшава со цел на 28 јануари 1998 година да се потпише Договорот за културна соработка.
Прекрасна вест. Веднаш по телефон го известив Зафировски.

24 декември 1997, среда

Бадник. Денес и утре во цела Полска ќе се одбележуваат божиќните празници. Во сите католички цркви силно одекнуваат камбаните.

25 декември 1997, четврток

На гости кај Дота и Ѓорги Гранцарис, наши школски другари од костурското село Кондороби, сега Метаморфоси.

26 декември, 1997, петок

Цел ден го изготвувам месечниот финансиски извештај. Попладнето ми стигна телеграма од Министерството за сообраќај дека во Варшава ќе стигне делегација на 4 и 5 февруари 1998 година да го потпише Договорот за меѓународни превози.

27 декември 1997, сабота

На ручек приреден од амбасадорот на Романија , Јоан Глигореску.

28 декември 1997, недела

Долга прошетка по студено време. Во 17:00 часот соседите нѐ поканија на чај.

29 декември 1997, понеделник

Ми се јавија од полското Министерство за сообраќај и ме известија дека нивна желба е Договорот за меѓународни превози да се потпише во Скопје во првата декада на февруари 1998 година.
Во дневникот запишав дека во текот на 1997 година во МНР/РМ имам испратено 400 телеграми. Одвај дваесетина одговори.

30 декември 1997, вторник

Во 9:30 ме посети Станислав Добжањски, поранешен министер за национална одбрана. Разговорот од строго доверлив карактер.
За утре, 31 декември, последен ден од 1997 година резервиравме билети за новогодишниот гала-концерт во Великиот национален театар.

31 декември 1997, среда

Во 19:00 на новогодишен гала-концерт во Великиот национален театар. Присутен целиот Дипломатски кор, министри, политичари. Крајот на концертот заврши со заедничка честитка и за сите чаша шампанско.
Доцна се вративме во Амбасадата. Им се јавивме на децата и им пожеливме среќна Нова 1998 година.
На полноќ ја испративме старата зачувана во ноќните белешки и ја пречекавме Новата 1998 година.
Каква ќе биде?

ЧЕТВРТИ ДЕЛ 1998

1 јануари 1998, четврток

Ја почнувам четвртата година дипломатска служба во Полска. Почнува денот на слични напори, средби, разговори, убедувања, разочарувања, очекувања, како и во минатите години, ама оваа година со поголемо искуство, знаење и надежи. Размислувајќи за ова, ми текна дека денес во моето родно место, како и многу пошироко, се слави Василица, посебно во тие семејства во кои има некој што го носи името Васил и сè што потекнува од ова име.
Василица во моето село повеќе и повесело се славеше отколку Новата година. Василица беше семеен, но и селски празник. Од најраните часови, уште во мракот, по селските сокачиња поминуваа „арапините“, момци облечени во овчи кожи, со викања и тропања на ѕвонците и големите

клопатарци, го будеа селото. Така нешто, како денешните карневали, но многу различно од тие адети што ни ги оставија во наследство нашите најстари претци.
Си спомнувам дека последен пат Василица во моето село, се славеше во 1946 година. Беше повеќе слава во страв и молк. Помалку се зборуваше и уште помалку гласно се пееше. Новите старовласти по војната го вратија стариот поредок – никој и никогаш да не зборува, пее и мисли, освен на јазикот на владетелите и да нема посети на куќи во кои Василица беше семејна слава и радост за целото село. Така сакала новата повоена влада. Редот се одржуваше со тупаница, стап, судска казна, затвор, гол безводен остров. Ама и покрај тоа, по завршувањето на богослужбата верниците, свечено облечени одеа на гости и Василица ја честитаа на мајчиниот јазик. Поинаку не личи да се честита Василица, велеа најстарите. А тие момчиња кои први со ѕвонци и клопатарци, со викања и песни на Василица во 1946 го разбудија селото, наредната Василица, во 1947 година ја дочекаа во студените земјанки и ровови во македонските планини и шуми не со ѕвонци, клопатарци и песни, туку со пушки и празни стомаци. Принудно извлечени од топлите постели, за едни беа партизани, за други борци на Демократската армија на Грција. И така таа година Василица во моето село, таа 1947 не се славеше. Селската камбана повремено биеше жалосно, бидејќи од планините и ридовите пристигнуваа жалосни вести. И наредната, 1948 година Василица во моето село, не се славеше. Нас, малите, кои сакавме на Василица селото да го разбудиме со викања и песни, со ѕвонење на ѕвонци и клопатарци, нè собраа и нè одведоа далеку од дома, таму каде ја изгубивме топлината и прегратките на нашите мајки. А наредната година, 1949, на жетва, кога од нивите се береше набабрениот клас, со американски напалм-бомби моите селани и не само нив ги столчија на Грамос и на Вичо.
А потоа?
Потоа селаните од моето село, Василица гладни ја славеа на голите подови на засмрдените бараки и коњушници на

Прењес, во Албанија, на омразените скопски шупи, во голите стрништа на Елбасан и Пегин, во бродовите и возовите кои ги однесоа во Полска, Романија, Унгарија, Чехословачка и отаде пустините, сè до Узбекистан, во Ташкент. И се чинеше дека засекогаш ќе ги изгори сржината, ќе се стопат во неа, ќе ги забораваат адетите, верата, песните, ората, името, јазикот. Така, на моите селани, некој се обиде да им го искорени коренот и да ја забораваат и Василица.
Сега, налактен на челото, се потсетив на моето село и на моите селани.
Дали сега, првиот ден од Новата 1998 година, можам да го заборавам моето село и радоста што ја носеше Василица?

Вика споменот!

2 јануари 1998, петок

Го читам недочитаниот македонски печат. Во мојата мисија има место меѓу дипломатите и жителите на земјата на приемот само за зборови кои се украс за Македонија. Како да ја оправдам грдата слика? Понекогаш ми доаѓа да не го погледнам македонскиот печат, но како ќе знам што се случува во Македонија, кога не добивам потребни вести од Министерстото за надворешни работи?
Многу прашања со уште поголем недостаток на одговор.

3 јануари 1998, сабота

Нема контакти со МНР/РМ. Изгледа сè е исклучено.

4 јануари 1998, недела

Изготвувањето на финансискиот извештај го завршив. Утре ќе го пратам во МНР/РМ.

5 јануари 1998, понеделник

Во Амбасадата дојде Хенрик Ј. Сокаљски, поранешен раководител на УНПРЕДЕП во Македонија. Долг, пријатен и корисен разговор. Многу пофално се изрази за новите контакти со претседателот Киро Глигоров, Б. Ханџиски и Л. Китановски.
По телефон ми се јави директорот на фирма која тргува со средства за воена одбрана. Рече дека го препорача поранешниот министер за национална одбрана на Полска, С. Добжањски, кој за тоа имал соодветни разговори во Македонија. Договоривме состанок за утре во 10:00 часот.

6 јануари 1998, вторник

Во 10:00 часот средба со директорот на фирмата која тргува со средства за воена одбрана. Се договоривме натамошните разговори и договори да се водат меѓу надлежните служби на двете армии.
Ми стигна списанието „ПУЛС“ од 18.12.1997. Објавен напис под наслов „Заговор без умисла“. За тоа што е напишано просто човек да не верува. Македонија долго време ќе мора да се опаметува и тие кои ја водат време е да почнат да созреваат.
Денес православен Божик. Христово Рождение. Гледаме пренос од Москва. Прекрасно! Богослужбата повеќе личи на свечен величествен концерт! Пеат два свештенички хорови, ангелски гласови!!!

7 јануари 1998, среда

По телефон се јавија од Министерството за култура и уметност. Договорена протоколарна посета на 26 јануари во 15:00 часот. За 21 јануари договорена посета во Министерството за врски.

8 јануари 1998, четврток

Ми се јави по телефон полковник Илија Николовски од МО на РМ. Се интересираше дали има некој напредок во разговорите во врска со соработката во областа на одбраната. Му реков дека веќе имам извршено средби и разговори чија содржина на соодветен начин му е пренесена на министерот за одбрана, Б. Ханџиски.

До полското Министерство за култура и уметност по факс ги испратив следните предлози за културна соработка за 1998 година, како анекс кон Договорот за културна соработка:

1. Отворање на изложбата „Szopki Krakowkie“ од Етнографскиот музеј во Краков и во Скопје.
2. Работен престој во Полска, 3-4 денови, на претставник на Заводот за заштита на културното наследство, со цел да се договори програма за соработка меѓу двата заводи.
3. Во рамките на соработката меѓу Јагиелонската библиотека во Краков и Народната и универзитетска библиотека во Скопје, да се изврши меѓусебна размена на по еден експерт со престој во траење од 10 до 15 денови.
4. Кинотеката на Македонија во Полска да прикаже дел од својата збирка во соработка со Филмската академија во Лоџ.
5. Наше учество на Меѓународниот филмски фестивал во Краков.
6. Издавање на поетски збирки на два поети од Македонија и од Полска.
7. Учество на полски поети на Струшките вечери на поезијата.
8. Учество на КВАРТЕТОТ ШЛОНСК на фестивалот „Охридско лето“.
9. Учество на еден полски преведувач на Меѓународните средби на преведувачи во Тетово.
10. Учество на македонски поети на фестивалот „ВАРШАВСКА ЕСЕН“.

Дневникот „ГАЗЕТА ВИБОРЧА“ објави репортажа под наслов „Поштенска разгледница од Софија (ама главно од Македонија).“

(Целиот текст на полски и во превод на македонски приложен во Класерот бр. VI, на стр. 12).

9 јануари 1998, петок

Во 12:00 часот протоколарна посета на Полската академија на науките. Ме прими претседателот на Академијата, проф. Лешек Кужмицки и директорот за меѓународни односи. Размена на мислења за соработка меѓу ПАН и МАНУ. Двајцата соговорници се интересираа за состојбите во Македонија, односите со соседите и можностите за соработка меѓу Полска и Македонија.

10 јануари 1998, сабота

На прошетка во Стариот дел на Варшава. Студено. Рано се вративме. Во полскиот печат сè повеќе се пишува дека Балканот ќе пламне.

11 јануари 1998, недела

На прошетка долж каналот. Преполнет е со шатки. Многу шетачи со домашни миленици.
Дванаесетти ден од месецот и ниту една информација од МНР/РМ.

12 јануари 1998, понеделник

Утрото ми сигнаа две телеграми од Министерството за одбрана на Република Македонија. Согласно нивните барања стапив во контакт со надлежни од полското Министерство за одбрана. На двете прашања – средба во Виена и проширување на програмата за соработка во 1998 година – наш предлог - добиен е позитивен одговор.
Се јавија од МНР/РМ (најпосле) и побараа потврда дали е прифатен предложениот термин, 28.1.1998, за

пристигнување на наша делегација од Министерството за култура во Варшава. Потврдив дека е прифатено.
Ми се јави Ристо Блажевски. Ги пофали моите иницијативи.

13 јануари 1998, вторник

Роденден на Миленка која, овој пат е со нас, ѝ честитавме и заедно по- пладнето го прославивме денот во Стариот дел на Варшава.
Стигна покана од Лешек Милер, претседател на Полската социјалдемократска партија. На 22 јануари во 12:00 часот на средба го кани целиот Дипломатски кор.

14 јануари 1998, среда

По факс е потврдено дека шефот на скопската полиција ќе учествува на XX Конференција на шефовите на полициите. Соодветно да го пречекам на аеродромот во Варшава на 18 јануари и да го однесам на одреденото место каде ќе се одржува Конференцијата.
Ми се јавија од редакцијата на списанието „Кобјета и Жиче“ („Жена и живот“) и замолија да им воспоставам контакт со слично македонско списание. Сакаат соработка. Им ветив дека ќе помогнам.
Новогодишната честитка испратена до проф. Коле Симитчиев во Вроцлав, поштата ја врати. Погрешно напишана адресата.

15 јануари 1998, четврток

По мое барање во протоколарна посета бев кај ректорот на Варшавскиот универзитет, проф. д-р. хаб Влоцимјеж Сивињски. Присутен и проф. д-р Кшиштоф Вроцлавски. Изразено задоволство од досегашната соработка. Предложено соработката да се прошири на егзактната, екомонската и медицинската наука.

Во 19:00 во претседателската палата традиционална новогодишна средба на претседателот Александер Квашњевски со Дипломатскиот кор. Подолго излагање на Квашњевски во врска со внатрешната и надворешната политика на Полска. По свечениот говор имав кратка средба со Квашњевски кој се интересираше за здравјето на претседателот Киро Глигоров и при ова неговата недамнешна официјална посета на Полска ја оцени како корисна, истакнувајќи дека возвратната посета на Македонија најверојатно ќе ја оствари во август 1998 година за што во текот на јануари ќе добијам попрецизен одговор.
Во текот на традиционалната новогодишна средба се сретнав и разговарав со повеќе амбасадори и високи полски државни функционери. Нивен главен интерес - состојбите на Балканот, а посебно во Македонија.
(Текстот на обраќањето на Квашњевски во превод на македонски јазик во ракописот, Класер VI, стр. 18)

16 јануари 1998, петок

Денес чекаме да ни дојдат од Скопје децата и внуката Марија. Среќни сме што ќе се видиме со нив.
Стигнаа цел куп новогодишни честитки, меѓу нив и новогодишна честитка од претседателот Киро Глигоров.

17 јануари 1998, сабота

Цел ден сме во друштво на децата. Времето е врнежливо и не е за прошетка.

18 јануари 1998, недела

На аеродром го пречекав шефот на скопската полиција. Изрази желба да ја види Амбасадата, а потоа да го однесам на одреденото место. Разговараме во кабинетот.

19 јануари 1998, понеделник

Во 9:00 во протоколарна посета ме прими Моравски, министер за сообраќај и поморско стопанство. Присутни двајца негови советници и директори на департменти. Млад, некако обесхрабрен, остава впечаток на несигурен во својата работа. Накратко го информирам за Македонија, како и за нашиот интерес за развој на заемно корисна соработка. Обострано изразено задоволство за постигнатите резултати и желби за подобри успеси. Вообичаени зборови од дипломатскиот жаргон.
Поточно разговаравме за терминот за потпишување на меѓувладиниот договор за меѓународни превози и договориме полската делегација за Скопје да отпатува на 4 февруари 1998 година.
Во 13:00 на посета кај г-ѓа Хана Сухоцка, министер за правда, поранешна премиерка. Ме прими насмеана и со зборовите: **„имам чест да го примам и да се запознаам со првиот амбасадор на суверена и независна Македонија која ми е многу драга.“** Возвратив со исто задоволство, подвлекувајќи дека сум многу среќен што ми е дадена можноста да ја запознаам првата полска премиерка, а сега и прва Полјачка, министер за правда за која сум слушал само пофални зборови. Седнавме еден спроти друг. Во текот на разговорот сфатив дека добро е информирана за состојбите во Македонија и за Македонија, но и покрај тоа ме замоли да ја информирам за најновите состојби. Ја зборував за вчерашна и денешна Македонија и за идната Македонија, која заедно со Полска ќе го чекори пријателскиот чекор за подем на заемната соработка во која ја гледам и потребата за размена на искуства и потпишување соодветни договори од областа на правдата. На ова министерката, г-ѓа Сухоцка одговори дека лично ќе се ангажира во унапредувањето на соработката меѓу двете министерства, ветувајќи дека ќе ми бидат доставени сите текстови на законите што Полска веќе ги има потпишано со земјите членки на Европската Унија.

Изразувајќи ѝ благодарност, подвлеков дека Македонија ќе знае високо да ја цени понудената помош. На крајот од разговорот ја изразив надежта дека многу ќе бидам почестен доколку г-ѓата министерка оддели малку од своето скапоцено време да ја посети Амбасадата на Република Македонија во Варшава. Вети дека поканата нема да ја заборави**.**

20 јануари 1998, вторник

На средба во 9:00 часот кај министерот за национална одбрана, Јануш Ошикиевич. Вообичаени поздрави, а потоа влез во темата. Рече дека останувааат на ветеното, но бараат помош и реализација на договореното во Скопје за време на престојот на министерот Добжањски и во духот на разговорите Глигоров-Квашњевски и шефовите на генералштабовите**.**
Понатамошниот тек на разговорот во одделна белешка.

21 јануари 1998, среда

Закажаната посета кај министерот за врски е презакажана за 28 јануари во 12 часот.
Во 10:00 часот во Министерството за култура и уметност. Подолг разговор со министерот. Се покажа дека текстовите на Спогодбата за соработка во областа на културата, македонскиот и полскиот, не се најдобро усогласени. Договорено одново да се споредат. И по разговорот два часа работа во Министерството, а потоа уште три часа работа во Амбасадата.
На брифингот во полското МНР не отидов, бидејќи секретарката заборави да ме извести.

22 јануари 1998, четврток

Утрото во 8:30 возачот ми подаде ливче, велејќи:

- Ми се јави вашата секретарка и ми рече итно да одам кај неа. Отидов и ми рече дека доколку има потреба во фиоката (број) се наоѓа папка (број) во која има документ (таков) што ќе ви треба за денешната средба и разговор...
Изненадувањето бескрајно.

23 јануари 1998, петок

Текстот на Договорот за културна соработка одобрен. Кон крајот на месецот треба да дојде во Варшава министерот за култура или неговиот заменик за да го потпише.
До МНР/РМ испратив телеграма со известување дека оваа година во Полска и во светот е прогласена како година на Адам Мицкјевич, најголемиот полски поет. Повод 200 години од неговото раѓање. Предложив настанот да се одбележи и во Македонија за што во текот на утрешниот ден ќе доставам мој предлог.
Во 13:45 на ручек ме покани амбасадорот на Руската Федерација, Леонид Драчевски. Општ разговор за односите меѓу Македонија и Русија без навлегување во настаните во Полска.

24 јануари, 1998, сабота

Во врска со одбележувањето на 200-годишнина од раѓањето на Адам Мицкјевич под покровителство на УНЕСКО, испратив телеграма со следните предлози: во Македонија да се објави мала збирка песни во превод на македонски јазик во која би биле поместени и „КРИМСКИТЕ СОНЕТИ“, бисерот на полската поезија; во Струга да се постави биста на Мицкјевич (спонзорирана од полското Министерство за култура). Наведените предлози би можеле да бидат и дел од разговорите за време на престојот на македонската делегација која ќе го потпишува Договорот за културна соработка.

25 јануари 1998, недела

Поради студеното време не излеговме во градот. Денот го поминавме со децата и со внуката Марија.

26 јануари 1998, понеделник

Во 10:00 часот протоколарна посета во Уредот за туризам и физичка култура. Во текот на разговорот истакнат интерес за соработка во овие области.

27 јануари 1998, вторник

Закажаната посета кај министерот за образование презакажана за 11 февруари 1998 год.
На новогодишниот прием организиран од Полската селанска партија се сретнав со повеќе претставници на ДКП и со некои министри од претходната влада. Подолг разговор имав со С. Добжањски, поранешен министер за национална одбрана. Штета што не е на истата функција. Со негово залагање ќе завршевме многу работа. И натаму полската страна е заинтересирана за менувачите на скопскиот „ Метални Завод Тито“.
На коктел во Амбасадата на Индија. Малку гости.
По факс во Скопје ја испратив програмата за престојот на македонската делегација во Варшава, разговорите и потпишувањето на Договорот за културна соработка. (Целиот текст на Договорот и програмата за престојот, во ракописот, Класер VI, стр. 32).

Средбата во Главниот уред за царина презакажана за 3 февруари.
Во 11:30 разговор во Министерството за култура во врска со Договорот за културна соработка. Договорени деталите.
И денес студено. Децата излегоа во градот и по два часа се вратија.

- Не е време - рекоа - за посети на музеи. Многу е студено...

28 јануари 1998, среда

Во 11:00 протоколарна посета во Министерството за врски. Вообичаен разговор.
Во 12:00 на средба организирана за Дипломатскиот кор во седиштето на Сенатот од страна на Маршалот на Сенатот проф. д-р хаб. Алиција Гшешковјак. При запознавање ѝ ја врачив поканата од Тито Петковски официјално да ја посети Македонија. Изрази благодарност и предлог за средба во наредните денови за што официјално ќе ме покани.
Во 14:00 итно бев повикан во полското МНР во врска со следниве прашања: ставот на Полска во однос на УНПРЕДЕП, учество на Македонија и на кое ниво на Конференцијата на франкофонијата во Париз (9-10.2.1998), договор за одредување термин за одржување политички консултации на двете министерства. По средбата го известив нашето МНР.
Во 20:40 на аеродром. Пречек на делегацијата на Министерството за култура на Македонија на чело со заменик-министерот, Борко Зафировски.
Утре тежок ден. Децата се враќаат во Скопје.
Од 10:00 до 11:30 разговори во полското Министерство за култура. Разговорите во духот на моите предлози што порано ги имав изнесено во полското Министерство за надворешни работи и во Министерството за култура. Текстот од двете страни прифатен со одобрение и задоволство. Изразена благодарност на експертот Фич од Министерството за култура и за македонскиот амбасадор кои со денови ги усогласуваа во еден текст, македонскиот и полскиот. Договорено на полски јазик да се издаде Панорама на македонската современа поезија.
Во 12:30 потпишување на двата документи – Договорот и Спогодбата за културна соработка.

Забелешка: Програмата за престојот и текстовите на Договорот и Спогодбата види: КЛАСЕР бр.VI, стр.32).

29 јануари 1998, четврток

Утрото на аеродром. Децата ги испраќаме во Скопје.
Добар лет деца, среќно пристигнување дома и до ново видување!
Во 9:00 во Министерство за култура и уметност –пред потпишување, ново споредување на договорите за културна и просветна соработка.
Во 12:30 потпишување на договорите.
(Фотографии во ракописот, КЛАСЕР VI, стр. 32)

30 јануари 1998, петок

Ден во посети и разговори. Тема: Заемните односи и нивно унапредување, мислења и форми за соработка.

31 јануари 1998, сабота

Во 10:00 часот по ведро време целата делегација во придружба на претставник од Министерството за култура и уметност отпатувавме за Железова Вола. Шопенов концерт. Заеднички ручек.

1 февруари 1998, недела

Многу студено. Во 7:30 на аеродром. За Скопје ја испраќам делегацијата на чело со Борко Зафировски.
Од Скопје не ми пристигнуваат добри вести. Местенки, делби, меѓупартиски расправии. Сè на штета на Македонија.

2 февруари 1998, понеделник

Во 13:00 посета на редакцијата на весникот „ЖЕЧПОСПОЛИТА“. Подолг разговор со заменикот на главниот уредник Мачеј Лукашевич и новинарот Ришард Биљски.

3 февруари 1998, вторник

Посета на Царинската управа. Главна тема на разговорот: Изготување и потпишување Договор за соработка меѓу царинските управи на Полска и на Македонија. Ветија дека до крајот на месецот ќе ми достават предлог за отпочнување разговори меѓу експерти на двете царински управи.

4 февруари 1998, среда

Во 11:00 часот во Апостолската нунцијатура – испраќање на амбасадорот на Кина, кој во Варшава остана само две години и наводно поради пензионирање се враќа во земјата. Попладнето го завршив финансискиот извештај за јануари 1998 година.
Се јави Лилјана Дирјан, главен уредник на списанието „ЖЕНА“. Побара контакт со полското списание „КОБЈЕТА И ЖИЧЕ“. Ѝ ја издиктирав адресата. Најави дека во април ќе допатува во Варшава за да договори соработка.
Доцна ноќе ми стигна известување дека од 19 до 22 февруари о.г. во МНР/РМ ќе се одржат редовните годишни консултации со амбасадорите и извршителите на работите и мисиите на Република Македонија. Во врска со ова шефовите на ДКП потребно е да допатуваат во Скопје на 18, а враќањето е предвидено за 23 февруари 1998, понеделник.

5 февруари 1998, четврток

Протоколарната посета кај Маршалот (Претседателот) на Сејмот, Мачеј Плажињски е презакажана за друг термин поради моето заминување за Скопје.

Во 12:30 Амбасадата ја посетија Малаховски и Вјежховска од полската Стопанска комора, кои службено престојуваа во Скопје. Се пофалија дека разговорите што ги водеа на 28 јануари беа многу корисни и надежни. Планираат во Скопје да организираат изложба на производи од полското стопанство. Договоривме своите конкретни предлози да ги достават до Амбасадата на Република Македонија заради подобра реализација на планираната изложба.

6 февруари 1998, петок

Резервирав авионски билети Варшава-Скопје и обратно преку Виена. Полетување за Скопје на 17 февруари во 8:30 часот.
Во 13:00 посета и разговор со министерот за стопанство, г. Јануш Штајнхов. Во текот на разговорот министерот ме информира дека во надлежност на ова министерство спаѓа индустриската политика, внатрешната и надворешната трговија, одговара за создавање законодавство во областа на стопанството, врши надзор врз работата на бироата на трговските советници во странство.
Во текот на разговорот потврден е заемниот интерес за соработка меѓу министерствата на двете земји и во таа смисла министерот изрази готовност да помогне доколку за тоа има потреба, дотолку повеќе, како што се изрази, Македонија е млада држава и сигурно се судрува со тешкотии во надлежностите што ги има нејзиното министерство. Во продолжение беше истакнато дека голем број полски и македонски фирми веќе остваруваат стопанска соработка. Министерот предложи двете страни да пристапат кон промоција на своето стопанство, користејќи ги разните видови саеми и други стопански манифестации, а преку воспоставување лични контакти и посети би се разгледале, меѓу другото, и условите за пошироко договарање на можностите за проширување на соработката во разни стопански области. Според министерот Штајнхоф за

Македонија е многу битно што побрзо да го потпише договорот ВТО (WTO), што на двете земји ќе им даде многу поголеми можности за слободна трговија. Истакна дека Полска и натаму ќе ѝ дава поддршка на Македонија за нејзиното зачленување во ЦЕФТА. Од моја страна истакнав дека Амбасадата во рамките на своите надлежности сесрдно ќе се ангажира во активностите за зголемување на стопанската соработка меѓу двете земји. Разговорот заврши со ветување двете страни да се во контакт заради вложување натамошни напори за проширување на стопанските односи.

7 февруари 1998, сабота

Подолга прошетка по продавниците на Варшава заради купување подароци за децата и за внуката.

8 февруари 1998, недела

Пред полноќ го завршив преводот на полскиот Закон за странци на македонски јазик што порано ми беше побаран од македонското Министерство за внатрешни работи.

9 февруари 1998, понеделник

До пладнето го преведов полскиот текст на планираниот договор меѓу царините на Полска и Македонија на македонски јазик.

10 февруари 1998, вторник

Во 13:00 во Дирекцијата на полските Државни архиви. Продолжување на разговорите за меѓуархивска соработка. Во 19:00 на претставата на балетот „ГРКОТ ЗОРБАС“ во Големиот национален театар. Прекрасна изведба, посебно финалето.

11 февруари 1998, среда

Со проф. Пјењонжек, директор на музејот „Адам Мицкјевич“ и претседател на јубилејот 200 години од раѓањето на големиот национален поет, се сретнав во 13:00 во неговиот кабинет во Старе Мјасто – Стариот Град (стариот дел на Варшава). Ме прими многу срдечно во друштво со проф. Кшиштов Вроцлавски, мој познаник од времето кога беше лектор по полски јазик на УКИМ. Проф. Пјењонжек веќе беше запознаен со мојата личност од страна на проф. Вроцлавски, па оттука разговорот се водеше многу отворено од што се добиваше впечатокот дека се познаваме од многу одамна.
Во текот на разговорот, пиејќи го дебело меленото и попарено кафе (вообичаено во Полска кафето не го варат во ќезве како на Балканот, што ние од овој дел на Европа и подалеку на Исток и Југ, обично го викаме турско кафе, освен Грците кое го викаат елинико кафе), му ја изнесов идејата за вклучување на Македонија во одбележувањето на јубилејот на Адам Мицкјевич – истата идеја што по факс пред некој ден ја пратив во МНР/РМ со молба да биде пренесена во Министерството за култура и Советот на Струшките вечери. Имено за време на одржувањето на Меѓународниот поетски фестивал Струшки вечери на поезијата, на брегот на Охридското Езеро да биде поставена биста со ликот на Адам Мицкјевич и издадена збирка поезија со „**Лозанските лирики“, „Одата на младоста“ и „Кримските сонети“.**
Двајцата професори, посебно проф. Пјењонжек, занемеа. Тој полека стана, силно ме гушна, велејќи дека ова е неочекуван и неверојатно голем гест на почит кон поетот и чест за Полска. Потоа се сврте, отвори едно шкавче од кое извади старо шише, три чашки и праша:
- Може по една? Ова е стар полски пијалак, медовина се вика, што многу го сакаше Мицкјевич.
Наздравивме.

- Па - рече полека – ме возбудивте амбасадоре до солзи. Благодарам. Дајте уште по една и да одам оваа голема и радосна вест да му ја пренесам на претседателот Квашњевски. А ти, професоре Вроцлавски си знаел дека една таква мала Македонија знае да прави толку големи работи, а? Просто – чуда!
- Прави, професоре – рече проф. Вроцлавски – кога има такви како нашиот пријател.
Оваа средба и разговор ми се едни од најсреќните за време на мојата мисија во Полска.
Во 15:00 на посета кај министерот за национална едукација, Мирослав Хандке. Разговорот го посветивме на соработката во областа на високото образование, со предлози за размена на студенти, студирање и стипендирање и други корисни форми. Ја искористив приликата и министерот Хандке да го запознаам со идејата за одбележување на јубилејот на Адам Мицкјевич. Информацијата ја прими со големо изненадување и благодарност, ветувајќи дека со оваа идеја наскоро ќе го запознае премиерот Бузек.
Договоривме дополнително да се видиме.

12 февруари 1998, четврток

До 11:00 тековни работи во Амбасадата. Во 12:00 во Друштвото на писателите на Полска. Средба и разговор со претседателот на Друштвото, Марјан Гжешчак. Разговорот околу јубилејот на Мицкјевич. Договорено да бидат објавени збирки поезија од два поети во Полска и во Македонија. Од македонските ги предложив Анте Поповски и Петре Бакевски. Го информирав дека деновиве ќе побарам прием кај министерката за култура и уметност со цел да замолам министерството да го спонзорира изготвувањето на бистата на Адам Мицкјевич. Ми вети поддршка.
Во 13:00 во Амбасадата на Бугарија на дегустација на бугарски вина. Присутни околу 20-тина амбасадори.

Во 17:00 ме посети во Амбасадата пратеникот во полскиот Сејм, Јежи Закшевски. Ме информира дека мојата идеја за поблиска соработка меѓу двата парламенти, во Сејмот да се формира полско-македонска парламентарна група, денес таква група е формирана и тој е нејзин претседател. Му изразив благодарност со ветување дека уште денес ќе го информирам претседателот на Собранието на Македонија со предлог таква група да се формира и во Република Македонија.
Во 18:00 часот вечера со Леонид Драчевски, амбасадор на Руската Федерација во Варшава, по негова покана. Присутни и сопругите. Разговорот најмногу се однесуваше на состојбите во Македонија и на желбите односите меѓу Руската Федерација и Република Македонија да се развиваат во духот на заемно разбирање.

13 февруари 1998, петок

Во 13:00 часот ме прими г-ѓа Јоанна Внук-Назарова, министерка за култура и уметност. Многу зборлеста. По образование музичарка и по занимање композиторка. Забележав дека информациите за мене и за Македонија и беа запишани на лист хартија и во текот на разговорот честопати ги користеше. Искажав изрази на благодарност за приемот и за приликата што ми е дадена да ги изнесам моите видувања за досегашната и идната соработка во областа на културата меѓу двете земји, а посебно да ја запознаам со идејата за одбележување на јубилејот на Адам Мицкјевич во Македонија. Ми остави впечаток дека е многу задоволна. Рече дека ова е прва најава од страна на претставници на Дипломатскиот кор и дека чекорот на македонската амбасада високо го цени и дека во таа смисла лично ќе се ангажира идејата да се оствари без тешкотии. Изразив благодарност и во врска со натамошните активности, договоривме ново видување.

Вечерва ми стигна програмата за годишните консултации во Скопје на македонските амбасадори.

14 февруари 1998, сабота

На прошетка во шумата Кабати.

15 февруари 1998, недела

Испратив нота до Дипломатскиот протокол, Апостолскиот нунциуш и Дипломатскиот кор со која известувам дека од 17 до 22 февруари 1998 службено ќе бидам отсутен.

16 февруари 1998, понеделник

Неколку телефонски разговори во врска со визниот режим. Телефонски разговор и со директорот на Департментот Европа-Запад. Соговорникот го известив дека Македонија активно веќе се вклучува во одбележувањето на јубилејот на Адам Мицкјевич со издавање избор негова поезија и поставување негова биста на брегот на Охридското Езеро. Соговорникот изрази благодарност и за добиената информација ќе изготви службена белешка која ќе му ја достави на министерот Геремек по неговото враќање од странство.

17 февруари 1998, вторник

Во 7:30 на аеродром. По половина час авионот полетува за Виена. На аеродромот во Виена ги сретнав Јован Теговски, амбасадор во Белгија, ЕУ и НАТО, Јордан Веселинов, амбасадор во Канада и г-ѓа Ацевска, амбасадор во САД. Во разговор за сè и сешто - помина петчасовното чекање и полетуваме за Скопје.
Радосна средба со децата и со внуката Марија.

18 – 21 февруари 1998, среда-сабота

Годишно советување на амбасадорите во Скопје.
(Програмата, како и одредени мои забелешки приложени во Класер бр. VI, стр. 49)

22 февруари 1998, недела

Во 16:50 полетување за Виена. Семејството пак разделено. Половина во Скопје, половина во Варшава.

23 февруари 1998, понеделник

Во 10:00 средба во фирмата „ЦЕНРЕКС“ („CENREX“). На директорот му ја предадов поканата од Лазар Китановски, министер за одбрана на Република Македонија, со која го кани да допатува во Скопје.
Во 18:30 на прием приреден од амбасадорот на Естонија. Амбасадорите на САД и на Романија, како и замениkот-министер за надворешни работи на полското МНР се интересираа за ставот на Република Македонија во однос на УНПРЕДЕП. Одговорив кратко: Македонија нема да прифати цивилна контрола. Повеќе ѝ одговара превентивната дипломатија која многу успешно ја водат скандинавските војници под водство на полскиот дипломат, Хенрик Ј. Сокаљски.

24 февруари 1998, вторник

Се јави Данчо Марковки и побара под итно, по ДХЛ, да му ги испратам полските закони за приватизација. Одамна ги имам преведено и во текот на денот ќе ги испратам**.**

25 февруари 1998, среда

Стигна вест дека Васил Тупурковски ќе формира нова политичка партија.
Малку се шеесетте што постојат и ја тресат Македонија.
Во 11:00 ми се јави романскиот амбасадор и замоли да се сретнеме. Побара поопширна информација во врска со УНПРЕДЕП и односите со соседите. За УНПРЕДЕП го упатив да побара информации во претставништвото на ООН во Варшава, а за односите со соседите му ја исполнив желбата.

26 февруари 1998, четврток

Се јави директорот на фирмата „CENREX“. Рече дека во врска со барањето на македонската страна се водат консултации на високо ниво. За конкретен одговор ќе мораме да почекаме.

27 февруари 1998, петок

Во 11:00 на средба кај Рапацки во Канцеларијата на претседателот Квашњевски, по негово барање. Сака поширока информација за односите на Македонија со соседите, посебно со Грција. Разговорот траеше околу еден час.
Денес го завршив Годишниот извештај на Амбасадата на Република Македонија за 1997 година. Вреди да се обележи дека во извештајниот период, Амбасадата до МНР/РМ испрати 430 телеграми, покрај средбите со полски министри, високи полски државни функционери, партиски личности, претставници на фирми, здруженија, новинари, парламентарци, писатели и други, оствари и 194 средби со претставници на Дипломатскиот кор, пред сè амбасадори. (Види прилог во КЛАСЕР бр. VI, стр.52)

28 февруари 1998, сабота

Цел ден останавме во Амбасадата поради лошото време.

1 март 1998, недела

Овој ден, 1 март, ме потсетува на моето детство. Паметам и нема да заборавам кога утрото мајка нѐ будеше рано, со дланката ни ги миеше образите, а потоа ни даваше да лапнеме мед во кој имаше пупка од дрен, а на прстите и подлактиците ни беа врзани сучени црвено-бели конци. Се викаа мартинки. Медот за да бидеме трудољубиви како пчелите, а дреновата пупка за да бидеме здрави како дренот. Тоа и многу други адети од колена на колена беа пренесувани од дамнешни времиња. Со тие и со многу други верувања го бележеа своето опстојување. Кога таа лоша 1948 нѐ откорна од нашето огниште ги снема мартинките, медот и дреновата пупка.
Овој ден, утрото, се разбудив со мартинка на раката. Ноќе ја исучи сопругата. Таа, црвено-бела мартинка нѐ врати под нашето небо и во прегратките на нашите мајки кои се во споменот и незаборавот...

2 мар 1998, понеделник

Средбата со директорот на Департментот за безбедност во полското МНР, Јежи Новак, се одржа во 11:00 часот. Се распрашува за ставот на Македонија во врска со УНПРЕДЕП. Му реков дека Македонија нема да прифати цивилна контрола. Изненаден е. Укажав на последиците од настапите на ОБСЕ. Рече дека Полска се залага УНПРЕДЕП да остане во Македонија, меѓутоа на ова се противи и пречи контактната група – САД, Русија, Велика Британија, Германија, Франција и Италија. Замоли македонската страна под итно да одговори како ќе постапува понатаму. На ова му реков дека таквото барање претставува еден вид надворешен притисок.
Не сум задоволен од денешната средба.

Одам на протоколарна посета кај министерот за земјоделство.

3 март 1998, вторник

Денес повеќе средби во Амбасадата на Бугарија која го одбележува националниот празник 3 март. Главна тема на разговорите – Косово. Остар разговор меѓу српскиот и албанскиот амбасадор. Албанскиот амбасадор постојано се држи на идејата дека сите Албанци треба да живеат во една држава. Некои од амбасадорите во врска со ова приговараат и велат дека тоа ќе доведе до војна.

4 март 1998, среда

По телефон ми се јави романскиот амбасадор. Ме покани на кафе. Прифатив. Знам што му е маката. Сака да знае каков е ставот на Македонија за УНПРЕДЕП и што понатаму, иако веќе еднаш му реков. Долг разговор. На крајот од разговорот рече дека Македонија е во право.
Од Косово сè повознемирувачки вести.

5 март 1998, четврток

Во 9:45 во Сејмот. На галеријата целиот Дипломатски кор, кој со големо интересирање чека да го слушне експозето на министерот Геремек за полската надворешна политика. Очекував дека и како претседавач на ОБСЕ ќе го спомне и Балканот каде посебно со настаните на Косово врие и од тука може да почне европската трагедија.

6 март 1998, петок

Ми стигна интервјуто на претседателот Киро Глигоров објавено во „ПУЛС“. Го читам внимателно и ги бележам поинтересните ставови. Ќе ми притребаат.

7 март 1998, сабота

По повод утрешниот празник на жените, во Амбасадата приредивме скромен коктел за жените на амбасадорите со кои најмногу се дружи мојата сопруга. На сите присутни им врачив по една црвена ружа.

8 март 1998, недела

Денот го почнав со честитки по повод 8 март, го продолжив на прошетка во Виланов и го завршив со вечера во едно прекрасно ресторанче во Стариот дел на Варшава.

9 март 1998, понеделник

Денес ја почнувам четвртата година на мојата дипломатска мисија во Полска. Од тој ден секој ден, вечерта, редовно седнувам и ги запишувам дневните активности и така се создава дневник во кој кратко ги бележам средбите, разговорите, настаните, очекувањата, надежите, личните доживувања, времето и сѐ друго што се случува во овој дел од мојот живот. Нека остане трага од тоа што сум го сторил и ќе го сторам. Можеби во иднина на некој ќе му користи за истражувањата во пишувањето на историјата на македонската дипломатија, можеби некој нешто ќе научи.
Во ноќните белешки се сочувани четири години од мојот живот.
Четири години посветеност, самопрегор и надеж.
Во 14:45 пречек на претседателот на Чешката Република.

10 март 1998, вторник

Во посета на словачкиот амбасадор, Серватка. Во текот на разговорот изрази големо незадоволство поради изјавите на Хавел и Квашњевски со кои патерналистички се однесуваат

спрема Словачка. Во врска со изјавата на Геремек дека неговата евентуална посета на Белград може да придонесе за намалување на напнатоста меѓу Србија и Косово, вели дека нема да е успешна. Белград нема да прифати никаков надворешен план кој ќе води кон нејзина штета. Србите, рече, имаат свое цврсто национално достоинство. Во продолжение истакна дека Геремек ги влоши односите со Словачка и со тоа ја прокоцка улогата на претседавач на ОБСЕ. За жал тој не е присутен на релација Белград, Приштина, Тирана, Скопје, каде утре може да биде многу жешко.
Разговор за сериозно размислување и опомена.

11 март 1998, среда

Испраќање на претседателот Хавел. Кога му беше речено дека се ракува со амбасадорот на Македонија, ме праша на полски:
Како е таму кај вас во Македонија?
- Мирно е, пане претседателе – одговорив на полски. - Екипите на градската чистота го завршија чистењето по вчерашното дивеење на Албанците во поддршка на Косово. Тоа беа провокатори, пане амбасадор.
- Вие пане претседателе, од Прага, најдобро знаете – реков, гледајќи го в очи и силно му ја стегнав раката.
Албанскиот амбасадор, Краја, кој стоеше до мене, со Хавел се поздрави без збор.
Во 20:00 на сателитскиот канал гледавме пренос од Белград. Се емитуваше програма со наслов: „Што сакаат Шиптарите“. Снимки и репортажа од демонстрациите во Тетово и во Скопје. Грозно. Лудило на подивеана маса. На крај на емисијата на екранот напис:
„Колку велика ќе биде Албанија? Веројатно толку, колку жртви ќе лапне, колку сакати и бегалци и опожарени куќи ќе има“.

12 март 1998, четврток

По факс ја испратив поканата со која Царинската управа на Македонија поканува делегација на полската Царинска управа да ја посети Македонија со цел да го договорат текстот на Договорот за соработка меѓу двете управи.
Во 14:00 часот во полското МНР по мое барање ме прими директорот Шимањски. Тема на разговорот: Состојбите во Македонија по настаните на Косово, со посебен осврт на демонстрациите на Албанците во Тетово и во Скопје, ставот на Полска за УНПРЕДЕП, за што рече дека Полска се залага УНПРЕДЕП да остане во Македонија. Во врска со однесувањето на Албанците во Македонија истакна дека не очекува брзо смирување на состојбите, па оттука цени дека се потребни поитни мерки за изнаоѓање решенија кои нема да дозволат да дојде до дестабилизација во Македонија и во Регионот.
Морам да подвлечам дека во врска со настаните во Тетово и во Скопје не добив од МНР/РМ никаква информација.

13 март 1998, петок

Утрото по телефон ми се јави Ристо Блажевски, сега помошник на министерот. Се интересираше за реагирањата во Полска во врска со демонстрациите на Албанците во Тетово и во Скопје. Му реков дека деновиве ќе изготвам соодветна информација. Во врска со Косово и УНПРЕДЕП, рече дека прашањата ќе се решаваат заедно со претставници од САД кои деновиве ќе пристигнат во Македонија.

14 март 1998, сабота

Во 22:00 часот Радио Скопје го емитуваше интервјуто на претседателот Киро Глигоров, во кое меѓу другото рече: **„Претпочитаме американски сили...“**

Се прашувам: дали со тоа во Македонија ќе бидат решени сите проблеми?

15 март 1998, недела

По телефон во 18:45 ми се јави Ристо Блажевски, помошникот. Јас, рече, се уште сум во кабинет, а ти што правиш? Му реков дека чекам информација од МНР/РМ во врска со УНПРЕДЕП за што многу се заинтересирани Полјаците и дека дознав дека некои наши амбасади за тоа веќе се информирани. Да - рече – ти си во право, требаше да те информираме, ама, ете, има некои недоследности. Направен е пропуст.
Имам впечаток дека во МНР/РМ Ристо Блажевски е единствениот човек кој има храброст да признае грешка.

16 март 1998, понеделник

Во 11:30 бев повикан во полското МНР, каде директорот на Департментот Европа-Запад ме информира дека министерот Геремек со група свои соработници на 19 март о.г. ќе патува во Тирана и од 20 март во 12:00 часот до 21 март до 12:00 часот ќе престојува во Македонија. На ова му реков дека сум изненаден, бидејќи министерот Ханџиски има испратено покана министерот Геремек официјално да ја посети Македонија каде ќе биде пречекан со сите почести.
Се вратив во Амбасадата и ја пренесов веста.
Од МНР/РМ веднаш добив одговор според кој поради посетата на Ван дер Брук на Македонија во исто време и планираните разговори во Охрид, македонската страна предлага одложување на посетата на министерот Геремек. Побарав врска со директорот на Департментот Европа-Запад и му ја пренесов информацијата од Скопје. Директорот настојува да се прифати посетата. По телефон го побарав Ристо Блажевски, го информирав за полското барање. Ми рече дека ќе се јави по половина час. Чекам. Се јави

Блажевски и рече дека посетата на Геремек може да се оствари на 20 март во 17:00 часот. Предлогот на македонската страна прифатен.

17 март 1998, вторник

Во 10:00 во Министерството за култура и уметност. Ме прими заменик- министерот Ратајски во присуство на Кшиштоф Цвеч со кого го изготвивме Договорот за културна соработка. Двајцата соговорници ги известив за моите предлози во Струга, за време на одржувањето на Меѓународниот фестивал на поезијата на охридскиот брег ќе биде поставена биста на Адам Мицкјевич, издадена збирка со негова поезија заклучно со „КРИМСКИТЕ СОНЕТИ“, за почесен учесник ќе биде поканет Чеслав Милош и ќе биде промовирана панорама на современата полска поезија во мој превод.
Соговорниците прифатија изработката на бистата на Мицкјевич да ја спонзорира нивното министерство и две збирки поезија од двајца македонски поети. За возврат ќе бидат издадени во Македонија избори поезија од двајца полски поети.
Во врска со реализацијата на изнесените предлози, соговорниците замолија да бидеме во контакт.

18 март 1998, среда

Во 12:30 на протоколарна посета ме прими маршалот на полскиот Сејм, Мачеј Плажињски. Општ разговор околу односите меѓу двете земји и изразени желби за нивно проширување.
Писмото што Паскал Гилевски му го испрати на Чеслав Милош, морам да го преработам. Денес го почнав буквалниот превод на „КРИМСКИТЕ СОНЕТИ“ од Адам Мицкјевич.

19 март 1998, четврток

Буквалниот превод на „КРИМСКИТЕ СОНЕТИ“ го завршив по полноќ.
Во 10:30 се потпишав во книгата на жалост во Амбасадата на Јемен.
Во 13:00 на аеродром. Министерот Геремек го испраќаме во Скопје.
По телефон ми се јави Ахил Тунтев. Замоли да му доставам податоци во врска со прифаќањето и згрижувањето во Полска на македонските бегалци од Егејска Македонија.
На Гане Тодоровски, сега наш амбасадор во Москва, му го испратив следново писмо:
(Оригиналот во Класер VI, стр. 72):

Варшава 19 март 1998 год.
Многу почитуван и драг Гане,
Ти го праќам буквалниот превод на „КРИМСКИТЕ СОНЕТИ“ од Адам Мицкјевич, кои во полската класична поезија се сметаат за бисери. Убеден сум дека тие под Твоето перо толку убаво ќе прозвучат, како што звучат на полски јазик. И токму затоа ја имам храброста Тебе да те замолам да го направиш преводот на „КРИМСКИТЕ СОНЕТИ“, кои заедно со други песни од Адам Мицкјевич ќе бидат објавени во Македонија пред започнувањето на Струшките вечери на поезијата.
Поводот за она не е секојдневен. Годинава навршуваат 200 години од раѓањето на Адам Мицкјевич, годишнина која е внесена во регистарот на УНЕСКО. Со објавувањето поетски избор и поставувањето биста на Адам Мицкјевич во Струга, Македонија на свој начин го одбележува овој важен јубилеј, а истовремено докажува и потврдува дека знае да ги цени великаните и да создава трајни мостови. Се разбира Ти со Твојот превод на „КРИМСКИТЕ СОНЕТИ“, ќе бидеш најсигурниот и моќен столб на тој мост кој ќе ги поврзува културите на Македонија и

Полска, а мојата маленкост под тоа ќе фрли малендаво грутче и ќе продолжи и натаму скромно и срамежливо, колку ќе му дозволат силите и Господ Бог, да рие и копа, да крши и дроби карпи и да го потширува тој нелесен пат и да ја подорува нивата на културното живеење...
За желбата што ми ја кажа вчера по телефон, веќе разговарав и наредната недела ќе можам да ти јавам. Дотогаш останувам со најдобри желби за крепко здравје и натамошни творечки успеси и многу поздрави до Твојата почитувана сопруга.
Поздрав од мојата сопруга Дитта и до слушање само со добри вести.
Со изрази на највисоко почитување,
Петре

20 март 1998, петок

Во 10:00 часот во Амбасадата дојде директорот на „АЛУМИНА“, В. Костојчиновски кој во Варшава има потпишано договор со главната полска пошта со вредност од 2,5 милиони долари. Сега е во спор и бара ангажирање на Амбасадата.
На амбасадорот на Тунис му испратив честитка по повод националниот празник.
Вечерта на прием во Амбасадата на Унгарија која го одбележува националниот празник. Запознав нови амбасадори.
Во 00:30 на аеродром заедно со личности од полското МНР да го пречекам министерот Геремек (таков е адетот), кој по посетата на Тирана, кратко престојуваше во Скопје.

21 март 1998, сабота

Цел ден одморам, читајќи ја „ВОЈНА И МИР“ од Толстој. Во Варшава демонстрации поради поскапувањата.

22 март 1998, недела

Прошетка во околината на Варшава.

23 март 1998, понеделник

Ми стигна вест дека Васил Тупурковски ја обелодени својата партија Демократска алтернатива. Не верувам дека долго ќе остане на политичката сцена.

24 март 1998, вторник

Политички вриежи во цела Полска. Неколку телефонски разговори со некои амбасадори без коментирање на актуелните настани.

25 март 1998, среда

Денес навршуваат 50 години од нашето заминување од родните места. За ова пишував во романот „И КАМЕНОТ Е ЗЕМЈА“, како и во „ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ“. За собирањето и одведувањето на децата, нивното прифаќање и згрижување во источноевропските земји, воспитување и образование не треба да остане заборавено. Цел ден сум оптоварен со спомени од тие времиња. Денот ме врати назад цели педесет години.
Во 12:00 часот со сопругата на прием во Амбасадата на Грција по повод националниот празник, 25 март. Големо изненадување за мене беше запознавањето со секретарот, всушност преведувачот на Амбасадата. Се покажа дека е син на мојата негователка, Кољовичка, така ја викавме Левка по мажот Кољо, кој загина есента 1947 како борец на Демократската армија на Грција. Лефка се омажила за Грк-учител на кој му роди два сина и една ќерка. Е, овој, Горгос, што денес го запознав е првиот син од мешаниот брак. Во друга прилика за Левка и нејзината судбина ќе напишам

повеќе. И случајот со запознавањето со Горгос, ме врати во родното село и ме исполни со моето детство, а остатокот од денот ме оптовари со жал...
Ех, викаат спомените... Вика родната грутка...

26 март 1998, четврток

На коктел во Амбасадата на Бангладеш. Подолг разговор со Чајка, заменик-директор за меѓународни односи во Канцеларијата на претседателот Квашњевски. Тема на разговорот: Состојбите на Балканот, полско-македонските односи, одбележувањето на јубилејот на Адам Мицкјевич во Македонија.

27 март 1998, петок

Полските медиуми објавија вест дека на 1 април о. г. во 23:20 часот полската телевизија ќе го прикаже документарниот филм „Македонска книга на живите“.

28 март 1998, сабота

Ништо посебно за одбележување. Ден за спомени.

29 март 1998, недела

Поради студениот ден не излеговме на прошетка.
Продолжувам да го читам романот „ВОЈНА И МИР“.

30 март 1998, понеделник

На свечен концерт по повод јубилејот на Адам Мицкјевич.

31 март 1998, вторник

Му напишав писмо на Чеслав Милош со кое го известувам дека Советот на Струшките вечери на поезијата го кани да учествува на Меѓународниот фестивал на поезијата во Струга.

1 април 1998, среда

Во 18:30 на вечера кај амбасадорот на Словачка. Мал собир на десетина амбасадори со сопругите.

2 април 1998, четврток

Роденден на Тања. Рано наутро ѝ се јавивме по телефон и ѝ го честитавме роденденот.
Се јави Ристо Блажевски и најави доаѓање во Варшава на делегација од македонското Министерство за образование и физичка култура.

3 април 1998, петок

Текстот на Договорот за соработка во областа на физичката култура и спортот го преведов на полски и го пратив до Уредот за спорт и туризам. Од 21 до 24 април о.г. во Варшава ќе се одржат преговори и се очекува Договорот да биде потпишан.

4 април 1998, сабота

На купување најразновидна стока во францускиот трговски центар за потребите на Амбасадата.

5 април 1998, недела

Денес голем предвелигденски католички празник. Литија пред црквата и по целата улица.

6 април 1998, понеделник

Во 9:30 во Уредот за спорт и туризам. Разговор во врска со Договорот и престојот на делегацијата од Македонија и потпишувањето на Договорот за соработка во областа на спортот.
Во 11:00 ги предадов преведените текстови на три договори што би требало да се усогласат со полските текстови и да се потпишат меѓу министерствата за правда на Македонија и на Полска.
Испратив писмо до полското Министерство за култура и уметност со кое известувам дека Советот на Охридско лето одлучи да го прифати Шлонскиот квартет. Заедно со писмото доставив и пропаганден материјал за црковниот хор од Скопје кој треба во мај о.г. да настапи на Фестивалот за црковна православна музика во Хајнувка.
Во телефонскиот разговор со Цвеч од Министерството за култура и уметност дознав дека на издавачкатаа куќа „KSIAZKA I WIEDZA“ („Книга и знаење“) ѝ е испратено писмо со барање да достави цена за издавање избори поезија од Анте Поповски и Петре Бакевски.

7 април 1998, вторник

Во 11:00 часот во Апостолската нунцијатура, испраќање на амбасадорот на Мексико. Од таму во Домот на литературата на официјално отворање на Јубилејот на Адам Мицкјевич. Прекрасен настап на артисти од Катовице.
Во 16:00 часот ми се јави украинскиот амбасадор Петро Сардачук и ме извести дека денес украинската влада донела одлука да го употребува уставното име на нашата држава – Република Македонија.
Најсрдечно му се заблагодарив за веста, велејќи му дека Македонија ќе знае високо да ја цени великодушноста на Украина. Го поканив на видување во нашата амбасада.

Во 15:00 часот во романската амбасада средба на амбасадорите кои зборуваат полски, поврзана со дегустација на романски вина.

8 април 1998, среда

Присуствував на две изложби: во седиштето на варшавскиот градоначалник и во Домот на литературата. Двете изложби посветени на Адам Мицкјевич. При отворањето, Македонија пофалена за активностите што ги презеде во врска со јубилејот.
Во 16:00 часот брифинг во полското МНР на кој амбасадорите беа информирани за разговорите на МНР на Полска, Норвешка и Данска. Водителот Јежи Новак, кој го водеше брифингот неколкупати ја спомна Македонија со уставното име. За тоа му се заблагодарив во четири очи.

9 април 1998, четврток

Од Министерството за култура и уметност ме известија дека Чеслав Милош поради здравствени причини и годините нема да учествува на Струшките вечери на поезијата.

10 април 1998, петок

Во Амбасадата дојде новиот амбасадор на Кина во придружба на Кинезинка, која одлично зборува полски. Амбасадорот Чен Ви, слабо зборува полски, но на помош му е Кинезинката. Изрази задоволство поради можноста што има прилика првпат да се сретне со македонски амбасадор на кој сака да му пожели многу успех и напредок на неговата земја за која Кина е заинтересирана да воспостави многу блиски односи и да соработува во сите области. Појави интерес за состојбите во Македонија. Смета дека соработката со Кина за Македонија може да е од голема корист и во таа смисла неговата влада е заинтересирна да воспостави

поблиски контакти со Владата на Македонија. Се интересираше за состојбите во Регионот.
Му се заблагодарив за посетата и за изразената готовност на Кина да соработува со Македонија, подвлекувајќи дека Македонија секогаш кон Кина се однесуваше со големо признание за нејзиниот напредок и дека соработката меѓу двете земји, може да биде само од голема заемна корист.
Амбасадорот Чен Ви на заминување истакна дека Кина ја поддржува Македонија и замоли почесто да контактираме.
Му ветив дека со задоволство секогаш ќе најдам време да се среќавам со неговата екселенција.

11 април 1998, сабота

Велика Сабота на католичкиот Велигден. Мирно. Нема средби. За мене редок ден за одмор.

12 април 1998, недела

Цела Полска слави Велигден, а во паркот Лаженки само ние двајцата. Се чувствува мирисот на пролетта.

13 април 1998, понеделник

По старополски обичај денес Полјаците се полеваат со вода. Никој не се лути, не се навредува. Така било со векови.

14 април 1998, вторник

Мирен ден. Моја голема желба. Најпосле малку издишка.

15 април 1998, среда

Во 10:45 пречек на претседателот на Унгарија. Возачот го ослободив и пеш се враќам во Амбасадата**.** Желба ми е подобро да го видам варшавскиот ден.

16 април 1998, четврток

Во „НОВА МАКЕДОНИЈА“ читам незадоволувачки и непријатни вести. Посебно за претседателот Киро Глигоров. Ова што сега се пишува за него, ми личи како да е втор атентат врз него. Тие кои физички не успеале да го тргнат, сега морално го валкаат. Кој е заинтересиран за тоа? Така, каде одиш Македонијо?

17 април 1998, петок

Надвор од Амбасадата немам никакви активности. Времето си го губам читајќи вести во „НОВА МАКЕДОНИЈА“.

18 април 1998, сабота

Продолжувам со изготвувањето на годишниот извештај. Скоро сум при крај.

19 април 1998, недела

Православен Велигден. Отидовме на богослужба во руската црква.

20 април 1998, понеделник

Станавме многу рано. Миленка ја испраќаме на аеродром. Се враќа во Скопје по подолг престој со нас во Варшава. Во 8:10 полетува авионот, а ние се враќаме тажни. Тешките се разделбите со најблиските**.**

21 април 1998, вторник

По факс ја испратив во МНР/РМ програмата за престојот на делегацијата на Министерството за образование и физичка

култура. Не успеав да воспоставам телефонски разговор со Ристо Блажевски за да го известам дека на 23 април о.г. имам закажано средба со полско-македонската парламентарна група.

22 април 1998, среда

На Велигденска вечера во Амбасадата на Руската Федерација. Поканети се амбасадорите на: Македонија, Украина, Белорусија, Молдавија, СР Југославија, Бугарија и Грција со сопругите.
Се поздравуваме со Христос воскресе, Воистину воскресе. Двајца руски свештеници го благословија јастието, а потоа сите отпеавме „ЗА МНОГАЈА ЛЕТА“.
Велигденските празници ги поминавме според нашите православни адети.

23 април 1998, четврток

Денес во Варшава почнаа преговорите на делегацијата на Министерството за образование и физичка култура. Се одвиваат во духот на заемно разбирање. Двете страни задоволни.
Во 12:00 во Сејмот, средба со полско-македонската парламентарна група. Се запознав со членовите, одржав 45-минутно излагање за историското минато на Македонија, сегашните состојби, досегашната и сегашната соработка меѓу двете земји и настојувањата за натамошен развој на соработката во сите области. На крајот од средбата на групата ѝ ја врачив поканата од македонско-полската парламентарна група, делегација на полскиот Сејм да ја посети Македонија.

24 април 1998, петок

Во 9:00 во Амбасадата дојдоа членовите на македонската делегација Таки Џиков и Софка Пеевска, а потоа и претставникот на полската страна со кого го договоривме текстот на Спогодбата.
Во 11:00 во грчката амбасада се впишав во книгата на жалоста изложена по повод смртта на Константинос Караманлис.
Во 12:00 потпишување на Спогодбата.
Вечерта Таки и Софка ги поканивме на вечера во Амбасадата. Долг роднокрајски разговор. Една од ретко пријатните средби, кои долго е паметат.

25 април 1998, сабота

До 17:00 часот работев на довршување на годишниот извештај. Крај! Голем камен ми падна од вратот. Дитта се врати од посетата на Украина организирана од сопругата на украинскиот амбасадор во Варшава. Уморна, ама многу задоволна.

26 април 1998, недела

Убав, сончев априлски ден. Отидовме на долга прошетка во најблискиот парк.

27 април 1998, понеделник

Утрото македонската делегација ја испративме на аеродром. Се враќа во Скопје со спогодбата.
Во 18:00 на коктел во Амбасадата на СР Југославија. Од амбасадорите избројав одвај десетина, ниту еден од старото и новото раководство на полското МНР, ниту еден полски министер. Добив впечаток дека официјална Полска и најголемиот дел од Дипломатскиот кор го бојкотираа приемот. Присутни лица од стопански фирми и симпатизери на Србија.

28 април 1998, вторник

Во 9:45 на пречек на претседателот на Естонија. Други активности немам. Може да се рече – слободен ден.

29 април 1998, среда

Исто како вчера.

30 април 1998, четврток

Подготвувам честитки по повод 3 мај, националниот празник на Полска.
Во 18:00 на прием во Амбасадата на Холандија и по краток престој на прием во Амбасадата на Израел.
Во 19:00 во Апостолската нунцијатура на средба на Дипломатскиот кор со кардиналот Аугустино Сорано, секретар на Ватикан.

1 мај 1998, петок

Испратено писмо до Министерството за образование во врска со запишување на децата на вработените во соодветните образовни институции во Варшава и да им се додели стипендија.Тоа е обврска на Амбасадата, согласно Виенската конвенција. Во оваа смисла, децата на секретарката беа запишани.
(Копии од писмата во ракописот, Класер VI, стр.109)

Во 18:30 во Кралската палата прием по повод 50-тата годишнина од создавањето на Државата Израел. Досега невидено обезбедување. Му честитав на амбасадорот и по краток престој заедно со други амбасадори на прием организиран од холандската амбасада по повод роденденот на Кралицата. Од таму во 19:00 часот во Апостолската

нунцијатура на повторна средба со кардиналот Содоно. Во краткиот разговор ми рече дека одлично се познава и се дружи со македонскиот амбасадор Мирчев од кого доби избор поезија од Папата, како што рече во превод на македонскиот амбасадор во Варшава. Ме благослови и продолжи да се ракува со другите дипломати.

2 мај 1998, сабота

Сончево, топло, зелено, расцутени попатни цвеќиња, пеење на птици. Таква е денес шумата Кабати во која останавме цел ден.

3 мај 1998, недела

Денес национален празник на Полска. Во 11:40 веќе бевме на трибината во централниот плоштад каде ќе се одржат свеченостите.
Во 13:30 во градината на претседателската палата, претседателот Александер Квашњевски приреди прием за Дипломатскиот кор. Не се разликува од преходните.

4 мај 1998, понеделник

На Претседателот на Република Македонија, Киро Глигоров, му испративме роденденска честитка.

5 мај 1998, вторник

Му се јавив на директорот на Домот на литературата и го замолив да напише предговор за македонското издание на песните на Адам Мицкјевич. Се согласи.

6 мај 1998, среда

Во 11:00 се запишав во книгата на жалоста во Амбасадата на Хрватска изложена по повод смртта на министерот за надворешни работи.

7 мај 1998, четврток

Се јавија од Сејмот и прашаа кога би било најкорисно полско-македонската парламентарна група официјално да ја посети Македонија. Сугерирав посетата да ја остварат во текот на мај о.г.
Добивме благодарница од претседателот Киро Глигоров за честитките што му ги испративме по повод неговиот роденден.

8 мај 1998, петок

Во 10:00 часот во Министерството за култура и уметност. Договарање во врска со одбележувњето на јубилејот на Адам Мицкјевиќ. Ветено дека Министерството ќе ја спонзорира изработката на бистата.

9 мај 1998, сабота

На прием по повод Денот на Европа. Во Москва се слави Денот на Победата над фашизмот. Му испратив честитка на амбасадорот на Руската Федерација.

10 мај 1998, недела

Шетаме по Варшава и ги посетуваме музеите.

11 мај 1998, понеделник

Средувам службени белешки.

12 мај 1998, вторник

На покана од Сенатот на Варшавскиот универзитет учествувам на Конференција посветена на ксенофобијата.

13 мај 1998, среда

Телефонски разговор со албанскиот амбасадор кој моли на тројца албански државјани да им издадам визи. Се согласив.

14 мај 1998, четврток

Во текот на денот го завршив финансискиот извештај за април 1998 година.
Во 19:00 на коктел приреден од градоначалникот на Варшава за учесниците на Петтиот тениски натпревар на парлментарците од: Полска, Словачка, Чешка, Швајцарија, Хрватска, Словенија, Македонија, Германија, Естонија. Кратки разговори со амбасадорите од наведените држави.

15 мај 1998, петок

Во 9:00 на отворање на Петтиот тениски парламентарен натпревар. Нашите четворица претставници сигурни дека високо ќе се пласираат.
Во 11:00 на средба на амбасадорите на земјите на ЦЕИ. Организатор Иван Брнелиќ, амбасадор на Хрватска во Варшава. Присутни амбасадорите на: Италија, Македонија, Унгарија, Бугарија, Чешка, Словенија, Албанија, Украина, Молдавија, Романија, Австрија, претставник на полското МНР. Средбата има информативен карактер и можности за средби и разговори на амбасадорите.
Во 18:00 на отворање изложба на стакло (17 и 18 век) во Националниот музеј на Полска.

16 мај 1998, сабота

Ја подготвив дипломатската пошта. Утре ќе им ја предадам на парламентарците-тенисери со молба да ја предадат во МНР/РМ. Во 19:00 прогласување на резултатите и доделување дипломи. Нашите на единаесетто место.

17 мај 1998, недела

Во посета на воениот музеј.

18 мај 1998, понеделник

Поради здравствени причини, денот го прележав.

19 мај 1998, вторник

Во 11:00 во Апостолската нунцијатура. Испраќање на амбасадорот на Венецуела, кој одржа долг говор.

20 мај 1998, среда

Во полскиот Сејм. Од галеријата следење на седницата.

21 мај 1998, четврток

Ден без активности. Читање весници.

22 мај 1998, петок

Бевме на отворање изложба за Сплит. Прекрасен говор на амбасадорот Иван Брнелиќ. Срдечно му честитавме.

23 мај 1998, сабота

На интернет репортажа за Охрид. Авторот-Бугарин и Охрид претставен како бугарски. Не ја догледав целата репортажа.

24 мај 1998, недела

Цел ден врне. Денот го поминавме како во домашен притвор.

25 мај 1998, понеделник

Денот скоро поминат на приеми во бугарската, кинеската и англоската амбасада. Многу средби и разговори со повеќе личности од Дипломатскиот кор и полските политички, стопански, медиумски и културни средини.

26 мај 1998, вторник

Во 12:00 на средба со Шимањски во полското МНР. Му ги врачив поздравите од македонските државници до полските по повод националиот празник на Полска, 3 мај. Уште еднаш го потсетив на неколку прашања што досега беа предмет на договарања и усогласувања. Вети дека ќе разговара со надлежните.
Во 18:00 вечера кај унгарскиот амбасадор. Присутни амбасадорите на: Словенија, Македонија, Бугарија, Албанија, Романија, Чешка, Хрватска, Словачка. Вечерата се одржа во пријатно уредена просторија два ката под земјата.

27 мај 1998, среда

Телефонски разговор со Данчо Марковски. Ме извести дека наскоро ќе добијам прв секретар.
Подолг телефонски разговор со Гане Тодоровски, наш амбасадор во Москва. Ме извести дека сонетите на Адам Мицкјевич веќе ги има преведено. Идната недела ќе ми ги прати по факс.
Во 18:00 на прием што го приредува амбасадорот Брнелич по повод националниот празник на Хрватска.

28 мај 1998, четврток

Ми се јави по телефон Ристо Блажевски. Рече дека во Варшава е зачестено доаѓањето на владини делегации кои, според негови сознанија, не контактираат со Амбасадата. Го прашав – во тој случај какви се моите обврски? Никакви – рече. Тие дури и МРН не го известуваат. Тоа потврдува каков хаос владее во државата.
Коментар?
Во 12:30 ми се јави по телефон Григори Поповски кој како преведувач пристигна во Варшава заедно со хорот СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ и веднаш патува за Хајнувка каде на 30 мај ќе биде отворен XVII Меѓународен фестивал на црковните хорови. Рече дека хористите очекуваат амбасадорот на Македонија во Варшава да дојде на нивниот концерт и дека сакаат да ја посетат Амбасадата на 1 јуни. Му реков дека со задоволство ќе ги примам, ама поради неодложни обврски што ги имам веројатно нема да можам допатувам во Хајнувка.

29 мај 1998, петок

Во текот на денот средба и разговори со двајца поранешни полски министри.
Пак се јави Ристо Блажевски. Замоли да му доставам информација кои ДКП во Варшава ги покриваат балтичките републики.

30 мај 1998, сабота

Сепак утрото заминавме за Хајнувка. Стигнавме на отворањето на фестивалот и со големо задоволство го проследивме настапот на нашиот црковен хор. Прекрасно пеење. Восхитот нема крај. По настапот отидов кај членовите на хорот, ним и на диригентот им го честитав прекрасниот настап, подвлекувјќи дека нивниот настап е голем чекор во

афирмацијата на Македонија. Се договоривме да се видиме во Амбасадата во Варшава.
Вечерта е вративме во Амбасадата.

31 мај 1998, недела

Првпат од нашиот престој во Варшава, отидовме на викенд подалеку од градот.

1 јуни 1998, понеделник

Во 9:30 пред Амбасадата се паркира автобусот со членовите на хорот СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ. Цел час заедничко, многу пријатно дружење со членовите на хорот за кои приредив скромен коктел.

2 јуни 1998, вторник

Во 12:00 средба со Шимањски во полското МНР.
Во 18:00 на прием во Амбасадата на Италија.

3 јуни 1998, среда

Средување тековни материјали во Амбасадата.

4 јуни 1998, четврток

Во 9:45 директорот за меѓународни односи во полското Министерство за култура и уметност, Цвеч, ме извести дека ги одредија поетите кои ќе учествуваат на Струшките вечери на поезијата и дека бистата на Адам Мицкјевич е дадена на лиење.
Ми се јави грчкиот амбасадор Хризантопулос и ме извести дека е одобрена визата за мојата сопруга да оди во Грција кај своите родители.

Во 18:00 на прием кај амбасадорот на Латвија во тесен круг. Присутни амбасадорите на: Романија, Македонија, Естонија, Бугарија, Југославија, Албанија, Чешка. Приемот во резиденденцијата надвор од Варшава. Прекрасен објект, градина, голема тераса, внатре украсена со стари уметнички слики. Скоро сите амбасадори живеат во резиденции, освен македонскиот кој живее во соба голема 20 квадратни метри во составот на Амбасадата.
Коментар?

5 јуни 1998, петок

Во „НОВА МАКЕДОНИЈА“ објавена изјавата на Б. Ханџиски по неговото враќање од Романија. Меѓу другото изјавил: „Од наша страна беше изразена подготвеност за потпишување меѓународни акти со потпис „за македонската влада и романската влада“.
Секој министер има свое решение.

6 јуни 1998, сабота

Ден без надворешни активности.

7 јуни 1998, недела

Исто како и вчера, само кратка прошетка.

8 јуни 1998, понеделник

Барање дозвола за прелет на авионот со кој на 11 јуни претседателот на Собранието на РМ, Тито Петковски, ќе патува за Стокхолм.
Во 13:00 испраќање на амбасадорот на Словачка, Маријан Серватка. Присутни амбасадорите на: Украина, Романија, Македонија, СР Југославија, Хрватска, Словенија, Албанија, Литванија, претседателот А. Квашњевски и четворица од

неговиот кабинет. Прилика за размена на мислења со полскиот претседател.

9 јуни 1998, вторник

Ме известија дека е добиена дозвола за прелет на македонскиот авион за Стокхолм. Јавив во Скопје.
Во 18 часот на прием приреден од Амбасадата на Велика Британија во чест на роденденот на Кралицата. Присутен скоро целиот Дипломатски кор и полски политичари и министри. Средби и разговори со повеќе личности.

10 јуни 1998, среда

Во 18:00 на коктел приреден од амбасадарот Леонид Драчевски по повод националниот празник на Руската Федерација. Многу поканети, средби и разговори за теми од заемен интерес.

11 јуни 1998, четврток

Верски католички празник. Главните варшавски улици полни со верници.
Во 19:30 на аеродром. Средба со претседателот на Собранието на РМ, кој преку Варшава патува за Стокхолм. На неговото лице се гледа умор и остава впечаток на разочаран човек. Разговор – околу состојбите во Македонија.

12 јуни 1998, петок

Во 13:00 дипломатски ручек во југословенскиот клуб. Амбасадори од разни земји. Пријатно катче каде во вечерните часови се собираат голем број Полјаци, симпатизери на Србија. Најчести теми на разговорите и расправиите, при гласна српска музика, Косово**.**

13 јуни 1998, сабота

Во Варшава престојува поголема група македонски новинари. Средба во Амбасадата. Млади, образовани, културни. Активни во Варшава – делат материјали, се сретнуваат со полски и странски новинари, го шират името на Македонија. Се гордеат што нивното новоформирано здружение, кое со активна ангажираност на македонскиот амбасадор е примено во меѓународната федерација со името - Македонија.
Гане Тодоровски, нашиот амбасадор во Москва, ми го испрати по факс препевот на „КРИМСКИТЕ СОНЕТИ“ од Адам Мицкјевич во ракопис. Почнав да ги препишувам на компјутер.

14 јуни 1998, недела

Патуваме за Познањ по повод Меѓународниот саем на виното. Околу нашиот штанд многу дегустатори на нашите вина. Наш голем успех.

15 јуни 1998, понеделник

Вечерта се вративме во Варшава.

16 јуни 1998, вторник

Полските весници полни со информации за вежбите на НАТО над Македонија. Најмногу информации за тоа дека авионите најмногу летаа долж македонско-југословенската граница.
Во 18:00 романскиот амбасадор приреди закуска на која учествуваа 18 амбасадори и претседателот на полскиот Сејм, Мачеј Плажињски. Слободни разговори на разни теми од заемен интерес.

17 јуни 1998, среда

По телефон од Скопје ми се јави Софка Ашикова. Не ја познавам, ама таа тврди дека ме познава и бара да ја поддржам да дојде да работи во Амбасадата во Варшава. Рече дека е распишан конкурс за праќање кадри по амбасадите и сака да дојде во Варшава. Ѝ реков дека најдобро е да оди на разговор кај тие, кои одлучуваат за кадровската политика. Во текот на денот ми се јавија и други и бараа поддршка.
Почна орото на врските, а јас тоа оро не знам да го играм.
Во 18:00 часот на проштален прием кај амбасадорот Серватка.

18 јуни 1998, четврток

Отидов на средба со директорот на Домот на литературата „Адам Мицкјевич“. Директорот Пјењонжек го замолив да напише предговор кон македонското издание на изборот песни од А. Мицкјевич во превод на македонски јазик. Прифати и ми вети дека ќе побара да најде и соодветни илустрации.

19 јуни 1998, петок

Во 10:00 во Министерството за култура и уметност. Ме прими политичкиот советник на Министерството, Јарослав Филеј. Му ја врачив поканата од министерот Слободан Унковски, како и музичките материјали за министерката која по професија е композитор.

20 јуни 1998, сабота

Поради здравствени причини не отидов на гала-концертот во Пјенчице организиран за Дипломатскиот кор.

Од Сејмот ме известија дека делегацијата на полско-македонската парламентарна група нема да отпатува во Скопје во договорениот термин, поради тоа што во исто време е закажана итна седница на Сејмот. Предлагаат посетата да се реализира на 24-28 јуни 1998 година.

21 јуни 1998, недела

Во Амбасадата, во 14:00 часот, приредивме ручек на кој учествуваа амбасадорите на Руската Федерација и Словачка со сопругите Ирина и Вјера. Поминавме ретко пријатен ден.

22 јуни 1998, понеделник

На приемот во Амбасадата на Гватемала не отидов поради пристигнувањето на народниот правобранител, Бранко Наумовски во Варшава. На аеродромот го пречекав во 10:30. Стигна со авион од Софија.
Се јавив во Сејмот и им ја пренесов веста дека предложениот термин 24-28 јуни за посета на Македонија не е прифатлив. Од наша страна се предлага терминот 5-8 јули.
Се јавија од полското Министерство за одбрана и замолија да добијат информација за точното време на пристигнување и заминување на македонската воена делегација од Варшава.
Се јавив во МО и ми ветија дека утре ќе ја добијам бараната информација.
Во 22:00 по телефон разговарав со Лиле Наумова, колешка со која заедно во иста канцеларија работевме десетина години. Секогаш прибрана, секој збор одмерен, интелигентна, образована, со дипломатско искуство, знаење и умеење да се дружи.
Наумова ме прекина и рече:

- Ашикова дојде кај мене и се распрашуваше за тебе. Ѝ реков дека Наковски, со кого работев во иста канцеларија повеќе од десет години, бара знаење, трудољубивост, самоиницијативност, неизоставност при извршување на

работните обврски, не ги трпи неработниците. Прашај ги тие кои добивале работни задачи од него, па ќе ти кажат каков е Наковски.

- А ти, како си со здравјето? Крепи се...

Патем, да забележам дека 25 години по овој разговор, колегата Васко (Васил) Пановски, успешно ја заврши својата дипломатска кариера како вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Варшава. А тие, кои му го покажуваа високиот праг, не го пречекорија дури и најнискиот.

23 јуни 1998, вторник

Во 9:00 ми се јави политичкиот директор во Министерството за култура и уметност, Јарослав Фирлеј и ме извести дека министерката Јоана Внук-Назарова ја прифати поканата да патува во Струга со цел да ја открие бистата на Адам Мицкјевич и да се сретне со министерот С. Унковски. Потврди дека во текот на идната недела ќе бидат префрлени парите за печатење на поетските збирки од Анте Поповски и Петре Бакевски.

Во 9:00 се јавив во Министерството за одбрана и ги известив за терминот на пристигнување на македонската воена делегација во Варшава.

Во 10:30 се јавив во полското МНР и во разговор со заменик-директорот на Департментот Европа-Запад, го потсетив дека се уште немам информација дали е донесена одлука во врска потпишувањето на Договорот за архивска соработка. Вети дека ќе ме информира по разговорот со надлежните.

Во 18:00 на прием во Амбасадата на Австралија и од таму на вечера во Виланов што ја приредува полскиот Народен

правобранител во чест на македонскиот правобранител, кој е во официјална посета на Полска.

24 јуни 1998, среда

Вестите во врска со Косово се поалармантни. Холбрук на турнеја во Белград, Приштина, Скопје. Исто и Русите. Ханциски во Атина. Пред заминување категорично изјави дека нема промени во врска со уставното име на Македонија. Грција се заканува со вето. Солана и тој прета и се заканува. Натовски генерали велат дека НАТО ќе ја бомбардира Југославија. Европа лудува. Овој пат го избраа Балканот како и некогаш. Нема полоши вести.

25 јуни 1998, четврток

Во 9:00 ми се јави Цвеч од Министерството за култура и уметност. Рече дека утре на издавачката куќа ќе ѝ бидат префрлени парите. Договоривме да се видиме на 29 јуни.

Во 18:00 на коктел приреден од амбасадорот на Словенија по повод националниот празник. На средбите со дипломати и други личности најчеста тема на разговорите –Косово и Регионот.

26 јуни 1998, петок

Тековни работи во Амбасадата. Во 12:00 на прием по повод отворањето нови работни и службени простории на Бирото за демократски институции на ОБСЕ во старото седиште на

Дипломатскиот протокол. Малку присутни од Дипломатскиот протокол.

Во 13:20 во резиденцијата на унгарскиот амбасадор. Коктел по повод заминувањето на словачкиот амбасадор.

27 јуни 1998, сабота

Поради лошото време ја одложивме посетата на градот Кажимјеж крај Висла.

28 јуни 1998, недела

Лошо, врнежливо време.

29 јуни 1998, понеделник

Ми се јавија од полското Министерство за одбрана. Молат да им обезбедам преведувач од македонски на полски. Им ја препорачав поранешната секретарка која работела во Амбасадата, како и Димитр Манџуновски, Македонец од Воденско, наш школски другар, кој е постојан жител на Варшава и оженет за Полјачка. Рекоа дека по проверката ќе одлучат дали ќе ги прифатат.

30 јуни 1998, вторник

Ми стигна цел куп пошта. Работа за цел ден. Резервирав авионски билети Варшава-Скопје и обратно. Сопругата доби виза за влез во Грција, ќе оди кај своите родители. Мене ми откажаа. Од грчката амбасада ми рекоа дека сум непожелен.

1 јули 1998, среда

Со писмо го известив полското Министерство за одбрана за составот на македонската воена делегација и за времето на нејзиното пристигнување и заминување. Делегацијата на чело со генерал полковникот Филип Котели во Варшава ќе пристигне на 6 јули, а ќе замине за Скопје на 9 јули. Заедно со делегацијата за Скопје ќе замине и Дитта, која по краток престој на видување со децата, ќе замине на неколку денови кај своите родители во костурското Езерец.

Денес добив благодарност од амбасадорот на Словачка, Маријан Серватка, кој на заминување ми благодари за одличната соработка и пријателското дружење.

Во Амбасадата го повикав Мелон, сопственик на фирмата овластена да ги подготвува салите во кои амбасадите приредуваат свечени приеми, коктели, вечери, ручеци и сл. Договоривме да ја изнајми салата на палатата „КРУЛИКАРЊА“ („KRÓLIKARNIA“) во која на 8 септември ќе приредам прием по повод националниот празник - 8 Септември. Цената ќе ја договориме дополнително.

2 јули 1998, четврток

Издадов визи на четворица грчки дипломати.

3 јули 1998, петок

Во 10:00 кај Шимањски, во полското МНР. Согласно со барањето добиено од МНР/РМ, го замолив да ми бидат дадени информации во врска со начините и формите на обележување на границата, техничката и кадровската опременост на службите. Ми вети дека до 15 јули ќе ми ги достави бараните информации.

Во 12:00 во Амбасадата дојде Јежи Закшевски, претседател на Полско-македонската парламентарна група. Разговаравме во врска со претстојната посета на Македонија.

4 јули 1998, сабота

Цел ден врне и цел ден го изготвувам финансискиот извештај за јуни. Хрватска ја победи Германија со 3:0. На хрватскиот амбасадор, Брнелич, по факс му испратив честитка.

5 јули 1998, недела

Поради дождот не излеговме на прошетка. Гледаме на телевизија како гори Пелопонез во Грција.

6 јули 1998, понеделник

Во 11:00 заедно со високи офицери на полската војска на воениот аеродром ја пречекав делегацијата на Армијата на Македонија.

Во 13:00 ми се јави хрватскиот амбасадор Иван Брнелич. Праша дали сум ја добил информацијата - заедничко писмо од МНР на Хрватска, Словенија, Македонија и Босна и Херцеговина кое му е доставено на полскиот министер за надворешни работи, Геремек?

Му реков дека првпат слушам за таква постапка. Му се јавив на Ристо Блажевски. Рече дека ништо не знае за такво писмо, но ќе провери. По половина час ми се јави Светлана Гелева рече дека веднаш ќе ми испрати копија од писмото. Копијата ја добив и му се јавив на хрватскиот амбасадор. Се договоривме да побараме средба со министерот Геремек.

Во 14:30 ми се јави Паскал Гилевски.

Бев во Рим и се сретнав и се ракував со Папата. Голем човек.

Да, знам. Сум слушнал.

- Дај да позборуваме за Струга. Голема работа е поставувањето биста на Адам Мицкјевич. Погрижи се во Струга да дојде Чеслав Милош.

Му напишав писмо во име на Амбасадата и ургирав преку Министерството за култура и уметност. Нема да дојде поради здравствени причини.

Штета, Струга ќе добиеше поголем сјај.

7 јули 1998, вторник

Во 11:00 во Апостолската нунцијатура испраќање на четворица амбасадори.
Во 20:35 грчката телевизија покажа снимка од сообраќајката на турскиот премиер на патот Скопје-Битола.
Се прашувам: и пак ли по лошо ќе си ја афирмираме државата?

8 јули 1998, среда

Се вклучив во програмата на разговорите на воените делегации согласно добиените инструкции од македонското Министерство за одбрана. Главниот збор го имаа шефовите на делегациите.
Попладнето делегацијата на АРМ заедно со тројца полски генерали и еден полковник ги примив во Амбасадата и приредив скромна закуска дополнета со македонски вина.

9 јули 1998, четврток

Во 11:15 на аеродромот во ВИПОТ. За Скопје ја испраќам делегацијата на АРМ. Заедно со неа и Дитта.
Се вратив во Амбасадата и веднаш ја почувствував осамата. Сам сум. Се обидувам самотијата да ја смирам со слушање сериозна музика.

10 јули 1998, петок

По факс од МНР/РМ ми ги пратија изјавите на министерот Ханџиски и на министерот за надворешни работи на Сојузна Република Германија, д-р Клаус Кинкел, кој е во официјална посета на Македонија. Го читам со внимание.

11 јули 1998, сабота

Денес роденден на внука ми, Марија. Полни две години. Срдечни честитки по телефон.

12 јули 1998, недела

По новиот календар денес е ПЕТРОВДЕН. Честитки од ќерките и зетовците. Од Костур ми честиташе и Дитта. По стариот календар денот во моето родно место се слави на 29 јуни. Паметам дека тој ден куќата ни беше полна со гости, не

само од соселани, туку и од околните села. Роднина до роднина од Дмбени, Косинец, Лобаница, Смрдеш, Долно Папратско, а во дворот на ражен дедо Ѓорѓи вртеше јагне. Бев неговиот најомилен внук. Мајка - Бог да ја прости - уште претходниот ден ми рече: утре, синко, ќе ми те поправам (облечам) о најлепите пљачки. И така стори. Јас така празнично облечен истрчав со другарчињата да играм долга магарица, паднав во калта и за голема срамота пред гостите се појавив целиот извалкан. Вечерта мајка ги испра лепите пљачки, а кога веќе беа суви, ја гледав како ги мазнеше, ги диплеше, ги галеше, ги мирисаше и ми се чинеше дека во нив ја внесуваше целата своја мајчинска душа. Последен пат ме облече мајка о лепите пљачки на ПЕТРОВДЕН во 1947 година. Беа мувлосани, зашто сандакот беше скриен во длабока јама ископана под куќата. Тој ПЕТРОВДЕН имаше војна. А наредната година, 1948-та, беше полоша и ниеден празник не се славеше. И деца немаше. Паметам, дека границата со Албанија ја пречекоривме на зајди- сонце и тој ден во моето село и во многу други, зајде детската радост и смеа, мајките останаа со празни скутови и прегратки и дедовците замолкнаа зашто немаше кому да раскажуваат приказни. Под туѓи поднебја растевме и не одбележувавме роденден и имендени по наши македонски адети. Не било револуционерно. Ама затоа во училници и училишни сали, на булевари и плоштади го славевме роденденот на Сталин и на другите злосторници кои сакаа да бидат нови богови, убивајќи го во нас нашиот Бог.

Денес е ПЕТРОВДЕН и јас сум сам и во оваа моја самотија си спомнувам делови од моето детство и ми се чини дека во долгата летна и ноќна тишина викаат спомените, вика и родната грутка...

На спиење ја сонувам мајка ми. Стоеше на ридот што малку се извишува над селото и ме довикуваше. Не ѝ го слушав гласот. Се разбудив целиот испотен. Посегнав по тетратката и пенкалото и низ солзи почнав да пишувам:

Има мајка, Фимка, и големи и мали чеда

и ги чека на врв рид стоејќи загледана в небо-
се крсти, та моли:
- Господе Боже семоќен, Богородице златна,
стори да дојде денот да ми се вратат
чедата големи од бојот и чедата мали
од туѓо... и
живи и здрави на порта да ми тропнат...
Стори Богородице мила, да ми тропнат, леле,
на порта, по дворје и одаи да ми се растрчат,
да ми се распеат во бавчи китни,
во лозје зрело, ливада зелена... лелее...
Боже, Господе златен, семоќен, дарежлив,
врати ми ги чедата големи и мали
и засекогаш остави ми ги во скутот и пазувите
да дозреат и закрепнат, та потоа тапан нека удри,
зурли нека писнат за свадба, за првачиња и мераците
ко река нека потечат, лееле... Боже...
кога ќе ми се вратат, кога ли? Лелеле...
Направи, Боже и Твојот гнев да се смири
и мојата болка и чемер во радост да бликне.
Матното, Боже, однеси го, разведри небо,
премости реки, друмишта отвори ширум
за да ми се вратат чедата големи и мали
како што се враќаат ластовичките, леле...
Оф, леле... чедата, Боже, врати ми ги, лелее, лелеее...
Боже, Богородице, која знаеш
да не одболиш болка од тело...
Чедата мои, Богородице, врати ми ги... лелеее, оф...
Леле...! на врв рид залелека плач мајчин,
та ми се изгуби молитвата по угорнината, по удолнината,
та ја презеде далнината и се стресе планината...
Чедата големи ги голтна матнината...
чедата мали не ги врати туѓината...
А на врв рид јас се уште слушам како лелека
големата молитва на мајка...
во илјада и четириесет и осмата година...

Така ја сонував мајка, која не дочека да си ги прибери во скутот и пазувите и големите и малите чеда...
Текстот го пратив во „НОВА МАКЕДОНИЈА“ и го објави подлистокот „ЛИК“ под наслов „1948 ГОДИНА ГОЛЕМАТА МОЛИТВА НА МАЈКА“. По некој ден од Москва ми се јави Гане Тодоровски и со растреперен и раскинуван глас ми рече:
Ја прочитав големата молитва на мајка ти, всушност на мајките наши од Егејска Македонија. Се расплакав. Голема болка ми отвори таа молитва...
Си реков: - Кој ќе му ја лекува големата болка на Гане, кој за мене сега е гласот на Македонија?

13 јули 1998, понеделник

Денес врвеж во Амбасадата. Многу странки, наши државјани, кои по разни поводи биле дојдени во Полска, бараат пасавани за враќање во Македонија. Југословенските црвени пасоши веќе не важат.

14 јули 1998, вторник

Во 11:00 од печатницата ми ги донесоа поканите за присуство на приемот по повод 8 Септември.
Текстот на поканата гласи:

По повод Националниот празник на Република Македонија - Денот на независноста, Амбасадорот на Република Македонија и Дитта Наковска имаат чест да Ве поканат на прием во вторник 8 септември од 18:00 до 20:00 часот.
Палата Круликарња R.S.V.P.
Ул.Пулавска 113а 843 13 26

15 јули 1998, среда

Во 15:30 заедно со Дота дојдоа во Амбасадата сестрите близначки Лена и Ксанти. Потекнуваат од костурското село Поздивишта. Од времето кога заедно бевме во ист дом и заедно учевме основно во иста училница, до сега поминаа 40 години. Растевме заедно и заедно делевме и радост и тага. Лена замина во Канада, таму се омажи за Канаѓанин, Ксанти остана во Варшава, се омажи за Полјак (кој недамна и почина), а јас заминав за Македонија, каде се оженив со Дитта (крстена Афродита). Така се растури тоа наше детско јато и денес заедно сме само ние. На другите од домот не им ја знаеме судбината. Знаеме дека судбината ги растури по светот. По име и презиме ги спомнуваме. Сите заедно сега сме собрани во споменот.
Целото попладне се враќавме во нашето детско и младешко време.
Ми се јави Лиле Наумова. По тонот на гласот сфаќам дека е многу разочарана. Поради тоа ја замолив да се слушнеме по телефон утредента. Само неколку минути подоцна се јави Ана Трајковска. Поразговаравме за состојбите во Министерството.

16 јули 1998, четврток

Од полското Министерство за култура и уметност ме известија дека министерката Назарова во Македонија ќе допатува на 20, а за Варшава од Струга ќе се враќа на 22 август. Значи откривањето на бистата на Адам Мицкјевич треба да се планира на 21 август.
Бистата на Адам Мицкјевич јас ќе ја однесам со авион до Скопје и од таму ќе ја преземе Советот на Струшките вечери на поезијата.
Во 18:00 на прием во Амбасадата на Ирак.

17 јули 1998, петок

По телефон се јавив на г-ѓа Наленч, генерален директор на полските Државни архиви. Ја прашав дали веќе е донесена одлука за потпишување на Договорот за соработка меѓу архивите на Полска и на Македонија. Рече дека добила писмо од полското МНР во кое има три предлози во врска со потписите, но го нема името „Архив на Македонија“. Ја замолив со писмо да ме извести за ставот на полското МНР. Вети.
Ми се јави Цвеч од Министерството за култура и ме извести дека директорката на Департментот за афирмација на творештвото, г-ѓа Агњешка Комар Моравска е надлежна да се грижи за навремено леење на бистата на Мицкјевич и во врска со тоа прашање со неа да сум во контакт.
Од издавачката куќа „**Кшоншка и Bjesa“** ми ги испратија кориците од изборите поезија од Анте Поповски и Петре Бакевски. По факс им ги испратив на авторите, кои во одговор изразија задоволство.
Забележувам дека на поштенските сандачиња на аеродромот, на улиците, пред хотелите како и пред Главната пошта на налепниците со имињата на државите е запишано и уставното име на Македонија со телефонскиот код. Исто така нашето име – Македонија, може да се прочита во разни огласи, карти, информатори, именици и сл. Ова е потврда дека моите упорни и постојани настојувања во разговорите, средбите на приеми, коктелите и други контакти веќе даваат резултати. Ова ме задоволува и ме радува.
А овој ден го паметам и по нешто друго што и денес ми е наметнат белег, како лишај. Имено 1950 година воспитувачот ја построи нашата домска група момчиња на 14, некои и на 15 години и редум не запишуваше по име, презиме, ден, месец и година на раѓање. На ред дојде и до мене. Ме праша како се викам и кога сум роден. Му го кажав името и презимето, а кога дојде до раѓањето, реков дека нашата негователка, која ја викавме мајка, нас момчињата од моето село ни запиша година на раѓање 1937, а не ни запиша ден и месец. Воспитувачот прашалнички ме гледаше и рече:

- Да запаметиш дека годината на раѓање ти е 1937, а месецот на раѓање јули, бидејќи денес е јули, а денот на раѓање 17, бидејќи во стројот сега си на 17-то место. И така во тефтерот на воспитувачот беше запишано дека сум роден на 17 јули 1937 и така остана запишано во сите мои документи дека сум роден тогаш, како што запиша воспитувачот во својот тефтер. До денес во сите мои документи е запишана таа дата на моето раѓање. Но, вистината за моето раѓање е малку подруга. Во 1987 година брат ми Ристо, со кого не сме се виделе од 1947, кој живее во Перт, на пат за Скопје помина по костурското село Света Недела, сега Агија Кирјаки и ги прегледа црковните книги во кои виде дека е запишано - роден сум на 15 јуни 1936 година. И така според воспитувачот сум роден на 17 јули 1937, а според црковните книги, кои се веродостојни, на 15 јуни 1936 година. Значи имам прилика да славам два родендена. Но семејно го одбележувам само денот кога ме роди мајка ми и ПЕТРОВДЕН, кој ми го честитаат роднините и пријателите Дитта се врати во Скопје. Грчките власти не ѝ одобрија да остане кај своите повеќе од десет дена. А кога во општината побара за мене да добие извод на родените запишани во црковните книги, и рекоа дека таков не постои.

18 јули 1998, сабота

На прошетка во Виланов. Посета на изложбата: „Стари портрети во масло“ од разни ликовни уметници.

19 јули 1998, недела

Го завршив читањето на романот „ВОЈНА И МИР“ од Толстој.

20 јули 1998, понеделник

Ми се јави г-ѓа Комар Моравска од Министерството за култура и уметност. Рече дека најверојатно до 28 јули бистата на Мицкјевич ќе биде готова.

21 јули 1998, вторник

Денес почнав да ги пишувам поканите за приемот на 8 Септември според однапред изготвениот список. Дел ѝ дадов на кореспондентката- преведувач. Не ја заврши работата. Сам пополнувам 220 покани за амбасадори, министри, политичари, парламентарци, новинари, писатели и Македонци, жители на Варшава и подалечни градови на Полска.

22 јули 1998, среда

Многу телефонски јавувања од непознати Полјаци. Бараат информации за тоа дали во Македонија е мирно, бидејќи сакаат да ја посетат, а слушаат дека во блиското Косово врие. Им велев дека во Македонија е мирно и можат слободно таму да се чувствуваат.

23 јули 1998, четврток

Во Југозападна Полска – поплави. Има жртви. Во Скопје и Куманово – експлозии на бомби – дело на екстремни Албанци.
Во 18:30 на коктел во Амбасадата на Египет. Подолг разговор со генералот Гонгор во врска со ситуацијата на Косово.

24 јули 1998, петок

Продолжувам со пишувањето на поканите за 8 Септември. Во 12:00 кај Шимањски во МНР. Го запознав со состојбите во Македонија. Пред тоа кратко случајно видување и

разговор во холот на МНР со амбасадорот на СР Југославија, Зоран Новаковиќ. Се договоривме да се слушнеме утре, а во вторник да се видиме.
Најпосле прашањето со бистата на Адам Мицкјевич е решено. Во понеделник заедно со г-ѓа Моравска ќе отпатуваме во гратчето Иљжа, 150 километри далеку од Варшава, каде во тамошната леарница се лее бистата на Мицкјевич. Денес ќе ја пренесеме во Варшава.

25 јули 1998, сабота

Добив писмо од генералната директорка на Полските архиви. Пишува:

Многу Почитуван господине Амбасадоре!
Учтиво Ве информирам дека полската архивска служба е заинтересирана да потпише договор за заемна соработка со македонскиот архив.
Предлагаме во текстот на Договорот, што би требало да го потпишеме, да се употреби компромисна формулација која би се однесувала на Вашата земја, на пример:
Договор... меѓу Генералниот директор на полските Државни архиви и Директорот на македонскиот Државен архив;
Договор меѓу Директорот (Директорите) на Државните Архиви во Варшава и во Скопје;
Полско-македонски договор за соработка на Државните архиви.

Сметајќи на Ваше разбирање, примете изрази на длабоко почитување
доц. д-р хаб Дарја Наленч

Му се јавив на Шимањски во полското МНР и му ја пренесов содржината на писмото. Господинот Шимањски отсечно рече:

- Договорот ќе се потпише со „Архив на Македонија“ – и замоли писмото да му го пратам по факс.

26 јули 1998, недела

Утрото ми се јави Ришард Биљски, наш познат новинар и пријател. Рече дека дека цела ноќ го подготвуваше интервјуто со претседателот Киро Глигоров. Утре ќе го објави. Копија ми прати по факс. Ја приложувам во ракописот во КЛАСЕР број VII, стр. 26.
Во 11:00 ми се јави по телефон Живко Апостолски. Тој денес е дежурен во МНР. Долг разговор за состојбите во Македонија, а посебно во МНР. На крајот од разговорот ми рече: - Во МНР почнаа да се спроведува ред. Поканите за приемот ги собрав во една кутија и му ги дадов на возачот да ги прати по пошта. Но пред тоа одлучив да проверам дали добро се напишани адресите. На голем број од ковертите на кои адресите ги пишуваше кореспондентката-преведувач најдов многу грешки.

27 јули 1998, понеделнник

Во 9:00 часот заедно со г-ѓа Моравска заминавме за Иљжа за да ја преземеме бистата. За жал не ја собираше во багажникот. Утре во 13:00 часот мајсторот со својата кола ќе ја донесе во Варшава.
Околу 19:00 часот на вечера кај амбасадорот на Чешката Република, Карел Шиндл. Присутни амбасадорите на Хрватска, Украина, вршителот на работите на Словачка, Бугарија, Унгарија, Албанија, Македонија. Вечерата во чест на амбасадорите на Хрватска и Унгарија. Се изненадив кога дознав дека Габор, амбасадорот на Унгарија е отповикан. Вечерата скромна, но од срце. Важен е чинот. Паднаа искрени зборови на пријателство. За утре договорив средба со Брнелич и Габор и доколку ќе има време ќе ги задржам на ручек.

За време на вечерата и по неа, при една поголема опуштеност, протекоа зборови на жалење поради тоа што наскоро ќе ни се растури друштвото кое постои скоро четири години и се претвори во клуб на искрено пријателство. Паднаа и зборови на разочараност. В ред е што доаѓа до смена на амбасадорите. Тоа е вообичаена работа. Меѓутоа отповикување заради неприпаѓање на политичка партија која победи на избори? Така е во случајот со унгарскиот амбасадор кој на одреден начин го изрази токму таквото недолично однесување кон него. Слично е и со бугарскиот амбасадор. Се слуша дека и тој наскоро ќе биде отповикан. Украинскиот амбасадор во шега рече:
- Јас сум најблиску до дома. Баш ми е гајле ако некому му текне нешто слично. Своето сум го сработил како прв амбасадор на независна Украина. Истото го направи и хрватскиот колега, а му завидувам на македонскиот амбасадор кој три и половина години сам се носи со сите проблеми и предизвици и поради тоа сите и секаде го фалат.
- Ако некој, без навреда и потценување, рече хрватскиот амбасадор, Брнелич, многу и тоа предано работеше и секогаш имаше време за сите нас, тоа е нашиот македонски пријател, амбасадорот Наковски. Јас му се восхитувам. Сам направи толку многу за својата млада држава, колку некои амбасадори за целиот свој мандат или живот. И уште да речам дека колку што ми е познато, како никој друг амбасадор не донесе толку делегации и не договори толку договори. Бога ми, колега, ќе те паметиме по твојата трудољубивост, знаење и добрина.
Не ми беше баш најпријатно да ги слушам овие пофалби, но нема да им останам и јас должен. На друг начин ама со иста цел. Го искажав моето мислење за колегите амбасадори, велејќи дека таква атмосфера и таквото дружење, претставува огромна поддршка и помош.

28 јули 1998, вторник

До македонските државници испратив честитки по повод 2 август, празникот Илинден.
Од полското Министерство за култура и уметност ми јавија дека ја донесоа бистата на Мицкјевич во Министерството.
Во Амбсадата дојде романскиот почесен конзул во Гдањск и со себе донесе некој свој познаник, кого го препорачува за почесен конзул на Македонија во Гадњск и околината, во која живеат осум милиони население. Им се заблагодарив за посетата и им ветив дека уште во текот на денот за ова ќе го информирам МНР/РМ. Се разделивме со ветување наскоро да се видиме.
Во 11:00 дојде амбасадорот на Хрватска. Се интересираше за состојбите на Косово и нивното влијание врз Македонија.
Во вечерните часови ТВ Варшава јави дека почина поетот Збигњев Херберт, мој многу срдечен пријател чии песни ги имам преведено и објавено во Македонија.
Бистата на Мицкјевич ја донесоа во Амбасадата. Од тука утре ќе ја однесам на аеродром.

29 јули 1998, среда

Последен ден во Варшава пред заминување на одмор во Македонија.
До Дипломатскиот протокол испратив нота со која известувам дека од 1 до 31 август ќе користам годишен одмор надвор од земјата на приемот. Во отсуство на амбасадорот ќе работи секретаријатот.
Во 12:30 на ручек приреден од амбасадорите на Хрватска и Унгарија.
По повод празникот Илинден ми стигна честитка од поранешниот заменик-премиер и министер за земјоделство, сега претседател на Народно-демократската партија, Роман Јаѓелињски, со кого имам одлични контакти**.**
Вечерта се спакував. Утре во 6:00 на аеродром, а во 7:00 полетување за Виена од каде по пет часа чекање авионот ќе полета за Скопје.

30 јули 1998, четврток

На аеродром. Со возачот ја пренесуваме на количка бистата на Мицкјевич до магацинот на аеродромот. Краток престој во ВИПОТ каде ме испраќаат претставници на Дипломатскот протокол.
Повик за влегување во авионот и во 7:05 полетување за Виена. Мирен лет, ведро небо. Во 8:15 слетување и пет часа досадно чекање за полетување за Скопје. Најпосле повик, влез во авионот и полетување за Скопје.
На пасошка контрола поминувам преку ред. Во царинарница ја пријавувам бистата на Мицкјевич. Царинарникот прашува за кого е. Му велам за Струшките вечери на поезијата. Рече дека некои беа тука и прашуваа дали нешто такво стигнало. Во ред е. Појдете. А надвор ме пречекаа Дитта и Миленка. Одиме право кај Тања и внуката Марија. Денот ми е еден од најсреќните. Денес сум со целото мое семејство. Радоста е голема.

31 јули 1998, петок

Во 9:00 часот отидов во МНР/РМ на однапред закажаната средба со генералниот секретар Данчо Марковски. Чекам. Протече петнаесетата минута. Чекам. Поминаа двaест минути. Станав и му велам: - Данчо, ти продолжи, а јас ќе дојдам утре или никогаш. Кога ќе завршиш, побарај ме. Порано таква бирократија немаше. Сега кој има потреба, нерви и време чека. Јас сакав само да се видиме.

1 август 1998, сабота

Целото семејство отидовме на прошетка. Ручек во манастирското ресторанче во Скопска Црна Гора.

2 август 1998, недела

Ден Илинден, ден на големиот македонски празник. Македонија празнува, но раскарана. Повеќе партиска отколку национална прослава.

3 август 1998, понеделник

Денот го поминавме со пријатели надвор од Скопје. Секоја вечер сме со децата.

4 август 1998, вторник

Во 12:00 на разговор кај Ристо Блажевски. Разговараме за досегашните достигнувања во соработката со Полска. Ги пофали моите активности. Оценивме дека успешно се развиваат односите независно од прашањето поврзано со употребата на уставното име. Во врска со возвратната официјална посета на полскиот претседател Александер Квашњевски на Македонија сугерирав да се реализира во април или мај 1999 година.

5 август 1998, среда

Во 9:00 во Друштвото на писателите на Македонија. Договоривме бистата на Мицкјевич во Струга да биде поставена на брегот на езерото западно од хотелот и неговото име и презиме треба да биде напишано на латиница и на кирилица.

6 август 1998, четврток

Со комбе во Струга ја испративме бистата на Адам Мицкјевич.
Ме повикаа во Министерството за внатрешни работи и ми врачија документ врз чија основа како амбасадор можам да носам оружје за лична безбедност.

7 август 1998, петок

Останав дома. Одморам. Покрај мене е внуката Марија. Пееме било што. Дојдоа Тања и Миле.
Се јавив во Кабинетот на претседателот Киро Глигоров. Го пријавив мојот престој во Македонија. По десетина минути ми јавија дека претседателот Киро Глигоров сака да се види со мене. За времето на приемот ќе бидам известен.

8 август 1998, сабота

Со Дитта останавме дома. На ручек беа Тања, Миле и Марија, кои во 21:30 не однесоа на сладолед.

Децата ни посветуваат многу време и внимание.

9 август 1998, недела

Претпладне отидовме на гробишта да ги посетиме родителите, да им запалиме свеќа, да имаат малку светлина и да се помолиме за нивните души и да им посакаме мирен покој. Гробовите запуштени, обраснати со трева. Со голи раце ја корнеме. Крстот на нагробната плоча на мајка скршен. Се обидувам да го доправам. Некои без вера, совест, чест и чувство – ги валкаат гробовите, ги кршат плочите и крстовите.
Мир и спокој на Твојата душа, мајко. Со Тебе е љубовта на Твоите осум рожби без кои си останала сама.
Така ти било пишано.
Во некоја друга прилика можеби ќе напишам повеќе за делот што ни го скрои судбината.
Моите родители биле два спротивни карактери. Мајка ми синоним на добрина, трудољубивост и трпеливост, татко ми – тип на строг човек. Најтешка година од моето детство, ми беше 1947 година. Тогаш, ми се чини, дека таа година

пораснав. Таа година постарите браќа ги собраа за в бој и се што беше за работа, падна врз грбот на мајка и мојот. Работев толку, колку и еден возрасен. На не цели десет години и орав и сеев и пасев и овци и кози и говеда и се друго што се работи на село. Потоа по неа дојде 1948 година, годината на големата разделба, годината на пустошот. Тоа се памети и споменот тежи. Мајка ми ме сакаше и секогаш наоѓаше време да ме погали, И кога во мигот го пишувам ова, си спомнав еден стих од големиот руски поет, Михаил Јурјевич Лермонтов:

Ужасная судьба отца и сына
Жить розно и в разлуке умереть

Да, така. Ужасна ни беше судбината. На овој свет не бевме среќни.
Како што забележав, за ова и за многу друго поврзано со ова, ако даде Господ здравје и време, со мака во душата и болка во срцето ќе се обидам нешто да напишам...

10 август 1998, понеделник

Утрото во 8:00 заминавме за Струга каде со Тања, Марија и Миле се дружиме по цели денови се до 18 август, кога за мене почна дел од нови активности. До Дипломатскиот протокол во Варшава испратив телеграма во која е содржана актуелната адреса на мојот престој.
Постаментот за бистата на Адам Мицкјевич скоро е готов. Под жешкото сонце се суши бетонот. Се надевам дека величината на Мицкјевич ќе ја издржи.
Осум дена одмор и толку мирни прошетки по кејот на Дрим.
(Фотографии во КЛАСЕР бр.VII, стр. 53)

Останатите денови од одморот во придружба на министерот за одбрана на Полска, г. Добжањски со сопругата, која ја придружува мојата сопруга. Програмата опфаќаше средби во

Министерството за одбрана на Република Македонија, разговори со воени лица на АРМ, еднонеделен одмор во кампот на АРМ во Св. Наум, посета на историските и културните знаменитости на Охрид и Струга, средба и ручек со претседателот Киро Глигоров.

18 август 1998, вторник

Остро ѕвонење на телефонот во хотелската соба. Од пријавницата на хотелот ми велат дека ми стигна телеграма од Варшава. Велат дека е многу итно. Во превод на македонски, пишува:

„За амбасадорот д-р Петре Наковски. Итно. Министерство за култура и уметност, Департамент за соработка со странство. За г-дин д-р Петре Наковски, амбасадор на Македонија во Полска. Почитуван Господине Амбасадоре, Ве известуваме дека поради презафатеност, г-ѓа министерка Назарова е спречена да допатува во Македонија по повод откривањето на бистата на Адам Мицкјевич. Во Македонија ќе допатува државниот потсекретар Ѓуровски и ќе го придружува вршителот на работите, Билут".

Веднаш го побарав заменикот-министер Борко Зафировски и му ја пренесов веста.

19 август 1998, среда

Промоција на Панорамата на полската современа поезија. **(Фотографии во ракописот, КЛАСЕР VII, стр.65)**

20 август 1998, четврток

На аеродром. Пречек на претставникот на полското Министерство за култура, Журовски. Целата натамошна огранизација и грижа врз грбот на г-ѓа Кимова.

21 август 1998, петок

По официјалните разговори, во 13:00 часот свечено откривање на бистата на Мицкјевич. Пригодни говори држат Журовски и Зафировски. Македонскиот министер за култура не се појави.
На враќање во хотелот ми порачаа да се јавам на телефон, тоа е ќерка ми Миленка. Се јавив и ми ја кажа жалната вест: почина Коле Поповски, наш дамнешен пријател со чие семејство долго време се дружевме.
Коле Поповски од Костурското село Галишта, кој се бореше во редовите на ЕЛАС, потоа маршираше во Битола, во Кичевско и Гостиварско ги чистеше балистите, служеше во ЈНА, артилерец, потоа гардист и кандидат да оди да учи во воена академија. Патот го однесе на Грамос и три години се бореше во редовите на ДАГ. Тешко ранет, жив излезе од тајната болница во Полска и се вработи како воспитувач во детски дом. 1950 година, по краток курс, учител по македонски јазик. Мој учител во петто одделение во Згожелец. Типичен народен учител. Ме учеше да читам и да пишувам на кирилица. Само толку знаеше и тоа во тие времиња беше многу. Кога и јас станав учител, работевме во исто училиште во гратчето Полице. Тој Македончињата ги учеше музика, најмногу македонски народни песни, а јас македонски јазик, историја и географија. Сè во духот на македонштината. Поради тоа некои нè кодошеа, нарекувајќи нè титови агенти. Да, бевме агенти кои агитираа за Македонија.
Отиде Коле, кој младоста и зрелите години и ги посвети на Македонија. Им се придружи на борците за Македонија.
На нашата драга пријателка и негова сопруга, Тина, од костурското село Шештево, која беше воспитувачка цел

работен век и одликувана со полски одличија за заслуга во воспитувањето на децата, а пред тоа негователка на група деца одведени во 1948 година и на нивните двајца синови Григори и Алеко им испративме телеграма со сочувство и ветување дека длабоко ја споделуваме нивната болка**.**
На Коле и на неговите соборци споменик не им треба. На заслужните им треба само скромен народен збор за незаборав. Спомеикот некој ќе го урне, ќе го оскрнави, ќе го извалка, без да мисли дека така си го валка и својот образ. А добриот збор ќе остане вечно.

22 август 1998, сабота

По кратката посета на Охрид, приреден прием од претседателот Киро Глигоров за учесниците и гостите на Струшките вечери на поезијата. При поздравот со Претседателот, договоривме да се сретнеме во текот на неделата.
Вечерта, во 22:00 во Св. Софија портрет на кинескиот поет Лу, годинашен добитник на Златниот венец.

23 август 1998, недела

Во Св. Наум со градоначалникот Раде Китановски имавме долг разговор во врска со можностите да се воспостават контакти со Полска. Во таа смисла издоговоривме некои облици на соработка во областа на културата, а пред сè во областа на туризмот. Му ветив дека во областа на културата имам добри контакти и врски во Варшава и во текот на септември може да очекува размена на културно-уметнички друштва, а што се однесува до туризмот ќе се погрижам да разговарам со туристички фирми, но за тоа ќе ми биде потребен и соодветен пропаганден материјал за охридските туристички понуди. Ми вети дека таков материјал во текот на неделава ќе ми испрати по пошта.
Со истата кола во 19:00 часот стигнавме во Скопје.

24 август 1998, понеделник

Ден за одмор по трите напнати денови во Струга.
Околу 10:00 ми се јавија од Кабинетот на претседателот Киро Глигоров и закажаа средба за утре во 15:00 часот.

25 август 1998, вторник

Отидов во управата на Царинарница каде со управникот разговаравме во врска со претстојното потпишување договор меѓу управите на царинарниците на Македонија и на Полска.
Од Кабинетот на Претседателот јавија дека средбата закажана за 15:00 се одлага за 16:00 часот. И пак ми јавија дека закажаната средба се одлага и ќе се одржи во 18:00 часот.
Во 18:15 влегов во Кабинетот. Претседателот срдечно поздравувајќи се, се извини за честото одлагање што се должи на други многу важни средби. Во текот на 45-минутниот разговор го запознав со внатрешните состојби во Полска, актуелните напори во областа на нејзината надворешна политика за влез во НАТО и во Европската Унија, како и со актуелните односи со соседите, ставот спрема Руската Федерација, кој добива сè понегативни облици и многу плодната билатерална соработка со Германија. Во продолжение преминав на македонско-полските билатерални односи и при тоа истакнав дека досега се постигнати завидни резултати кои веќе се потврдени со веќе неколку потпишани договори и дека претстои фаза на потпишување и други договори кои се во тек на подготовки. Подвлеков дека Полска е заинтересирана да ги јакне односите и соработката со Македонија, меѓутоа единствена пречка се потписите, доколку од наша страна упорно ќе се настојува да се употребува уставното име. Сугерирав да продолжиме со проширување и јакнење на билатералните односи во сите области и на прв план да не го ставаме

прашањето на името. Реков дека сум убеден дека и тоа прашање со време ќе биде решено по влегувањето на Полска во НАТО и во Европската Унија. За ваквиот став во еден од разговорите со претседателот Квашњевски ми е потврдено дека Полска преку Македонија сака да го прошири своето влијание во Регионот и во Централна Европа со што ќе ја зајакне својата позиција и во НАТО, а пред се во Европската Унија. Таквиот нејзин став, сметам, соодветно треба да го искористиме. Во еден од разговорите претседателот Квашњевски истакна дека откако Полска ќе ги постигне зацртаните национални цели, тогаш ќе ја донесе одлуката официјално да ја посети Македонија (не го употреби уставното име, туку само Македонија) и тогаш, како што истакна официјално Полска ќе ја признае Македонија со нејзиното официјално име.
Во продолжение реков:
- Претседателе, јас лично сметам дека ние треба да бидеме трпеливи, но и настојчиви и до некаде и агресивни. Во таа смисла сметам дека потребно е не само да сме трпеливи, но истовремено и добро подготвени по пат на размена на делегации, посети, средби, разговори, потпишување на договорите, проширување на контактите меѓу надлежните институции, па дури и приватните субјекти да ги јакнеме билатералните односи. Многу е важно, според мене, да ја имаме и да ја јакнеме довербата со Полска. Во мојата мисија постојано на тоа инсистирам и наоѓам разбирање и поддршка. За жал во македонското Министерство за надворешни работи ставовите се различни, честопати зависни од честото менување на министрите и личните амбиции. Цврсто стојам зад ставот дека во МНР/РМ мора да се изготви стратегија за соработка одделно за секоја земја.
Претседателот внимателно ме слушаше, нешто бележеше и кога завршив, долго ме гледаше и потоа ми рече:
- Петре, ми изгледаш многу преморен, па дури и ослабнат во споредба со последното наше видување. Знам дека ти е тешко сам да работиш. Ти си постигнал многу, ја оправда

мојата доверба. Јас праќајќи те, не згрешив. Те сметам за еден од најдобрите и најуспешни наши амбасадори. За жал имаме такви, кои досега ништо не постигнале, а многу ветувале, а некои дури заборавиле за својата улога и обврска. Ти научи многу и многу стори. Продолжи како и досега.
На ова му реков дека многу ме охрабри, меѓутоа сметам дека е потребно кадровско зајакнување на Амбасадата во Варшава, подвлекувајќи дека тоа истото им го сугерирав на надлежните во МНР/РМ. Побарав да пратат способни дипломати од кариера, а некои па нека се и почетници, кои се желни за работа, ќе бидат мотивирани да ја градат својата дипломатска кариера. Претседателот полека стана, силно ми ја стегна раката, ме поклепа по рамо, пожелувајќи ми добро здравје и ново видување.
Морам да признаам дека средбата многу ме охрабри.

26 август 1998, среда

Денес цел ден сум дома. Телефонот го исклучив. Сакам малку да здивнам, да одморам, да дремнам, да поспијам.

27 август 1998, четврток

Отидов во Клубот на писателите. Се сретнав со неколку писатели, познати и почетници. Сите молат да се погрижам во Полска да им бидат објавени збирки од нивната поезија, како што се објавени збирките на Анте Поповски и Петре Бакевски. Ништо не им ветувам.

28 август 1998, петок

Голема Богородица. Македонија го чествува празникот Успение на Пресвета Богородица.
Денес во 18:00 во Соборниот храм Св. Климент Охридски крштевка на внуката Марија. Потоа заедничка вечера.

29 август 1998, сабота

Дојдоа познати и пријатели. Да се видиме пред утрешното заминување
за Варшава.

30 август 1998, недела

Заеднички ручек со децата. По ручекот заминување за аеродром. Со нас во Варшава доаѓа и Миленка. Вообичаено, како и пред секое подолго отсуство – солзи, тага и болка.
За Виена полетавме во 17:25.
Збогум Скопје и повеќе да нема разделби.
Во Варшава не ни стигна багажот. По проверката ни рекоа дека остана во Виена. Утре ќе го донесат.

31 август 1998, понеделник

Утрото испратив нота до Дипломатскиот протокол со која известив дека амбасадорот на Република Македонија се врати во Варшава и ги презеде надлежните обврски.
Цел ден ја прегледувам пристигната пошта.
Во 18:00 на коктел во турската амбасада приреден по повод Денот на оружените сили на Турција. Средби со досегашните и запознавање со нови амбасадори. Најчеста тема на разговори Косово и неговото влијание во Македонија и во Регионот.
Директорката на полските Државни архиви ми се пожали дека не ја пуштиле нашите преку ред да помине иако има дипломатски пасош. Рече дека е разочарана затоа што малку повеќе ја задржале на преминот. Ѝ реков дека жалам и дека при една доста напната ситуација каква што е сега на Косово, разбирливо е дека има зајакната контрола независно од видот на пасошот.
Претпоставувам дека директорката на нашите им подрекла нешто, па оттука и односот.

1 септември 1998, вторник

Во 9:00 се јавив во Кабинетот на министерот за одбрана со цел да договорам средба за да ја врачам поканата и програмата за состанокот на министрите за одбрана на членките на НАТО од Југоисточна Европа: Полска, Чешка, Унгарија и членките на Програмата партнерство за мир. Министерот го нема. Ми рекоа дека тие ќе ме побараат.
Во 11:00 во Апостолската нунцијатура. Испраќање на амбасадорот на СР Југославија, Зоран Новаковиќ. Се враќа во Белград на местото прв заменик-министер за надворешни работи.
Во 12:30 на промоција на автобуси во фабрика надвор од Варшава. ФАС „11 Октомври“ учествува со свој автобус.
Денес би требало да заминам за Краков каде ќе се одржува голем Меѓународен собир на слависти и лингвисти. За овој собир дознав во Струга од проф. Милан Ѓурчинов. Тогаш го замолив да достави писмо до МНР/РМ со барање на овој собир да се ангажира нашата амбасада. Од МНР/РМ побарав информација за собирот и инструкција за ангажираноста на Амбасадата. Никој ништо не знае дека таков собир ќе се одржи во Краков. Како да постапам јас?

2 септември 1998, среда

И натаму ја разгледувам поштата и одговарам на некои барања.
Во 12:00 на прием во Амбасадата на Словачка по повод националниот празник. Се сретнав со повеќе амбасадори и полски политичари, министри, парламентарци, новинари.
Подолг разговор имав со бригадниот генерал К.... во врска со соработката на министерствата за одбрана.

3 септември 1998, четврток

На коктели (приеми): 17:00 во Амбасадата на СР Југославија, 18:00 Амбасада на Чиле, 18:30 Амбасада на Јужна Кореа, 19:30 на работно-информативна вечера за амбасадорите на државите од Европа приредена од државниот секретар, проф. Михал Кулеша по повод административната реформа во Полска.

4 септември 1998, петок

Во 10:00 во Амбасадата дојде Мелон, сопственик на фирмата која е овластена да организира приеми и коктели по порачка на ДКП. Се договараме за последните подготовки во врска со приемот што ќе го приредам на 8 септември по повод националниот празник, Денот на независноста на Република Македонија. Број на поканети околу 300 лица.
Во 14:00 се впишав во книгата на жалоста отворена по повод трагичната смрт на амбасадорот на Монголија.
Во 14:30 во Министерството за одбрана. На шефот на Кабинетот му ја врачив поканата за учесто на состанокот на НАТО што ќе се одржи во Скопје на 26 септември 1998 година.

5 септември 1998, сабота

Убав сончев ден. Веќе се чувствува мирисот на есента. По кратка прошетка, средувам материјали, го прелистувам дневниот печат.

6 септември 1998, недела

Во 9:20 на аеродром, воениот дел, каде во 9:50 ќе се одржи испраќање на посмртните останки на моголскиот амбасадор. Присутен целиот Дипломатски кор.

7 септември 1998, понеделник

Во 11:15 во дворот на претседателската палата пречек на претседателот на Австрија.
Подготовките за утрешниот прием се поинтензивни, трема, вознемиреност, возбуда. Вечерта, по повод Денот на независноста испратив честитки до претседателот Киро Глигоров, до Тито Петковски, Бранко Црвенковски и до Благоја Ханџиски.

8 септември 1998, вторник

Ден на независноста на Република Македонија.
Со Мелон уште еднаш вршиме проверка. Сè е во ред. Над големиот влез на палатата каде ќе се одржи приемот од крај до крај големо, огромно знаме на Република Македонија и помали знамиња пред влезот. Сè е во боите на нашето знаме.
Во 13:00 испраќање на австрискиот претседател.
Во 17:15 свечено дотерани веќе стоиме со сопругата во холот на ПАЛАТАТА КРУЛИКАРЊА. Неколку минути потоа почнаа да присигнуваат првите гости. Амбасадори, политичари, членови на Сејмот, писатели, новинари, пријатели, Македонци. Честитки, ракувања, прегратки, желби. Вкупно пречекавме 280 гости од триста поканети.
Во 20:00 часот заврши приемот. Првиот прием на првата македонска амбасада, приреден од првиот македонски амбасадор во Варшава. Приемот беше одличен чин и начин за афирмација на нашата држава, како кај Полјаците од разни средини и служби, така и кај Дипломатскиот кор акредитиран во Варшава.
Целиот тек на приемот е сниман на видеокасета која се наоѓа во мојата архивска збирка.

9 септември 1998, среда

Одмор по вчерашниот ден. А пладнето огромно изненадување. Претставник на хотелот „МЕРИОТ“ („MARIOTT“) донесе голема торта 50x40 см филувана со

македонското знаме и натпис: „MARIOTT“ на Амбасадата на Република Македонија и го честита Празникот на независноста“. (Фотографии во ракописот). Веднаш до дирекцијата на хотелот по факс испратив благодарница.

10 септември 1998 , четврток

Во 12:00 во Апостолската нунцијатура испраќање на амбасадорот на Велика Британија.

11 септември 1998, петок

Ја исплатив фирмата која го организира приемот.

12септември 1998, сабота

Интернетот не работи. Не можам да се вклучам во македонските медиуми.

13 септември 1998, недела

Во 23:30 полската телевизија го прикажа македонскиот филм „Пред дождот“.

14 септември 1998, понеделник

Од Православниот Митрополит Варшавски и на цела Полска ми стигна следнава покана, која ја внесувам во превод на македонски јазик.
(Оригиналот во ракописот, КЛАСЕР VII, стр. 87).

Православен Митрополит Варшава 14.9.1998
Варшавски и на цела Полска
Неговата Екселенција
Господин Петре Наковски
Амбасадор на Македонија

Варшава
Екселенцијо,
Во деновите од 10 до 16 октомври о.г. во нашата земја ќе престојува Неговата Светост Вартоломеј, Архиепископ на Константинопол и Екуменски Патријарх.
На 11 октомври во 9:30 часот Неговата Светост ќе одржи свечена Света Литургија во Метрополиталниот Храм Св. Магдалена во Варшава, на Ал. Солидарно 52.
Срдечно ја поканувам Вашата Екселенција на Светата Литургија, а по нејзиното завршување на заеднички ручек во хотелот на ул. Паркова во 14 часот.
Со изрази на почит,
-Сава
Православен Митрополит Варшавски и на цела Полска

Истиот ден стигна и покана од претседателот на Полска, г. Александер Квашњевски, која во превод на македонски, гласи:

„Претседателот на Република Полска Александер Квашњевски со сопругата го поканува господинот Петре Наковски на средба по повод свеченоста 100 години од откривањето на полониум и радон што ќе се одржи во четврток, 17 септември 1998 година.
Претседателска Палата
Краковске Пшедмјешче 48/50 Во 19:00.“

15 септември 1998, вторник

Во 15:00 на разговор со М. Шимањски во полското МНР. Му врачив примерок од Изборот поезија од Адам Мицкјевич во превод на македонски јазик, како и копија од благодарницата на претседателот Киро Глигоров до претседателот А. Квашњевски. Одново го покренав прашањето за договорите чии текстови чекаат на потпис, а посебно на Договорот за меѓу архивска соработка.

Вети дека ќе разговара со надлежните. Тешко дека нешто ќе издејствува бидејќи како што дознав, се подготвува да замине во Љубљана на местото амбасадор на Полска.

16 септември 1998, среда

По студено и врнежливо време во 8:45 го испративме претседателот на Португалија.
Вечерта на коктел во Амбасадата на Мексико, кој се одржа под голем шатор.

17 септември 1998, четврток

Во 9:15 на отворање на Меѓународната конференција посветена на 100-тата годишнина од откривањето на полониумот и радонот. Потоа прием приреден од претседателот А. Квашњевски.
Од Македонија присутен само еден научник чија институција не го пријави во Амбасадата неговото присуство.

18 септмври 1998, петок

По телефон од Краков ми се јави поранешниот лектор по полски јазик на УКИМ, Кафка. Бара да присуствувам на предавање што ќе го одржи Стојан Киселиновски, кој аматерски се бави со лингвистика. Тој по професија е историчар. Поради обврски во Варшава, не отидов.

19 септември 1998, сабота.

Читање на дневниот печат. Одмор.

20 септември 1998, недела

На прошетка во паркот Лаженки.

21 септември 1998, понеделник

Во 10:00 на разговор кај г-ѓа Данута Хибнер, шеф на претседателската канцеларија. Нејзе и на претседателот А. Квашњевски им подарив примерок од двојазичното издание поезија од А. Мицкјевич. Во разговор ја запознав со состојбите во Македонија и нејзиното опкружување. Поголемиот дел од разговорот го посветивме на македонско-полските билатерални односи кои се во постојан подем. Искажав благодарност за полските државни институции кои ме примија со искрени симпатии и нивната подготвеност за средби во кои секогаш е изразувана желбата за добри односи меѓу Полска и Македонија.
На крајот од средбата госпоѓа Хибнер вети дека во рамките на нејзините надлежности ќе се заложи односите и соработката меѓу двете земји непречено да јакнат.

22 септември 1998, вторник

Средбата со Ратајски, заменик-министер за култура и уметност, е одложена за 24 септември во 11:00 часот.

23 септември 1998, среда

Ручекот со заменик-директорот М. Шимањски од полското МНР имаше повеќе службен карактер, но неминовно се наметнуваше и состојбата во Косово и во Албанија и можностите за нивно мешање во Македонија. Истакнав дека ситуацијата во Македонија е стабилна и дека сега е во тек изборната кампања. Договоривме уште една средба пред неговото заминување во Љубљана.

24 септември 1998, четврток

Во 11:00 на средба со Ратајски, заменик-министер за култура и уметност. Подолг разговор за досегашната соработка во

областа на културата, преведените и објавени книги од полски автори, за соработката меѓу издавачите и редакциите на литературни списанија, театрите и оперите и други форми на културната соработка. Вети дека соработката во областа на културата и натаму непречено ќе се развива и во врска со тоа ќе биде потпишан и соодветен меѓудржавен договор. Го потсетив дека заедно со експерти од Министерството веќе работиме на изготвувањето на Договорот.
Се договоривме почесто да се сретнуваме.

25 септември 1998, петок

Во 11:00 средба со Зџислав Рапацки, директор за меѓународни односи во Канцеларијата на претседателот Квашњевски. Му подарив примерок од двојазичното издание на збирка поезија од А. Мицкјевич. Во врска со неговото прашање за ситуацијата во Македонија подвлеков дека Македонија во Регионот е единствената политичка, воена и економски стабилна земја. Разговаравме и за идната официјална посета на претседателот Квашњевски на Македонија, при што изразив надеж дека ќе биде потпишан договор за пријателство и соработка меѓу двете држави со употреба на уставното име. Рече дека тоа е и негова желба.
Во 12:00 средба во седиштето на партијата Сојуз на демократските сили на кој беше поканет Дипломатскиот кор. Цел на средбата: Запознавање со активностите во врска со локалните избори. Прилика за средби со повеќе амбасадори.

26 септември 1998, сабота

Цел ден го подготвувам финансискиот извештај за август.

27 септември 1998, недела

Прошетка во паркот во Виланов.

28 септември 1998, понеделник

Вечерта на концерт на Горан Бреговиќ. Прекрасен концерт проткаен со фолклорот на целиот Балкан. Многу препознатливи македонски мелодии и песни. Салата полна. Полската публика го почувствува балканскиот мелос и го поздрави со долги ракоплескања.
Утре Миленка се враќа во Скопје преку Виена.

29 септември 1998, вторник

Во 11:00 во Министерството за култура. Средба со заменик-министерот Журовски. Му изразив сочувство по повод смртта на неговиот татко, а потоа разговорот го водевме во врска со потпишувањето на Договорот за архивска соработка и за други форми на културна соработка. Изрази задоволство од престојот во Струга и благодарност за поставувањето на бистата на А. Мицкјевич, подвлекувајќи дека целата заслуга мене ми припаѓа.

30 септември 1998, среда

Во Амбасадата дојде Стево Поповски. Се интересираше дали ќе биде отворен македонски почесен конзулат во Полска и дека тој е заинтересиран. Тој лично би го отворил во Гдањск. Му реков дека така лесно не се прават тие работи и добро би било да се распраша на некое друго место. Излезе незадоволен. По неговото излегување по телефон од Гдањск се јави Мито Алексовски, жител на Гдањск, оженет со Полјачка и татко на двајца синови, со потекло од костурското село Шештево, кој кон крајот на октомври 1948 како дете со голема група Македончињата од Костурско, Леринско и Воденско бил прифатен од Полска, згрижен, воспитан и универзитетски образован, со титула инженер, сега омразен во полските институции и медиумите поради честите навредливи писма што ги праќа на нивни адреси. Вели дека

во Гдањск ќе отвори почесен конзулат и дека тој ќе биде почесниот конзул и дека за тоа има поддршка од Љупчо Георгиевски затоа што е член на задграничното биро на ВМРО со седиште во Берлин и дека почесни конзули во Полска можат да бидат само патриоти како него.
Не се изненадив од тоа што го рече. Му честитав за желбата и го посоветував да се распраша за тоа како се поставуваат почесни конзули.
Лично не го познавам, но затоа ја имам целата преписка чија копија ја добив од полските власти.
Во 14:20 ми се јави Журовски. Рече дека во врска со нашиот разговор воден вчера, веќе разговарал со надлежните во полското МНР. Рече дека од таму му рекле дека постои расположение Договорот за соработка на архивите да се потпише со „Архив на Македонија“, значи како што настојувам јас. Во продолжение од разговорот замоли да имам трпение, бидејќи деновиве во Варшава ќе престојува грчка делегација.
Му се заблагодарив за надежната информација.

1 октомври 1998, четврток

Во 14:00 на отворање на студентската учебна година. Многу свечено. Професорите облечени во средновековни облеки, во духот на вековната традиција.
Во 15:00 во Министерството за едукација. Разговор во врска со стипендиите. Од МНР/РМ очекував инструкции. Ништо. Молк. Не ми беше пријатно што полските соговорници во детали ме запознаа со содржината на Договорот. Се договоривме група експерти да подготват нов текст и да се потпише за време на официјалната посета на министерката за образование,
д-р Софија Тодорова.
Во 19:00 коктел во Амбасадата на Нигерија, а во 20:30 на аеродром да ги пречекам Димитрие Димишковски,

претседател на Врховниот суд на РМ и Јосиф Талевски, судија на Уставниот суд на Република Македонија**.**

2 октомври 1998, петок

Во 18:00 во салата на Варшавската политехника коктел приредува амбасадорот на Германија. Невиден раскош. Приемот спонзориран од големи германски и полски фирми. Поканети над илјада гости. Разговори со повеќе амбсадори. Посебен впечаток ми остави украинскиот амбасадор, кој ми рече дека во Русија и Украина има голем револт поради намерата НАТО да ја бомбардира Србија. Рече дека во духот на словенската солидарност се пријавуваат голем број доброволци и дека тоа ќе привлече и големи приливи на оружје во Србија од Украина и Русија и дека заканите на НАТО се опасни, а евентуалното бомбардирање може да има многу поголеми последици и никој не може да тврди дека бомбардирањето територијално и временски ќе биде ограничено.

3 октомври 1998, сабота

По средбите и разговорите што ги имаа со своите полски соговорници, судиите Димишковски и Талевски се јавија и замолија да се видиме. Им реков дека во 15:30 ќе одам кај нив во хотелот. Во нивниот распоред на активностите во Варшава, планирано е да ја посетат Амбасадата. Судиите останаа во Амбасадата до 19:00. Пријатен и долг разговор со интелигентни и културни личности. Покрај делничните прашања разговаравме и за службени актуелни прашања од областа на судството и потребата за воспоставување соработка со полското судство и одржување почести меѓусебни контакти. Подвлекоа дека разговорите со полските колеги беа успешни и се враќаат многу задоволни. На крајот од престојот го пофалија уредувањето на Амбасадата и

изразија желби за натамошни успеси во соработката со Полска.

4 октомври 1998, недела

Во 11:00 Димишковски и Талевски ги испратив на аеродром.

5 октомври 1998, понеделник

Ми се јави Аврамовски од Министерството за урбанизам. Рече дека поради тоа што не знае како се праќаат материјали по факс, потребните материјали ќе ги прати по пошта и замоли да ги доставам до соодветното полско министерство. Му ветив дека лично ќе ги однесам кога ќе ги добијам.
Телефонски разговор со Ристо Блажевски. Сака да знае дали Амбасадата во Варшава може да ги покрива балтичките држави. Му реков дека може, но за тоа не одлучувам јас, туку МНР/РМ. Знам, рече, ама само сакам да знам.
Пладнето курирот на бугарската амбасада ми донесе коверт адресиран со ПЈРМ. Не го примив. Му реков да го потсети амбасадорот со кое име не призна Бугарија.
На интернет читам дека предизборната кампања во Македонија се вжештува. Најнапаѓан е Васил Тупурковски.

6 октомври 1998, вторник

Во 10:00 ми се јавија од полското Министерство за екологија. Соговорникот рече дека полската страна ја прифаќа иницијативата за посета на македонски тим од соодветното министерство. Делегацијата ќе ја водел некој Томе Трombев и во таа прилика ќе потпишел договор за соработка. Меѓутоа полското министерство официјално не е известено за најавената намера. Подвлече дека прво треба да се разговара на ниво на експерти, па потоа да се изготви соодветен текст на Договорот и ќе следи негово потпишување дури во 1999 година.

Не ми беше згодно да кажам дека Амбасадата воопшто не е известена за таквиот потфат, па реков дека прифатлив е полскиот став.
Кашата ја доизвари Љ. Аврамовски, кој без консултација со МНР/РМ и со Амбасадата во Варшава, по своја иницијатива, ги почна разговорите со група Полјаци кои работат во Скопје, а кои, како што дознав, му ветиле посредување. Така целата работа испадна јалова. Но, оправдување најдоа. Амбасадорот недоволно се ангажирал, па според тоа мора за таквите пропусти да поднесе оставка.

7 октомври 1998, среда

Во 16:30 во Амбасадата дојде група Македонци, кои во Варшава учествуваа на некаков семинар за кој не сум бил известен. За своето учество многу зборуваа и останаа до 18:00 часот.

8 октомври 1998, четврток

Од МРТВ се јави Сефер Мусли, директор на албанската редакција. Рече дека ќе дошол на 14 октомври во Краков каде ќе се одржи Меѓународен филмски фестивал на кој МРТВ ќе се претстави со негов филм. Замоли да присуствувам. Му реков дека поканата за мене е големо задоволство, но доколку ми дозволат обврските во Варшава, ќе присустувам на претставата. За жал не отидов во Краков, но по факс му честитав, со извинување за моето отсуство.
Во 14:30 ми се јави Мешков, рече дека е пратеник и дека бара мое мислење за Софија Ашиковска, која е многу заинтересирана да работи во Амбасадата во Варшава, подвлекувајќи дека нејзиниот маж му е многу добар пријател. Му реков дека ме интересира знаењето, способноста, а не врските против кои не сум во состојба да се спротивставам.

9 октомври 1998, петок

Од Собранието на Република Македонија се јави Анкица Крстевска и рече дека на 23 октомври во Варшава ќе пристигне Илинка Митрева која ќе учествува на состанокот на претседателите на парламентарните комисии за надворешни работи и замоли да резервирам хотел. По половина час ѝ се јавив и ѝ реков дека е резервирана соба во хотелот „ФОРУМ“, во центарот на Варшава.
Во 12:00 се запишав во книгата на жалоста во Амбасадата на Уругвај. Починал претседателот.

10 октомври 1998, сабота

Роденден на Дитта. Стигнаа честитки од децата. Денот го одбележавме во ресторанот „ФЛИК“, во стариот дел на Варшава.

11 октомври 1998, недела

Во 9:40 на Богослужба во православната црква во Прага (дел од Варшава) по повод посетата на Вселенскиот Патријарх Вартоломеј на Полска. Литургијата, со чинодејствие на патријархот Вартоломеј и поглаварот на Полската православна црква, митрополитот Сава, траеше до 12:00, а потоа беа одржани говори и доделени црковни одликувања. Во речникот на Вартоломеј политички елементи.
Амбасадорот на Украина ме праша:
- Не чувствувате во говорот на Вартоломеј антируски акценти?
- Има и по нешто од тоа – реков.
На литургијата беа поканети амбасадорите на: Украина, Македонија, Белорусија, СР Југославија, Романија, Бугарија, Молдавија и Грција. На ручекот присуствуваше и амбасадорката на Турција, а амбасадорот на Руската Федерација го немаше ниту на Богослужбата, ниту на ручекот.

Ручекот се одржа во 14:00 во хотелот „ПАРКОВА“.
Митрополитот Сава вака ме претстави:
Ваша Светост, амбасадорот на Македонија.
Неговата Светост ме погледна од горе до долу, ги помести очилата и молчејќи испружи рака за поздрав.
Му прозборев на грчки: Ваша Светост, чест ми е...
Со тон на вчудовиденост се насмевна и праша:
- Зборувате грчки? Драго ми е. За црквата, синко, сите се Божји деца.
Амбасадорите со љубопитност ја следеа средбата.
Ручекот скромен и многу говори пропратени со пеење *За многаја лета.* Митрополитот Сава се вмеша меѓу амбасадорите и праша:
Кој од име на амбасадорите ќе зборува?
Романскиот амбасадор ме предложи мене, не прифатив, имајќи на ум дека нашата црква се уште не е призната, па тоа би можело да се сфати како провокација од страна на Вартоломеј. Предложив да зборува романскиот амбасадор, а тој ме прашува:
-Ами што да речам, Петре?
- Па исто што рече и Патријархот и ќе добиеш медал.
- Јас тие плочки ги имам цела торба.
И удри Романецот те за Божја љубов, па за мир, за разбирање меѓу верите и се во тој стил. Кога се врати му реков:
- Па ти подобро зборуваше од Вартоломеј. Не сум знаел дека си толку добар говорник. Само си заборавил да го спомнеш Патријархот...

12 октомври 1998, понеделник

Радиото јави дека денес ќе заседава Советот на НАТО и ќе одлучи дали ќе ја нападне Југославија. Сношти Холбрук и Милошевиќ останаа на своите позиции. Полскиот премиер Бузек изјави дека Полска ќе учествува во нападот против Југославија во сите форми.

По факс од МНР/РМ ми го пратија интервјуто на претседателот Киро Глигоров. (*Види прилог, КЛАСЕР VII, стр. 110*).
На прием во Амбасадата на Шпанија. Многу скромен, но затоа Амбасадата целата обложена со бел мермер.

13 октомври 1998, вторник

Во 10:45 пречек на претседателот на Словенија, Милан Кучан, кој денес доаѓа во дводневна официјална посета на Полска.
Полските медиуми отворени за слушателите. Остро реагирање на слушателите во врска со намерата Полска да учествува во нападот на Југославија. Најчесто се слуша само зборот: НЕ! Полска е против!

14 октомври 1998, среда

Во 8:45 ми се јави Милован, претседател на Друштвото на писателите на Македонија. Се интересира дали стапив во контакт со Управата на полските писатели, бидејќи е планирано да се потпише договор за соработка. Му реков дека на 16 октомври о.г. во 12:00 часот имам закажано средба со претседателот на Управата. По средбата ќе пратам информација.
Се јави Анкица Крстевска од Собранието на Република Македонија. Праша дали е резервиран хотел за Илинка Митрева и побара да биде резервирана уште една соба за неа. Ѝ ветив дека ќе резервирам. Рече дека првпат ќе престојува во Варшава и по тој повод би сакала да посети некои знаменитости, а потоа да оди на фришоп и јас да ја придружувам. И реков:
- Госпоѓо, јас во Варшава сум амбасадор, а не туристички водич.
Не знам дали ме разбра.
Ристо Блажевски ми прати телеграма со следната содржина:

„Во прилог, на ваше запознавање и надлежност, ви го доставуваме писмото од г. Мјечислав Остојски, директор на одделот за меѓународна соработка при Министерството за животна средина, природни суровини и шумите, доставено до Фондот за заштита и унапредување.“

Колку што си спомнувам телеграма за наведената проблематика имав доставено пред еден месец со укажување на постапката за воспоставување соработка.

Според тоа се прашувам: кој кого треба да запознава?

Во врска со ова, на желниот за соработка, Љупчо Аврамовски, директор на Фондот за заштита на животната средина при Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина не му беше доволно моето објаснување како се воспоставува соработка, па без консултација со МНР/РМ и Амбасадата, стапи во преписка со Мјечислав Остојски, директор на одделението за меѓународна соработка, кој му напишал писмо, а до Амбасадата достави копија.

Зошто ја пишувам ова белешка? За да кажам дека во Македонија не постои координирана работа меѓу министерствата и секој работи по своја волја.

За потсетување подвлекувам дека времето за разговори, преговори, подготвување текстови на договори и нивно потпишување трае година, две, а во некои случаи и повеќе за што е потребно широко познавање на проблематиката на предметот, соодветно искуство, трпение, умешност за разговори и соодветна дипломатска култура.

15 октомври 1998, четврток

Во 20:00 часот на прием по повод текот на Третата меѓународна конференција за човекови права. Разговор со повеќе личности во врска со оваа проблематика, посебно

истакнат проблемот на правата на Македонците во соседните земји.

16 октомври 1998, петок

Ми стигна факс од МНР/РМ во врска со грижата на Љ.Аврамовски да допатува во Варшава за да воспостави соработка со соодветната институција. Во одговор укажав добро да го проучат писмото од Мјечислав Остојски, директор на одделението за меѓународна соработка од 7 октомври 1998 година.

17 октомври 1998, сабота

Убаво, топло, сончево, пријатно есенско, таканаречено бабје лато (кај нас го викаат циганско лето) време кое денес го користиме за долга прошетка.

18 октомври 1998, недела

Денес во Македонија парламентарни избори. Од МНР/РМ никаква информација или инструкција. Молк. Недела е.

19 октомври 1998, понеделник

Во врска со парламентарните избори од МНР/РМ и денес никакви информации. Полски новинари и дипломати се јавуваат во Амбасадата и бараат информации за резултатите од парламентарните избори во Македонија. Во МНР/РМ телефоните молчат.

20 октомври 1998, вторник

И денес немам информации за резултатите од парламентараните избори.

Во 11:00 во протоколарна посета го примив новиот амбасадор на Република Бугарија во Варшава, Александер Јорданов, кој истакна дека пред да биде именуван за амбасадор, бил професор на универзитетот во Варна, па претседател на бугарското народно собрание и дека тој го ставил потписот за признавање на Македонија како држава. За тоа го пофалив и го прашав дали со тој потпис ја призна македонската нација, историја, јазик и култура, на што рече дека тоа допрва ќе биде прашање на преговори и договори како што личи на добри соседи. На ова му реков дека погрешен му е терзискиот метар со кој сака да ја мери и да ја крои иднината на Македонија. Јорданов до капка го испи виското, ама кафето остана недопиено. Изгледа му беше горко.
Во 19:00 во Великиот национален театар гала-концерт во чест на 20-тата годишнина од изборот на Карол Војтила за Папа, Павле Втори. Поканите на специјална хартија и во ист стил и влезните билети кои внимателно при влезот ги проверуваа лица од безбедноста. Во големата сала полскиот крем и целиот Дипломатски кор. Наместо музика, рецитирање песни од Војтила и цитирање делови од негови говори. За време на паузата голем број од присутните го напуштија тетарот. Ние истрпивме и останавме до крај. (Поканата и билетите во ракописот, КЛАСЕР VII, стр. 125).

21 октомври 1998, среда

По телефон се јави Анкица Крстевска (од Собранието) и рече дека таа и Илинка Митрева нема да дојдат во Варшава на Конференцијата што ќе се одржи на 24 октомври. Причина: резултатите од парламентарните избори и подготовките за вториот круг. Истото по телефон ми го потврди и Ристо Блажевски.
Се јавив во Сејмот и го оправдав отсуството на делегацијата од Македонија и во хотелот ја откажав резервацијата на собите.

Ми се јави Хенрик Ј. Сокаљски (тој кој го водел УНПРЕДЕП во Македонија) и замоли да го примам на 23 октомври (петок), во 10:00 часот. Тој секогаш ми беше добредојден. Искусен дипломат и искрен пријател на Македонија.
Во 12:00 се јави генералниот директор на фирмата „ХЕРБАПОЛ“ („HERBAPOL“) од Љублин, фирма која е заинтересирана да купува лековити билки од Македонија. Во поранешна Југославија фирмата била главен купувач. Замоли да му овозможам да воспостави контакт со македонската фирма. Му ветив дека ќе му помогнам. Од Скопје не добив никаков одговор.

22 октомври 1998, четврток

Во 18:30 прием во Апостолската нунцијатура по повод 20-тата годишнина од изборот на Војтила за Папа. Подолг разговор со грчкиот амбасадор. Бара македонската делегација на Конференцијата за човекови права што ќе почне на 26 октомври во Варшава, да не создава непотребни ситуации. Мислам, рече, на невладините групи. Му реков дека невладини групи од Република Македонија нема да има. А ако невладини има од Грција и тие ќе го покренат прашањето за нивните човекови права во Грција, тоа е ваш проблем. Тие се ваши државјани и сам оценете дали се во право.

23 октомври 1998, петок

Од МНР/РМ ми јавија и оваа година да ја предводам делегацијата од Република Македонија на Конференцијата за човекови права. Не испратија инструкции.
Во 10:00 по негово барање го примив Хенрик Ј. Сокаљски. Во текот на разговорот ме информира дека заврши неговата мисија во Скопје поради што е горд и мошне задоволен, бидејќи во зачувувањето на мирот и стабилноста на Република Македонија има и негов скромен придонес. Истакна дека и натаму е под силен впечаток на сознанието

дека една мала земја, каква што е Македонија во многу лошо и тешко опкружување го најде своето место во Регионот, ја сочува присебноста и стабилноста, со што не само во Европа, ами и во светот се здоби со признание и пријатели и сè повеќе е ценета како сериозен и многу важен фактор посебно во Југоисточна Европа.
Му изразив голема благодарност за неговата улога во раководењето со УНПРЕДЕП и превентивната дипломатија и неговата приврзаност кон Македонија и дека Македонија сега и во иднина високо ќе го цени неговото пријателство.
Во топла и многу пријателска атмосфера разговорот траеше скоро два часа, при што г. Сокаљски истакна дека во секое време е готов своите знаења, искуство и симпатии да ги стави на располагање на Амбасадата на Македонија.
На заминување му реков дека во него гледам искрен пријател и секогаш за него вратите на Амбасадата ќе бидат отворени и без претходно најавување. Се договоривме во текот на идната недела заедно со сопругите да одиме на викенд.
До крајот на неговиот живот одржувавме пријателски контакти, честопати се допишувавме по интернет или зборувавме по телефон. Дваесет и две години по оваа и по многу други средби, изгубив еден од најдобрите, најсрдечните и најценетите пријатели. Во светот ретки се таквите луѓе.

24 октомври 1998, сабота

Во 8:30 на Конференција на Европскиот дијалог, во салата на Сенатот на Полска. Официјален делегат од Македонија нема. Таа улога мене ми остана. Требаше, а не дојде, Илинка Митрева.

25 октомври 1998, недела

Ми се јави Паскал Камбуровски и во врска со парламентарните избори ми рече дека во првиот круг нема

победник. Според него во вториот круг ќе победи коалицијата ВМРО и Демократската алтернатива.
Денес убаво и пријатно есенско време. Од дрвјата се ронат позлатени лисја.

26 октомври 1998, понеделник

Денес почнува редовната годишна Конференција за човекови права. Конечно добив инструкција да ја водам двочлената делегација од Македонија. Уште еден тежок камен.
Во фоајето, за време на паузата, се сретнав со амбасадорот Трони. На кафе отидовме во Амбасадата. Вообичаен разговор за неговите впечатоци од престојот во Скопје.
Во 18:00 на приемот во Амбасадата на Австрија не отидов поради здравствени причини. Испратив честитка.

27 октомври 1998, вторник

На пречек на претседателот на Молдавија во дворот на претседателската палата.
Од Битола ми се јавија по телефон и рекоа дека на тројца нивни службеници кои дошле во Полска да купуваат трактори, им ја украле колата Мерцедес (Mercedes) Е-2000 со сè што имале внатре. Бараат помош. Се јавив во варшавската полиција, а на оние од Битола им реков да ми достават по факс уверение за државјанство за да можам да им издадам патни листови за враќање во Македонија. Утре ги очекувам да дојдат во Амбасадата.

28 октомври 1998, среда

Во 7:45 битолчаните дојдоа во Амбасадата. Насекирани и потиштени. Во текот на разговорот се покажа дека се татко и син, сопственици на фирмата „СИНПЕКС“. Додека ги подготвував патните листови (пасавани), сопругата им подготви појадок, а секретарката ја испратив во авионската

компанија да купи билети на релација Варшава-Софија на моја сметка. Среќно стигнаа во Битола од каде ми ја пратија следнава телеграма:

АМБАСАДА НА Р. МАКЕДОНИЈА
02-738 Варшава
ПОЛСКА
Н/р Г. амбасадор Петре Наковски
Ја користиме оваа прилика најискрено да Ви се заблагодариме
Вам и на Вашиот персонал за несебичната помош и стрпливост во моментот кога бевме уплашени и немоќни пред настанатите непријатности.
Се надеваме дека повторно ќе се сретнеме и ќе имаме можност
да Ви возвратиме за сè што за нас направивте.
Огромна благодарност и најдобри желби
Потпис СИНПЕКС- БИТОЛА, с.р.

29 октомври 1998, четврток

Во 13:00 заменикот на директорот на фирмата „ХЕРБАПОЛ“ („HERBAPOL“) дојде во Амбасадата и се интересираше дали се уште постои фирмата од која купувале лековити билки. Му реков дека ќе побарам информација и ќе известам. Договоривме да се сретнеме идната недела. Во врска со ова пратив факс до МНР/РМ со адресата на полската фирма.

30 октомври 1998, петок

По факс од МНР/РМ ми стигнаа материјалите „СТРАТЕГИЈА ЗА ВЛЕГУВАЊЕ ВО НАТО И СТРАНСКИТЕ ВЛОЖУВАЊА ВО МАКЕДОНИЈА“, со барање да ги доставам до надлежното министерство.

31 октомври 1998, сабота

Поради лошото врнежливо и студено време, цел ден со сопругата не излеговме надвор. Читаме весници, гледаме телевизија.

1 ноември 1998, недела

Денес во Македонија се одржува вториот круг на парламентарните избори. Доцна вечерта ќе дознаеме кој победи.

2 ноември 1998, понеделник

Во цела Полска се одбележува Задушница. Полското радио јави дека на парламентарните избори во Македонија со 59 пратеници победи коалицијата ВМРО-Демократска алтернатива.
Во 15:00 по мое барање ме прими директорот на Департментот за Централна и Јужна Европа. Се интересираше за изборите во Македонија. Му врачив писмо од Ханциски до министерот Геремек со кое известува дека Македонија изразува готовност да се зачлени во Клубот пријатели на Албанија, како и програмата за привлекување странски инвестиции во Македонија и Стратегија на Македонија за влегување во НАТО со молба да ги предаде на соодветните полски надлежни органи.

3 ноември 1998, вторник

Од МНР/РМ се уште не ми стигна информација во врска со изборите.

4 ноември 1998, среда

Се јави секретарката на директорот на Департментот за безбедносна политика (близок соработник на Геремек) и рече

амбасадорот да оди во полското МНР да го земе писмото во врска со формирањето клуб на држави пријатели на Албанија, Ќе го чека службеник во холот во 11:00 часот. Секретарката таквото барање го прифати и ми го пренесе. Се разбира одбив било какво писмо да примам во холот, бидејќи тоа го сметам како навредливо и понижувачко за еден амбасадор и спротивно на дипломатските норми.
Во 16:00 во Амбасадата дојде Јежи Закшевски, пратеник во полскиот Сејм и претседател на полско-македонската парламентарна група. Се интересираше за изборите и за состојбите во Македонија во светлината на косовските настани. Предложи средба со групата. Договоривме средбата да се одржи во првата половина на декември.
Во 17:00 дојде д-р Аврамчева и го донесе статутот на Полско-македонското здружение. (*Види прилог во КЛАСЕР VII, стр. 140*) и список на пријавени за членови.
Во 18:00 на коктел во резиденцијата на словачкиот амбасадор (Ондреј Немчок), по повод започнувањето на амбасадорската мисија. Му честитав и му пожелав успех и блиска соработка. Грчкиот амбасадор ми пријде и во краткиот разговор го пофали настапот на македонската делегација на Конференцијата за човекови права во кој имаше, како што рече, многу акценти за пријателство со Грција, додека бугарскиот се пожали за тоа што на двајца бугарски новинари им било забрането да влезат во Македонија, а амбасадорот на Литванија се задржа со мене во подолг разговор и предложи зголемување на соработката меѓу двете држави и заемна посета на шефови на држави, влади, министри и експерти.

5 ноември 1998, четврток

Примив група претставници на фирмата „ХЕРБАПОЛ“ („HERBAPOL“). Заинтересирани се нивната фирма да купува од Македонија лековити билки.

Во врска со тоа уште еднаш испратив факс до МНР/РМ. На претходниот се уште немам одговор.

6 ноември 1998, петок

Во 10:00 го примив Јежи Шиткјевич, кој се претстави како филмски уметник. Се интересира дали во Македонија би можел да го сними филмот „Бесни пари“ и да ги види можностите за копродукција со македонско филмско студио. Му реков дека тоа би бил добар чекор за соработката во областа на филмската уметност и во врска со тоа да достави понуда.
И денес нема ниту збор од МНР/РМ за изборните резултати.
Во 18:00 на вечера во „ШЕРАТОН“ по покана од Анџеј Полак од Гдањск, кој се понуди да биде почесен конзул на Македонија со седиште во Гдањск. Присутен и заменикот на директорот на Дипломатскиот протокол. Се претстави како сопственик на голема трговска фирма со 20 илјади продавници со прехранбени артикли на територија на која негови услуги користат 8 милиони жители, дека има сопствен хеликоптер и голем број камиони и шлепери. Според полските закони ги исполнува сите услови за таква функција. На ова му реков дека уште утре до МНР/РМ ќе испратам соодветна информација, а тој во меѓувреме да ми достави барање за почесен конзул на Македонија.

7 ноември 1998, сабота

Испратив писмо до заменикот-министер за култура, Ратајски, во врска со нивниот предлог во Македонија да биде издадена антологија на полскиот расказ за деца. Предложив средба.

8 ноември 1998, недела

Мирен и студен ден. Полската телевизија јавува дека владината коалиција скоро е пред распаѓање и дека можни се предвремени парламентарни избори.

9 ноември 1998, понеделник

Стигна честитка од претседателот Киро Глигоров до претседателот Александер Квашњевски со која му ја честита 80-тата годишнина од стекнувањето на независноста во 1918 година, што секоја година се одбележува како национален празник на Полска со свечен прием за голем број полски истакнати личности и целиот Дипломатски кор. Слична честитка во име на Амбасадата испратив и јас.

10 и 11 ноември 1998, вторник-среда

Во целата држава се одржуваат свеченост по повод 80-тата годишнина од независноста на Полска. Свечена седница на Сејмот и на Сенатот, вечерта концерт во Великиот театар, потоа прием за поканетите гости со присуство на Дипломатскиот кор приредува премиерот Бузек. На 11 ноември главната свеченост. На плоштадот Пилсудски, парада на полската војска, свечен говор на претседателот Александер Квашњевски и попладнето гала-прием за голем број истакнати полски личности од сите области со присуство на Дипломатскиот кор. Имав прилика кратко да разговарам и да им честитам од името на Амбасадата на Република Македонија на претседателот Квашњевски и на премиерот Бузек, како и на министри, познати политичари, членови на Сејмот и на Сенатот. Кратки разговори со поголем број амбасадори.
(Поканите се чуваат во ракописот, КЛАСЕР VII, стр.147)

12 ноември 1998, четврток

Од Македонија никакви вести.

13 ноември 1998, петок

На интернет читам дека новата влада на Република Македонија ќе биде составена од тројна коалиција.

14 ноември 1998, сабота

Ми стигна покана од Основачкиот комитет на Полско-македонското друштво за учество на основачкото собрание што ќе се одржи на 14 ноември во 14:00 часот во Палатата во Рацејовице, Дом на творечкиот труд на Министерството за култура и уметност.
Во 12:00 заминавме за Рацејовице каде ќе се основа Полско-македонското друштво. Салата полна. Полјаци и Македонци од разни професии. Забележувам угледни личности од областа на политиката, културата, науката, медиумите. Говори на одобрување и задоволство, евоцирање спомени од престојот во Македонија. Едногласно одобрено основањето на друштвото. Краток поздравен говор и на амбасадорот на Република Македонија во Варшава, кој во иницијативата и подготовките имал забележливо учество.

15 ноември 1998, недела

Од Редакцијата на весникот („RZECZPOSPOLITA“) ми стигна покана за учество на промоцијата на книгата „**Не стрелајте во ноќната птица**“ од познатиот новинар, пријател и афирматор на Македонија, новинарот Ришард Биљски. Поканети познати личности од политичките кругови, угледни новинари и писатели, како и амбасадорите на: Југославија, Албанија, Хрватска, Словенија, Бирото на УНХЦР, воени лица поврзани со мирољубивата мисија на ООН во поранешна Југославија и голем број читатели. Промоцијата ќе се одржи на 18 ноември о.г. во 10:00 часот во седиштето на Редакцијата.

Одговорив дека со задоволство ќе присуствувам на промоцијата.

16 ноември 1998, понеделник

Во 9:30 ми се јави романскиот амбасадор и ме покани на вечера во вторник во 18:30. Вечерата ја приредува во чест на амбасадорот на Украина кој на 1 декември о.г. се враќа во Киев. Прифатив.

17 ноември 1998, вторник

По телефон од МНР/РМ се јави Владо Аврамовски. Рече дека е новиот генерален секретар. Му честитав. Ме праша како стојам со финансиските проблеми. Му реков дека во касата имам само 750,00 американски долари. Крај на разговорот.

18 ноември 1998, среда

Во 10:00 часот учествував на промоцијата на книгата на Ришард Биљски. Тука се сретнав со поранешниот премиер Тадеуш Мазовјецки кој ме замоли да се видиме и имав краток разговор со министерот за надворешни работи, Бронислав Геремек.
Ми се јавија од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и ме известија дека ми ја испратија „Винската карта на Република Македонија“. Им реков дека ќе ја изложам на таблото пред Амбасадата и замолив да ми испратат и сликовници преку кои ќе се афирмира македонското лозарство и винарство.

19 ноември 1998, четврток

Поради големиот сообраќај, не стигнав на пречекот на претседателот на Киргизија.

20 ноември 1998, петок

Покана од Маршалот (Претседателот) на Сејмот, Мачеј Плажињски за учество на парламентарната дебата во врска со предлог-законот за ратификација на Договорот за зачленување во Северноатланскиот пакт потпишан во Вашингтон на 4 април 1949, за што како прв говорник ќе биде министерот за надворешни работи, господинот Бронислав Геремек. Дебатата ќе се одржи на 20 ноември 1998 година (петок) во 10:00 часот. Молиме да заземете место до 9:55 часот.
Краток говор одржа Геремек, а потоа шефовите на парламентарните групи. Пред Сејмот демонстрираат рударите, кои пред падот на комунизмот беа највлијателната и најдобро платена група во Полска, а сега се без работа, бидејќи рудниците се затворени. Дебатата во Сејмот бурна, но никој не се противи за влезот на Полска во НАТО. Попладнето во Амбасадата дојде директорот на Заводот за статистика на Македонија, кој во Варшава учествува на семинар. Разговорот околу изборите во Македонија.

21 ноември 1998, сабота

Денот го поминав во разгледување на дневниот печат водење за тековната недела.

22 ноември 1998, недела

Студено, минус 15 степени. Преглед на полскиот дневен печат.

23 ноември 1998, понеделник

Во 10:00 го примив Шаткијевич од филмското студио ОРБИТА ФИЛМ. Му ја пренесов согласноста на ВАРДАР

ФИЛМ за соработка и му ја дадов актуелната адреса за воспоставување контакт.
Ми се јави Тихомир Илиевски, државен секретар во МНР/РМ и ми рече дека материјалите во врска со секретарката не може да ги најде и замоли да му пратам копија. Му реков дека нема потреба, бидејќи пак некој ќе ги скрие или ќе ги уништи.
Во 17:00 на ручек (во Амбасадата) кај амбасадорот на Украина. Тој, јас и сопругите. Дитта и Надежда одамна се дружат. Останавме до 19:30. Отворен и пријателски разговор, најчесто поврзан со минатото на двете земји и народите. Амбасадорот Петро Сардачук на 1 декември заминува во Киев на должност заменик-министер за надворешни работи. Му ја честитавме новата должност со желби за успех.

24 ноември 1998, вторник

Во Амбасадата дојде Зигмунд Брољарек, еден од најпознатите и најпопуларни полски новинари и репортери. Автор на неколку репортерски книги, меѓу кои најпопуларна и најпреведувана е книгата „НЕ БАРАЈТЕ ПРИЈАТЕЛИ ДАЛЕКУ, А НЕПРИЈАТЕЛИ БЛИСКУ“. Во текот на разговорот изрази благодарност за начинот на кој Македонија ја одбележа 200-тата годишнина од раѓањето на Адам Мицкјевич и негодување поради тоа што бистата не дојде да ја открие министерката за култура, за што напиша многу остра критика. Долго зборувавме за минатото на Македонија и на Полска, со посебен осврт на делбите и културниот геноцид и прифаќањето од страна на Полска голем број деца, ранети борци на ДАГ и бегалци, жртви на Граѓанската војна во Грција. Изрази жалење што досега не ја посетил Македонија, но доколку му дозволат здравјето и годините, сигурно ќе ја посети и неговата посета ќе најде одраз во неговите репортажи. На заминувањето ми подари примерок со посвета од наведената книга.

Од Канцеларијата на претседателот Квашњевски ми донесоа видео- касета на која е снимено неговото искажување на конференцијата за печатот во Брисел каде истакнал дека во ЕУ треба да бидат примени Украина, Молдавија и Македонија.
Од МНР/РМ ми јавија дека на 27 ноември во 7:30 на аеродромот во Варшава ќе слета чартер авион со кошаркарската екипа на Македонија и група навивачи. Ќе се одржи натпревар со Полска за европско првенство. Од Кошаркарскиот сојуз на Македонија „другарите“ рекоа дека не знаат дека во Полска има македонска амбасада. По разговорот испратија телеграма до „амбасадорот Новаков“ со молба да провери дали организаторот на натпреварот има македонско знаме и касета со македонската химна. Проверив и се покажа дека од тоа нема ништо. Морав да им дадам од резервите што ги имам во Амбасадата.

25 ноември 1998, среда

Во 11:00 часот во Апостолската нунцијатура испраќање на украинскиот амбасадор.

26 ноември 1998, четврток

На коктел во Амбасадата на Албанија приреден по повод 85-тата годишнина од независноста.
Се јави генералниот секретар на Кошаркарскиот сојуз на Полска и рече дека грчкиот амбасадор во Варшава побарал за време на кошаркарскиот натпревар што ќе се одржи во Варшава на 28 ноември да не се употреби името Македонија. Праша: - Што да правиме? Го прашав кој е домаќин, вие или грчкиот амбасадор, па постапете како што личи на домаќин. Му сугерирав на Гркот дополнително да му рече спортот да не го меша со политиката.

27 ноември 1998, петок

На аеродромот со сопругата го чекаме слетувањето на авионот. Изненадување. Во групата навивачи и нашата Тања со внуката Марија.
Салата полна. Истакнато знамето од Кутлеш. Од звучниците се слушаат македонски песни. Полската телевизија ќе врши директен пренос. Дитта, која со Марија остана дома, натпреврот ќе го сними на видеокасета.
И покрај противењето на грчката амбасада во врска со името и симболите, натпреварот се одржа со победа на нашата екипа.
Во 20:10 на аеродром. Марија се слика со најдобриот кошаркар, Петар Наумовски. Спортистите и навивачите во авионот влегуваат пеејќи македонски песни. Над нивните глави се вее знамето од Кутлеш.

28 ноември 1998, сабота

По телефон се јави Ристо Блажевски и бара да пратам остра нота до полското МНР во врска со однесувањето на грчкиот амбсадор.

29 ноември 1998, недела

Не е ден за прошетка. Студено е.

30 ноември 1998, понеделник

Ми стигна факс за составот на новата влада. Испратив честитки до Љ.Георгиевски, Н. Кљусев, Д. Димитров, В. Камбовски, С. Климовски.
Во 18:00 на прием во „ПОЛМОТ“ голема и една од најбогатите фирми во Полска.

1 декември 1998, вторник

По прегледот на полскиот печат, во 13:00 часот отидов во полското МНР на средба со Томбињски. Му ја предадов листата на новата влада на Македонија, за што ме замоли по телефон и потоа замолив да ми ја даде програмата за подготовките на Полска за влегување во НАТО и во Европската Унија. Разговорот продолжи во шега во врска со кошаркарскиот натпревар и реагирањето на грчката амбасада. Потоа побара да му доставам копии од договорите потпишани со уставното име кои ги бара правната служба на полското МНР. Рече дека подготвуваат промена во врска со името.
Во 18:00 на коктел во романската амбасада приреден по повод националниот празник. Дознав дека е најавена официјална посета на грчкиот премиер, Симитис на Полска.
Во 19:00 на коктел кај Чесите.

2 декември 1998, среда

Ештрев Алиу испрати телеграма со која ме известува дека не може да дојде во Варшава каде на 7-8 декември о.г. ќе се одржи 6. Конференција посветена на „Хармонизацијата на визниот режим на ЕУ“. Ме овластија мене да учествувам. Во врска со ова до полското МНР испратив пријава.
Во меѓувреме официјално ми е јавено дека Конференцијата е откажана.

3 декември 1998, четврток

Ми се јави Таки Џиков. Го известив дека полскиот министер за спорт Јацек Дембски предлага да пресојува во Скопје од 11 до 14 јануари 1999 година. Се согласи. Побарав потврда.

4 декември 1998, петок

Во 10:00 го примив новинарот Давид Варшавски (Евреин), кој е главен уредник на европското списание „МИДРАШ“.

Во текот на разговорот ме извести дека по покана на фондацијата „Сорос“ на 6 декември ќе патува во Скопје каде ќе остане 3-4 денови. Замоли да се ангажирам да биде примен од претседателот Киро Глигоров, од министерот за надворешни работи, премиерот и од Тупурковски. Му реков дека ќе мора да почека, а јас ќе проверам дали можам да му дадам акредитација. Толку од разговорот. Инаку во варшавските новинарски кругови е познат како мајстор за измислување сензационални информации.
Во 18:00 на коктел во Амбасадата на Финска каде сопругата на рускиот амбасадор ми врачи покана за Дитта да учествува на проштален ручек.
На коктелот, покрај другите средби, имав средба со Митрополитот Сава, поглаварот на Полската православна црква. Митрополитот Сава е расположен да се сретне со македонски архиерej и тоа што поскоро на неофицијална, но запознавачка работна средба. Замоли да посредувам. Ме покани на ручек на 10 јануари 1999 година.
На коктелот се сретнав, по негово барање, со бугарскиот новодојден амбасадор. Во текот на краткиот разговор ми рече дека би сакал да се види со мене на скромен ручек, но неговиот претходник, Александер Димитров, кого дисциплински го вратија во Софија, касата ја оставил празна, па според тоа нема пари ниту за скромен ручек.
Му реков дека трошокот за ручекот ќе биде мој.

5 декември 1998, сабота

Се јавив во Амбасадата на Руската Федерација и го побарав Вјачеслав Федоренко, кој во отсуство на амбасадорот е вршител на работите. Се запознавме во април 1995 одина при првата протоколарна посета. Откако разменивме здраво живо, го прашав:
- Вјачеслав дорогои, случајно да нема промена во ставот на руската влада во однос на Република Македонија, па поканите се адресирани со ПЈРМ?

- Во никој случај. А од каде такво сомневање?
- Па да повторам, поканите се адресирани со FYROM.
-Скинете ги, тоа е грешка. Веднаш ќе наредам да бидат напишани нови. Сигурно секретарката погреши, гледајќи на книгата со списокот на адресите на амбасадите. Простете. Веднаш ќе пратиме нови.
Во 15:00 часот првиот секретар на руската амбасада донесе нови коверти со адреса: Амбасада на Република Македонија-Варшава.

6 декември 1998, недела

До МНР/РМ го испратив текстот на Договорот во превод на македонски за соработка меѓу писателите на Полска и на Македонија, како и белешка од разговорот со Сава, Митрополитот Варшавски и на цела Полска.

7 декември 1998, понеделник

Од 9:00 до 13:00 учество на шестата Средба на Будапештанската група. Расправа во врска со начините и формите за борба со илегалната миграција и организираниот криминал. Сите од безбедносните органи. Од македонското МНР, одлучиле мене да ме праќаат, наместо некој од македонското Министерство за внатрешни работи? Во чија надлежност се прашањата кои беа предмет на средбата на Будапештанската група? На средбата не видов ниту еден амбасадор, туку само стручни лица.
Од Канцеларијата (Кабинетот) на претседателот Александер Квашњевски, ја известија Амбасадата дека сопругата на Претседателот на Полска, г-ѓа Јоланта Квашњевска на 17 декември 1998 година по повод претстојните божиќни и новогодишни празници организира прием за сопругите на амбасадорите акредитирани во Варшава, кој ќе биде пренесуван и од Полската телевизија.

Во поканата е подвлечено дека сите поканети сопруги на амбасадорите треба да бидат облечени во национални народни носии.
Ценејќи дека ова е одлична форма за афирмација на македонското фолклорно богатство под итно испратив телеграма до МНР/РМ да позајми народна носија од некое културно-уметничко друштво и по ДХЛ да ја пратат до Амбасадата во Варшава.

8 декември 1998, вторник

Доцна ноќта од Отава (Канада) се јави амбасадорот Јордан Веселинов и рече дека деновиве во Варшава ќе допатува амбасадорот на Полска во Канада и сака да се види со мене. Му вратив дека ќе го очекувам.

9 декември 1998, среда

Во 10:00 протоколарна посета на новиот амбасадор на Хрватска. Заемно се информиравме за состојбите во двете земји. Ми остави впечаток на пријатен, културен, образован и интелигентен човек. Се договоривме почесто да се гледаме и да соработуваме.
Сопругата на проштален ручек кај Ирина, сопруга на рускиот амбасадор.

10 декември 1998, четврток

Во Апостолската нунцијатура во 11:00 испраќање на рускиот амбасадор, Леонид Драчевски, кој одржа краток проштален говор.
Стигна покана од Амбасадата на Руската Федерација со следниот текс:
„По повод завршувњето на дипломатската мисија во Полска, Вонредниот и ополномоштен амбасадор на Руската Федерација и Ирина Драчевска имаат чест да го

поканат господинот Петре Наковски со сопругата на прием на 10.12.1998 во18:00 часот.“

11 декември 1998, петок

Во 11:00 на средба кај Рапацки, по негово барање, во Канцеларијата на претседателот Квашњевски. Го интересираат резултатите од парламентарните избори, состојбите по изборите, односите со соседите. Му реков дека во Македонија сè се одвива мирно. Рече дека тоа ќе ги зајакне билатералните односи кои одлично се развиваат. Потврдив дека односите се во подем со забелешка дека очекувам Полска да го промени ставот во врска со нашето уставно име. Соговорникот изрази задоволство од средбата.

12 декември 1998, сабота

Без активности.

13 декември 1998, недела

Полска денес живее со сеќавањата од воведувањето на воената состојба. За медиумите главна тема. Поради лошото време не излеговме на прошетка.

14 декември 1998, понеделник

Од Митрополитот Варшавски и на цела Полска, Сава, ми стигна божиќна и новогодишна честитка.

15 декември 1998, вторник

Денес го завршив пишувањето на божиќните и новогодишните честитки.
Во 10:00 отидов во полското МНР на средба со Ј.Томбињски од кого ја добив законската регулатива врз чија основа е

организирано и работи полското МНР. По мое барање ја добив и програмата за подготовките на Полска за влегување во Европската Унија.
Новогодишни и божиќни честитки испратив и до претседателот Киро Глигоров и до други државни личности во Македонија.

16 декември 1998, среда

Денес во Апостолската нунцијатура ги испраќаме амбасадорите на Уругвај, Малезија и Холандија.
Возачот го пратив во пошта да ги испрати честитките.
Попладнето ми стигна телеграма од МНР/РМ со која ги известуваат сите амбасади дека во Њујорк почина Љубица Василевска, долгодишна службеничка и дактитилографка во Министерството. До семејството испратив телеграма со сочувство.
Денес изминуваат 16 дена од формирањето на новата влада на РМ, а јас се уште официјално не сум известен за составот. Дознавам дека и некои други наши амбасади не се известени. Има ли некој во Министерството?
Ми се јави Хенрик Ј. Сокаљски. Се интересираше за новини од Македонија и за активностите на Полско-македонското друштво. Сугерира за претседател на друштвото да биде избран Тадеуш Мазовјецки заради неговиот углед во Европа.
Во 22:10 полската телевизија ја прекина програмата и јави дека САД го бомбардира Белград. Светските информативни центри ја прекинуваат програмата и ја пренесуваат кобната вест. По телефон се јавив во МНР/РМ. Никој не одговара. Ѝ се јавив на Ана Трајковска, која рече дека никој не одговара на телефонските повици.
И пак се прашувам: има ли некој во МНР/РМ, исто како прашањето: има ли пилот во авионот?

17 декември 1998, четврток

На средба и ручек со Томбињски, Кшижановски од полското МНР и Полак, кој сака да биде почесен конзул на Македонија во Гдањск. Разговорот околу бомбардирањето на Југославија и опасностите за Македонија и за Регионот. Дознавам дека скандинавските војници се повлечени од Македонија и УНПРЕДЕП веќе не постои.
Полската телевизија вечерта врши пренос од приемот што сопругата на претседателот Квашњевски го организира за сопругите на амбасадорите. Сите облечени во народни носии карактеристични за земјата на нивното потекло. Одлична презентација и афирмација на културното наследство. На приемот не учествува само сопругата на македонскиот амбасадор, бидејќи од МНР/РМ не испратија народна македонска носија.
Поздрав до министерот и до Блажевски.

18 декември 1998, петок

Денес во 9:30 во Амбасадата дојде Желињски, амбасадор на Полска во Канада. Пријатен разговор во врска со заемните односи меѓу Македонија и Полска. Раскажува за своите контакти со Македоците во Канада кои по Граѓанската војна во Грција живееле во Полска и кои во разговорите со него секогаш ја изразуваат својата голема благодарност за нивното прифаќање, згрижување, воспитување и образование во Полска и дека и тие придонесуваат за добрите односи меѓу Македонија и Полска.
Во 10:30 дојде г. Лешчињски и ја донесе антологијата на полскиот расказ за деца што е ветено дека ќе биде објавена во Струга.
По повод претстојните божиќни и новогодишни празници во 14:00 во Амбасадата приредив скромна закуска за Полско-македонската парламентарна група. На приемот присуствуваа и македонски бизнисмени, како и Хенрик Сокаљски кој зборуваше за улогата на УНПРЕДЕП за зачувувањето на мирот и за успешните резултати на

превентивната дипломатија и на својствен начин многу сликовито и пофално зборуваше за Македонија..
На крај од средбата на парламентарците им врачив по едно шише македонско вино.

19 декември 1998, сабота

Во текот на денот го изготвив финансискиот извештај за ноември 1998 година и го пратив во МНР/РМ по факс.

20 декември 1998, недела

По телефон ѝ се јавивме на Лиле Поповска (сопруга на нашиот некогашен ученик во Полице, Григори Поповски и сега наш пријател) и ѝ го честитавме изборот за заменик-министер во Министерството за развој.

21 декември 1998, понеделник

Од Министерството за одбрана на Полска ми се јавија и замолија да им ја пратам биографијата на Кљусев, новиот министер за одбрана на Република Македонија. Срамота ми е да признаам дека ја немам, па реков дека факсот ми е на поправка и очекувам во текот на наредните денови да го поправат и со задоволство ќе им ја пратам. Од МНР/РМ и по неколкукратното барање, не ми е доставен составот на Владата, па и биографиите на членовите. Пак му се јавив по телефон на Блажевски, и пак ми вети дека уште денес ќе ми ги прати бараните податоци.
Научив да трпам, едно од одликите на мисијата што ја вршам.
Во 11:00 го посетив Анџеј Зарајчик, заменик-генерален директор на Сојузот на полската индустрија, трговија и финансии. Влијателно лице. Согласно со порано добиените инструкции, му го предадов материјалот „Стратегија за привлекување на странски инвестиции“ и пошироко

разговаравме за учеството на полски инвеститори во Македонија. Вети дека ќе ми достави список и белешка за полските инвеститори.

22 декември 1998, вторник

Полјаците се подготвуваат за Бадник. И потоа три дена ќе го слават Божик. Ќе слават во кругот на семејството и духот на својата долговековна црковна и национална традиција која во минатото ги сочува како народ.
А надвор врне густ снег...
Дознавам дека денес во Скопје ќе престојува Пангалос и не очекувам да носи маслинова гранка.

23 декември 1998, среда

Денес:
- 8:30 на аеродром да го предадам пакетчето со лековите;
- 9:30 доаѓа проф. Стронжек во врска со сликите за таблото;
- 10:00 средување на сметките;
-12:00 доаѓа новинарот Кшижановски да земе илустрирани материјали за Македонија;
-13:00 на разговор во полското МНР во врска со натамошните активности во заемната соработка;
Во 13:20 стигна божиќна и новогодишна честитка од вицепремиерот Јануш Томашевски.

24 декември 1998, четврток

Во духот на католичкиот Божик на војниците кои ја обезбедуваат Амбасадата им врачив скромни подароци, ги почестив со чашка ракија, а подоцна сопругата им однесе термос со чај.
Ние во Костурско, Бадник го викаме Крачун. Така го викаат и Романците и Молдавците.

25 декември 1998, петок

Денес католичкото Христијанство го слави Христовото раѓање, најголемиот празник низ вековите, празникот на семејството, на куќата, спокојот, радоста и на надежите. Ние ќе почекаме со славата цели тринаесет денови. Сега, додека камбаните од соседната црква гласно бијат, ние седиме сами, се потсетуваме на нашето детство и на нашите најблиски, на патиштата кои ги изодевме и сигнавме до тука, во Варшава. Сами, но побогати со животно искуство и знаења и со доживување исполнето со разделби, спомени и мисли за тоа „некогаш“ под стреата на нашите куќи и топлите огништа. Сами, а далеку од нас многу свои, но среќни што сме заедно...

26 декември, сабота

Варшава одмора по големото славење. Одмораме и ние. Европа не спие, не одмора. Бара решенија за решенијата што сама ги создава.

27 декември, недела

И покрај студениот ден, голем број варшавјани шетаат по улицата „НОВИ СВЈАТ“ до стариот дел на Варшава. Им се придружиме и ние.

28 декември 1998, понеделник

Ми стигнаа цел куп божиќни и новогодишни честитки. Честитка од Кабинетот на претседателот Александер Квашњевски, од Маршалот на Сејмот, Канцеларијата на Премиерот, од МНР, од Полско-македонската парламентарна група, од Сојузот на демократската левица, министри, стопанственици, писатели, новинари и дипломати. Скоро сите адресирани на адреса:

Jego Ekscelencja
Pan dr Petre Nakovski
Ambasador Nadzwyczajny i Pełnomocny
Republiki Macedonii
ul. Dominikańska 15, Warszawa
(Дел од честитки во ракописот, КЛАСЕР VIII, стр. 200)

29 декември 1998, вторник

Добив покана од Музејот на литературата „Адам Мицкјевич“ адресирана:

J.E. Petre Nakovski Ambasador Republiki Macedonii, ul.Dominikańska 15 02.-738 Warszawa.
Во 18:00 часот на свечена седница по повод 200 години од раѓањето на Адам Мицкјевич. Салата полна. Присутно државното раководство, министри, високи културни и научни личности, амбасадори. Јубилејот се води под патронат на претседателот Александер Квашњевски.
Ми пријде една г-ѓа и ме замоли:
- Господине амбасадоре повелете во првиот ред.
Со овој гест се почувствував многу почестен и како признание за Македонија.
Главен реферат одржа директорот на Музејот на литературата кој го носи името на Адам Мицкјевич. За жал во својот реферат заборавил да го спомне учеството на Македонија во одбележувањето на јубилејот. За ова му кажав на Сокаљски и новинарот Брољарек и на претседателот на Здружението на полските писатели, Гжешчак, подвлекувајќи дека се чувствувам навреден. Рекоа дека ќе бараат објаснување за пропустот.

30 декември 1998, среда

Во 11 часот на средба со романскиот амбасадор по негово барање. Многу нервозно ми се пожали што директорот Пјењонжек во рефератот не ја спомна и Романија. Рече дека ќе прати остра нота. Постапката ја смета за понижувачка, навредлива и скандалозна.

31 декември 1998, четврток

Во 18:10 заминавме за Великиот национален театар – на гала-новогодишен концерт. Градот прекрасно украсен.
Концертот почна со делови од „Циганерија“, потоа со делови од „Џоконда“. Огромна восхитеност и долготрајни ракоплескања за изведбата на делови од „Лебедово езеро“. Пауза. Сите почестени со шампанско. По триесет минути вториот дел од концертот. Делови од „Травијата“. Во 22:00 крај на концертот. Честење со шампанско со можност чашата секој да може да си ја земе за спомен.
Во 22:30 се вративме „дома“. Тажни сме. Веќе четврта година во туѓо без децата. Со кревање чаша шампанско ја испраќаме старата 1998 и ја дочекуваме Новата 1999 година со многу честитки што по телефон ни ги испратија децата.
За многу години и повеќе среќа и здравје.

ПЕТТИ ДЕЛ 1999

На стариот календар од 1995 година што виси во холот пред кабинетот допишав: крај на четиригодишниот макотрпен труд, залагањата, достигањата, успесите, разочарувањата, желбите и надежите кои ги обележаа 1995, 1996, 1997 и 1998 година. Со истиот елан ја почнувам 1999 година, се надевам последна во извршувањето на одговорната мисија. Во изминатите години се променија влади, министри, генерални секретари и младата држава никако не успеа да го фати чекорот за напред. Кој ја води?

1 јануари 1999, петок

Четири години, во доцните ноќни часови ги бележев дневните активности. Така ќе продолжам и оваа година со мислата и надежта дека можеби во иднина некому ќе послужат за поука или за пример дали така треба или не треба да се работи. Сигурен сум дека некои ќе одобрат, а некои ќе се заканат. Но од вистината никој нема да избега. Па, како што кај народот е вкоренета изреката „Со Господ напред“, со истите напори, желби и елан, денес вчекорувам во новата година со надеж дека во неа ќе бидам добар орач и сејач на корисни и надежни жетви.

2 јануари 1999, сабота

Од Скопје сакам да ми стигнуваат само добри вести. Но, не е така.
По телефон ми се јавија Ана Трајковска и Лиле Наумова, ми ја честитаа Новата година и во разговорот ми пренесоа дека новиот министер, Александар Димитров, имал интервју во ТВ А1 во кое истакнал дека токму тој ќе ја исправи македонската дипломатија. Како? Прво со повлекување, според него на неспособните амбасадори, пред сè на неистомислениците и со објавување конкурси во кои тој ќе одредува, веројатно со помош на Тупурковски, кој е поспособен. Првиот чекор ќе биде назначување по од горе добиен налог, тоа е најсигурно, потоа по партиски и пријателски врски. Така е најлесно. Знаењето, искуството не важат. Ќе важат правилата што тој ќе ги постави.
И денес во Варшава уште трае новогодишното празнување и отрезнување, па заради пополнување на дневната празнина го читам написот („Kużnice dyplomacji“) „Ковачници на дипломатијата“, објавен во неделникот „ ВПРОСТ“ („WPROST“). Читам:
САД, Јапонија, Кина, Австрија, Германија, Франција, Велика Британија, Русија, со векови ги градеа и усовршуваа своите академии за дипломати.

Натаму пишува дека во последните години свои академии отворија: Словенија, Естонија, Романија, Литванија, Чешка, Унгарија, Хрватска. Македонија не е спомната. Можеби затоа што има такви рефоматори на дипломатијата како А. Димитров, па затоа не ѝ треба академија за дипломати.
На почетокот од написот, јас почнав да читам од крајот, пишува дека „дипломатот во времето на глобализацијата, интернетот, меѓународниот тероризам, тоа не е само елегантниот и елоквентен господин кој е постојано присутен во политичките салони. На денешниот дипломат-пишуваат авторите или на денешниот амбасадор или конзул не му е доволно само да ја знае историјата, правото или дипломатската пракса, тој мора добро да се ориентира во стопанската проблематика, да знае да се служи со компјутер и да го знае јазикот на земјата на приемот. Според тоа, дипломатијата е работа на професионалци, а времињата вчерашни поминаа.“
Овие правила во извршувањето на мојата мисија ми беа дневна водилка.
Неделникот за миг го оставив настрана и се за прашав:
- Зошто во Македонија се уште не е отворена академија? Каде се старите, искусни македоски дипломати во служба на СФР Југославија?
Ако би биле искористени македонските дипломати од старата југословенска дипломатија (на кои им пречеше Лазар Мојсов и нему слични), тогаш ниту еден писар, па и курир, син или внук, не би го пречекорил прагот на Министерството за надворешни работи. Македонија имаше дипломати со име од кое зрачеше знаење и искуство и работа. А сега? Сега тие кои први во светот ја пренесоа вистината за Македонија ги прогласија за неспособни, а за советници, коресподенти-преведувачи и секретарки им испратија непрофесионалци, но личности со големо уво на кое висеше телефонската слушалка сè додека соговорниците министри не го завршуваа разговорот. Таа инвестиција знаеја како да ја искористат - станаа дипломати - печалбари.

Но не останувам безнадежен – верувам дека кога на власт ќе дојдат умни и способни личности, македонската дипломатија ќе си го најде местото што ѝ доликува.
Прошетката по студеното време, ме олади.
Во 22:30 часот го завршив финансискиот извештај за декември 1998 година.

3 јануари 1999, недела

Од Киев ми се јави амбасадорот Владо Блажевски. Ми ја честиташе Новата година и јас му ги возвратив честитките.

4 јануари 1999, понеделник

Денес прв работен ден во новата 1999 година. Преглед и средување на испратени писма, ноти, телеграми до полските државни институции, средби и разговори со високи државни личности и амбасадори и друга документација.
Од Дипломатскиот протокол ми ја донесоа книгата со списокот на дипломатско-конзуларните претставништва во Варшава, во која за првпат, по честите и настојчиви мои барања, на страница 138 во заглавието е напишано со големи букви МАКЕДОНИЈА (MACEDONIA). Отворена ја ставив на почесно место во кабинетот.
Во Амбасадата дојде младо момче и рече дека се вика Игор Илиевски и доаѓа по препорака на премиерот Љубчо Георгиевски и министерот за внатрешни работи, Павле Трајанов. Го примив во чекалната. Уште еднаш рече дека доаѓа по препорака на тие двајца со устен налог да го примам на работа во Амбасадата. Знае полски и англиски јазик, студира на потсдипломски политички науки, во Полска има завршено матура и факултет, дека по мајка е Полјак, а по татко Македонец, дека со високите македонски државни функционери се сретнал на 26 и 28 декември 1998 година, дека е син на висок функционер во македонското МВР. Роден е во Скопје во 1977 и по загинувањето на татко му заедно со

мајка му ја напуштија Македонија и се доселија во Полска. Има македонско државјанство. Толку од неговата биографија. Го прашав дали има документи. Ми подаде копии и замоли да ги пратам во Скопје со дипломатска пошта. Му реков дека неговите документи во Скопје побрзо ќе стигнат по ДХЛ. Разговорот тука заврши.
По телефон се јави А. Димитров, новиот министер за надворешни работи. Му го честитав изборот и Новата година. Му реков дека барам одобрение да дојдам во Скопје на работна посета во времето од 11 до 15 јануари о.г. Се согласи, меѓутоа, сугерира дека подобро да одам после 20 јануари. Прифатив. Договоривме да доставам соодветно писмено барање. Му реков дека неколку полски министерства чекаат предлог-текстови на договори за соработка и подвлеков дека во Скопје ќе дојдам со полна кошничка предлози за соработка меѓу двете земји.

5 јануари 1999, вторник

Ристо Блажевски (веројатно од добра желба) внесе забуна во врска со посетата на Македонија на полската делегација од Уредот за физичка култура и туризам која веќе беше подготвена за пат. Испрати факс, а потоа и текст на Договорот, со кој предлага да се одложи посетата за една недела, а во тоа време двете страни би го договориле текстот на меѓувладиниот договор и би го потпишале во Скопје. Му се јавив на Таки Џиков да прашам дали ова е договорено со МНР/РМ или е само предлог на Блажевски. Таки беше изненаден и веднаш побара посетата да се реализира како што е договорено.

6 јануари 1999, среда

Во 10:00 на разговор во Министерството за сообраќај во врска со потпишувањето на Договорот за цивилен воздушен сообраќај. Македонскиот текст уште лани им го имав

доставено со нота. Во текот на разговорот ми беше речено дека договорите не можат бидат потпишани во првото тримесечје од 1999 година. Ми беше ветено дека во текот на идната недела писмено ќе одговори. Текстот на Договорот е прифатлив со мали корекции.
Во 12:00 во Управа за царина. Нашиот текст што им го испратив со нота уште во 1997 година е во тек на разгледување, но експертите ќе можат да преговараат дури во текот на 1999 година. Полската царинска служба е повеќеслојна, па оттука и долгите преговори.
Најдолг разговор имав во полското Министерство за одбрана. Ми стигна писмо од директорот на музејот „Адам Мицкјевич“ и Домот на литературата. Директорот пишува дека собирот немаше јубилеен карактер, па оттука не ја спомна Македонија, но подвлекува дека по иницијатива на претседателот Квашњевски во претседателската палата ќе се одржи свечено затворање на јубилејната година на 19 јануари и тогаш ќе биде истакното големото одбележување на јубилејот кој Македонија го одбележа со издавање двојазична збирка поезија од Адам Мицкјевич и со откривање негова биста во Струга, за што посебна заслуга има амбасадорот на Македонија во Варшава.
(Оригиналот на писмото во ракописот, КЛАСЕР VIII, стр. 224)

7 јануари 1999, четврток

Денес православен Божик. 7 и 8 јануари се неработни денови, но по претходен договор денес имам закажано разговор со директорот за Европска интеграција и меѓународна соработка во Министерството за внатрешни работи и администрација. Разговорот се водеше во врска со заемната соработка. Расположени се да потпишат договор за соработка, со забелешка договорот да носи меѓународен карактер. Разговорите на експертите би можеле да почнат во текот на

април оваа година во Варшава. Договоривме секоја страна да предложи свој текст на договрот.

8 јануари 1999, петок

Во 10:00 во полското МНР. Разговор во врска со предлог-договорите од претходните години доставени од наша страна до Министерството за правда (3), за внатрешни работи (1), за сообраќај (1), за труд (1), за управа за царина (1) за архиви (1).
Договоривме експертите да ги забрзаат преговорите.
Вечерва во 18:30 сме поканети од претседателот А. Квашњевски на традиционална новогодишна средба со учество на целиот Дипломатски кор и високи полски личности. Претседателот одржа пригоден новогодишен говор, а потоа се вмеша во масата на гостите. Краток разговор, неколку реченици во врска со состојбите во Македонија и Косово. Средбите со поголем број амбасадори се однесуваа на Косово. Скоро сите соговорници изразуваа задоволство поради зачувувањето на мирот во Македонија.

9 јануари 1999, сабота

Надвор врне густ снег. Продолжувам со изготвувањето на годишниот извештај за 1998 година.

10 јануари 1999, недела

Не ни успеа прошетката до Виланов. Силниот и студен ветер нè натера да влеземе во кинескиот ресторан.
Во 17:30 по покана од православниот Митрополит Варшавски и на цела Полска, Сава, учествувавме на концертот „Коледи“ во настап на четири православни хорови во црквата Св. Марија Магдалена. Два часа слушавме прекрасна црковна православна музика. Покрај големиот број верници, присутни и амбасадорите на: Бугарија, Грција, СР

Југославија, Белорусија, Романија, Молдавија, вршителите на работите на Украина и на Руската Федрација. На крајот од концертот си го честитавме православниот Божик и Новата 1999 година, а Митрополиот Сава сите амбасадори со сопругите не покани на прием.
Неверојатно изненадување за сите присутни беше кога Дитта на Митрополитот Сава му врачи погача со паричка и шише македонско црвено вино. Митрополитот ја бакна погачата, трипати се прекрсти, ја потури со виното и почна полека да ја крши. Секому по парче. Паричката му падна на Митрополитот Сава.
Во текот на приемот Митрополитот Сава на одделен разговор во четири очи ми рече дека архиереите на Полската православна црква на високо ниво се согласија да ја признаат Македонската православна црква, но пред тоа се потребни средби, разговори и повеќе контакти.
Ми пријде вршителот на работите на СР Југославија, г-ѓа Соња Банда и во краткиот разговор ми рече дека престојот на силите на НАТО во Македонија има за цел под наводно спасување на верификаторите, НАТО да го окупира Косово, што може да има трагични последици за целиот регион, а посебно за Македонија. Ѝ се заблагодарив за информацијата и се договоривме во наредните денови да се видиме.

11 јануари 1999, понеделник

Стигна честитка од Примасот на Полска (поглаварот на Полската католичка црква) со следната содржина која во превод на македонски јазик гласи:
„Екселенцијо,
Почитуван Господине Амбасадоре,

Овогодишните празници на Богораѓањето и претстојната 1999 Година нас нè внесуваат директно во јубилејната 2000 година, која има верска, но и општествена големина.

Со радост ја чекаме Новата година, како век на мирот и единството во сите рамници на човековиот живот. Пожелувам сите преземени напори да даваат плод на добрина, а Божјото благословенство да е за сите луѓе на добрата волја.
Божја благодарност за паметењето и Богобожните дарови.
- Јозев Кардинал Глемп
Примас на Полска, с.р.“

Во текот на денот ми стигна и честитка од Љубелскиот и Хелмскиот православен епископ, Абел.
(Оригиналите адресирани со Неговата Екселенција Петре Наковски, вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во ракописот, КЛАСЕР VIII, стр. 132)

12 јануари 1999, вторник

Стигнаа многу честитки и покани за учество на приеми и коктели во државни институции.

13 јануари 1999, среда

Роденден на Миленка. Честитки и подароци.
Во 11:00 во Министерството за правда. Разговор со Цишек, кому во септември 1998 година му врачив три текстови на договори. Овој разговор со него е трет. Секогаш го користи истиот аргумент: да почекаме да се реши прашањето со името. Овие договори, вели, се меѓудржавни. Од полското МНР сум добил писмо-пелтечи тивко-со кое ме известија дека ниту една држава ја нема признато Македонија. Не издржав, па го прашав:
- Дали зборувам со Пољак или со Грк? Така тврдат Грците, мој господине, а за ваша информација прегледајте го Билтенот што секој месец го издава Полската академија на науките. Од таму барем ќе научите колкав број земји нè имаат признато. Му се заблагодарив за приемот и разговорот

и го предупредив дека во врска со текстовите на договорите ќе побарам прием кај министерот. Кога ме испраќаше од неговото пелтечење ништо не разбрав.

14 јануари 1999, четврток

По телефон се јави Полак од Гдањск и праша дали има некаква информација во врска со неговото барање да биде почесен конзул на Македонија. Му реков дека чекам и штом добијам информација, веднаш ќе го известам.
Му се јавив на Ристо Блажевски и го прашав дали е донесено некакво решение. Ми рече дека тој лично поинаку размислува. Ќе назначат еден Македонец кој живее во Гдањск. Му реков дека нема да погреши ако ги прочита нормите или законските правила како се назначува почесен конзул.

15 јануари 1999, петок

Средба и разговори во Министерството за труд и социјална политика. Ме изненади подготвеноста и желбата во текот на февруари, експертските групи да почнат да ги усогласуваат македонските и полските текстови на договорите.
Попладнето стигна одговор од полското Министерство за внатрешни работи и администрација. Известуваат дека се заинтересирани да потпишат меѓувладин договор за соработка. Одговорот е резултат на разговорите што ги имав на 7 јануари о.г.
Се уште нема одговор од Министерството за сообраќај и од Министерството за одбрана.

16 јануари 1999, сабота

На „Словенскиот бал“ не отидовме поради грипот. Времето студено.

17 јануари 1999, недела

Читање на дневниот печат. Многу информации во врска со политичката криза. Се навестува паѓање на владата на премиерот Бузек**.**

18 јануари 1999, понеделник

Во Амбасадата дојде бизнисменот Пивник. Се интересира од Македонија да увезува дрва и чакал за новата железничка линија и патот кој ги гради неговата фирма. Го замолив понудата да ми ја достави во писмена форма.
По неговото испраќање, си помислив:
- Дали и оваа понуда нема да загине во нечија фиока во МНР/РМ зашто досега многу понуди таму ги јаде прашината.
Што се однесува до чакалот, Македонија има камен, ама кој ќе го крши?
Во 16:00 средба со Балцерович, новиот премиер.

19 јануари 1999, вторник

Стигна покана од Канцеларијата на претседателот А. Квашњевски. Во 12:00 во претседателската палата ќе се одржи завршна свеченост на јубилејот по повод 200-тата годишнина од раѓањето на Мицкјевич. Во краткиот, но содржински многу богат говор, проф. Пјењонжек, меѓу другото истакна дека во Македонија, јубилејот беше одбележан со издавање двојазична збирка од поезијата на Мицкјевич, а во Струга на брегот на Охридско Езеро, поставена негова биста.
По завршувањето на свеченоста, краток разговор со претседателот Квашњевски, кој ми се заблагодари за мојата иницијатива за одбележување на јубилејот.

20 јануари 1999, среда

Тековни канцелариски работи. Во 15:00 средба со заменикот главен уредник на „ЖЕЧПОСПОЛИТА“, Мачеј Лукашевич.

21 јануари 1999, четврток

Телефонски разговор со Михајло Пешев и Митко Бојаџиски во врска со туристичките понуди во Македонија и за можностите за средби со полски туристички агенции. Им ветив дека можат да сметаат на моја поддршка и ангажираност.
Средба со Лешек Милер, претседател на Социјалдемократската партија.

22 јануари 1999, петок

По телефон ми се јави Пешев, директор на „КОМПАС“. Рече рече дека е задоволен од мојот одговор и замоли да стапам во контакт со полски туристички агенции со предлог заеднички да организираат во Варшава промоција на македонскиот и на полскиот туризам. Прифатив и замолив предлогот да ми го испрати во писмена форма.

23 јануари 1999, сабота

На прием во Амбасадата на Куба.

24 јануари 1999, недела

Средување канцелариски материјали од минатонеделните активности.

25 јануари 1999, понеделник

Во книжарниците во Варшава се продава книгата „Древна Македонија“ од Хомонд. Купив еден примерок.
Се јави Сокаљски и нè покани на вечера.

Во целиот тек на вечерата домаќините, госпоѓа Марија и нејзиниот сопруг Хенрик Ј. Сокаљски непрестано евоцираа спомени и доживувања од неколкугодишниот престој во Македонија, каде Сокаљски раководеше со скандинавските војници во рамките на УНПРЕДЕП или со превентивната дипломатија. Поминавме една од ретките прекрасни вечери што ги доживеавме за целото време од нашиот престој во Варшава. Вечера која не се заборава.

26 јануари 1999, вторник

Од „КОМПАС“ по факс стигна „сценарио“ за презентација на македонскиот туризам во Полска.
Прием во белгиската амбасада по повод заминувањето на амбасадорот. Не видов ниту еден амбасадор, а потоа на коктел во Амбасадата на Унгарија.
Тихомир Илиевски и В. Ефремовски од МНР/РМ, побараа информација за работата на вработените. Им испратив.
Во 18:00 на коктел во Амбасадата на Индија.

27 јануари 1999, среда

Во Министерството за култура на разговор во врска со учеството на полски поети на Струшките вечери на поезијата и учеството на наш црковен хор на Фестивалот на црковни хорови во Хајнувка.
Во 11:00 во Апостолската нунцијатура на испраќање на амбасадорите на Бразил и на Белгија.

28 јануари 1999, четврток

На протоколарна посета го примив новиот амбасадор на Монголија.

29 јануари 1999, петок

Во 10:00 часот во полското Министерство за надворешни работи. Разговор во врска со обезбедувањето на Амбасадата со оглед на немирните настани во Македонија над која нависнува бура.
Од МНР/РМ ми стигна факс со назнака ИТНО – Предмет – Инструкција.
(Интегралниот текст во ракописот, КЛАСЕР VIII, стр. 260)

30 јануари 1999, сабота

Во Скопје политичка бура во врска со воспоставувањето дипломатски односи со Тајван, кој за возврат ветил една милијарда долари. Се разбира дело за други цели, ама не во корист на Македонија. Тајванците во Тајван не се толку наивни туку така да даваат милијарда. Според моја оценка - Македонија прифати лоша игра. Сигурен сум дека Кина ќе ги раскине дипломатските односи со Македонија, нема да дава поддршка на меѓународен план, ќе ја прекине помошта за градење на Козјак, а во Советот за безбедност во ООН ќе гласа против УНПРЕДЕП да остане во Македонија. УНПРЕДЕП ги спакува ранците и замина, со што се отвори патот за нови несогледливи лоши последици за Македонија, а пред сè за Србија.
Министерот за надворешни работи истрча во Тајван да се заблагодари за милијардата. Телевизијата пренесе снимки од свечениот дочек, небаре Тајванците пречекуваат американски претседател. Тој им е најмил. На снимката се гледа како по свечената вечера во негова чест, тој лошо ја држи чашата со шампанско. Не знае, ама ако натаму ќе биде министер, ќе научи.
Радио Скопје пренесе дека од Тајван се врати без ветената милијарда.

31 јануари 1999, недела

Денес решив да не работам, туку да го слушам Радио Скопје кое пренесува вести кои не се корисни за Македонија.

1 февруари 1999, понеделник

Во протоколарна посета во 10:00 часот го примив Ондреј Немчок, новиот амбасадор на Словачка во Варшава. Разговаравме за можната соработка меѓу двете земји. Амбасадорот Немчок изрази надеж дека Македонија ќе ја поддржи Словачка за нејзино зачленување во Советот за безбедност на ООН.
Во текот на денот го завршив финансискиот извештај за јануари 1998 година.
Во Македонија, според Радио Скопје и натаму се кршат копја во врска со односите со Тајван. Овој чин уште повеќе го подели народот – закани, пцости, поделби и сè друго што во изминатите години ја валкаше Македонија.

2 февруари 1999, вторник

Во 11:30 отидов на договорениот состанок во Департментот за промоција на туризмот. Ги изнесов предлозите на „КОМПАС-ТУРИСТ“ за организирање промоција на македонскиот туризам во Варшава. Предлозите беа прифатени.
Го известив директорот на „КОМПАС“ дека соговорниците предложија презентацијата да се одржи по 10 март 1999 година бидејќи пред тоа сите полски туристички агенции ќе присуствуваат на туристичкиот Саем во Берлин. Доколку „КОМПАС“ ќе учествува таму, да контактира со Катажина Собјерајска и Марек Голковски.
До министерот Димитров испратив факс со барање да ми одобри тридневен работен престој во Македонија кој би го искористил за средби со новите владини и државни институции од кои би ги забележал нивните интереси во соработката со соодветните полски институции.

3 февруари 1999, среда

Попладнето ми стигна инструкција во врска со македонско-кинеските односи.
(Види КЛАСЕР VIII, стр. 266)

4 февруари 1999, четврток

Во 11:00 отидов во Сејмот да пренесам благодарница за честитката од претседателот на Собранието на Република Македонија, Саво Климовски, за неговиот избор.
Во 18:00 на прием во Амбасадата на Бугарија приреден по повод 80-тата годишнина од воспоставувањето на бугарско-полските дипломатски односи. Во текот на приемот повеќе средби и разговори. Соговорниците најмногу се интересираа за односите Тајван-Македонија.

5 февруари 1999, петок

Во 10:00 часот се јави секретарката на Економското и културно биро на Тајван во Варшава. Замоли да го примам шефот на Бирото, Хуанг Хсинти.
Прифатив и договорив средба на 8 февруари о.г. во 10:00 часот во Амбасадата.
До 14:40 работев на белешки и извештаи за вчерашните средби и разговори.
На интернет читам дека Македонија го загуби правото на глас во ОН, бидејќи должи 90.000 долари неплатена членарина за последните две години.

6 февруари 1999, сабота

Немам никакви активности. Читам весници**.**

7 февруари 1999, недела

На прошетка и ручек во јапонскиот ресторан.

8 февруари 1999, понеделник

Се јавив во МНР/РМ во врска со моето барање за работен престој во Македонија. Секретарката ми рече дека надлежен за тоа е Ристо Блажевски, а генералниот секретар Владо Ефремовски, со кого разговарав, рече дека ништо не знае и смеејќи се, дофрли:
- Трпение, амбасадоре.
Се разбира дека мора да се има трпение, кога се работи со такви луѓе.
Во 10:00 во Амбасадата дојде шефот на Економското и културно биро на Тајван во Варшава. На многу лош полски јазик рече дека доаѓа по налог и инструкција на министерот за надворешни работи на Република Кина (Тајван) со цел да се запознае со амбасадорот на Република Македонија во Варшава, да воспостави контакти и да предложи соработка во рамките на односите што ќе се развиваат меѓу Македонија и Тајван. Истакна дека Тајван има голема желба да ѝ излезе во пресрет на Македонија со цел да ја зајакне нејзината економија за што ќе ѝ даде една милијарда долари. Замоли за ова да ги запознаам претставниците на Дипломатскиот кор за време на приеми, коктели и одделни средби. Внимателно го слушав и не коментирав.
Погледнав на часовникот. Соговорникот сфати дека наближува крајот на посетата. Се заблагодари за приемот и на излегување ми остави цел куп разнобојни материјали за Тајван.
На моето барање за работен престој во Скопје, не стигна одобрение.

9 февруари 1999, вторник

Во „Газета Виборча“ („Gazeta Wyborcza“) го читам коментарот на Давид Варшавски во врска со Конференцијата посветена на Косово што се одржува во Париз. На крајот од коментарот, авторот предвидува дека Албанците во Македонија ќе бараат поголема автономија, во спротивно ќе предизвикаат инциденти.
Информации од МНР/РМ не стигнуваат. Од разговорот со вработен во МНР, сфатив дека во Министерството единственото што може да се види е големиот неред. Министерот за надворешни постојано е во странство и се шепоти дека многу лошо се сноаѓа.
Во 18:30 на прием во Амбасадата на Иран. Купови книги на разни јазици со верска содржина. Јас опкружен со соговорници кои се интересираат за состојбите во Македонија и Регионот.

10 февруари 1999, среда

Миленка се враќа во Скопје.
Во „ЖЕЧПОСПОЛИТА“ („RZECZPOSPOLITA“) информација дека Љ. Георгиевски официјално ќе ја посети Софија по покана на бугарскиот премиер и прашање дали Бугарија се помирува со Македонија?

11 февруари 1999, четврток

Читам агенциски вести за македонско-бугарските односи.
Во 19:00 на прием во Амбасадата на Албанија приреден по повод престојот на министерот за надворешни работи на Албанија, Паскал Миљо во Варшава. Интелигентен и културен. Зборуваме на грчки јазик. На приемот присутен Геремек, други полски министри и поголем број амбасадори со кои имав кратки разговори.

12 февруари 1999, петок

Полските медиуми ја објавија веста дека Полска, Чешка и Унгарија на 12 март 1999 година ќе бидат членки на НАТО. Во Варшава студено, дува силен студен северен ветер.

13 февруари 1999, сабота

Поради студеното време никаде не излеговме.

14 февруари 1999, недела

Исто како и вчера.

15 февруари 1999, понеделник

Од полското МНР ми јавија дека е донесена одлука Договорот за соработка на архивите ќе биде потпишан со „Архив на Македонија“. Идната недела ќе биде доставено писмо до Дирекцијата на полските Државни архиви. Министерството за труд и социјална политика на Полска ме извести дека терминот на преговорите за текстот на конвенцијата е поместен за 24-26 март 1999 година. Државната агенција за странски инвестиции на Полска, преку Министерството за надворешни работи на Полска се обрати до Амбасадата со предлог, директорот на Агенцијата за обнова и развој, д-р Васил Тупурковски да прифати официјално да ја посети Полска по покана од Државната агенција за странски инвестиции во времето април-мај 1999 година. Од Агенцијата молат да добијат информација дали поканата е прифатлива.
Со писмо и по факс ги известив полското Министерство за култура и Фондацијата на Фестивалот на црковната музика во Хајнувка дека од Македонија ќе учествува хорот „МЕНАДА“ од Тетово.

16 февруари 1999, вторник

Денес ме посети претставникот на „ГОРЕЊЕ“.
На прием во Амбасадата на Литванија.

17 февруари 1999, среда

ТВ пренос на обраќањето на претседателот А. Квашњевски до нацијата. Денес Полјаците се единствени. Воодушевеност што наскоро Полска влегува во НАТО.

18 февруари 1999, четврток

Ми стигнаа вести дека во Скопје, Љ. Георгиевски лево и десно дели изјави, интервјуа. Му помагаат Сантер, Солана и други пријатели.

19 февруари 1999, петок

Се јави Ристо Блажевски и бара информација за ставот на полскиот и на холандскиот премиер за Втората евроатлантска конференција што ќе се одржи во Варшава во времето од 10-12 мај 1999 година**.**

20 февруари 1999, сабота

Полското радио пренесе вест дека ако не се постигне тоа што го бараат Албанците во Косово, тогаш ќе има бомбардирање на Југославија од страна на НАТО. Ми се јавија полски новинари и прашуваат како би се одразило тоа врз Македонија.

21 февруари 1999, недела

Велики поклади. Кому да му простам и кој да ми прости? Нека остане фифти-фифти.

22 февруари 1999, понеделник

Од Ополе ми се јави Здравко Стаматовски, кој (дури денес дознавам) приватно е поканет да работи на Универзитетот како лектор по македонски јазик. Има тешкотии со здравствената заштита и не знае што да прави. Му сугерирав со работодавачот да потпише соодветен договор за здравствено осигурување.

23 февруари 1999, вторник

Во 11:30 на средба во Сејмот со претседателот на словачкиот парламент.

24 февруари 1999, среда

На прием во Амбасадата на Естонија во 12:00, а во 14:00 часот на прием во резиденцијата на словачкиот амбасадор.

25 февруари 1999, четврток

Се јавија од полското Министерство за надворешни работи и побараа информација во врска со евентуалната согласност на Васил Тупурковски официјално да ја посети Полска. Реков дека секој ден чекам одговор. Замолија да ургирам**.**
Во 11:00 часот во Апостолската нунцијатура испраќање на амбасадорите на Индонезија и на Романија. Од старото друштво останавме уште двајца: Словенецот и јас. Бевме одлична група, која честопати се сретнуваше и одржуваше меѓусебни врски. Сите ми недостасуваат.
По телефон ми се јави некоја госпоѓица од Краков во врска со манифестацијата **„Краков европска престолнина 2000“** и замоли да го добие бројот на факсот на Министерството за култура на Република Македонија. Рече дека по пат на преписка се договориле (кога?) да разменат експонати. Ѝ реков дека тоа е сериозна манифестација и тоа што треба да

биде изложено спаѓа во надлежност на државата и добро би било да бидат информирани и амбасадите на двете земји.
Ми стигна покана од првиот заменик на министерот за народна одбрана на Република Полска, Шереметјев, за учество на средбата на амбасадорите кои зборуваат полски. На средбата освен амбасадорите учествуваа и голем број високи офицери на полската војска. Соговорниците најмногу се интересираа за состојбите во регионот. Амбасадорот на Шведска во разговор со мене и во присуство на неколку амбасадори рече дека доколку дојде до завршување на мисијата на УНПРЕДЕП поради евентуалното вето на Кина, ќе се прекине една толку ефикасна превентивна мисија и подвлече дека Македонија многу направи за афирмација на превентивната дипломатија и со својата политика натаму придонесува за стабилноста на мирот во Регионот.
Постојаниот претставник на ООН во Варшава и координатор на програмата за развој, Метју Каане, пројави интерес за натамошниот развој на односите Македонија-Тајван, подвлекувајќи дека тој лично има разбирање за мотивите на новата македонска влада која неочекувано презеде еден толку смел чекор. Натаму главна тема на разговорите беа состојбите на Балканот.

26 февруари 1999, петок

Денес претседателот А. Квашњевски го потпиша Договорот за влез на Полска во НАТО.
Од интернет дознав дека Кина стави вето за УНПРЕДЕП и дека во Македонија секој ден пристигнуваат војници на НАТО – Англичани, Французи, Американци, Германци.
Имам впечаток дека во Балканскиот котел нешто врие. Исто така од интернет дознав дека за шеф на грчката канцеларија за врски е поставен амбасадорот Јоргос Какликис. МИА јави дека Германија на Македонија ќе ѝ подари 350 џипови. Ми се чини дека премногу старо железо ќе ни биде подарено. Како тие – тенковите од Бугарија. Истиот извор јавува дека во

Македонија се очекува да бидат стационирани околу 10 000 војници на НАТО кои ќе бидат дел од мисијата на НАТО во Косово. Засилено се обезбедува границата со Македонија. Македонија се враќа кон стравот, немирот, безнадежта. Туѓиот војник – е страв.
Децата ми се јавија и рекоа – Тато веќе живееме во страв! И ова сега е една од вистините за Македонија...

27 февруари 1999, сабота

Во 9:00 ми се јави Хенрик Сокаљски, шеф на УНПРЕДЕП. Изрази жалење поради ветото на Кина во СБ на ООН. Договоривме средба.

28 февруари 1999, недела

На интернет многу ветувања од Запад за помош на Македонија.
Ѝ се јавив на Ана Трајковска. Во телефонскиот разговор ми рече дека во МНР се подготвуваат големи кадровски промени и дека владее безредие и несигурност.

1 март 1999, понеделник

Околу 12:00 часот во Амбасадата дојде Игор Илиевски. Имавме пријатен разговор. Се врати во Скопје и за многу кратко време стигна до потсекретар, а потоа и до амбасадор во Прага.

2 март 1999, вторник

Од полското МНР ми јавија дека е испратено писмо до Дирекцијата на полските Државни архиви со кое се препорачува Договорот за соработка меѓу архивите на Полска и на Македонија од македонска страна да се потпише со „Архив на Македонија“.

Тукуречи четири години настојував за ова.
Успеав.
Во телефонскиот разговор што веднаш по добивањето на информацијата го водев со доцент д-р хаб. Дарија Наленч (Daria Nałecz), директорка на Генералната дирекција на полските Државни архиви, е предложено Договорот да се потпише во Варшава во времето од 19 до 21 април и од 26 до 28 април 1999 година.
Се јавија од Бирото за економска и културна соработка на Тајван во Варшава и ме поканија на средба со група македонски новинари (од каде па тие?) што ќе се одржи на 9 март о.г. По дополнителна проверка се покажа дека тие се тајвански новинари кои во Варшава ќе допатуваат по посетата на Македонија.
МИА јави дека министерот за надворешни работи на Република Кина (Тајван) Џејсон Ху, попладнево пристигна во четиридневна официјална посета на Република Македонија. На скопскиот аеродром, високиот гостин од Тајван го пречекаа неговиот македонски колега, Александар Димитров, министерот за стопанство, Жанко Чадо и министерот за информации, Реџеп Златку.

3 март 1999, среда

Денес ме совлада грипот. И покрај тоа отидов во полското МНР на разговор со Томбињски. Разменивме информации околу состојбите на Балканот, а потоа му дадов дел од нотата што британската амбасада во Скопје ја достави до МНР/РМ. Делот од британската нота гласи:
„(...) секаде каде што се појавува фразата „Владата на Македонија“, во насловите, преамбулата или во оперативните ставови на Договорите, да се употребува фразата „Владата на Република Македонија“, додека секаде каде што се употребува зборот „Македонија“ треба да се употребува фразата „„Република Македонија“. Амбасадата се надева дека Владата на Република

Македонија ќе биде задоволна со овие предложени амандмани.“

Не забележав дека Томбињски е изненаден. Претпоставувам дека за ставот на Велика Британија полското МНР било информирано, па оттука и писмото до Генералната дирекција на полските архиви.
Ми стигна напис со наслов „Macedonia-Tajwan-Pekin“ од мојот добар пријател, познатиот полски новинар Зигмунд Брњарек, објавен во („TRYBUNA“) на 23 февруари о.г. Многу позитивно за Македонија. (приложен на полски во белешките, КЛАСЕР IX, стр. 321).
Во 18:00 на отворање изложба посветена на Адам Мицкјевич.
Во 18:30 на коктел во Амбасадата на Мароко.

4 март 1999, четврток

Во 18:30 на коктел во Амбасадата на Бугарија по повод националниот празник и официјалната посета на премиерот Иван Костов на Полска. Амбасадорот Јорданов ме запозна со премиерот Костов со кого имав краток разговор во врска со односите Македонија-Бугарија.
Од интернет дознавам дека на 11 и 12 март по покана од А. Димитров во Скопје ќе престојува бугарската министерка за надворешни работи, Михајлова.
МИА јавува дека во Македонија ќе бидат стационирани 28 000 војници на НАТО.

5 март 1999, петок

Телефонски разговор со Пешев во врска со промоцијата на македонскиот туризам во Полска. Кратко потоа ми испрати телеграма со која предлага презентацијата да се одржи на 19 март во салонот на Амбасадата со почеток во 12:00 часот. Составот на делегацијата дополнително ќе го соопшти.

6 март 1999, сабота

Сателитските ТВ канали се почесто ја спомнуваат Македонија и прикажуваат најразлични репортажи и тоа не многу позитивни.

7 март 1999, недела

Поради грипот не отидовме на прошетка.

8 март 1999, понеделник

На Дитта го честитав Денот на жените.
Се јави Закшевски од полскиот Сејм и замоли да му доставам музички ноти на македонската химна**.**

9 март 1999, вторник

Во 10:00 часот курирот на полските Државни архиви ми го донесе полскиот текст на Договорот за соработка со Архивот на Македонија. Во текот на денот ќе го преведам на македонски јазик и по еден примерок по факс ќе испратам во МНР/РМ и Дирекцијата на Архивот на Македонија.
Во 11:00 часот на средба со Тадеуш Мазовјецки, која одамна беше договорена. Целиот разговор посветен на Македонија. Изрази задоволство од разговорот подвлекувајќи дека доби нови сознанија кои се одредено освежување на досегашните негови знаења за Македонија. Ја пофали одлуката на претседателот Киро Глигоров да се отвори македонска амбасада во Варшава, која секогаш може да смета на негова поддршка и совети.
Вечерва во 19:00 часот сме поканети на вечера кај шефот на Бирото за економска и културна соработка на Тајван со Полска. Најавено ни е дека на вечерата ќе бидат присутни и тајванските новинари кои пред една недела престојувале во Македонија.

Не верувам дека во Варшава има побогато опремени простории. Огромни фотелји сè од кожа, дебели разнобојни килими, големи вазни, мебелот од ореово дрво со изрезбани разни фигури на животни, дрвја, птици, планини, се согласно со вековните кинески традиции. Тајванците на тој начин ги привлекуваат наивните. Сркнавме од нивното јадење, но стапчињата не ги допревме. Останавме час и половина. Тајванските новинари настојуваа да дадам интервју.
Не дадов.
Тајванците веројатно се пожалија на некој во Скопје.
Наредните денови ми стигна укор.
Доцна ноќе телефонски разговор со Лиле Наумова. Рече дека скоро е донесена одлука, наводно поради финансиски тешкотии, за укинување на македонските амбасади во Киев, Букурешт, Сараево и Варшава. Во ситуацијата која трае во МНР/РМ ова не ме изненади. Меѓутоа, мојата размисла оди во друга насока. Укинувањето на амбасада е непоправлива грешка. Еднаш изгубената доверба, достоинство и чест, е повеќекратна загуба на довербата која одново тешко се стекнува.
Лично не се чувствувам засегнат, но државата Македонија – ДА!

10 март 1999, среда

Во 19:00 на проштален коктел што го приредува амбасадорот на Романија, Јоан Григореску. Прекрасен човек и другар. Честопати во многу искрените разговори тврди дека неговите предци потекнуваат од Македонија, кои многу одамна дошле да печалат во Романија. Па и покрај тоа што се чувствува како голем Романец, вели, дека се чувствува и како мал Македонец. Секогаш насмеан, но во неговите очи секогаш се гледа тага и болка. И насмевката му е тажна. Беше еден од првите кои го урнаа режимот на Чаушеску, ранет во бурните настани, член на првата посткомунистичка влада, поради неедномисленоста, делбите и неслогата, пратен за амбасадор

во Полска. Тоа го смета и за награда и за казна. Вљубен во филската уметност, Романците го знаат и по неговите филмски репортажи во кои ја има внесено убавината на Романија. Честопати се сретнувавме во амбасадите, на приеми и коктели и насамо на кафе или чај.
Во текот на приемот имав срдечен и пријателски разговор со амбсадорот на Народна Република Кина. Некои амбасадори од Западна Европа во разговорите изразија мислење дека воспоставувањето дипломатски односи меѓу Македонија и Тајван е многу храбар чекор што го направи Македонија. Тема на разговорите со полски функционери натаму е унапредувањето на заемната соработка.
На излегување од Амбасадата долго се збогувавме со Joan Григореску во срдечна прегратка. Кога го пречекорив прагот на Амбасадата му реков:
- Довидување голем Романецу и мал Македонецу.

11 март 1999, четврток

Во 9:15 пречек на претседателот на Исланд.
Во 10:20 средба и подолг разговор со амбасадорот на Чешката Република. Се пожали дека шверцери и слични типови од Македонија ја прегазија Чешка. Во шега му реков дека чешката полиција барем ќе има работа. Замоли да се разгледа можноста за соработка меѓу надлежните полициски органи на двете земји. Му реков дека Чешка е многу отворена земја, но за жал, на своја штета. Се интересираше кога во Прага ќе биде отворена македонска амбасада.
Ми стигна писмо од полскиот новинар и мој многу добар познаник, Зигмунт Броњарек. Свои написи објавува скоро во сите полски весници и списанија. Популарен новинар и публицист. Ми прати негов напис објавен во списанието „Сплетки, мали и дебели риби“ (PLOTKI, MALE I GRUBE RYBY’’). Цитирам дел од написот:

„Го заборавија ли Мицкјевич на македонски?

Како едно од првите преводи на поезијата на Мицкјевич во јубилејната година за Мицкјевич на македонски јазик се појави, благодарение на македонскиот амбасадор во Полска, д-р Петре Наковски, кој го направи и изборот на песните на нашиот поет. Изборот, објавен на македонски и полски, е насловен „Лирски напеви“. Прекрасен предговор има напишано професорот Јануш Одровонж-Пјењонжек. Меѓутоа, како што дознаваме, на свеченоста на 29 декември 1998 година, во Музејот на литературата „Адам Мицкјевич“, со која заврши Мицкјевичовската годишнина, професорот Одровонж-Пјењонжек, не го спомна македонскиот превод, а на изложбата на преводи во музејот ги немаше „Лирските напеви“. *Мицкјевич засега не испратил дипломатски протест.*“

На Брољарек му се јавив и му се заблагодарив за написот.

12 март 1999, петок

Во 11:15 ме посети Костецки, советник на претседателот на полскиот парламент, Сејмот. Се интересираше за состојбите во Македонија. Деновиве сите соговорници се интересираат за Македонија. Штета што не по доброто.
На Плоштадот Јозев Пилсудски големо славје по повод приемот на Полска во НАТО.

13 март 1999, сабота

Грипот пак ме легна.

14 март 1999, недела

Во 12:00 на прием што по повод влегувањето на Полска во НАТО го приредува премиерот Ј. Бузек за Дипломатскиот кор и за голем број Полјаци од разни служби. Во текот на приемот на премиерот, министерот за надворешни работи,

министерот за одбрана, на претседателот на Сенатот, на претседателот на Сејмот и на други полски високи државни функционери им го честитав приемот на Полска во НАТО, кои во кратките разговори се интересираа за состојбите во Македонија и соседството и го искажаа своето уверување дека Македонија ќе продолжи со напорите за зачувување на мирот во Регионот, подвлекувајќи дека ѝ се восхитуваат поради тоа што успева да остане стабилна и покрај сè што се случува во нејзино соседство. Истакнуваа дека Македонија може да смета на широка поддршка од страна на Полска за влез во НАТО.

15 март 1999, понеделник

Во 12:00 на прием во Амбасадата на Унгарија по повод националниот празник.
Стигна писмо од Архивот на Македонија со потпис на Виолета Герасимова, директор. Изразува благодарност за постигнатиот успех за потпишувањето меѓуархивски договор. Прифаќа Договорот да се потпише во Варшава каде од 19 до 21 март ќе престојува делегација на Архивот на Македонија во состав д-р Зоран Тодоровски, Виолета Герасимова, на која ќе ѝ се придружи и амбасадорот д-р Петре Наковски.
(Писмото во ракописот, КЛАСЕР IX, стр. 333. Во продолжение и целата преписка на полски на Анджеј Полак, кој се нудеше да биде почесен конзул, а Ристо Блажевски го одби).

16 март 1999, вторник

По телефон се јави министерот Димитров. Со нервозен глас се закани дека за мене ќе има негативни последици затоа што на тајванските новинари не им дадов интервју. Во одговор му реков дека со закани нема да ме исплаши и дека разговара со амбасадор, ако знае што е тоа. Молк во слушалката. Крај на разговорот.

17 март 1999, среда.

Се јави Нина од МНР/РМ. Мирно, срамежливо, трудољубиво девојче, желно да оди да работи во некоја амбасада. Ми рече дека е распишан конкурс и дали би ја поддржал ако се пријави да дојде во Варшава. Ѝ реков дека мене токму такви, како неа ми требаат и дека ако се побара мое мислење, сигурно ќе го има. Во нејзиниот глас почувствував тон на благодарно липање. Си реков: - луѓето се среќни ако слушнат само еден добар збор и таа среќа ја изразуваат со избликот на солзата.
Во 14:00 часот во Амбасадата дојдоа членови на Полско-македонската парламентарна група Закшевски и Подкањски. Заинтересирани се да организираат официјална средба со македонската соодветна група. Предлогот го прифатив и ветив дека можат да сметаат на моја поддршка.
Во 18:00 на прием во Амбасадата на Ирска.

18 март 1999, четврток

Во 11:20 на аеродром да ја пречекам туристичката делегација од Македонија.
Стигна покана од Амбасадата на Грција со која амбасадорот Хризантопулос со сопругата нѐ кани на прием по повод националниот празник на Грција што ќе се одржи на 25 март во просториите на Амбасадата со почеток во 12:00 часот.

19 март 1999, петок

Промоција на македонскиот туризам во просториите (салонот) на македонската амбасада. Во времето од 13:00 до 14:50 изложбата ја посетија претставници на триесет полски туристички агенции.

20 март 1999, сабота

Во 18:30 на аеродром, испраќање на туристичката делегација.

21 март 1999, недела

Врнежливо време. Одмор.

22 март 1999, понеделник

Во полските медиуми сè позагрижувачки вести во врска со Косово.
Во 15:00 часот заедничка промоција на полскиот и на македонскиот туризам во организација на полската туристичка агенција („GROMADA“). Поради грипот не учествував.

23 март 1999, вторник

Ми стигнуваат вести дека поради состојбите во Косово, во Македонија владее атмосфера на страв и воена психоза.
Во 20:00 на аеродром да ја пречекам делегацијата на Министерството за труд и социјална политика која на експертско ниво ќе води разговори со соодветното полско министерство.

24 март 1999, среда

Во 9:00 на состанокот на експертите од министерствата за труд и социјална политика. Разговорите се водат мирно и со целосно разбирање.
Во 20:00 часот полската телевизија јави дека НАТО ја бомбардираше Југославија.
Војна!

25 март 1999, четврток

Денес одбележуваме со сопругата 51 година од напуштањето на родното место. Паметам дека по зајдисонце мајките нѐ испратија до границата со Албанија. Од нивата, каде насобравме папрат за да преспиеме во близина на селото Трстеник во Албанија, го гледав моето село, кое иако сега го нема, јас веќе 51 година со мислите сум таму...
Во 12:00 на прием во Амбасадата на Грција по повод националниот празник. Многу средби и разговори во врска со нападот на НАТО. Најдолг разговор со грчкиот амбасадор. Тежок ден и помачни информации.

26 март 1999, петок

Разговорите на експертските групи успешно завршија. Во 10:00 македонската група дојде во Амбасадата. Кратко информирање за текот на разговорите. Скромен коктел и во 12:00 на аеродром. Делегацијата се враќа во Македонија преку Софија.
НАТО продолжува да ја бомбардира Југославија.

27 март 1999, сабота

Во текот на денот на полската телевизија гледаме директен пренос во врска со ситуацијата во Југославија.

28 март 1999, недела

Следиме директен пренос од Југославија. Србите му пркосат на НАТО. Ноќе трпат бомбардирање, дење организираат концерти, пеење и играње.

29 март 1999, понеделник

Повеќе телефонски јавувања. Полски новинари бараат информации за состојбите во Македонија, Србија и во Косово. Се јави Ристо Блажевски и во разговорот рече дека

состојбата во Македонија е мирна и во тој дух треба да ги информирам соговорниците.

30 март 1999, вторник

Се јавија од Дирекцијата на полските Државни архиви. Рекоа дека добиле писмо од Архивот на Македонија со кое го бараат преводот на полскиот текст на Договорот за да го усогласат со македонскиот текст. Ја побарав Герасимова и ѝ реков полскиот текст да го побара во МНР/РМ.
Се јавија новинари од разни полски весници и бараат акредитација.
Од Министерството за внатрешни работи и администрација за утре побараа средба со министерот во 17:50 часот.
Прифатив.

31март 1999, среда

Вчера закажаната средба со министерот за внатрешни работи и администрација презакажана е за денес во 15:00 часот и отидов токму во закажаното време.
Средбата е во врска со состојбите во Македонија.
Министерот се интересираше за развојот на настаните и со оглед на тоа што поради војната во Косово голем број Албанци пребегнаа во Македонија и дали е потребна хуманитарна помош за бегалците и во која форма.
Му реков дека Македонија прифати околу четиристотини илјади бегалци на кои им обезбеди потребна помош и продолжува да ги згрижува и покрај тоа што и самата има тешкотии. Подвлеков дека во настанатата ситуација, Македонија ги презема сите можни начини да им помогне на бегалците. Меѓутоа состојбата е драматична и е на работ на хуманитарна катастрофа.

1 април 1999, четврток

Во 14:30 на средба во полското МНР по нивно барање. Тема на разговорот: Ситуацијата во Македонија, прифаќањето на бегалците од Косово, дали е потребна хуманитарна помош. Вечерта на ТВ со сопругата гледаме пренос од бомбардирањето на Југославија. Им се восхитуваме на Србите. Војната трае, а тие и пркосат со песна и оро, масовно се собираат на плоштадите, ги штитат мостовите. Војната ја гледам на ТВ екранот. Имам чувство дека ми е присутна во кабинетот и ме потсетува на Граѓанската војна во Грција. Тогаш војната ја гледав скриен во карпеста пештера, сега ја гледам на ТВ екранот. Не се разликуваат страдањата и несреќите од тогашната и сегашната војна.
На ТВ екранот гледам војна...

2 април 1999, петок

Роденден на нашата ќерка –Татјана. Утрото ѝ се јавивме со честитки и со желби за брзо видување.
Во 11:00 часот на протоколарна посета го примив Дмитро Павличко, новиот амбасадор на Украина во Варшава. Стари познаници сме, се запознавме во 1996 година во Струга на Струшките вечери на поезијата на кои учествуваше како поет од Украина, па оттука и разговорот ни е по- отворен и посрдечен. Си ветивме почести видувања.
Во 14:30, ручек со Хенрик Ј. Сокаљски. Разговараме малку за Југославија и многу за Македонија и за војната.

3 април 1999, сабота

Од Македонија пристигнуваат сè по трагични вести. Бројот на бегалците во Македонија се зголемува. На ТВ екранот снимка – огромна маса бегалци се туркаат на преминот во Блаце. Двајца постари Албанци запалија оган на суварки и чекаат во поцрнетото ѓезве да им се свари кафето. Се чини дека до нив не допираат викотниците на несреќните бегалци и одгласите на бомбите во Србија.

Сѐ снимаме на видеокасети.

4 април 1999, недела

Велигден. Христос се роди –во црквите во Варшава радосни извици и камбаните бијат.
Денес нема службено со кого да се разговара.
Христос се роди!
Камбаните бијат.
Центарот на Белград го бомбардираат НАТО-вски авиони.
Во Македонија драматична состојба која е на работ на хуманитарна катастрофа.
Велигденска честитка од Сава, Православниот Митрополит Варшавски и на цела Полска.
Пладнето средба кај Митрополитот Сава со присуство на амбасадорите со сопругите од православните земји. Краток Велигденски говор на Митрополитот Сава, честитање и... вчудовидено гледање – Дитта, сопругата на македонскиот амбасадор му приоѓа на Митрополитот Сава и му врачува голема погача со набодени петнаесетина црвени велигденски јајца. Митрополитот се прекрсти, ниско се поклони, се исправи висок над сите и со трогнат глас рече:
- Господ да ја благослови Македонија од каде и натаму со оваа погача и црвените јајца се шири православното христијанство. Бог да те благослови чедо Божје и сите вас што дојдовте тука заедно да го прославиме големиот празник. Земете од погачата и кршете јајца.
Погачата во парчиња се пренесуваше од рака во рака. Ова за полскиот Митрополит Сава и за присутните беше големо изненадување.
Овој ден долго ќе се памети во Полската православна Митрополија.

5 април 1999, понеделник

На ТВ екранот снимка – река бегалци тече кон Македонија, која со нив ја дели својата сиромаштија.
Руската ТВ јави дека во Нови Сад пристигнаа првите руски доброволци.
Грчката ТВ јави дека ќе отвори авионска линија со која во Грција ќе пренесува албански бегалци од Косово.
Добивам вест дека на скопскиот аеродром не слета ниту еден грчки авион.
Македонија ја затвори границата, но под притисок на НАТО ја отвори и прими нови сто илјади Албанци од Косово.

6 април 1999, вторник

Во 10:30 по мое барање ме прими министерот за надворешни работи, Бронислав Геремек. Присутни: Станислав Коморовски, директор на Кабинетот и Хана Далевска-Грењ, советник во Департментот за Југоисточна Европа.
Тема на разговорот: Актуелната ситуација во Македонија и проблемот на бегалците.
(Поопширно за разговорот во службената белешка, во ракопис от, КЛАСЕР IX, стр.349)

7 април 1999, среда

Во Амбасадата дојде во 10:00 часот Јежи Закшевски, претседател на Полско-македонската парламентарна група. Разговор во врска со ситуацијата во Македонија, бегалците, можните опасности за земјата. Понуди собирна хуманитарна помош.

8 април 1999, четврток

Стигнаа две покани – од Маршалот на Сејмот за присуство на седницата на Сејмот со почеток во 11:30 посветена на основните насоки на надворешната политика на Полска за што ќе известува министерот за надворешни работи,

Бронислав Геремек и втората покана од истиот министер за надворешни работи за учество на свеченият приказ на филмот („OGNIEM I MIECZEM“), снимен според истоимениот роман од Хенрик Сјенкјевич „Со ОГАН И МЕЧ“ во режија на Јежи Хофман, што ќе се одржи во 19:00 часот во киното „Релакс“ („Relax“).
Во присуство на целиот Дипломатски кор внимателно го следев излагањето на министерот Геремек. Сувопарно, со многу пофалби за НАТО и САД. Слабо во врска со настаните во Југославија, каде гори.
Општа оценка на дел од дипломатите – Геремек за овој дел на југот на Европа ќе зборува веројатно тогаш, кога ќе му подгори под нозе.
По седницата на Сејмот ми пријдоа новинари и дипломати и се интересираа за состојбите во Македонија и во соседството. Одговарав воздржано, подвлекувајќи дека со оглед на настаните во Косово, Македонија ја поплавија бегалци од Косово и Србија, што може да доведе до хуманитарна катастрофа и дека Македонија вложува огромни напори во рамките на своите можности да ги згрижи бегалците чиј број изнесува над четиристотини илјади лица.
Во 19:00 часот за Дипломатскиот кор приказ на спомнатиот филм, во кој триумфално се прикажани настаните од полско-украинската војна во која победи Полска. На крајот на сцената се појави Геремек, го повика украинскиот амбасадор Дмитро Павличко, му ја подигна десната рака и со горка насмевка рече дека во минатото со Украина сме биле непријатели, ама сега сме пријатели.
Трагичното и крваво минато го видовме на екранот, а на сцената киселата и скоро понижувачка насмевка на амбасадорот Павличко, кој не изусти ниту еден збор.
На излегување од киното на сите ни поделија по една дискета на која е преснимен филмот.

9 април 1999, петок

Во 9:00 ја примив новинарката Стилињска од весникот („RZECZPOSPOLITA“). Во утрешниот број ќе објави напис за состојбите во Македонија.
Во 10:00 средба со Лешек Милер, претседател на Социјалдемократскиот сојуз. Тема на разговорот: Состојбите во Македонија и соседството, прашањето на бегалците, потребната хуманитарна помош.
Во 14:00 средба во Сејмот со Полско-македонската парламентарна група. Општа информација за состојбите во Македонија и во соседството.
Во 15:00 во отсуство на претседателот Квашњевски, кој преку својот Кабинет ми имаше закажано средба, ме прими Мајковски, негов политички советник. Тема на разговорот: Состојбите во Македонија и во соседството.
(Поширока информација за остварените средби, во ракописот, КЛАСЕР IX, стр. 354)

Се надевам дека опасностите ќе бидат надминати и одговорните ќе почнат повеќе да размислуваат за судбината на државата.
Интернетот молчи.

10 април 1999, сабота

Стигна православна велигденска честитка од Митрополитот Сава.
Преглед на денешниот полски печат. Шума од информации за состојбите во нашиот регион. НАТО натаму ја бомбадира Југославија. Србите гордо и достоинствено му пркосат на злото.
Им се восхитувам.

11 април 1999, недела

Православен Велигден. Отидовме на Богослужба во руската православна црква. Прекрасно пеење на црковниот хор.

Во Варшава пристигнаа бегалци од Косово. Се жалат дека во Македонија лошо се третирани, не добиваат ниту леб ниту вода, ниту лекови и поради тоа мораат помош да бараат во други држави.
Весникот „ТРИБУНА“ објави напис со информации дека бегалците се трговци со дрога и дека некои веќе се уапсени.

12 април 1999, понеделник

Во 10:30 на аеродром ги пречекав македонските борачи и со воз ги испратив во Минск, Белорусија.
Се јавија од ТВ каналот („Kropka nad i“) „Точка над и“, еден од најгледаните ТВ канали во Полска и замолија да дадам интервју. Емисијата ќе ја води новинарката Олејник, позната по острата критика и злонамерните прашања и како што се вели без влакно на јазикот.
По консулатација со МНР/РМ, прифатив.
Во 12:00 примив претставници на стопански фирми и од адвокатската комора од Лоџ.
Во 13:30 го примив амбасадорот на Хрватска, Каракаш. Разговаравме за состојбите во двете земји во светлината на војната во Југославија.
Во 14:30 ги примив Кшижановски и Полак. Рекоа дека ќе одат во Македонија. Полак ќе бара прием кај министерот за надворешни работи со намера да биде прифатен за почесен конзул на Македонија со седиште во Гдањск.
Во 19:00 часот премиерот Ј. Бузек на ТВ изјави дека Полска ќе дава хуманитарна помош за бегалците под услов ако останат во Македонија или заминат во Албанија и Црна Гора.
Министерот за надворешни работи Геремек го обнови предлогот Косово да добие специјален статус или да се формира конфедерација (Србија, Црна Гора, Косово).

13 април 1999, вторник

Во 10:30 во Дирекцијата на полските Државни архиви каде го усогласивме текстот на Договорот за соработка меѓу архивите на Полска и на Македонија.
Се јави Герасимова од Архивот на Македонија и рече дека поради ситуацијата во Регионот се одлага договорениот термин за доаѓање во Варшава и предложи нов термин – од 26 до 28 април.
Полската страна предлогот го прифати.
Во 14:00 се јави претседателот на Полско-македонската парламентарна група и рече дека ќе почнат акција за собирање хуманитарна помош за бегалците.
Во 21:45 дојде возач од ТВН и ме пренесе во студиото. Емитувањето почна во 22:20. Тема на интервјуто: Состојбите во Македонија, бегалците од Косово, опасностите за Македонија, бомбадирањето на Југославија, правата на Албанците во Македонија. Обиди да ми наметне провокативни прашања. Не ѝ успеа.
По 23:00 во Амбасадата се разsвонија телефоните од разни градови на Полска. Многу честитки и пофалби и задоволство затоа што не им подлегнав на провокативните прашања на новинарката г-ѓа Олејник.
Целото интервју снимено на видеокасета се наоѓа во приватниот архив на авторот.
Во наредните денови пристигнаа многу писма со честитки и пофалби. Цитирам само едно во превод на македонски:

18 април 1999
„Почитуван
Господине Амбасадоре на Република Македонија
во Варшава
Минатиот вторник на телевизија го гледав Вашиот разговор.
Сакам, Господине, да го изразам моето восхитување, почит и благодарност за содржината на Вашите одговори против агресивните напади на г-ѓа Олејник, одговаравте преубаво и достоинствено и на тој начин за Себе, Вашиот

Народ и Земја се здобивте со признание и со уште поголема симпатија на многу Полјаци.
Со изрази на почит,
Јежи Качмарек“

14 април 1999, среда

Во 11:00 средба и разговор со новинарот Хофман од весникот („TRYBUNA“). Негативно го коментиравме извештајот на новинарот Пјотр Гурецки емитуван во 19:30 од полската телевизија. Меѓудругото во емисијата е речено:

„Македонија и македонските власти не се заинтересирани полската хуманитарна помош што побрзо да стигне до Албанците. Таков е и впечатокот на полската амбасада во Скопје.“

Во врска со ова се јавив во полската телевизија и до полското МНР, истакнувајќи дека емитуваната репортажа од Скопје е чиста дезинформација.
Православниот Митрополит Варшавски и на цела Полска, Сава, ми ја испрати следнава покана, која ја пренесувам во превод на македонски:

Неговата Ексцеленција
Господин Петре Наковски
Амбасадор на Македонија
Варшава

Христос Анести!
Христос Воскресие!
Христос Змартвихвстал!
Ексцеленцијо,

По повод големиот Велигденски празник срдечно Ве поканувам на 15.IV 1999 во 18 (четврток) на велигденски

концерт, кој ќе се одржи во Метрополиталната катедрала во Варшава, Алеја на Солидарноста 52.
По концертот Ве поканувам на Велиденска средба во Домот на Митрополитот.
Со изрази на почит
- Сава

Православен Митрополит Варшавски и на цела Полска

15 април 1999, четврток

Во 10:00 итно повикан во полското МНР. Ми врачија писмо-предлог Македонија да ја поддржи кандидатурата на Полјакот Новак за генерален секретар на ОБСЕ.
Повикот имаше и друга причина. Имено директорот на Департментот за Југоисточна Европа, Јан Томбињски, со многу смирен тон ми соопшти дека по налог на министерот Геремек е должен да ми укаже дека до полското Министерство за надворешни работи пристигнуваат вести според кои полската екипа која пристигна во Македонија со неколку тирови товарени со хуманитарна помош за бегалците во Македонија, наоѓа на тешкотии во врска царинењето и растоварот на полската стока. На крајот г. Томбињски замоли за поголема мобилизираност и изрази надеж дека македонската страна ќе покаже поголема активност и сака да верува дека и покрај објективните тешкотии, проблемот ќе биде решен.
Во врска со изнесената жалба, реков дека поради кризните состојби, македонските надлежни власти водат строга контрола на секој вид пристигната стока, па оттука има застој во царинењето и контролата на стоката. За жал во тир на една странска земја е најдено автоматско оружје и муниција, па оттука и строгата контрола на пристигнатата стока.
Со цел да се забрза царинењето и контролата, сугерирав полската стока да биде спакувана во кутии во кои одделно би биле алиштата, ќебињата, храната, лековите, детските

играчки и слично, со што ќе се забрза растоварот и стоката побрзо ќе стигне до бегалците. На крајот изразив благодарност за испратената хуманитарна помош, но и забележав дека за жал некои полски медиуми пренесуваат информации спротивни на вистината за актуелните состојби. Договоривме заемно да се информираме за евентуалните пропусти.

16 април 1999, петок

Весникот („TRYBUNA“) под наслов
„ДЕСТАБИЛИЗАЦИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА СЕ ЗАКАНУВА СО ВОЈНА ВО ЕВРОПА“ во денешниот број го објави интервјуто со мене.
(Приложено на полски во ракописот, КЛАСЕР IX, стр. 259)
Во врска со ситуацијата во Македонија што настана посебно по 25 март о.г. презедов низа активности со цел во земјата на мојата акредитација пошироко да ги запознаам надлежните полски државни институции, како и Дипломатскиот кор со вкупните состојби во Република Македонија, со посебен акцент на проблемот со бегалците, економските штети, заканите за дестабилизација на земјата, како и позициите на Македонија во врска со кризата во Регионот.

17 април 1999, сабота

По телефон ми се јави Борис Вишински. Во текот на разговорот рече дека во Македонија почна да владее некое лудило, што може да се нарече - бугароманија и дека Друштвото на писателите на Македонија протестира поради тоа што Министерството за култура предвиде многу пари за издавање бугарска литература.
Ете, како работата тргна на лошо.
Дознавам дека министерот за надворешни ќе праќал инструкција за тоа како треба да работат амбасадорите. Некои прашуваат дали тој знае како самиот треба да работи?

Од Македонија стигнуваат сè по вознемирувачки вести.

18 април 1999, недела

Полската ТВ јави дека генералот Кларк, командант на НАТО, не бил примен најдобро во Македонија и имало демонстрации со извикувани пароли – денес Југославија – утре ние!

19 април 1999, понеделник

Министерството за култура и уметност на Полска до Амбасадата достави писмо со кое информира дека секоја година на усовршување по пат на разни семинари, курсеви и други форми со седиште во Краков ќе прифаќа од 8 до 10 кандидати од Македонија. За ова го известив МНР/РМ.
Во 17:45 пречек на претседателот на Чиле.
Во 18:00 коктел во Амбасадата на Сирија.

20 април 1999, вторник

Добив информација од Департментот за Европска безбедност на Министерството за надворешни работи на Полска во врска со Самитот на НАТО што ќе се одржи во Вашингтон на 25 април о.г. според формулата 3+9, т.е. Полска, Чешка и Унгарија и деветте земји кои аспирираат да влезат во НАТО, меѓу кои и Македонија. Бараат потврда дали Македонија ќе учествува. Го известив МНР/РМ.

21 април 1999, среда

Се јави Ристо Блажевски и рече дека за состанокот на НАТО во Вашингтон ништо конкретно не знае.
Во 18:00 на прием во Амбасадата на Израел по повод националниот празник. Многу средби и разговори и сè околу состојбите во Македонија.

Вечерта добив вест од Скопје дека претседателот Киро Глигоров не успеа да ги собере партиските лидери на едно место. Наводно се закани дека ќе прогласи воена состојба и ќе ја распушти Владата.
Вестите што стигнуваат од Скопје едната е полоша од другата. Се добива впечаток дека делбите водат кон тоа македонските политичари најмалку да придонесуваат за мирот во Македонија. Национално единство не постои.

22 април 1999, четврток

Продолжувам со пишувањето на годишниот извештај за 1998 година. Ми тежи како камен на врат. Утре морам да го завршам. Одговор во врска со состанокот на НАТО не стигна.

23 април 1999, петок

Полската телевизија јави дека е бомбардирана зградата на српската телевизија. Има ранети и убиени.
Денес НАТО слави 50 години од формирањето.
Во 8:30 стигна факс, писмо од Љ. Георгиевски до премиерот Ј. Бузек со молба Полска да ја поддржи Македонија за влегување во НАТО.
Во 14:00 часот писмото му го врачив на директорот Томбињски во полското МНР, кој вети дека веднаш по факс ќе му го прати на премиерот Ј. Бузек, кој сега е во Вашингтон.
(Копија од писмото во ракописот, КЛАСЕР IX, стр. 366)

24 април 1999, сабота

Во 16:00 часот полското радио јави дека во наредните години во НАТО прво ќе бидат примени Словенија и Словачка, а потоа Бугарија и Романија. Македонија не е спомната.

Во 17:00 часот на аеродром. Заедно со сопругата одиме да ја пречекаме делегацијата на Архивот на Македонија, во состав д-р Зоран Тодоровски, Виолета Герасимова, заменик-директор и Григори Поповски, преведувач, која на 27 април ќе го потпише Договорот за соработка меѓу полските Државни архиви и Архивот на Македонија.

25 април 1999, недела

Со делегацијата на прошетка по Стариот дел на Варшава, посета на музеи и изложби.

26 април 1999, понеделник

До пладне во придружба на делегацијата според програмата подготвена од домаќините.

27 април 1999, вторник

Во 11:00 часот најпосле по тригодишни напори и труд и долги и упорни разговори со полските државни установи ја постигнав целта: Договорот за соработка на 27 април о.г. во свечената сала на Дирекцијата на полските Државни архиви и Архивот на Македонија го потпишаа директорката доц. д-р хаб. Дарија Наленч и д-р Зоран Тодоровски.
По потпишувањето на Договорот, делегацијата самостојно ја посетуваше Варшава и наредниот ден преку Софија се врати во Скопје.
Во наредните денови добив писмени благодарници од двете дирекции за вложениот труд и напорите за потпишување на толку необично важен договор.
Директорот на Архивот на Македонија, д-р Зоран Тодоровски, напиша:

Ваша Екселенцијо,

Пријатно е чувството кога долго програмираната активност со успех ќе заврши.
Ми причинува задоволство што го потпишавме Договорот за соработка помеѓу Архивот на Македонија и Генералната дирекција на Државните архиви на Република Полска за 1999-2001.
Од мое лично име и од колегите што ме придружуваа, Ви упатувам изрази на благодарност за вашата љубезност и внимание што ни ги пруживте за време на нашиот престој во Варшаваа.
Со почит
Директор,
д-р Зоран Тодоровски, с.р.

(Оригиналите на благодарниците, текстот на Договорот, планот за престојот на делегацијата во Варшава и фотографии од потпишувањето на Договорот во ракописот на дневникот, КЛАСЕР IX, стр. 370).
Од Гдањск ми се јави претседателот на Полско-македонската парламентарна група и ме информира дека во врска со хуманитарната помош испрати писма до полската новинарска агенција, радио и телевизиските станици на локално и општополско ниво, како и апел во форма на летоци до полските граѓани.
Во 12:00 на прием во Амбасадата на СР Југославија која одбележува Ден на Уставот. Главна тема на разговорите со дипломати и други лица - состојбите во нашиот регион.
Во 14:00 во протоколарна посета ја примив амбасадорката на Австралија.

28 април 1999, среда

Во 10:00 по мое барање ме прими Нунциушот на Апостолската нунцијатура, архиепископ Јозеф Ковалчик. Детално го информирав за состојбите во Македонија.

Во 12:00 примив претставници на фирмата „ХОЛАНД“ („HOLAND“). Заинтересирани се во Македонија да продаваат земјоделски машини.
Во 14:00 ме прими Новаковски, министер во Кабинетот на премиерот Јежи Бузек. Во разговорот што траеше околу 45 минути, пошироко го информирав за состојбите во Македонија. Ја изразив нашата благодарност за испратената хуманитарна помош, подвлекувајќи дека поради војната во Југославија и приливот на голем број бегалци од Косово, Македонија и натаму трпи огромни загуби, но вложува многу големи напори за да не доживее хуманитарна катастрофа. Министерот Новаковски изрази разбирање и жалење за нашите тешкотии и во текот на денешниот ден ќе го запознае премиерот Бузек со содржината на разговорот.

29 април 1999, четврток

Во 16:00 на состанок во Министерството за финансии.

30 април 1999, петок

Издадов пет визи на грчки државјани.
Во 18:30 на прием приреден од Амбасадата на Холандија. Повеќе контакти со претставници на Дипломатскиот кор. Тема на разговорите: Состојбите во Македонија.

1 и 2 мај 1999, сабота и недела

На викенд во Мјерки, владино одморалиште покрај езеро, 190 километри далеку од Варшава. На 2 мај го посетивме музејот во Грунвалд каде на 15 јули 1410 година се одржа една од најголемите битки меѓу здружените одреди Полјаци, Татари, Чеси и Литванци од едната и Крстоносците од другата страна, кои претрпеа пораз и од тогаш престана да постои монашкиот ред на Крстоносците.

3 мај 1999, понеделник

Национален празник на Полска. Големото празнување на Плоштадот Јозев Пилсудски.
Во 11:40, по подигнувањето на знамето на јарбол, дванаесетте артилериски плотуни и вообичаените пригодни говори и полагање венци, ја гледавме свечената парада на полската војска.
Во 13:30, како и во минатите години претседателот А. Квашњевски приреди прием за Дипломатскиот кор и високи државни функционери.
Разговорот со претседателот Квашњевски и неговиот политички советник, Мајковски се водеше околу состојбите во Македонија и Регионот. Исто и со други личности. Соговорниците истакнаа дека Македонија во настанатата ситуација многу настрада и ќе треба меѓународната заедница да вложи напори за да ѝ помогне. Скоро во сите одговори истакнував дека Македонија е изложена пред хуманитарна катастрофа поради приливот на голем број бегалци што е опасно не само за Македонија, туку и за Европа.
Вечерта МИА пренесе информација дека во Македонија престојува британскиот премиер, Тони Блер и дека илегално влегоа уште 220 000 Албанци од Косово.

4 мај 1999, вторник

Се јави Полак, кандидатот за почесен конзул и рече дека утре ќе отпатува во Скопје каде со надлежните ќе разговара во врска со неговиот предлог да биде почесен конзул на Македонија во Полска. Му пожелав среќен пат и успех во разговорите. Знам дека ќе го одбијат и знам кого на тоа место местат и знам дека не ги знаат правилата. Важно е да е партиски послушник.
Стигна покана од Маршалот на Сејмот, Мачеј Плажињски, кој по повод националниот празник, прогласувањето на

Уставот на 3 мај 1791 година, на 4 мај 1999 година во 11:00 часот приредува средба со Дипломатскиот кор.

5 мај 1999, среда

Се јави Анџеј Тхужевски и информира дека на 19 мај (среда) Сојузот на писателите на Полска ќе организира вечер на македонската поезија, моли да учествувам и по можност да дојде и некој македонски поет од Скопје. Ја пофалив иницијативата, ветив дека ќе учествувам и дека ќе го известам Друштвото на писателите на Македонија.
Во врска со ова веднаш се јавив во МНР/РМ и сугерирав да дојдат барем двајца поети и присуството да го искористат за потпишување договор за соработка на двете писателски друштва. По половина час ми се јави Ристо Блажевски и рече дека министерот А. Димитров не одржува никакви контакти со Друштвото на писателите на Македонија и не гледа потреба некој македонски поет да допатува во Варшава, а и јас да размислам дали да учествувам. Толку од разговорот.

6 мај 1999, четврток

Во 14:00 го примив претседателот на Здружението на полските писатели Маријан Гжешчак. Разговараме за идната соработка на писателските асоцијации.
Тешкотии со пристигнувањето на делегацијата од Министерството за сообраќај и врски. Несогласувања меѓу членовите. Досега не ми се случило да имам толку тешкотии со организирање посета и престој на македонска делегација, а сè е подготвено. Во прашање се лични амбиции – кој или која да ја предводи делегацијата.
Се надевам дека во текот на денот ќе најдат решение.

7 мај 1999, петок

Во 9:00 примив полски новинари. Информативен разговор во врска со состојбите во Македонија. Разјаснети куп дезинформации.
Во 12:00 на средба и разговор со Рапацки од Канцеларијата на претседателот Квашњевски. Тема на разговорот: Состојбите во Македонија. На крајот од разговорот и нему, како и на многу други, му реков дека дестабилизацијата на Македонија значи војна во Регионот од каде пламен ќе ја зафати цела Европа. Ми рече дека ова ќе му го пренесе на претседателот. Му реков дека ова му го реков на претседателот кога разговаравме на приемот. На крај ме замоли да се видиме во наредните денови. Се согласив.
Во 13:00 го примив пратеникот во полскиот Сејм, Гациновски. Ме информира дека делегација полски пратеници ќе отпатува во Белград и веројатно ќе го посети и Скопје. Се интересираше дали е безбедно.
Му реков дека ќе се убеди на лице место.
Македонија веќе стана славна по лошото.
Кој ќе ја враќа на вистинскиот пат?
Во 15:00 од Скопје ми се јави Полак. Рече дека заедно со Кшижановски се сретнале со Ристо Блажевски во МНР/РМ и дека ги примил многу ладно. Престојот го искористил да се сретне со претседателот на Стопанската комора на Македонија. Многу е задоволен од разговорот и можностите од Македонија да увезува земјоделски производи кои ќе ги продава на полскиот пазар.
Очекував од Ристо Блажевски такво однесување. Повеќепати се договаравме да ги прими љубезно и да им ги објасни причините зошто не може да биде македонски почесен конзул. Сега веќе сфаќам дека токму тој има стопирано и спречено многу иницијативи за соработка со Полска. И не само тој. Дел од Македонците кои работеле во југословенската дипломатија, имам впечаток, се надеваат дека Македонија ќе се врати во старото јато, па ангажирањето Македонија да се афирмира во светот, може да

ги спречи нивните амбиции за високо место во идната југо дипломатија.

8 мај 1999, сабота

Полското радио јави дека НАТО ја бомбардира Амбасадата на Кина во Белград. Било грешка, па се извини. Полскиот печат тоа го одбележа како да е обична кражба.

9 мај 1999, недела

Ден на Победата над фашизмот. На руската телевизија гледаме скромна воена парада на Црвениот плоштад.
Во 20:30 на аеродром да ја пречекам македонската делегација која ќе учествуваа на Конференцијата на УНДО (UNDO).

10 мај 1999, понеделник

Пречек на кралот и Кралицата на Холандија, потоа на аеродром – пречек на министерот Боби Спирковски.
18:00 на концерт приреден по повод отворањето на Конференцијата на УНДО;
18:00 – 19:00 на театарска претстава;
19:00 на средба со вицепремиерот и министер за финансии, Балцерович;
19:00 – 21:00 на вечера приредена од Балцерович за учесниците на Конференцијата и Дипломатскиот кор.

11 мај 1999, вторник

Од 9:00 до 13:00 учество на Конференцијата на УНДО.
Во 19:15 во Амбасадата ја примив македонската делегација. Приредив скромна закуска.

12 мај 1999, среда

На Конференцијата нашата делегација добро се претстави. Присуството го одбележа и со свој штанд. Слободан Узунов покажа и знаење и снаоѓање. Таков би требало да работи во амбасада.
По ручекот на аеродром, испраќање на делагацијата која во Скопје се враќа преку Софија.

13 мај 1999, четврток

Повеќе телефонски разговори со полски фирми кои се заинтересирани да соработуваат со македонски. Најмногу интерес покажуваат за разни земјоделските производи.
Стигна вест дека претстои реконструкција на македонската влада.

14 мај 1999, петок

Стигна телеграма потпишана од В. Ефремовски. Пишува:
„По налог на МНР, а согласно со редовните промени на дипломатско-конзуларниот и административно-техничкиот состав на ДКП-ата на Р. Македонија во странство, Ве известуваме дека работниците кои имаат повеќе од три години работен престој во претставнишвото, може да очекуваат известување за враќање во земјата, за што во најскоро време ќе бидат дадени конкрени инструкции.“
Ете шанса за Љ. Георгиевски, а пред сè за Димитров да се справи со неистомислениците и да намести свои.
Попладнето доверлив телефонски разговор меѓу надлежните во министерствата за одбрана на двете земји.

15 мај 1999, сабота

Полскиот Црвен крст ме извести дека на 18 мај за Македонија ќе тргне конвој од 12 камиони со хуманитарна помош.

Се јави Ристо Блажевски и бара од полското Министерство за развој да побарам материјали во врска со начините за формирање индустриски зони.
Се јави по телефон Кшижановски кој заедно со Полак бил во Скопје. Рече дека се чувствува многу навреден од односот на Ристо Блажевски.

16 мај 1999, недела

Студено, врнежливо време. Прилика за одмор.

17 мај 1999, понеделник

Во амбасадата дојде Анџеј Тхужевски со цел да се договориме за вечерта на македонската современа поезија што ја организира Сојузот на писателите, а која ќе се одржи на 19 мај о.г.
Во 10:35 на аеродром да ја пречекам делегацијата на Уставниот суд на Македонија во состав Џунов и Спирковски, кои ќе учествуваат на дводневната XI Конференција на европските уставни судови на која на 19 мај ќе се разгледува и барањето на македонскиот Уставен суд да биде примен во полноправно членство.
Во 16:30 Џунов и Спирковски дојдоа во Амбасадата и останаа до 18:00 часот. Разговор за сè и сешто. Скромна закуска. Задоволни се од просториите и нивната опременост. Ја пофалија мојата ангажираност за подемот на македонско-полските односи во сите области.
Во 18:00 на прием во Амбасадата на Норвешка.

18 мај 1999, вторник

Во 11:00 во Апостолската нунцијатура. Испраќање на амбасадорите на Египет и на Пакистан.
Во 12:00 на брифинг во Бирото за меѓународни односи при Канцеларијата на претседателот на Полска. Тема: Петти

меѓународен форум на фондацијата Бертелсман што ќе се одржи во Варшава од 25 до 26 јуни. Поканета е и Македонија.
Во 14:00 на конференција за печатот во Амбасадата на СР Југославија. Слаба посета. Вршителот на работите, Соња Банда изнесе цела низа аргументи, а сè во врска со војната која трае.
Во 19:20 на аеродром на пречек на министерот Боби Спирковски, кој утре ќе учествува на Конференцијата на европските министри за сообраќај.
Во 20:20 на прием што за Дипломатскиот кор и други личности го приредува фондацијата Бертелсман.

19 мај 1999, среда

Во Варшава денес се одржуваат две паралелни меѓународни конференции – на судиите на уставните судови и на министрите за сообраќај, а вечерта, вечера посветена на современата македонска поезија.
Пред почетокот на Конференцијата на министрите за сообраќај ми се јави Маја Ортакова и во телефонскиот разговор ми рече дека изуми да ми јави на министерот Спирковски да му организирам средби со полски министри. Во одговор ѝ реков:
- Госпоѓо Ортакова во врска со вашето изумување, ве известувам дека средби меѓу министри се закажуваат преку Дипломатскиот протокол до кој Амбасадата испраќа нота во која ги изнесува причините за средби, а Дипломатскиот протокол нотата ја препраќа до соодветното министерство. Времето на усогласување на терминот за средба може да трае кратко или неколку денови во зависност од зафатеноста на соодветниот министер.
На Конференцијата на претседателите на уставните судови, дискусијата беше доста бурна. За жал, на листата за прием на нови членови го нема Уставниот суд на Македонија. Тоа ми го пренесе Цунов за време на паузата. Забележав дека беше

нервозен и многу возбуден. Јас отидов кај претседателот на полскиот Уставен суд, кој претседаваше со Конференцијата. Се запознавме пред две години, кога отидов кај него на протоколарна посета. Тогаш ме задржа на разговор час и половина и цело време разговаравме за односите меѓу двете земји, а најмногу за трагичното минато на Полска и на Македонија во кое забележавме многу сличности. Ја искористив приликата да му раскажам и нешто за Македонците под Грција, како и за нивната судбина по Граѓанската војна и за несебичната помош што Полска им ја пружи на неколку илјади деца и бегалци, меѓу кои и јас, подвлекувајќи дека Македонија тој чин на големата хуманост длабоко го цени. Долго се загледа во мене и рече:
- Ако е потребно Полска и натаму ќе ѝ пружи секаква помош на многу настраданата Македонија, која мене ми е многу блиска. Му се заблагодарив за овие зборови и му реков:
- Господине професоре, денешниот ден е прилика да ѝ помогнете на Македонија.
Пак долго се загледа во мене и праша:
- Како?
- Да го примите Уставниот суд на Македонија во полноправно членство.
Кратко мислеше, потоа го зеде формуларот на кој на англиски беше напишано името на Уставниот суд на Македонија и на англиски и полски напиша: – примен и со широк замав се потпиша.
Толку многу се возбудив што одвај најдов збор за да му се заблагодарам.
Формуларот свиткан во ролна му го предадов на Џунов. Од мигот на предавањето е зачувана фотографија, која се чува во приватниот архив на авторот.
Вечерата посветена на македонската современа поезија – многу успешна.
Успешен и настапот на министерот за сообраќај.
Денешниот ден во Варшава беше ден на Македонија.

20 мај 1999, четврток

Во 13:55 на аеродром испраќање на министерот за сообраќај, Спирковски.

21 мај 1999, петок

Во 12:00 на прием во Амбасадата на Унгарија.
Вест од Македонија – промени во Владата. Од Косово влегоа нови 60 000 бегалци.

22 мај 1999, сабота

На прошетка во Виланов. Веќе се наоблачува. Се очекува бура. Брзо се враќаме.

23 мај 1999, недела

МИА пренесува многу пофални вести за премиерот Љ. Георгиевски.
Во 21:30 телефонски разговор со вработена во МНР. Во нејзиниот глас чувствувам разочарување и многу разбрав. Во МНР/РМ неред. Министерот работи самоволно, со никого не се консултира освен со својот тутор. Тие мерат, тие кројат. Пофални зборови за неговиот заменик, кој недамна дојде од САД, кого не го познавам, велат дека тој е отворен за соработка, комуникативен и сè повеќе е прифаќан од јавноста заради неговиот критички став спрема бегалците од Косово и советниците на НАТО и на Европската Унија.

24 мај 1999, понеделник

На разговор со директорот на политичката управа во Министерството за внатрешни работи и администрација. Разговараме за соработката меѓу двете министерства за внатрешни работи во врска со трговијата со луѓе и дрога. На

соговорникот му предложив во врска со овој проблем да се одржат средби и разговори на ниво на експерти, а потоа и средба на министрите за внатрешни работи. Соговорникот истакна дека во текот на неделата со предлогот ќе го запознае министерот.
Во бугарската амбасада во 19:00 часот прослава на Денот на просветата. Светите Кирил и Методиј амбасадорот Јорданов ги претстави како бугарски просветители. Лигаво излагање. Поголем број амбасадори ја напуштија Амбасадата, меѓу нив и јас.

25 мај 1999, вторник

По факс, од Канцеларијата на претседателот Квашњевски ми ги доставија пријавните формулари за учество на V Меѓународен форум на фондацијата Бертелсман, кои со моја белешка ги испратив во МНР/РМ.

26 мај 1999, среда

Отпатувавме за Познањ на Меѓународниот саем на виното, земјоделски и млечни производи. Забележлива посета на македонскиот штанд со виното. Поради обврски наредниот ден се вративме во Варшава.

27 мај 1999, четврток

Во 10:00 ме повикаа во полското МНР. Ме прими директорот Коморовски. Разговорот во врска со настаните во Регионот и состојбите во Македонија.
Во 11:00 на аеродром – пречек на хорот „МЕНАДА“ од Тетово, кој ќе учествува на Фестивалот на православните хорови во Хајнувка. Авионот доцни, поради тоа не отидов на закажаниот состанок во Министерството за земјоделство во 13:00 часот. Се јавив по телефон за да се оправдам.

Во 15:00 на аеродром да ја пречекам македонската парламентарна група која ќе учествува на Пролетната сесија на парламентарното собрание на НАТО. Авионот доцни еден час.
Од 19:45 до 20:15 македонската парламентарна група на посета во Амбасадата. Ги почестив со кафе и со полска вотка. Ми стигна вест дека во Македонија сега има 275 888 бегалци од Косово.
МИА јави дека премиерот Љ. Георгиевски трипати ја одлага официјалната посета на Тајван.

28 мај 1999, петок

Во 9:40 на пленарната седница на Парламентарното собрание на НАТО, кое првпат се одржува во Варшава. Косово – главна тема. Сè друго е под неговата сенка. Спротивни мислења. Делегатот од македонската група, Албанец, ја брани ОВК. Македонската делегација е растурена. Видливи делби. Составена е од разни политички партии. Тешко се снаоѓаат и во разговорите, а уште потешко на коктели и приеми. Како да им објасниш дека приемите и коктелите не се за јадење и за пиење, туку за обновување на познанствата, за разменување на мислења и информации, за воспоставување нови контакти, пријателства, договарање и разговори за соработка, за добивање сознанија за тоа што се случува во своите и другите земји. А за тоа е потребно и знаење и образование и лична култура. Тоа го бара влезот во средината на светската елита.
По повод одржувањето на Парламентарното собрание на НАТО, одделни приеми за делегатите и Дипломатскиот кор приредија претседателот на Полска, Квашњевски и претседателот на полскиот Сејм, Плажињски.

29 мај 1999, сабота

Во 15:00 со сопругата заминавме за Хајнувка каде се одржува XVIII Меѓународен фестивал на црковната православна музика на кој учествува хорот „МЕНАДА“ од Тетово.

30 мај 1999, недела

Во 11:00 објавување на резултатите од фестивалот. Диригентот на „МЕНАДА“ доби награда во групата диригенти, а хорот задоволен од учеството.
Во 12:00 гала-концерт. Белорусите недостижни. Прекрасни гласови.
Во 20:00 се вративме во Варшава.

31мај 1999, понеделник

Во 10:00 (до 12:00) брифинг во полското Министерство за надворешни работи со присуство на претставници од полското Министерство за внатрешни работи и администрација. Тема: Полската хуманитарна помош за бегалците и организација на службите за кризни состојби.
Во 18:30 на прием во Амбасадата на Хрватска по повод Денот на државноста. За време на приемот од Министерството за надворешни работи ме известија дека на 9 јуни о.г. министерот за надворешни работи на Полска, Геремек, по посетата на Тирана, ќе го посети Скопје.
По приемот се вратив во Амбасадата и го известив МНР за планираната посета на Геремек на Скопје.

1 јуни 1999, вторник

Во 9:10 на аеродром. Ја испраќам за Скопје парламентарната делегација.
Од МНР/РМ стигна телеграма според која посетата на Геремек на Скопје, поради отсуството на министерот, се предлага да се одржи во времето од 14 до 18 јуни. Со нота го известив полското МНР.

2 јуни 1999, среда

Во полскиот печат сè повеќе негативни написи за Албанците во кои нема ниту еден пофален збор, како пред некој ден. Во 18 часот на прием во Амбасадата на Италија. Полски бригаден генерал ми рече дека еден полски баталјон (800 војници и офицери со цела опрема во неколку железнички вагони ќе биде стациониран во Македонија. Во продолжение на разговорот ме праша дали железничката линија Бугарија-Македонија е во добра состојба. Му реков дека таква железничка линија не постои, а генералот ококори очи извика: - Зарем е можно? А ние во штабот мислевме... – Не, не постои, генерале. Генералот викна двајца високи офицери им ја пренесе информацијата, велејќи дека бирократите од НАТО сакаат да ја упропастат акцијата за да докажат дека полската војска е неспособна. Ме праша каква е состојбата на железничката линија Бугарија-Грција. Му реков за тоа да го праша бугарскиот или грчкиот амбасадор. На крајот од разговорот ме замоли да ја информирам македонската страна дека Полска сака полскиот баталјон кој оди во Косово да биде стациониран поблиску до Македонија. Му реков дека најблиско место до Македонија е Качаник, но со најлоша клима. Ме замоли да се видиме на 7 или 8 јуни.

3 јуни 1999, четврток

Д

енес во Полска верски празници. Нема да се работи четири денови. НАТО продолжува да ја бомбардира Југославија.

4 јуни 1999, петок

Стигна вест дека Љ. Георгиевски преку САД (зошто баш преку САД?) замина на официјална посета на Тајван. Со него и Васил Тупурковски, не знам дали само во придружба или

како главен за тајванската милијарда и без министерот за надворешни.
Во Македонија влегоа нови 14 000 војници на НАТО. Кључев е лут и бара да плаќаат за сè. И натаму продолжуваат Македонија да ја посетуваат гости од Запад. Ја фалат, им се восхитуваат на надлежните тапкајќи ги по рамената. Едни заминуваат, а други доаѓаат. Сигурно не на ќебапче кај Дестан.

5 јуни 1999, сабота

Во 11:00 часот на аеродромот во Рембјехово, близу Гдањск, слета специјалниот авион, со кој Папата Јован Павле II пристигна во посета на Полска. Посетата ќе се одржува под мотото „Господ е љубов“ и „Нема солидарност без слобода“. Во 11:30 Папата Јован Павле II ја почна неколкудневната посета на Полска. Целата нација е обземена и маѓепсана со Папата. Никогаш и никаде Папата не бил пречекуван вака. На човек кој ги нема чувствата и обземеноста на Полјаците сево ова може да му изгледа ненормално. Меѓутоа, тоа е Полска во која верата, независно од припадноста, преку Папата, барем денес и до крајот на посетата ќе ги надвладее сите проблеми – стопанските и политичките, идеолошките и верски делби и сè ќе биде во духот на верата и поуките што Папата ќе ги упатува од монументалните проповедници специјално поставени во 21 град. Полската телевизија ќе ја покрива не само Полска, туку преку сателит и целиот свет. Вреди да одбележам дека Полска не е еднонационална држава. Во таа бројка од скоро 40 милиони жители, покај Полјаците има Белоруси, Украинци, Германци, Чеси, Словаци, Роми. И верата не е еднонационална. Покрај доминатниот католицизам, рамноправно опстанува православието и разните верски отклонувања. Сите се Полјаци, под едно знаме и една химна и лојални на заедничката татковина.
И тука не изостанува прашањето: - А како е кај нас?

6 јуни 1999, недела

Вестите кои пристигнуваат од Југот не остават простор за оптимизам. Македонија и натаму се полни со Албанци бегалци и со други од поранешната Југославија. Во средбите и разговорите со дипломати најчестото прашање што ми го е поставуваат: - Дали во една таква ситуација ќе опстане Македонија?
Не од самоувереност, туку од убеденост одговарам дека сигурно ќе опстане.
Верувам во нејзината истрајност.

7 јуни 1999, понеделник

Од полското МНР ги добив бараните закони за заштита на пазарот и индустриските и земјоделски производи.

8 јуни 1999, вторник

Во 10:30 во Министерството за надворешни работи за да ги врачам честитките од македонските државници по повод 3 мај, како и писмото од Љ. Георгиевски до премиерот Јежи Бузек. Ги добив и законите за формирање слободни економски зони. Разговорот во врска со состојбите во Регионот и проблемот со бегалците во Македонија. Директорот Томбињски ме информира дека Полска подготвува баталјон кој треба да им се приклучи на копнените сили на НАТО откако ќе биде потпишан Договорот за мир со Југославија. Баталјонот со целата опрема ќе биде стациониран во близина на Македонија. Во текот на разговорот на соговорниците им реков дека најверојатно Словенија ќе воведе визи за македонските државјани, дали и Полска размислува за таква намера? Томбињски рече дека за тоа прашање е расправано и заклучено е дека засега не е неопходно да се преземе една

таква мерка бидејќи од Македонија не се заканува прилив на ефтина работна сила. Таква мерка можеби ќе биде преземена откако Полска ќе биде примена во Европската Унија. Го потсетив дека Словенија и Чешка вовеле визен режим и од оваа пролет реципрочно постапи и Македонија спрема овие држави. Ме праша: -Дали тоа треба да значи дека таква мерка Македонија би презела и спрема Полска? По кратко размислување, отсечно одговорив: - Господа, Македонија нема да биде неоградено лозје.
Мислам дека ме разбраа.

9 јуни 1999, среда

Најпосле по долги разговори, почна нешто да се движи околу учеството на наши фирми на Меѓународниот саем „ПОЛАГРА“ во Познањ. Од македонското Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство стигна факс со наведени имиња на македонски фирми кои ќе учествуваат на Саемот. За ова по факс го известив соодветното полско министерство и дирекцијата на саемот во Познањ.
На повидок мир во Југославија. Денес во 22:00 часот во Куманово е потпишан соодветен договор.

10 јуни 1999, четврток

Во 9:00 примив новинари од списанието „ПОЛИТИКА“.
Во 10:00 протоколарна посета на новиот индонезиски амбасадор во Полска.
Во 11:00 го примив проф. Стрончек од Варшавскиот универзитет. Лингвист. Убаво зборува македонски. Бара македонска уметничка литература.
Во 16:00 на прием во Амбасадата на Руската Федерација.
Сите разговори на дипломатите со мене се во врска со состојбите во Македонија.

11 јуни 1999, петок

Ми стигна покана со следнава содржина, која во превод на македонски гласи:
Маршалот на Сејмот Маршалот на Сенатот
на Полската Речпосполита на Полската Речпосполита
Мачеј Плажињски Алиција Гшешковјак

имаат чест да Ве поканат на Свечена седница на Пратениците и
Сенаторите на која НЕГОВАТА СВЕТОСТ ПАПАТА ЈОВАН ПАВЛЕ II
ќе се обрати до СЕЈМОТ И СЕНАТОТ НА ПОЛСКАТА РЕЧПОСПОЛИТА
на 11 јуни 1999 година во 10:20 часот
Сејм на ПР R.S.V.P.
Специјално место -) време на пристигнување
ложа D
место 211
до 9:45 часот
Поради престојот на Папата, властите ги молат граѓаните да се воздржат од користење на возилата, бидејќи сообраќајот во Варшава ќе биде ограничен. Досега невидени мерки на безбедност за заштита на Папата. На оддалеченост од педесет метри по каде ќе помине колата со Папата не смее да има паркирано возило.
Од Амбасадата излегов во 8:45. Паркирање на специјално место одредено за Дипломатскиот кор. Со хрватскиот амбасадор шетаме по патеката што е под строга контрола и ги коментираме последните настани во Југославија. Цениме дека допрва ситуацијата може да биде тешка и многу сложена.
Во 9:30 еден по еден низ три контроли од посебен влез влегуваме во парламентот и секој седнува на местото наведено во поканата. Програмата се одвива точно. Точен е и Папата. Салата на нога. Папата се поздравува стоејќи, потоа седнува на фотељата и лежерно, но со сигурен и моќен глас

го чита својот говор. Чинот е историски. Во полскиот парламент првпат влегува Папа и држи говор. Говорот на Папата честопати е прекинуван со бурни ракоплескања и извици.
По завршувањето на говорот премин во големата сала, каде Папата на секој му дарува орден со својот лик. Потоа збирна фотографија на Папата со Дипломатскиот кор.
(Поканата, интегралиот текст на говорот на Папата на полски јазик и фотографии во ракописот, КЛАСЕР IX, стр. 407)

12 јуни 1999, сабота

Не излеговме на прошетка. Слушаме на телевизија вести за Косово, читаме весници полни со написи и коментари за состојбите на југот на Европа. Нема ништо пријатно.

13 јуни 1999, недела

Цела Варшава и Полска пред ТВ екраните и еден милион верници на Плоштадот Пилсудски. Таму е средбата со Папата. Богослужба на отворено. Улиците тукуречи пусти. Милиони од дома или од црква гледаат пренос и се молат. Најприсутни младите Полјаци. Полската католичка црква мора макотрпно да работела меѓу младите. Тие се столбот на верата.

14 јуни 1999, понеделник

Пред да одам на состанокот во претседателската палата (12:00 часот), се јавив во МНР/РМ. Никој ништо не знае за одржувањето на V Меѓународен форум на фондацијата Бертелсман. Се јавив и во Кабинетот на премиерот. И таму ништо не знаат. Испратив по факс список на претседатели, премиери и министри кои ќе учествуваат на Форумот. Македонски претставник на списокот нема. Зошто? Зарем до

таму се стигнало да не знае премиерот за тоа дека ќе се одржи важен меѓународен собир?

15 јуни 1999, вторник

Во 10:00 ТВ јави дека пред два милиони верници собрани надвор од Краков, не се појави Папата. Јавено е дека е болен со 38 степени температура. Вознемиреност кај населението. По телефон ми се јави Коста Стоименовски, личен советник за сè и сешто на премиерот Љ. Георгиевски. Рече дека премиерот нема да дојде на Форумот во Варшава и веројатно ќе дојде некој друг, ама се уште самиот не знае кој ќе дојде.

16 јуни 1999, среда

Се јави Стоименовски и рече дека на Форумот ќе дојдат Милјана Даневска и тој, Коста Стоименовски и еден телохранител (баш тој е најпотребен!). Доаѓањето на Даневска го потврди по факс и Ристо Блажевски. Организаторите на Форумот лично ги известив и имињата на македонската делегација ги внесоа во списокот на учесниците.

17 јуни 1999, четврток

Ново телефонско јавување на Ристо Блажевски. Рече дека М. Даневска нема да дојде, бидејќи во исто време треба да патува во Германија. Сега размислуваат кого да пратат. Утре ќе ми се јави.

18 јуни 1999, петок

Од МНР/РМ стигна факс со кој известуваат дека на форумот на фондацијата Бертелсман од Македонија никој нема да дојде.

19 јуни 1999, сабота

Непланирана, сосема кратка средба со претседателот Квашњевски на викенд надвор од Варшава. Омилено место за одмор.

20 јуни 1999, недела

Во 13:00 на свечено отворање на почесниот конзулат на Летонија со седиште во гратчето Рацејовице. Средби со амбасадорите на: Словачка, Летонија, Албанија, Естонија, Чешка.

21 јуни 1999, понеделник

Од Скопје ми се јави по телефон познаник и рече дека министерот за надворешни зборува на ТВ и тврди дека цени само тројца амбасадори кои се испратени на служба по доаѓањето на власт на ВМРО-ДПМНЕ и Демократската алтернатива. Сите други се миленици на Глигоров и безработници. Му реков да не се возбудува, бидејќи Глигоров знае кој вреди, кој работи и кој реди успеси.

22 јуни 1999, вторник

На состанокот во врска со одржувањето на форумот на фондацијата Бертелсман не отидов, бидејќи Ристо Блажевски ми јави дека од Македонија никој нема да учествува. Во меѓувреме ми се јави Коста Стоименовски и рече дека од Македонија на Форумот ќе учествува тој и министерот без ресор, Радован Стојковски. Иако ми беше многу незгодно, па дури и срам, по телефон ги најавив, но пред тоа побарав нивното присуство да го потврдат со телеграма.
Во 18:00 на прием во Амбасадата на Велика Британија. Огромен број поканети. Тешко се води разговор, бидејќи до оглушување вијат шкотските зурли.

23 јуни 1999, среда

Во 10:00 на пречек на претседателот на Украина, Леонид Кучма. Многу врне и поради тоа на брзина е завршен целиот свечен дочек.
Во 12:00 во Министерството за земјоделство. Дегустација на земјоделски производи.
Во 13:00 на пријателска средба со Пјотр Сардачук, поранешен амбасадор на Украина во Варшава, сега заменик-министер за надворешни работи. Многу топла и отворена средба. Разменивме мислења за состојбите во нашите земји. Рече дека според оценките на украинското министерство за надворешни работи, Македонија во иднина ќе си има големи проблеми со Албанците, како што Украина има со нелојалните Руси, Унгарци и Романци.
Во 15:00 часот во Сејмот средба на украинскиот претседател со полските парламентарци и Дипломатскиот кор.

24 јуни 1999, четврток

Во 11:00 во Апостолската нунцијатура, испраќање на Бојан Гробовшек, амбасадор на Словенија.
Во 13:00 на средба во Сејмот со Полско-македонската парламентарна група. Разговор во врска со состојбите во Македонија со посебен акцент на проблемот со бегалците.
Во 15:00 во Амбасадата дојде Хенрик Ј. Сокаљски заедно со сопругата, Марија. Ги примив во кабинетот и целото време разговорот се води во врска со состојбите во Македонија и Регионот.
Во 18:00 на прием во австралиската амбасада приреден по повод државниот празник.
Во 20:30 на аеродром да ги пречекам Стојковски и Стоименски кои ќе учествуваат на V Меѓународен форум на фондацијата Бертелсман.

25 јуни 1999, петок

Во 11:00 на коктел во Апостолската нунцијатура приреден во чест на министерот за надворешни работи Геремек. Нуцијушот архиепископот Ковальчик му се заблагодари за учеството во организацијата на посетата на Папата.
Во 13:00 во Амбасадата дојде Марчин Швјенчицки, поранешен градоначалник на Варшава. Се претстави како член на некоја меѓународна комисија која треба да отпатува во Косово и таму на лице место да ја разгледа состојбата околу прашањето за воспоставување нова администрација. Рече дека ништо не знае за Косово и моли пошироко да го запознаам за тоа што било Косово во СФРЈ, какви права имале Албанците и какви немале и така натаму. Два часа му раскажувам, а тој само бележи. На крајот од разговорот ми рече: - Многу работи дознав, за кои ништо не знаев. Од вас, амбасадоре, многу научив, вие сте жива енциклопедија.
На испраќање си реков:
- Ете какви незнајковци се праќаат таму каде се решава судбината на илјадници луѓе. Такви, за жал, доаѓаат и во Македонија...
Во 18:00 на прием што го приредува Амбасадата на Словенија по повод завршувањето на дипломатската мисија на амбасадорот Бојан Гробовшек. Повеќе средби и разговори во врска со Македонија која по лошото станува сè по популарна во средините на дипломатите.

26 јуни 1999, сабота

Од 10:00 до 12:00 на форумот на фондацијата Бертелсман. Присутни познати личности од политиката, претседатели на држави, премиери на влади, министри. Меѓу нив и нашите Коста Стоименовски, советникот за сè сешто на македонскиот премиер, кој се откажа од учество на Форумот и министерот без ресор, Радован Стојковски, умно момче за разлика од Коста. Имам впечаток дека е собрано најумното

што постои во Европа, освен одредни исклучоци. За жал, најниско ниво на делегација испрати Македонија. Говорот на Радован Стојковски примен со внимание и интересирање, додека одбивно и досадно беше шетањето по конференциската сала на Стоименовски.

27.јуни 1999, недела

Пладнето заврши Конференцијата. Македонската делегација времето до полетувањето за Скопје го помина во нашата амбасада. Прво реагирање на Стоименовски беше гласното ветување за портретот на претседателот Киро Глигоров, кој висеше во салонот на Амбасадата и за кој рече:
- Зошто си го обесил тука портретот на овој? Јас кога ќе дојдам тука како следен амбасадор, оваа штица ќе ја испокршам и ќе ја изгорам.
На ова реагираше министерот Стојковски кој со нервозен тон на гласот му рече на Стојменски:
- Честитам иден амбасадоре. Од сега се гледа дека ти само ќе расипуваш, наместо да поправаш. Со такви тешко на Македонија.
Вреди да забележам дека Стоименовски дојде во Варшава како македонски амбасадор, ама веќе ја немаше приликата да го искрши и да го изгори портретот на тој што ја воздигна Македонија. На заминување за Скопје, портретот на претседателот Киро Глигоров, насликан на мој трошок од познат варшавски портретист, го спакував и се уште го чувам дома. А Стоименовски за неработење, министерката Илинка Митрева брзо го врати. Така пишуваа сите медиуми во Македонија.

28 јуни 1999, понеделник

Ден без активности, го искористив за да одморам на клупата во најблискиот парк.

29 јуни 1999, вторник

Денес со сопругата одбележуваме четириесет години од нашиот брак.
Со честитки по телефон се јавија децата. На свечен ручек во стариот дел на Варшава.

30 јуни 1999, среда

Во 14:00 на разговор со Томбињски во полското МНР. Ме информира дека Полска е заинтересирана да учествува во обновата на Југославија и дека добро би било тоа да го прави преку Македонија. Му реков предлогот да ми го достави во писмена форма со образложение.
Во 19:15 на аеродром да ја пречекам делегација на македонското Министерство за труд и социјална политика и Заводот за социјално осигурување. Напразно чекав. Проверив на информации и се покажа дека авионот од Скопје не полета.

1 јули 1999, четврток

Ми стигна факс со кој ме известуваат дека авионот со делегацијата во Варшава ќе слета во 11:30 часот. Отидов на аеродром да ја пречекам. Ја сместив во хотелот „ГРАНТ“ и во 14:00 се приклучив на разговорите. Исто и во 19:00 часот. Поради тоа не отидов на приемот во Амбасадата на Пакистан.

2 јули 1999, петок

Од 9:15 до 13:00 на Конференција на тема „Балканските војни 1991-1999 - причини и последици“ за што пред неколку денови имав добиено покана. Во дискусијата не учествував. Некои од дискутантите тврдеа дека во

организацијата на настаните лично учествуваа заедно со некои личности од западни агенции.
(Поканата и програмата на Конфренцијата на полски во ракописот, КЛАСЕР IX, стр. 426)
Од 17:00 до 21:00 на коктели, прво кај Американците, потоа кај Белорусите.

3 јули 1999, сабота

Во 6:00 на аеродром. Испраќам за Скопје дел од делегацијата.

4 јули 1999, недела

Поради високите температури (32 степени) и многу влажниот воздух, цел ден „дома“.

5 јули 1999, понеделник

Исто како и вчера.

6 јули 1999, вторник

Исто како и вчера.

7 јули 1999, среда

Во 11:00 примив група градежници (сопственици на фирми) кои изјавија дека се заинтересирани да учествуваат во обновата на Југославија заедно со македонски фирми. Им реков да достават писмена понуда.
Во 14:00 го примив сопственикот на фирма од Торуњ, која произведува медицински артикли. Заинтересиран е да ги продава во Македонија, па дури и да изгради и фабрика. И од него побарав писмена понуда.
По 40 години се видов со Диме Доновски, синот на Кољо и Лефка, чиј татко загина есента 1947 како борец на

Демократска армија на Грција. На друго место имам пишувано во ноќните белешки за Лефка (Лефтерија за едни, Кољовичка за други), која во Полска се омажила за Грк чиј прв син, Јоргос, сега работи како преведувач во грчката амбасада. Со Диме и Јоргос отидовме на вечера.
Долг разговор за мачни спомени.

8.јули 1999, четврток

Во Амбасадата непознат Полјак со себе доведе петнаестина Албанци, кои рекоа дека се бегалци од Косово и бараат да добијат патни исправи за да се вратат дома или да одат во Македонија.
Одбив да им издадам пасавани.

9 јули 1999, петок

Во текот на денот во Амбасадата постојано доаѓаат бегалци од Косово (како ли стигнаа во Полска?) и бараат пасавани.
Во 18:30 на прием во амбасадата на Аргентина.
Во 19:30 на аеродром. Ги чекаме Миленка, Тања и внуката Марија. Авионот доцни 45 минути. Во Варшава децата ќе останат кратко, до 21 јули, со што ќе ни ја скратат и радоста. Првпат, откако сум во Варшава, се чувствувам ослободен од грижи и обврски. Еден ден сопругата ми рече дека одамна не ме видела насмеан и толку радосен. Денес сите сме многу радосни и среќни.

10 јули 1999, сабота

Цел ден во дружење со децата. Мигови на спомени кога беа мали како што сега е Марија. Други се содржините на разговорите. Во деновите кога имам послободно време ја посетуваме Варшава, а зборлестата и весела Марија најмногу уште еднаш сака да ја носиме во зоолошката градина. А со

неа си имаме и една голема мака – не јаде. Баба ѝ со чинивчето в раце трча зад неа во дворот.

11 јули 1999, недела

Роденден на Марија. Полни три години. Доби многу играчки. Среќни сме што денес таа ни е најголемата радост. Денот е нејзин и наш.
Петровден. Голем празник во Македонија. Мој именден.

12 јули 1999, понеделник

Добив покана за учество на свеченостите по повод ослободувањето на озлогласениот германски логор Мајданек. Побарав од Скопје да ми достават податоци за македонските Евреи.
По телефон се јави Ристо Блажевски и рече дека се работи на поставување почесен конзул на Македонија во Полска. Генералниот секретар Ефремовски се уште нема информации дали ќе се организираат приеми по повод Денот на независноста на Македоннија, 8 Септември. Чекаат да одлучи министерот за надворешни.

13 јули 1999, вторник

Во 9:00 во Министерството за култура и уметност. Разговор со Цвеч. Му врачив две покани за двајца полски поети да учествуваат на Струшките вечери на поезијата и текстот на обраќањето до поетите во светот.
Од МНР/РМ никакви вести.

14 јули 1999, среда

Во 8:45 пречек на претседателот на Ерменија. Премиерот Љ. Георгиевски му ја честита победата на Кларк, американскиот генерал. Дали така го посоветувал неговиот советник?

Бомби веќе не паѓаат во Србија. Морални победници се Србите.

15 јули 1999, четврток

На прием во Амбасадата на Франција. Говор на амбасадорот, без превод. Присутен и францускиот премиер. Во огромниот француски двор се вртат околу 2 000 поканети. Приемот еден од најсиромашните и неуспешни приеми. Французите се обидуваат да ги задоволат Полјаците со чаша шампањско, малку вино и сирење.
Забележано е дека богатите држави за приеми не трошат многу пари.

16 јули 1999, петок

Во 13:00 на разговор во „ЕНЕРГОПОЛ“ („ENERGOPOL“), полска фирма која сака да влезе во македонскиот пазар. Договорено е да ми достават понуда и рок на заминување во Македонија.
Во 19:00 на прием во Амбасадата на Ирак.
(Во ракописот, КЛАСЕР IX, стр. 438) приложен ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА АМБАСАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ВАРШАВА ЗА 1998 година.

17 јули 1999, сабота

На посета на кралската палата во Виланув на кралот Јан III Собјески, кој ги победил Турците под Виена. Прошетка по цветниот парк среден според француски модел.

18 јули 1999, недела

Прошетка по Варшава.

19 јули 1999, понеделник

Очекуваните материјали во врска со логорот Мајданек не стигнаа. Ристо Блажевски, кој денес се јави по телефон, рече дека и нему од еврејската општина во Скопје не му ги доставиле. Во истиот разговор рече дека на 25 и 26 септември о.г. во Гдањск ќе се одржи средба на премиерите на десничарските влади на: Полска, Чешка, Словачка, Унгарија и Бугарија. Заинтересиран е на оваа средба да учествува и Љ. Георгиевски.
Се јавив во полското МНР и од таму ми рекоа дека ништо не им е познато за одржување на таква средба.

20 јули 1999, вторник

Во 12:00 на прием во Амбасадата на Швајцарија. Новиот амбасадор многу пофално ми зборуваше за Македонија и најави дека во текот на идната недела ќе дојде кај мене на протоколарна посета.
Забележлива активност на амбасадорот на Албанија. Убедува дека за Косово единствениот спас е независност.

Во 18:00 на прием во Амбасадата на Колумбија.

21 јули 1999, среда

Во 9:25 на аеродром. Децата ги испраќаме за Скопје. Тажен ден.
Во 14:00 на средба во Дирекцијата на главната пошта на Полска за која скопска „АЛУМИНА“ го доградува главниот влез. Имаат финансиски недоразбирања, во кои не се мешам.

22 јули 1999, четврток

Во 12:00 на прием во Амбасадата на Египет. Слаб одзив на поканетите. Почнаа летните одмори, па оттука и посетата е слаба.

23 јули 1999, петок

Во 8:00 заминавме за Љубљин каде по покана од директорот на музејот „МАЈДАНЕК“ ќе учествуваме на свеченостите по повод 55-тата годишнина од ослободувањето на нацистичкиот логор Мајданек.
На свечената бина и место за нас до местото каде седи министерот за култура и уметност, Зџислав Подкањски. По свечениот говор на директорот на музејот, тргнавме кон главната зграда на логорот. Алеја со табли на кои се испишани имињата на државите, запалени факели и високо на јарболи подигнати националните знамиња. На таблите е напишано: MACEDONIA, MACEDONCZYCY, MACEDONIAS и високо се вее знамето со сонцето од Кутлеш. До факелот со натпис MACEDONIA запаливме свеќа и продолжуваме до главниот дом каде во книгата со имињата на убиените во логорот, на страницата на која е напишано MACEDONIA, на македонски напишав соодветна порака.
(Фотографии во ракописот, КЛАСЕР X, стр. 5).
Во 14:00 часот ручек приреден од маршалот на локалниот парламент на Љубљин, господинот Војтас. На ручекот повеќе претставници на локалниот бизнис. Разговор во врска со стопанската и други видови соработка.
По иницијатива на министерот Зџислав Подкањски посета на Замокот, посебно на православната црква која по иконографијата многу личи на македонските цркви и тајно беше изградена во скришни простории на Замокот. Потоа посета на градот. Вечера во друштво на маршалот на локалниот парламент, Војтас, министерот Подкањски и сопственикот на една голема фирма. Договоривме кон крајот

на август поголема група стопанственици да ја посетат Македонија за што, реков, лично ќе се ангажирам.

24 јули 1999, сабота

Во 8:30 заеднички појадок со Војтас и министерот. По појадокот ми пријде возачот и се пожали дека многу лошо се чувствува. Го однесовме на лекар, кој рече дека е добро пациентот да остане под лекарска контрола, не смее да вози и ќе го задржат во болница. Како ли ќе се вратиме во Варшава? Одлучив да возам сам иако четири години не сум седнал зад волан. Војтас ми го понуди неговиот возач. Прифатив и тргнавме за Варшава. Пред излезот од градот, возачот рече:
- Ако имате желба да одите на некое друго место, јас ви стојам на располагање. Денес сум слободен.
А нам желба ни беше да ги посетиме селата Лисковате и Крошченко во кои на почетокот на 1951 година по лична наредба на водачот на Комунистичката партија на Грција, Никос Захаријадис, во испразнетите украински куќи беа доселени над три илјади македонски и грчки бегалци. Од целиот регион што го носи името Бјешчади, каде до 1947 се водеа жестоки борби меѓу полската војска и украинските националисти и остатоците на германските нацисти кои во заедничката акција на полската, чехословачката и советската војска претрпеа катастрофален пораз, полските власти сите Украинци ги преселија во Северозападна Полска. Стотици украински куќи останаа празни. Токму во нив во спомнатите две села принуден покрив најдоа бегалците од Грција. Селата живнаа, таму се врати животот. И нас, од детските домови таму нè носеа на летување. (повеќе за состојбите во тие две села во мојот роман „НА ПАТОТ КОН НЕВРАТОТ“). Сега во тие села скоро и нема куќи. Привремените жители - Грците се преселија во Грција, а Македонците, едни фатија пат за Бугарија, други за Југославија-Македонија и за прекуокеанските земји. Селото Крошченко е пригранично, има граничен премин за Украина оддалечен само три-четири

километри. Од жителите има само железничари, погранична полиција, царинарници, пет или шест мешани грчко-полски семејства, една мала продавница и еден Македонец, Лазо се вика (**фотографија во ракописот, КЛАСЕР Х,стр. 8**), потекнува од Костурското село Кономлади кој со жена му Полјачка и двата синови и ќерката не го напушти селото во кое некогаш имало над триста куќи и две цркви. Најголемата, комунистите ја претворија во културен дом – кино, театарска сцена и сала за партиски состаноци во која во 1952 година под водство на Захаријадис беше формирана македонска таканаречена револуционерна организација под името ИЛИНДЕН. Пак ли голема измама? Сега црквата не постои, е изгорена. И старите дабје околу неа се изгорени и тие триста и нешто дрвени куќи сега ги нема, а дека постоеле, се гледа од темелите обраснати со трња. Омразата од лошите времиња не згасна. Сликам со камерата (касета во ракописот) и полека одиме накај куќата на Лазо. Не пречекува жена му која доста добро зборува македонски. Дојде и Лазо со разлабавен чекор. Топол, срдечен разговор. Домаќинката не чести со кафе, Лазо, борец во движењето против Италијанците и Германците, десетар во Демократската армија на Грција, три години учесник во борбите на Грамос и Вичо, раните од последната битка на Грамос ги лекуваше во тајната болница во Полска, нуди вотка и вели дека секогаш е во кавга со грчките амбасадори кои повремено ги посетуваат своите малуброjни сонародници и полагаат цвеќе на гробовите на тие кои засекогаш останаа во тој некогаш запустен дел на светот. Дознавам дека секоја година со специјален автобус од Грција доаѓаат во Крошченко потомците на тие кои лежат на новите гробишта, ги чистат гробовите обложени со бел мермер, ги красат со цвеќе и ги покриваат со грчкото знаме, додека гробовите на Македонците без име и презиме се обраснати со коров. А ние на старите гробишта, во селото Лисковате, кои сега не постојат, во високата трева ја бараме плочата што дедо Митре од Смрдеш ја имаше ставено на гробот на баба Марија, на која со длето имаше исклесано:

„Тука почива Марија Каркорова од село Смрдеш, Костурцко, Македонија.“
Не ја најдовме. Веројатно, кога булдожерот го рамнеше местото, заедно со другите надгробни плочи и крстови, ја однесе во трапот.
Во Варшава се вративме со насолзени очи и со болка и чемер во душите.

25 јули 1999, недела

Во 8:00 во Амбасадата дојде возачот и почна да се извинува за тоа што му се случи во Љубљин. Го потапкав по рамената, велејќи му дека на секој нешто слично може да му се случи. Му реков да се врати дома и добро да одмори. Кутриот се виткаше од благодарност.

26 јули 1999, понеделник

Од МНР/РМ бараат покана за Љ. Георгиевски да учествува на состанокот на десничарските премиери на земјите од централна Европа. Ми е речено дека за таков состанок во полското МНР не слушнале.

27 јули 1999, вторник

Дневна канцелариска работа.

28 јули 1999, среда

Посетивме еден од најубавите паркови во Варшава.

29 јули 1999, четврток

Втор пат се јави Ристо Блажевски и замоли да издејствувам покана за Љ. Георгиевски за учество на Конференцијата на премиерите на централно- европските десничарски влади. Му

реков дека од МРН на Полска ми е речено дека таква конференција засега не е предвидена, а ако се предвиди, тогаш Љ. Георгиевски сигурно ќе биде поканет.
Човекот веќе брза да се најде во друштво со европски премиери.

30 јули 1999, петок

Во Амбасадата дојдоа директорот на „АЛУМИНА“ и неговиот претставник во Полска. Ме замолија да ургирам за разрешување на финансиските расправии со полската пошта. Реков дека за такви работи не сум надлежен.

31 јули 1999, сабота

Во 12:00 посетив еден од најубавите објекти што се градат во Варшава. Го гради турска фирма чиј сопственик е Турчин кој е роден во Битола и уште како ученик педесеттите години заедно со родителите се преселил во Турција. Слабо зборува македонски, но се разбравме. Го поканив да ме посети во Амбасадата.
Во 9:00 ми се јави брат ми Ристо од Австралија. Мачен разговор. Судбината што други ни ја наметнаа нè натера да се дружиме само по телефон.
Ми се јавија од полското радио и побараа да дадам интервју во врска со состојбите во Македонија и загубите од војната против Југославија. Реков дека сум многу зафатен со неодложни обврски.
Во 19:00 на вечера кај Сокаљски. Присутни и академик Томе Серафимовски, Томе Кецман и други гости.
До раководните државни личности во Македонија испративме честитки по повод празникот ИЛИНДЕН.
Во Амбасадата дојдоа академик Серафимовски и Томе Кецман. По синоќешната вечера кај Сокаљски, заедно во слободен разговор поминавме два часа.

По испраќањето на гостите го викнав возачот во кабинетот. Видливо исплашен, ме гледаше право в очи.
- Пан Збишо (така го викавме, а името му е Збигњев) дојди и седни тука до мене заедно денес да се напиеме кафе.
Збишо воздржано премести нозе и тивко, некако срамежливо, рече:
- Господине амбасадоре, простете, ама не личи возач да се седи со амбасадор и со него да пие кафе. Се знае, местото на возачот е покрај колата и...
- Пан Збишо, не ми мудрувај туку седни тука до мене.
Сопругата го донесе кафето и ни се придружи.
- Пан Збишо, сакам да те замолам за една услуга. Ние со сопругата од утре сакаме неколку денови да одиме на одмор. Желба ни е да одиме некаде каде има шума, ливади и што помалку луѓе.
- Знам едно такво место. Уште сега ќе разговарам со директорот. Можам да си одам?
- Можеш, ама прво испиј го кафето.
Збишо голтна едно двапати и рече:
- Ама што човек сте вие, господине амбасадоре, со возачот да седите како со најблизок пријател и заедно да пиете кафе? Јас возев високи државни и партиски личности и амбасадори, ама ова првпат ми се случува со амбасадор да пијам кафе... Многу ви благодарам, господине амбасадоре за честа. Можам да одам?

1 август 1999, недела

Утре во Македонија ќе се слави ИЛИНДЕН.
Пан Збишо дојде порано и рече дека ако сме готови можеме да одиме.
Заминавме на тридневен одмор во ТРУЈЦА, во Бјешчади, во владино одморалиште кое ни го препорача возачот Јужо. Пладнето стигнавме во ТРУЈЦА, така пишува на патоказната табличка. Свртевме лево и пред нас невообичаен видик на ритчето. Пет дрвени вили. (фотографии во белешките,

КЛАСЕР X, стр. 14). Се сместивме во најдолната вила, но по кратко време дојде директорот и рече дека за мене ја има резервирано горната вила и замоли да одиме со него. Се качуваме на катот, тој широко ја отвора вратата и пред нас голема прекрасно уредена спална. Снимам со камерата.
- Тука – рече директорот – спиеше Тито.
- Како? Што рековте?
- Тоа што слушнавте, господине амбасадоре.
А ете слушнав:
Кон крајот на шеесеттите и почетокот на седумдесеттите години премиерот Пјотр Јарошевич (убиен и досега не се познати убијците) одлучил дел од скоро опустошените Бјешчади да направи национален парк. Во месноста наречена ТРУЈЦА (името од трите поранешни сега непостојни украински села и трите реки) наредил да се изградат пет вили исклучиво од дрво. За таа цел беше формирана голема група работници од политички затвореници која ги изградија петте вили, а потоа и мал аеродром. Всушност тоа не беше национален парк, туку големо, скоро неограничено ловиште каде есента секоја година се собираа генералните секретари на источно- европските земји, меѓу кои и Тито, и ловеа: срни, елени, мечки, па дури и волци, со чии препарирани глави беа украсени ѕидовите на свечената сала, трпезаријата и другите простории по кои се движеа гостите.
Откако ова го слушнав, му реков на директорот – останувам во долната вила.
Деновите (2, 3, 4 август) ги поминувавме шетајќи по големите ливади каде откривавме траги од срни, елени, диви свињи и волци и почесто гледавме како цели стада елени и срни мирно пасеа. Прекрасно место за одмор – чист воздух и тишина.
Вечерните часови го запалувавме големиот камин каде гореа цели дабови трупци и при чашка македонско вино (во багажникот секогаш носев по неколку шишиња вино) се здруживме со еден професор од Варшавската политехника, голем познавач на Регионот, кој тука одмораше заедно со

својата млада сопруга. Цели часови ја слушавме трагичната историја за овој дел од светот и многу дознавме за тоа што се случувало тука кон крајот на Втората светска војна, посебно во времето до 1947 година. Во тоа што ни го раскажуваше професорот наоѓавме и дел од нашата судбина во Егејска Македонија.
(Белешките од доживувањата и за тоа што го слушнавме од професорот, остануваат во ракописот, КЛАСЕР X,стр. 23-25 и 27-32).

5 **август 1999, четврток**

На факсот на одморалиштето, чиј број и го имав испратено на секретарката во Амбасадата, стигна следната телеграма:

„Број: 07-8184/1 Дата: 5.8.1999 година
Господине Амбасадоре Наковски,

Во функција на отпочнување постапка за отповикување на постојните и поставуваање нови амбсадори на Република Македонија, а по средбата со претседателот на Република Македонија, г. Киро Глигоров и со претседателот на Владата г. Љубчо Георгиевски, договорено е Вашето враќање во Република Македонија да биде до 15 септември 1999 година.
Ве молам навремено да ја отпочнете постапката за организирање проштални средби во земјата на акредитацијата. Исто така неопходно е да се преземат и сите други активности во врска со разрешувањето на Вашата функција – Амбасадор, со цел да се запази овој рок.

Министер,
Александар Димитров, с.р.’’

Телеграмата не ме изненади. Нешто слично очекував по посетата на Амбасадата на Коста Стоименовски, кој со своето држење, однесување, отвореното најавување дека тој ќе биде следниот амбасадор во Варшава и заканата во врска со уништувањето на портретот на претседателот Киро Глигоров, небаре ми даде на знаење дека новите власти наскоро ќе почнат со чистење на дипломатите кои не им се истомисленици. Кратко речено со враќањето на кариерните дипломати, веќе почнува уништувањето на македонската професионална дипломатија, но и на кариерите и амбициите на протагонистите почнувајќи од премиерот, министерот за надворешни и нивните советници во сенка.
Морам да признаам дека телеграмата ја примив со извесно духовно олеснување и со убедување дека веќе ќе се ослободам од личности обременети со љубомора и нетрпеливост и до извесна мера ќе си го сочувам и така опаднатото здравје.
Му се јавив по телефон на возачот со порака утре безусловно да дојде меѓу 10 и 11 часот.

6 август 1999, петок

Во 11:20 заминавме од ТРУЈЦА и во Варшава стигнавме во 18:00 часот. Пред да влеземе во градот, возачот рече:
- Господине амбасадоре кога ќе ви заврши мисијата, тогаш јас ќе ви раскажам што се случувало таму каде бевте.
- Нешто ни кажа еден господин. А ти од каде знаеш?
- Јас, госпоѓо, кога се градеа вилите работев како владин возач. Ги видовте ли камењата на темелите и на каминитe? Сите се од перен камен. Јас и уште двајца со камиони ги носевме од реките и трапишата под Закопане. Мазни се, перени се со векови. Триста километри пат.
- Ама убави се и вилите и каминитe – рече Дитта.
- Да, госпоѓо, убави се, ама и маката и страдањата на градителите е неизмерна. Под стап и камшик се градени.

Кога ќе си спомнам, тогаш само ми се плаче. Големи несреќи таму е случија, госпоѓо, многу големи.
Пан Збишо само толку ни кажа, а многу дознавме од варшавскиот професор.
Стигнавме во Амбасадата оптоварени со тоа што го дознавме.

7 август 1999, сабота

Ја разгледав пристигнатата пошта и потоа се нафатив со изготвување на финансискиот извештај за јули 1999 година, кој ми го одзеде целиот ден.

8 август 1999, недела

Во посебната соба за чување на службените материјали, ги средувам класерите. На секој испишувам година, месец и ден.

9 август 1999, понеделник

Од денес веќе почнувам со подготовките за завршувањето на мојата дипломатска мисија.
Прв чекор со нота да го известам полското Министерство за надворешни работи. На полски јазик рачно ја напишав нотата, неколкупати го проверив текстот, кој веќе пречукан на компјутер, во превод на македонски гласи:

Амбасадата на Република Македонија во Варшава на Министерството за надворешни работи на Република Полска му испраќа изрази на почит и има чест да извести, дека неговата Екселенција Вонредниот и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Република Полска, господинот Петре Наковски, почнувајќи од 15 септември 1999 година ја завршува својата дипломатска мисија во Полска.

Амбасадата на Република Македонија во Варшава има чест да замоли на Неговата Екселенција Амбасадорот Петре Наковски да му овозможи да одржи проштални протоколарни средби со полски личности.
Амбасадата на Република Македонија во Варшава ја користи можноста на Министерството за надворешни работи на Република Полска да ги понови изразите на високо почитување.
ПН.
Варшава, 10 август 1999 година (Печат)
Министерство за надворешни работи
на Република Полска
В а р ш а в а
Нотата ќе ја испратам утре. Слична нота ќе испратам до Дипломатскиот протокол и доајенот на Дипломатскиот кор, архиепископот Ј. Ковальчик.
(Копија на полски во ракопис, КЛАСЕР X, стр. 34)
Попладнето до МНР/РМ испратив телеграма со следниот текст:

Во врска со завршувањето на мојата дипломатска мисија, вообичаено е за време на траењето на проштални средби и другите активности, голем дел од обврските на амбасадорот да ги преземе новиот амбасадор или вршителот на работите, кому му се предава архивата, печатите и целокупниот имот на Амбасадата со потпишување службен записник. Пред заминувањето на амбасадорот, за Дипломатскиот кор, како и за министри и други личности од политичките, културните, стопанските и други институции на земјата на приемот, се практикува организирање проштален прием. Приемот би бил и во чест на Независноста на Република Македонија.
Молам Ваше мислење.

10 август 1999, вторник

Продолжувам со средувањето на документацијата на Амбасадата.

11 август 1999, среда

Од Министерството за урбанизам на Република Македонија се јави секретарот и рече дека дури денес ја добиле мојата телеграма со дата од 27 јули о.г. Праша дали прашањето е актуелно. Му реков дека тоа ќе го решава со новиот амбасадор.

12 август 1999, четврток

Во 9:00 се јавија од Дипломатскиот протокол и замолија заедно да ја усогласиме листата на личности со кои сакам да имам проштални посети.
Од МНР/РМ ми стигна телеграма потпишана од В. Ефремовски кој ме известува дека се размислува за праќање лице кое ќе ме замени до поставување нов амбасадор.
Во хаосот што трае во Министерството и самобендисаноста и самоволието на министерот сигурен сум дека долго ќе размислуваат кого да пратат.
Во 11:00 во Апостолската нунцијатура на испраќање на амбасадорот на Канада. По средбата го замолив архиепископот Ј.Коваљчик да ме прими.
- Драг амбасадоре, мил мој – рече – вас секогаш со најголемо задоволство ќе ве примам и ќе ви кажам зошто. Повелете во кабинетот.
На почетокот разговорот ни течеше за времето, а потоа архиепископот Коваљчик се префрли на Балканот, при што многу пофално зборуваше за Македонија и при тоа изрази загриженост за ситуацијата во Косово, која многу лошо може да се одрази во Македонија. Во многу точки нашите оценки се автентични.
Краткиот прекин на разговорот го искористив да му кажам дека на 15 септември о.г. завршува мојата дипломатска

мисија во Полска и по тој повод замолив да ме прими. Се изненади и долго се загледа во мене чиниш го броеше времето што измина.
- Зарем така брзо истече времето?
- Не е брзо, Ваша Екселенцијо – реков. - Поминаа веќе четири години и неколку месеци.
- Сепак брзо протече времето – рече замислено. – Господине амбасадоре, драг мој пријателе, многу сум изненаден. Многу ќе ми недостасувате. Јас запознав многу амбасадори кои биле во Варшава. Вие сте многу редок. Одличен соговорник со висока култура на однесување, елоквентен, чувствителен, урамнотежен, почитувач на туѓите мислења, но и тврд бранител на македонското име, одличен познавач на европските проблеми, посебно на балканскиот регион. Ерудит. Со вас, драг амбасадоре, е задоволство да се разговара со очекување дека човек по нешто ќе научи. Имате Божја дарба за општење со луѓето. Штета, голема штета, мој амбасадоре, што си одите. Дипломатскиот кор ќе остане осиромашен. Моја оценка е дека сте најдобриот дипломат за овие четири години. Постигнавте многу, толку многу што вашиот претседател, господинот Киро Глигоров треба да се гордее со вас. Јас внимателно ја следам работата на амбасадорите и преку моите луѓе и преку контактите и разговорите со надлежните полски власти. Толку висока позитивна оценка за последните 20-тина години освен за вас нема добиено никој друг амбасадор. Убеден сум дека ќе жалат и полските власти со кои воспоставивте нераскинливи пријателски односи. Ја унапредивте соработката и високо ги подигнавте односите меѓу двете земји. Туку, ете, треба да се почитува волјата на надлежните во Македонија. Нека ми биде простено, ама тие згрешиле што ве повлекуваат. Така мислат и полските власти. Успешен, многу успешен и талентиран дипломат именува за амбасадор претседателот Глигоров. Јас ова што ви го кажувам, се разбира многу искрено, ви го кажувам не од некое лицемерие, туку отворено, од срце и душа. Искрено... Господ Бог ми е сведок.

Ова ќе го кажам и на прошталната средба со Дипломатскиот кор.
Искрено, не ми беше лесно да ги слушам овие пофални зборови од една толку важна личност. Му се заблагодарив за топлите зборови, а потоа договоривме прошталната средба со Дипломатскиот кор да се одржи на 7 септември 1999 година.
Архиепископот Јузеф Коваљчик, Апостолски нунције и доајен, ме испрати до скалите, што е голема почит. Ме фати под рака и тивко рече:
- Амбасадоре, искрено да ви кажам, дека за вас неколкупати му пишував на Светиот Отец во Ватикан. Се разбира многу пофално. И секогаш пишував - амбасадорот на Македонија. Колку што знам, вие исцело се оддадовте на вашата мисија. Знам дека сте сам и дека сите работи ги извршувате сам. Штета, голема штета што ве отповикуваат. Јас имам една желба - и натаму така да и служите на вашата татковина. Довидување, драг амбасадоре и пријателе.
Архиепископот Коваљчик силно ми ги стегна рацете и полека ме испрати до главната врата.
Трогнат се вратив во Амбасадата.
Вечерта по телефон ми се јави познаник од МНР/РМ.
- Не знам, ама ми се чини дека добро слушам, а слушам дека набрзо ќе се видиме. Велат дека и ти си во списокот за враќање.
- Не знам - му велам.
- Е па слушај за да знаеш. Љ. Георгиевски сака да го „откачи“ Турупурковски и неговиот измеќар, значи и министерот. Велат дека на нивните места ќе стави свои луѓе и за амбасадори исто така ќе именува свои. А бре што да ти кажам, циркус станавме. Разбра?
- Разбрав, ама малку.
- Не се секирај. Кога ќе дојдеш, допрва многу ќе разбереш., Ајде здраво и добра ноќ.

13 август 1999, петок

Во 10:00 во Дипломатскиот протокол, подготвивме листа на државни личности кај кои сакам да ме примат на прошталната средба. За терминот ќе бидам известен.
Од директорот на основното училиште „Адам Рапацки“ од Вроцлав, добив писмо со изрази на благодарност за материјалите што им ги пратив, а кои се однесуваат на Македонија. Пишува дека на натпреварот неговите ученици го добија првото место. Заедно со писмото прати фотографија на која на голема табла е напишано – MACEDONIA.
Од Министерството за сообраќај и врски ми го испратија Протоколот од разговорите водени во Охрид со претставници на соодветното полско министерство. **(Целиот текст приложен во ракописот, КЛАСЕР X, стр. 49).**

14 август 1999, сабота

На вечера со грчкиот амбасадор Хризантопулос, во новоотворениот грчки ресторан „ЗОРБАС“. Слободен разговор без навлегување во спорните делови од македонско-грчките односи.

15 август 1999, недела

Подготвувам список на невладини личности, здруженија и поединци со кои сакам да се видам на прошталната средба.

16 и 17 август 1999, понеделник и вторник

Продолжувам духовно да се подготвувам за прошталните средби.

18 август 1999, среда

Во 13:00 часот проштална средба кај директорката на (BANK HANDLOWY), госпоѓа Скавињска, каде Амбасадата имаше

отворено жиро-сметка. Ѝ се заблагодарив за услугите и за одличниот однос на вработените со кои контактирав и замолив да им ја пренесе мојата благодарност.

19 август 1999, четврток

Во 9:45 пречек на претседателот на Словачка, Рудолф Шустер, прв словачки претседател. На пречекот, многу амбасадори поздравувајќи се со мене изразуваа жалење, а и многу пофалби, поради завршувањето на мојата мисија. Италијанскиот амбасадор, Лука Бионато, тресејќи ми ја раката, гласно ми рече:

– Со кого јас тука ќе се дружам и ќе водам умни разговори. Лут ти сум. Дури не сакам да зборувам со тебе. Си одиш. Срам да ти е.

Албанскиот амбасадор, кој во редот е постојано до мене на сите пречеци, рече дека навикна на мене и се приврза и дека сите сигурно ќе ја почувствуваат празнината. Многу други ми рекоа дека од мене научија да се решителни. Слични фалби слушнав и на приемот во унгарската амбасада кој траеше од 18:00 до 20:00 по повод 999-тата годишнина од постоењето на унгарската држава – национален празник на Унгарија. Веста за моето заминување брзо се прошири и меѓу присутните Полјаци и членови на Дипломатскиот кор со кои честопати се сретнував на разни приеми и коктели. Ми беше пријатно, но и незгодно да ги слушам нивните пофалби. Забележливо беше дека околу мене имаше повеќе гости, отколку кај домаќинот. Можеби затоа, што голем беше интересот за состојбите во нашиот регион.

Морам да признаам дека жалам што ќе бидат раскинати толку многу врски, а истовремено се радувам што по месец дена ќе бидам со моите деца, ослободен од секојдневните обврски и чувството на одговорност за секој изречен збор, искажана мисла и оценка во разговорите со големиот број соговорници, посебно од политичките и дипломатските кругови.

20 август 1999, петок

Стигна пакетчето со печатените покани за прошталната средба и Денот на независноста на Република Македонија, 8 Септември.
Текстот на поканата во превод на македонски гласи:

По повод Националниот празник на Република Македонија
Денот на Независноста
и завршувањето на дипломатската мисија,
Амбасадорот на Република Македонија и Дитта Наковска имаат чест да Ве поканат
на прием во среда 8 септември 1999 година во 18:00-20:00 часот.
Амбасада на Република Македонија R.S.V.P
Варшава 843 13 26
ул.Доминикањска 15 853 46 72

Стигнаа и поканите од Нунцијатурата во врска со прошталната средба со Дипломатскиот кор.
Ја добив следнава телеграма од Никола Груевски, министер за трговија. Пишува:
До Амбасадата на Република Македонија во Република Полска

Амбасадорот г. Петре Наковски-

Почитуван господине Амбасадор,

Со задоволство ги прифаќаме Вашите сугестии во врска со претстојното доаѓање на претставниците на полското стопанство. За таа цел ќе ги известиме и останатите министерства кои ги спомнавте во Вашиот допис.

Министерството за трговија ќе се подготви за доаѓањето на стопанската делегација од Република Полска. Во тој контекст, Ве молам да нѐ известите за точниот датум на доаѓање, како и да ни доставите список на фирмите кои ќе дојдат, со нивните дејности и со какви фирми од Република Македонија сакаат да остварат средби.
Ве молам да нѐ информирате за текот и прогресот на Вашето ангажирање во остварување на оваа идеја.
Со почит, Министер,
Никола Груевски, с.р. печат

21 август 1999, сабота

Попладнето ги пратив бараните податоци, кои во претходниот месец ги имав испратено до Министерството за надворешни работи на Република Македонија.

22 август 1999, недела

Со Дитта и Миленка на прошетка по стариот дел на Варшава, ручавме во кинескиот ресторан.

23 август 1999, понеделник

Во класери средувам материјали.

24 август 1999, вторник

Од Љубљин стигна писмо од група парламентарци со молба, како локални стопанственици да ја посетат Република Македонија. Предлагаат посетата да се оствари во третата декада на септември. За време на престојот би остариле средби со македонски стопанственици.
За ова го известив МНР со молба барањето да биде доставено до Стопанската комора на Македонија.

Во 18:00 часот на прием приреден од Амбасадата на Украина. Скромно и малку поканети.

25 август 1999, среда

Ја испратив во Скопје високата полска воена делегација на чело со армискиот генерал, Хенрик Шумски, шеф на ГШ на полската војска.
Во 13:30 на аеродром на пречек на фудбалерите на ФК „ВАРДАР“.

26 август 1999, четврток

Проштална посета кај Томбињски, директор на Департментот за Југоисточна Европа. Многу пофалби на моја сметка и изрази на благодарност за плодната соработка, но и жалење поради моето заминување.
На фудбалски натпревар ЛЕГИЈА-ВАРДАР. Изгуби ВАРДАР со 4:0.

27 август 1999, петок

На прием во Амбасадата на Хрватска. Прилика за проштални средби со присутни амбасадори и други познати личности со кои имав контакти во текот на мисијата.

28 август 1999, сабота

Одморам. Читам весници и гледам грчка телевизија. Средувам материјали.

29 август 1999, недела

Во 6:00 часот на интернет прочитав дека во сообраќајна несреќа со возило на НАТО, загина министерот Радослав Стојковски со сопругата и ќерката.

Во 9:30 ми се јави Хенрик Сокаљски и изрази сочувство по повод загинувањето на министерот Радослав Стојковски.

30 август 1999, понеделник

Во 11:00 ја примив Данута Чирлиќ-Страшињска, позната преведувачка на македонската литература и голем афирматор на Македонија во Полска. Ја договоривме Панорамата на песни од македонски поети.
Ристо Блажевски со телеграма ме информира дека премиерот Љ. Георгиевски ќе учествува на состанокот на Централно-европските десничарски партии што ќе се одржи во Гдањск од 23-26 септември о.г.
По телефон го известив организаторот на состанокот.

31 август 1999, вторник

Дипломатскиот протокол ми го достави списокот за прошталните посети, на кој се наведени 31 висока државна личност. До овој список треба да се додадат уште толку личности и установи.
(Види прилог во ракопис, КЛАСЕР X, стр. 61)
Во 12:00 часот прошталнa средба во Владата на Република Полска. Во отсуство на премиерот ме прими Јежи Новаковски, министер во Кабинетот на премиерот, кој во негово име е овластен да ми изрази благодарност и признание за одлично извршената дипломатска мисија која многу придонесе за подемот и зацврстувањето на полско-македонските односи.
Во 13:00 во Амбасадата дојде вршителот на работите на Амбасадата на Југославија, г-ѓа Соња Банда. Разочарана и возбудена ми рече дека е отповикана и дека на 15 септември се враќа во Белград. Ме замоли да ѝ помогнам во врска со техничката страна на заминувањето. Потоа разговаравме за македонско-српските односи. Ми се заблагодари за соработката, велејќи дека во Варшава сум најценетиот и

најпочитувниот амбасадор. Комплиментот го прифатив со желба за среќно враќање во татковината.

1 септември 1999, среда

Во 9:30 без најава во Амбасадата дојде Хенрик Сокаљски. Поздравувајќи се со мене, веднаш изрази жалење поради моето заминување. Рече дека Македонија долго време ќе нема толку успешен амбасадор во Полска и дека тие, кои одлучија за моето враќање, направија голема и непростива грешка.
Ова го примив со насмевка и заблагодарувајќи му се за толку топлите и признателни зборови, реков дека скоро петте години поминати на оваа мисија во Полска, бараат и малку одмор и едно мое поголемо ангажирање во моите сопствени работи. Му реков дека ми останаа недовршени ракописите од моите книги и многу нереализирани идеи и проекти. Време е и тие работи да ги довршам.
Пред излегување Сокаљски ме замоли да го примам неговото писмо до мене. Од џебот извади коверт со адреса:

J.E. Amb. Petre Nakovski
Ambasada Republiki Macedonii
ul.Dominikawska 15
02-738 Warszawa

По неговото заминување од ковертот извадив писмо и по неговото прочитување, ги сфатив скоро истите признанија и пофалби на многу други високо поставени личности и претставници на Дипломатскиот кор. Досега, поради презафатеноста, на таквиот однос не му придавав некое внимание. Едноставно си ја вршев доверената мисија. А во писмото – во превод на македонски јазик, **(копија во ракописот, КЛАСЕР X, стр. 63, оригиналот во архивот на авторот),** читам:

Хенрик Ј. СОКАЉСКИ
Поранешен Заменик на Генералниот секретар на ООН и Специјален претставник на Генералниот секретар во Македонија
ул. Жегестовска 23Ф,
02-94 Варшава, Полска

Тел./факс: (+4822) 642-6633
Моб.тел. (+48602) 745-316
E-mail: henryks@pol.pl **Варшава, 1 септември 1999 г.**

Многу Почитуван Господине Амбасадоре,

Допре до нас веста за завршувањето на Вашата мисија во Полска. Многу пријатели на Македонија за ова дознаа не без изненадување. Се- пак, такви се правилата на оваа служба и тешко е да не бидат забележани. Без Вас, Господине, ќе бидеме посиромашни, бидејќи малку се тие како Вас, кои толку многу направија за полско-македонските односи. Ваквото мислење го изразувам, знаејќи ги состојбите, како активен набљудувач, како од перспективата на Варшава, така и на Скопје.
Господине, Вашите многугодишни врски со Полска, прекрасното познавање на нејзините реалности и јазик, необичните творечки достигнувања на полето на популаризацијата на културата, а посебно преводите на полската литература, Ве овенчаа со огромно признание и највисока благодарност на нашите две земји. Јас сум убеден дека официјалните фактори на Полска и Македонија ќе знаат целосно да го одбележат таквото признание и ќе Ве поттикнуваат за натамошни напори на полето на јакнењето на нашите заемни односи. Тоа нам ни е многу потребно, исто така и за доброто на мирољубивата соработка во Европа.
Јас, Господине, лично сум Ваш голем должник за сите наши заеднички средби и дискусии и тогаш кога

престојував во Скопје и сега во времето на моето враќање во мојата Земја. Во тешките мигови од последните месеци на Балканот, Вие, Господине, покажавте цврстина на духот и патриотизам кој е достоен за восхит. Ги делевме и ги делиме со Вас, Господине, сите чувства и желби за добробитот на Македонија и на целото соседство.
Ќе Ви бидам благодарен, по враќањето во Скопје, да им ги пренесете моите најдобри лични поздрави на Господинот Претседател Киро Глигоров, на Господинот Премиер Љубчо Георгиевски и на другите политичари кои ми се познати, кои – над сите делби на политичката сцена – секогаш ми посветуваа многу автентично внимание и докази на доверба.
Мојата сопруга Марија и јас Ви пожелуваме, Вам, Господине Амбасадоре и на Вашата Сопруга нови години плодна работа за доброто на Вашата Татковина и секаков успех во семејниот и личниот живот.
Хернрик Ј. Сокаљки, с.р.
Н.Е. Господин Петре Наковски
Вонреден и ополномоштен амбасадор
на Република Македонија во Полска
ул. Доминикањска 102-738 Варшава

2 септември 1999, четврток

Поканите за приемот на 8 Септември ги испративме на одредените личности и очекувани други гости.
12:30 во Амбасадата на Словачка на средба со словачкиот претседател и прием.
15:30 на проштална средба со г-ѓа Алиција Гшешковјак, маршал (претседател) на Сенатот. Заедничка висока оценка за полско-македонските односи во сите области. Изрази на благодарност за постигнатите успеси.
18:00 на прием во Амбасадата на Либија.

3 септември 1999, петок

Во 10:00 ч. на проштална посета кај Анџеј Мајковски, министер и политички советник на претседателот Александер Квашњевски.
Во 11:30 на проштална посета кај г-ѓа Бабара Туге-Еречињска, координативен директор на Департментот за Европска политика во МНР.
Во 18:00 на прием во Амбасадата на Малезија.

4 септември 1999, сабота

Подготовки за приемот на 8 Септември.

5 септември 1999, недела

Исто како и вчера.

6 септември 1999, понеделник

Во 18:00 ч. вечера во ресторанот „ЗОРБАС“ приредува бизнисменот Томе Кецман.

7 септември 1999, вторник

Продолжувам со прошталните средби.
Во 8:45 на проштална средба во Министерството за одбрана. Ме прими шефот на ГШ, армискиот генерал Хенрик Шумски.
Во 10:00 на проштална средба со претседателот на Сејмот. Пофални изрази за постигнатите резултати во односите меѓу Полска и Македонија.

8 септември 1999, среда

Во 11:00 проштална средба со Дипломатскиот кор во седиштето на Апостолската нунцијатура каде со сопругата

отидовме 45 минути порано каде по претходен договор нè прими нунцијушот, архиепископот Јозев Ковальчик. Ме замоли да седнам на истата фотеља на која седел Папата Јован Павле II, велејќи дека таква чест сум заслужил. Пријатен, слободен разговор. Ја искористив приликата и му подарив две шишиња македонско вино и албум (репродукции) со македонски икони. И овој пат многу ме испофали велејќи дека сум еден од најуспешните амбасадори со кои имал можност да се сретнува и да соработува. Разговорот го прекина доаѓањето на амбасадорите кои излезе да ги пречекува. Во 11:30 нунцијушот архиепископот Јозев Ковальчик ја почна церемонијата на збогувањето. Зборуваше на француски со превод на полски јазик. Пред Дипломатскиот кор меѓу другото рече дека денес испраќаме еден редок човек, омилен во Полска, почитуван меѓу Дипломатскиот кор и еден од најуспешните амбасадори, амбасадорот на Македонија, д-р Петре Наковски. Потоа, со изрази на признание, зборуваа амбсадорите на: Словачка, Бугарија, Молдавија Албанија, Украина, Хрватска (тие во Варшава дојдоа четири години после мене) кои изразија благодарност за честите средби и разговори, како и за тоа дека многу сум им помогнал да се снајдат во новата средина, во контактите со полските надлежни институции и личности и како да го печат занаетот. На крајот зборував и јас. Изразив искрена благодарност до полските власти преку директорот на Дипломатскиот протокол, а посебно му се заблагодарив на архиепископот Јозев Ковальчик и на сите присутни и отсутни амбасадори. На крајот од прошталната средба како подарок од Дипломатскиот кор ми врачи чинија од чисто сребро со изрежан натпис во средината, кој на француски јазик гласи:

A Son Excellence M.le Dr Petre Nakovski
Ambassadeur de la Republigue de Macedoine
En souvenir de ses Collegues du Corps Diplomatigue
Varsovie Septembre 1999
(Фотографии во ракописот, КЛАСЕР X, стр.70)

Во 14:00 на проштална средба кај претседателот на Република Полска, Александер Квашњевски. Ме прими во мал салон, во средината масичка и на неа голем букет од црвени ружи и три фотељи. Присутен Мајковски, министер-политички советник на Претседателот. Краткиот молк го прекина претседателот.

- Од каде и да почнам на оваа проштална средба, ќе излезе само на едно:

- Огромна благодарност господине амбасадоре Наковски за вашиот труд, залагање и посветеност за подемот на односите меѓу Полска и Македонија. Знам дека во овие изминати години на вашата мисија бевте сам и многу сте постигнале. Редок пример на целосна посветеност. Морам да признаам дека јас имам многу добри дипломати, но би сакал меѓу нив да имам и еден како вас. Од белешката што е пред мене гледам колку труд сте вложиле во афирмацијата на полската култура во Македонија и обратно. Бевте би рекол истовремено неноминиран полски и македонски амбасадор. За таквиот труд го заслуживте нашето најголемо признание, благодарност и почит. Се враќате во Македонија во многу тешка состојба во Регионот и посебно во Македонија. Лично сум убеден дека и покрај големите тешкотии, Македонија ќе истрае и ќе си го најде своето заслужено место во Европа, за што може да смета и на поддршката на Полска.

Натамошниот разговор течеше во врска со ситуацијата на Балканот.

На крајот од приемот изразив благодарност за одличната соработка со сите полски државни институции, за големото разбирање и готовноста за натамошно јакнење и проширување на македонско-полските односи во сите области и за искрените симпатии на Полјаците спрема Македонија изразени во разни прилики. Изразив надеж дека ќе му се оствари и желбата официјално да ја посети Македонија за што се залагав во многу разговори со неговите најблиски соработници.

Утрото, од Апостолската нунцијатура стигна следнава честитка, која во превод на македонски гласи:

По повод националниот празник на Република Македонија – Денот на независноста, примете ги моите најдобри пожелувања за Вас Господине како и за целата Земја која ја претставувате.
Со изрази на длабока почит и сигурно паметење
Архиепископ Јозев Ковальчик
Декан на Дипломатскиот кор. с.р.
Неговата Екселенција
Господин Д-р Петре НАКОВСКИ
Амбасадор на Република Македонија
ВАРШАВА
(Оригиналот во ракопис, КЛАСЕР X, стр. 75)

Осми септември - Ден на независноста на Република Македонија.
По тој повод и по повод завршувањето на мојата дипломатска мисија во Полска, во 18:00 часот во просториите на Амбасадата свечен и проштален прием. Учествуваа над 120 поканети гости.
Честитки и изрази на благодарност за мојата успешно извршена мисија од високи државни личности, дипломати и претставници на разни средини.
8 септември до 14 септември 1999 година
Проштални средби според списокот доставен од Дипломатскиот протокол и други личности, здруженија и установи со кои во текот на мојата мисија контактирав и соработував. Истовремено до 64 личности испратив писма на благодарност за изразената соработка и помош.
(Списокот на лицата до кои испратив писма во ракопис, КЛАСЕР X, стр. 77)

15 септември 1999, среда

Во 9:00 часот од полското Министерство за надворешни работи ми стигна следнава покана:

Заменик-министерот во Министерството за надворешни работи има чест да го покани господинот Петре Наковски на појадок на 13 септември 1999 г. во 13:00 часот во репрезентативната Палата на МНР, ул. Фоксал 6.

Точно во одреденото време отидов на наведената адреса. Ме пречека заменик-министерот, господинот Ананич. Во свечената сала десетина познати личности, директори на Департменти, поранешни дипломати. Еден по еден ми приоѓаа, и ми честитаа за успешното завршување на мојата дипломатска мисија и ми се заблагодаруваа за соработката. Се вратија на местата каде што седеа, а заменик-министерот Ананич одржа краток говор во кој ја изрази благодарноста за соработката и потоа од масата зеде една црвена кутија и пред да ја отвори рече:
- Господине амбасадор имам чест и огромно задоволство во име на претседателот Александер Квашњевски да ви го врачам високото одликување за вашите заслуги во интерес на Полска и на Македонија, како и оваа голема кристална вазна од името на министерот Геремек, кој е отсутен поради службен престој во странство.
Огромна возбуда и изненадување. Ми олесна по првата голтка шампанско и тогаш ми се врати гласот. Изразив благодарност, истакнувајќи дека постигнатиот успех е резултат на заемно вложениот труд со желба за поголемо унапредување на односите меѓу Полска и Македонија. Доручекот (всушност ручек) помина во невообичаено топло расположение со многу изрази на признание од двете страни. Последните стотина метри до Амбасадата ги поминав пеш. Сакав да се освежам, студениот ветар да ја издува возбудата и изненадувањето, кое на ист начин го почувствува и сопругата. Од кутијата го извади одликувањето, ја оддипли

сината панделка, одликувањето ми го обеси на врат, се повлече едно два метри и рече:

- Ти личи. Си го заслужил. Честитам.

Со дата од 14 септември 1999 г. примив писмо од генералната директорка на Полските Државни архиви, кое во превод, гласи:

Господин
Д-р Петре Наковски
Вонреден и Ополномоштен Амбасадор
на Република Македонија
во Република Полска

Многу Почитуван Господине Амбасадоре,
Во врска со завршувањето на дипломатската мисија Вонреден и Ополномоштен Амбасадор на Република Македонија во Република Полска примете, Господине, најсрдечна благодарност за необично срдечната соработка и пријателските односи со Полските Државни Архиви. Со Вас, Амбасадоре, го споделувам убедувањето дека нашите контакти доведоа до зајакнување на полско-македонското пријателство. Благодарение на Вашите напори дојде до воспоставување соработка и потпишување договор меѓу полските и македонските архиви.
Ќе се грижиме таквата соработка да продолжи, стремејќи се исто така и кон развојот на личните контакти меѓу архивистите на нашите земји. Сепак жалиме, дека нема да ја имаме можноста да соработуваме со Вас во Варшава, како амбасадор во нашата земја. Но како утеха, сепак, останува фактот дека и како историчар Вие, Господине, сте заинтересиран за збирките на полските архиви, кои и натаму за Вас ќе бидат отворени.
Со надеж за натамошни контакти и соработка врз научна подлога уште еднаш примете најискрена благодарност и

желби за многу успеси и задоволство од професионалната активност и среќа во личниот живот.
Со најдобри желби и почит
проф. д-р Дарија Наленч

На 15 септември 1999 година заврши мојата скоро петгодишна дипломатска мисија во Република Полска. Преку Дипломатскиот протокол на претседателот Александер Квашњевски му го испратив следново писмо:

Н.Е.
Господин Александер Квашњевски
Претседател на Република Полска
ВАРШАВА

Многу Почитуван Господине Претседателе,
Напуштајќи ја Вашата Земја, во врска со завршувањето на мојата дипломатска мисија на прв Вонреден и Ополномоштен Амбасадор на Република Македонија во Република Полска, сакам најсрдечно да Ви се заблагодарам, Господине Претседателе, за високото одликување *Орден со Командорски Крст за заслуги за Република Полска.*
За мене тоа е високо признание, но истовремено е и потврда и израз на длабокото убедување, дека заемните напори ги зајакнаа врските на пријателство меѓу нашите земји Македонија и Полска.
Господине Претседателе, пожелувајќи Ви задоволство и голем успех во извршувањето на толку високата и одговорна функција Претседател на Република Полска, би сакал да го изразам моето длабоко убедување, дека Македонија и натаму Вас ќе Ве цени како пријател и приврзаник.
Вам, Господине Претседателе и на Вашата Почитувана Сопруга, јас и мојата сопруга Дитта Ве молиме да примите изрази на највисоко почитување заедно со

благодарноста за Вашата многукратно изразувана срдечност и наклонетост.
Неговата Екселенција
Амбасадор
д-р Петре Наковски

На 20 септември илустрираното списание „АМБАСАДОР“ („AMBASADOR“) го објави долгото интервју со мене кое останува приложено во ракописот, КЛАСЕР X, стр. 83.
Во наредните денови сè до 7 октомври ги продолжив прошталните средби, го изготвив пописот на имотот на Амбасадата во три примероци, ги средив многубројните честитки и писма.
Нека останат за спомен.

8 октомври 1999, петок

Во 8:45 на аеродром.
Во ВИП-от го пиеме последното утринско кафе во друштво на директорката на Дипломатскиот протокол, г-ѓа Анна Шадурска, која во име на полското МНР нè испраќа и се потсетуваме на заемната соработка. Разговорот ни го прекинува повикот за влегување во авионот. Со срдечно, пријателско прегрнување и зборови на благодарност се збогуваме, пожелувајќи си добар останок и среќен лет.
Во 10:20 полетуваме. Кога авионот веќе ја фаќаше потребната височина, погледнав низ прозорчето и реков:

ŻEGNAJ WARSZAWO - ЗБОГУМ ВАРШАВО...

Цела те носам со мене и заедно со тебе, моите ноќни белешки во кои се сите личности кои ја создаваа, крепеа и ја јакнеа денешна Полска и со нив ги воспоставував и ги јакнев македонско-полските односи и соработка во сите области; ги носам и многубројните средби, познанства, разговори и договори со претставници на Дипломатскиот кор на кои им ја

пренесував минатата и денешната слика на Македонија и воспоставував пријателски односи.
Ноќните белешки, 25 години од последниот запис, со одредени неопходни кратења поради карактерот на некои содржини, ги преточив во дневник кој е одраз на макотрпна и плодна работа која бележи над дваесет потпишани договори и остварени десетици заемни посети на експертско, високо и највисоко ниво со многу напор и пркос, знаење и стекнато искуство ги создавав трајните македонско-полски односи. Поминува времето, ама зад него останува нераскинливата врска меѓу двете независни држави и големата доверба, помош и длабоко изразената симпатија и почит. Останува постигнатото и благодарноста кон сите со кои соработував и нивната верба во мене, а исто и благодарноста кон мојата сопруга, која во секое време ми беше голема поткрепа и кон моите деца кои сесрдно ме бодреа.

Сега тие ноќни белешки и бројните визит-карти од умни и добронамерни личности кои внесоа свој достоинствен влог во односите и соработката, можеби немаат некое бележито значење, но во некое идно време ќе бидат потврда за тоа што и како е постигната и втемелена пријателска соработка и искрени односи во текот на пет години несебичен труд. Во мене лежи убедувањето дека во тоа невообичаено тешко време во кое и покрај внатрешните делби и разделби, неединството, предавствата и љубомората, не ги разочарав тие, кои ми поверуваа и со нивната поддршка ме охрабруваа и вдахновуваа да издржам во извршувањето на обрските што ги наметнува тешката дипломатска мисија.
Се надевам дека моите „НОЌНИ БЕЛЕШКИ“ ќе останат како неизбришлив белег и како потврда за македонството вткаено во прекрасната плетенка на македонско-полските односи.
Смирен седам на авионската фотеља, размислувам, па си велам:
-Дали се сум направил како што треба? Ако има празнина, тогаш неа нека ја пополнат тие кои ќе ме наследат.

Посакувам да се вратам.
Има кој да ме чека.
Ослободен од дневните грижи во извршувањето на мојата мисија, во мир ќе му се вратам на пишаниот збор, со единствена желба во поединечното и колективно паметење да ја сочувам крвавата и трагична Граѓанска војна во Грција, најлошото што им се случи на Македонците од Егејска Македонија и таму, во Преспа, близу границата на Македонија со Македонија ќе се нафатам да градам куќа за нас, за нашите деца и за нашите потомци, ќе посадам овошки и цвеќе, пчели ќе одгледувам, во зорите ќе го слушам појот на птиците, ќе го гледам изгревот на сонцето над Пелистер и вечерните заоди над Галичица, ќе му се восхитувам на синото небо, ноќе украсено со ѕвезди чиниш се на дофат на раката и во таа единствена и омаѓосана Преспа, ќе одморам, ќе јакнам здравје, ќе му се радувам на животот, ќе чувам внучиња и ќе стареам заедно со мојата Дитка, пензионерските денови ќе ги поминувам со целото мое семејство и ќе вдишувам воздух од мојот роден крај, кој е отаде границата, толку блиску, а многу далеку...

АМИН...

(Рецензија за книгата ***Ноќни белешки*** на амбасадорот Петре Наковски)

КОПНЕЖИТЕ НА АМБАСАДОРОТ

Почитувани присутни, драги колешки и колеги, не без доза на извесна гордост и ентусијазам ги прифатив честа и задоволството во последновреме, јавно да се произнесам за некои дипломатско- публицистички остварувања на одредени мои колеги во рамките на редовните активности и практика како членови на нашиот Дипломатски клуб, кој годинава ги одбележува 15 годишнината од своето постоење и 10 годишнината од излегувањето на списанието ***Дипломатски летопис,*** во кое значајно место зазема едицијата –Дипломати писатели и публицисти. Овој потфат, сам по себе претставува подвиг и достигнување достојно за почит, бидејќи е направен самостојно, волонтерски, без каква била помош од страна и со сопствени средства и потенцијали.

Во изминатите неколку година од овој опус се појавија неколку изданија, какви што се книгите ***Од објект до субјект-Македонија во меѓународните односи,*** на амбасадорот Виктор Габер, ***Романија-Македонија (Дипломатски разговори, средби и сеќавања)*** на амбасадорот Благој Зашов, потоа книгата на колегата Салим Кадри Керими ***Аспекти на југословенско и македонско-албанските односи (1945-***

1991-2000 година) и последното, најново издание на книгата ***Ноќни белешки*** на амбасадорот Петре Наковски, која еве денеска на наше општо задоволство ја промовираме за првпат.

Во сите наведени случаи станува збор за мошне значајни изданија, на книги што јас во шега со воена терминологија ги нарекувам „суперсонични“. Постојат мал број вакви изданија, особено во дипломатската публицистика кои имат далекусежен дострел и длабоко понирање во билатералните и мултилатерлни дипломатски односи и релации на нашата земја и земјите од Европа и од светот. Тие всушност ја испишуваат историјата и летописот на македонската, се уште кревка дипломатија, која за среќа или некаде и за жал, станала животна вокација и преокупација на нашата генрација, која го трасираше патот и ги испшуваше првите страници на нејзината историја. Петре Наковски е еден од тие. Со него не врзува долгогодишно професионално, колегијално и семејно пријателство, кое еве трае повеќе од половина век. За тоа, може да се зборува на долго и нашироко, било за Петре како за кариерен дипломат, или како за писател – преведувач и долгогодишен член на ДПМ, но најмногу како за човек кој уште како дете ги доживеал и преживеал егзодусот и голготата, кои ја испишале изохипсата

на неговаата судбина и ја определиле неговата иднина. Неговиот живот е парадигма на Граѓанската војна во Грција, (1946-1949 година), која тој постојано ја доживуваше преку ликовите и јунаците во своите книги. Но овојпат тој не беседи за тоа. Во ова книга тој решава да не зборува директно за тоа, туку раскажува за себе и за остварувањето на неговите копнежи и копнежите на неговите најблиски во семејството, за родниот крај и за татковината, за љубовта и слободата. Ете денеска за тоа овде и пред сите вас, негови пријатели и почитувачи на неговото дело, ќе стане збор и ќе позборуваме на кратко, бидејќи и тој самиот во неговата последна книга ***Ноќни белешки*** раскажува. А раскажува Петре подробно и сликовито како да витка филигран или извезува гоблен, под вечната сенка на „Егејската тема“ , која е неговото неизбежно мото и вечното „веруј“ во творештвото, работата и животот. Ова тема во 60 и 70 години од минатиот век остави длабоки траги во македонската современа литература и го подигна нивото на изразните вредности на цела една генерација македонски писатели и поети, како Ташко Георгиевски, Ката Руменова Мисиркова, Кица Колбе, Коле Мангов, Паскал Гилевски, Петар Ширилов, Васил Пујовски и редица други, и секако и на нашиот Петре Наковски. За тоа, тој постојано ги бара причините и ги утврдува последиците на тоа што му се случило, или му се

случува во животот и околу него. „Неуморно ги анализира и проверува фактите“, како што за него, пред многу години, ќе напише академик Гане Тодоровски. Било кога создава сам, или кога преведува од македонски, најчесто на полски, или од полски на ма кеддонски јазик. И овде задолжително ми се наметнува парафразата на големиот пролетерски поет на Советскиот Сојуз, Владимир Мајаковски, кој за својот антипод, исто така голем поет и писател од тоа време, Александар Блок, ќе рече, „На Блок, да му верувате. Тоа е човек на бестрашната вистина“. А јас на Наковски му верувам, бидејќи од неговите книги научив повеќе за Граѓанската војна во Грција, отколку од сите прочитани учебници за тој дел од историјата на разнебитениот македонскиот народ наоколу и ширум светот. Ако во претходните свои дела, ***Постела за чемерните, И кааменот е земја, Големата удолница, Големата измама, На пат со времето, Калина*****, На пат кон непознатото** и уште неколку други книги, Наковски ја раскажува судбината на своите чемерни сонародници, во зборникот ***Македонските бегалци во Полска 1948- 1975,*** издаден двојазично на македонски и на полски јазик во 2012 година, во земјата во која тој нашол прибежиште, учел и растел далеку од родното огниште, до својата рана младост. Во книгава што сега ја промовираме, насловена како ***Ноќни белешки,*** тој на извонредно

сугестивен начин и со инспиративна нарација го одбележува своето повторно враќање во оваа пријателска земја, како прв амбасадор на слободна и независна Република Македонија во Република Полска. Една чудесна сатисфакција, но и нов животен и професионален предизвик, бидејќи Наковски повторно влегува во една ново искушение и борба за меѓународно признавање на државноста и суверенитетот на сопствената земја, и тоа во земјата во која како бездомно дете, се школувал и образувал. Ете тоа, со многу поединости и детали, но со длабока возбуда и многу позитивни емоции е раскажано на повеќе од 800 страници во оваа книга, што на сите вам срдечно ви препорачувам задолжително да ја прочитате. А како што ќе видиме, тој пат на Наковски не бил краток ниту лесен. Требало да се поминат и совладат многу препреки, да се отсранат многу дилеми и недоумици, да се претрпат и порази и падови во таа почетна, пионерска работа. Создавањето држава со сите нејзини општествени и политички институции, особено во специфични за Македонија историски и геостратешки услови беше и се уште е врашки тешка рабата, но како што гледаме уште потешка работа е таа државност трајно да се зачува и етаблира. Потребни се многу труд и знаење да се истрае на тој пат до крај. Тоа се дилемите во ноќните белешки на Дипломатот и

писател Петре Наковски, што ги споделува со сите околу себе.

Петре Наковски за својата предана работа е заслужен добитник на повеќе книжевни и преведувачки награди, како во Македонија, но особено во Полска. Сите негови дела се преведени и на англиски јазик, а романот ***Калина*** и на бугарски јазик. Би биле неправедни, ако не одбележиме дека главна потпора во работата и животот на Наковски е неговото семејство: сопругата Афродите и двете ќерки Милена и Татјана. Помладата ќерка Татјана, во 2014 година на УКИМ успешно ја одбрани својата магистерска теза ***Литературата на фактот во романите на Петре Наковски*** , следејќи ги на тој начин трагите на својот татко.

Честитки за Петре и за сите нив и по овој повод!

(ДЈ)

промовирана книгата „Ноќни белешки”

промовирана книгата „Ноќни белешки” на поранешниот амбасадор Петре Наковски, задолжително четиво за актуелните и идните дипломати
од fokus 02.03.2025

Поранешниот амбасадор, д-р Петре Наковски, ја промовираше својата нова книга „Ноќни белешки”, настаната во текот на неговиот петгодишен престој во Полска (1995 – 1999) како прв амбасадор на независна Република Македонија во Полска.

Во книгата на 810 страници со фотодокументација од многубројните настани, во вид на мемоари, записи, дневник, неговите белешки на непосреден начин говорат за неговите дипломатски искуства. Токму поради тоа, книгата особено е задолжително четиво за актуелните и идните дипломати.

-Се што сторив и како сторив, ноќе го бележев со цел и желба, да остане како белег за времето и можеби како дел од историјата на македонската дипломатија, но и како сведоштво во градењето на трајниот споменик на

македонско-полското пријателство. Така се пополнети околу три илјади страници, кои цели триесет години заедно со цел куп фотографии лежат на полиците на домашната библиотека. По наговор и настојување на мојата сопруга Дитта и на мојата ќерка Миленка,и со помош на ќерка ми магистер Татјана Пеливанова,само дел од нив ги објавив во облик на дневник, истакна Наковски во своето излагање.

Наковски посочи дека не било секогаш лесно, дека имало и тешки моменти, но за него било чест и привилегија да ја афирмира државата.

-Мојата петгодишна дипломатска мисија во Република Полска ја завршив со над дваесет потпишани договори или подготвени за потпишување во чија содржина е внесена заемната потреба за сестрана соработка меѓу двете држави и, со стотици службени средби, разговори и договори. Секогаш и секаде од полските домаќини бев приман со срдечна топлина и отворени симпатии кон нашата држава. Голема привилегија и чест за мене беше познанството и средбите со многу истакнати личности од сите средини на полското општество, посебно од областа на културата, уметноста,

науката, литературата, новинарството, стопанството, дипломатијата, со високи фукционери на државната управа, како и со голем број добронамерни и наклонети поранешни полски дипломати и голем број личности од Дипломатскиот кор, од кои многу научив, а и тие од мене многу научија за Македонија. Примив и испратив министри, експерти, делегации, претседатели на парламенти и држави, кои на свој начин придонесоа во јакнењето на заемната соработка, рече Наковски.

На промоцијата присуствуваа членови на Дипломатскиот клуб – Скопје, како и претставници од јавниот и културниот живот на земјава.

Промоторот на книгата беше амбасадорот Јован Теговски, а пригодно обраќање имаше и заменик амбасадорот во Амбасадата на Република Полска во Македонија, Ана Каспшах.

Рецензентот на книгата, Драган Јањатов, истакна:

„Петре раскажува подробно и сликовито како да витка филигран или извезува гоблен, под вечната сенка на „Егејската тема“, која е неговото неизбежно мото и вечното „веруј“ во творештвото, работата и животот. Ова тема во 60 и 70 години од минатиот век остави длабоки траги во македонската современа литература и го подигна нивото на изразните вредности на цела една генерација македонски писатели и поети, како Ташко Георгиевски, Ката Руменова Мисиркова, Кица Колбе, Паскал Гилевски, Петар Ширилов, и редица други, и секако и на нашиот Петре Наковски. За тоа, тој постојано ги бара причините и ги утврдува последиците на тоа што му се случило, или му се случува во животот и околу него. „Неуморно ги анализира и проверува фактите“, како што за него, пред многу години, ќе напише академик

Гане Тодоровски”.

Рецезентот порача и дека во книгата „Ноќни белешки”, Наковски на извонредно сугестивен начин и со инспиративна нарација го одбележува своето повторно враќање во оваа пријателска земја, како прв амбасадор на слободна и независна Република Македонија во Република Полска.

-Една чудесна сатисфакција, но и нов животен и професионален предизвик, бидејќи Наковски повторно влегува во една ново искушение и борба за меѓународно признавање на државноста и суверенитетот на сопствената земја, и тоа во земјата во која како бездомно дете, се школувал и образувал. Ете тоа, со многу поединости и детали, но со длабока возбуда и многу позитивни емоции е раскажано на повеќе од 800 страници во оваа книга, што на сите вам срдечно ви препорачувам задолжително да ја прочитате. А како што ќе видиме, тој пат на Наковски не бил краток ниту лесен. Требало да се поминат и совладат многу

препреки, да се отсранат многу дилеми и недоумици, да се претрпат и порази и падови во таа почетна, пионерска работа. Создавањето држава со сите нејзини општествени и политички институции, особено во специфични за Македонија историски и геостратешки услови беше и се уште е врашки тешка рабата, но како што гледаме уште потешка работа е таа државност трајно да се зачува и етаблира. Потребни се многу труд и знаење да се истрае на тој пат до крај. Тоа се дилемите во ноќните белешки на Дипломатот и писател Петре Наковски, што ги споделува со сите околу

себе, истакна Јањатов.

Петре Наковски е роден на 15.о6.1936 година, во Крчишта, Костурско. Тој е прозаист, член на ДПМ од 1989 година, автор на неколку романи што го третираат прашањето на егзодусот на македонското население во граѓанската војна во Грција.

Валентина Вурмо